ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА (НПАА)
# РЕВИЗИЈА 2017 - 2019

Јануари, 2017

0. Резиме ... 3
I. ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ ... 11
1.1 ДЕМОКРАТИЈА ... 12
1.2 РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ... 18
1.3 ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ... 20
1.4 ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА НЕМНОЗИНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ ... 21
1.5 РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ ... 22
II. ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ ... 25
2.1. ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА ... 26
2.2. СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОКОТ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ 37
III. СПОСОБНОСТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ACQUIS ... 48
3.01 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ ... 48
3.02 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ ... 55
3.03 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ ... 58
3.04СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ ... 62
3.05 ЈАВНИ НАБАВКИ ... 65
3.06 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА ... 69
3.07 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ ... 72
3.08 ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНЦИЈА ... 78
3.09 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ ... 80
3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ ... 86
3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ ... 91
3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА ... 100
3.13 РИБАРСТВО ... 112
3.14 ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА ... 115
3.15 ЕНЕРГЕТИКА ... 123
3.16 ОДАНОЧУВАЊЕ ... 138
3.17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА ... 145
3.18 СТАТИСТИКА ... 150
3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ ... 161
3.20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА ... 180
3.21 ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ ... 188
3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ ... 193
3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА ... 200
3.24 ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ ... 215
3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ ... 228
3.26 ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА И МЛАДИ ... 234
3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ... 256
3.28 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ... 281
3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА ... 296
3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ ... 300
3.31 ЗАЕДНИЧКА, НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА ... 304
3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА ... 308
3.33 ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ ... 313
IV. АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ ... 316
4.01 РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА ... 316
4.02 ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ ... 316

# 0. Резиме

**ЦЕЛ И МЕТОДОЛОГИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕУ (НПАА)**

Ќе продолжат реформите во приоритетните области од процесот на европска интеграција. За реализација на приоритетите подготвена е Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (ревизија 2017), која претставува единаесетта по ред ревизија на оваа програма. НПАА претставува клучен стратешки документ, кој ги вклучува приоритетите, динамиката на усогласување на националното законодавство со европското, како и прилагодувањето на националните институции кон европските административни структури.

Клучни елементи при ревизија на НПАА кои воедно претставуваа основа за проектирање на краткорочните (2017 година) и средноречните (2018-2019) приоритетни цели и активности беа:

- Наодите во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во процесот на пристапување во ЕУ за 2016 година (вклучувајќи ги и претходните извештаи) и Стратегијата за проширување и главните предизвици за 2015 -2018 година
- Обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, односно препораките на Европската комисија искажани на Комитетот за стабилизација и асоцијација и целиот циклус на поткомитети одржани во изминатата година;
- Итните реформски приоритети, приоритетните реформски цели усвоени на Пристапниот дијалог на високо ниво, и Планот за реализација на активностите на итните реформски приоритети (ПАРИРП).
- Приоритетите наведени во Одлуката на Советот за принципите, приоритетите и условите содржани во Партнерството за пристапување на ЕУ;

Во ревизијата на НПАА за 2017 година, вграден е и новиот пристап на Европската комисија, за следните селектирани области: владеење на правото и фундаменталните права (функционирање на правосудството, борба против корупција, борба против организиран криминал, слободата на изразување) , реформа на јавната администрација, јавни набавки, статистика, и финансиска контрола.

Ревизијата на НПАА за 2017 година го задржува истиот методолошки концепт за подготовка на овој документ, односно содржински ги опфаќа плановите за усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, потребната динамика за јакнење на институциите за спроведување на законодавството, како и неопходните ресурси за реализација. Посебно внимание беше посветено на поврзувањето на приоритетите на НПАА со Економска реформска програма (ЕРП), стратегијата ЈИЕ2020, како и Итните реформски приоритети.

Програмата ја следи структурата на Копенхагенските и Мадридските критериуми, односно ги опфаќа следните делови:

- I Политички критериуми
- II Економски критериуми
- III Способност да се преземат обврските кои произлегуваат од членството,
- IV Административен капацитет

Програмата структурално е поделена на наративен дел со матрица на цели и активности и табеларен дел прилози – и тоа:

- Прилог 1 - Преглед на националните правни акти кои се предмет на усогласување со законодвството на ЕУ (со ЕУ мерките и меѓународните стандари кои во нив ќе се транспонираат), со рокови за усвојување, надлежни институции и статус на постапката на нивното усвојување).
- Прилог 2- Дистрибуција на работни места
- Прилог 3- Проектирани буџетски средства
- Прилог 4- Инструмент за претпристапна помош (ИПА) и друга странска помош, и TAIEX обуки

Спроведувањето на НПАА редовно ќе се следи преку веќе воспоставените механизми. Секретаријатот за европски прашања на редовна основа ќе ја информира Владата на Република Македонија за спроведувањето на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (ревизија 2017).

## ПРЕГЛЕД НА КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ ПРЕДВИДЕНИ СО НПАА

Со цел унапредување на севкупните состојби во процесот на европска интеграција, и воедно пресретнување на отворените прашања, наодите и препораките на Извештаите на Еворпската комисија, се планираат следните клучни приоритети:

Владата на Република Македонија останува посветена на стратешкиот приоритет за членство во Европската Унија и доследно исполнување на сите преземени обврски. Клучен приоритет во исполнувањето на **политичките критериуми** фокусот ќе се стави на ефикасна организација и спроведување на Локалните избори 2017 година преку засилена едукација на изборните органи како и преку спроведување на кампања за информирање и едукација на гласачите.

Ќе се работи на остварување на конструктивен политички дијалог во Собранието и спроведување на препораките за настаните од 24.12.2012 година. Ќе продолжат активностите за обезбедување функционален парламентарен надзор над работата на разузнавачките служби. Приоритет ќе се даде на законите со кои се врши усогласување со европското законодавство. Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции ќе продолжат да остваруваат значајна улога во процесот на европската интеграција.

Ќе се отвори дијалог на Владата со **граѓанските организации** и ќе се обезбеди редовна консултација и вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики и во законодавниот процес.

Од аспект на **реформата на јавната администрација** се работи на нова Стратегија за реформа на јавната администрација и унапредување на законската регулатива за административни службеници и вработени во јавниот сектор. Ќе се работи на зголемување на ефикасната примена на начелото на правичната застапеност во администрацијата.

Во делот на **реформа на полицијата**, ќе се доенсе Закон за следење на комуникациите. Ќе се донесе Акциски план за спроведување на Стратегијата за развој на полицијата.

Во однос на борбата против **организиран криминал,** ќе се донесе Национална стратегија и Акциски план за јакнење на капацитетите за спроведување на финансиски истраги и конфискување на имот како и Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам.

Во делот на **правосудство**, се очекува измени на дел од правната рамка и тоа: донесување на нов Закон за јавното обвинителство, изменување и дополнување на Законот за кривична постапка заради усогласување со Европската конвенција за човекови права и праксата на Европскиот суд за човекови права во однос на мерката притвор, како и измени и дополнувања на Законот за управните спорови.

Во делот на **антикорупциска политика**, ќе се спроведуваат активности од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2016-2019 година, како и на активности предвидени со други стратешки и програмски документи. Ќе се продолжи со анализа на усогласеноста и потребата од измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во рамки на **слободата на медиуми/слободата на изразување** ќе продолжи дијалогот со претставниците на медиумите за унапредување на законската рамка и ќе се подготви Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност којашто ќе се однесува на периодот од 2018 до 2022 година.

Во делот на **Човекови права и заштита на правата на немнозинските заедници** ќе продолжат активностите за подобрување на социјалната вклученост на Ромите со имплементација на Националните Акциони Планови од Стратегијата за Ромите. Во текот на 2017 година ќе продолжат активностите за унапредување политиката на употребата на службените јазици на заедниците.

Во однос на **економските критериуми**, проекцијата за растот на економската активност во 2017 година изнесува 3% (со ребалансот на буџетот е намалена на 2,2%). Економскиот раст ќе биде придвижен од извозот на стоки и услуги, кој се предвидува да забележи раст од 6% на реална основа, главно како резултат на очекувањата за извозната активност на капацитетите во слободните економски зони, во услови на раст на надворешната побарувачка. Растот на извозот се очекува да биде придружен со натамошно подобрување на структурата на извозот преку зголемување на учеството на производи со повисока додадена вредност.

Позитивните движења на пазарот на трудот се предвидува да продолжат во 2017 година, при што растот на вработеноста се очекува да изнесува 1,8%, како резултат на предвиденото зголемување на бројот на вработени во компаниите кои работат во слободните економски зони и активните мерки и програми за вработување, а во одредена мера и како последица на реализацијата на јавно-финансирани инфраструктурни проекти, што ќе придонесе за дополнително намалување на стапката на невработеност. Просечната бруто плата во земјата се очекува да забележи номинален раст од 1,8%.

Во првите десет месеци од 2016 година, и покрај сите предизвици, банкарскиот систем ја одржа својата стабилност и ја потврди отпорноста на шоковите од домашното и надворешното опкружување. Домашните политички превирања и пониските стапки на економски раст во споредба со првично очекуваните, дополнети со шпекулациите во врска со стабилноста на банките и депозитите кај нив, доведоа до повлекувања депозити од банкарскиот систем, што беше најизразено во втората

половина на април и во мај 2016 година. Ова наметна потреба од извесно заострување на монетарната политика и зголемување на каматната стапка на благајничките записи и стапката на задолжителна резерва за обврските на банките, во денари со девизна клаузула.
Капиталните инвестиции се планирани во зголемен износ на ниво од 26.954 милиони денари и имаат приоритетно значење во креирањето на фискалната политика обезбедуваат подобрување на економските перформанси и подобар и поквалитетен живот на граѓаните. Во рамки на буџетските средства наменети за капитални расходи предвидени се значајни инвестициски вложувања во изградбата на автопатот на Коридор X и железничката инфраструктура, енергетската и комунална инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделството, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството.
Стратегијата за конкурентност на македонската економија, која се усвои во јануари 2016 година, ги дефинира приоритетите за понатамошен развој на македонската економија. Акцискиот план преку кој се спроведува Стратегијата опфаќа 45 приоритетни мерки во вредност од околу 131 милион евра, поделени во 7 области насочени кон: поедноставна и постабилна деловна средина; попретприемачки и попродуктивен МСП сектор; подинамичен извозен сектор; поатрактивна средина за странски инвеститори; повешта и попретприемничка работна сила; заживеана индустриска политика; и повеќе финансии за претприемачкиот сектор.
Во 2016 година беше донесен и Законот за ратификација на Протоколот 4 кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините членки и истиот започна да се применува.

Во однос **на способноста за преземање на обврските од членство во ЕУ**, планирани се следните клучни приоритети:
Во делот на **слободно движење на стоки**, во 2017и 2018 година година ќе се продолжи со понатамошно усогласување на Законот за безбедност на производите со соодветното acquis и ќе се донесат нови Правилници согласно новите директиви на ЕУ од седумте индустриски сектори (опрема под притисок, преносклива опрема под притисок, опрема под низок напон, електромагнетна компатибилност, едноставни садови под притисок и дел од градежни производи), кои се дел од преговорите за склучување на Договорот за оцена на сообразност и прифаќање (АКА). Дополнително, ќе се реализираат останатите 7 мерки од Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од Договорот за функционирање на ЕУ (ДФЕУ) кои се однесуваат на подготовка на еврокодовите.

Во делот на **слободно движење на работници**, во текот на наредната година, ќе се продолжи со следење на релевантното законодавство во областа на ЕУРЕС со цел усогласување со националното законодавство. Земјата ќе продолжи со преговори за склучување договори за социјално осигурување со неколку земји членки на Европската унија, какои и со други земји. Воедно, се планира потпишување на договори за користење на Европската здравствена картичка, со Хрватска и Унгарија.

Во делот на **право на основање и слобода на давање услуги**, со донесување на Законот за услуги и со континуирана реализација на Акцискиот план за усогласување со Директивата 32006L0123 ќе се обезбеди слобода на правото на основање и давање на услуги по пристапување во Европската унија. Се планира донесување на Акциски план за воспоствување на „Единствена точка за контакт“ како обврска од Директивата 32006L0123. Со реализација на активностите за воспоставување на „ЕТК“ треба да се овозможи на едно место да се добијат сите неопходни информации за постапките за пристап и за давање услуги, како и започнување и завршување на постапките по електронски пат.

Во делот на **слободно движење на капитал**, во 2017 година ќе се донесе нов Закон за платежни услуги и системи во кој ќе бидат транспонирани Директивата 2007/64 за платежни услуги, Директивата 2009/110 за електронски пари и Директивата 98/26 за конечност на порамнувањата, како и подзаконските акти од областа на платежните услуги кои ќе произлезат од Закон за платежни услуги и системи.

Во делот на **јавни набавки**, во текот на 2017 и 2018 година ќе се изврши усогласување со законодавството на ЕУ, со цел подготовка на Предлог Закон за јавните набавки во кој ќе се транспонираат: Директивата за набавки во областа на одбраната и безбедноста 2009/81/ЕЗ, Директивата 2014/24/ЕУ за јавни набавки во класичниот јавен сектор, Директивата 2014/25/ЕУ за набавки на субјекти кои работат во секторите водостопанство, енергетика, транспорт и поштенски услуги и Директивата за правна заштита 2007/66/ЕЗ. Дополнително, ќе се реализира предложената Стратегија за развој на електронскиот систем за јавни набавки 2017-2021.

Во делот на **право на трговски друштва**, во текот на 2017 година ќе се подготват измени на Законот за трговските друштва во насока зголемување на правата на малцинските акционери, во согласност со Извештајот на Светска банка „Дуинг бизнис 2017”. До крајот на 2017 година националното законодавство ќе се усогласи со Директивата бр. 2013/34/ЕУ за годишни финансиски извештаи, консолидирани извештаи и поврзани извештаи на одредени видови на трговски друштва. До крајот на

2017 година ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија, со кои ќе се усогласи со Директивата 2014/56 на Европскиот Парламент и на Советот од 16 Април 2014 година со која се менува Директивата 2006/43 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки.

Во делот на **право на интелектуална сопственост**, во подготовка е Стратегијата за индустриска сопственост 2016-2018. Ќе се основа Одбор за жалби по препорака од страна на експертите во рамките на новата национална Стратегија за индустриска сопственост 2016 – 2018.

Во делот на **политика на конкуренција**, во тек е постапка на подготовка на Меморандум за соработка со Управата за финансиска полиција, со цел да се спроведе обука на вработените од КЗК во постапката на прибавување на докази на лице место. Во 2017 година ќе се донесе Уредба за договори од мало значење кои значително не ја ограничуваат конкуренцијата според член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата (de minimis) која ќе биде усогласена со комуникето на ЕК 2014/С 291/01 и Уредба за примена на член 7 став 3 од Законот за заштита на конкуренцијата за категории на договори за трансфер на технологија, која ќе биде усогласена со Регулативата 2014/0316. Во 2018 година планирано е да се измени Законот за заштита на конкуренцијата во насока на доусогласување со правилата и практиките на ЕУ.

Во делот на **финансиски услуги**, ќе се донесе нов Закон за банките со што ќе се изврши усогласување со Директивата 2013/36/ЕУ и Регулативата (ЕУ) бр.575/2013. Ќе се донесе и посебен Закон за закрепнување на банки со проблеми со што ќе се изврши усогласување со Директивата 2014/59/ЕУ. Ќе се донесе нов Закон за осигурување во кој ќе биде транспонирана Директивата за Солвентност 2 (2009/138/ЕЗ). Два нови закони во областа на пазарот на капитал (Закон за финансиски инструменти и Закон за проспекти за хартии од вредност и обврски за транспарентност за издавачите) ќе бидат донесени во текот на 2018 година кои ќе бидат во голема мера усогласени со законодавството на ЕУ во областа на пазарот на капитал.

Во делот на **информатичко општество и медиуми**, со цел да се постигне понатамошно усогласување со Законот за електронските комуникации и со Директивите за електронски комуникации на Европската Унија, во текот на 2017 Агенцијата за електронски комуникации планира да направи промени на подзаконски акти. За доследно спроведување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и подзаконските акти, Агенцијата ќе реализира голем број на активности, вршење на програмски надзор, вонреден програмски надзор, вршење на административен надзор.

Во делот на **земјоделство и рурален развој**, во 2017 година се планира да се подобрат законските одредби кои ќе го опфатат уредувањето на пазарот на тутунски производи и сродни производи преку усогласување со Директивата 40/2014.
По добивањето на акредитација од ЕК за три мерки од ИПАРД програмата 2007-2013 континуирано се работи на надградба и подобрување на системите за спроведување на ЕУ помошта за рурален развој. Согласно Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој 2013-2017 се предвидуваат мерките за рурален развој, кои ќе се реализираат преку Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој преку која ќе се искористат националните финансирања за подобрување на состојбите во земјоделството и руралниот развој. Согласно Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за период 2014-2020 година се предвидуваат мерките за финансиска поддршка на руралниот развој, кои ќе се реализираат преку годишните програми.
Врз основа на НСЗРР 2014-2020 година, во 2017 година се планира да се донесат измени и дополнувања на Законот за земјоделство и рурален развој и пропратни подзаконски акти во насока на усогласување со новата регулатива на ЕУ за рурален развој. Во 2017 планирано е да се донесе Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година во која преку мерки на финансиска поддршка ќе се реализираат насоките од НСЗРР.
Во 2017 година се очекува регистрирање на првиот земјоделски производ заштитен со географска ознака согласно Законот за квалитетот на земјоделските производи. Во тек е реализацијата на Националниот план за органско производство во Република Македонија за периодот 2013 – 2020 година, кој е дел од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2020.

Во делот на **безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика**, Стратешката рамка и акциски план за безбедност на храната во земјата за периодот 2017-2021 е во завршна фаза на подготовка.
Донесени се голем број на подзаконски акти (заштитни мерки во форма на решенија) заради заштита на здравјето на луѓето, животните и животната средина, од појава на ризик поврзан со храна или појава на болести кај животните во одредени земји или дел од нивната територија. Во наредниот период, продолжува понатамошното усогласување на законодавството во однос на безбедност на храна и ветеринарна политика, имајќи ги предвид измените и дополнувањата на законодавството на ЕУ од понов датум (2014, 2015 и 2016).

Со Регулативата за спроведување на Комисијата (ЕУ) 2016/15, Европската Унија ја стави Република Македонија на листата на трети земји кои се одобрени за извоз на конзумни јајца на пазарите во Унијата. Во наредниот период се очекуваат насоки од страна на Европската Комисија за преземање на понатамошни мерки со цел земјата да влезе во листата на земји одобрени за извоз на производи од риба на пазарите на Европската Унија.

Во делот на **рибарство**, активностите во наредниот период се насочени во функција на трајно користење на рибите преку одржлив развој со започнување на нови постапки за доделување на концесии за стопанисување со риби (вршење стопански и организирање рекреативен риболов за период од шест години), како и непречен пласман на рибите и производите од риба на пазарот. Во Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата во земјата за период од 12 години утврдени се задачите, активностите и развојните мерки во делот на рибарството и аквакултурата и истата претставува основа за планирање на структурните мерки во годишните програми. Покрај ова, приоритетите во делот на рибарството и аквакултурата се спроведуваат и со реализација на предвидените мерки во оперативниот план утврдени во Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој 2014-2020 година.

Во делот на **транспортна политика,** Во текот на 2017 година, во Законот за јавните патишта се предвидува имплементирање на Директивата бр. 2004/54/ЕК за минималните барања за безбедност на тунели на Транс-Европската патна мрежа во насока на транспонирање на Директивата 2006/126/ЕК. Со измените и дополнувањата на Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и уредите за запишување во патниот сообраќај ќе се извршат дополнителни усогласувања што претставува голем чекор напред кон поефикасен и хармонизиран систем на проверки и казни, со што целосно ќе се имплементира Директивата 2006/22/ЕК. Во 2017 година, се планира да се изврши изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем со цел понатамошно усогласување со Директива 2012/34/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 21 ноември 2012 година за создавање на единствен европски железнички простор (преработена верзија). Во делот на внатрешен воден сообраќај, предвидено е целосно усогласување на Директива 91/672/ЕЕС од 16 декември 1991 година, за взаемно признавање на националните сертификати на заповедниците на пловни објекти за превоз на стока и патници во внатрешната пловидба.

Во делот на **енергетиката**, во наредниот период се очекува да се спроведуваат мерки и активности кои ќе придонесат за обезбедување на сигурност во снабдувањето на сите видови на енергија и енергенси на потрошувачите во Република Македонија. Едновремено ќе се спроведуваат активности за модернизација на постојната енергетска инфраструктура и изградба на нови објекти за производство на електрична енергија и системи за пренос и дистрибуција на енергија и енергенси. Во оваа насока, се очекува да се намали увозната зависност на земјата од поедини видови енергија и енергенси.
Се очекува имплементација на третиот пакет на законодавство на ЕУ за внатрешен пазар на енергија при што ќе се обезбеди поголема независност на операторите на преносните системи, ќе се зајакне улогата на Регулаторната комисија за енергетика и ќе се воведат конкретни мерки за дефинирање на концептот на ранливи потрошувачи и поддршка на истите. Со ова се овозможува да се обезбеди поголема конкуренција во енергетскиот сектор преку зголемување на бројот на учесници на пазарите на енергија.

Во делот на **оданочување**, Министерството за финансии ќе продолжи континуирано да ги проучува и анализира сите релевантни ЕУ акти и истите соодветно ке ги вгради во домашното законодавство, со цел на среднорочен план да се постигне целосна усогласеност и да се овозможи непречена имплементација на истите. Управата за јавни приходи е насочена кон обезбедување на висок квалитет на услуги за даночните обврзници, поедноставени даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските и праведно и ефикасно собирање на даноците и на другите јавни давачки, преку воведување на системи за управување со квилитет, спроведување на програми за едукација и овозможување на брз и лесен пристап до даночните информации, намалување на времето и трошоците на даночните постапки, воведување на нови и развој на постојните електронски даночни услуги и зголемување на степенот на нивното користење.

Во делот на **економска и монетарна унија**, Народната банка ќе продолжи да ги следи остварувањата на клучните макроекономски варијабли и движењата на финансиските пазари и доколку тие отстапуваат од очекуваните патеки соодветно ќе ги прилагодува монетарните операции и поставеноста на монетарната политика
Фискалната политика, како и во изминатиот период и понатаму ќе биде насочена кон постигнување соодветен баланс помеѓу двете стратешки цели, кои се однесуваат на задржување на макроекономската стабилност и поттикнување на економската активност. Програмата на економски реформи за периодот 2017-2019 година е доставена до ЕК во предвидениот рок до 31 јануари 2017 година. Во тек се активности за изготвување на Програма за реформи во управувањето со јавните финансии за наредниот среднорочен период до 2021 година.

Во делот на **статистика,** во наредниот период планирано е дополнително усогласување на статистиките со Европскиот систем на сметки ESA 2010 како и доставување табели за Процедурата за прекумерен дефицит (ЕДП) до Евростат.
Статистиката по сектори ги опфаќа статистичките истражувања што се спроведуваат во согласност со Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година, притоа имајќи ги предвид Статистичкиот компендиум како релевантен документ за сите производители на официјална статистика во рамките на Европскиот статистички систем, како и Кодексот за работа на европската статистика во кој се утврдени принципите за квалитет на европската статистика. Во план е подготовка на повеќегодишна Програма за статистички истражувања .

Во делот на **социјална политика и вработување**, во наредниот период се предвидува финално усвојување на Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика (ЕСРП). Клучните приоритети во областа на социјалната политика и вработување во претстојниот период се во насока на подобрување на состојбите на пазарот на труд, зголемување на стапката на вработеност и справување со високата невработеност, особено невработеноста на младите, долгорочно невработените, лицата со инвалидност и останатите категории на граѓани кои се наоѓаат во неповолна положба на пазарот на труд. Ќе се работи на зголемување на ефикасноста и инклузивноста на пазарот на труд, како и понатамошно јакнење на капацитетите на институциите одговорни за креирање, имплементација, следење и оценка на политиките за вработување, унапредување на механизмите за анализа и предвидување на движењата на пазарот на труд, а особено внимание ќе се посвети и на што поголемото поврзување на системот на образование (различните нивоа и форми на образование), со реалните потреби на пазарот на труд.
Ќе продолжи имплементација на активности од областа на еднаквост и недискриминација, зајакнување на капацитетите и подигнување на свеста за прашања поврзани со родовата еднаквост, родово одговорно буџетирање, концептот на еднаквост и заштитата од дискриминација. Значителна помош и поддршка ќе се обезбедува преку проектите во рамки на Инструментот за претпристапна помош на Европската унија, пред сè ИПА – Компонента 4. Еден од приоритетите е и планирањето и програмирањето на новата финансиска перспектива, ИПА 2 2014-2020.

Во делот на **претпријатија и индустриска политика**, активностите ќе се реализираат преку: подобрување на деловната клима и дијалогот со бизнис заедницата за создавање и водење бизнис, отстранување на административните бариери со понатамошна имплементација на регулаторната гилотина и РИА, водење политики и програмски активности за создавање и поттикнување на конкурентна економија базирана на знаење, иновации, привлекување странски инвестиции, развој на претприемништво, кластеринг и извозна ориентација. Од аспект на подобар пристап до финансии значајни се активностите на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР), инструментите на Фондот за иновации и технолошки развој, можностите кои се нудат преку Програмите на Заедницата, КОСМЕ и ХОРИЗОНТ 2020, регионалниот проект „Платформа за развој на претпријатијата и иновации за Западен Балкан", како и повеќе други проекти.

Во делот **на транс-европски мрежи**, постигнат е напредок во однос на развојот на транспортните и енергетските мрежи во земјата. Во континуитет се гради и обновува патната и железничката инфраструктура во земјата долж Коридор VIII и X (Xd), која претставува дел од мрежата на Транспортната опсерваторија на југоисточна Европа (СЕЕТО). Исто така, Република Македонија ја поддржува иницијативата за интегрирање на СЕЕТО мрежата во Трансевропските транспортни мрежи. Во однос на енергетски мрежи, изградбата на интерконеконективни врски со соседните земји продолжува во континуитет, што ќе придонесе за поголема сигурност во снабдувањето со електрична енергија во регионот на долгорочен план. Земјата континуирано учествува во работните тела на Транспортната опсерваторија на Југоисточна Европа (СЕЕТО), Енергетската заедница и Европска асоцијација на електропреносните систем оператори (ENTSO-E).

Во делот на **регионална политика и координација на структурните инструменти**, фокусот останува врз максимална апсорпција на средствата од ИПА 1 како и ИПА 2 инструментот, но и во насока на обезбедување соодветна, ефективна и ефикасна имплементација на проектите финансирани од ИПА. Дополнително, акцент ќе се стави на воведувањето на целосно децентрализирано управување на ИПА без „ex-ante" контроли. Во претстојниот период, ќе продолжат напорите за унапредување на развојот на сите региони во земјата. Рамномерниот регионален развој треба да помогне во создавањето на еднакви можности во сите региони во земјата, со цел истите да можат да се интегрираат во економијата, подобрувајќи ја на тој начин нивната инфраструктура. Во рамки на Оперативните структури, ќе се спроведе Анализа на потреба од обуки за сите ИПА компоненти и согласно истата ќе се подготви План за обуки за 2017 година. Во следниот период, акцентот ќе биде ставен на остварување на висока стапка на исплата на средствата од преостанатите алокации за ИПА (2007-2013).

Во делот на **правосудство и фундаментални права** во областа на **судство** ќе се започне со подготовка на нова правна рамка во насока на подобрување на системот за дисциплинска одговорност и разрешување на судии, ќе се пристапи кон

изменување и дополнување на донесе Законот за јавното обвинителство, како и изменување и дополнување на Законот за кривична постапка.
Во односно на **антикорупциската политика**, финансирањето на политичките партии, ќе се спроведе ревизија на финансиските извештаи за редовното работење на четирите најголеми политички партии. Исто така, ќе се објават конечните ревизорски извештаи за извршената ревизија на финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања за спроведените предвремени парламентарни избори во декември во 2016 година.
Во делот на **фунадаментални права** се очекува целосно да биде заокружена законодавната рамка за воспоставување на пробациска служба. Во однос на реформата на затворскиот систем, ќе се продолжи со имплементација на Националната стратегија за развој на пенитенцијарен систем во земјата како и со имплементацијата со Стратегијата за развој на пробациската служба. Исто така ќе бидат донесени измени и дополнувања на Законот за заштита од лични податоци со цел негово усогласување со ЕУ регулативите во оваа насока, понатамошно уредување на одредбите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор, како и нормирање на ревизијата на заштита на лични податоци.
Во делот на слобода на медиуми ќе продолжи праксата за спроведување на обуки за судиите надлежни за случаите на клевета за примена на принципите на ЕСЧП и евиденцијата на случаите на клевета и навреда согласно Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда.

Во делот на **правда, слобода и безбедност** во областа на **миграција** ќе се донесе нов Закон за странци кој ќе биде усогласен со европското законодавство со цел континуирано усогласување на националното законодавство со мерките на ЕУ од областа. Во областа на азил ќе се донесе нов Закон за азил и привремена заштита, како и Стратегија за интеграција на бегалци и странци и Акциски план за нејзина имплементација (2017-2027). Во делот за визна полтика ќе се измени и дополни Правилникот за начинот на издавање, поништување, отповикување на визи, скратување и продолжување на нивната важност и начинот на водење на евиденција за издадени, поништени и отповикани визи. Во **областа на надворешни граници** и граници на Шенген зоната измени и дполни Законот за гранична контрола, со цел усогласување со тековните измени на Шенгенскиот граничен кодекс. Во областа на **судска соработка во граѓанска и кривична материја** ќе се склучат договори за меѓусебна правна помош во граѓанска област, како и за екстрадиција. Во однос на полициската соработка и борбата против организираниот криминал ќе се донесе нова Стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за периодот 2017 до 2020 година. Во **областа на борба против тероризмот**, ќе се донесе Акциски план за спроведување на Националната стратегија за борба против тероризам.
Ќе се донесе Закон за ратификација на Меѓународната Конвенција за заштита на присилно исчезнати лица. Во областа борба против дрога, предвидено е донесување на Акциски план за периодот 2018-2020 година согласно Националната стратегија за борба против droги.

Во делот на **наука и истражување** и понатаму приоритети ќе бидат донесување и спроведување на Националната програма за високо образование и научно-истражувачка дејност 2016 - 2020 година, како и продолжување со спроведување на Стратегијата за иновации 2012 – 2020. Република Македонија активно ќе ги спроведува мерките предвидени во Регионалната развојно-истражувачка стратегија за иновации за земјите од Западен Балкан.
Во доменот на искористување на можностите на Рамковната програма Хоризонт 2020, приоритет е зголемување на учеството на малите и средни претпријатија и искористување на Мари Склодовска Кири активностите. Промовирањето на програмата од страна на Националните контакт лица ќе се интензивира со цел анимирање на научната и бизнис заедница и зголемување на бројот на успешни апликации.

Во делот на **образование и култура,**. продолжуваат активностите за стипендии односно менторство/туторство за ученици Роми. Во однос на професионалниот развој на наставниците продолжуваат активностите во насока на континуирано спроведување обуки како и до сега, со максимален опфат на наставници.
Исто така, продолжуваат активностите за подобрување на транспарентноста во високото образование што вклучува нови предлог модели за финансирање на високото образование, опции за моделот на организациска структура на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, како и насоки за изработка на предлог Закон за високото образование, со кој ќе се обезбеди квалитет во високото образование. Продолжува успешното и активно учество на Република Македонија во Програмата Еразмус+. Во делот култура се бележи активно учество во Програмата Креативна Ерлопа.

Во делот на **животна средина и климатски промени**, во наредниот период ќе се продолжи со процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ за животна средина и климатски проемни, како и ќе продолжи со негово спроведување. Во однос на инвестициите во животната средина, ќе се направи процена на потребните инвестиции за спроведување на законодавството за животна средина и ќе се вложат напори за зголемување на инвестициите. Додека во однос на административните капацитети за спроведување на законодавството за животна средина на локално и централно

ниво ќе се продолжи со зајакнување на истите преку соодветни обуки/тренинзи како и преку нови вработувања во оние сектори каде е најмногу потребно.

Во делот **на заштита на потрошувачите и јавно здравје**, донесена е Програма за заштита на потрошувачите за периодот 2017 -2018 година, која содржи мерки и активности кои се реализираат од институциите носители на политиката за заштитата на потрошувачите, вклучени во Програмата, а се насочени кон подобра информираност на потрошувачите и бизнис секторот за правата на потрошувачите и нивната заштита. Усвоена е Стратегијата Здравје 2020, како и Акцискиот план за јавно здравје. Подготвени се и Акциски планови за здравје и животна средина, за незаразни болести и за подготвеност и одговор на здравствениот систем при справување со итни, кризни состојби и катастрофи.

Во делот на **царинска унија**, царинското законодавство на Република Македонија е во голема мера хармонизирано и усогласено со законодавството на ЕУ. Клучни приоритети претставуваат: инвестирањето во вработените, поедноставување и забрзување на економските активности, унапредување на капацитетите за контрола врз примена на законите, унапредување на административната и логистичката поддршка, како и одржување и надградба на ИТ системите.
Во 2017 година Царинската управа ќе се фокусира на довршување и консолидирање на развиените ИТ системи, со цел да се обезбеди нивна надградба и одржување кое ќе гарантира функционален континуитет.

Во делот на **надворешни односи**, активностите се насочени кон имплементација на ЦЕФТА 2006 и Столбот за интегриран раст на Стратегијата на ЈИЕ 2020 , димензија А ,,слободна трговска област", и димензија Ц ,,интегрирање во глобалната економија". Фокусот на активности беше насочен во олеснување на трговијата, либерализација во трговијата со услугите, со постепено пристапување кон прогресивна либерализација на трговијата со услуги и заедничко отворање на пазарите на услуги. Олеснувањето на трговијата треба да се постигне преку воспоставување на транспарентни средства и поедноставување на царинските и трговски процедури за елиминирање на можни ризици во извозот и непречен пристап на пазарите во регионот. Една од позначајните активности која е директно насочена кон креирање на преференцијален пристап, не само према постојните извозни дестинации, туку и према други пазари во рамки на ПЕМ регионот е измената на Протоколите за потекло на стоката согласно Регионалната Конвенција за Пан-Евро медитерански правила за потекло.

Во делот на **заедничка, надворешна и безбедносна политика**, Република Македонија редовно се придружува кон декларациите, изјавите и одлуките на ЕУ, со кои се воведуваат рестриктивни мерки и санкции против држави, ентитети и лица. Земјата учествува во операцијата на ЕУ во БиХ ,ЕУФОР „Алтеа", во мисијата предводена од НАТО „Одлучна поддршка" во Авганистан, мисијата на ОН „Унифил" во Либан, како и со поддршка на НАТО мисијата „КФОР" во Косово, преку Координативниот центар на Република Македонија за поддршка на силите на КФОР во Косово. Земјата продолжи да придонесува за унапредување на билатералниот политички дијалог со ЕУ и да биде активен учесник во мултилатералниот политички дијалог со ЕУ.

Во делот на **финансиска контрола**, ќе продолжи развојот на системот на јавна внатрешна финансиска контрола преку развој на стабилен и ефикасен систем на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор. Во областа на финансиското управување и контрола во Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ќе се изврши проширување на опфатот за примена на одредбите кои се однесуваат на финансиското управување и контрола и ќе се обезбеди поедноставување на начинот на организирање и работа на помалите буџетски корисници во делот на финансиското управување и контрола. Во текот на 2017 година ќе бидат зајакнати капацитетите на Државниот завод за ревизија и ќе биде донесена и Националната стратегија за спречување на измами за заштита на финансиските интереси на Европската унија во Република Македонија за периодот од 2017- 2020 година.

Во делот на **финансиски и буџетски одредби**, во текот на 2017 година ќе продолжи реализацијата на Твининг проектот „Зајакнување на среднорочното буџетирање за ефикасно управување со јавните финансии". кој ќе резултира со подготовка на Нацрт програмска класификација на расходи, Упатсво за дефинирање на приоритетни политики, програми и потпрограми, Упатство за среднорочно буџетско планирање, подготовка на Нацрт среднорочна буџетска рамка (MTBF) и Среднорочна рамка на расходи (MTEF), како и унапредување на капацитетите за известување согласно ESA 2010 методологија.

# I. ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ

***Резиме***

*Клучен приоритет во исполнувањето на **политичките критериуми** фокусот ќе се стави на ефикасна организација и спроведување на Локалните избори 2017 година преку засилена едукација на изборните органи како и преку спроведување на кампања за информирање и едукација на гласачите. Активностите вклучуваат едукација на изборните органи преку континуирани обуки за изборниот процес, онлајн-обуки и семинари, надгледување на процесот на едукација на изборните органи, како и едукација и информирање на гласачитеи.*

*Ќе се работи на остварување на конструктивен политички дијалог во Собранието. Ќе продолжат напорите за спроведување на препораките од Извештајот на Комисијата за испитување на настаните во Собранието од 24.12.2012 година. Ќе продолжат активностите за обезбедување функционален парламентарен надзор над работата на разузнавачките служби. Собранието ќе даде приоритет на донесувањето на законите со кои се врши усогласување со европското законодавство. Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции ќе продолжат да остваруваат значајна улога во процесот на европската интеграција.*

*Ќе се отвори дијалог на Владата со **граѓанските организации** и ќе се обезбеди редовна консултација и вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики, законодавниот процес и дискусии преку воспоставување на ефикасен механзиам за конслутација.*

*Од аспект на **реформата на јавната администрација** се работи на нова Стратегија за РЈА и АП 2017 – 2022; со фокус на имплементација на законската регулатива за административни службеници и вработени во јавниот сектор; унапредувањето на правната рамка за управни постапки; обезбедување на систем за континуирана обука на администрацијата; подобрување на координативниот механизам за управување со човечките ресурси, како и давањето на услуги за граѓаните. Ќе се работи на зголемување на ефикасната примена на начелото на правичната застапеност во администрацијата.*

*Во делот на **реформа на полицијата**, ќе се пристапи кон донесување на нов Закон за следење на комуникациите. Ќе се донесе Акциски план за спроведување на Стратегијата за развој на полицијата.*

*Во однос на борбата против **организиран криминал,** ќе се донесе Национална стратегија и Акциски план за јакнење на капацитетите за спроведување на финансиски истраги и конфискување на имот (2017-2020). Ќе биде изготвена Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам и Акциски план за реализација на целите предвидени со Стратегијата.*

*Во делот на **правосудство**, се очекува измени на дел од правната рамка и тоа: донесување на нов Закон за јавното обвинителство, изменување и дополнување на Законот за кривична постапка заради усогласување со Европската конвенција за човекови права и праксата на Европскиот суд за човекови права во однос на мерката притвор, како и измени и дополнувања на Законот за управните спорови.*

*Во делот на **антикорупциска политика**, ќе се спроведуваат активности од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2016-2019 година, како и на активности предвидени со други стратешки и програмски документи. Со цел утврдување на националните законски услови за пристапување кон Конвенцијата на Совет на Европа за пристап до јавните документи, ќе се продолжи со анализа на усогласеноста и потребата од измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.*

*Во рамки на **слободата на медиуми/слободата на изразување** ќе продолжи дијалогот со претставниците на медиумите за унапредување на законската рамка и ќе се подготови Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност којашто ќе се однесува на периодот од 2018 до 2022 година.*

*Во делот на **Човекови права и заштита на правата на немнозинските заедници** ќе продолжат активностите за подобрување на социјалната вклученост на Ромите со имплементација на Националните Акциони Планови од Стратегијата за Ромите. Во текот на 2017 година ќе продолжат активностие за унапредување политиката на употребата на службените јазици на заедниците. Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор во текот на 2017 година ќе изготви акциски план (ови) за начинот на реализација на поставените цели во Прегледот за спроведувањето на Охридскиот рамковен договор за социјална кохезија. Во 2017 година ќе се донесе нов Закон за спречување и заштита од дискриминација.*

# 1.1 ДЕМОКРАТИЈА

## 1.1.1 ИЗБОРИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Во пресрет на предвремените парламентарни избори, **мора да продолжат активностите за обезбедување услови за веродостоен изборен процес** (како што се спречување и истражување на заплашување на гласачи, обезбедување поделеност на државните и партиските активности, балансирано медиумско известување и континуирано ажурирање на гласачкиот список) и да се постапи по препораките на ОБСЕ/ОДИХР[1]. **Треба да продолжат напорите за зајакнување на капацитетите на Државната изборна комисија.** Потребна е **поголема транспарентност** за зголемување на довербата на граѓаните во нејзината работа.

Во делот на изборната реформа се спроведе вкрстена и теренска проверка на податоците во Избирачкиот список. Во Избирачкиот список, согласно член 196-б од Изборниот законик не беа запишани 28.341 избирачи, чии записи по спроведените статистички анализи, вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции и теренски проверки спроведени пред распишувањето на изборите беа утврдени како спорни, а истите по спроведениот јавен увид како дополнителна можност за пријавување не поднесоа соодветни пријави до Државната изборна комисија.

Предвремените парламентарни избори се одржаа на 11.12.2016 година, на кои право на гласа имаа 1.784.416 гласачи. Согласно конечните резултати од гласањето на предвремените парламентарни избори 2016 година вкупно гласале 1.191.852 гласачи (66,79%), важечки се вкупно гласачки ливчиња1.153.984, а неважечки 37.870 гласачки ливчиња.

Во однос на јакнењето на административните капацитети, се зајакна Секторот за избирачки список и се формираше правно одделение во ДИК.

ДИК ќе се фокусира на ефикасна организација и спроведување на Локалните избори 2017 година преку засилена едукација на изборните органи како и преку спроведување на кампања за информирање и едукација на гласачите. Активностите вклучуваат едукација на изборните органи преку континуирани обуки за изборниот процес, онлајн-обуки и семинари, надгледување на процесот на едукација на изборните органи, како и едукација и информирање на гласачите преку брошури и информативни материјали, подготовка на видео-спотови, запознавање со изборниот процес на гласачите кои прв пат гласаат, подготовка и дистрибуција на упатства за правата и обврските на овластените претставници на подносителите на листи, подготовка на информативни кампањи за предизборно информирање на граѓаните, развивање на континуирани обуки од областа на изборите за сите државни службеници во Република Македонија при вработување.

Исто така ќе се работи на:

- ажурирање на електронскиот систем за управување со предмети и приговори и
- имплементација на алатка за управување со ризици со цел идентификација на можните ризици кои претставуваат закана за правилно спроведување на изборниот процес и изнаоѓање мерки за превенција на истите.
- Подготовка на Извештај за можноста и план за воведување на систем за идентификација на гласачи со отпечаток на прсти

## 1.1.2 СОБРАНИЕ

*Тековна состојба*

Во текот на 2016, се одржуваа редовни средби меѓу Претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието и координаторите на сите пратенички групи. Собранието ги донесе законите од НПАА-ревизија 2016 година, предложени од Владата на Република Македонија со цел усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ. Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања во 2016 година одржаа седници и јавни расправи на теми посветени на клучни приоритети од европската агенда на Република Македонија.

[1] Организација за безбедност и соработка во Европа/Канцеларија за демократски институции и човекови права

Собранието за прв пат во изминативе 21 година од своето полноправно членство во ОБСЕ, беше домаќин на 15-та Есенската сесија на Парламентарното Собрание на ОБСЕ. Есенската сесија се одржа во Скопје од 29 септември до 2 октомври 2016 г. и на истата оствари учество делегации од 51 земји учеснички во ОБСЕ, 370 учесници, од кои 220 пратеници на ПС на ОБСЕ.

Во рамките на Европската конференција која се одржа на 15 и 16.09.2016 во Стразбур, претседателот на Собранието се сретна со претседателот на Парламентарното собрание на Советот на Европа и оствари билатерална средба со претседателот на Парламентот на Република Грција. На првата официјална средба на претседателите на Македонскиот и Грчкиот парламент, соговорниците потврдија дека средбата е почеток на идна подлабока соработка на парламентарно ниво, која треба да претставува и поттик за подобрување на севкупните односи меѓу Република Македонија и Република Грција на сите нивоа.

Во однос на препораките кои произлегуваат од Планот на активности на Владата на Република Македонија врз основа на Листата на итни реформски приоритети за Република Македонија (јуни 2015), во 2016 беа одржани седници и средби на двете собраниски тела надлежни за парламентарен надзор над работата на разузнавачките служби. Собранието ги донесе законите кои произлегоа од договорот постигнат на 20.07.2016 година меѓу претставниците на четирите политички партии.

Собраниската комисија за политички систем и односи меѓу заедниците на 87-та седница одржана на 21, 22, 23 и 26 септември 2016 г. расправаше за Извештајот за активностите на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од незаконското следење на комуникациите (за периодот од 15.03.2016-15.09.2016). Расправата по извештајот во Комисијата не беше завршена до распуштањето на Собранието.

Собранието на седницата одржана на 17.10.2016 год. донесе Одлука за распуштање на Собранието на Република Македонија[2]. Претседателот на Собранието на 18.10.2016 год. донесе Решение за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат на 11.12.2016 год.[3].

***Краткорочни приоритети***

Клучен приоритет во исполнувањето на политичките критериуми и во 2017 година ќе биде остварување на конструктивен политички дијалог во Собранието. Со цел да се обезбеди висок степен на координација меѓу политичките партии во Собранието и програмирање на работата, претседателот на Собранието ќе продолжи со одржување на редовни средби со координаторите на пратеничките групи. Согласно Правилникот за координација на Собранието, во врска со предлог-законите на Владата на Република Македонија, на координативните средби ќе учествуваат определените претставници на Владата.

Континуираното и ефикасно спроведување на Деловникот на Собранието, останува главен приоритет и во 2017 година.

Со цел обезбедување на функционален парламентарен надзор над работата на разузнавачките служби ќе продолжат активностите на двете надлежни Собраниски тела: Комисијата за надзор над спроведувањето на посебната истражна мерка следење на комуникациите, и Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање.

Ќе продолжат напорите за спроведување на препораките од Извештајот на Комисијата за испитување на настаните во Собранието од 24.12.2012 година.

Собранието ќе даде приоритет на донесувањето на законите со кои се врши усогласување со европското законодавство, со обем и динамика во зависност од овластените предлагачи на закони.

Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции ќе продолжат да остваруваат значајна улога во процесот на европската интеграција. Двете тела ќе продолжат со реализирање на активности посветени на клучните приоритети од европската агенда на земјата и промовирањето на консензуален пристап. Комисијата за европски прашања ќе продолжи да го следи и поттикнува процесот на усогласување на националното законодавството со правото на ЕУ, да организира надзорни и јавни расправи за важни теми од евроинтегративниот процес. Националниот совет за евроинтеграции како платформа од инклузивен карактер ќе продолжи да обезбедува учество на сите општествени фактори во креирањето и следењето на евроинтеграцијата на државата и ќе придонесува за унапредување на политичкиот дијалог и одржување на широк национален консензус за членството на Република Македонија во ЕУ.

Мешовитиот парламентарен комитет-РМ и ЕУ, ќе продолжи да остварува значаен придонес во процесот на европската интеграција, преку одржување на редовни состаноци на комитетот и редовен парламентарен дијалог меѓу пратеници од Собранието и Европскиот парламент. МПК-РМ и ЕУ, ќе продолжи да издава месечен билтен кој има за цел информирање на пратениците од Еврпскиот парламент, надлежните служби на Европската комисија и до претседателите на комисиите за европски прашања од националните парламенти на земјите членки на ЕУ, за активностите во Собранието поврзани со процесот на евроинтеграции.[4]

---

[2] "Службен весник на РМ" бр.193/2016

[3] "Службен весник на РМ" бр.193/2016

[4] Од јануари 2010 год. Собранието издава Билтен на МПК-Република Македонија и ЕУ. Досега се издадени 53 изданија на Билтенот.

Собранието ќе продолжи да остварува репрезентативна улога во доменот на мултилатералната и билатералната соработка. Преку меѓународната соработка и активностите на Претседателот на Собранието, на пратеничките групи за соработка со парламенти на одделни држави и преку постојаните делегации во меѓународните парламентарни собранија, ќе се унапредуваат и продлабочуваат севкупните билатерални односи со земјите од регионот и земјите-членки на Европската унија.

За остварување на надзорната функција на Собранието, работните тела ќе продолжат со организирање на надзорни и јавни расправи. Функционалноста на Комитетот за односи меѓу заедниците ќе се одвива согласно одредбите од Законот за Комитетот за односи меѓу заедниците. Буџетскиот совет на Собранието ќе продолжи со активности, согласно надлежностите утврдени со Законот за Собранието на Република Македонија.

Парламентарниот институт ќе продолжи да работи на зајакнување на законодавната и надзорната функција на Собранието преку обезбедување навремени, објективни, независни и пристапни услуги на пратениците, услуги за едукација и комуникација како и модерен систем на архивирање и библиотека.

ЕУ центарот на Собранието ќе продолжи на пратениците и на Службата на Собранието, да им обезбедува пристап до информации поврзани со ЕУ прашања преку издавање на месечна електронска информативна публикација - ЕУ вести[5].

Ќе продолжат активностите за одржување на имплементираниот систем за менаџмент со квалитет - стандард МКС EN ISO 9001:2009.

Програмата за обука на државните службеници во Службата на Собранието за 2017 година, ќе се спроведува преку утврдени активности за унапредување на знаењата и вештините на државните службеници, со цел ефективно спроведување на стручните и другите работи за потребите на Собранието, работните тела и пратениците. Предвидените активности се во функција на остварување на стратешките приоритети утврдени во Стратешкиот план на Собранието за 2017-2019 година.

### 1.1.3 ВЛАДЕЕЊЕ

Во рамките на циклусот ЕУ институционални средби, чија цел е да се обезбеди дополнителна координација на реформите во процесот на европската интеграција, остварени се низа работни состаноци помеѓу Заменик претседателот на владата задолжен за европски прашања, и релевантните министерства. Заменик претседателот задолжен за европски прашања учествуваше и на неформалниот состанок на министри за европски прашања, организиран во рамките на Советот за општи работи на Европската Унија, кој се одржа во Братислава на 24 и 25 јули 2016 година. Исто така, остварени се работни средби со ново избраниот амбасадор на Европската унија, како и со амбасадори на Романија, Република Словенија, на Република Хрватска, Република Унгарија, Италија и амбасадорот на Кралството на Холандија. На состаноците фокусот беше ставен на спроведувањето на обврските кои произлегуваат од Итните реформски приоритети.

Во извештајниот период, се одржаа четири седници на Поткомитетот на Работниот Комитет за европска интеграција.

Во тек е твининг проектот „Дополнителна поддршка за зајакнување на ЕУ и ИПА капацитетите на Центарот за обука на Секретаријатот за европски прашања“. Главната цел на овој твининг проект е зајакнување на институционалниот капацитет на СЕП, и професионалниот капацитет на административните службеници кои работат во областа на прашањата поврзани со ЕУ и ИПА.

Информацијата за Прегледот за спроведувањето на Охридскиот рамковен договор за социјална кохезија (со препораки) е доставен е на Влада за усвојување. По усвојувањето, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор (во понатамошниот текст: ССРД) во текот на 2017 година ќе изготви акциски план (ови) за начинот на реализација на поставените цели во Прегледот (препораките).

ССРД во текот на 2017 година ќе продолжи да ја унапредува политиката на употребата на службените јазици на заедниците. Следствено на ова, ќе бидат превземени соодветни активности како: донесување на нов Закон за јазици; зголемување на преведувачките капацитети во државата; основање на регионални центри за превод; предвидување на работна позиција во систематизациите за работни места „преведувач“; национален стратешки план за употреба на јазиците и методологија за пресметување на буџетските трошоци кои произлегуваат од употреба на јазиците; ратификација на Европската повелба на регионални и малцински јазици.

[5] Од јуни 2014 година до октомври 2016 год. ЕУ Центарот на Собранието објави 24 месечни електронски публикации - *ЕУ вести*.

## 1.1.4 ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

***Наод и приоритет од Извештајот на ЕК 2016***

**Не е постигнат** напредок во спроведувањето на препораките од претходната година. Средината во која функционираат организациите на граѓанското општество (ОГО) е влошена. Националните власти **мора да го консултираат** и да се ангажираат со граѓанското општество за да најдат **излез од кризата** преку поголема вклученост на ОГО во креирање на политиките, законодавниот процес и во дискусии кои резултираат со конкретни активности. Владините и невладините актери треба да соработуваат **поконструктивно**. Земјата **мора да обезбеди релевантна правна, финансиска и политичка рамка** за да обезбеди функционирање на граѓанското општество.

***Тековна состојба***

Продолжија заложбите за унапредување на соработката помеѓу Владата, органите на државната управа и граѓанскиот сектор согласно Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор, и Акцискиот план за спроведување (2012-2017)[6]. Годишните извештаи за спроведување на Стратегијата редовно се објавуваат на веб страната на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата www.nvosorabotka.gov.mk.

Преземени се чекори за формирање на советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор, составено од претставници на органите на државната управа и граѓанските организации, согласно Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор[7] донесена во мај 2016 година („Службен весник на РМ" бр.98/16). Поради реакција на 89 граѓански организации на содржината на Одлуката, постапката за формирање на Советот беше запрена.

Воспоставена е нова веб страница на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат www.nvosorabotka.gov.mk, збогатена со нови содржини (посебен дел) со документи (закони и подзаконски акти од значење за работата на граѓанските организации); спроведување на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор; финансиска поддршка на здруженија и фондации; предлози од граѓанскиот сектор; дел со корисни информации и обрасци за основање на здружение; дел за Комисијата за организации со статус од јавен интерес; како и база на податоци: Невладини организации, во која се содржани основни податоци за 167 здруженија и фондации во 20 сектори на дејствување, а се ажурира со пополнување на образец од страна на заинтересираните граѓански организации.

Примената на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики се следи редовно. Иницијативите на граѓанските организации по објавениот повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата, како и одговорите од ресорните министерства се објавуваат на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

***Краткорочни приоритети***

До крајот на 2017 година ќе се воспостави функционален Совет за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор, преку консултации со граѓанските организации, донесување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор и повторување на постапката за избор на членови на Советот.

Со цел да се обезбеди средина која ќе го поттикне развојот на граѓанскиот сектор, ќе се изврши оценка на актуелноста на нереализираните мерки и активности од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор (2012-2017) и во консултации со граѓансите организации ќе се пристапи кон подготовка и донесување на нова Стратегија за соработка на

---

[6] Со Стратегија се утврдуваат меѓусебно поврзани стратешки цели кои ја поддржуваат соработката и развојот на граѓанскиот сектор во пет приоритетни области: Развиен и одржлив граѓански сектор; Учество во процесите на креирање политки, донесување закони и европска интеграција; Економски развој и социјална кохезија; Граѓански активизам и поддршка од заедницата и Зајакната институционална рамка и практики за соработка.

[7] Надлежности: да го следи спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и Акцискиот план за спроведувањето на Стратегијата; го поттикнува унапредувањето на соработката и градењето на партнерски односи на Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор; ја следи и анализира јавната политика која се однесува и/или влијае на граѓанскиот сектор; иницира донесување на нови или изменување и дополнување на постојните прописи за унапредување на правната и институционалната рамка за делување на организациите; дава мислење по предлози на закони, стратегии, програми и други правни акти кои се однесуваат или влијаат на развојот и на делувањето на граѓанскиот сектор; ја следи и анализира вклученоста на организациите во процесот на креирање на јавната политика и дава препораки за нејзино унапредување; дава предлози при планирањето на приоритетните области за финансирање на активности на организациите од Буџетот на Република Македонија, ги разгледува годишните извешта на Владата и органите на државната управа за финансираните програми и проекти на организациите и дава препораки

Владата со граѓанскиот сектор, со Акциски план за спроведување за периодот 2018-2020.
Ќе се отвори дијалог на Владата со граѓанските организации и ќе се обезбеди редовна консултација и вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики, законодавниот процес и дискусии кои резултираат во конкретни активности, преку учество на претставници на граѓански организации во работата на Собранието и Владата и нивните тела и работни групи за консултации при подготовка на предлози на стратегии, закони и друга регулатива, секторски работни групи за ИПА, НПАА и др.
Ќе се спречи било каква негативна реторика и секаква форма на политички мотивиран притисок врз специфични граѓански организации.
Ќе се обезбеди целосна транспарентност за државното финансирање, преку воспоставување електронска база на податоци на доделените средства за граѓанските организации од Буџетот на Владата на Република Македонија и консултативен процес со граѓанскиот сектор за реформи во системот на државното финансирање на граѓанските организации.

## 1.1.5 БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

### Релевантна евиденција (track record)

Со цел зајакнување на капацитетите на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во областа на финансиските истраги, во рамки на Проектот ИПА 2010 изготвен е документот „Добри практики за финансиски истраги“. Во рамки проектот, Министерството за внатрешни работи спроведе обуки за зајакнување на капацитетите во делот на водење финансиски истраги, перење пари и злоупотреба на ЕУ фондовите.
На 1 декември 2016 година започна со реализација проектот ИПА 2012 “Секторски план за поддршка на Секторот за правда, внатрешни работи и човекови права”, кој е предвиден да се реализира во рок од 18 месеци и во рамки на кој ќе се реализират активности со цел јакнење на капацитетите за борба против организиран и сериозен криминал.
Со цел исполнување на Препораката 1 на ФАТФ, донесена е Национална проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам[8] (НРА), како и Акциски план за спроведување на мерките и активностите утврдени со НРА. Крајна цел на овој процес е одржување ефикасен систем врз основа на ризик за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.
Во 2016 година започна реализација на „Проектот за борба против економски криминал“. Целта на проектот е унапредување на демократијата и владеењето на правото преку спречување и контрола на перењето пари и финансирањето на тероризам во согласност со европските и другите меѓународни стандарди.

### *Краткорочни приоритети*

Со цел натамошно јакнење на капацитетите за борба против организиран и сериозен криминал ќе се изготви анализа на состојбата во делот на финансискиот криминал, препораки за воспоставување на релевантна евиденција (track record) за случаи поврзани со перење пари и подобрување на капацитетите и експертизата за водење финансиски истраги и замрзнување на имот.
Ќе се донесе Национална стратегија и Акциски план за јакнење на капацитетите за спроведување на финасиски истраги и конфискување на имот (2017-2020).
Со цел усогласување со европските и другите меѓународни стандарди УФР спроведува активности за подготовка на нов Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам усогласен со IV Директива 2015/849 за спречување на користење на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам.
Ќе биде изготвена Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам и Акциски план за реализација на целите предвидени со Стратегијата.

### *Среднорочни приоритети*

На среден рок ќе се спроведуваат мерките и активностите предвидени во Акцискиот план за спроведување на Националната стратегија за јакнење на капацитетите за спроведување на финасиски истраги и конфискување на имот.

### Институционален и оперативен капацитет

### Реформа на полиција

Донесена е Стратегијата за развој на полицијата[9] која ќе овозможи поголема ефикасност на полицијата врз основа на новата методологија за работа, која е компатибилна и релевантна со најдобрите практики на европските полициски служби и нивните општи стандарди.

[8] 60-та седница на Влада на РМ, одржана на 23 август 2016 година
[9] Промовирана во Јануари 2016 година

Одделот за правда на САД и Министерството за внатрешни работи во јуни 2016 година го финализираа заедничкиот пилот проект на ИЦИТАП – ,,Имплементирање на мобилен систем за снимање со камери“. Во рамки на проектот беше донирана опрема наменета за Мобилната единица за безбедност во патниот сообраќај и Центарот за информатика, телекомуникации и информациска безбедност во МВР.
По завршување на успешната 12 месечна обука за академската 2015/2016 година, 400 полициски службеници потпишаа договор за вработување во Министерството за внатрешни работи.
Во текот на 2017 година ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за полиција, со цел регулирање на употребата на гумени куршуми и средствата за присилба, согласно Европската конвенција за човекови права. Исто така, ќе се донесе и Правилник за начинот на вршење на полициските работи. Воедно ќе се донесат и Стандардни оперативни процедури (СОП) за употреба на средствата за присилба и огнено оружје и обуки за нивна употреба. Дополнително, предвидено е да се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи во првиот квартал на 2018 година.
Во 2017 година ќе биде пуштена во употреба новата зграда на ПС Ѓорче Петров.
Финализиран е Проектот на Советот на Европа „Поддршка за воспоставување на надворешен механизам за надзор во Република Македонија“ во чии рамки се направи анализа на состојбата и се работеше на развивање на најсоодветен модел за независен механизам за надзор за следење на работата на полицијата. Во 2017 година ќе се изготви правна рамка за воспоставување на независен механизам за надзор за следење на работата на полицијата. Исто така, на среднорочен план ќе се спроведат обуки за персоналот со цел градење на капацитетит во надлежните институции.
Националниот координативен центар (НКЦ) за борба против организиран криминал ќе стане оперативен во 2017 година преку:

- Опремување на работни простории на НКЦ;
- Назначување на персонал;
- Ревидирање на Стандардните оперативни процедури за постапување во Националниот координативен центар за сузбивање на организиран и сериозен криминал;
- Воспоставување на правила за доверливост и безбедност;
- Воспоставување на евиденции согласно СОП;
- Дефинирање на мрежна архитектура на НКЦ и централен систем за управување;
- Софтверски решенија за НКЦ и развој на ИТ инфраструктура.

На среднорочен план ќе се работи на понатамошно надградување на административните и материјалните капацитети на НКЦ.
Во текот на 2017 година ќе се воспоставуваат на целосна оперативна функционалност истражните центри.
На среден рок се планира подготовка на Измени и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, првенствено во насока на усогласување со Директивата од 2014/42/EU година во врска со замрзнување и одземање на предмети и имотна корист остварена преку вршење на кривично дело.

## Правна рамка

Во насока на надминување на забелешките од Препораките на Групата високи експерти за системските прашања од областа владеење на правото поврзани со следењето на комуникациите, Министерството за внатрешни работи беше назначено од Владата за координатор на процесот за реформи на безбедносниот систем. Во соработка со Женевскиот центар за демократска контрола на вооружените сили (ДКАФ) отпочна спроведувањето на Национален проект за реформи и консолидација на безбедносниот и разузнавачкиот систем во земјата. Проектот обезбедува инклузивност со учество на сите надлежни институции од законодавната, извршната и судската власт.
По завршувањето со анализата на работните процеси, техничките, човечките и финансиските ресурси, како и анализата на националното законодавство и меѓународните стандарди ќе се пристапи кон донесување на предлог законски решенија кои ќе обезбедат исполнување на препораките, меѓу кои и нов Закон за следење на комуникациите.
Ќе се донесе Акциски план за спроведување на Стратегијата за развој на полицијата.

## Стратешка рамка

Во насока на заокружување на стратешката рамка во борбата против организиран криминал ќе се донесе Стратегија за компјутерска безбедност и Акциски план за нејзино спроведување, како и донесување на Стратегија за комјутерски криминал.

## Програми и проекти

*Национален проект за консолидирање на разузнавачкиот и безбедносниот систем во Република Македонија.* Овој проект има за цел да изгради отчетен и зајакнат систем за заштита на националната безбедност кој ќе обезбеди кредибилитет и законистост во секое постапување, како и почитување на принципот на неопходност и пропорционалност во примената на мерките и активностите. Проектот се спроведува во соработка со ДКАФ- Женевскиот центар за демократска контрола на

вооружените сили. За неговото спроведување предвидени се три фази: Почетна фаза- која е веќе реализирана; Фаза на анализа и планирање- во тек; Фаза на имплементација- во која ќе се разгледаат предлозите/опциите за нова функционална и формална организација на службите. Времетраење на проектот: август 2016 година до средината на 2018 година.

*Регионалниот проект преку повеќекорисничка ИПА 2015.* Овој проект претставува продолжение на предходните проектни активности во делот на воспоставување на надворешен независен механизам за надзор на работата на полицијата. Рок на реализација: Проектот почна да се спроведува во септември 2016 година и истиот ќе трае 18 месеци.

*ИПА 2012/2013- „Секторски план* за поддршка на Секторот за правда, внатрешни работи и човекови права - Мерка 2 Јакнење на националните капацитети за борба против организираниот криминал. Буџет: Договор за услуги (1.200.000 од кои 120.000 национално кофинасирање); Договор за набавка на опрема за Министерство за правда, МВР, Финансиска полиција, Управа за финансиско разузнавање (3,500.000 од кои 875.000 национално кофинасирање). Од вкупната сума 1.000.000 евра се наменети за набавка на опрема за МВР за потребите на Одделот за крим.техничко-испитување и вештачење. Рок на реализација: 2016-2018.

*Проектот – "Борба против економски криминал",* финансиран од страна на ЕУ и Советот на Европа и имплементиран од страна на Советот на Европа. Активностите предвидени со работниот план ќе ги имплементираат препораките дадени од Moneyval Комитетот при Советот на Европа. Буџет:1.300.000 милиони евра. Рок на реализација: 36 месеци (2016-2019).

## 1.2 РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Земјата е **умерено подготвена** во однос на реформата на нејзината јавна администрација. Во текот на претходната година беше постигнат **одреден напредок**, иако истиот беше ограничен. Започна спроведувањето на новата правна рамка за управување со човечки ресурси. Сепак, нема доволна посветеност за спроведување на препораките на Комисијата од 2015 година. Неефикасните линии на одговорност, користењето на јавниот сектор како политички инструмент, наводите за притисоци врз вработените во јавниот сектор и наводната политизација на администрацијата во изборна година, продолжуваат да бидат предмет на загриженост. Исто така, недостатокот на политичка посветеност за реализација на неопходните реформи во управувањето со јавните финансии доведе до значително намалување на финансиската помош од ЕУ во 2016 година.

Потребна е силна политичка посветеност за да се гарантира независноста на јавната администрација и почитување на начелата на транспарентност, заслуги и правична застапеност. Во текот на наредната година, земјата треба особено:

- да одговори на сериозната загриженост за политизација на јавната служба;
- да обезбеди целосно спроведување на начелата на отчетност, транспарентност и заслуги (како што е предвидено во „Итните реформски приоритети", како и во законот);
- да го суспендира и повторно да го разгледа спроведувањето на законот за трансформација на времените работни места во договори за редовен работен однос сѐ додека не започне целосно да се почитува начелото на заслуги (во согласност со „Итните реформски приоритети");
- да донесе стратегија за реформа на јавната администрација и програма за реформа на управувањето со јавните финансии, кои ќе одговорат на идентификуваните слабости, вклучително на буџетската транспарентност.

### *Тековна состојба*

Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) е надлежна институција за спроведување на процесот на реформа на јавната администрација во насока на креирање и развој на стручна, професионална, ефикасна и сервисно ориентирана државна и јавна служба.

МИОА продолжува со координацијата на процесот на реформа на јавната администрација (РЈА) преку подготовка на нова Стратегија за РЈА и АП 2017 – 2022; имплементација на законската регулатива за административни службеници и вработени во јавниот сектор; унапредувањето на правната рамка за управни постапки; обезбедување на систем за континуирана обука на администрацијата; подобрување на координативниот механизам за управување со човечките ресурси, како и давањето на услуги за граѓаните.

Агенцијата за администрација (во понатамошниот текст: Агенцијата), како самостоен државен орган овозможува развој и одржливост на професионална и сервисно-ориентирана администрација, преку примена на нов пристап за управувањето со човечките ресурси, заснован врз компетенции.

### *Краткорочни приоритети*

Во текот на 2017 година ќе се спроведат активности за донесување измени и дополнувања на Законот за административни службеници. МИОА во своето работење ќе биде фокусирано на имплементација на законската регулатива за административни службеници и вработени во јавниот сектор и унапредувањето на правната рамка за управни постапки.
Во текот на 2017 година Агенцијата во своето работење ќе биде фокусирана на ефикасно и ефективно спроведување на обврските првенствено утврдени во Законот за административни службеници: објавување на огласи за вработување на административни службеници; организација на постапки за селекција на административни службеници; спроведување на испитот за административен службеник, испитот за административно управување и тестот на личност; водење на евиденција на кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување, како и постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен.
Информацијата за Прегледот за спроведувањето на Охридскиот рамковен договор за социјална кохезија (со препораки) е доставена на Влада за усвојување. По усвојувањето, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор (во понатамошниот текст: ССРД) во текот на 2017 година ќе изготви акциски план (ови) за начинот на реализација на поставените цели во Прегледот (препораките).
ССРД во текот на 2017 година ќе продолжи со следење и спроведување на уставното начело на соодветна и правична застапеност, преку разгледување и одобрување на годишните планови доставени од органите на државната управа, како и целосното спроведување на Планот за распределување на административни службеници вработени во ССРД во други институции на јавниот сектор (усвоен на 45-та седница на Владата на Република Македонија, одржано на 27.07.2016 година).
ССРД ќе се залага и кон зголемување на ефикасноста од примената на начелото на правичната застапеност во администрацијата за да се постигне целта на правичната и соодветната застапеност преку соодветното управување на државните институции со диверситет и развивање на политики за интегрирање на работното место.
Овие мерки ќе се реализират преку: систематизирање на сите административни службеници кои се вработени согласно програмите; целосно реализирање на Планот за распределба, флексибилност во постапката помеѓу МФ, МИОА и ССРД; развивање на методи за интеграција на работното место и управување со диверситет, со фокус на етничка припадност, реализирање на активности за ревидирање на методологијата за планирање на вработувањата во јаниот сектор и др.
Во Буџетот за 2017 година (Програма 21) се предвидени финансиски средства во износ од 11.300.000,00 ден. наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации со цел промовирање на меѓуетничките односи и спроведување на Охридскиот рамковен договор. Постапката за реализација на програмата ја спроведува ССРД.

### *Среднорочни приоритети*

Во наредниот период МИОА ќе продолжи со спроведувањето на правната рамка за јавната и државната администрација преку: издавање согласности за актите за систематизација на работните места во институциите во делот на усогласеноста на описите на работните места согласно Законот за административни службеници и Каталогот на работни места во јавниот сектор и издавање согласности за годишните планови за вработување на институциите кои ќе бидат следени и анализирани тековно во однос на обезбедувањето на системот по заслги при вработувањето.
Во 2018 и 2019 година Министерството за информатичко општество и администрација ќе продолжи со подобрувањето на јавните услуги преку континуирана реализацијата на проектот "Оцени ја администрацијата" и проектот "Барометар на квалитет". Ќе се подготват Годишни програми за обука за административно управување за 2019 и 2020 година. Ќе се работи на спроведување на Системот за управување со учењето и Системот за Микроучење во јавната администрација и ќе се одржува платформата за е-обуки.

Агенцијата планира да ги спроведе следните среднорочни активности:

- Промовирање и развој на систем за селекција на кандидати за вработување на административен службеник, заснован врз компетенции;
- Развој на стручни и професионални раководни административни службеници, преку нов пристап кон управувањето со човечките ресурси;
- Обезбедување на заштита на правата на административните службеници, кои произлегуваат од службеничкиот однос;
- Унапредување на функционирањето и реализацијата на надлежностите на Агенцијата, преку обезбедување на административна, логистичка и ИТ и техничка поддршка;
- Зајакнување на капацитетите на Агенцијата со човечки ресурси, преку нови вработувања, распоредувања и унапредувања, врз основа на начелото на стручност и компетентност и со примена на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците, како и преку стручно усовршување на вработените во Агенцијата;
- Јакнење на финансиското и материјалното работење, како и подобрување на процесот на стратешко планирање во Агенцијата, интегрирано со унапредување на активностите за воспоставување, спроведување, одржување и развој на финансиското управување и контрола и

- Подобрување на работењето на Агенцијата преку зголемување на ефективноста на системите за внатрешна контрола и усогласеност на работењето со законските, подзаконските и интерните акти и договори.

# 1.3 ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

## 1.3.1 ПРАВОСУДСТВО

***(види и во Поглавје 3.23.1 Правосудство)***

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2015***

Во годината што следи ќе се посвети внимание на:

- практична професионализација преку системите за назначување и унапредување;
- поддршка и ресурси за Специјалниот јавен обвинител;
- реформа на постојниот систем за дисциплински мерки и разрешување на судиите;
- нова Стратегија за судска реформа и акциски план, кои ќе ги третираат останатите недостатоци на одржлив начин;
- да се подобри стратешкото планирање, процената на потребите, управувањето и распределбата на ресурси во рамките на судството.

Изготвена е нацрт верзија на Стратегијата за реформа на правосуднииот сектор 2016-2020. По вградувањето на коментарите добиени од страна на Европската комисија, ќе се пристапи кон изготвување на детален акциски план со дефинирани активности во шест тематски области и тоа: I. Судство, II. Казнено-правен систем, III. Пристап до правдата, IV. Секторска политика и имплементација на правото на ЕУ на ЕУ, V. Управно право и VI. ИТ – Е Правда.
Со цел пристапување кон измена на Законот за судови во однос на оценувањето на судии, изготвена е Анализа за меѓународни стандарди за оценување на работата на судовите, а Академијата за судии и јавни обвинители донесе Упатство за начинот на избор на судии и јавни обвинители кои се испраќаат на престој и работа во ЕСЧП.
Во насока на подобрување на квалитетот на редовната судско обвинителска пракса во рамки на ИПА 2010 проектот од страна на ангажиран меѓународен експерт се изработија препораки за квалитативна оценка на обуките во редовната судско-обвинителската пракса.
Избрани се сите 93 кандидати завршени во петте генерации на Академијата за судии и јавни обвинители.
Во завршна фаза е постапката за прием на нови 37 слушатели на Академијата за судии и јавни обвинители, која се очекува да заврши до крајот на 2016 година, по што од месец јануари 2017 година би започнала со теоретска настава шестата генерација на кандидати.
ССРМ на својата веб страница започна со објавување на писмено образложение за изборот на претседатели на судови и судии врз основа на системот на заслуги.
Судскиот совет продолжи да ја следи работата на судовите во однос на старите предмети постари од 3 години. На месечно ниво судовите продолжија да доставуваат табели на старите нерешени предмети: во јануари 2016 година статус на стари предмети имале 11 586 предмети, додека во септември 2016 тој број е 6 889 предмети, со што заостатокот на стари предмети е намален за 4679 предмети или за 40,54%.
Изработен е новиот модерен веб портал решение за подобро објавување и брзо пребарување на судските пресуди кој од јули 2016 година е достапен за јавноста на линкот www.sud.mk.
Изготвени насоки за изречување на мерката притвор, согласно одредбите на Законот за кривична постапка.
Во 2017 година во насока на подобрување на владеење на правото се очекува донесување и измени на дел од правната рамка и тоа: донесување на нов Закон за јавното обвинителство, изменување и дополнување на Законот за кривична постапка заради усогласување со Европската конвенција за човекови права и праксата на Европскиот суд за човекови права во однос на мерката притвор, како и измени и дополнувања на Законот за управните спорови.
Со цел натамошно зајакнување на правосудниот систем во целина ќе се донесе нова Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017-2020, како и детални акциски планови за секоја област опфатена со Стратегијата. Со цел следење на реализација на Стратегијата ќе се операционализира Советот за реформа на правосудниот систем.
Судскиот совет ќе продолжи со примена на системот на заслуги при изборот на судии во повисоките судови. Во 2017 година ќе започне почетната обука на шестата генерација кандидати на Академијата за судии и јавни обвинители, како и со прием на 60 слушатели на почетна обука-кандидати за јавни обвинители, врз основа на измените на Законот за Академија за судии и јавни обвинители (Службен весник на РМ бр.231/15). Ќе се заокружи процесот на испраќање на судија и обвинител на шест месечен престој во Европскиот суд за човекови права.
Врз основа на препораките на експертот ангажиран во рамките на ИПА 2010 проектот ќе се развие Методологија за оценка на ефикасноста на обуките и нивното влијание врз подобрување на квалитетот на редовната судско-обвинителската практика.

Континуирано ќе се следи функционалноста и примената на новиот судски портал, а ќе се изврши и миграција на сите судски пресуди од АКМИС системот на новиот портал.
Судскиот совет ќе продолжи на редовна основа да изготвува акциски планови за намалување на бројот на старите предмети, а тековно ќе се ажурира евиденцијата на должината на судските постапки со акцент на т.н стари предмети. Исто така ќе продолжи следењето на ефикасноста на работењето на судовите врз основа на индикаторите стапка на решени предмети и време на решавање на предметите.

### 1.3.2 БОРБА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

***Краткорочни приоритети***

Активностите за имплементација на правната рамка за превенција и репресија на корупцијата, намалување на судирот на интереси и унапредување на транспарентноста на финансирањето на политичките партии, ќе продолжат и во 2017 година. Исто така, ќе се продолжи со евиденцијата на кривични истраги, обвиненија и пресуди за случаи на корупција.
Ќе се спроведуваат активности за спроведувањето на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2016-2019 година, како и на активности предвидени со други стратешки и програмски документи, а кои се однесуваат на анти-корупциската правна и институционална рамка.
Со цел утврдување на националните законски услови за пристапување кон Конвенцијата на Совет на Европа за пристап до јавните документи, ќе се продолжи со анализа на усогласеноста и потребата од измени на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.
Фокусот ќе биде ставен на зајакнување на институционалниот систем и примената на законодавството за превенција на корупцијата и судирот на интереси, зајакнување на репресијата против корупцијата, јакнење на капацитетите и независноста на институциите за спроведување на законите и зголемување на вклученоста на јавноста во борбата против корупцијата и судирот на интереси.
Ќе се продолжи спроведувањето активности во насока на унапредување на системот на проверка на податоци за имотната состојба и интересите на избраните и именуваните лица со воспоставување интероперабилност.
Ќе се продолжи со зајакнување на капацитетите на ДКСК за примена на Методологијата за анти-корупциска проверка на легислативата.
Ќе се продолжи со преземање активности за реализацијата на нереализираните ГРЕКО препораки од Четвртиот круг на евалуација, за што во втората половина на 2017 година ќе се изготви информација за преземените активности.
Ќе се продолжи со спроведувањето на активностите во насока на унапредување на системот на јавна внатрешна финансиска контрола и спроведување оценка на ризици за корупција[10].

***Среднорочни приоритети***

На среден рок ќе се продолжи со реализација на активностите за натамошно зајакнување на превенцијата и репресија на корупцијата, намалувањето на судирот на интереси, унапредувањето на транспарентноста на финансирањето на политичките партии и зајакнувањето на меѓу-инситуционалната соработка.
Ќе продолжат активностите за спроведувањето на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси со Акционен план 2016-2019 година, како и на имплементација на клучните мерки под димензијата Анти-корупција од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020 и на други мерки и активности предвидени со други стратешки и програмски документи, а кои се однесуваат на анти-корупциската институционална рамка.
Ќе се унапреди примената на Регистарот на избрани и именувани лица и механизмот за проверка на имотната состојба и интересите на избраните и именуваните лица.

## 1.4 ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА НЕМНОЗИНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

***(види во делот 3.23.3 Фундаментални права и 3.19 Социјална политика и вработување)***

[10] Мерки 1.4.2.3 и 1.4.2.4 од ПАРИРП. Утврдувањето на методологија за оценка на ризици за корупција е и во насока на имплементација на клучната мерка О.1 Transparent rules: move away from discretion to rule-based political and administrative decision making by conducting risk assessment actions, by adopting public, simple and enduring rules, под димензијата Анти-корупција од Стратегијата за Југоисточна Европа 2020. Активности за поддршка на имплементацијата на Методологијата се предвидуваат преку Регионалната програма „Градење капацитети на Анти-корупциските тела во Југоисточна Европа и јакнење на нивната соработка“, изготвена од Регионалната анти-корупциска иницијатива (РАИ) во соработка со УНОДЦ, чијашто имплементација започна во декември 2015.

Во делот на **слобода на медиуми/слобода на изразување** континуирано се спроведуваше Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Судиите и јавните обвинители континуирано се обучуваа во врска со судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Во 2016 година продолжија советувањата за Практична примена на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета со анализа на референтна пракса на ЕСЧП во врска со член 10 од ЕКЧП, како задолжителни за судиите кои согласно годишниот распоред за работа на судовите беа распоредени да постапуваат по овие предмети.
Во 2017 година ќе се донесат измени и дополнувања на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.
Ќе се подготви уреди распределбата на средства кои се наменети за кампањи од јавен интерес од страна на буџетски корисници, претпријатија во државна сопственост, јавни претпријатија и државни агенции. При тоа ќе се земат предвид принципите за 1) релевантност на кампањата во однос на владините законски надлежности, 2) оправданост на кампањата, целите и комуникациската стратегија и 3) политичката неутралност на кампањата, како и механизми за проверка на почитувањето на овие принципи.
Планирани се измени на Законот за медиуми за зголемување на транспарентноста на медиумското финансирање. Ќе продолжи дијалогот со претставниците на медиумите. Планирано е да се донесат измени и дополнувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги отпочна со подготовка на новата Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност којашто ќе се однесува на периодот од 2018 до 2022 година.
Целта на Стратегијата е да се мапираат тековните состојби во коишто се наоѓаат аудио и аудиовизуелната дејност за да се утврдат цели и насоки за развој на овие дејности во следните пет години, како и конкретни активности за остварување на овие цели. Во Стратегијата, особено внимание ќе биде посветено на професионалната и уредувачка независност на медиумите, заштита и развој на медиумскиот плурализам, заштита на човековите права во медиумските содржини, обезбедување услови за раст и развој на пазарот и конкуренцијата, развој на медиумската писменост. За да се опфатат и соодветно да се адресираат сите клучни прашања во медиумската дејност, изготвувањето на Стратегијата ќе биде резултат на широк консултациски процес со сите чинители во дејноста - институции, граѓански организации, субјектите коишто подлежат на регулација од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Заштита од дискриминација**
**Унапредување на почитувањето и заштитата на заедниците**
Во однос на активностите за подобрување на социјалната вклученост на **Ромите** и понатаму се продолжи со имплементација на бројни во согласност со Стратегијата за Ромите 2014-2020.
Министерството за труд и социјална политика во соработка со Ромскиот едукативен фонд (РЕФ) веќе единаесет години по ред го имплементира проектот „Инклузија на деца Роми во Јавните општински установи - детски градинки“ со кој се опфатени околу 3500 деца Роми, од кои околу 82% се запишани во основно образование.
Продолжи имплементацијата на програмата за ромски здравствени медијатори, програмата за стипендирање и менторирање на ученици Роми вклучени во средно образование (за учебната 2015/2016 година селектирани се вкупно 582 средношколци за стипендија и менторска поддршка).
Фокусот на активности на Ромските информативни центри, беше ставен во делот на споделување на информации, совети, информативни средби и логистичка подршка за услуги поврзани со остварување на права и обврски од социјална заштита, образование, здравствена заштита, вработување, вадење на лична документација, домување, како и активности поврзани со останати услуги потребни на странките.
РОМЕД програмата продолжи со имплементација и во 2016 година, која се спроведува преку медијација како мерка што се користи низ Европа за справување со нееднаквостите, со кои се соочуваат Ромите во однос на пристапот до вработување, здравствените услуги и квалитетот на образованието. Потпишани се Меморандуми за соработка со Советот на Европа за вклучување во РОМЕД 2 со општините Дебар, Кочани, Берово и Кичево. Во рамките на оваа програма досега формирани се акциски групи на заедницата во 10 општини кои што се вклучени во РОМЕД програмата (Тетово, Гостивар, Прилеп, Битола, Штип, Виница, Дебар, Кочани, Берово и Кичево).
Согласно ревидираната Национална Стратегија за Ромите, Агендата за социјално вклучување на Ромите со насоките на ЕУ 2020 како и Националните акциски планови[11], ќе продолжи имплементацијата на планираните активности за унапредување и подобрување на состојбата и социјалната инклузија на Ромите во земјата.

# 1.5 РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

Унапредувањето на односите и соработката со земјите од соседството и јакнењето на регионалната соработка остануваат високо на листата на приоритети.

[11] усвоени на 28та седница од страна на Владата на РМ

Во текот на 2016 година реализирани се повеќе активности насочени кон натамошно зајакнување и унапредување на односите со земјите од непосредното и поширокото соседство, како и активно учество во регионалните иницијативи[12].
Претставници од Министерството за надворешни работи на Република Грција ја посетија земјата во јуни 2015 година при што заеднички договорија единаесет мерки за практична соработка во области од взаемен интерес, кои во иднина може да бидат дополнувани. Областите за соработка се: внатрешни работи, образование, култура, здравство, економија, енергетика, железничко поврзување, ЕУ прашања и сл. Посетата е прва билатерална посета на претставници од грчкото МНР на РМ во последните 11 години. Продложија разговорите помеѓу Македонија и Бугарија околу усогласувањето на предлог-текстот на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка (ДПДС).
Во рамки на соработката со регионалните организации во 2016 година се реализираа повеќе формални и неформални средби меѓу претставници на високо ниво на земјите од регионот.
Во 2017 година фокусот на соработката во **регионалните иницијативи** ставен на натамошно проактивно учество во Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ), Советот за регионална соработка (СРС), и Централно-европската иницијатива (ЦЕИ), согласно календарот на активности на претседавачот со иницијативите. Земјата ќе продолжи со активно учество во процесот на регионална полициска соработка кој се одвива во рамките на Центарот за спроведување на законот во Југоисточна Европа (СЕЛЕК)[13] односно Регионалниот СЕКИ-центар во Букурешт[14], како и во рамките на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа.
Земјата продолжува со учеството и во Секретаријатот на Мрежата на асоцијациите на локални власти на ЈИЕ (НАЛАС), во Постојаната работна група за регионален рурален развој (СВГ), во Секретаријатот на Здравствената мрежа на ЈИЕ и во МАРРИ, има претставници во Советот за регионална соработка и др. Република Македонија има статус на набљудувач во Дунавскиот процес.
Република Македонија во 2016 година ги ратификуваше договорите за воспоставување на Канцеларијата на регионална младинска соработка и Фондот Западен Балкан, а во 2017 година со нивното формално отпочнување со работа проактивно ќе се вклучи во реализацијата на активностите.
Ќе продолжи да биде активен учесник и во рамките на регионалните процеси “Западен Балкан 6” и “Берлински процес”.
Во односите со **Република Албанија**, фокусот е ставен на одржување континуитет во соработката и конструктивниот дијалог. Република Македонија се залага за реализација на приоритетите од заемен интерес за двете држави, како што се: поефикасно искористување на европските фондови, заедничко учество во нови проекти во рамките на ИПА 2 компонентата за прекугранична соработка, продлабочување на економската соработка, промоција на стопанските потенцијали и реализација на инфраструктурните проекти од значење за двете држави и за регионот. Од особена важност е реализацијата на реафирмираната иницијатива за одржување заедничка седница на Владите на двете земји, како и реализација на неколку возвратни официјални посети. Од македонска страна е покрената и иницијатива за реактивирање на Мешовитиот комитет за економска соработка во наредниот период и за одржување на состанок на Заедникиот комитет за консултации во областа на европските интеграции помегу МНР на двете земји, во 2017 година согласно обврските од ССА.
Во фокусот на односите со **Република Бугарија** е натамошното унапредување на инаку редовниот и конструктивен политички дијалог како и натамошно унапредување на секторската и договорната соработка по прашања од билатерален и регионален интерес. Во наредниот период се планира одржување и на политички консултации меѓу двете МНР во функција на подготовка на официјални посети и средби на претседателите, премиерите и министрите за надворешни работи.
Република Македонија продолжува со проактивниот и иницијативен пристап за унапредување на билатералните односи со **Грција** во насока на унапредување на добрососедските односи преку досега договорените Мерки за градење доверба, како и интензивирање на севкупната билатерална соработка. Во разговорите за надминување на разликата околу името под покровителство на ОН, Република Македонија партиципира со искрени намери и со активен и конструктивен пристап, а во согласност со принципите и нормите на меѓународното право, вклучително пресудата на МСП од 2011 година.
Односите со **Република Косово** се базираат на конструктивен и отворен дијалог. Во 2017 година се очекува да бидат реализирани неколку заеднички инфраструктурни проекти, (изградба на автопат Скопје–Приштина, отворање на г.п. Белановце – Станчиќ), како и започнување на процесот за заеднички настап пред ЕУ и Меѓународните фондови со заеднички проекти за добивање финансиска помош за инфраструктурно поврзување. Се планира во наредниот период и одржување на политички консултации меѓу Министерствата за надворешни работи на двете земји и на состанок на Заедникиот комитет за консултации во областа на европските интеграции помегу МНР на двете земји, согласно обврските од ССА.
Република Македонија и **Република Србија** бележат солидни резултати во однос на билатералната соработка во сите области. Двете земји имаат дијалог на високо ниво, како и континуиран дијалог во рамките на Регионалната и

[12]Процесот за соработка во Југоисточна Европа (ПСЈИЕ), Советот за регионална соработка (СРС), Централно-европската иницијатива (ЦЕИ) , Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци во ЈИЕ (МАРРИ), Здравствената мрежа на земјите од југоисточна Европа -СЕЕХН), Цетарот за спроведување на законот во Југоисточна Европа (СЕЛЕК), Мрежата на асоцијациите на локални власти на ЈИЕ (НАЛАС), Постојаната работна група за регионален рурален развој (СВГ)
[13]Southeastern European Law Enforcement Convention – SELEC.
[14]South eastern European Cooperation Initiative (SECI).

мултилатералната соработка. Владите на двете земји досега реализираа две заеднички седници, а се очекува третата заедничка седница да се одржи во текот на 2017 година. Исто така се очекува одржување на следниот состанок на Заедникиот комитет за консултации во областа на европските интеграции, согласно обврските од ССА. Фокусот во билатералната соработка за наредниот период, ќе биде ставен на реализација на инфраструктурните проекти, процес кој е веќе започнат со потпишувањето на петте протоколи за реализација на билатералната Спогодба за утврдување на граничните процедури за железничкиот граничен премин Табановце-Прешево, потпишани на 27 јуни 2016, со што се реализирани т.н. меки мерки во рамките на Берлинскиот процес.

Во односите со **Босна и Херцеговина** фокусот ќе биде на поттикнување на економската соработка, унапредување на соработката во областа на туризмот, олеснување на комуникацијата на граѓаните на двете земји вклучително преку финализирање на постапката за заемно овозможување на влез и престој на државјани на двете земји со биометриски лични карти, колокација на ДКП-а, конкретизирање на Протоколот за соработка меѓу Дипломатските академии и др. Имајќи предвид дека стратешки цели на двете земји се полноправно членство во европските и евроатланските структури, потврден е заемниот интерес за скоро потпишување на Спогодбата за соработка во контекст на ЕУ пристапниот процес. Во 2017 г. се планира одржување на политички консултации меѓу Министерствата за надворешни работи на двете земји.

**Односите со Република Турција** бележат континуирана и интензивна соработка која се очекува да продолжи на соодветно ниво, низ конкретни активности и преку размена на посети и во 2017 година, во различни области од заеднички интерес.

Солидната билатерална соработка со **Република Хрватска** очекуваме да продолжи и во 2017 година, особено во: продлабочување на економската соработка, размена на искуства на полето на искористување на ИПА фондовите, заеднички настап на македонските и хрватските компании на трети пазари, како и зајакнување на соработката во сферата на туризмот.

Во 2017 г. се планира одржување на политички консултации меѓу Министерствата за надворешни работи на двете земји.

Во билатералните односи со **Црна Гора** во 2017 година, фокусот на соработката ќе биде ставен на одржување на редовен дијалог и посети на високо и највисоко ниво, операционализација на Договорот за економска соработка меѓу Владите на двете земји, преку одржување состаноци на Мешовитата комисија за економска соработка. Се планира и одржување на политички консултации меѓу Министерствата за надворешни работи на двете земји и на состанок на Заедникиот комитет за консултации во областа на европските интеграции помеѓу МНР на двете земји, во 2017 година согласно обврските од ССА.

# II. ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2016***

Република Македонија има **добро ниво на подготвеност** во развивањето на функционална пазарна економија. Сепак, **не е постигнат напредок** во текот на периодот на известување. Одржана беше макроекономската стабилност и макроекономската околина дополнително се зајакна во 2015 година, подржана од големи трошења во јавната инфраструктура и странските директни инвестиции, иако со знаци на слабости во првиот квартал од 2016 година. Невработеноста се намалува, но останува висока, особено кај младите. Одредени слабости остануваат, како што се ниската конкурентност на домашниот приватен сектор, која е попречена од слаботo спроведување на договорите, големата неформална економија и отежнат пристап до финансии. Управувањето со јавните финансии не се подобри. Дополнително на постојаните големи фискални дефицити во текот на последните години, зголемувањето на потребите за финансирање на претпријатијата во државна сопственост кои ја водат владината агенда за инвестиции влијаат на нивоата на јавниот долг.

Во согласност со препораките на ПЕР и со цел да се поддржи долгорочниот развој, Република Македонија треба да посвети особено внимание на:

- поддршка на фискалната консолидација преку идентификување на конкретни мерки за приходите и расходите;
- придвижување кон подобро таргетирање на трошоците за трансфери и подобрување на насоченоста кон раст на јавните финансии;
- подобрување на фискалната транспарентност и капацитетот за планирање на буџетот.

Економијата е **умерено подготвена** за справување со конкурентските притисоци и пазарните сили во Унијата. Постигнат е **одреден напредок** да се поттикнат иновациите и странските инвестиции, а дигитализацијата напредува брзо. Имаше ограничена промена кон повисока додадена вредност во производството, но структурната трансформација кон една поразновидна економија напредува бавно. Економијата и понатаму страда од слабости во наставните програми, ниски стапки на иновации и значајни потреби од инвестирање, вклучително и во јавната инфраструктура.

Со цел да се поддржи долгорочниот раст, во наредната година Република Македонија треба да обрне особено внимание на:

- надградба на високообразовните и стручните наставни програми, со цел подобро да се усогласат вештините со потребите на пазарот на трудот;
- подобрување на иновативната инфраструктура, со цел да се подобри конкурентноста на домашниот приватен сектор.

***Резиме***

*Макроекономската политика на Република Македонија во 2017 година е во функција на остварување на стратешките определби за долгорочен и одржлив економски раст, зголемување на конкурентноста на економијата, зголемување на вработеноста и подобрување на животниот стандард на населението. Макроекономската политика обезбедува услови за зголемена економска активност преку одржлива фискална политика, која во координација со монетарната политика ќе придонесе за постигнување одржливост на екстерната позиција на земјата и стабилна инфлација.*

*Проекцијата за растот на економската активност во 2017 година изнесува 3%(со ребалансот на буџетот е намалена на 2,2%). Економскиот раст ќе биде придвижен од извозот на стоки и услуги, кој се предвидува да забележи раст од 6% на реална основа, главно како резултат на очекувањата за извозната активност на капацитетите во слободните економски зони, во услови на раст на надворешната побарувачка. Растот на извозот се очекува да биде придружен со натамошно подобрување на структурата на извозот преку зголемување на учеството на производи со повисока додадена вредност. Во 2017 година увозот на стоки и услуги е предвидено да забележи раст од 4,7% на реална основа. Бруто-инвестициите се очекува да остварат реален раст од 4,5% во 2017 година, кој се заснова на планираните инвестиции на јавниот сектор, како главен двигател на инвестициите во инфраструктурата, како и на очекувањата за постепен раст на приватните инвестиции.*

*Позитивните движења на пазарот на трудот се предвидува да продолжат во 2017 година, при што растот на вработеноста се очекува да изнесува 1,8%, како резултат на предвиденото зголемување на бројот на вработени во компаниите кои работат во слободните економски зони и активните мерки и програми за вработување, а во одредена мера и како последица на реализацијата на јавно-финансирани инфраструктурни проекти, што ќе придонесе за дополнително намалување на стапката на невработеност. Просечната бруто плата во земјата се очекува да забележи номинален раст од 1,8%.*

*Во првите десет месеци од 2016 година, и покрај сите предизвици, банкарскиот систем ја одржа својата стабилност и ја потврди отпорноста на шоковите од домашното и надворешното опкружување. Домашните политички превирања и пониските стапки на економски раст во споредба со првично очекуваните, дополнети со шпекулациите во врска со*

*стабилноста на банките и депозитите кај нив, доведоа до повлекувања депозити од банкарскиот систем, што беше најизразено во втората половина на април и во мај 2016 година. Ова наметна потреба од извесно заострување на монетарната политика и зголемување на каматната стапка на благајничките записи и стапката на задолжителна резерва за обврските на банките, во денари со девизна клаузула. Народната банка презема активности во насока на испитување на можностите и пречките за поефикасно разрешување на лошите побарувања на банките, а во тек е изработка на соодветна стратегија за нефункционалните кредити.*

*Капиталните инвестиции се планирани во зголемен износ на ниво од 26.954 милиони денари и имаат приоритетно значење во креирањето на фискалната политика обезбедуваат подобрување на економските перформанси и подобар и поквалитетен живот на граѓаните. Во рамки на буџетските средства наменети за капитални расходи предвидени се значајни инвестициски вложувања во изградбата на автопатот на Коридор X и железничката инфраструктура, енергетската и комунална инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделството, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството.*

*Стратегијата за конкурентност на македонската економија, која се усвои во јануари 2016 година, ги дефинира приоритетите за понатамошен развој на македонската економија. Акцискиот план преку кој се спроведува Стратегијата опфаќа 45 приоритетни мерки во вредност од околу 131 милион евра, поделени во 7 области насочени кон: поедноставна и постабилна деловна средина; попретприемачки и попродуктивен МСП сектор; подинамичен извозен сектор; поатрактивна средина за странски инвеститори; повешта и попретприемничка работна сила; заживеана индустриска политика; и повеќе финансии за претприемачкиот сектор.*

*Во 2016 година беше донесен и Законот за ратификација на Протоколот 4 кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините членки и истиот започна да се применува.*

## 2.1. ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА

**1. Макроекономска стабилност[15]**

Макроекономската политика на Република Македонија во 2017 година е во функција на остварување на стратешките определби за долгорочен и одржлив економски раст, зголемување на конкурентноста на економијата, зголемување на вработеноста и подобрување на животниот стандард на населението. Макроекономската политика обезбедува услови за зголемена економска активност преку одржлива фискална политика, која во координација со монетарната политика ќе придонесе за постигнување одржливост на екстерната позиција на земјата и стабилна инфлација.

**Економска активност.** Во однос на меѓународното окружување, во 2017 година економијата на ЕУ се очекува да биде под влијание на резултатите од референдумот во Велика Британија. Зголемената неизвесност се предвидува негативно да влијае врз растот и да го забави заздравувањето на економијата на ЕУ, која се очекува да забележи економски раст од 1,6%. Во однос на домашните фактори, се очекува дека политичката криза во земјата ќе се разреши, што ќе влијае позитивно врз очекувањата и довербата на економските субјекти и ќе се одрази преку зголемен раст на инвестициите и потрошувачката, а ќе значи и позитивен сигнал за странските инвеститори.

Согласно ваквите очекувања, проекцијата за растот на економската активност на Македонија во 2017 година изнесува 3%(со ребалансот на буџетот е намалена на 2,2%). Економскиот раст ќе биде придвижен од извозот на стоки и услуги, кој се предвидува да забележи раст од 6% на реална основа, главно како резултат на очекувањата за извозната активност на капацитетите во слободните економски зони, во услови на раст на надворешната побарувачка. Растот на извозот се очекува да биде придружен со натамошно подобрување на структурата на извозот преку зголемување на учеството на производи со повисока додадена вредност. Во 2017 година увозот на стоки и услуги е предвидено да забележи раст од 4,7% на реална основа. Бруто-инвестициите се очекува да остварат реален раст од 4,5% во 2017 година, кој се заснова на планираните инвестиции на јавниот сектор, како главен двигател на инвестициите во инфраструктурата, како и на очекувањата за постепен раст на приватните инвестиции. Во рамки на јавните инвестиции предвидена е реализација на инвестициски проекти за подобрување на транспортната мрежа во земјата, но и капитални расходи за подобрување на енергетската и комуналната инфраструктура, подобрување на условите во образовниот, социјалниот и здравствениот систем, кои на подолг рок ќе влијаат кон зголемување на конкурентноста на земјата. Во 2017 година приватната потрошувачка се очекува да забележи реален раст

[15] Деловите кои се однесуваат на економската активност, пазарот на труд и јавните финансии опфаќаат проекции на Министерството за финансии, додека деловите за монетарната политика, инфлацијата и надворешниот сектор се проекции на Народната банка на Република Македонија.

од 2,1% во 2017 година, главно како резултат на очекуваниот раст на расположливиот доход на домаќинствата, при проектирано зголемување на вработеноста и платите. Проекцијата за реален раст на јавната потрошувачка изнесува 1,3%.
Во 2017 година градежната дејност се очекува да оствари стапка на раст од 5,2% на реална основа, главно како резултат на реализацијата на планираните јавно-финансирани инфраструктурни проекти и предвидените инвестиции во слободните економски зони. Услужниот сектор се очекува да забележи стапка на раст од 2,8%, а реалниот раст во земјоделскиот сектор се очекува да изнесува 2,3%. Индустриската активност се предвидува да забележи раст од околу 2%.

**Монетарна политика**
Монетарната политика и во 2017 година ќе биде фокусирана на одржување на ценовната стабилност, преку одржување настабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. Воедно, централната банка ќе биде насочена и кон натамошно одржување на финансиската стабилност, како значајна компонента на макроекономската стабилност. Во овој контекст, централната банка ќе продолжи со редовно следење на движењата во домашната економија и меѓународното окружување, како основа за навремено преземање мерки во насока на остварување на своите цели.

**Инфлација**
Просечната годишн аинфлација во периодот **јануари - септември 2016 година** изнесува -0,3%, со тренд на забавување на негативните промени во третиот квартал од годината. Ниската просечна инфлациј аглавно се должи на пониските цени на храната и горивата, во согласност со надолните движења на светските пазари. Во последниот квартал од годината се очекуваат слични движења,при што стапката на инфлација во 2016 година се очекува да изнесува околу 0%.
Во **2017 година** се очекува постепено зголемување на ценовното ниво и инфлација од околу 1,3%.Растот на цените во наредната година е во линија со движењето на увозните цени, особено со очекувањата за раст кај цените на нафтата, во услови на очекување за интензивирање на инфлацијата и кај трговските партнери.Ризиците за проектираната патека на инфлацијата главно се поврзани со неизвесноста околу движењата насветскицени на примарните производи.

**Пазар на труд.** Позитивните движења на пазарот на трудот се предвидува да продолжат во 2017 година, при што растот на вработеноста се очекува да изнесува 1,8%, како резултат на предвиденото зголемување на бројот на вработени во компаниите кои работат во слободните економски зони и активните мерки и програми за вработување, а во одредена мера и како последица на реализацијата на јавно-финансирани инфраструктурни проекти, што ќе придонесе за дополнително намалување на стапката на невработеност. Просечната бруто плата во земјата се очекува да забележи номинален раст од 1,8%.

**Надворешен сектор**
Движењата во **тековната сметка на билансот на плаќања** главно ги одразуваат структурните промени во економијата во последните неколку години, кои што овозможија зајакнување на извозниот сектор и подобрување на салдото на тековната сметка. На тековната сметка од платниот биланс во **периодот јануари - август 2016 година** е остварен мал дефицит од 99,4 милиони евра, кој е за 4,3% понизок споредено со истиот период лани. Во однос на извозот, треба да се истакне придонесот на новите капацитети со странски капитал. На страната на увозот, доминираше извозот на суровини и опрема, при истовремено поволен ценовен ефект кај увозот на горива. Во рамки на секундарниот доход, нето откупената ефектива на менувачкиот пазар беше пониска за само 1,4% споредено со истиот период лани, главно одразувајќи го намалениот нето откуп во вториот квартал заради зголемената политичка неизвесност и шпекулативните притисоци. Согласно остварените движења и оценките за последниот квартал на 2016 година, дефицитот на тековната сметка за 2016 година се оценува на 2,1% од БДП, што би било непроменето ниво во споредба со претходната година, а на слично ниво од околу 2% се очекува да се задржи и во следната година. Притоа, наспроти стабилниот дефицит во размената на стоки и услуги, кај примарниот доход се очекува умерено проширување на дефицитот, при истовремено зајакнување на приливите од приватните трансфери (по нивното умерено забавување во 2016 година заради политичката неизвесност). И во следните години значителен позитивен ефект врз извозот ќе имаат новите компании со странски капитал. Проекцијата на салдото на тековната сметка на платниот биланс е придружена со ризици, кои главно се поврзани со глобалното економско заздравување и цените на светските пазари.
Во првите осум месеци од 2016 година, во рамки на приливите на **финансиската сметка,** најзначаен придонес имаат приливите врз основа на новата еврообврзница на државата (издадена во јули) и нето приливите врз основа на СДИ. Капиталните приливи во следната година главно ќе произлезат од очекуваните СДИ и очекуваното надворешно задолжување на јавниот сектор и на приватниот сектор.Проектираните движења во тековната и финансиската сметка се очекува да овозможат понатамошно одржување на девизните резерви на адекватно ниво, во функција на одржување на капацитетот за поддршка на стабилноста на девизниот курс на денарот.

**Јавни финансии**

Вкупните приходи на консолидираниот буџет за 2017 година се планираат на ниво од 187.612 милиони денари, а расходите се планирани на ниво од 206.219 милиони денари. Вака планираните приходи и расходи обезбедуваат етапна консолидација на јавните финансии, односно намалување на буџетскиот дефицит на ниво од 3% од БДП или во износ од 18.607 милиони денари. Ова ниво на дефицит е согласно определбата за постепено намалување на јавната потрошувачка, со истовремено обезбедување на значителен износ на капитални инвестиции кои ќе имаат соодветен придонес за повисоки стапки на економски раст. Планираните расходи за 2017 година обезбедуваат поддршка на домашната економија и животниот стандард, која ќе се реализира преку капитални инвестиции, субвенции, пензии и социјалните надоместоци.

Проекциите за приходите на Буџетот за 2017 година се базираат на очекувањата за еконономските остварувања во идната година, како и реализацијата на приходите во тековната 2016 година. Даночните приходи се планирани во износ од 108.867 милиони денари. Останатите даночни приходи се планирани врз основа на остварувањата во текот на 2016 година, а кај приходите по основ на царини вклучен е и ефектот од намалувањето на царините за увоз на стоки од ЕУ согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација. Останатите буџетски приходи ќе се остварат по основ на неданочни приходи (административни такси, концесии и други неданочни приходи) и капитални приходи (по основ на продажба на општествени станови и земјиште и по основ на планирана дивиденда од АД Македонски Телеком).

Социјалните придонеси како изворни приходи на фондовите за пензиско и здравствено осигурување и на Агенцијата за вработување се планирани во износ од 51.879 милиони денари. Во текот на 2017 година по основ на донации предвидени се 6.737 милиони денари кои буџетските корисници е планирано да ги реализираат на сметките за сопствени приходи за конкретни проекти, како и повлекувањата од предпристапните фондови на ЕУ.

Расходната страна на Буџетот на Република Македонија е планирана во функција на поддршка на растот на македонската економија преку инвестирање во значајни инфраструктурни проекти и одржување на социјалната сигурност и стабилност. Исто така, ќе се продолжи со определбата за спроведување на дисциплинирана буџетска потрошувачка во насока на рестриктивна и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци без да се наруши нормалното функционирање на буџетските институции.

Вкупните расходи во Буџетот за 2017 година се планирани во износ од 206.219 милиони денари, во функција на редовно и навремено исполнување на сите законски обврски и продолжување на започнатите инфраструктурни проекти.

Тековните расходи за 2017 година се планирани во износ од 179.265 милиони денари, наменети за редовно финанасирање на платите на вработените во јавниот сектор, навремена и редовна исплата на зголемени пензии во 2016 година и социјалните надоместоци, како и исплатата на субвенциите во земјоделството.

Во овие рамки:

- Расходите за исплата на плати се проектирани на ниво од 26.771 милиони денари со натамошно спроведување на политиката за стриктна контрола на новите вработувања.
- Расходите за стоки и услуги се проктирани на износ од 19.610 милиони денари, со што ќе се обезбеди редовно и непречено подмирување на тековните обврски на буџетските корисници, како и обезбедување на средства за финансирање на здравствените програми, со цел унапредување на здравјето и подобрување на здравствената заштита на населението. Во текот на 2017 година ќе продолжи определбата за спроведување на рестриктивна буџетска потрошувачка во делот на помалку продуктивните расходи.
- Тековните трансфери и субвенции планирани во 2017 година на ниво од 124.669 милиони денари се однесуваат на:
    - Социјални трансфери кои се проектирани на износ од 92.720 милиони денари, при што се опфатени и ефектите од политиката за поддршка на пензионерите и корисниците на социјална помош. Во текот на 2017 година 51.214 милиони денари се наменети за исплата на пензии и во истите е вкалкулирано предвидено зголемување на пензиите за 5% во просек почнувајќи од ноемвриската пензија, со исплата во декември 2016 година. За исплата на паричен надоместок во случај на невработеност за невработените лица планирани се средства во износ од 885 милиони денари, а за спроведување на активните политики и мерки за вработување планирани се 555 милиони денари. За здравствена заштита се планирани средства во износ од 26.377 милиони денари.
    - Обезбедувањето на соодветно ниво на социјална заштита на најранливите слоеви на населението е од особена важност за остварување на оддржлив економски развој и постигнување на повисоко ниво на социјална правда. Оттука, во буџетот предвидени се средства за редовно и навремено исплаќање на обврските по основ на правата од социјална заштита на ранливите категории на граѓани во вкупен износ од 7.801 милиони денари. Истовремено, планирани се и средства за поддршка на функционирањето на постојните дневни центри и народни кујни, како и средства за субвенционирање на трошоците за потрошувачка на енергија на најзагрозените категории на граѓани.
    - Субвенции во земјоделството, кои заедно со планираните реформи во земјоделскиот сектор, како и значителниот износ на средствата од ИПАРД програмата ќе обезбедат негово натамошно зајакнување и поддршка со цел зголемување на извозот на македонските земјоделски производи и освојување нови пазари.

- Трансфери до ЕЛС во износ од 17.117 милиони денари за финансирање на пренесените надлежности на општините и приходи остварени од ДДВ.

Финансиските средства за проектираниот дефицит за 2017 и отплатата на долговите ќе се обезбедат преку задолжување во странство со издавање на Еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал, со задолжување на домашен пазар на државни хартии од вредност и со повлекување на средства од поволни кредити од меѓународни финансиски институции и кредитни линии наменети за финансирање на одделни проекти. Со цел оптимизација на исплатите и намалување на ризикот за рефинансирање, основна заложба на Министерството за финансии ќе биде зголемување на рочноста на издадените хартии од вредност преку издавање на државни обврзници со подолги рочности.

**2. Слободно заемно дејство на пазарните сили (приватизација)**

Економските активности во земјата се засновани на доминантна приватна сопственост со целосно функционирање на пазарната економија врз принципите на слободно заемно дејство на понудата и побарувачката.

Натамошниот процес на приватизација го опфаќа пазарното прилагодување на јавниот сектор (Македонски железници, Државното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, ЈП Македонија пат, Македонска пошта и др). Во постапката на трансформација на субјектите од јавниот сектор, беше утврдена законска можност за натамошна продажба на издвоени делови, организирани како друштва со државен капитал. Останува реализацијата на продажба на акции на државата или на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

За друштвата 11 Октомври Еурокомпозит АД Прилеп (производство со специјална намена и производство на композитни материјали), и ЕМО АД Охрид во наредниот период треба да се дефинира нивниот натамошен статус, по детална анализа на нивната економска и финансиска состојба.

Кај Друштво Фабрика за шински возила ВЕЛЕС ДООЕЛ Велес (производство на железнички локомотиви и шински возила), во тек е постапка на негово присоединување со Македонски железници Транспорт АД Скопје.

Во случајот со Тутунски комбинат АД Прилеп се реализира стратешкото партнерство со Филип Морис Интернационал менаџмент, преку заеднички формираната компанија.

**3. Непостоење на бариери за влез и излез од пазарот**

**Влез на пазарот**

Согласно Извештајот Doing Business 2017, Македонија е најдобро рангирана во областа Започнување на бизнис каде е позиционирана на високото 4 место во светот.Тоа е резултат на намалување на процедурите, при што се потребни два дена и само две процедури за регистрирање на фирма во земјата. Во 2016 година вкупниот запишан основачки капитал за ново регистрираните трговски друштва изнесува:

- Домашен капитал во евра 14015692.97 и во МК денари 995118741.00
- Странски капитал во евра € 4074338.00 во МК денари 417780078.00

Откако започна да функционира па се до 10.11.2016 година, вкупно, трговскиот регистар има извршено 83479 уписи на основање, изменето 60737 уписи , избришано 80184 уписи, исправки вкупно има 1688, вкупно 20142 уписи на отворен стечај и 24203 уписи на отворена ликвидација. Има вкупно 7064 странски физички лица основачи на трговски друштва и 1737 странски правни лица основачи на трговски друштва.

**Стечај и излез од пазарот**

Со цел понатамошно зајакнување на институционалниот капацитет и транспарентност на водењето на стечајните постапки во системот за е-стечај, беше воспоставена продажба на средствата од стечајната маса преку електронска аукција која овозможува дополнителна транспарентност на постапката. Имено објавата за продажба се објавува на веб страната на Централниот регистар 15 дена пред аукцијата.Електронската аукција беше воведена на 10.04.2014 и од тогаш па до 10.11.2016 успешно се спроведени 2863 постапки.

**5. Правен систем**

**Спроведување на законите и договорите**

Изготвена е нацрт верзија на Стратегијата за реформа на правосуднииот сектор 2016-2020, по вградувањето на коментарите добиени од страна на Европската комисија, ќе се пристапи кон изготвување на детален акциски план со дефинирани активности за спроведување на реформата на правосудниот систем 2017-2020, во шест тематски области и тоа: I. Судство, II. Казнено-правен систем, III. Пристап до правдата, IV. Секторска политика и имплементација на правото на ЕУ, V. Управно право и VI. ИТ – Е Правда.

Со цел пристапување кон измена на Законот за судови во однос на оценувањето на судии, изготвена е Анализа за меѓународни стандарди за оценување на работата на судовите, а Академијата за судии и јавни обвинители донесе Упатство за начинот на избор на судии и јавни обвинители кои се испраќаат на престој и работа во ЕСЧП.
Во насока на подобрување на квалитетот на редовната судско обвинителска пракса, во рамки на ИПА 2010 проектот од страна на ангажиран меѓународен експерт се изработија препораки за квалитативна оценка на обуките.
Судскиот совет продолжи да ја следи работата на судовите во однос на старите предмети постари од 3 години. На месечно ниво судовите продолжија да доставуваат табели на старите нерешени предмети: во Јануари 2016 година статус на стари предмети имале 11 586 предмети, додека во Септември 2016 тој број е 6 889 предмети, со што заостатокот на стари предмети е намален за 4679 предмети или за 40,54%. Изработен е новиот модерен веб портал решение за подобро објавување и брзо пребарување на судските пресуди кој од почетокот на месец јули 2016 година е достапен за јавноста на линкот www.sud.mk.
Со цел натамошно зајакнување на правосудниот систем во целина, зајакнување на стратешкото планирање, финансиските и комуникациските капацитети на системот на управување на правосудните институции, унапредување на независноста, ефикасноста, компетентноста и транспарентноста на целокупниот правосуден систем, ќе се донесе нова Стратегија за реформа на правосудниот сектор 2017-2020, како и детални акциски планови за секоја област опфатена со Стратегијата. Со цел следење на реализација на Стратегијата ќе се операционализира фукционирањето на Советот за реформа на правосудниот систем.
Судскиот совет ќе продолжи со примена на системот на заслуги при изборот на судии во повисоките судови. Во 2017 година ќе започне почетната обука на шестата генерација кандидати на Академијата за судии и јавни обвинители, како и со прием на 60 слушатели на почетна обука-кандидати за јавни обвинители, врз основа на измените на Законот за Академија за судии и јавни обвинители (Службен весник на РМ бр.231/15). Ќе се заокружи процесот на испраќање на судија и обвинител на шест месечен престој во Европскиот суд за човекови права.
Континуирано ќе се следи функционалноста и примената на новиот судски портал,а ќе се изврши и миграција на сите судски пресуди од АКМИС системот на новиот портал.

**Регулаторна реформа (МИОА)**
Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) претставува централна точка каде се презентираат сите предлог закони кои се доставуваат во владина процедура, заради коментар од страна на засегнатите страни.
Во наредниот период активно ќе се работи на афирмирањето и унапредувањето на воспоставените практики и процедури за креирање на политики поддржани од владиниот и јавниот сектор кои претставуваат основа за унапредување на транспарентноста и одговорноста на Владата пред јавноста. Со цел да се зголеми отчетноста и отвореноста на владата преку подобрување на процесот на спроведените консултации со јавноста, планирано е разработка на насоки за оценка на спроведените консултации во процесот на подготовка на проценката на влијанието на регулативата, подготовка и објава на Годишен извештај за оценка на спроведените консултации и зголемување на рокот за консултација со засегнатите страни во процесот на подготовка извештајот за проценка на влијанието на регулативата и подготовката на предлозите на закони.
МИОА ќе ги продолжи активностите за континуирано јакнење на капацитетите на државните службеници за спроведување на ПВР, оценка на спроведување на регулативата и непречено користење на ЕНЕР и соработката со претставниците на засегнатите стани во процесот на креирање на политики.

**Регулирање на имотни права**
*Одржување на катастарот на недвижностите (КН)*
Вкупната бројка на примени предмети во Центарот за катастар на недвижности - Скопје и подрачните одделенија за катастар на недвижности заклучно 31- ви октомври 2016 година изнесува 1.244.022 предмети, додека пак бројот на нерешени предмети е 4.052. Преку спроведување на е-катастарот АКН воведе нови сервиси за граѓаните и професионалните корисници чија цел е зголемување на транспарентноста во работењето, притоа овозможени се сервиси за :
- увид во статусот на решавањето на предметот;
- вадење на имотен лист за недвижност што се наоѓа во друг град;

АКН преку електронскиот шалтер ги поврза сите професионални корисници (нотари, геодетски фирми, општини, банки, проценители и др), со тоа е овозможено преку електронскиот шалтер кај професионалните корисници да се издава имотен лист, копија од план, графички извадок од дигитален катастарски план за изработка на геодетски елаборат, како и овозможена е електронска достава на документација за промени во катастарот на недвижности.

**Основни геодетски работи и картографија**
Согласно со Годишната програма за работа на АКН за 2016 година, изработени се средноразмерни топографски карти во размер 1:100000 и 1:200000 врз основа на претходно изготвените спецификации. Изработени се 6 листа од топографската

карта во размер 1:200000 во растерска форма. Заклучно со септември 2016 година, вкупниот број на изработени листови од топографската карта во размер 1:100000 изнесува 9 (од вкупно 21 лист колку што ја покриваат целата територија на РМ).




Паралелно со изработката на средноразмерните топографски карти се врши контрола и исправка на утврдени грешки на топографски карти во размер 1:25000 во векторска и растерска форма и соодветно се врши ажурирање на топографската и картографската база на податоци.
Во рамките ИМПУЛС-проектот,извршено е хармонизирање на сетовите податоци за административни граници (AU), дигитален висински модел на теренот (DEM) и географски имиња (GN) за територијата на РМ согласно со INSPIRE-спецификацијата.
АКН активно учествува во проверување (validation) на новата верзија на Land Cover и Percent Tree Cover растерските слоеви на Global Map-проектот за територијата на Република Македонија.
Исто така АКН продолжи со активностите поврзани со чување, одржување, обновување и обележување на државната граница на Република Македонија спрема соседните земји.
Како резултат на договор од состанокот на Мешовитата комисија за чување, одржување, обновување и обележување на државната граница на Република Македонија со Република Бугарија комплетно се завршени теренски мерења поврзани со снимање на државната граница од граничен столб 72 до граничен столб 106.

**Дигитализација на катастарски планови**

Согласно со динамиката за реализација на активностите сврзани со дигитализација на катастарските планови, векторизирање на архивските оригинали на катастарските парцели, како и нивно ажурирање со настанатите промени од работните оригинали на катастарските парцели, во МАК ЕДИТ базата се импортирани вкупно 1857 КО (1445 КО аналогни и 412 КО дигитални) катастарски општини, односно 98,80% од целата територија на земјата. Заклучно со 31.10.2016 година, во е-кат графика се внесени вкупно 1791 КО (1387 КО аналогни и 404 КО дигитални), за кои се изработени и се усогласени дигиталните катастарски планови, вклучени се во е-кат базата на податоци, односно 96,76% од целата територија на земјата. Воспоставен е и систем за контрола на квалитетот и потврда на квалитетот на графичките и алфанумеричките податоци на катастарските планови во процесот на дигитализација.

**Инфраструктурни објекти**

Модулот на е-кат за катастарот на инфраструктурни објекти е комплетиран за телекомуникациските линии и антени, енергија, вода и канализација, односно овозможено е запишување на правото на сопственост на сите видови на инфраструктурните објекти (подземни и надземни) предвидени со закон, како и нивни графички приказ. Запишувањето на инфраструктурните објекти во инфраструктурниот катастар овозможува ставање во правен промет (купопродажба, закуп, ставање под хипотека), а сопствениците добиваат можност за обезбедување дополнителни средства.
Досега од страна на имателите на инфраструктурни објкети поднесени се околу 8000 барања за легализација на инфратсруктурните објекти. Од тек е постапка на запишување на електронски комуникациски мрежи и средства – бакарни кабли, врз основа на решенија за легализација издадени од страна на Министерството за транспорт и врски.

**HELP DESK - Контакт Центар**

Контакт-центарот функционира со бесплатната инфо-линија за грижа на корисници како за професионални корисници, физички лица така и за внатрешни корисници. Клиентите имаат пристап до контакт-центарот преку избирање опции за

професионални корисници, информации, пријави и приговори, како и агенти на македонски, албански и англиски јазик.Клиентите можат да постават прашање, да остават коментари и сугестии и преку електронската пошта info@katastar.gov.mk. Со цел да се излезе во пресрет на корисниците на АКН, пуштен е во употреба веб-сервисот за е-увид во катастар на земјиште наменет за приватните геодетски фирми кои можат да добијат информации на овој телефонски број.

**Регистар на градежно земјиште**

Со овој регистар ќе се овозможи комплетната стандардизација и унифицираност на сите видови урбанистички планови, урбанистичко-планската документација и урбанистичко-проектната документација за целата територија на Република Македонија. Регистарот ќе овозможи лесен и транспарентен пристап до содржината на градежните парцели и површините за градење опфатени со урбанистичките планови и урбанистичко-плански документации преклопени со катастарските парцели, преку веб-портал, достапен за сите корисници и заинтересирани страни.Регистерот ќе овозможи издавање на Извод од урбанистички план за граѓаните и компаниите веднаш на шалтер или преку Е-шалтер како и брзо запишување на градежното земјиште во катастарот на недвижности. Регистарот на градежно земјиште и неговото поврзување со дигиталните катастарски планови, ќе овозможи брзи и едноставни анализи како и статистики, колку има градежно земјиште, кое е изградено, а кое е слободно за градење, намената и типот на објектот кој е предвиден со урбанистичкиот план да се гради, во чија сопственост е, односно, подобро планирање на просторот и заштита на животната средина. Софтверското решение е изработено и поставено на тестна околина, истото е во фаза на имплементација кај планерите и општините. Направени се обуки на планери и вработени во АКН. Во тек се дополнителни обуки за Општините и другите корисничи на системот. Досега преку регистерот на градежно земјиште направена е контрола на околу 450 урбанистички планови и урбанистичко плански документации на нивната усогласеност со катастарските планови, а за околу 250 од нив издадени се позитивни мислења.

**АКН ГИС-портал**

На порталот http://ossp.katastar.gov.mk/OSSP/ достапни се податоците од катастарот на недвижности, геодетските и картографските податоци како и податоците од регистарот на просторни единици за целата територија на Република Македонија. Дистрибутивниот систем е достапен он лајн - 24 часа за сите правни и физички лица во земјата и во странство. Корисниците можат да ги добијат бараните податоци во дигитална или во хартиена форма. Податоците што се издаваат во електронска форма, се официјално достапни податоци потпишани со дигитален сертификат на АКН и се јавни исправи кои можат да се користат пред други државни органи, банки и други институции кои имаат информациски системи. Податоци издадени во хартиена форма се испорачуваат на адресата наведена во барањето преку брза пошта.Од пуштањето во употреба на овој портал па се до денес, истиот е предмет на постојано надградување со нови теми, сервиси и податоци. Специфично за овие податоци е дека истите се ажурират со самата промена во катастарот на недвижности и истите ја претставуваат моменталната состојба на ГКИС. Анализата покажува дека овој портал е се повеќе користен како од правните така и од физичките лица кои заклучно со 31.10.2016 год. изнесуват 2555 лица кои имат направено вкупно 11862 нарачки за продукти во електронска и/или хартиена форма.

**НИПП владиниот Гео-портал**

Националната инфраструктура на просторни податоци овозможува подобро планирање и носење одлуки, на национално и на локално ниво. Законот за националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.38/2014) во јуни 2016 година беше изменет и дополнет со цел во Националната инфраструктура на просторни податоци да се вклучат уште два нови субјекти: Сојузот на стопански комори и Геолошкиот завод. Во тек се активности поврзани со номинација на членови за Советот на НИПП од овие две институции. Согласно Извештајот од следењето на напредокот на транспонирање и спроведување на европското законодавство за животната средина за 2016 година, степенот на транспонираност на европската INSPIRE директива (2007/2/EC) од 65% се помести на 72%, што пред се должи на отпочнувањето со изработката на подзаконските акти во кои ќе бидат транспонирани задолжителните челенови од директивата поврзани со метаподатоците.

АКН активно учествува во изработката на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за НИПП. Работната група за институционални и правни прашања и градење на капацитети во координација со АКН го изготви Упатството за издавање дозвола за поврзување на збирките на просторни податоци и услуги со трета страна, додека работната група за технолошки прашања (стандарди, метаподатоци, услуги и друго) исто така во координација со АКН ги изготви: Уредбата за стандардите на метаподатоци, Уредбата за мрежни услуги и Упатството за пристап до збирките на просторни податоци и услуги под хармонизирани услови. Наведените четири подзаконски акти се во фаза на консултации. Хармонизација и стандардизација на просторните податоци и услуги опфаќа Хармонизација и стандардизација на збирките на просторни податоци за географските имиња и хидрографијата и креирање на веб-услуги (WMS, WFS) за истите. Заклучно со 31 октомври 2016 годна во делот на Националната инфраструктура на просторните податоци, реализирани се активностите кои се однесуваат на потпишувањето

на договорот за превентивно и адаптивно одржување на националниот геопортал, како и одржувањето на работилница за вработените од АКН за подготовка на SWOT анализа за стратегијата за НИПП (12-14 септември 2016 година-холандски проект). Во тек е постапката за изменување и дополнување на Решението за именување на членови на Советот на националната инфраструктура на просторните податоци, која произлегува од последната измена на Законот за НИПП.

***Краткорочни приоритети***

- Креирање на метаподатоци за сообраќајнта мрежа во размер 1:250000
- Креирање на метаподатоци за ортофото карта
- Хармонизација и стандардизација на збирката на просторни податоци за сообраќајна мрежа во размер 1:250000
- Хармонизација и стандардизација на ортофото карти
- Креирање и објавување на веб-услуги за преглед и преземање на податоците за сообраќајна мрежа во размер 1:250000
- Креирање и објавување на веб-услуги за преглед и преземање на ортофото карти
- Воспоставен Адресен регистар,- Q4 2017 година;
- Воспоставување на 3Д катастар, -Q4 2017;
- Оротофото и ласерско скенирање,- Q4 2017;
- Изработка на топографски карти во размер 1:100.000 и на топографски карти во размер 1:200.000, -Q4 2017 година;
- Развој на софтерско решение за графички регистар на градежно земјиште -Q4 2017;

***Среднорочни приоритети***

- Изготвување предлог Стратегија за НИПП за периодот 2017-2019 година
- Воспоставен графички регистар на градежно земјиште,- Q4 2018 година;
- Воведување во употреба на ETRS89 координатен систем,- Q4 2018 година;
- Трансформација на основните сетови на картографски податоци во согласност со INSPIRE директивата и изработка на соодветни метаподатоци, - Q4 2018 година;

**Програми и проекти**

Програмата за институционален развој на АКН, НИПП - от, дигиталните катастарски планови и Веб-ГИС надградбата на геодетската инфраструктура, се поддржани и со средства од буџетот на АКН. АКН и во 2017 година планира да користи средства од ТАИЕХ програмата во областите од масовната проценка на недвижностите, референтните геодетски мрежи, НИПП-от и управувањето со гео-информациските системи.

**6. Доволно развиен финансиски сектор**

**Банкарски систем**

Заклучно со октомври 2016 година, банкарскиот систем во земјата го сочинуваат 15 банки. Во првите десет месеци од 2016 година, и покрај сите предизвици, банкарскиот систем ја одржа својата стабилност и ја потврди отпорноста на шоковите од домашното и надворешното опкружување.

Домашните политички превирања и пониските стапки на економски раст во споредба со првично очекуваните, дополнети со шпекулациите во врска со стабилноста на банките и депозитите кај нив, доведоа до повлекувања депозити од банкарскиот систем, што беше најизразено во втората половина на април и во мај 2016 година. Повлекувањето на депозитите (особено на денарските депозити од домаќинствата), беше проследено и со валутна трансформација на денарските депозити (спротивно на неколкугодишниот тренд на постојана денаризација на депозитите во банките) и зголемена побарувачка за девизи на менувачкиот пазар. Ова наметна потреба од извесно заострување на монетарната политика и зголемување на каматната стапка на благајничките записи и стапката на задолжителна резерва за обврските на банките, во денари со девизна клаузула, а Народната банка повторно им овозможи на банките да пласираат во девизни депозити по позитивни каматни стапки. Позитивните преносни ефекти од мерките преземени од Народната банка и делумното смирување на домашните политички превирања во летниот период го сопреа намалувањето на депозитите од нефинансиските субјекти. Така, на крајот од октомври 2016 година, депозитите на нефинансиските субјекти бележат годишен раст од 3,8% (1,7%, на крајот на вториот квартал од 2016 година). Депозитите постепено се враќаат назад во банкарскиот систем.

Повлекувањето на депозити од април и мај, се одрази врз обемот на ликвидната актива, која беше главниот столб кој им овозможи на банките непречено сервисирање на побарувачката за исплата. Но, и покрај намалувањето на ликвидните средства во вториот квартал од 2016 година, ликвидноста на банкарскиот систем се одржа на задоволително ниво. Веќе со октомври 2016 година, ликвидните средства го достигнаа нивото кое што го имаа пред априлските настани. Така, ликвидната актива учествува со 30,6% во вкупната актива на банките и покрива 54,4% од вкупните краткорочни обврски и 58,8% од вкупните депозити на домаќинствата.

Намалувањето на депозитите во банкарскиот систем немаше позначителни преносни ефекти врз кредитната активност на банките. Доколку се изземат ефектите од пренесувањето на целосно резервираните нефункционални кредити во вонбилансната евиденција16, а во услови на едно од највисоките повлекувања на депозити во последниве петнаесетина години, на крајот на октомври 2016 година, кредитите бележат солиден годишен раст од 6,7%. Анкетата на НБРМ за кредитната активност на банките во првите три квартали на 2016 година упатува на мало нето-олеснување на кредитните услови17. Покачувањето на капиталното барање за новоодобрените долгорочни потрошувачки кредити во декември 2015 година, овозможи забавување на растот на овие кредити.

Кредитниот ризик е најзначајниот инхерентен ризик во работењето на банките, но во првите десет месеци од 2016 година, тој не предизвика зголемена загриженост. Нефункционалните кредити забележаа позначителен пад, најмногу под влијание на измената во регулативата на Народната банка. По задолжителното „чистење" на кредитните портфолија од старите и целосно расходувани нефункционални кредити, се подобрија показателите за квалитетот на кредитната изложеност на банките, така што учеството на нефункционалните во вкупните кредити се спушти до нивото од 7,5% (октомври 2016 година). Доколку се изземат ефектите од пренесувањето на дел од целосно резервираните нефункционални кредити во вонбилансната евиденција на банките, квалитетот на кредитното портфолио се задржува на вообичаеното ниво, главно определено од корпоративните кредити. Сепак, ризикот за сопствените средства на банките од евентуално остварување на кредитниот ризик од нефункционалните кредити е низок, поради нивната висока покриеност со издвоената исправка на вредноста, но и поради задоволителниот обем и квалитет на сопствените средства на банките.

Народната банка презема активности во насока на испитување на можностите и пречките за поефикасно разрешување на лошите побарувања на банките. Имено, направена е анализа на законските можности и пречки за: поефикасна наплата на лошите побарувања, продажба на лошите побарувања, продажба на преземениот имот за наплата на побарувањата. Испратен е и сеопфатен прашалник до сите банки во земјата, за нивните видувања во однос на сите овие прашања. По добивањето на одговорите од страна на банките (до 15.11.2016) ќе се лоцираат можните пречки во овој домен и со координирана акција на соодветните институции ќе се направи обид тие да се намалат или да се отстранат. Во тек е изработка на стратегија за управување со нефукнционалните кредити.

Профитабилноста на банкарскиот систем и понатаму се подобрува. Остварената добивка во првите десет месеци од 2016 година е поголема за 34%, во споредба со добивката остварена во истиот период претходната година, со што стапките на поврат на активата и на капиталот се изгигнаа на ниво од 1,6% и 14,6%, соодветно. Повратот на капиталот е највисок во последните десетина години (по 2007 година). Неколку години по ред, подобрената профитабилност се темели на повисокиот нето каматен приход, поради намалувањето на каматните расходи.

Солвентноста на банкарскиот систем е висока. Стапката на адекватност на капиталот на 30.9.2016 година изнесува 15,7% и бележи мало намалување главно поради солидната кредитна активност на банкарскиот систем. Во октомври 2016 година, беа усвоени измените и дополнувањата на Законот за банките, со кои беа воведени заштитните слоеви на капиталот согласно со Базел3 и Европската регулатива, со што дополнително ќе се влијае кон зајакнување на солвентноста на банките.

**Осигурување**

Заклучно со 30.9.2016 година на пазарот на осигурување во земјата работат 15 друштва за осигурување (11 неживотно осигурување и 4 осигурување на живот). Бројот на осигурително брокерските друштва во споредба со 2015 година се зголеми за3 нови друштва (Џокер Инс Брокер АД Гевгелија, Еос Брокер АД Скопјеи ОБД Оил Петрол АД Скопје) со што вкупниот број на осигурително брокерски друштва е 33. Бројот на друштвата за застапување се зголеми за 1 ново друштво (ДЗО Лифе Македонија АД Скопје) со што вкупниот број на друштва за застапување изнесува 14, а бројот на банки кои вршат работи на застапување во осигурување остана непроменет односно 3 банки вршеа работи на застапување во осигурување.

Во 3Q2016 година е остварена бруто полисирана премија (во понатамошниот текст БПП) во вкупен износ од 6,62 милијарди денари, што претставува пораст на приходите од 4,86% во однос на остварените од истиот период во минатата година (3Q2015: 6,32 милијарди денари).

Во делот за неживотно осигурување остварена е БПП во износ од 5,80 милијарди денари (3Q 2015: 5,62 милијарди денари) што претставува пораст на приходите од 3,09% во споредба со 3Q2015 година.Кај осигурувањето на живот е остварена БПП во износ од 825,17 милиони денари (3Q2015: 692,12 милиони денари), што претставува зголемување од 19,22%.

На крајот на 3Q2016 година вкупниот капитал на друштвата за осигурување изнесува 5,51 милијарди денари. Маргината на солвентност како главен индикатор за проценка на стабилноста на осигурителниот сектор изнесува 1,31 милијарди денари (кај

[16] Според измената во регулативата на Народната банка од декември 2015 година, најдоцна до 30 јуни 2016 година, банките имаа обврска да ги пренесат (и да продолжат да ги пренесуваат) во вонбилансна евиденција сите побарувања коишто се целосно резервирани (100% исправка на вредноста) подолго од две години.

[17] Како за корпоративните кредити (кај каматната стапка и некаматните приходи, условите поврзани со големината на заемот или на кредитната линија, а помалку кај условите поврзани со барањата за обезбедување и достасувањето на заемите), така и за населението (кај каматната стапка и некаматните трошоци и рочноста).

неживотното осигурување 1,31 милијарди денари, а кај осигурувањето на живот 208 милиони денари), со што капиталот на осигурителниот сектор е 4,2 пати над потребното ниво на маргината на солвентност.

*Активности во доменот на супервизија*
Согласно Планот за супервизија за 2016 година, теренската супервизија се одвиваше според предвидената динамика, односно во периодот 1.1-30.9.2016 АСО спроведе 1 теренска супервизија во осигурително брокерско друштво и10 теренски супервизии во друштва за осигурување. Врз основа на спроведените супервизии, во наведениот период, АСО изрече 57 наредби за отстранување на незаконитости и 10 согласности за плаќање на глоба.

*Лиценцирање и регулатива*
Во периодот 1.1-30.9.2016 година се донесени 10 подзаконски акта кои уредуваат измени и дополнувања на претходно донесени подзаконски акти.
Во доменот на лиценцирањето, АСО даде 3 дозволи за вршење на осигурително брокерски работи, 1 дозвола за овластен актуар,1 дозвола за вршење работи на застапување, 1 дозвола за воведување нова класа на осигурување, 8 согласности за измена на Статут на друштво за осигурување, согласности за именување на членови на орган на управување на 15лица,1 согласност за измена на назив на друптво за осигурување, 2 согласности за измена на седиште,9 согласности за друштва за ревизија, 2 согласности за стекнување на квалификувано учество во осигурително брокерско друштво и 1 согласност за стекнување на квалификувано учество во друштво за осигурување.
Во однос на циклусите на едукација, беа одржани по 2 обуки за застапници во осигурувањето и осигурителни брокери и 6 испити. Издадени се вкупно 165 нови лиценци за застапници во осигурување, одземени се 30 лиценци на оние кои повеќе не ги исполнуваат условите за вршење на оваа професија. Исто така, издадени се 38 лиценци за осигурителен брокер.

*Соработка и проектни активности*
Во почетокот на март 2016 започна спроведувањето на твининг проектот "Понатамошно усогласување со ЕУ во областа на осигурување и зголемување на пазарните операции" (MK 12 IPA FI 01 15) чија цел е усогласување со Европската Унија во делот на осигурувањето и зголемување на пазарните активности на пазарот на осигурување, односно понатамошно приближување на регулаторните системи (законодавството и неговото спроведување) со цел интегрирање во внатрешниот пазар во времето на пристапување кон ЕУ. Проектот заеднички го спроведуваат Министерството за финансии и Агенцијата за супервизија на осигурување со твининг партнерот, финансискиот регулатор за осигурување и пензии во Шпанија.
Крајни резултати кои се очекуваат од имплементација на овој проект се:

- Подготовка на нов Закон за осигурување во согласност со 2009/138/ЕС Солвентност 2 Директивата и подготовка на нови подзаконски акти кои ќе произлезат од тоа,
- Зајакнување на капацитетите на Министерството за финансии и Агенцијата за супервизија на осигурување во поглед на донесената нова законска и подзаконска регулатива, и
- Зголемување на свесноста за заштита на потрошувачите.

*Заштита на потрошувачи*
Во насока на заштита на правата на осигурениците, АСО постапуваше по предмети доставени од осигуреници и корисници на осигурување, кои не биле задоволни од постапувањето на друштвата за осигурување. Во периодот 1.1-30.9.2016 година, до АСО поднесени беа 94 претставки, од кои 22 се решени во корист на подносителот на претставка, 45 негативно, 15се без основ за постапување и 12 претставки се во процес на решавање.

**Капитално финансирано пензиско осигурување**
Македонскиот реформиран пензиски систем е тростолбен, како дел од социјалното осигурување. Првиот столб го претставува државниот Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, кој функционира на принципот на тековно финансирање (pay-as-you-go). Вториот и третиот столб се капитално финансирани, на принцип на дефинирни придонеси, со тоа што вториот столб е задолжителен, а третиот столб е доброволен. Тие се регулирани и контролирани од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС). Во рамките на третиот столб се овозможи организирање и финансирање на професионални пензиски шеми од страна на работодавачи или здруженија на граѓани за своите вработени односно членови.
Учеството во вториот столб (задолжително капитално финансирано пензиско осигурување) е задолжително за сите лица кои се вработени по 1 јануари 2003 година. За сите лица кои биле пред тоа вработени, системот е доброволен и тие можеа да се приклучат кон него до 31 декември 2005 година. Во вториот столб, заклучно со 30.09.2016, бројот на членови изнесува 420.381 од кои околу 16% односно 69.138 се доброволни, а околу 84% односно 351.243 се задолжителни членови. Заклучно со

30.09.2016 година вредноста на нето средствата во вториот столб изнесува околу 45 милијарди денари или околу 734 милиони евра. Тоа значи зголемување на средствата за околу 20% во септември 2016 година во однос на септември 2015 година. Заклучно со 30.09.2016 година, околу 27% од средствата на задолжителните пензиски фондови се инвестирани во странство, додека 73% се инвестирани во домашни финансиски инструменти.
Во третиот столб, заклучно со 30.09.2016 година, бројот на членови изнесува 22.334, од кои околу 34% се индивидуални членови, а околу 69% се учесници во професионални пензиски шеми. Средствата на доброволните пензиски фондови на 30.09.2016 година изнесуваат околу 883 милиони денари или околу 14 милиони евра.

**Пазар на капитал**

Во периодот од јануари-октомври 2016 година, вкупниот промет на остварен на Македонската Берза АД Скопје (официјален и редовен пазар) изнесуваше 1.791.813.583,00 денари, додека пак прометот остварен од блок транскациите изнесуваше 470.461.752,00 денари. Прометот со акции на редовен пазар и блок трансакции остварен на Македонската Берза АД Скопје изнесуваше 1.772.067.907,00 денари, додека прометот со државни обврзници издадени од РМ во периодот од јануари-октомври 2016 година изнесуваше 490.207.434,00 денари. Вкупниот промет (класично тргување и блок трансакции) изнесуваше 2.282.021.017 денари или околу 37,01 милиони евра.
Заклучно со 31 октомври 2016 година на секундарниот пазар на капитал во Република Македонија функционира вкупно 10 овластени учесници кои вршат работи со хартии од вредност, од кои 5 брокерски куќи и 5 овластени банки за работа со хартии од вредност.
Бројот на котирани компании на официјалниот пазар на Македонската Берза на крајот на октомври 2016 година изнесува 110 и нивната вкупна пазарна капитализација на 31 октомври 2016 година изнесувала 112.919.312.938 денари или околу 1,83 милијарди евра. Берзанскиот индекс МБИ10 на 31.10.2016 година изнесувал 2.078,84 индексни поени.

Бројот на АД-а со посебни обврски за известување што се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност на РМ заклучно со 31 октомври 2016 година изнесува 14. Во Регистарот се запишуваат друштвата кои се основани и работат во Република Македонија и притоа извршиле јавна понуда на хартии од вредност или имаат основна главнина од 1.000.000 евра во денарска противвредност и повеќе од 50 акционери, освен друштвата котирани на берза.
Во периодот од јануари-октомври 2016 година на пазарот на капитал во Република Македонија функционираа 5 друштва за управување со инвестициски фондови, кои управуваат со 13 отворени инвестициски фондови. На 31.10.2016 година нето вредноста на имотот на отворените инвестициски фондови изнесува вкупно 3.409.582.184,60 денари или околу 55,62 милиони евра.

**Лизинг**

Во 2016 година, бројот на лизинг друштва се намали за едно друштво. Така, на 31.12.2016 година на пазарот на финансиски лизинг во Република Македонија активно работат 7 лизинг друштва. Во сопственичката структура на лизинг-секторот доминантно учество од 79,76% има домашниот капитал. Најголемиот дел од домашниот капитал е во сопственост на домашни физички лица. Странскиот капитал учествува со 20,24%. Средствата на секторот лизинг на 31.12.2016 година изнесуваат 3.287 милиони денари, и бележат намалување од 3,5% во однос на 31 декември 2015 година што е резултат на намалување на бројот на друштва-даватели на финансиски лизинг за едно друштво. Бројот на новосклучените договори за лизинг забележаа зголемување споредено со истиот период од претходната година. Така, бројот на ново склучени договори во 2016 година изнесува 1.122 што претставува зголемување од 13,1% во однос на 2015 година. Вредноста на склучените договори, во истиот период, изнесува 1.655 милиони денари или зголемување од 43,7% во однос на 2015 година. Во структурата на новосклучените договори, правните лица ја задржаа главната позиција со учество од 82,7% во вкупната вредност. Гледано по предмети на лизинг, најголемо учество во вкупната вредност на новосклучените договори имаат патничките возила со 57,6% и товарните возила со 32,4%. Гледано по сектор, најголемо учество имаат нефинансиските друштва со 81%. Притоа, 81,8% од новосклучените договори се со рок на отплата до пет години. Во 2016 година лизинг друштвата остварија добивка од 58,4 милиони денари.

**Финансиски друштва**

На 31.12.2016 година на финансискиот пазар во Република Македонија активно работат 13 финансиски друштва, што претставува зголемување за три друштва во однос на 2015 година. На крајот на 2016 година, издадени се и две нови дозволи за основање на финансиски друштва, кои започнаа со работа на почетокот на 2017 година, при што заклучно со 31.03.2017 година активно работат 15 финансиски друштва.
Во сопственичката структура на финансиските друштва најголемо учество од 69,6% има домашниот капитал. Најголемиот дел од домашниот капитал е во сопственост на домашни физички лица. Странскиот капитал учествува со 30,4%.
Вкупната актива на финансиските друштва, на 31 декември 2016 година изнесува 1.006 милиони денари и бележи

зголемување од 15,5% во однос на 31 декември 2015 година кога истата изнесуваше 871 милиони денари.
Бројот на ново склучени договори во 2016 година изнесува 10.711 што претставува зголемување од 69,1% во однос на минатата година. Вредноста на склучените договори, во истиот период, изнесува 865,3 милиони денари или зголемување од 3,8% во однос на 2015 година. Во структурата на ново склучени договори во 2016 година, најголемо учество имаат одобрените кредити со 74,2%. Потоа следуваат издадените кредитни картички со 22,4% и факторинг со 3,4%. Најголем раст во 2016 година во однос на 2015 година од склучените договори имаат одобрените кредити со 170,7%. Склучените договори за факторинг исто така бележат раст од 38,9% во 2016 година, додека намалување од 23,5% е забележано кај издадените кредитни картички.
Гледано од аспект на профитабилноста, финансиските друштва остваруваат добивка. Така, во 2016 година финансиските друштва остварија добивка од 9,4 милиони денари што претставува намалување од 26,5% во однос на 2015 година.“

*За повеќе информации погледнете во Поглавје 3.09 Право на финансиски друштва*

## 2.2. СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОКОТ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ

**1. Доволно количество на човечки капитал**
**Стратегија за образованието 2016 – 2020 -** Првата нацрт верзија беше поставена на веб-страницата за коментирање. Во септември беше организирана дводневна работилница за поврзување на сите релевантни чинители во креирањето на образовните политики. Се направија сите подготвителни чекори за реализација на локални информативни настани во 8 општини и три конференции на теми: инклузивно образование, вклучување на сите релевантни чинители при носење на образовни политики и ИКТ и дигитална писменост. Исто така, тече процесот на инкорпорирањето на коментарите на првата работна верзија.

**Бирото за развој на образованието -** Обуки за наставници - Мастер обучувачи вршат дисеминација и обука на наставниците од средните училишта во земјата на тема: „Користење на интерактивни современи методи и техники во наставата за средно образование“. Целта на обуките е подобрување на квалитетот на наставата во средното образование. Се очекува опфатот на обучени наставници во средните училишта да биде 100%.Се реализираа обуките за примена на новите адаптирани наставни програми по математика, биологија, физика и хемија за VII, VIII и IX одделение кои започнаа да се имплементираат оваа учебна година (2016/2017) со очекуван опфат од 100%.

**Инвестициски проекти**
*Основни училишта* – Завршена е изградба/доградба на 2 училишта, завршена е реконструкција на 10 училишта, во завршна фаза е реконструкција на 3 училишта, завршена е реконструкција со адаптација на 4 фискултурни сали, завршена е изградба на 1 сала. Во тек е изградба на фискултурна сала. Во тек е изградба/доградба на 2 училишта, во завршна фаза е изработка на техничка документација за иградба на 3 училишта во Скопје и доградба/надградба на 3 училишта во завршна фаза е изработка на техничка документација за рекоснтрукција на 7 училишни објекти. Во тек е изготвување на техничка документација за изградба на 2 основни училишта. Отпочнати се тендерски постапки за изготвување на техничка документација за реконструкција на 4 училишта. Набавена е опрема за новоизградените основни училишта во 2015 и 2016 година.
*Средни училишта* – Завршена е реконструкција на 3 училишта и во завршна фаза е реконструкција на 3 училишта. Во тек е тендерска постапка за изготвување на техничка документација за изградба/санација на 2 училишта. Набавена е опрема за новоизградените средни училишта во 2015 и 2016 година.
*Високо образование* – завршени се сите работи за реконструкција и изведба на машински инсталации на 1 објект во Охрид за потребите на Униврзитетот за информатички науки и технологии) и објектот е предаден на корисникот. Во тек е изградба на нов објект за потребите на ФИНКИ. Во тек е изградба на нов објект за потребите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје.
*Студентски домови* – во завршна фаза е реконструкција на блок А во еден студентски дом во Скопје. Склучени се договори за изградба на 2 студенстки дома.
*Спортски сали:* Проект за иградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија - Во текот на 2016 година, реализирана е реконструкција на 31 училиште. Во делот на изградба и опремување на училишни спортски сали, во текот на 2016 година, завршена е изградбата на 6 спортски сали, од коишто 4 се во основни училишта, а 2 училишни спортски сали се во средни училишта.

**Високо образование -** По донесувањето на Законот за изменување и дополнување на законот за основање на државен универзитет во Тетово и Законот за основање на универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, започна постапката за формирање на матичната комисија која ќе ги врши подготовките за почеток со работа на Универзитетите. По предлог на Владата на Република Македонија, во јануари започна постапката за формирање на Универзитет за национална безбедност и мир „Дамјан Груев“. Министерот ја предводеше националната делегација на петтиот министерски состанок организиран од Генералниот директорат за образование и култура, во рамките на Платформата за образование и обука на Западен Балкан (Сараево, 27-28 јуни 2016). Во рамките на подготовките за состанокот, Министерството за образование и наука до Европската комисија достави пополнети прашалници за напредокот на реформите во областа на високото образование и во областа на образованието на наставници. Во рамки на проектот 30/35 заврши постапката на запишување студенти на прв циклус на студии за академската година 2016/17. Вкупниот број на запишани студенти на јавните високообразовни установи изнесува 131. Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје објави Конкурс за избор на наставници во сите наставно-научни звања и соработници (асистенти-докторанти). Изминатиов период, признаени се 569 високообразовни квалификации стекнати во странство.

**Краткорочни приоритети**

Продолжување на проектот Високо образование за возрасни (30/35).

ИПА проект „Зајакнување на соработката помеѓу високо-образовните институции, приватниот сектор и релевантните јавни тела“.

**Среднорочни приоритети**

Активности за натамошна имплементација на Болоњскиот процес

Зајакнување на капацитетот на Одборот за акредитација и евалуација во високото образование.

**Центар за образование на возрасни -** започна изработка на систем за валидација на неформалното и информалното учење, во соработка со ЕТФ. Во рамките на овој процес беше изготвен Патоказ за имплементирање на активностите и во тек е изработка на Методолошки пакет и Насоки за воспоставување на системот. Продолжи имплементацијата на Еразмус+ проектот „Поддршка на креирање на политиките во образованието на возрасните“. Овој проект е во рамките на Акцијата на националните координатори за имплементација на европската агенда за образование на возрасните. Како резултат на овој проект ќе биде изработена база на податоци за потребите на образование на возрасните. Во рамки на ИПА проектот во тек се активности за изработка на Стратегија за образование на возрасните 2016-2020 и тоа: развивање и тестирање на програми за образование на возрасните во согласност со потребите на пазарот на трудот; изготвување на 10 нови и ревизија на 5 постоечки посебни програми за образование на возрасните; зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа за спроведување на анализа на потребите на пазарот на трудот во насока на образование на возрасните; изготвување на модел за функционирање на јавните (општински) установи за образование на возрасните (Отворени граѓански универзитети за доживотно учење); изготвување на Стратегија за образование на возрасните 2016-2020; изготвување на Стратегија за доживотно учење.

**Краткорочни приоритети**

Осигурување на квалитетот во неформалното образование на возрасните.

Зголемување на образовното ниво на возрасните преку организација на настава за средно стручно образование за возрасни

Подигнување на свеста на населението за можностите за образование на возрасните, Реализација на Еразмус+ проектот, Поддршка на креирање на политиките во образованието на возрасните. (Овој проект е во рамките на Акцијата на националните координатори за имплементација на европската агенда за образование на возрасните. Како резултат на овој проект ќе биде изработена база на податоци за потребите на образование на возрасните.)

**Долгорочни приоритети**

Изработка на систем за валидација на неформалното и информалното учење

Пилотирање на компетенциите за јазична и нумеричка писменост во основното образование на возрасните и дефинирање развивање на останатите компетенции

**Центар за стручно образование и обука -** Направен е преглед на SME policy index Western Balkan and Turkey 2016. Реализирана е обука на 20 наставници на тема Иновации и претприемништво, како и Обука на обучувачи за наставници за имплементација на програмата: Подготовка за вработување и работа, во рамките на Проектот на УСАИД ЈЕС Младинска мрежа. Спроведена е обука на стручен кадар за изведување на практична обука на учениците кај работодавачите. Финализирани се програми за слободни часови во државните специјални училишта за ученици со посебни образовни потреби. Направена е проверка на податоците во ЕМИС за наставните планови, програми и теми за образовните профили од стручното образование, работни средби за Твининг проектот „Понатамошно подобрување на системот за развој и имплементација на Националната рамка на квалификации“. Изработен е стандард на занимање, забен техничар-специјалист за естетска

стоматологија, а во подготовка е стандард за пожарникари. Координирање на активности за развивање на профилот ВЕБ-дизајнер во рамките на постсредното образование

Проект - Средно стручно образование – Осовремен образец за креирање на стандардите на занимања по европски терк и направени се првите 60 стандарди на занимања, согласно потребите на пазарот на труд. Даден предлог за нивно креирање исклучително од страна на работодавачите со цел постигнување на релевантност на образованието кон потребите на бизнисите. Осовремен образец за стандардите на квалификации, по европски терк, со цел нивно непречено приклучување кон Македонската рамка на квалификации. Обучени се вработените во Бирото за развој на образованието за новитетите околу квалификациите и новиот метод на настава насочен кон ученикот. Обука на наставниот кадар од сите средни стручни училишта за новите квалификации и новиот метод на настава. Синхронизација со Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации (SKILLS) и со Македонската рамка на квалификации, со цел комплетен опфат на реформата во средното стручно образование. Тестирање на моделот за хармонизација на анализата на пазарот на труд за секторот туризам.

**Краткорочни приоритети**

Заокружување на стручното образование за занимања согласно потребите на пазарот на трудот.

Започнување на реформи во техничкото образование.

**Среднорочни приоритети**

Имплементација на реформираните наставни планови и програми во стручното образование и обука.

Започнување на чекори за реформи во постсредното образование.

Развивање на систем и рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука и механизми во согласност со EQAVET.

**Национална рамка на квалификации (NQF)**

Твининг проект финансиран од Европската унија: "Понатамошно зајакнување на системот за развој и имплементација на Националната рамка на квалификации" (MK 13 IPA SO 02 15 (MK 13 IB SO 02) – Во рамки на 3-те компоненти коишто се составен дел на овој проект, 18 активности беа реализирани изминативе два месеца. Главните достигнувања во рамки на првата компонента се однесуваат на легислативата, а опфаќаат: подготовка на препораки и нацрт-правни акти со цел ажурирање на актуелната легислатива, а во насока на усогласување на Националната со Европската рамка на квалификации, вклучувајќи подзаконски акти, подготовка на препораки за усогласување и јавна дебата, обуки и семинари за локалната администрација. Во рамки на втората компонента, којашто се однесува на институционално поставување на главните активности, опфаќа: анализа на потребите на системот за информирање, равој на механизмите за вмрежување и соработка. Во рамки на третата компонента, којашто се однесува на процесот на развој на квалификациите за Националната рамка на квалификации, ги имплементираше следниве активности: креирање на нацрт-ажурирана методологија за развој на нови квалификации за Националната рамка на квалификации согласно потребите на пазарот на трудот, вклучувајќи ги актуелните квалификации од Националната рамка на квалификации – обука на релевантните (засегнати) страни и дискутирање на креираните решенија, поддршка во подготовките за референцирање на земјите корисници и подготовка на Извештајот за референцирање за 2016 година. Подготвен е сеопфатен Патоказ којшто претставува Акциски план за понатамошна имплементација на Националната рамка на квалификации, и истиот ќе биде составен дел од Извештајот за референцирање.

**Краткорочни приоритети**

Реализација на ИПА проектот „Понатамошно подобрување на системот за развивање и имплементација на НРК"

Натамошна имплементација на Националната рамка на квалификации

**Инструмент за претпристапна помош (ИПА):** Сите преостанати средства од Оперативната програма за развој на човечки ресурси 2007-2013 година во рамки на приоритетната оска 2 – Образование и обука, беа испрограмирани во текот на 2015 и одобрени од ДЕУ до крајот на истата година. Во текот на 2016 година, најпрво следеа евалуации за избор на најповолни изведувачи, а соодветно и потпишување на договорите и реалната имплементација. Во врска со програмирањето, подготовката и усогласувањето на секторските програмски документи (МОН заедно со МТСП како надлежна институција за образование е водечка институција за секторот Образование, вработување и социјална политика во рамки на ИПА II 2014-2020), Министерството за образование и наука во соработка со Министерството за труд и социјална политика, во текот на 2015 и 2016 година беше вклучено во активности за исполнување на предусловите за секторски пристап за ИПА2, а воедно и на подготовка на Секторскиот плански документ како и на Акциските документи согласно годишните алокации за ИПА 2 за овој сектор. Во текот на 2017 година ќе следи финализирање и одобрување на програмските документи за овој сектор, односно Секторски плански документ 2017-2020 и Акциски документ 2017. Активни проекти во рамки на ОПРЧР 2007-2013 се:

1. Проект: Зајакнување на доживотното учење преку модернизација на системите за стручно образование и обука и образованието на возрасни (тип на договор: услуга (техничка помош), буџет: 2,300,000 евра).

2. Проект: Понатамошно унапредување на системот за имплементација на Национална рамка за квалификации (НРК) (тип на договор: твининг, вкупен буџет: 2, 600,000 евра)

3. Проект: Развивање на соработката помеѓу високообразовните институции,  приватниот сектор и другите релевантни јавни тела (тип на договор: твининг, буџет: 750,000 евра)
4. Проект: Зајакнување на управувањето и квалитетот на функционирање на образовните институции (тип на договор: Твининг лајт, буџет: 250,000 евра.)
5. Проект: Поддршка на модернизацијата на пост средното образование (тип на договор: Твининг лајт, буџет: 250,000 евра.)

**2. Доволно количество на физички капитал**

**Инвестиции во основни средства во Република Македонија.** Според последните податоци на Државниот завод за статистика, вредноста на инвестициите во основни средства во 2014 година изнесува 123 милијарди денар,.и се повисоки за 3,5% споредено со 2013 година на номинална основа. Во техничката структура на инвестициите во основни средства во 2014 година, градежните работи учествуваат со 62,7%, а машините и опремата со 30,6%. Најголема вредност на инвестициите во основни средства во 2014 година е реализирана во следните сектори: Градежништво (37,8%), Индустрија (23,5%) и Трговија, транспорт и угостителство (13,5%). Гледано според обликот на сопственоста, инвестициите во основни средства во приватна сопственост во 2014 година имаат учество од 72,6% во вкупните инвестиции во основни средства.

**Табела 1. Инвестиции во основни средства по тековни цени (во милиони денари)**

| | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 109071 | 119003 | 123115 |
| Култивирани средства | 650 | 619 | 713 |
| Машини и опрема | 32498 | 36912 | 37681 |
| транспортни средства | 7303 | 5979 | 7350 |
| Градежни работи | 70618 | 74592 | 77164 |
| градежни работи - станбена изградба | 28245 | 27318 | 27271 |
| останати градежни работи | 42373 | 47274 | 49893 |
| Други производи | 5305 | 6880 | 7557 |

Извор: Државен завод за статистика

**Странски директни инвестиции**

Во периодот јануари - август 2016 година, СДИ, нето, изнесуваат 208 милиони евра, што е за 51% повеќе во однос на истиот период лани и воедно малку над вкупниот износ за цела 2015 година.Во нивни рамки, најголемиот дел (близу 80%) се однесува на приливите во форма на акционерски капитал и реинвестирана добивка, наспроти помалото учество на меѓукомпаниските долг.Во првата половина на 2016 година, приливите на странски директни инвестиции беа главно насочени кон следните дејности[18]: производство на моторни возила, производство на електрична енергија и гас, рударство, производство на текстил и облека, градежништво,  трговија на големо. Од аспект на земјите на потекло, во првата половина од годината најголеми приливи на странски директни инвестиции се остварени од: Германија, Италија, Луксембург, Лихтенштајн, Турција, Словенија.

**Активности во насока на привлекување СДИ**

Во моментов триесет промотори се дел од македонските амбасади во седумнаесет земји ширум светот. Странските претставништва се продолжение на напорите на АСИПИРМ за маркетинг промоција и ја зацврстуваат организациската структура на самата институција со цел да се привлечат странски инвестиции во земјата, како и да се зголеми извозот на македонски производи и услуги на странските пазари.
Активните промотори работат во странските претставништва на Invest Macedonia и тоа: шест во САД; тројца во Германија, Турцијаи ВеликаБританија; двајцаво Русија и Кина и поеденпромотерво: Италија; Австрија; Швајцарија; Данска; Норвешка, Белгија; Холандија; Франција, Бугарија со Србија; Албанија со Косово; Унгарија.
Комбинираните напори на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија (АСИПИРМ) како примарна Владина институција задолжена за привлекување на СДИ, заедно со партнерските институции и со агресивната маркетиншка промоција на инвестиционите можности и условите за водење бизнис во РМ во најпознатите светски пишани и електронски медиуми како и организираните road-shows се очекува да ги дадат посакуваните резултати до крајот на 2016 година и да резултираат со уште позначајно  зголемување на приливот на СДИ во иднина. Најголем број компании кои остваруваат посети на нашата земја доаѓаат од Турција, САД, Германија и Велика Британија, додека примарни индустрии се автомобилска, текстилна, ИТ, прехрамбена индустрија, и производство на разни видови продукти.

[18] Последен расположлив податок за структурата на СДИ според дејности и земји на потекло.

Значително е да се напомене дека бројот на странски инвеститори се зголемува, и исто така се проширува трендот на атрактивност на индустриите. Покрај веќе присутните големи компании од автомобилската индустрија, расте и бројот на активни инвеститори во БПО и ИТ индустријата.

Како значајни примери за соработка помеѓу странските инвеститори и домашни компании се директните ангажмани на македонски добавувачи за потребите на производствените процеси на странските компании. Агенцијата заедно со партнерските институции, изработи база на податоци за домашни компании кои имаат капацитет да станат добавувачи на странските компании, со цел да се интензивира процесот на поврзување на домашните компании со странските инвеститори за интегрирање во нивниот синџир на добавување.Оваа база на податоци е интегрален дел од веб-страната на Агенцијата, со цел да се овозможи директен пристап на странските компании за директна комуникација со македонски потенцијални добавувачи на материјали потребни за производствените процеси.

**Активности во насока на поддршка и унапредување на извозот**

Ативностите кои се превземаат се фокусирани на четирите таргет сектори кои најмногу придонесуваат за зголемување на извозот (текстилна индустрија, метална индустрија, прецизна механика и автомобилски делови, агробизнис и прехрамбена индустрија и информатичко комуникациска технологија).

Во периодот Јануари - Ноември 2016, Секторот за поддршка и унапредување на извозни активности реализираше вкупно 17 посети на странски компании заинтересирани за откуп на домашни производи и услуги. Исто така, реализирани се и Б2Б настани, обуки за јакнење на конкурентност и се организираа петтиот, шестиот и седмиот циклус на онлајн видео средби на компании со економски промотери.

Агенцијата на квартално ниво организира Online видео средби помеѓу домашни извозно ориентирани компании од РМ и економските промотери на Агенцијата. Петтиот циклус Online видео средби се одржа во Февруари 2016 година учество земаа вкупно 6 компании од областа на прехрамбената индустрија.Во Мај 2016 година се одржа шестиот циклус Online видео средби на кои земаа учество компании – производители на органска храна. Во Септември 2016-та година организираа седмите Online видео средби помеѓу претставници од домашни компании производители на производи од текстил.

Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, заедно со Open Trade Gate Sweden, Шведската Владина Агенција (чија што цел е да ја поттикне трговијата и зголеми извозот на земјите во развој кон Шведска) на 13-ти Април 2016 година во Скопје организираа обука - "How to export to Sweden" посветена на ИКТ секторот.

АСИПИРМ заедно со својот промотер во Франкфурт зема учество на саем со штанд во Kronberger Genuss Messe на 30-ти Април, 2016-та година. Ова е прва година како се организира саемот. На саемот беа преставувани различни сорти на вино, алкохолни пијалоци, ондиторајски производи и намази.

Во организација АСИПИРМ и Калининградската стопанска комора, во Калининград, Русија одржаа Б2Б средби на кои земаа учество 6 компании од РМ од прехрамбената индустрија.

Конференцијата на добавувачи и Б2Б настан во Скопје во организација на МАМЕИ заедно со Проектот на УСАИД за експанзија на мали бизниси и АСИПИРМ, која се оддржаво Септември 2016-та година наменета за компании од лесна преработувачка индустрија. АСИПИРМ беше вклучена во делот на анимирање на странски компании во земјите каде има упатено економски промотери со цел нивно информирање и учество за конференцијата. Резултат од средбите 18 странски компании-потенцијални купувач и околу 50 македонски добавувачи оствариja повеќе од 170 бизнис средби.

Во Осло, Норвешка, на 25ти и 26ти Октомври, 2016 год. Во просториите на АБЕЛИА кластер за модна индустрија во Норвешка – АСИПИРМ и Текстилното трговско здружение – текстилен кластер од Македонија организираа настан за деловна соработка помеѓу македонската и норвешката модна индустрија на кој три домашни текстилни компании земаа учество.

На 27- ми Октомври 2016-та година се одржа вториот по ред бизнис форум за ИКТ индустрија во Гетеборг, Шведска. Бизнис средбите беа во организација на Invest Macedonia, Business Region Gothenburg, Embassy of Bulgaria in Stockholm и Swedish Serbian Business Council. Целта на бизнис средбите беше компаниите од ЈИЕ вклучувајќи ги македонските компании, српските и бугарските компании да се сретнат со шведски ИКТ компании со цел остварување на меѓусебна соработка. Агенцијата во континуитет обезбедува размена на информации и генерирање на контакти од домашни производители за заинтересирани странски компании.

**Капитални инвестиции во 2017 година.** Капиталните инвестиции се планирани во зголемен износ на ниво од 26.954 милиони денари и имаат приоритетно значење во креирањето на фискалната политика обезбедуваат подобрување на економските перформанси и подобар и поквалитетен живот на граѓаните. Во рамки на буџетските средства наменети за капитални расходи предвидени се значајни инвестициски вложувања во изградбата на автопатот на Коридор X и железничката инфраструктура, енергетската и комунална инфраструктура, како и капитални инвестиции за подобрување на условите во здравствениот, образовниот и социјалниот систем, земјоделството, културата, спортот, заштитата на животната средина и правосудството. Во текот на 2017 година планирано е:

- Капитални инвестиции за патната и железничка инфраструктура во износ од 4.431 милиони денари. Во овие рамки предвидена е реализација на Проектот за изградба на автопатот на Коридор X, на делницата Демир Капија – Смоквица, со кој се предвидува во 2017 година да се заврши изградбата на нова модерна автопатска делница со што ќе се комплетира главната делница на Коридор X. Проектот се финансира од сопствени средства, користење на кредитно задолжување од ЕБОР и ЕИБ и средства од ИПА фондовите. За модернизирање на постојната железничката инфраструктура ќе продолжи реконструкцијата на железничката пруга на Коридор X финансирана со заем од ЕБОР. Со овие активности ќе се подобри протокот на патници и стоки на оваа делница, ќе се намалат трошоците за одржување на железничката пруга и ќе се обезбеди посигурен и поефикасен сообраќај. Во текот на 2017 година предвидени се средства за продолжување на реализацијата на првата и втората фаза од проектот за изградба и рехабилитација на источниот дел од железничката пруга- Коридор VIII- делница Куманово- Бељаковце- Крива Паланка, финансирана од ЕБОР. Во рамките на проектот предвидени се активности за подобрување на технички карактеристики на пругата, изградба и рехабилитација на мостови, железнички станици, стојалишта, подвозници и надвозници.
- Вложување во енергетската и комунална инфраструктура за што се проектирани капитални инвестиции во износ од 3.478 милиони денари. Предвидено е продолжување на активностите околу изградбата на Националниот гасоводен систем кој се финансира со средства од заем од Дојче банка и Ерсте груп банка. Ќе продолжи со интензивирана динамика изградбата на водоводните и канализационите системи во општините финансирани од сопствени извори и со средства од кредитни линии од ЕИБ и КФВ банката, како и преку Проектот за подобрување на општински услуги.
- Уредување на технолошко индустриските развојни зони преку изградба на потребната инфраструктура и објекти, како и вршење на потребните геомеханички истражни работи. За оваа намена во Буџетот за 2017 година планирани се 246 милиони денари.
- За здравствениот сектор планирани се инвестиции во износ од 1.121 милиони денари наменети за проектот за изградба и реконструкција на јавни здравствени установи, финансиран од буџетски средства и кредит од Банката за развој при Советот на Европа, за набавка на медицинска опрема, како и за довршување на изградбата на ПЕТ Центар. Во 2017 година ќе започне имплементацијата на Проектот за изградба, реконструкција и доградба на Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ во Скопје и ќе продолжи имплементацијата на Регионалната Клиничка болница во Штип финансирани со заем од Банката за развој при Советот на Европа.
- За образованието, детската заштита и спортот проектирани се капиталните инвестиции во износ од 3.248 милиони денари, кои се наменети за изградба и реконструкција на основни и средни училишта, детски градинки, изградба на училишни и спортски сали, реконструкција на ученички и студентски домови, опремување и реконструкција на универзитетите, набавка на современа лабараториска опрема и инвестиции во спортска инфраструктура. Во наредниот период ќе продолжи Проектот за условени парични трансфери во чии рамки е вклучена и реконструкцијата на Центрите за социјална работа, како и Проектот за развој на вештини и иновации финансиран со заем од Светска банка, со кој меѓудругото се поддржува работата на Фондот за иновации и технолошки развој.
- Во насока на поддршка на земјоделскиот сектор предвиден е зголемен обем на капитални инвестиции во износ од 2.224 милиони денари, кои се наменети за рурален развој, изградба на хидросистеми и инвестиции за подобрување на конкурентноста и модернизација на земјоделските стопанства, нивно преструктуирање и надградба со цел побрзо исполнување на стандардите на ЕУ. Исто така, ќе започне и изградбата на системите за наводнување во Валандовскиот регион кој се финансираат со заем од КфВ преку втората фаза на Проектот за наводнување на јужната долина на реката Вардар.
- Во областа на правосудство планирани се средства во износ од 533 милиони денари, а во 2017 година ќе продолжи со имплементација Проектот за реконструкција на казнено-поправните установи, финансиран со заем од Банката за развој при Советот на Европа.
- Во насока на подобрување на условите за социјално ранливите групи, во наредниот период ќе продолжи имплементацијата на Проектот за домување на социјално ранливи групи, финансиран со заем од Банката за развој при Советот на Европа.
- Во областа на јавниот ред и безбедност, одбрана, култура и информатички технологии, капиталните инвестиции се проектирани согласно планираната динамика на реализација на активностите и проектите во овие области.

**Телекомуникациски услуги**

Од страна на Агенцијата за електронски комуникации за имплементација на секундарната легислатива во 2017 година се предвидуваат следните активности:

- Контрола на содржината на договорите што ги склучуваат операторите со своите претплатници а особено од аспект на нивото на испорачана услуга (SLA) (Согласно Директивата за Универзална услуга, Директивата за интерконекција и пристап и Рамковна Директива);

- Ажурирање на листата на нотифицирани субјекти што се води во Агенцијата на сите нови нотифицирани оператори и даватели на јавни електронски комуникациски услуги и бришење на операторите кои не започнале со работа на датумот наведен во нотификацијата, а не ја известиле Агенцијата за настанатата промена;
- Обработка на барања и издавање на решенија за доделување и повлекување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација за јавните електронски комуникациски мрежи и услуги;
- Следење на имплементацијата на преносливост на броевите што треба да ја обезбедат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и услуги;
- Анализа на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги и транспарентноста на податоците;
- Контрола на малопродажни цени преку методологија за регулирање на малопродажни вени со примена на тестови за Price Squeeze;
- Обработка на барања и издавање на одобренија за доделување на радиофреквенции согласно Планот за намена на радиофреквенциски опсези и Планот за доделување и користење на радиофреквенции;
- Спроведување на постапка за јавен повик за доставување на барања за издавање одобрение за користење на радиофреквенции и спроведување на тендери;
- Мониторинг со мобилни и фиксни мониторинг станици;
- Стручен надзор;
- Следење на операторите определени за давател/ли на универзална услуга;

**3. Секторска структура и структура на претпријатија (ДЗС)**

Микро, малите и средни претпријатија (ММСП) се доминантен тип на претпријатија во економијата на земјата. Во 2013 година нивниот број изнесува 60.579 и бележи мал пад (0,32 %) во однос на 2012 година кога нивниот број изнесувал 60.774. Забележано е значително зголемување на бројот на големи претпријатија за 104,2 % во однос на 2012 година. МСП претставуваат 99,28% од вкупниот број на постојни претпријатија, со што се потврдуваат за важни учесници во економијата како целина и важни креатори на општествениот производ.

| **Табела- Број на активни претпријатија по големина** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активни претпријатија** | **Број** | | | | **Учество во (%)** | | | |
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| Микро | 44824 | 42214 | 43270 | 42529 | 72.52 | 71.10 | 71.20 | 70.20 |
| Мали | 16248 | 16345 | 16629 | 17017 | 26.29 | 27.53 | 27.36 | 28.09 |
| Средни | 557 | 604 | 660 | 594 | 0.90 | 1.02 | 1.09 | 0.98 |
| Големи | 182 | 212 | 215 | 439 | 0.29 | 0.36 | 0.35 | 0.72 |
| **Вкупно** | **61811** | **59375** | **60774** | **60579** | **100.00** | **100.00** | **100.00** | **100.00** |

*Извор: Централен регистар на Република Македонија*

Растечкиот број на МСП го апсорбира најголемиот дел од работната сила, придонесувајќи за намалување на невработеноста. Од вкупниот број на вработени, 76,95% се ангажирани во микро, мали и средни претпријатија. Во 2013 година забележано е зголемување на бројот на вработени во микро и малите а намалување на нивниот број кај средните претпријатија во однос на 2012 година.

| **Табела -Број на вработени во микро, мали, средни и големи претпријатија** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Претпријатија** | **Број на вработени** | | | | **Учество во (%)** | | | |
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| Микро | 66981 | 69752 | 71625 | 71712 | 19.42 | 19.75 | 19.88 | 19.08 |
| Мали | 145667 | 150093 | 153808 | 163552 | 42.23 | 42.49 | 42.69 | 43.52 |
| Средни | 64069 | 61085 | 62966 | 53923 | 18.57 | 17.29 | 17.48 | 14.35 |
| Големи | 68245 | 72284 | 71872 | 86620 | 19.78 | 20.46 | 19.95 | 23.05 |
| **Вкупно** | **344962** | **353214** | **360271** | **375807** | **100.00** | **100.00** | **100.00** | **100.00** |

*Извор: Централен регистар на Република Македонија*

Бруто додадената вредност кај малите претпријатија и нејзиното учество во БДП е најголемо во 2010 година со 48,0%, додека кај средните претпријатија, бруто додадената вредност е најголема во 2012 година, со учество во БДП од 17,4%. Најпозитивен тренд е забележан кај големите претпријатија, со континуиран раст на бруто додадената вредност во последните три години. Бруто додадената вредност на овие претпријатија е најголема во 2013 година, а нејзиното учествува во БДП изнесува 37.7

| **Табела- Бруто додадена вредност според големината на деловните субјекти и учество во БДП** | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| (Основни цени , милиони денари) | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| | **Бруто додадена вредност** | | | | | | | **Учество во ( % )** | | | | | | |
| | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| **Мали претпријатија** | 170,757 | 189,764 | 190,064 | 209,711 | 208,710 | 152,491 | 168,414 | 45.8 | 45.7 | 45.8 | 48.0 | 45.0 | 32.7 | 33.6 |
| **Средни претпријатија** | 45,508 | 50,574 | 56,398 | 55,675 | 62,560 | 81,313 | 78,959 | 12.2 | 12.2 | 13.6 | 12.7 | 13.5 | 17.4 | 15.7 |
| **Големи претпријатија** | 105,113 | 116,812 | 111,907 | 111,815 | 128,106 | 169,880 | 189,333 | 28.2 | 28.2 | 27.0 | 25.6 | 27.6 | 36.4 | 37.7 |
| **Нето даноци** | 51,511 | 57,740 | 56,253 | 60,095 | 64,811 | 63,019 | 65,185 | 13.8 | 13.9 | 13.6 | 13.7 | 14.0 | 13.5 | 13.0 |
| **БДП** | **372,889** | **414,890** | **414,622** | **437,296** | **464,187** | **466,703** | **501,891** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** | **100,0** |

*Извор: Државен завод за статистика*

*Ревидирани податоци ЕСС 2010*

**4. Влијание на државата врз конкурентноста (МЕ)**

**Зајакнување на конкурентноста и поддршка на малите и средни претпријатија**

Со подготовката на неколку нови стратешки документи за конкурентност и развој на МСП ќе се прошири основата за предлагање нови мерки и инструменти за поддршка на претпријатијата. Во 2016 Владата ја усвои новата Стратегија за конкурентност, Стратегијата за МСП и Стратегијата за женско претприемништво ќе бидат усвоени во 2017 и продолжи имплементацијата на мерки од Индустриската политика на РМ и Страгијата за иновации.

Инструментите на индустриската политика ќе се реализираат преку повеќе годишни владини програми и проекти, кои се имплементираат од страна на повеќе институции. Министерството за економија и следната година ќе ја спроведе Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво со мерки за поддршка на МСП, имплементација на индустриска политика и поддршка на кластери. Мерките ќе обезбедат кофинасирање на трошоци на фирмите за развој на производ, развој на пазар, воведување стандарди, развој на инфраструктурата за МСП, женско претприемништво, а во делот на кластерите ќе се организира Балканска Конференција за кластерите, за размена на искуства, добри практики, вмрежување и интернационализација на кластерските здруженија.

Во 2017 година активностите на Агенцијата за поддршка на претприемништво (АППРМ) ќе бидат насочени кон организација на обуки за подобрување на конкурентноста на МСП, локалните консултанти и жените претприемачи, подготовка на бизнис план и обуки за наставници, професори и студенти за претприемништво. Исто така, ќе бидат реализирани и работилници за промоција на претприемачкото образование кај младите луѓе, менторство, а во рамки на редовни програмски активности ќе биде оддржана реализацијата на Европската недела на МСП и подготовката на годишен извештај – Опсерваторија за МСП за 2016 година.

**МСП и пристап до финансии**

Пристапот на МСП до финансии за активности поврзани со истражување, развој и иновации е подобрен со основањето и функционирањето на Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР), но покрај постојните инструменти за поддршка на Фондот постојат многу малку други механизми и инфраструктура за поттикнување на вложувањата во истражување, развој и иновации како на пример национална канцеларија за трансфер на технологии, бизнис акцелератори и инкубатори, ризичен капитал, даночни олеснувања и слично.

Во таа насока, ќе се превземат активности кои имаат за цел градење на инфраструктура за иновации, пилотирање и спроведување на финансиските инструменти на ФИТР и спроведување на активности за основање и операционализација на Националната канцеларија за трансфер на технологии.

Во претстојниот период, ФИТР планира развој и пилотирање на следните нови инструменти за поддршка:

- Инструмент за поддршка – „Кофинансирани грантови за воспоставување, работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори"
- Инструмент за поддршка – „Кофинансирани грантови за екстензија на технологии"
- Воведување на нов инструмент за поддршка –Техничка помош за поддршка на иновативна дејност

Министерството за образование и наука иниципраше основање на Национална канцеларија за трансфер на технологии (НКТТ) како механизам за поврзување на секторот за високо образование со иновациските елементи на македонската економија, која ќе ги промовира иновативните активности на истражувањата и компаниите. Во тек е усогласување на Законот за иновациска дејност, а со цел обезбедување на правна рамка за НКТТ, како и за вклучување на ФИТР како еден од основачите на НКТТ. Се планира НКТТ да почне да функционира во јануари 2017 година.

Врз основа на анализата на потенцијалот, приоритетите и стратегиите на земјава, констатирано е дека постојат три главни тематски области кои треба да се опфатат во процесот на трансфер на технологии: Земјоделство, Информатичка и комуникациска технологија - ИКТ, Обновливи извори на енергија (зелена енергија).

Проекти од неколку (5-10) „дополнителни области": хемиска, фармацевтска, металуршка, машинска, автомобилската индустрија, креативните индустрии како и туризам ќе бидат поддржани од страна на НКТТ, доколку со нив се идентификуваат издржливи резултати од истражување и развој, искуство во водење на апликативни проекти и посветеност.

**Хоризонтални мерки за подобрување на конкурентноста и унапредување на бизнис климата**

Стратегијата за конкурентност на македонската економија претставува единствен стратешки документ за конкурентност и ги дефинира приоритетите за понатамошен развој на македонската економија. Акцискиот план преку кој се спроведува Стратегијата опфаќа 45 приоритетни мерки во вредност од околу 131 милион евра, поделени во 7 области насочени кон: поедноставна и постабилна деловна средина; попретприемачки и попродуктивен МСП сектор; подинамичен извозен сектор; поатрактивна средина за странски инвеститори; повешта и попретприемничка работна сила; заживеана индустриска политика; и повеќе финансии за претприемачкиот сектор. Во првите 6 месеци од реализација на Акцискиот план, статусот на реализација е следен:

- 27 мерки (60%) во фаза на спроведување
- 10 мерки (22%) со одложено спроведување
- 8 мерки (18%) со незапочнато спроведување

Во 2017 година се планира да продолжи реализацијата на мерките во согласност со динамиката на обезбедување средства за реализација. За степенот на реализација ќе се подготвуваат периодични Извештаи за реализација.

Со цел обезбедување конкурентна функционална пазарна економија започна постапка за реализација на проекти финансирани во рамки на ИПА компонента 1-ТАИБ, Секторско фише за Развој на приватен сектор, каде во 2017 година ќе се реализираат проекти преку кои се опфатени активности за поддршка за унапредување на конкурентноста на македонските компании, формирање акцелератори и поддршка на start-up компании во рамките на акцелераторите, поддршка на женско претприемништво и претприемништво кај младите со цел намалување на невработеноста на овие категории.

**Развој на локална и регионална конкурентност во сферата на туризмот**. Оваа програма финансирана во рамки на ИПА инструментот, вклучува реализација на видливи проекти со високо ниво на влијание врз развојот и унапредувањето на туризмот, како што се: изградба и реконструкција на локална инфраструктура, ревитализација на објекти од културно наследство, поддршка за развој на туристички услуги и унапредување на туристичката понуда, промоција на македонските туристички дестинации и културно наследство, градење на препознатлив туристички имиџ со воведување на светски стандарди во туристичко- угостителските услуги и сл. Во 2017 година се планира објавување на три повици за грантови за горенаведените активности.

**Финансирање на компаниите преку бизнис ангели**

Иницијативата за поддршка на концептот на финансирање преку бизнис ангели произлегува од Стратегијата за иновации на Република Македонија 2012-2020.

Мерката предвидува воспоставување на правна рамка за неформален ризичен капитал, односно донесување на посебен закон за бизнис ангели кој детално ќе опише кој може да биде бизнис ангел, условите и критериумите за лиценцирање на бизнис ангел, мрежи на бизнис ангели, даночни олеснувања за инвестиции, заштита на инвестициите итн.

Со цел зажививање на концептот на бизнис ангели во Македонија,  потребна е размена на искуства и знаења со земји каде што овој концепт веќе успешно е воспоставен и фукционира: Република Турција, Република Словенија, Република Хрватска, Велика Британија и другите земји во кој е воспоставен систем на неформален ризичен капитал, односно на деловни ангели.

Воспоставувањето на правна рамка (донесување на закон) е предвидено за третиот квартал од 2017 година, додека имплементацијата на систем за лиценцирање на бизнис ангелите ќе се спроведе во 2018 година.

**Учество во регионалниот проект "Платформа за развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан".**
Во 2013 година започна со работа регионалниот проект "Платформа за развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан", поддржан од ЕК, ЕБОР и Европскиот инвестициски фонд, а во кој учествува и Република Македонија. Досега активни се три од четирите компоненти на Платформата и тоа: Фондот за експанзија, Гарантниот фонд и Регионалниот фонд за иновации (ЕНИФ). Преку трите компоненти од овој проект, се обезбедуваат преку 140 милиони евра поддршка за компаниите од регионот кои се фокусирани кон иновациите. Четвртата компонента е техничка помош која треба да помогне за подобро искористување на средствата.

Во третиот квартал од 2016 годината, Комитетот за инвестиции во рамките на Регионалниот фонд за иновации (ЕНИФ) во средината на јуни, ја одобри првата инвестиција во Република Македонија во износ од 400.000 долари. Идните активности на тимот на Регионалниот фонд ќе бидат изнаоѓање на нови можности за инвестирање и активна промоција и едукација на сите засегнати страни во врска со вложувањето на пазарот на ризичен капитал.

**Учиме од бизнис заедницата**
Во насока на унапредување на дијалогот со бизнис – заедницата, Владата го започна петтиот циклус на посети на компании во рамки на проектот "Учиме од бизнис – заедницата". Проектот опфати директна посета на компании, здруженија и групации на компании низ целата територија на земјата од страна на стручни владини тимови, со цел да се идентификуваат главните проблеми и предизвици со кои се соочуваат компаниите при своето работење, како и да се предложат иницијативи од страна на самата бизнис заедница во насока на понатамошно унапредување на деловното окружување, како еден од главните приоритети во спроведувањето на економските политики.
Согласно утврдената динамика во Акцискиот план, посетите на компаниите се реализира во периодот јануари- февруари 2016. Со цел селекција на прифатливите барања и иницијативи и креирање на мерки во насока на нивна реализација, во текот на месец март беа реализирани меѓуинституционални консултации. Во периодот април- јуни 2016 беа организирани и реализирани вкупно 10 целодневни работни средби поделени по области  со претставници на надлежните институции и претставници на компаниите и бизнис здруженијата. Во месец август 2016 Влада на Република Македонија усвои мерки и активности во насока на реализација на прифатливите барања и иницијативи чија што имплементација од страна на надлежните институции е во тек.

**Систем за подобрување на координацијата во планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката за рамномерен регионален развој во Македонија.** Со цел унапредување на ефикасноста во употребата на јавните финансии на локално и регионално ниво и подобрување на регионалниот развој, се спроведува проект за воспоставување систем кој ќе овозможи подобрување на координацијата во планирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиката. Системот е предвидено да има структура од неколку компоненти за посебни сегменти: човечки ресурси, проекти, програми, финансиски алокации и сл. Откако во 2014 -2015 беше изработена Физибилити студија за воспоставување на системот, во 2016 година се реализираа активности за детализирање на концептот на компонентите и развој на техничка документација за набавка на софтверско решение. На почетокот на 2017 година се предвидува реализација на активности за набавка на техничкото решение и негова имплементација.

**Политика на заштита на конкуренцијата**
**Краткорочни приоритети**
Во овој период ќе се спроведе анализа за евентуална измена на Законот за контрола на државната помош и на Уредбата за помош од мало значење со учество на сите заинтересирани страни (даватели и приматели на државна помош). Истата ќе има за цел утврдување на евентуален нов праг на помош од мало значење во земјата.
Во 2017 година ќе се реализира напредна обука со студиска посета на вработените во стручната служба на КЗК. Се планира реализација на нови вработувања во КЗК и набавка на ИТ опрема и мебел.

**Среднорочни приоритети**
Во периодот до крајот на 2018 планирано е донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за контрола на државната помош, како и на Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за помош од мало значење.

Во периодот до крајот на 2019 година ќе се донеасат измени и дополнувања на постоечките уредби и тоа: на Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државната помош, на Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош, на Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош и на Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на помош за спас и реструктуирање на претпријатија со потешкотии.
Во периодот 2017 – 2019 година континуирано ќе се реализираат обуки на давателите на државна помош.

**5. Трговска интеграција со ЕУ**

Во 2016 година продолжија активностите за изменување на протоколите за потекло на стоките, во договорите за слободна трговија со цел да се применува идентична дијагонална кумулација за потекло на стоката на земјите на ЦЕФТА со земјите на ЕУ (28 земји), земјите на ЕФТА (Швајцарија, Норвешка, Исланд и Лихтенштајн) и Турција согласно со Регионалната Конвенција за Пан-Евро медитерански правила за потекло. Целта е директно насочена кон креирање на преференцијален пристап, не само кон постојните извозни дестинации, туку кон други пазари во рамки на ПЕМ регионот. Примената на конвенцијата во целост е воедно можност за учество во глобалниот синџир на набавки.
Република Македонија со ратификацијата на Протоколот за потекло на стоката согласно ЦЕФТА Договорот во 2014 година, од 12 септември 2014 година отпочна со примена на протоколот за потекло од конвенцијата. Во 2016 година беше донесен и Законот за ратификација на Протоколот 4 кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација (Службен весник бр. 71/2016) и истиот започна да се применува.
Република Македонија ќе продолжи со спроведување на преземените обврски кои произлегуваат од членството во СТО, како и обврските кои произлегуваат од другите договори за слободна трговија.
До крајот на 2017 година се планира да заврши усогласувањето на текстот на Одлуките за измена на протоколите за потекло на стоката со Турција и ЕФТА земјите, согласно на Регионалната Конвенција за Пан-Евро медитерански правила за потекло и да се спроведе процесот на ратификација.
Во рамки на ЦЕФТА се планира да се ратификува: Дополнителниот Протокол 5 за олеснување на трговијата до крајот на првата половина на 2017 година а Протоколот за трговија со услуги до крајот на 2017 година. Напоредно со преговорите за либерализација на услугите, предвидено е во 2017 година да се преговара и да се склучи Спогодба за признавање на професионалните квалификации, со која директно ќе се влијае на олеснување на трговијата и либерализација на трговијата со услуги, со цел да се редуцира било какво ограничување кое денес постои во регионот при извоз на услуги.
Континуирано ќе се реализира имплементацијата на заедничката консолидирана агенда на ЦЕФТА и Столбот за Интегриран раст во Стратегијата на ЈИЕ 2020.
Во 2017 година ќе биде донесен нов Законот за контрола на извозот на стоки и технологии за двојна употреба, усогласен со најновата регулатива на ЕЗ во оваа област со цел спречување на злоупотрбата на дигитални системи за надзор, што резултира со кршење на човековите права.Исто така ќе се донесе и Одлука за утврдување на Листа на стоки и технологии за двојна употреба, усогласена со најновата регулатива на Советот ЕЗ

**6. Реформи насочени кон зголемување на продуктивноста и конкурентноста**

Во рамките на Програмата за конкурентност, иновации и претприемнитво за 2016 година на Министерството за економија, во делот: Поддршка и развој на кластерското здружување, согласно планираните активности во периодот од 22-24.09.2016 година во Охрид се одржа VII-та Балканско-Црноморска конференција „Денови на кластерите 2016“. Конференцијата е водечки настан во Југоисточна Европа, чија мисија е да ја јакне меѓу-секторската соработка помеѓу земјите од Балканот и Црноморскиот регион, со цел да се максимизира концептот на кластеринг и негово капитализирање во нивните економии.
Конференцијата ќе придонесе за: Социјално балансиран економски развој и креирање на вработувања во регионот; Подобрување на бизнис околината за разој на МСП, базиран на соработка меѓу јавниот сектор, академијата, финансиските организации, медиумите и бизнис заедницата; Воспоставување на јавно-приватен дијалог за посредување на потребите на МСП; Размена на знаења и искуства во кластерите, базиран на економски развој во развиените земји, земјите во транзиција и земјите во развој.
Кластерите и нивните членки од Балканот и Црноморскиот регион, како двигатели на економскиот развој, имаа можност да ги презентираат своите успешни приказни и добри практики. Специјален фокус беше ставен на развојот на туризмот, виното и текстилот.
На Конференцијата присуствуваа над 150 гости од преку 25 земји (САД, Германија, Данска, Нов Зеланд, Јужна Кореја, Холандија, Романија, Бугарија, Грција, итн). На Конференцијата имаше и Академски дел, но поголем фокус беше ставен на директни средби и разивање на можности за соработка на македонските кластери со кластерите од регионот.

# III. СПОСОБНОСТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ ОД ACQUIS

## 3.01 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Земјата **е умерено подготвена** во областа на слободно движење на стоки. **Одреден напредок** е постигнат, делумно во поскорешно елиминирање на нетарифните бариери во трговијата особено во однос на зајакнувањето на административните капацитети во Биро за метрологија . Неопходно е побрзо транспонирање на тековното законодавство. Во следната година , земјата треба да:

- да го заврши донесувањето на мерки за отстранување на нетарифните пречки во трговијата;
- уште повеќе да се усогласат одредбите во Законот за безбедност на производите и да осигурат адекватен административен капацитет за зајакнување на законодавната рамка.

***Резиме***

*Во 2017и 2018 година година ќе се се продолжи со понатамошно усогласување на Законот за безбедност на производите со соодветното acquis и ќе се донесат нови Правилници согласно новите директиви на ЕУ од седумте индустриски сектори (опрема под притисок, пренослива опрема под притисок, опрема под низок напон, електромагнетна компатибилност, едноставни садови под притисок и дел од градежни производи), кои се дел од преговорите за склучување на Договорот за оцена на сообразност и прифаќање (АКА).*

*Ќе се реализираат останатите 7 мерки од Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од Договорот за функционирање на ЕУ (ДФЕУ) кои се однесуваат на подготовка на еврокодовите.*

### 3.01.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ

***Тековна состојба***

Во март 2016 година усвоена е Информација за реализација на мерките за укинување или измена на прописите во кои се содржани мерки со ист ефект во извозот и увозот на стоки од Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од Договорот за функционирање на ЕУ (ДФЕУ), за 2015 година. Од 42 правни прописи предложени во Акцискиот план реализирани се 35, или 80%. Останатите 7 прописи се однесуваат на подготовка на еврокодовите и во согласност со динамиката на подготовка ќе бидат завршени во 2017 година.

***Краткорочни/ среднорочни приоритети***

**Законодавна рамка**

Ќе се реализираат останатите 7 мерки од Акцискиот план за сообразност со членовите 34-36 од Договорот за функционирање на ЕУ (ДФЕУ) кои се однесуваат на подготовка на еврокодовите.

Ќе следи доусогласување на Законот за безбедност на производите со доуредување на одредбите во законот со кој ќе се даде законски основ за уредување на одредбите во правилниците согласно новите директиви.

Во 2017 година ќе се транспонира Регулативата (ЕУ) бр. 764/2008/ЕЗ за утврдување на процедурите за примена на одредени национални технички правила на производите кои се означени во друга земја-членка на ЕУ.

Ќе продолжи транспонирањето на ЕУ директивите од седумте индустриски сектори (опрема под притисок, пренослива опрема под притисок, опрема под низок напон, електромагнетна компатибилност, едноставни садови под притисок и дел од градежни производи), кои се дел од преговорите за склучување на Договорот за оцена на сообразност и прифаќање (АКА).

**Имплементација и спроведување**

Ќе продолжи имплементацијата на Националната стратегија за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет (стандардизација, акредитација, метрологија, оцена на сообразност, надзор на пазарот).

### 3.01.2 ХОРИЗОНТАЛНИ МЕРКИ

**СТАНДАРДИЗАЦИЈА**

### *Тековна состојба*

Вкупниот број на активни технички комитети формирани при ИСРМ изнесува 28. Техничките комитети на ИСРМ активно учествуваат во работата на техничките комитети на Европските и меѓународните тела за стандардизација. Со помош на електронската платформа ISO Livelink е овозможена електронска работа на ИСРМ техничките работни тела. Вкупниот број на усвоени европски стандарди како македонски стандарди изнесува 19786 што е 99% од вкупниот број на европски стандарди. Сите усвоени европски стандарди се нотифицирани во ЦЕН/ЦЕНЕЛЕЦ (CEN/CENELEC) и ЕТСИ (ETSI).

Одобрен е превод на македонски јазик на повеќе стандарди од областа на еврокодови, системи и опрема за топлинска заштита и заштита од пожар кај градежни објекти, менаџмент со квалитет и животна средина, гасна техника и опрема, карактеристики на отпад, акредитација и оцена на сообразност, бетон производи од бетон и ѕидарија и други.

ИСРМ изврши нотификација до европското тело за стандардизација ЦЕН на 14 усвоени изворни национални македонски стандарди.

Усвоени се 2 национални анекси од областа на нафта и производи од нафта и 57 национални анекси со иземање на национално детерминирани параметри (НДП) кои се однесуваат на ветар, снег, воздух, температура и сеизмолошко-физичките карактеристики (карти, мапи и податоци). Во тек се активности на експерти од областа на еврокодовите со цел доизработка, односно вметнување на потребните национални параметри во националните анекси.

Во тек се активностите за акредитација на сертификационото тело во рамките на ИСРМ. Преку тековен ИПА проект ангажиран е експерт од областа на сертификација како поддршка за подобрување на процесот на сертификација во ИСРМ во согласност со ЕН ICO 9001:2015 и ЕН ICO /IEЦ 17021-1:2015.

Административниот капацитет на ИСРМ изнесува 25 вработени.

### *Краткорочни приоритети*

- продолжување на активна соработка со европските тела за стандардизација и националните тела за стандардизација;
- воспоставување на сертификациското тело во согласност со новиот стандард ИСО/IEЦ 17021-1:2015 за ИСО 9001:2015 и вршење на активности за сертификација на системи за менаџмент со квалитет во разни компании;
- превод на македонски јазик на европски стандарди од Директивите од новиот приод;
- одржување на постоечката ИТ опрема и набавка на нова; набавка на лиценцирани оперативни системи и програми;
- издавање на Огласникот за усвоени македонски стандарди;
- реализација на обуки за: правилата и праксата на европската и меѓународната стандардизација; постапките за подготовка, усвојување на европски, меѓународни и македонски стандарди; разни стандарди
- промотивни кампањи, организирање на тематски работилници и издавање на тематски публикации се со цел на зголемување на свесноста на бизнис заедницата и останатите заинтересирани страни за придобивките од употреба на стандарди;
- реализација на проектот ИПА Компонента 1 – Помош при транзиција и институционална надградба (ТАИБ). Проектот ќе овозможи јакнење на инфраструктурата на ИСРМ и на секторот за сертификација, односно развој на национални стандарди и хармонизација со ЕУ стандардите, јакнење на системот за менаџмент во ИСРМ, набавка на опрема, помош во реализација на обуки за важноста на воспоставување на стандардизација во производството и услугите и обуки за бизнис заедницата;
- одржување на работилници за одредени директиви и стандарди со поддршка на IPA проектот од областа на храна и пакување на храна и врати и прозорци и тркалезни маси за ревизија на еврокодовите.

### *Среднорочни приоритети*

Во областа на стандардизација предвидени се следните активности:

- Создавање приходи преку сертификација и обуки;
- Издавање на сертификати од сертификациското тело на ИСРМ за ИСО 9001:2015.

**Програми и проекти**

Реализирање на проектот ИПА Компонента 1 – Помош при транзиција и институционална надградба (ТАИБ). Проектот ќе овозможи јакнење на инфраструктурата на ИСРМ и на секторот за сертификација, односно развој на национални стандарди и хармонизација со ЕУ стандардите, јакнење на системот за менаџмент во ИСРМ, набавка на опрема, помош во реализација на обуки за важноста на воспоставување на стандардизација во производството и услугите и обуки за бизнис заедницата.

ИСРМ е потписник на ФПА договор со Европската Комисија за проекти поврзани со стандардизација.

**АКРЕДИТАЦИЈА**

### *Тековна состојба*

ИАРМ досега има акредитирано 195 тела за оцена на сообразност од кои: 11 се лаборатории за калибрација, 62 лаборатории за тестирање каде ИАРМ ја акредитираше првата лабораторија од областа на форензиката: "Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења" при Министерството за внатрешни работи, односно "Лабораторијата за биолошки испитувања и ДНК идентификација", "Лабораторијата за токсикологија и дроги" и "Лабораторијата за испитување спорни документи", 100 инспекциски тела, 6 сертификациони тела за сертификација на производ (каде е развиена и нова шема за акредитација на сертификациони тела за сертификација на градежни производи по која е акредитирано 1 сертификационо тело за сертификација на градежни производи), 4 сертификациони тела за сертификација на системи за управување со квалитет. 26 сертификати за акредитација се повлечени и 1 е суспендиран. За сите доделени сертификати за акредитација ИАРМ врши редовен годишен надзор. Бројот на заинтересирани тела е во зголемување. Во моментов ИАРМ има 17 нови пријави кои во фаза на реализација.
ИАРМ континуирано го одржува договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација со Европската организација за акредитација (ЕА-МЛА) за областите: тестирање, калибрација, сертификација на производ, инспекција и за медицински лаборатории, договорот за взаемно на сертификатите за акредитација со Меѓународната организација за акредитација на лаборатории (ИЛАК-МРА) во областите: тестирање, калибрација, инспекција и за медицински лаборатории како и одржување на членството во Меѓународниот акредитационен форум (ИАФ) и договорот за взаемно признавање на сертификатите (МЛА-ИАФ) за сертификација на производи.
ИАРМ изведува и прекугранични оценки за акредитација во земји кои немаат потпишано ЕА-МЛА Договор.
Бројот на оценувачи во ИАРМ е во постојано зголемување па така во 2016 год. нивниот број е зголемен и изнесува 20 водечки оценувачи, 50 технички оценувачи, 10 оценувачи во обука, 8 кандидати за оценувачи и 71 експерт. Истите согласно зацртаниот план биле надгледувани од страна на водечките оценувачи од Институтот.

### *Краткорочни приоритети*

Во 2017 год ќе се реализираат следните активности:

- Реализирање на втор редовен надзор по потпишување на Договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација со Европската организација за акредитација (ЕА-МЛА) и проширување на опсегот за нова област – акредитација на сертификациони тела за сертификација на менаџмент системи;
- одржување на Договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација (ЕА-МЛА) за областите: тестирање, калибрација, сертификација на производ, инспекција и за медицински лаборатории,
- одржување на Договорот за взаемно признавање на сертификатите за акредитација (ИЛАК-МРА) за областите: тестирање, калибрација, инспекција и за медицински лаборатории,
- одржување на членството во Меѓународниот акредитационен форум (ИАФ)
- одржување на Договорот за взаемно признавање на сертификатите (МЛА-ИАФ) за сертификација на производи,
- активна соработка со европските и меѓународните организации за акредитација,
- учество во работата на комитетите на Европската организација за акредитација (ЕА), Меѓународната соработка за акредитација на лаборатории (ИЛАК) и Меѓународниот акредитационен форум (ИАФ),
- регионална соработката со телата за акредитација,
- надградба на софтверот за водење на постапките за акредитација,
- промоција на системот за акредитација како и промовирање на услугите на телата за оцена на сообразност акредитирани од ИАРМ преку организирање промотивни настани, работилници и издавање на публикации,
- зголемување на бројот на технички оценувачи и експерти како и надградба на компетенциите на оценувачите и вработените во ИАРМ ,
- реализација на обуки за оценувачи, водечки оценувачи, потенцијални клиенти и за нови шеми на акредитација,
- зајакнување на соработката со министерствата во делот на овластување на телата за оцена на сообразност,
- давање техничка поддршка на министерствата и останатите институции за сите прашања поврзани со акредитацијата,
- продолжување на воспоставената соработка со Стопанските комори на Македонија, Организацијата на потрошувачи и економските оператори
- продолжување на реализација на проектот на Владата на РМ за акредитирање на лабораториите опремени при високообразовните научни установи во соработка со министерствата за образование и наука, како и
- продолжување на реализација на проектот на министерството за здравство за акредитација на медицински лаборатории согласно стандардот ИСО 15189.

### *Среднорочни приоритети*

- зголемување на бројот на акредитирани македонски тела за вршење на оцена на сообразност, кои ќе бидат присутни на пазарот во РМ и на меѓународните пазари,
- зголемување на бројот на технички оценувачи и експерти,
- проширување на Договорот за взаемно признавање со Европската организација за акредитација (EA-MLA) за сертификација на менаџмент системи,
- проширување на Договорот за взаемно признавање на сертификатите со Меѓународниот акредитационен форум (MLA-IAF) за сертификација на менаџмент,
- проширување на акредитациските активности во нови области,
- развивање на нови шеми за акредитација, согласно барањата на корисниците на своите услуги и барањата на регулаторите
- развивање на процедурата за акредитација на нотифицирани тела, паралелно со преговорите за членство на Македонија во Европската Унија и иницијативата за потпишување на АКА Договорот.
- обуки на оценувачите како и обуки наменети за потенцијалните клиенти,
- соработка со органите на државната управа и другите економски субјекти на подрачјето на акредитацијата и изведување на процедурите за оцена на сообразноста,
- соработка со институции од подрачјето на инфраструктурата за квалитет пред се: Бирото за Метрологија (БМ), Институтот за стандардизација ИСРМ и телата за оцена на сообразност,
- зајакнување на севкупните материјално -технички ресурси и капацитети во поглед на условите за работа и особено на човечките ресурси, преку вработување на нов стручен и компетентен кадар, мотивиран да ја извршува мисијата на ИАРМ непристрасно, објективно и компетентно.
- одржување и продлабочување на соработката со националните тела за акредитација од регионот согласно потпишаните билатерални договори со: Србија, Црна Гора, Бугарија, Албанија, Хрватска, Турција, Косово, Босна и Херцеговина и Молдавија,
- одржување и надградување на договорите за соработка склучени со Акредитацискиот сервис на Велика Британија, Германското тело за акредитација, и Федералната служба за акредитација на Руската Федерација.

**МЕТРОЛОГИЈА**

***Тековна состојба***

Во септември 2016 година Бирото за метрологија (БМ) реализира уписи на 9 калибрациони и мерни можности од областа на термометрија. Уписот на калибрационите и мерните можности во базата на податоци во Меѓународното биро за тегови и мери КДЦБ БИПМ (KCDB BIPM), означува нивно меѓународно признавање, што е во тесна врска со исполнување на аранжманот меѓусебно признавање на сертифктатите и еквивалентност во мерењата ЦИПМ МРА (CIPM MRA). Со активното и успешно учество на БМ во меѓународни проекти на меѓулабораториски споредби, презентирање на системот за управување со квалитет кој е воспоставен во лабораториите за калибрација, како и објавување на калибрационите и мерните можности во неколку области, се исполни неопходниот предуслов за стекнување право за земјата да стане полноправен член на Меѓународното Биро за тегови и мери БИПМ. Бројот на вработени во БМ, заклучно со Ноември 2016 изнесува 44 државни службеници.

**Имплементација и спроведување**

Во рамки на БМ формирани се девет лаборатории за калибрација (маса, зафатнина и проток, притисок, температура и релативна влага, електрични големини, акустика, време и фреквенција, густина и должина), лаборатории за преглед и верификација на механички мерила (мерила за должина, маса и сл), како и лабораторија за испитување на состав на легури од злато и сребро. Шест од лабораториите се акредитирани согласно МКС ИСО/ИЕЦ 17025 за калибрација на еталони и мерила и тоа во област на маса, температура и релативна влажност, зафатнина и проток, притисок, електрични големини и акустични мерења. Три од лабораториите (маса, зафатнина и проток и термометрија) имаат објавено калибрациони и мерни можности во базата на податоци на БИПМ.

Во текот на 2016 година за докажување на својата компетентност, БМ учествуваше во повеќе проекти на меѓулабораториски споредби организирани на меѓународно ниво. Табелата подолу содржи податоци за видот и статусот на проектите во кои БМ има земано учество.

| Вид на проект | Област | Идентификација на ILC | Статус |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| Меѓулабораториска споредба (ILC) | ПРОТОК (F) | EURAMET Project No. 1295 "Guide on the calibration, operation and handling of micropipettes" | тековен |
| Меѓулабораториска споредба (ILC) | ПРОТОК (F) | EURAMET Project No. 1322 „Volume comparison at 100 µL – Calibration of micropipettes" | Успешен En<1 |
| Меѓулабораториска споредба (ILC) | ПРОТОК (F) | EURAMET Project No. 1395" Volume comparison at 20 L"e | Мерења во тек |
| Меѓулабораториска споредба (ILC) | ТЕРМОМЕТРИЈА (T) | EURAMET Project No 1358 - Inter-national comparison of the calibration of thermocouple by comparison in the temperature range from 0 °C to 1100 °C | тековен |
| Меѓулабораториска споредба (ILC) | ТЕРМОМЕТРИЈА (T) | EURAMET Project No 1357 - Inter-laboratory comparison of triple point of water (TPW) cells | тековен |
| Меѓулабораториска споредба (ILC) | ТЕРМОМЕТРИЈА (T) | EURAMET Project No 1392 - Comparison of the calibration of noble metal thermocouples up to 1100 °C | Мерења во тек |
| Меѓулабораториска споредба RR 37 и 38 | Хемиска анализа и XRF спектрометриско одредување на содржина на злато и сребро во легури | RR 37&38 организирана во рамки на IAAO и Hallmarking Convention | Завршен критериум за задоволителни резултати Z score < 2 успешно RR 37 (злато) =1,14 RR 38 (сребро) =0,95 |

***Краткорочни приоритети***

**Законодавна рамка**

Од областа на метрологијата се планира:

- Измена и дополнување на Законот за метрологијата заради воведување правна можност за целосно усогласување со Директивата 2014/32/ЕУ и Директивата 2014/31/ЕУ.
- Донесување на нов Правилник за мерила во кој ќе се транспонира Директивата 2014/32/ЕУ;
- Донесување на нов Правилник за неавтоматски ваги во кој ќе се транспонира Директивата 2014/31/ЕУ,

**Имплементација и спроведување**

- Институционален развој и подигање на јавната свест за значењето на метрологијата преку:
  - Јакнење на регионална соработка со склучување билатерални договори за соработка со метролошките институции на Република Хрватска, Република Црна Гора и Босна и Херцеговина
  - Организирање на семинари, работилници и состаноци со различни целни групи (институции на држава, претставници од индустрија, лаборатории) со цел зајакнување на метролошката инфраструктура во Република Македонија, запознавање на јавноста со регулативата во делот на метрологијата, поддршка на стопанството итн.
  - Усогласување на националните подзаконски акти со меѓународни нормативни документи
  - Нови вработувања во делот за научна и законска метрологија
- Јакнење на капацитетите во областа на законската метрологија и индустриската/ научната метрологија:
  - Лабораторија за време и фреквенција - реализација на национален еталон за време и дистрибуција на време на корисници на национално ниво;
  - Зголемување на опсегот на услуги на Бирото за метрологија преку набавка на опрема за поддршка на законската метрологија и операционализација на лабораториите за калибрација, проширување на опсегот на услуги за калибрација на еталони и мерила;
- Учество во проекти на меѓулабораториски споредби

- Одржување на уписите на калибрационите и мерни можности објавени во КДЦБ БИПМ и одржување на акредитацијата на лабораториите согласно ИСО/ИЕЦ 17025;
- Поднесување барања и упис на мерни и калибрациони можности во област на влага и притисок, како и проширување на мерни и калибрациони можности во област на зафатнина
- Проширување на опсег на акредитација на лабораторија за маса;

- Усовршување на знаењата на вработените преку:
  - Обуки организирани на регионално ниво во рамки на ЕУРАМЕТ (EURAMET), ЕМПИР (EMPIR) и сл.
  - Специјализирани обуки на стручниот кадар од БМ во област на индустриска/научна (калибрации на мерила и десеминација на мерни единици) и законска метрологија (верификација на мерила) организирани во рамки на TAIEX
- Активно учество во работата на техничките комитети на ЕУРАМЕТ, работните групи на ВЕЛМЕЦ (WELMEC) и ИААО (IAAO);

***Среднорочни приоритети***

Во областа на метрологија се планира:

- Усогласување на националните подзаконски акти со меѓународни нормативни документи;
- Прогласување на национални еталони на мерните единици во област на температура, релативна влага и притисок во зависност од резултатите од проектите на интеркомпарации;
- Проширување на опсегот на акредитација на лабораториите за димензиони големини според системот за управување со квалитет согласно ИСО 17025;
- Опремување на нова лабораторија во област на метрологија во хемија со осврт на изработка на референтни гасни смеси кои се користат при калибрација на мерила за мониторинг на загадувањето на животна средина, проверка и верификација на гасни анализатори за мерење на издувни гасови од автомобилите
- Активно учество во работата на техничките комитети на ЕУРАМЕТ, работните групи за на ВЕЛМЕЦ;
- Искористување на домашните ресурси пред се на научно образовните институции за наменска едукација и формирање на национални еталони во области каде што БМ нема можности.

**ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ (ПРОВЕРКА, СЕРТИФИЦИРАЊЕ и КОНТРОЛА)**

***Тековна состојба***

Во 2016 година, министерот за економија во согласност со Законот за безбедност на производи донесе 7 нови Решенија за овластување на правни лица за вршење на оцена на сообразност, кои се евидентирани во Регистарот на овластени тела за оцена на сообразност. Решенијата за овластување се објавени на веб-страницата на Министерството за економија. Во согласност со Законот за возила, министерот за економија донесе вкупно 17 решенија за овластување, од кои 6 решение за овластување на правни субјекти за вршење идентификација и оцена на техничката состојба на возилата и 11 решенија за овластување на техничка служба за вршење на одобрување на возилата., согласно проширување на акредитација или реакредитација на правните субјекети.

***Краткорочни/среднорочни приоритети***

Доусогласување на Законот за возила и подзаконските акти согласно законот, со новите директиви на Европска Унија .

Ќе продолжат да се овластуваат тела за оцена на сообразност и технички служби по поднесено барање и извршена акредитација од ИАРМ согласно Законот за безбедност на производи и Законот за возила. Новите овластувања ќе бидат дел од функционирањето на МЛС.

На среден рок се планира зголемување на бројот на македонски тела за вршење оцена на сообразност и нивно учество на пазарите на земјите потписнички на МЛС. Министерството за економија ќе врши нотификација на тела за оцена на сообразност во Европската комисија, по склучување на АКА Договорот или со пристапување во ЕУ.

**НАДЗОР НА ПАЗАРОТ**

***Тековна состојба***

Координативното тело за надзор на пазарот (КТНП) одржува редовни состаноци (најмалку еднаш месечно) за реализација на мерките од Националната програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2015 и 2016 година. Покрај редовните инспекциски надзори кои се вршат преку Одделението за безбедност на производи во Државниот пазарен инспекторат (ДПИ), се вршат и координирани инспекциски надзори по известување добиено од Царинската управа при увоз на производи.

***Краткорочни/среднорочни приоритети***

- подготовка на годишен Извештај за работата на Координативното тело за надзор на пазарот за 2016 година.
- подготовка на Национална програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2017 и 2018 година; и
- ќе се спроведат обуки за државните инспекциски органи во соработка со бизнис заедницата за соодветна примена на правилниците и законите за безбедност на производи и градежни производи врзано со ЦЕ обележувањето и постапката за оцена на сообразност.
- Ќе се поднесе апликација за имплементација на РАПЕКС системот од страна на ДПИ, во соработка со останатите државни органи надлежни за надзор на пазарот.

## 3.01.3 СТАР ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ

***Тековна состојба***

Во 2016 година континуирано се овластуваа нови правни лица за вршење на идентификација и идентификација и оцена на техничка состојба на возилата и за вршење работи од техничка служба како и за вршење на технички преглед на возила. Истото ќе продолжи и во 2017 година.

***Среднорочни приоритети***

На среден рок ќе се измени и дополни Законот за возила, ќе се донесе нов Правилник за одобрување на тип на моторни возила со две или три тркала и четвороцикли и ќе се изменат постоечките Правилници, заради усогласување со новите ЕУ регулативи и директиви од 2016 година.

## 3.01.4 НОВ И ГЛОБАЛЕН ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ

***Краткорочни приоритети***

Во 2017 година ќе се донесе:

- Измена на Законот за безбедност на производите согласно новата регулатива  со уредување и давање на основ за доуредување на техничките прописи
- Уредба за утврдување на процедурите за примена на одредени национални технички правила на производите кои се означени во друга земја членка на ЕУ во која ќе се транспонира Регулативата 2008/764
- Директивата 2014/33/ЕУ ќе се транспонира во нов Правилник за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови;
- Директивата 2014/35/ЕУ ќе се транспонира во нов Правилник за опрема со низок напон;
- Директивата 2014/29/ЕУ ќе се транспонира во нов Правилник за едноставни садови под притисок;
- Директивата 2014/30/ЕУ ќе се транспонира во нов Правилник за електромагнетна компатибилност; и
- Воедно, ќе продолжи подготовката на бараните еврокодови од бизнис заедницата  за градежништво.
- Реализација на едно преземање во Секторот за внатрешен пазар во Министерството за економија, надлежен за слободно движење на стоки.

***Среднорочни приоритети***

Во 2018 година се планира да се транспонираат следните ЕУ директиви:

- Директивата 2010/35/ЕУ  ќе се транспонира во Правилник за пренослива опрема под притисок;
- Регулативата 2016/426 ќе се транспонира во Правилник за апарати на гас;
- Директивата 2014/34/ЕУ ќе се транспонира во Правилник за опрема и заштитни системи кои се наменети за употреба во потенцијално експлозивни атмосфери (АТЕКС); и
- Регулативата 2016/425 ќе се транспонира во Правилник за пуштање на пазар на лична заштитна опрема.
- Исто така, во  2017 година се планира донесување на нов Закон за безбедност на производи доколку се усвои новата Регулатива за безбедност на производи, која е во постапка на усогласување во ЕК.

## 3.01.5 ПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ

***Тековна состојба***

Во согласност со Уредбата за постапката за известување на Европската комисија за донесување на технички и нехармонизирани прописи, технички спецификации и стандарди, ИСРМ изврши нотификација до Европското тело за стандардизација ЦЕН на 5 усвоени изворни национални македонски стандарди.

# 3.02 СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

*Подготовките во областа на слободното движење на работници сè уште се во **рана фаза**. Може да се забележи **одреден напредок**, особено во понатамошно поедноставување на административните процедури за дозволи за работа и престој. Во претстојната година, земјата треба:*

- *да продолжи да ја приспособува правната рамка во согласност со правото на ЕУ за пристап до пазарот на трудот, особено во однос на недискриминација врз основа на националност во поглед на работниците од ЕУ;*
- *да започне да презема чекори во областа на координацијата на системите за социјална заштита со цел да се утврди кои административни мерки (зајакнување на административниот капацитет) ќе треба да се воведат во подготовката за идното пристапување.*

***Резиме***

*Во текот на наредната година, ќе се продолжи со следење на релевантното законодавство во областа на ЕУРЕС со цел усогласување со националното законодавство. Земјата ќе продолжи со преговори за склучување договори за социјално осигурување со неколку земји членки на Европската унија, какои и со други земји. Воедно, се планира потпишување на договори за користење на Европската здравствена картичка, со Хрватска и Унгарија.*

## 3.02.1 ОПШТИ ПРИНЦИПИ НА ПРИСТАП НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

***Тековна состојба***

Во изминатиот период се донесоа измени на Законот за работа и вработување на странци кој се усогласи со Законот за изменување и дополнување на Законот за странци. Со измените се пропиша издавање на дозвола за привремен престој заради работа која преставува единствена дозвола за работа и престој на странецот на кој му се издава. Во моментов, Министерство за внатрешни работи е единствен надлежен орган за издавање единствената дозвола, по претходно позитивно мислење од Агенција за вработување (АВРМ). Воедно, АВРМ е надлежна за пријавување на почетокот и завршувањето на работниот ангажман на странците, како и давање на мислење во постапката која странците ја водат пред Министерството за внатрешни работи за стекнување на единствена дозвола за работа и престој.

***Краткоточни/ среднорочни приоритети***

- Воспоставување на електронски систем преку кој ќе се проследуваат барањата со пропратната документација од МВР кон АВРМ.
- Целосно Усогласување со Директива 2011/98/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 13 декември 2011, за единствена постапка за аплицирање за единствена дозвола за работа и престој на жители од трети земји на територијата на земја членка и заеднички пакет на правила за работниците од трети земји кои легално престојуваат во земја членка, со донесување на нов Закон за странци, во надлежност на Министерство за внатрешни работи. Се планира надлежностите на МТСП во однос на постапките за издавање работни дозволи на странци да преминат во МВР.

## 3.02.2 ЕУРЕС

***Тековна состојба***

Во однос на ЕУРЕС, земјата има извршено делумно транспонирање на *acquis* во националното законодавство и тоа во следните законодавни акти: Закон за вработување и работа на странци[19], Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност[20] и Закон за агенциите за привремени вработувања[21] .

АВРМ, како иден ЕУРЕС партнер, обезбедува голем број на потребните услуги. Минимум стандарите потребни за обезбедување на овие услуги се опфатени со националните закони кои како такви сеуште се од територијален карактер на важност и примена, достапни единствено за граѓаните на Република Македонија. Услугите кои ги обезбедува АВРМ кои се однесуваат на вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност, обезбедување поддршка и помош за учесниците

[19]Службен весник на Република Македонија бр.70/07, 05/09, 35/10, 148/11, 84/12, 148/13,38/14,150/15.

[20] Службен весник на Република Македонија бр.37/97, 25/00, 101/00, 50/2001, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08, 161/08, 50/10, 88/10, 51/11, 11/12, 80/12, 114/12, 39/14, 44/14,112/14,113/14,56/15, 129/15, 147/15, 154/15, 27/16.

[21] Службен весник на Република Македонија" бр. 49/06, 102/08, 145/10, 136/11, 13/13, 38/14, 98/15,147/15.

на пазарот на трудот ќе бидат еднакво достапни и применливи и за граѓаните на земјите-членки на Унијата, откако земјата ќе се стекне со статус на полноправен член на Европската Унија.

***Краткорочни/ среднорочни приоритети***

- Следење на релевантното законодавство поврзано со областите од значење за ЕУРЕС со цел имплеменатција и усогласување со стандардите на ЕУРЕС во националното законодавство.

## 3.02.3 КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

***Тековна состојба***

Република Македонија активно работи на склучување и спроведување на билатерални договори за социјално осигурување. На 1-ви јуни стапи на сила Договорот за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и Република и Република Албанија[22] со којшто се регулираат односите во областа на социјалното осигурување и остварувањето на правата од социјалното осигурување за граѓаните на овие две држави и членовите на нивните семејства. Исто така, во јули 2016 година се потпиша Административната спогодба за спроведување на овој Договор.

Во октомври 2016 година се одржа прв круг на преговори за склучување на Договор меѓу Република Македонија и Руската Федерација за соработка во областа на социјалното осигурување со којшто треба да се обезбеди остварување на правата од социјалното осигурување за граѓаните на овие две држави.

Во текот на ноември 2016 година се одржа експертски состанок меѓу претставници на надлежни институции на Република Македонија и Кралството Данска по однос на Договорот за социјално осигурување меѓу двете држави, потпишан во Копенхаген на 20 март 2000 година[23]. Претставниците на двете држави разменија информации за постојните законски решенија кои се однесуваат на социјалното осигурување и се рефлектираат на потпишаниот текст на договорот.

Во текот на 2016 година се одржаа поголем број активности на органи за врска и тоа: средба меѓу Фондот на ПИОМ и Институтот за социјално осигурување на Албанија; средби на ниво на органи за врска од обалста на пензиското и инвалидското осигурување по однос на спроведување на Договорот за социјално осигурување; работна средба меѓу претставници Фонд на ПИОМ и Департаментот за пензиска администрација на Република Косово; редовна средба на ниво на директори на фондовите / заводите за пензиско осигурување на поранешните ју –републики во Љубљана, Република Словенија, и учество EUMASS Конгрес за вештаци.

Во април 2016 година во Дизедолрф, СР Германија се одржаа советодавни денови за осигурениците, на кои претставници на Фондот на ПИОМ и Германскиот носител на социјално осигурување даваат советодавни одговори и појаснувања за начинот на остварување на правата согласно Договорот за социјално осигурување помеѓу двете држави. По однос на истиот Договор советодавни денови беа одржани и во Скопје, во октомври 2016 година.

Во мај 2016 година во Република Србија беа одржани советодавни денови со претставници на Фондот за ПИОМ и Републичкиот фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Србија. Во текот на советодавните денови граѓаните имаа можност да добијат одговори за остварувањето на правата од социјално осигурување од Договорот за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и СР Југославија. . По однос на истиот Договор советодавни денови беа одржани и во Скопје, во ноември 2016 година.

***Краткорочни приоритети***

- Почеток на спроведувањето на измената и дополнувањето на Договорот за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и Република Словенија;
- Почеток на преговори за склучување на Договор за социјално осигурување со Република Франција, за што веќе се доставени иницијативи со нацрт-текст на Договорот;
- Почеток на примена на Договорот за социјално осигурување меѓу Република Македонија и Кралството Данска
- Продолжување на преговори за склучување на Договор за социјално осигурување со Руската Федерација,
- Примена на Договорите за социјално осигурување со други земји:
    - одржување на средби меѓу претставниците на Фондот за ПИОМ со органите за врска на државите од поранешна СФРЈ, со Република Албанија, Република Турција и Република Косово.
    - одржување на советодавни денови со Германскиот носител за социјално осигурување;
    - одржување на средби со претставници на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) со носителите за здравствено осигурување од Германија, Италија, Хрватска, Словенија, Унгарија и Романија.

[22] Службен весник на република Македонија бр. 80/15.
[23] Службен весник на Република Македонија бр. 37/00.

*Среднорочни приоритети*

- Склучување на Договор за социјално осигурување помеѓу Република Македонија и Република Франција.
- Ќе се иницираат и преговори за склучување на договори за социјално осигурување со неколку земји: Велика Британија, Шпанија, Португалија, Естонија, Литванија, Летонија и Нов Зеланд.

## 3.02.4 ЕВРОПСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

*Тековна состојба*

Претставници на Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) во текот на месец мај 2016 година одржаа средба со претставници на Хрватскиот завод за здравствено осигурување (ХЗЗО), на која се разгледаа и усогалсија одредбите од Договорот за користење на европската картичка за здравствено осигурување (EHIC – European Health Insurance Card) на територија на Република Македонија за хрватските осигурени лица. Се очекува потпишување на Договорот. ФЗОМ има потпишано Договор за користење на EHIC со вкупно 9 земји членки на Европската Унија и тоа со: Словенија, Чешка, Германија, Луксембург, Холандија, Белгија, Бугарија, Австрија и Словачка.

*Краткорочни/среднорочни приоритети*

- Договор за користење на ЕЗК  со Република Хрватска.
- Договор за користење на ЕЗК   со Република Унгарија
- Договор за користење на EHIC со Романија.

**ЕЛЕКТРОНСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Во текот на 2016 година продолжи непречено да се спроведува Проектот за електронска здравствена картичка (ЕЗК) на целата територија на земјата. Исто така, ФЗОМ имплементира повеќе електронски сервиси за користење на услугите од шалтерите по електронски пат со помош на ЕЗК, како од страна на осигурените лица, така и од страна на здравствените работници и овластените лица на компаниите.

Управата за електронско здравство (УЕЗ), во состав на Министерството за здравство (МЗ), продолжи да го имплементира „Националниот систем за електронска евиденција во здравството“, одржува и надградува интегрираниот здравствен информатички систем, кој ги интегира сите здравствени установи, аптеки и останати институции од сите три нивоа на здравствена заштита.

*Краткорочни приоритети*

- Во текот на 2017 година, ЕЗК ќе продолжи непречено да се користи во електронските сервиси и системи воведени од ФЗОМ. ЕЗК ќе се користи како идентификациона картичка, додека сертификатот кој сега е сместен во чипот на картичките и истиот со соодветни безбедносни механизми ќе може да се користи за дигитално потпишување на документи. Овој систем ќе овозможи поголема дигитализаицја на целокупниот здравствен информационен систем преку помасовно користење на дигиталниот потпис не само во ИТ системот на Фондот туку и во останатите системи во целокупниот здравствен информационен систем.
- УЕЗ ќе работи на изработка на нови и одржување на постојните веб сервиси за интеграција и развој на податоци со органите на државната управа и со компаниите кои имаат веќе развиен софтвер или софтвер во употреба во сите нивоа на здравствена заштита (избрани лекари, аптеки, болници, универзитетски клиники, и друго) како и ќе воспостави и води повеќе различни регистри, како што се регистри на здравствени установи, здравствени работници, здравствени соработници, здравствени услуги и постапки, медицински потрошен и помошен материјал, и друго.
- Планираните активности за надградба на системот со електронскиот здравствен картон во однос на потребните податоци за секое осигурено лице и користењето на ЕЗК за потребите на унапредување и олеснување на административните работи во здравствените институции ќе продолжат и понатаму.

*Среднорочни приоритети*

- Во текот на 2018-2019 година е предвидено помасовно користење и употреба на востоставениот систем во останатите ИТ системи на болниците и ИТ системи во институциите од областа на здравството со користење на електронската здравствена картичка.
- Подготовка на анализи и извештаи од податоците внесени во интегрираниот здравствен информатички систем заради предлагање концепти за развој на здравствена политика.

# 3.03 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ

### *Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016*

Земјата е **умерено подготвена** за правото на основање и слобода на давање услуги. Постигнат е **одреден напредок** во текот на извештајниот период, особено во однос на континуираните ангажмани за либерализација на пазарот на поштенските услуги.

Во следната година, земјата треба особено:

- да продолжи со усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ, особено за меѓусебното признавање на професионални квалификации и Директивата за услуги;
- да воспостави единствена точка на контакт за "едношалтерски систем", понатамошно олеснување на пристапот до пазарот за нови претпријатија;
- да се осигура дека либерализација на универзалната поштенска услуга е завршена.

### *Резиме*

*Со донесување на Законот за услуги и со континуирана реализација на Акцискиот план за усогласување со Директивата 32006L0123 ќе се обезбеди слобода на правото на основање и давање на услуги по пристапување во Европската унија. Се планира донесување на Акциски план за воспоствување на „Единствена точка за контакт“ како обврска од Директивата 32006L0123. Со реализација на активностите за воспоставување на „ЕТК“ треба да се овозможи на едно место да се добијат сите неопходни информации за постапките за пристап и за давање услуги, како и започнување и завршување на постапките по електронски пат.*

## 3.03.1 ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ

### *Тековна состојба*

Едношалтерскиот систем за регистрација на бизнис преку Централниот Регистар е целосно функционален и обезбедува регистрација на правни лица на брз и едноставен начин по електронски пат. Електронската регистрација на компании може да се врши преку регистрационен агент, без трошок и во еден единствен чекор.

Во согласност со препораките содржани во физибилити студијата за воспоставување на „Единствена точка за контакт (ЕТК)“ што е обврска од директивата, Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) во соработка со Министерството за економија подготви Акциски план за воспоставување на „ЕТК“, што ќе претставува напредок во успешната имплементација на Директивата 32006L0123.

### *Краткорочни приоритети*

Предвидените законодавни активности во Акцискиот план за усогласување со Директивата 32006L0123 ќе продолжат да се спроведуваат со цел отстранување на идентификуваните пречки и поедноставување на постапките за издавање на дозволи и одобренија за правото на основање.

Се планира донесување на Акцискиот план за воспоставување на „ЕТК“ во кој се предвидени потребните активности за нејзино воспоставување. МИОА е надлежна институција за развивање, администрирање и одржување на „ЕТК“. Со воспоставување на „ЕТК“ треба да се овозможи на едно место да се добијат сите неопходни информации за постапките за пристап и за давање услуги, како и започнување и завршување на постапките по електронски пат.

### *Среднорочни приоритети*

Во следниот среднорочен период се планира продолжување на активностите за поедноставување на административните постапки со цел олеснување на постапката за започнување и водење на бизнис во земјата.

Се планира реализација на активностите предвидени во Акцискиот план за воспоставување на „ЕТК“, вклучувајќи собирање и анализа на податоци за постојните ИТ капацитети на надлежните институции, развивање на електронско решение за ЕТК и негова имплементација.

## 3.03.2 СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ

### *Тековна состојба*

Подготвен е Предлог на Закон за услуги во кој се транспонирани општите принципи на Директивата 32006L0123. Ревидираниот текст е доставен до Европската комисија за евентуални дополнителни коментари. Предлог законот содржи одредби со кои ќе се обезбеди прекугранично давање на услуги по пристапувањето на земјата во Европската унија. Со донесување на законот ќе се обезбеди правна рамка за елиминирање на преостанатите бариери кои го попречуваат пристапот и давањето на услуги во земјата.

### *Краткорочни приоритети*

Се планира усвојување на Предлог Законот за услуги во 2017 година.
Продолжуваат активностите за натамошна анализа на усогласеноста на законодавството во услужниот сектор со Директивата 32006L0123 во делот на прекуграничното давање на услуги и врз основа на резултатите од анализата, ажурирање на Акцискиот план за усогласување со Директивата 32006L0123.

### *Среднорочни приоритети*

На среден рок се планира спроведување на Законот за услуги и усогласување на посебните прописи во услужните сектори со одредбите од законот со што ќе се обезбеди прекуграничното давање на услуги по пристапувањето во ЕУ согласно со барањата на директивата за услуги.

## 3.03.3 ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ

### *Тековна состојба*

Во текот на 2016 година издадени се 9 нови Општи овластувања за обезбедување на поштенски услуги на субјекти заинтересирани да работат во овој сектот. Заклучно со 2016 година на пазарот на поштенските услуги работат вкупно 34 даватели на поштенски услуги.
Со цел изготвување подетална анализа за движење на пазарот на поштенските услуги, Агенцијата за пошти (АП) во текот на 2016 година изврши измена на Правилникот за видовите на финансиски податоци и информации поврзани со обезбедувањето на поштенските услуги и начинот на нивното доставување до агенцијата, како и измена на Извештаите за обезбедување на поштенските услуги. Во измените на Правилникот утврдени се податоците кои давателите на поштенските услуги треба да ги доставуваат, како и начинот на нивното доставување.
АП во 2016 година ангажира независна компанија да врши мерење на квалитетот на достава на единични поштенски пратки кај давателот на универзална услуга за период од две години. Согласно законската регулатива и прописите донесени во согласност со нив, пропишани се стандарди за квалитетот за обезбедување на услугите опфатени со универзалната услуга, параметрите за квалитет и нивното мерење. Во мерењето вршено согласно стандардот МКТИ EN 13850:2002+A1, опфатено е мерење на достава на пратки шест дена во неделата, со географска стратификација на урбано- урбано, урбано –рурално подрачје, рурално -рурално подрачје и рурално –урбано подрачје.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Имајќи ги предвид последните измени на Законот за поштенските услуги („Службен весник на РМ“ бр. 158/2010, ,27/2014,42/2014,187/2014,146/2015,31/2016,190/2016), со кои се одлага процесот на целосна либерализација на пазарот на поштенските услуги и се продолжува со обезбедувањето на резервираната услуга од страна на давател на универзална услуга, АП и во наредниот период ќе биде насочена кон создавање на еднакви услови и можности за работа и за останатите даватели на поштенски услуги.
И во 2017 година АП ќе продолжи со активностите за мерење на квалитет на достава на единични поштенски пратки кај давателот на универзална услуга.
Изготвување на анализи и статистички извештај за поштенските активности ќе биде дел од работните активности на АП преку анализирање на податоците доставени од давателите на поштенските услуги. Следење на светските трендови во областа на поштенските услуги и ставање акцент на услугите кои се во постојан подем на развивање со овозможување реални услови за развој и на нашиот пазар. Развој на е-трговијата како идна нова услуга на светските пазари да биде во овозможена и на пазарот во земјата преку намалување на законските бариери и доволна информираност на граѓаните за предностите кои ги нуди оваа услуга.
Воведување на системот за посебно сметководство кај давателот на универзалната услуга, што е и нотирано во Извештајот на ЕК.

Надзорот и контролата над давателите на поштенските услуги и над целосниот пазар на поштенските услуги во насока на сузбивање на нелојалната конкуренција е постојана активност на Агенцијата за пошти.

**Институционална рамка, имплементација и спроведување**

АП има вкупно 16 вработени и 5 овластени лица за вршење на надзор и контрола на пазарот на поштенските услуги. За вработените во Агенцијата предвидени се континуирани обуки и едукација на лицата со цел стекнување знаења за успешно спроведување на своите надлежности.

***Среднорочни приоритети***

Со оглед на продолжување на рокот за воведување на целосна либерализација на пазарот на поштенските услуги активностите на АП и понатаму активно ќе бидат насочени кон натамошното унапредување и исполнување на критериумите за целосно усогласување на законодавството, како и јакнењето наинституционалните капацитети за спроведување на европските стандарди.

## 3.03.04 ЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ КВАЛИФИКАЦИИ

***Тековна состојба***

Правната регулатива во Република Македонија се уште не е целосно усогласена соодредбите од Директивата 36/2005/ЕЗ и 55-/2013/ЕУ. Согласно препораките и мислењето на Европската Комисија процесот се однесува не само на целосно усогласување на „Законот за признавање на професионални квалификации" („Службен весник на Република Македонија" бр. 171/2010), туку и преку натамошно усогласување на хоризонталното законодавство со истите. Преку овој процес на правна регулација ќе се воспостави и функционален национален институционален систем кој ќе го управува овој процес.

Исто така, важен предуслов за целосно функционирање на процесот на заемно признавање на професионалните квалификации во земјата, согласно директивите на ЕУ, е усогласувањето на образовните програми за високо образование за професиите: доктор по општа медицина, доктор по стоматологија, дипломирана медицинска сестра/медицински техничар,дипломирана акушерка, ветеринарен хирург и архитект, со условите за мимимум обука дадени во анексите на директивата 36/2005/ЕЗ.

Во 2016 год, започна со имплементација на ИПА Проектот „Имплементација на Директивата 36/2005/ЕЗ за заемно признавање на професионални квалификации во националното законодавство", чија основна цел е обезбедување на натамошна имплементација на одредбите на ЕУ за оваа област преку три сегменти:

- Правна усогласеност на Законот за заемно признавање на професионални квалификации на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 171/2010), како и обезбедување на препораки за усогласеност со иститот на останатите закони кои го регулираат пристапот кон пазарот на трудот за автоматските признаени професии;
- Зајакнување на институтционалните капацитети на надлежните институции кои ќе бидат вклучени во овој процес преку обезбедување на обуки за имплементација на директивите 36/2005/ЕЗ и 55/2013/ЕУ и
- Подготовка и инсталација на соодветно софтверско решение за подршка на овој процес.

***Краткорочни приоритети***

- Усвојување на нов Закон за заемно признавање на професионалните квалификации со кој ќе се укине претходниот закон и ќе се обезбеди целосна усогласеност со Директивите 36/2005/ЕЗ и 55/2013/ЕУ;
- Усвојување на соодветни подзаконски акти кои ќе произлезат од овој Закон;
- Анализа и препораки за усогласување на програмите за образование на високообразовните институции за професиите доктор по општа медицина, доктор по стоматологија, дипломирана медицинска сестра/медицински техничар, дипломирана акушерка, ветеринарен хирург и архитект, со условите за мимимум обука дадени во анексите на директивата 36/2005/ЕЗ;
- Анализа и препораки за усогласување на законите во земјата кои ги регулираат условите за вршење на одредена професија која спаѓа во т.н. автоматски систем на признавање на професионалниа квалификација согласно Директивите 36/2005/ЕЗ и 55/2013/ЕУ;
- Изготвен регистар на регулирани професии во земјата, согласно препораките на Евроспката унија;
- Софтверско решение за веб страница за регулирани професии;
- Обуки за претставниците на меѓуресоркста група за признавање на професионални квалификации како и сите останати одговорни лица од соодветните институции кои ќе бидат вклучени во процесот.

***Среднорочни приоритети***

Се очекува активностите во следниот период да бидат фокусирани кон останатите вклучени институции во процесот на заемно признавање на професионални квалификации, односно потребно е усогласување со следните одредби:

_Директиви за токсични производи 74/557/ЕЗ и 74/556/ЕЗ

- Идентификување и координација на сите вклучени односно вклучени страни во меѓуресорското тели за хемикалии на Репулбика Македонија, согласно Законот за хемикалии;
- Усогласување на Законот за хемикалии на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 53/11, 164/13, 116/15 и 149/15) со директивите за токсични производи;
- Усогласување на останатите секторски закони и подзаконски акти кои се однесуваат на некои аспекти за употреба, производство и дистрибиција на токсични производи/хемикалии со директивите на ЕУ за токсични производи (Закон за прозиводи за заштита на растенија „Службен весник на Република Македонија" бр.110/07; 20/09; 17/11; 53/11 и 10/15), Закон за заѓтита на животна средина „Службен весник на Република Македонија" бр. 103/12), Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни „Службен весник на Република Македонија" бр 163/13),Закон за транспорт на опасни материи во патен и железнички сообраќај „Службен весник на Република Македонија" 92/07; 12/12; 30/16).

Директиви за замено признавање на професионални квалификации 36/2005/ЕЗ и 55/2013/ЕУ

- Усогласување на одредбите од Закон за здраствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 65/13, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 101/14, 132/14, 188/14, 10/15 и 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16), Закон ветеринарно здраство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 67/10, 24/11, 136/11, 123/12 и 154/15), Закон за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 49/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16 и 39/16) кои се однесуваат на условите и начинот на вршење на регулирана професија: доктор по општа медицина, доктор по стоматологија, дипломирана медицинска сестра/медицински техничар,дипломирана акушерка, ветеринарен хирург и архитект, согласно одредбите од Директивите;
- Усогласување на високообразовните програми на националните високо образовни институции со минимум барања за обука согласно Анексите на Директивата 36/2005/ЕЗ за професиите: доктор по општа медицина, доктор по стоматологија, дипломирана медицинска сестра/медицински техничар,дипломирана акушерка, ветеринарен хирург и архитект.

# 3.04СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ

### *Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016*

Во областа на слободното движење на капиталот, земјата е **умерено подготвена**. Беше постигнат **одреден напредок,** особено во борбата против перењето пари и финансирањето тероризам. Во претстојната година, земјата треба особено:

- да го спроведе новото законодавство за платни системи и капитал;
- да покаже цврсти резултати во борбата против перењето пари и финансирањето тероризам и да заврши национална проценка на ризик и понатаму да се усогласи со правото на ЕУ.

### *Резиме*

*Ќе се донесе нов Закон за платежни услуги и системи во кој ќе бидат транспонирани Директивата2007/64 за платежни услуги, Директивата 2009/110за електронски пари и Директивата 98/26 за конечност на порамнувањат, како и подзаконските акти од областа на платежните услуги кои ќе произлезат од Закон за платежни услуги и системи. На среден рок ќе се врши усогласување на прописите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во насока на транспонирање на одредбите од Директива 2015/849 за спречување на користење на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам.*

## 3.04.1ДВИЖЕЊА НА КАПИТАЛ И ИСПЛАТИ

### *Тековна состојба*

Во почетокот на 2016 година, Народната банка изврши ревидирање на дел од подзаконските акти донесени врз основа на Законот за девизното работење, со кои се овозможи намалување на административниот товар за банките при отварање девизни сметкина резиденти и нерезиденти, како и за правните лица при наплата во ефектива во странска валута при трансакции со нерезидентни клиенти.

### *Краткорочни/ среднорочни приоритети*

Со влегување во втората фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација ќе се изврши понатамошна либерализација во делот на движењето на капитал и исплати согласно одредбите од Спогодбата.

## 3.04.2 ПЛАТЕН СИСТЕМ

### *Тековна состојба*

Во август 2016 година заврши Проектот „Понатамошна хармонизација со законодавството на ЕУ во областа на движење на капитал и платежни и финансиски услуги - пазари на хартии од вредност и инвестициони услуги“, финансиран од ИПА 2010. Во рамки на проектот се подготви Нацрт текст на законот за платежни услуги и системи во кој се транспонирани барањата на ЕУ директивите за платежни услуги (2007/64/ЕЗ), за електронски пари (2009/110/ЕЗ) и за конечност на порамнувањата (98/26/ЕЗ).

Исто така, во рамките на проектот, се одржаа и студиски посети, семинари и работилници кои се однесуваа на подготовката на новиот Закон за платежни услуги и системи. Во март 2016 година претставници на Министерството за финансии и НБРМ, оствари ја студиска посета во Банката на Франција. Во рамки на студиската посета беа одржани работни средби со претставници на Народната банка на Република Франција, со давателите на платежни услуги во Франција (SlimPay) и (STEP 2 ABE) како и со претставниците од Директоратот за овластување и издавање на дозволи и Директоратот за заштита на потрошувачите.Оваа студиска посета овозможи да се согледа начинот на имплементирање на Директивите од областа на платежните услуги, како и проблемите со кои се соочиле институциите при имплементација на истите .

На почетокот на 2016 година Народната банка ја донесе новата подзаконска регулатива за платежна статистика која во значаен обем беше усогласена со Регулативата за платежната статистика бр. 1409/2013 на Европската централна банка. Од почетокот на април 2016 година, банките, платните системи и останатите известувачи доставуваат податоци до Народната банка согласно новата подзаконска регулатива за платежна статистика.

На почетокот на 2016 година, Народната банка ја донесе новата подзаконска регулатива за надгледување на платните системи која е усогласена со Принципите за инфраструктура на финансиските пазари на Банката за меѓународни порамнувања и Организацијата на Комисии на хартии од вредност. Новата регулатива се очекува да започне со примена во август 2017 година. Притоа, во текот на 2016 година се изработи предлог на политика за надгледување на платните системи и се оствари ја работни средби со операторите на платните системи за усогласување со барањата од новата регулатива за

надгледување на платните системи. Исто така, Народната банка изработи предлог упатство за известување од страна на платните системи со цел зајакнување на вонтеренското надгледување на платните системи, кое ќе се применува од почетокот на четвртиот квартал од 20017 година.

Во 2016 година Народна банка ја организираше деветтата меѓународна конференција за платни системи и системите за порамнување хартии од вредност во соработка со Централната банка на Холандија и Централната банка на Португалија, на која беа опфатени теми поврзани со платежната инфраструктура и новините во регулативата на ниво на ЕУ.

***Краткорочни приоритети***

До крајот на 2017 година ќе се донесе Законот за платежни услуги и системи во кој ќе бидат транспонирани Директивата за платежни услуги ( 2007/64/ЕЗ), Директивата за електронски пари (2009/110/ЕЗ) и Директивата за конечност на порамнувањата (98/26/ЕЗ). Исто така ќе се донесат и подзаконските акти од областа на платежните услуги кои ќе произлезат од Законот за платежни услуги и системи.

Новиот Закон за платежни услуги и системи ќе придонесе за отворање на пазарот на платежни услуги за даватели на платежни услуги кои не се банки и за нови издавачи на електронски пари и зголемување на конкуренцијата во овој сегмент од платниот систем; воспоставување на усогласен прудентен режим за давање овластувања на даватели на платежни услуги кои не се банки и на издавачи на електронски пари, заради обезбедување на соодветно ниво на безбедност на корисниците на платежните услуги и хармонизирани правила за работење кои ќе се применуваат на сите даватели на платежни услуги и издавачи на електронски пари заради обезбедување на еднаков пристап на пазарот на платежни услуги.

Во 2017 година се планира натамошно унапредување на апликацијата и извештајните форми кои произлегуваат согласно рамката за платежна статистика и рамката за надгледување на платни системи во делот на вонтеренско надгледување на платните системи.

Во 2017година се планира организација на десета јубилејна меѓународна конференција за платни системи и системите за порамнување хартии од вредност во соработка со Централната банка на Холандија и Централната банка на Португалија, на која ќе се опфатат теми поврзани со платежната инфраструктура, иновациите во сферата на плаќањата и новините во регулативата на ниво на ЕУ.

Националната стратегија за развој на платниот систем за периодот 2013-2017 г. дефинира осум приоритетни стратегиски насоки за следната година. Практичната реализација на стратегиските насоки ја вршат работни групи составени од претставници од Министерството за финансии, НБРМ, Клириншки интербанкарски систем (КИБС), Интернационален картичен систем (КАСИС) и комерцијалните банки, формирани од страна на НСПС (Националниот совет за платни системи на Република Македонија). Не се предвидува посебен буџет за активностите на работните групи.

Секторот за финансиски систем при Министерството за финансии е надлежен за правната рамка од областа на платните системи и во наредниот период истиот ќе се зајакнува со нови вработувања.

***Среднорочни приоритети***

Во делот на платните системи ќе се продолжи со понатамошно следење и усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија, односно усогласување со Директивата 2014/92/ЕЗ на споредливост на провизии поврзани со платежните сметки, пренос на платежни сметки и пристап до платежните сметки со основни карактеристики.

## 3.04.3 СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

***Тековна состојба***

Правната рамка која ја регулира превенцијата од перење пари и финансирање на тероризам е поставена со Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам[24] како и со Одлука за начинот и постапката за воспоставување и примена на програмата на банка за спречување перење пари и финансирање на тероризмот[25].

Со Законот се утврдуваат мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари, поврзани казниви дела и финансирање на тероризам и надлежноста на Управата за финансиско разузнавање (УФР). Одлуката ги содржи минималните стандарди кои што треба да ги применат банките заради воспоставување соодветна програма, при што секоја банка може да вклучи дополнителни елементи во своите внатрешни акти, во зависност од обемот и природата на активностите што ги извршува.

Системот за борба против перење пари и финансирање на тероризам го сочинуваат:

- субјектите- физички и правни лица задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и:

[24]„Службен Весник на РМ“ бр. 130/2014, 192/2015 и 27/2016
[25]„Службен Весник на РМ“ бр. 103/2010 и 60/2011

- УФР- орган во состав на Министерство за финансии со својство на правно лице, надлежен за прибирање, обработка и доставување на податоци за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам;
- органите на прогонот- Министерство за внатрешни работи, Управа за финансиска полиција и Јавно обвинителство за борба против организиран криминал - органи кои постапуваат по извештаите доставени од страна на Управата за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Во оваа категорија се вбројува и Царинската Управа, која покрај другите надлежности, го следи внесувањето и изнесувањето на готовина од земјата;
- органите кои вршат надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на субјектите- Народната Банка, Агенцијата за супервизија на осигурување, Комисија за хартии од вредност, МАПАС, Управа за јавни приходи, Агенција за пошти, Адвокатска комисија и Нотарска комисија.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во насока на имплементација на одредбите на IV Директива 2015/849 за спречување на користење на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам од 20.05.2015 година во националното законодавство, УФР спроведува активности на подготовка на нов Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Ќе биде подготвена Национална стратегија за борба потив перење пари и финансирање на тероризам.

НБРМ ќе донесе Одлука за управување со ризикот од перење пари и финансирање на тероризам. Со оваа Одлука се пропишуваат минималните стандарди за управувањето со ризикот од перење пари и финансирање тероризам и почитување на мерките за спречување перење пари и финансирање тероризам, пропишани во Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Согласно горе наведената Одлука, секоја банка е должна да донесе и применува политика за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и да воспостави соодветна организациска поставеност за управување со ризикот од перење пари и финансирање на тероризам.

**Институционална рамка**

Планирани се континуирани обуки и едукација на лицата вработени во УФР и другите надлежни органи кои ги спроведуваат мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, како и финансиските и нефинансиските институции.

Исто така, планирано е одржување и континуирана надградба на системот за електронско прибирање на податоци, автоматска обработка и категоризација, анализа на случаи и генерирање на извештаи во Управата.

### *Среднорочни приоритети*

На среден рок ќе се врши усогласување на прописите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во насока на транспонирање на одредбите од IV Директива.

На среден рок ќе продолжи институционалната надградба, одржување и унапредување на техничките капацитети на УФР, одржување на ефикасен систем на меѓуинституционална и меѓународна соработка, имплементација на Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам и имплементација на активностите утврдени со деталниот работен план на Проектот за борба против економски криминал.

### *Програми и проекти*

Во 2016 година, започна „Проектот за борба против економски криминал“. Проектот е со времетраење од 36 месеци е финансиран од страна на ЕУ и Советот на Европа и имплементиран од страна на Советот на Европа. Согласно утврдениот работен план, предвидена е реализација на активности на полето на законодавството, институционалната рамка за зајакнување на персоналните и оперативните капацитети.

# 3.05 ЈАВНИ НАБАВКИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област, која особено подлежи на корупција. Во текот на периодот за кој се известува **не е постигнат напредок**. Ниту една од препораките не е спроведена. Потребни се значителни напори за да се обезбеди транспарентен, ефикасен и ефективен режим за јавни набавки. Потребно е да се направи повеќе за спречување на неправилностите и корупцијата за време на циклусот на набавки. Треба да се следат истрагите во однос на наводите за сериозни конфликти на интереси и злоупотреба на јавна функција. Во следната година, земјата треба особено:

- да го преиспита задолжителното користење на е-аукцијата, како и улогата на Советот за јавни набавки;
- да гарантира еднаков третман на постапките на ЕУ и целосно да се усогласи со правото на ЕУ особено во областа на концесии;
- да гарантира дека информациите за нерегуларности се истражуваат соодветно

***Резиме***

*Во текот на 2017 и 2018 година, ќе се изврши усогласување со законодавството на ЕУ, со цел подготовка на Предлог Закон за јавните набавки во кој ќе се транспонираат: Директивата за набавки во областа на одбраната и безбедноста 2009/81/ЕЗ, Директивата 2014/24/ЕУ за јавни набавки во класичниот јавен сектор, Директивата 2014/25/ЕУ за набавки на субјекти кои работат во секторите водостопанство, енергетика, транспорт и поштенски услуги и Директивата за правна заштита 2007/66/ЕЗ.*

*Покрај тоа, ќе се реализира предложената Стратегија за развој на електронскиот систем за јавни набавки 2017-2021.*

*Во текот на 2017 година, ќе се изврши надградба и редизајн на ВЕБ страната на Државната комисија за жалби по јавни набавки со воведување на алатки за напредно пребарување на одлуките на ДКЖЈН, со што ќе се подобри пристапот за пребарување на интернет, а со тоа и ќе се зголеми транспарентноста во работењето.*

## 3.05.1.ОПШТИ ПРИНЦИПИ

***Тековна состојба***

Во 2016 година, Законот за јавните набавки се измени и дополни два пати, со цел поефикасно спроведување на постапките за доделување на договорите за јавни набавки и тоа: се изврши усогласување со измените на Законот за администрација во насока на усогласување со условите за познавање на странски јазици за административните службеници; адвокатските услуги поради својата специфичност, се исклучуваат од примена на законот; исто така воведен е втор исклучок со кој се исклучува примената на договорите што се склучуваат помеѓу општините во рамки на меѓуопштинската соработка која е уредена со Законот за меѓуопштинска соработка, со цел да се олесни работењето на општините.

Во 2016 година, бројот на редовно вработени во Бирото за јавни набавки (БЈН) изнесуваше вкупно 24 лица. Советот за јавни набавки почнувајќи од 01.01.2016 година, функционира како самостоен државен орган со својство на правно лице. Во Советот за јавни набавки работат 34 лица, како и 6 членови на Советот.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Приоритет во 2017 година ќе биде усогласување со ЕУ законодавството и воведувањето на добрите практики во јавните набавки. БЈН ќе подготви нов текст на Предлог Закон за јавните набавки во кој ќе се транспонира Директивата за набавки во областа на одбраната и безбедноста 2009/81/ЕЗ, Директивата 2014/24/ЕУ од 26 февруари 2014 година за јавни набавки во класичниот јавен сектор, Директивата 2014/25/ЕУ од 26 февруари 2014 година за набавки на субјекти кои работат во секторите водостопанство, енергетика, транспорт и поштенски услуги и Директивата за правни лекови 2007/66/ЕЗ. Имајќи предвид дека Директивата за правна заштита 66/2007/ЕЗ не е целосно транспонирана (во доменот на ништовноста и роковите), ќе се изврши анализа за усогласување на истата во новиот текст на Законот за јавните набавки, во тесна соработка со Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Институционална рамка**

БЈН ќе продолжи со задолжително сертифицирање на службениците од договорните органи во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки. БЈН ќе го зајакне својот капацитет со нови вработувања.
Во текот на 2017 година, БЈН ќе ги продлабочи воспоставената соработка и размена на искуства со соодветните институции во земјите од југозападен Балкан.

### *Среднорочни приоритети*

Ќе се донесе нов Закон за јавните набавки кој ќе се усогласи со Директивата за набавки во одбраната и безбедноста 2009/81/ЕЗ, новиот пакет директиви за јавни набавки од 2014 година и Директивата 2007/66/ЕЗ за правна заштита. На среден рок се планира и транспонирање на Директивата 2009/33/ЕЗ за промовирање на чисти и енергетски ефикасни патни товарни возила.
На среден рок ќе се обучувааат и усовршуваат вработените во БЈН, а воедно и ќе се унапредува институционалниот капацитет.

## КОНЦЕСИИ И ЈАВНО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

### *Тековна состојба*

Во изминатиот период се продолжи со тековните активности во имплементација на Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Законот беше изменет три пати и тоа:

- измената со кој се забрани концесионерот или приватниот партнер, плаќањето на концесискиот надоместок да го плаќа со државни обврзници[26],
- измената со која се изврши електронско поврзување на органите надлежни за спроведување на постапката за концесии и јавно приватно партнерство со Катастарот за недвижности заради прибавување и доставување на податоци за недвижностите поврзани со постапката за доделување на договорите за концесија или јавно приватно партнерство[27],
- измената со која се воведе обврска за јавниот партнер доколку одлучи да спроведе постапка за доделување на нова концесија или нов договор за јавно приватно партнерство, истата да ја започне шест месеци пред истекот на тековната концесија или јавно приватно партнерство.[28]

Во овој период се донесе и Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за електронска аукција за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство[29], со кој се регулира начинот на користење на единствениот електронски систем воспоставен во Министерството за економија, во насока на обезбедување на поголема транспарентност и конкурентност во постапките за доделување на овој вид на договори.
Во рамки на Министерството за економија е воспоставен Регистарот на доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнерство во хартиена и во електронска форма, кој содржи податоци за оние договори кои се доставени во пропишана форма согласно закон од страна на органите надлежни за спроведување на предметниот договор.
Владата на Република Македонија донесе Одлука за основање на Советот за јавно приватно партнерство[30] .

### *Краткорочни приоритети*

Во текот на 2017 година приоритет ќе бидат активностите во насока на усогласување на Законот за концесии и јавно приватно партнерство со ЕУ законодавството, за која цел во овој период се планира да се изврши сеопфатна анализа на Директивата 2014/23/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 26 февруари 2014 година за доделување на договорите за концесија, со компаративен приод на законодавството на ЕУ во соодветната област.
Заради континуирано и доследно извршување на надлежностите на Одделението за концесии и јавно приватно партнерство утврдени со закон, во 2017 година се предлага негово доекипирање и стручно доусовршување во соодветната област.

### *Среднорочни приоритети*

На среден рок се планира да се изврши измена на Законот за концесии и јавно приватно партнерство кој ќе се усогласи со Директивата 2014/23/ЕУ.
На среден рок ќе се унапредува институционалниот капацитет на Одделението за концесии и јавно приватно партнерство со негово доекипирање и континуирано обучување и усовршување на вработените во истото.

[26] „Службен весник на РМ“ бр.33/2015
[27] „Службен весник на РМ“ бр.104/2015
[28] „Службен весник на РМ“ бр.215/2015
[29] „Службен весник на РМ“ бр.231/2015
[30] „Службен весник на РМ“ бр.103/2013

## 3.05.2 ДОДЕЛУВАЊЕ ЈАВНИ ДОГОВОРИ

***Тековна состојба***

Со цел олеснето и поефикасно учество на компаниите во постапките за јавни набавки преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), БЈН во соработка со Централниот регистар на РМ ја воведе услугата – Тендерско досие, преку која економските оператори имаат можност за електронско купување на пакет на документи – електронски потврди, потребни за учество на јавните набавки. Економските оператори  имаат можност да изберат помеѓу три пакети документи: Документи за докажување на лична состојба, професионална способност и економско финансиска состојба; Документи за докажување на лична состојба и професионална способност и Документ за докажување на економско финансиска состојба – Извештај од билансот на состојба и билансот на успех.

Проектот „Тендерско досие“ има за цел да ја зголеми ефикасноста при подготовка и поднесување на понудите, намалување на трошоците на економските оператори, подигање на нивото на правна сигурност како и олеснување и поедноставување на целиот процес на учество на постапките за јавни набавки. Исто така, ЕСЈН се надгради со нова функционалност со што се постигнува поголема транспарентност и прегледност во однос на склучените договори со поврзување на основните договори за јавни набавки со известувањата за склучени договори врз основа на склучени анекси за дополнителни работи.

Паралелно со надградување на ЕСЈН со нови алатки и функционалности се надградуваат и постоечките тендерски документи, прирачници и водичи.

Во согласност со Годишниот план за едукација за јавни набавки за 2016 година, се спроведоа 15 обуки со 264  посетители на едукацијата за јавни набавки, сите од договорните органи, за лицата кои по прв пат треба да се стекнат со сертификат за положен испит за лице за јавни набавки. Исто така, се одржаа 13 обуки за ресертификација, на кои се ресертифицираа 234 лица.

Соработката со државните органи како што се Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Државната комисија за жалби по јавни набавки и Советот за јавни набавки, беше успешна во текот на целата година. Со цел натамошно зајакнување на соработката, Бирото, Државната комисија за жалби по јавни набавки и Советот за јавни набавки одржаа неколку координативни состаноци во текот на годината за да се разгледаат одредени отворени прашања во однос на примената на законот и да се усогласат ставовите.

На барање на Државниот завод за ревизија, БЈН во периодот од 27-29 јануари 2016 година, одржа 3 обуки за измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки. Тема на обуката беа Измените и дополнувањата на Законот за јавните набавки кои стапија во сила во текот на 2015 година и новините кои се однесуваат на електронскиот систем за јавни набавки, како и начинот на постапување на Советот за јавни набавки по добивањето на барањата за согласност од страна на договорните органи. Обуката ја слушаа 67 лица од Државниот завод за ревизија. Ваквата обука се одржува неколку години по ред, при што се зајакнува соработката на двете институции.

***Краткорочни приоритети***

БЈН ќе продолжи со надградба на ЕСЈН со цел олеснување на пристапот на корисниците и поефикасно спроведување на електронските постапки за доделување на договор за јавна набавка имајќи ги предвид законските одредби за задолжително користење на електронски средства при спроведување на јавните набавки. Со користење на е-набавките ќе се зголемат ефикасноста и ефективноста на системот за јавни набавки, а воедно ќе се зголемува и транспарентноста во постапките.

Како резултат на спроведената оценска мисија, Светска банка одобри грант (неповратни средства) за развој и унапредување на јавните набавки (SAFE Multi-Donor Trust Fund). Средствата се строго наменски со цел да се обезбеди поддршка за реализација на Стратегијата за развој на ЕСЈН 2017-2021. Со овие средства се планира надградба на ЕСЈН со нови фунционалности и тоа: секој заитересиран економски оператор да може да ја прегледа тендерската документација без да се регистрира и да се преплати на електронскиот систем, надградба на ЕСЈН со посебен модул за објава на огласи за јавни набавки од меѓународни институции и донатори со цел да се зголеми видливоста на овие тендери, како и воведување на електронски начин на плаќање за регистрација на економските оператори на ЕСЈН.

Во 2017 година ќе продолжат редовните обуки во согласност со динамиката утврдена во Планот за едукација за јавните набавки.

Советот ќе обезбедува законитост во постапките, преку издавање согласности во случаите кога значително се ограничува пристапот до предметната постапка за доделување договор за јавна набавка.

Со цел постојано да се унапредува воспоставениот систем за јавни набавки, Бирото ќе соработува со институциите кои од свој аспект на делување влијаат врз истиот како што се Министерството за правда, Советот за јавни набавки, Државната комисија за жалби по јавните набавки, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупција, Комисијата за заштита на конкуренцијата и други институции.

***Среднорочни приоритети***

Во овој период, имајќи ја во предвид законската обврска за 100% електронски јавни набавки до 2018 година, акцент ќе биде ставен на воведување на е-жалби и е-архива на електронските постапки за јавни набавки.
Исто така, на среден рок ќе се изврши надградување на постоечките тендерски документи, прирачници и водичи.

## 3.05.03 ПРАВНИ ЛЕКОВИ

### *Тековна состојба*

Со измените на Законот за јавните набавки (ЗЈН) во 2016 година, не се зголемија надлежностите на Државната комисија за жалби по јавни набавки (ДКЖЈН).
ДКЖЈН е составена од Претседател и 4 (четири) членови кои се именувани од Собранието на Република Македонија. Во стручната служба на Државната комисија се вработени 13 лица. Во текот на 2016 година продолжи учеството на претставници на ДКЖЈН на работилници и други облици на обуки на теми поврзани со правните лекови во постапките за јавни набавки, концесии и јавно – приватно партнерство, како и спроведувањето на генеричките и специјализираните обуки на вработените државни службеници во стручната служба на Државната комисија. Воедно од страна на Државната комисија беа организирани и две обуки на кои учествуваа претставници од договорните органи и економските оператори, со цел пренесување на знаењето и едукација на приватниот и јавниот сектор, за системот на правна заштита во областа на јавните набавки во кои обучувачи беа членовите на Државната комисија. Во соработка со СИГМА се реализираше Конференцијата за телата за правна заштита при јавните набавки од земјите од регионот. На конференцијата активно учество земаа претставници од телата за јавни набавки од Република Македонија како земја домаќин, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Косово, Турција, Словенија, Хрватска и Црна Гора.

### *Краткорочни приоритети*

Соработката со засегнатите институции ќе продолжи во поглед на правната заштита, со цел подобрување на регулативата за јавните набавки, концесиите и јавното приватно партнерство. Ќе продолжи соработката со Бирото за јавни набавки, Советот за јавни набавки, Министерството за економија и другите институции кои се директно инволвирани во остварувањата на правата од Законот за јавните набавки и Законот за концесии и јавно приватно партнерство. Согласно воспоставената пракса ќе се одржуваат редовни месечни состаноци со БЈН и СЈН во насока на унапредување и засилување на целокупниот систем за јавни набавки преку квалитетна и транспарентна работа на сите инволвирани органи.
Со цел зајакнување на Стручната служба на Државната комисија и во 2017 година ќе се продолжи да се посветува особено внимание на континуираната и професионална обука на вработените преку семинари, тематски работилници, студиски посети, како и обуки согласно програмите за генерички и специјализирани обуки. Воедно, продолжува праксата за реализација на постојани обуки и стручно усовршување на сите инволвирани страни (приватниот сектор, јавниот сектор и локалната самоуправа) во постапките за доделување на договори за јавни набавки, односно организирање на работилници, тркалезни маси и обуки на теми поврзани со измените на Законот за јавните набавки, како и во поглед на самата постапката по правни лекови во спроведувањето на јавните набавки, концесии и јавно приватни партнерства. Ќе се изврши надградба и редизајн на ВЕБ страната со воведување на алатки за напредно пребарување на одлуките на ДКЖЈН, со што ќе се подобри пристапот за пребарување на интернет, а со тоа и ќе се зголеми транспарентноста во работењето.

### *Среднорочни приоритети*

Ќе се следат новините кои се однесуваат на правната заштита во ЕУ и ќе се спроведуваат во националната регулатива.
Натамошното унапредување на системот на правната заштита на јавните набавки ќе биде приоритет на среден рок. Ќе се продолжи со обуките во оваа област во соработка со БЈН, СЈН и МЕ.
Натамошното јакнење на административните капацитети на ДКЖЈН ќе се остварува преку зголемување на административниот капацитет на стручната служба, како и преку развој и одржување на човечките ресурси и зголемување на буџетските средства воопшто.

### *Програми и проекти*

Ќе продолжи соработката на ДКЖЈН со СИГМА, како и со сите релевантни меѓународни институции од областа на јавните набавки, концесиите и јавното приватно партнерство, преку организирање на семинари, обуки и работилници.

# 3.06 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Земјата има постигнато **добро ниво на подготовка**. Постигнат е **одреден напредок**, особено во однос на работата на органот за надзор на законската ревизија. Во следната година, земјата треба особено:

- да ги продолжи напорите кон усогласување со најновото право на ЕУ за сметководство и ревизија.


***Резиме***

*Во текот на правата половина од 2017 година ќе се подготват измени на Законот за трговските друштва во насока зголемување на правата на малцинските акционери, во согласност со Извештајот на Светска банка „Дуинг бизнис 2017. Во рамки на оваа измена, ќе се изврши и транспонирање на членот 16 од Директивата за прекугранично спојување на друштвата, во националното законодавство. До крајот на 2017 година националното законодавство ќе се усогласи со Директивата бр. 2013/34/ЕУ за годишни финансиски извештаи, консолидирани извештаи и поврзани извештаи на одредени видови на трговски друштва. До крајот на 2017 година ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија, со кои ќе се усогласи со Директивата 2014/56 на Европскиот Парламент и на Советот од 16 Април 2014 година со која се менува Директивата 2006/43 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки.*


## 3.06.1 ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА

***Тековна состојба***

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва (Службен весник на РМ бр.61 од 31.03.2016 година), воведени се одредби во согласност со методологијата од Извештајот на Светска банка ,,Дуинг бизнис 2017", во делот на индикаторот ,,Заштита на малцинските инвеститори". Измените на Законот се во насока на подобрување на правото на информираност на малцинските акционери и содружници, преку прецизирање на одредбите со кои се ругулира начинот на подготвување собрание на акционери, односно собир на содружници. Воедно, воведени се и дополнителни одредби со кои се зголемува правото на одлучување од страна на малцинските содружници, при склучување големи зделки од страна на органот на управување на друштвото со ограничена одговорност, аналогно на постапката за одлучувањето за склучување големи зделки во рамки на акционерските друштва.

***Краткорочни приоритети***

Во текот на првата половина од 2017 година ќе се подготват измени на Законот за трговските друштва во насока зголемување на правата на малцинските акционери, во согласност со Извештајот на Светска банка „Дуинг бизнис 2017" ([31]). Министерството за економија, во консултации со Министерството за финансии, Комисијата за хартии од вредност, Централниот регистар и Министерството за правда, ќе ги подготват измените на Законот за трговските друштва.

Во рамки на оваа измена, ќе се изврши и транспонирање на членот 16 од Директивата за прекугранично спојување на друштвата во националното законодавство. Директивата, во голем дел веќе е транспонирана во Законот за трговските друштва / десетта глава – А Прекугранично спојување со друштва од Европската унија, при што истата е предвидено да се применува од денот на приемот на земјата во Европската унија. Со членот 16 од директивата се регулира учеството на вработените во органите на управување во друштвата основани како резултат на прекугранично спојување. Регулирањето на правото на учество на вработените во земјата во органите на управување во овие друштва, не е предвидено во рамки на националното законодавство. Поради ова, Министерството за економија има потреба од спроведување консултации со експерти од земјите членки на ЕУ, каде што членот 16 од директивата се применува заради утврдување на предностите и недостатоците од транспонирањето на овој член во националното законодавство.

***Среднорочни приоритети***

Врз основа на претходно спроведени консултации со Министерството за финансии, Централниот регистар и Комисијата за хартии од вредност, се планира да се спроведе дополнително усогласување со европското законодавство, согласно препораките добиени од Поткомитетот за внатрешен пазар и конкуренција, одржан во Скопје, на 3 февруари 2016 година.

[31] Doing Busines 2017

## 3.06.2 СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА

**СМЕТКОВОДСТВО**

***Таковна состојба***

Во делот на сметководството, во текот на 2016 година Институтот на сметководители и овластени сметководители (ИСОС) стана оперативен. Имено, во јуни 2016 година, се избраа претседателот и членовите на Управниот одбор на Институтот, а во август Институтот ги донесе следните акти:

- Статут на Институтот на сметководители и овластени сметководители;
- Тарифник за висината на членарината и надоместоците што ги наплатува Институтот;
- Програма за полагање на испит за добивање уверение за сметководител, односно овластен сметководител;
- Програма за одобрување на квалификација за сметководител, односно овластен сметководител стекната во странство;
- Годишна програма за континуирано професионално усовршување;
- Годишна програма за работа и развој и
- Годишен финансиски план на Институтот.

***Краткорочни приоритети***

До крајот на 2017 година националното законодавство ќе се усогласи со Директивата бр. 2013/34/ЕУ за годишни финансиски извештаи, консолидирани извештаи и поврзани извештаи на одредени видови на трговски друштва.

Административниот капацитет на Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија, во рамките на Секторот за финансиски систем при Министерството за финансии ќе продолжи да функционира со вработени пет лица.

***Среднорочни приоритети***

Во делот на сметководството ќе се продолжи со понатамошно следење и усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија.
Административниот капацитет на Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија, во рамки на Секторот за финансиски систем при Министерството за финансии на среден рок ќе се зајакне со вработување на нови лица.

**РЕВИЗИЈА**

***Краткорочни приоритети***

До крајот на 2017 година ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија. Со измените националното законодавство ќе се усогласи со Директивата 2014/56 на Европскиот Парламент и на Советот од 16 Април 2014 година со која се менува Директивата 2006/43 за законска ревизија на годишните сметки и консолидираните сметки. Усогласувањето на Законот за ревизија ќе биде во насока на:

- зајакнување на надзорот над овластените ревизори и друштвата за ревизија преку пренесување на надлежноста за контролата на квалитет од Институтот на овластени ревизори на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија;
- подобрување на веродостојноста и објективноста на финансиските извештаи на субјектите од јавен интерес, согласно Регулативата 537/2014/ЕЗ за посебните услови за законска ревизија на субјектите од јавен интерес и
- зајакнување на независноста на овластените ревизори преку соодветна внатрешна организација на друштвата за ревизија, заради спречување и надминување на евентуалните ризици по нивната независност.
- Во наредниот период ќе се зајакнува капацитетот на Советот за унапредување и надзор на ревизијата (СУНР) и Институтот на овластени ревизори (ИОР) со нови вработувања.

***Среднорочни приоритети***

Во делот на ревизијата, ќе се продолжи со понатамошно следење и усогласување на националното законодавство со законодавството на Европската Унија.

**Совет за унапредување и надзор на ревизијата (СУНР)**

***Тековна состојба***

СУНР во текот на 2016 година продолжи со реализација на бројни меѓународни активности меѓу кои позначајни се:

- Потпишувањето Меморандум за соработка со Естонската ревизорска асоцијација; и
- Потпишувањето Меморандум за соработка со Хрватскиот комитет за јавен надзор на ревизијата.

Реализирани се студиски посети во кои беа разменети искуства од областа на надзорот на ревизијата согласно на Директивите на Европската Унија; Директивата за ревизија 2014/56/ЕУ и Регулативата за ревизија 537/2014.
Советот и во 2016 година ја вршеше својата основна законска надлежност – лиценцирање на овластените ревизори, овластените ревизори – трговци поединци и друштвата за ревизија при што во 2016 година издадени се дополнителни 12 лиценци за овластени ревизори.
Исто така, со поддршка на твининг проектот MK 10 IB OT 02, извршена е сеопфатна анализа на пазарот на ревизија и на тековната законска рамка заради идентификување на областите кај кои се неопходни промени преку спроведување реформи.

### *Среднорочни приоритети*

- Развој на методологија на спроведување и извршување инспекциски надзор на ревизорските фирми преку иден проект во рамките на TWINNING програмата на Европската Унија;
- Развој на софтверски систем кој ќе биде во функција на следење на квалитетот на ревизорските фирми врз основа на Меѓународните стандарди за ревизија преку иден проект во рамките на TWINNING LIGHT програмата на Европската Унија; и
- Дефинирање начин и критериуми за избор на членови на одборот за ревизија кај правните лица од јавен интерес чива практична имплементација се очекува во рамките на експертска мисија од TAIEX програмата на Европската Унија.

# 3.07 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. Во периодот на известување беше постигнат **одреден напредок**, иако ограничен. Сè уште нема стратегија за интелектуална сопственост. Во следната година, земјата треба особено:

- да ги подобри консултациите со засегнатите страни при изготвување на законодавството;
- да ги засили напорите за истрага и кривично гонење за прекршоците на интелектуалната сопственост;
- да го зајакне капацитетот и координацијата помеѓу органите надлежни за спроведување на законите за интелектуална сопственост и да ја подигне јавната свест за важноста на заштитата на правата на интелектуална сопственост.

***Резиме***

- *Донесени се подзаконски акти за примена на Законот за измени и дополнувања на законот за авторското право и сродните права со што се овозможи поефикасно колективно остварување на авторското право и сродните права. Во подготовка е Стратегијата за индустриска сопственост 2016-2018.* Ќе се основа Одбор за жалби по препорака од страна на експертите во рамките на новата национална Стратегија за индустриска сопственост 2016 – 2018

## 3.07.1 АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИ ПРАВА

***Тековна состојба***

Авторското право и сродните права се регулирани со Законот за авторското право и сродните права ("Службен весник на Р. Македонија" бр. 51/2010, 147/2013, 154/2015 и 27/2016). Законот е донесен врз основа на мислењата поднесени од страна на организациите за колективно управување, како и од страна на корисниците на авторските дела и предметите на сродните права, со цел да се подобри спроведувањето на законот и да се унапредат условите за поефикасно остварување на правата на авторите и носителите на сродни права.

Во април 2016 година, Министерството за култура издаде дозвола за колективно управување на правата на музичките автори на Организацијата за колективно управување на авторски музички права "СОКОМ-МАП"- Скопје.

Во јануари, согласно својата законска надлежност, Министерството за култура, изврши надзор над актите и работењето на Организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи ММИ – Скопје. Врз основа на утврдените неправилности, односно неотстранетите неправилности во работењето утврдени во претходен надзор, Министерството за култура ја одзеде дозволата за колективно управување на Организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи „ММИ" – Скопје.

Во февруари и март, претставници од Министерството за култура, одржаа два состанока со претставниците на ЕУ Твининг Проектот " Зајакнување на спроведувањето на правата од интелектуална сопственост" како и со претставници од Државниот завод за индустриска сопственост.

Во мај, претставници од Министерството за култура, одржаа првичен состанок со претставници од Министерството за информатичко општество и администрација во врска со законската обврска за подготовка на Правилник за описот и техничките карактеристики на системот за електронска евиденција, услугите кои ги обезбедува, мерките за обезбедување заштита, минималните технички услови кои треба да ги исполни радио-телевизиската организација заради обезбедување компатибилност со системот за електронска евиденција и другите прашања од важност за работата на системот.

Во септември претставници од Министерството за култура одржаа работна средба со странските експерти од областа на авторското право и сродните права од Унгарија, Грција, Полска како и постојаниот Твининг советник за проектот за „Зајакнување на спроведувањето на правата од интелектуална сопственост". Тие дадоа свои воведни согледувања и забелешки во делот на тезите за измените и дополнувањата на Законот за авторското право и сродните права во контекст на хармонизација со Директивата 2014/26/EU, и споделија искуства за работата на ОКУ во нивните земји и во регионот. Следната посета на истите експерти се очекува на почетокот на наредната година.

Организацијата за колективно управување - Здружението за заштита на авторски музички права „ЗАМП" Скопје (ЗАМП) донесе Одлука со која се ставаат вон сила издадените дозволи од ЗАМП на трговско радиодифузните друштва за јавно емитување на авторски музички дела по пат на радиодифузно емитување и со која се забранува емитување на авторски музички дела по пат на радиодифузно емитување од репертоарот на ЗАМП. Министерството за култура, согласно својата законска надлежност пропишана во Законот за авторското право и сродните права, изврши надзор над актите и работењето на ЗАМП, кој надзор, меѓу другото, се однесуваше и на Одлуката на ЗАМП. Врз основа на извршениот надзор, Министерот за култура донесе Решение со кое се запира од извршување Одлуката на Собранието на ЗАМП. Решението е донесено поради тоа што при надзорот е утврдено дека предметните одлуки не се во согласност со Законот за авторското право и сродни права, ниту со Статутот на ЗАМП.

***Краткорочни/среднорочни приоритети***
Финализирање на анализите и тезите за подготовка на текстот на Законот за авторското право и сродните права од аспект на хармонизација со законодавството ЕУ.

Донесување на Законот за авторското право и сродните права од аспект на хармонизација со легислативата на ЕУ.

Вклучување на авторското право и сродните права во образовниот систем (средно и високо образование).

## 3.07.2 ПРАВА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ

***Тековна состојба***
Државниот завод за индустриска сопственост (ДЗИС), со цел да се поттикне заштитата на иновациите во рамките на универзитетите, работи на изменување и дополнување на тарифата во делот за патенти преку ослободување за плаќање на таксите за водење на постапка за регистрација пред заводот како олеснителна мерка при регистрацијата на патенти. Измените и дополнувањата на тарифата ќе бидат олеснителна мерка при регистрација од страна на ученици, студенти и вработени во образовните институции, при што ќе се олесни регистрацијата на домашни патенти и ќе се поттикне заштитата на иновациите со патент. Имено, доколку како подносител на пријавата е ученик, студент или вработен во образовните институции, се укинуваат таксите кои се однесуваат на водењето на постапка пред заводот, и тоа следниве ставки од Тарифата на ДЗИС:

- Уредување на пријавата во постапка на формално испитување
- Уредување на пријавата во постапка за испитување на условите за признавање
- За објавување на податоците за признат патент за првите 10 години на важност
- За издавање исправа за признат патент
- За печатење на патентен спис

Со оваа предложена мерка значително ќе се олесни регистрацијата на првиот патент ДЗИС со што и ќе се поттикне заштитата на иновациите со патент.

Исто така реализирани се и студиски посети на вработените на Заводот од Секторот за трговски марки и индустриски дизајн во Заводот за интелектулна сопственост на Европската Унија (ЗИС ЕУ), што е дел од билатералната соработка помеѓу двете институции.

- Подготвен е нацрт текстот на националната Стратегија за индустриска сопственост.
- Потпишан е новиот билатерален план за соработка 2016-2018
- Се превземаат активности во рамките на проектот espacenet new со ЕПЗ
- Воведена е можноста за електронско поднесување на пријави на патенти
- Како резултат од активностите за воспоставување на информациски систем за комуникација со јавноста и институциите со техничка помош од Норвешка, произлегоа 4 модули.
- ДЗИС, во соработка со Светската организација за интелектуална сопственост (СОИС) и Европскиот патентен завод, на 24 и 25 октомври 2016 година , организираше заедничка работилница за обработка на податоци. На работилницата земаа учество вработени од шест национални заводи за патенти членки на ЕПО.
- Во рамки на соработката, во организација на Европската патентна академија на ЕПЗ во 2016 година, Заводот реализираше 6 обуки за вработените во ДЗИС.
- Обуките на вработените на ДЗИС за изучување на официјалните јазици на Европската патентна организација продолжуваат;
- ДЗИС испрати конкретен план за работа со ЗИС ЕУ за 2017 година со конкретни проекти и активности.
- Во рамките на твининг проектот Зајакнување на спроведувањето на правата од интелектуална сопственост, на 07-08 ноември, 10-11 ноември како и на 14-15 ноември 2016 беа одржани три обуки за судии на тема “Управно-судска заштита на правата од интелектуална сопственост” на кои земаа учество околу 130 судии. Исто така беа повикани и учествуваа и застапници на правата од индустриска сопственост како и вработени од други институции вклучени во спреведувањето.

***Краткорочни приоритети***

- Развивање на модулите кои произлегоа како резултат од активностите за воспоставување на информациски систем за комуникација со јавноста и институциите со техничка помош од Норвешка, и тоа: (1) Услуги на Државниот завод за индустриска сопственост; (2) Практика на Државниот завод за индустриска сопственост; (3) Практика на Уставниот суд на

Република Македонија; (4) Застапници за индустриска сопственост – полагање на стручен испит и информации за застапниците.

- Активности за подигање на свеста на малите и средни претпријатија преку нивна посета со цел да се идентификуваат со кои права можат нивните производи да се заштитат и како можат тоа да го сторат. Во периодот по посетата ќе се следи нивното работење и дали се применуваат препораките на експертите кои ќе ги посетат претпријатијата.
- Преведување на материјали и активности со цел промоција на Европскиот патентен завод како и Европската мрежа на патенти.
- Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и меѓународните договори.
- Ќе се направат измени и дополнувања на Тарифата на ДЗИС како и на Законот за индустриска сопственост доколку има предлози за изменување и дополнување од страна на експертите во рамките на Твининг проектот;
- Ќе се реализираат активности за јакнење на капацитетот на ДЗИС, за заштита на правата од индустриска сопственост, преку зголемување на бројот на вработените, како и преку обуки, семинари и работилници во рамките на соработката со СОИС, ЕПЗ и ЗХВП.
- Ќе се интензивираат обуките за мали и средни претпријатија.
- Ќе се поедностави пристапот до информациите од ДЗИС и ЗИС ЕУ, кои се однесуваат на системот на заштита на правото на трговска марка и индустриски дизајн.
- Ќе се подигне нивото на размена на податоци помеѓу ДЗИС и ЕПЗ преку подготовка на материјали за обука и прмоција на патентите и иновациите.
- Ќе се преземаат дополнителни активности со цел на интегрирање на базите на податоци во однос на пооделните права од индустриска сопственост со базите на соодветните меѓународни институции;
- Ќе се преземат дополнителни активности со цел да се подобри квалитетот на податоците при размена на истите со ЕПЗ и ЗИС ЕУ
- ДЗИС ќе продолжи со спроведување на редовни активности за јакнење на јавната свест за значењето на индустриската сопственост и тоа преку непосредна соработка со Министерството за образование и наука за сите нивоа на образованието. Во рамките на соработката ќе се предвидат кампањи, составување на едукативни и промотивни материјали, како и востановување на системи за електронско учење.
- ДЗИС ќе спроведе посебна кампања за подигање на јавната свест на населението како и на малите и средни претпријатија во рамките на 26 април, Денот на интелектуална сопственост. Кампањата ќе трае цела недела.
- Во рамките на Твининг проектот за зајакнување на спроведувањето на правата од интелектуална сопственост а во соработка со Министерството за правда, ќе се работи на Методологијата за статистичко следење и обработка на податоци за преземените мерки од спроведување на правата од интелектуална сопственост.

***Среднорочни приоритети***

- Основање на Одбор за жалби (препорака од страна на експертите во рамките на новата национална Стратегија за индустриска сопственост 2016 – 2018)
- Континуирано ќе ги следи промените во законодавстото на ЕУ и меѓународните договори.
- Ќе ги спроведува активностите предвидени националната Стратегијата за индустриска сопственост 2016-2018.
- Ќе продолжи со активностите во ракмите на проектот со ЕПЗ espacenet new.
- Ќе продолжи со обуките за вработените во ДЗИС преку плановите за соработка со СОИС, ЕПЗ и ЗХВП, за заштита на правата од индустриска сопственост.
- ДЗИС ќе продолжи со редовните активности за јакнење на јавната свест за значењето на индустриската сопственост (предавања, средби со претставници од стопанството, организирање манифестации, учество на саеми, изложби и слично);
- Ќе продолжи обуката на вработените во ДЗИС за изучување на официјалните јазици на ЕПЗ.
- Ќе се реализира новиот Билатерален договор за соработка помеѓу ДЗИС и ЕПЗ за периодот 2016 - 2018 година.
- Ќе продолжи реализирањето на активности предвидени со Меморандумот за соработка со ЗИС ЕУ
- Ќе се реализира кампања за подигање на јавната свест за правата од интелектуална сопственост во рамките на проектот Зајакнување на спроведувањето на ПИС .

***Програми и проекти***

- Во тек е реализацијата на проектот ИПА ТАИБ 2011 за „Зајакнување на капацитетите на Државниот завод за индустриска сопственост за ефикасна поддршка на системот за заштита и спроведување на правата од интелектуална сопственост“.

- Во рамките на соработката со Заводот за интелектуална сопственост на Европската унија во текот на 2017 година се очекува да се реализираат два проекти и тоа: Проект за мали и средни претпријатија како и изработка на Водич за трговски марки и дизајни.
- Во рамките на соработката со СОИС се очекува да се реализира Проект за електронско поднесување на пријави за трговски марки и индустриски дизајн,
- Во рамките на соработката со Европскиот патентен завод во текот на 2017 година ќе се реализираат проекти кои се значајни за подобрување на квалитетот на податоците за размена како и за подобрување на интегрирањето на базите на податоци на заводот со тие на Европскиот патентен завод, и тоа проектите:; Quality at source; Espacenet new (преведување на македонски јазик на интерфесјсот на веб страната)

## 3.07.3 СПРОВЕДУВАЊЕ

***Тековна состојба***

*Државниот пазарен инспекторат (ДПИ)* секој месец до ДЗИС доставува информација од негова надлежност во ова поглавје. Како клучни постигнувања во работењето на ДПИ се: намален е бројот на фалсификувани производи во прометот (констатација при вршење на редовните инспекциски надзори); присуство на државните пазарни инспектори на обуки и семинари.

*Царинската управа активно* учествуваше во Проектите на Светската Царинска Организација за заштита на правата од интелектуална сопственост, учество во меѓународни мисии, операции, организација на Операцијата Балкан Гејт, секојдневна комуникација со носителите на правото како корисници на IPM (Interfaced Public Member) платформата на СЦО како апликацијата за ефикасно препознавање на оригиналноста на производите, како и за ефективно откривање и докажување на фалсификувани трговски марки.
Во 2016 година се изврши изенување и дополнување на Законот за царински мерки за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост (Службен весник на Република Македонија бр. 23/2016).
Исто така во 2016 година се донесе Правилник за формата и содржината на мандатниот платен налог (Службен весник на Република Македонија бр. 124/2016).

*Во Министерството за внатрешни работи,* Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал – Сектор за криминалистички истраги - Единица за финансиски криминал (ЕФК), како и организационите единици во рамки на осумте регионални Сектори за внатрешни работи вклучуваат и прибирање докази за докажување кривични дела од областа на интелектуалната сопственост и авторските права, согласно Кривичниот Законик и Законот за кривична постапка. Организационите единици во рамките на МВР постојано преземаат активности во рамките на своите надлежности, согласно законските прописи, по потреба во соработка со други институции, а согласно насоките од надлежното Основно јавно обвинителство, кое согласно ЗКП ја води истрагата.
Согласно Законот за квалитетот на земјоделските производи до сега е поднесено едно барање за заштита на земјоделски и прехранбен производ со ознака за потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитети и тоа за „ОХРИДСКА ЦРЕША". Во тек е формирање на стручна комисија за спроведување на постапка за регистрирање на заштитена географска ознака- Охридска Цреша. По одлука од стручната комисија ќе се изработи и донесе решение за добивање на заштитен земјоделски производ со географска ознака.

*Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ),* врз основа на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во кој е транспонирана Директивата 2010/13/ЕЗ за аудиовизулени медимуски услуги), донесе 22 подзаконски акти за имплементација и спроведување на законските одредби за регулација на медиумската сфера , а кои се однесуваат на: новите рекламни техники, спонзорството, обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма, емитувањето европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, минималните технички, просторни, финансови и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, заштита на малолетните лица, форматите на програмските сервиси на радиодифузерите, правилата за промена на сопственичката структура, пласирањето производи, мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми. Истите се достапни на www.avmu.mk.

*Академија за судии и јавни обвинители.* Во рамките на континуираната обука на судиите и јавните обвинители, Академијата реализираше вкупно 7 обуки од областа на интелектуалната сопственост со вкупно 181 учесник од кои 92 судии, 12 јавни обвинители, 19 судски советници/соработници и 58 учесници од други релеванти институции вклучени во системот на заштита на правата од интелектуалната сопственост.

Првите 2 обуки се одржаа во април 2016 година и беа посветени на граѓанско-правната и прекршочно-правната заштита на правата од интелектуална сопственост. На овие две обуки учествуваа вкупно 39 учесници од кои 22 судии, 10 судски советници/соработници и 7 други учесници (2 адвокати, 3 претставници на Државниот пазарен инспекторат и 2 претставници на Државниот завод за индустриска сопственост). Потоа, во периодот од 1-18 ноември 2016 година, во рамките на ЕУ Твининг проектот „Зајакнување на спроведување на правата од интелектуална сопственост“, во соработка со Данската канцеларија за патенти и трговски марки, беа реализирани вкупно 5 дводневни обуки за различни правни аспекти од спроведувањето на правата од интелектуална сопственост, со учество на вкупно 142 учесници од кои 70 судии, 12 јавни обвинители, 9 судски советници/соработници, 25 застапници за правата од интелектуална сопственост, 6 претставници на Министерството за внатрешни работи, 4 претставници на Државниот завод за индустриска сопственост, 2 претставници на Координативното тело за интелектуална сопственост, 3 претставници на Министерството за правда од кои 2 од Бирото за судски вештачења, 3 претставници на Царинската управа на РМ и 6 други учесници - претставници на релевантни организации и агенции од областа на интелектуалната сопственост.

### *Краткорочни/ среднорочни приоритети*

*За Царинската управа* како приоритети би биле соодветно екипирање на Одделението за нетарифни мерки со новата систематизација на Царинската управа.

Континуирана едукација и обука на царински службеници за заштита на права од интелектуална сопственост, како и координација на активности со сите надлежни институции за спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост, вклучувајќи го и Државниот завод за индустриска сопственост како надлежен орган за регистрација на правата од индустриска сопственост.

Континуирана обука на полициските службеници во областа на заштита на правата од интелектуална сопственост во соработка со Државниот завод за индустриска сопственост.

Натамошно усогласување со регулативите и директивите на ЕУ за соодветно спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост.

Царинската управа во рамки на новиот софтвер за обработка на царински декларации и акцизни документи СОЦДАД, има предвидено посебен модул за заштита на правата од интелектуална сопственост, евидентирање на заплени по основ на повреда на права од интелектуална сопственост и поднесените барања за превземање на царински дејствија. Со ставање во функција на оваа апликација значително ќе се унапреди системот на водење на евиденција на прифатените барања за преземање на царински дејства и задржаните стоки за кои постои сомневање дека повредуваат право од интелектуална сопственост.

Во рамките на твининг проектот „Зајакнување на спроведувањето на правата од интелектуална сосптвеност” во текот на 2017 година се планира јавна кампања за штетни последици од фалсификувани стоки. На јавната кампања ќе учествуваат повеќе институции надлежни за постапување во областа на правата од интелектуална сопственост. Во насока на целосна реализација на оваа активност, потребно е да се обезбедат и финансиски средства, кои ќе го подржат имплементирањето на овој проект.

Државниот пазарен инспекторат краткорочните и среднорочните приоритети ги реализира врз основа на тековните активности, а во согласност со квартални планови и Годишната програма за работа.

Во 2017 година се очекува регистрирање на првиот земјоделски производ заштитен со географска ознака согласно Законот за квалитетот на земјоделските производи.

*Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ),* за доследно спроведување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и подзаконските акти, ќе ги реализира следните активности:

- Вршење програмски надзор:
  - редовен програмски надзор согласно Годишниот план за вршење програмски надзор за 2017 година за почитување на законските обврски врз радиодифузерите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи;
  - контролен програмски надзор (по истекот на рокот утврден во изречената мерка од редовниот надзор) врз радиодифузерите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи; и
  - вонреден програмски надзор (врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност на Агенцијата).
- Изработка на Годишна анализа на сите преземени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и најчести прекршувања од страна на издавачите на медиуми, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа;

- Изработка на Годишна анализа на судските прекршочни постапки заради утврдување на ефективноста на изречените прекршочни санкции на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите.

Со цел обезбедување транспарентност во работењето и комуникација со јавноста, Агенцијата, во текот на 2017 година ги планира следните активности:
- Издавање и дистрибуција на публикации и брошури за специфични теми од медиумската сфера;
- Поставување видео презентации на обуки, работилници, јавни состаноци и слични активности на Агенцијата на нејзиниот you tube канал;
- Унапредување на веб страната на Агенцијата со додатни функционалности со кои се овозможува пристап на граѓаните со сетилна попреченост.

Во текот на 2017 година Агенцијата ќе продолжи да работи на зајакнување на својот институционален капацитет преку:
- Програми и обуки за стручно усовршување на вработените во Агенцијата (учество на семинари, работилници, трибини и меѓународни конференции; посети на други регулаторни тела со цел размена на искуства или информирање за конкретни теми и сл.);
- Набавка на информатички средства согласно стратегијата за развој на ИКТ во Агенцијата;
- Примена на новиот систем за мониторинг обезбеден преку проектот IPA EuropeAid/136311/IH/SUP/MK – „Обезбедување опрема за систем за мониторинг на медиумски содржини за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“.

*Академија за судии и јавни обвинители.* Во текот на 2017 година ќе се спроведува теоретска настава за VI генерација на слушатели на почетна обука во рамките на која е опфатена и областа Право на интелектуална сопственост со определен број наставни часови согласно Програмата за почетна обука.
Во однос на континуираната обука на судиите и јавните обвинители, во 2017 година ќе продолжи реализацијата на активностите предвидени во рамките на ЕУ Твининг проектот „Зајакнување на спроведување на правата од интелектуална сопственост“. Во соработка со Академијата се планираат вкупно 5 дводневни обуки за правните аспекти на спроведувањето на правата од интелектуална сопственост, од кои 3 обуки се наменети за судиите од кривичните оддели и јавните обвинители додека 2 обуки се наменети за судиите од граѓанските оддели и одделите за трговски спорови. Обуките ќе се реализираат регионално, по апелациони подрачја при што е предвидено на секоја обука да присуствуваат 30 слушатели. Освен примарните целни групи (судии и јавни обвинители) на секоја од 5-те обуки, во зависност од темата, ќе бидат вклучени одреден број на претставници на други релевантни институции како Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Царинска управа на РМ и секако застапници на правата од индустриска сопственост и вешти лица од областа на интелектуалната сопственост.
Обуките ќе се спроведат во периодот јануари – јули 2017 година, со цел, натамошно јакнење на капацитетите на судиите и јавните обвинители за спроведување на правата од интелектуална сопственост.
Во рамките на Твининг проектот предвидено е, од материјалите користени за реализацијата на обуките, да се подготви и издаде прирачник за спроведување на правата од интелектуална сопственост, наменет за судиите и јавните обвинители. Период на реализација: јуни-декември 2017 година.

# 3.08 ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНЦИЈА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Земјата е **умерено подготвена** во областа на политиката на конкуренција. **Нема напредок** во оваа област во текот на периодот на известување. Земјата е релативно напредната во однос на усогласување на законодавството, но потребни се значителни напори во однос на спроведувањето. Во следната година, земјата треба особено

- да го зајакне спроведувачкото досие на Комисијата за заштита на конкуренција (КЗК);
- да ја зголеми транспарентноста за државната помош доделена од страна на Владата.

***Резиме***

*Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК) во 2016 година донесе вкупно 31 решенија, од кои 4 во прекршочна постапка (1 решение за злоупотреба на доминантна позиција, 1 решение за забранета одлука и 2 решенија за непостапување по заклучок на КЗК) и 27 решенија за концентрации во управна постапка (во сите предмети КЗК ја одобри пријавената концентрација).*

*Во тек е постапка на подготовка на Меморандум за соработка со Управата за финансиска полиција, со цел да се спроведе обука на вработените од КЗК во постапката на прибавување на докази на лице место.*

*Во 2018 година планирано е да се измени Законот за заштита на конкуренцијата во насока на доусогласување со правилата и практиките на ЕУ.*

*Во 2017 година ќе се донесе Уредба за договори од мало значење кои значително не ја ограничуваат конкуренцијата според член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата (de minimis) која ќе биде усогласена со комуникето на ЕК 2014/C 291/01 и Уредба за примена на член 7 став 3 од Законот за заштита на конкуренцијата за категории на договори за трансфер на технологија, која ќе биде усогласена со Регулативата 2014/0316.*

*До крајот на 2019 година ќе се донесат измени и дополнувања на постоечките уредби и тоа: на Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државната помош, на Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош, на Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош и на Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на помош за спас и реструктуирање на претпријатија со потешкотии заради усогласување со соодветните правилата и практики на ЕУ*

## 3.08.1 АНТИТРУСТ ВКЛУЧУВАЈЌИ И СПОЈУВАЊА

На 28.12.2015 година, донесени се Насоки за примена на член 7 од Законот за заштита на конкуренцијата за хоризонтални договори за соработка, Насоки за можни измени и преземање на обврски во однос на пријавените концентрации прифатливи за Комисијата за заштита на конкуренцијата согласно Законот за заштита на конкуренцијата, Насоки за оценка на хоризонталните концентрации за целите на Законот за заштита на конкуренцијата и Насоки за оценка на вертикални и конгломератни концентраци. Во Август 2016 година донесени се Насоки за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата.

Во стручната служба на Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КЗК) вработени се вкупно 23 државни службеници. На спроведување на ЗЗК работат 6 државни службеници. Во 2016 година дел од нив учествуваа на повеќе обуки, работилници и конференции, вклучувајќи ги и семинарите во организација на Регионалниот центар за конкуренција со седиште во Будимпешта, Унгарија (РКЦ-ОЕЦД/ГВХ).

КЗК во 2016 година, заклучно со 21.11.2016 година, донесе вкупно 31 решенија и 6 заклучоци, од кои во прекршочна постапка, Комисијата за одлучување по прекршок при КЗК (во понатамошниот текст: КОП) донесе: 1 решение за злоупотреба на доминантна позиција, 1 решение за забранета одлука и 2 решенија за непостапување по заклучок на КЗК, 5 заклучоци за непостоење законски услови за поведување на прекршочна постапка и 1 заклучок за запирање на постапка поради застареност, додека во управна постапка КЗК донесе 27 решенија за концентрации (во сите предмети КЗК ја одобри пријавената концентрација). Заклучно со 21.11.2016 година, пред КОП во тек се 4 (четири) постапки за забранет договор (прекршочни постапки), а пред КЗК во тек се 4 постапки за оцена на концентрација (управна постапка).

КЗК во 2016 година потпиша Меморандум за соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Србија. Во тек е постапка на подготовка на Меморандум за соработка со Управата за финансиска полиција, со цел да се спроведе обука на вработените од КЗК во постапката на прибавување на докази на лице место.

***Краткорочни приоритети***

**Закондавна рамка**

- Нова Уредба за договори од мало значење кои значително не ја ограничуваат конкуренцијата според член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата (de minimis) која ќе биде усогласена со Соопштението на ЕК 2014/C 291/01.
- Нова Уредба за примена на член 7 став 3 од Законот за заштита на конкуренцијата за категории на договори за трансфер на технологија, која ќе биде усогласена со Регулативата 2014/316.

**Имплементација и спроведување**

Во насока на јакнење на административниот капацитет на КЗК за спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата, ќе се реализираат TAIEX обуки, национални обуки и обуки во организација на РКЦ-ОЕЦД/ГВХ.

Во 2017 и 2018 година, планирано е да се реализираат нови вработувања во КЗК и набавка на ИТ опрема и мебел потребни за реализација на предвидените тековни активности.

КЗК ќе продолжи да остварува блиска соработка со останатите регулаторни тела во земјата, а особено со Регулаторната комисија за енергетика, Агенција за електронски комуникации, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Бирото за јавни набавки, Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор и Министерството за внатрешни работи, во согласност со потпишаните меморандуми за соработка, како и соработка во рамки на Мрежата за конкуренција при Енергетската заедница.

***Среднорочни приоритети***

**Законодавна рамка**

Во 2018 година планирано е да се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на конкуренцијата во насока на доусогласување со правилата и практиките на ЕУ (измена и дополнување на член 8 за дефиниција на договор од мало значење, измена и дополнување на член 64 став 5 точка 1, вметнување на одредби со кои ќе се регулира и прецизира постапката за прибавување докази на лице место (dawn raid) и други измени и дополнувања).

**Имплементација и спроведување**

Административните капацитети на КЗК континуирано ќе се јакнат со нови вработувања и TAIEX обуки за вработените во стручната служба на КЗК. Воедно, се планира воведување на позиција Главен економист во КЗК со цел вршење на економски анализи и прибирање економски докази и податоци во случаите на забранети договори и картели, како и злоупотреба на доминантна позиција.

Ќе се реализираат активности за подигнување на свеста на владините институции и деловниот сектор преку издавање на брошури, организирање на конференции и јавни дебати за прашања од областа на антитруст и концентрации, доколку се обезбеди буџет за истите. Исто така, планирано е зајакнување на капацитетот на судството да одлучува за сложените предмети во областа на заштитата на конкуренцијата, преку организирање на јавни дебати и конференции, со помош од странски експерти од областа на европското конкуренстко законодавство.

## 3.08.2 ДРЖАВНА ПОМОШ

***Тековна состојба***

Во 2016 година, заклучно со 21.11.2016 година КЗК донесе 10 (десет) решенија за оцена на дозволеноста на доделување на државна помош по поднесени известувања од даватели на државна помош со кои одобри идно доделување на државна помош. На спроведување на Законот за контрола на државната помош работат 5 (пет) државни службеници вработени во стручната служба на КЗК.

***Краткорочни приоритети***

Во 2017 година ќе се спроведе анализа за евентуална измена на Законот за контрола на државната помош и на Уредбата за помош од мало значење со учество на сите заинтересирани страни (даватели и примателии на државна помош). Истата ќе има за цел утврдување на евентуален нов праг на помош од мало значење во земјата.

Во 2017 година ќе се реализира напредна обука со студиска посета на вработените во стручната служба на КЗК. Се планира реализација на нови вработувања во КЗК и набавка на ИТ опрема и мебел потребни за реализација на предвидените тековни активности.

***Среднорочни приоритети***

До крајот на 2019 година ќе се донесат измени и дополнувања на постоечките уредби и тоа: на Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државната помош, на Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош, на Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош и на Уредбата за утврдување на условите и постапката за доделување на помош за спас и реструктуирање на претпријатија со потешкотии заради усогласување со соодветните правилата и практики на ЕУ.

## 3.09 ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Во областа на финансиските услуги, **земјата** е **умерено подготвена**. Постигнат е **одреден напредок** во однос на капацитетите за спроведување на регулаторите на финансискиот пазар и нивната соработка со Европските надзорни органи. Наредната година земјата треба да се фокусира на:

- соодветно адресирање на заштитата на потрошувачите.

***Резиме***

*Ќе се донесе нов Закон за банките со што ќе се изврши усогласување со Директивата 2013/36/ЕУ и Регулативата (ЕУ) бр.575/2013. Ќе се донесе и посебен Закон за закрепнување на банки со проблеми со што ќе се изврши усогласување со Директивата 2014/59/ЕУ. Ќе се донесе нов Закон за осигурување во кој ќе биде транспонирана Директивата за Солвентност 2 (2009/138/ЕЗ). Два нови закони во областа на пазарот на капитал (Закон за финансиски инструменти и Закон за проспекти за хартии од вредност и обврски за транспарентност за издавачите) ќе бидат донесени во текот на 2018 година кои ќе бидат во голема мера усогласени со законодавството на ЕУ во областа на пазарот на капитал.*

### 3.09.1.БАНКИ И ФИНАНСИСКИ КОНГЛОМЕРАТИ

***Тековна состојба***

Во 2016 година се донесоа измени и дополнувања на Законот за банките во насока на усогласување со најзначајните елементи на Базел 3 и со новите базелски принципи за ефикасна банкарска супервизија од 2012 година. Со новите измени на Законот се воведоа четирите заштитни слоеви на капиталот: заштитен слој за зачувување на капиталот, противцикличен заштитен слој, заштитен слој за системски значајни банки и заштитен слој за системски ризик. Истовремено, се зајакнува корпоративното управување, преку примена на стандардите пропишани со Европската директива 2013/36/ЕУ и со базелските принципи за добро корпоративно управување од 2015 година и се зајакнаа корективните мерки коишто може да ги преземе Народната банка на Република Македонија (НБРМ).

Од аспект на новините во банкарската регулатива и супервизија во земјата, Народната Банка во 2016 година спроведе неколку значајни активности:

- Донесе измени на постојната методологија за утврдување на адекватноста на капиталот во насока на примена на барањата на Базел 3 и Европската регулатива 575/2013 во однос на структурата на сопствените средства и подобрување на нивниот квалитет;
- Изработи нацрт-регулатива за воведување на краткорочниот ликвидносен стандард во постојната регулатива за управување со ликвидносниот ризик;
- Изработи нацрт-регулативи со кои се дефинираат методологиите за утврдување на заштитниот слој на капиталот за системски значајни банки, за утврдување на противцикличниот заштитен слој на капиталот и за утврдување на максималниот износ на распределба.

Заради извршување на функцијата за одржување на финансиската стабилност, Народната банка донесе две макропрудентни мерки и тоа:

- Практиката покажа дека банките не вршат отпис на побарувањата коишто веќе подолг временски период се целосно покриени со исправка на вредноста. Станува збор за нефункционални побарувања коишто се целосно резервирани и коишто банката не ги наплатила подолг временски период, поради што се исполнети услови за нивно пренесување во вонбилансна евиденција, односно за отпис. Заради пореално прикажување на состојбите во билансните на банките, со измени во регулативата за управување со кредитниот ризик, Народната банка пропиша обврска за банките за задолжителен пренос на вонбилансна евиденција на сите нефункционални изложености коишто најмалку две години се целосно резервирани (издвоена е исправка на вредноста од 100%).
- Почнувајќи од крајот на 2013 година, кредитирањето на домаќинствата постојано бележи двоцифрени стапки на раст, и тоа пред сѐ кај кредитите наменети за потрошувачка. Во исто време, забележан е тренд на зголемување на рочноста на потрошувачките кредити. Во услови на поволни кредитни услови за новите кредитокорисници на овие типови кредитни производи, високиот раст на потрошувачките кредити, придружен од растот на рочноста на овие кредити, Народната банка го зголеми пондерот на ризичност на побарувањата врз основа на потрошувачки кредити со договорен рок на достасување еднаков или подолг од осум години од 75%, односно 100% на 150%. Со цел да се спречи пренасочување на

кредитирањето на домаќинствата од потрошувачки кон друг вид кредити наменети за потрошувачка, исто така се пропиша обврска за банките да применат пондер на ризичност од 75% на позитивната разлика помеѓу изложеноста врз основа на дозволени пречекорувања на трансакциските сметки и на кредитните картички издадени (1) на датумот на кој се известува и (2) на 31 декември 2015 година.

Народната банка продолжи со своите активности за следење на поплаките на корисниците на банкарските услуги, кои се состојат од прием на поплаките и соодветна проверка кај банката - теренски или вонтеренски. Народната банка не е овластена да посредува во односите меѓу банка и нејзините клиенти и доколку постои било каков спор, истиот се решава пред надлежните судови. Покрај овие активности, во рамките на теренските контроли се оценува изложеноста на правниот ризик заради несоодветни или нефер практики на банките. Во случај на утврдено повисоко ниво правен ризик, се даваат соодветни препораки и насоки за негово намалување.

Банкарската супервизија продолжува со активности коишто значат зајакнување на кадровскиот капацитет, преку континуираната посета на семинари, користење техничка помош од ЕУ институции, централни банки на земји-членки на ЕУ и други релевантни институции[32]. Во овој домен, од посебна важност е остварената работна посета на Хрватската народна банка, во септември 2016 година. Посетата имаше за цел да се разрешат неколку дилеми коишто се јавија во текот на изработката на нацрт-верзијата на измените и дополнувањата на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот во однос на елементите на сопствените средства, заради усогласување со Делот 2 од Регулативата бр. 575/2013. Покрај посетата на Хрватската народна банка, во текот на август-септември 2016 година беа организирани консултации и со Централната банка на Холандија и Централната банка на Белгија. Оваа соработка е планирана да продолжи во текот на 2017 година. Така, веќе се спроведени соодветни консултации со Централната банка на Белгија во однос на методологиите за утврдување на заштитниот слој на капиталот за системски значајни банки и за утврдување на противцикличниот заштитен слој на капиталот.

Покрај ова, НБРМ  активно учествува на супервизорските колеџи организирани од Европската централна банка, како надлежен супервизорски орган за матичните банки на домашните подружници од Грција и Словенија. Во текот на 2017 година се очекува проширување на оваа соработка со Европската централна банка, преку потпишување на меморандум за соработка. Во рамките на соработката во областа на банкарството меѓу Министерството за финансии и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, а во организација на Агенцијата за трансфер на финансиска технологија (АТТФ) која е дел од Центарот за обуки од Луксембург (House of Training), во Скопје се одржаа пет семинари на тема:

- ,,Финансирање на проекти" („Project Finance");
- „Спречување на перење на пари и финансирање на тероризам, основно ниво, програма со сертификација"  („Prevention of Money Laundering & Counter-terrorist Financing, Foundation Level, Certification Programme");
- ,,Мали и средни претпријатија – од бизнис план до финансирање" („SME: From Business Plan to Bank Financing");
- ,,Управување со ризик во банкарството и мерење и управување со кредитниот ризик" (,,Risk Management in banking & Measuring and Managing Credit Risk in Banking") и
- ,,Корпоративно управување на финансиските институции" (,,Financial Institutions Corporate Governance")

На сите семинари учествуваа претставници од банките во земјата, Народната банка, Министерството за финансии и Управата за финансиско разузнавање.
Надлежна институција за изготвување на законските акти од областа на банките и небанкарските институции е Министерството за финансии односно Секторот за финансиски систем, Одделението за банки и небанкарски институции во кое моментално се вработени две лица.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Задржување на стабилноста на финансискиот систем и негов натамошен развој остануваат приоритети во оваа област. Овие приоритети ќе се реализираат преку следните активности:

- До крајот на 2018  година ќе се донесе нов Закон за банките со што ќе се изврши усогласување со Директивата 2013/36/ЕУ за пристапот на активностите на кредитните институции и пруденттната супервизија на кредитните институции и инвестициските фирми и Регулативата (ЕУ) бр.575/2013 за пруденттните барања за кредитните институции и инвестициските фирми. Со новиот Закон ќе се зајакне корпоративното управување на банките, ќе се воведат правила

[32] Народната банка има склучено билатерални меморандуми за соработка со централните банки на Германија, Холандија и Хрватска.

насочени кон зголемување на ефективноста на надзор над ризиците над банката од страна на органите на управување, ќе се подобри функцијата на одборот за управување со ризици како и ќе се обезбеди ефикасен мониторинг од страна супервизорските органи. Со ова ќе се зајакне капацитетот на банките за адекватно управување со ризиците поврзани со нивните активности, како и апсорбирање на загубите кои можат да настанат во нивното работење.

- До крајот на 2018 година ќе се донесе и посебен Закон за закрепнување на банки со проблеми со што ќе се изврши усогласување со Директивата 2014/59/ЕУ за формирање на рамка за заздравување и решавање на кредитни институции и инвестициски фирми. Со новиот закон ќе се создадат услови за брза реакција на супервизорските органи во случај на ризици во работењето на банките. Целта на овие активности е да се следат меѓународните стандарди во доменот на банкарската регулатива и супервизија што следствено ќе придонесе за натамошно зајакнување на процесите за управувањето со ризиците од страна на банките.

Во 2017 година активностите на Нардоната банка во доменот на банкарската регулатива ќе бидат насочени кон:

- Донесување на методологиите за утврдување на заштитниот слој на капиталот за системски значајни банки, за утврдување на противцикличниот заштитен слој на капиталот и за утврдување на максималниот износ на распределба;
- Воведување на краткорочниот ликвидносен стандард во постојната регулатива за управување со ликвидносниот ризик;
- Изработка и донесување на методологија за утврдување стапка на задолженост, имајќи ги предвид препораките на Базел 3 и Европската регулатива;
- Промени во регулативата за управување со кредитниот ризик заради усогласување со МСФИ 9 и усогласување на дефиницијата за нефункционални кредити со дефиницијата на Европскиот банкарски орган (ЕБА);
- Измени во регулативата за лиценцирање и за корпоративно управување, заради усогласување со измените и дополнувањата на Законот за банките, Базелските принципи и Европската директива;
- Изработка и донесување на методологија за план за опоравување, којшто, согласно со измените и дополнувањата на Законот за банките, треба да го изработат банките коишто се идентификувани како системски значајни банки и
- Ревидирање на процедурите за спроведување на супервизијата на Народната банка, за оценка на одделните ризици на кои се изложени банките и за оценка на потребниот капитал со кој треба да располагаат банките, согласно со методологијата на ЕБА и практиките на Европската централна банка.

**Институционална рамка**

Административниот капацитет на Одделението за банки и небанкарски институции ќе продолжи да функционира со вработени две лица.

За потребите на анализа и пропишување на стандардите од Базел 3, во Секторот за супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност во Народната банка ќе се спроведуваат редовни активности за јакнење на капацитетот на вработените, преку посета на соодветни семинари и користење техничка помош од релевантни институции од ЕУ, земји-членки на ЕУ и други меѓународни институции. Во овој домен, веќе е побарана техничка помош од три централни банки којашто треба да биде реализирана во 2017 година.

### *Среднорочни приоритети*

По донесувањето на Законот за закрепнување на банки со проблеми, Народната банка ќе изврши соодветни прилагодувања и измени на подзаконската регулатива. Исто така, ќе спроведе и активности за организациско, кадровско и оперативно воспоставување на надлежноста за решавање на банките со проблеми.

Административниот капацитет на Одделението за банкарски и небанкарски институции при Министерството за финансии на среден рок ќе се зајакне со вработување на нови лица и нивна посета на обуки во земјата и странство.

Заради градење на потребните капацитети ќе биде организирана техничка помош од соодветен орган во ЕУ надлежен за спроведување на функцијата на решавање на банки со проблеми.

## 3.09.2 ОСИГУРУВАЊЕ И КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

### *Тековна состојба*

Во рамки на планираните активности за развој и промоција на пазарот на осигурување, АСО ги реализира проектните активности:

- Одбележување на Меѓународниот ден на штедењето, 31 октомври, 2016 година – во рамки на проектните активности за финансиска едукација на населението во земјата, АСО, НБРМ и Министерството за финансии објавија конкурс за деца и млади, за учениците од основното и средното образование,
- Одбележување на денот на осигурување, 1 ноември, 2016 година.

- Доделување на награда за млад истражувачки труд за 2016 година, во доменот на управување со ризици.
- Промовирање на активноста за отворени денови на Агенцијата, и преку достава на флаери и презентации по основни, средни училишта и факултети ќе ги запознаваат учениците и студентите со осигурувањето и супервизијата на осигурување.
- Активно учество во традиционалната манифестација-глобална недела на пари.

Во системот на осигурување надлежна институција за изготвување на законските акти е Министерството за финансии односно Секторот за финансиски систем, Одделението за системот на осигурување со анализа во кое моментално се вработени две лица.

Во моментов, АСО има 31 вработен. Во рамки на активностите за развој на супервизијата, се вршат редовни обуки на вработените во земјата и странство.

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) постојано инвестира во зајакнување на своите човечките и материјалните капацитети. МАПАС, како супервизор и регулатор на капитално финансирано пензиско осигурување и членка на ИОПС (Меѓународна организација на пензиски супервизори), постојано го зајакнува нејзиниот капацитет и улога и препорачува и презема мерки со цел заштита на интересите на пензиските фондови.

***Краткорочни приоритети***

АСО ќе продолжи со активности на понатамошно унапредување и развој на дејноста застапување и посредување во осигурување преку спроведување континуирана обука на застапници и брокери во осигурување. Континуираната обука на застапниците и брокери ќе придонесе за зголемување на ефикасноста на пазарот на осигурителни услуги и зголемување на довербата на корисниците на осигурителни услуги во осигурителниот сектор.

АСО континуирано вложува во зајакнување на човечките ресурси преку воспоставување и имплементација на систем на континуирана едукација и стручно усовршување на вработените.Во рамки на активностите за развој на овие ресурси, АСО спроведува редовни обуки во земјата и странство.

Во нареден период од страна на МАПАС се планирани теренски контроли врз основа на супервизија врз основа на оценка на ризик на пензиските фондови и на пензиските друштва што управуваат со истите. Со цел насочување на ресурсите на МАПАС кон супервизија врз основа на оценка на ризик преку активностите на Комитетот за оценка на ризик, МАПАС на редовна основа ги разгледува сите потенцијатални ризици во капитално финансираниот пензиски систем и предлага можни контролни механизми.

Заради зајакнување на супервизорските капацитети вработените во МАПАС ги користат можностите од секоја организирана обука во земјата или странство. Заради зајакнување на супервизорските капацитети МАПАС изврши ревидирање на некои процеси поврзани со контрола на квалитетот и веќе активно работи на систем за управување со информациска сигурност. По спроведените контроли од сертфикациски куќи се очекува обнова на сертификатот за ИСО9001 и сертификатот за ИСО27001.

***Среднорочни приоритети***

На среден рок ќе се продолжи со понатамошно усогласување и приближување кон европските директиви.

Во 2018 година ќе се донесе нов Закон за осигурување во кој ќе биде транспонирана Директивата за Солвентност 2 (2009/138/ЕЗ). Подготовката на Законот за осигурување ќе се реализира преку ИПА2012 Проектот “Further Harmonization with EU in the field of insurance and increase of market operations”. Донесувањето на новиот Закон за осигурување се очекува да ја зголеми сигурноста и стабилноста на осигурителниот сектор и да ја зајакне заштитата на осигурениците. Во таа смисла ќе се изврши усогласување со капиталните барања за основање и работење на осигурителните друштва и ќе се пропишат супервизорски мерки соодветни на утврдените неправилности во работењето на друштвата и процедури за нивно спроведување и извршување.

Во 2019 година ќе се донесе нов Закон за посредување во осигурувањето во кој ќе биде транспонирана Директивата 2016/97/ЕУ за дистрибуција на осигурување. Новиот закон ќе придонесе за зголемување на ефикасноста на дистрибуцијата на осигурителни услуги од страна на посредниците и зголемување на достапноста на осигурителните производи до корисниците.

Административниот капацитет на Одделението за системот за осигурување со анализа при Министерството за финансии на среден рок ќе се зајакне со вработување на ново лице.

## 3.09.3.ИНФРАСТРУКТУРА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПАЗАРИ

***Краткорочни приоритети***

До крајот на 2017 година, во рамки на Проектот „Понатамошна хармонизација со законодавството на ЕУ во областа на движење на капитал и платежни и финансиски услуги - пазари на хартии од вредност и инвестициони услуги“, ќе се изврши

транспонирање на Директивата за конечно порамнување (98/26/ЕЗ) во Законот за платежни услуги и системи и Законот за финансиски инструменти. Со имплементацијата на директивата во овие закони ќе се придонесе за минимизирање на системските ризици на учесниците во постојниот платен систем и постојниот систем за порамнување на хартиите од вредност, како и за одржување на стабилноста на истите.

***Среднорочни приоритети***

Во следниот среднорочен период планирано е да се подготви анализа на IT инфраструктурата на КХВ за имплементација на новите законски решенија. Исто така, во следниот среднорочен период, КХВ планира да спроведе набавка на софтвер кој има функција да известува за траспарентноста на пазарот на капитал.

## 3.09.4 ПАЗАРИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ИНВЕСТИЦИСКИ УСЛУГИ

***Тековна состојба***

Во текот на 2016 година, во рамки на проектот „Понатамошна хармонизација со законодавството на ЕУ во областа на движење на капитал и платежни и финансиски услуги - пазари на хартии од вредност и инвестициони услуги", финансиран од ИПА 2010, се работеше на подготовка на двата нови нови закони во областа на пазарот на капитал: Закон за финансиски инструменти и Закон за проспекти за хартии од вредност и обврски за транспарентност за издавачите.

Во Одделението за пазар на капитал, Сектор за финансиски систем при Министерството за финансии во моментов се вработени две лица.

Со поддршка на ИПА проектот "Натамошно усогласување со правото на ЕУ во област на пазарот на капитал, платниот промет и финансиските услуги – пазари на хартии од вредност и инвестициски услуги", реализирани се и следните активности:

- Во април 2016 година, претставници на Министерството за финансии и КХВ реализираа студиска посета во Шпанија. Во рамки на посета беа одржани работни состаноци во неколку институции и тоа со Комисијата за хартии од вредност на Шпанија, Шпанската берза и Министерството за економија на Шпанија. На сите состаноци се дискутираше за начинот на имплементирање на директивите од областа на пазарот на капитал во шпанското законодавство, какво е влијанието од имплементацијата на европската легислатива врз шпанското законодавство и проблемите со кои се соочиле институциите при имплементација на овие директиви во Шпанија.
- Во јуни 2016 година претставници од Министерството за финансии и КХВ, присуствуваа на Конференција на IOSCO за глобална едукација на инвеститори, во организација на TCMA (Турската Асоцијација за пазар на капитал), во Истанбул - Турција. На Конференцијата, експерти во областа на пазарот на капитал ги презентираа најновите случувања и перспективи, односно идни очекувања за развојот на пазарот на капитал и едукацијата на инвеститорите.
- Во јуни 2016 година во Скопје, беше одржана работилница на која присуствуваа претставници од Министерството за финансии, Комисијата за хартии од вредност и НБРМ, како и претставници од индустријата за хартии од вредност и засегнати страни во оваа област. Целта на работилницата беше на овластените учесници на пазарот на хартии од вредност во земјата да им се презентираат одредбите од двата нови закони во областа на пазарот на капитал подготвени од страна на експертите од Проектот.

***Краткорочни приоритети***

Два нови закони во областа на пазарот на капитал, Закон за финансиски инструменти и Закон за проспекти за хартии од вредност и обврски за транспарентност за издавачите ќе бидат донесени во текот на 2018 година. Новите законски решенија ќе бидат целосно усогласени со законодавството на ЕУ во областа на пазарот на капитал, ќе обезбедат поголема транспарентност на компаниите, воведување нови финансиски инструменти и услуги, воведување на нови платформи за тргување, детално дефинирање на однесувањата на учесниците на пазарот на капитал кои ќе се сметаат за пазарна манипулација, како и зголемување на овластувањата на Комисијата за хартии од вредност како надзорен орган во областа на пазарот на капитал. По усвојувањето на законите, КХВ ќе ги донесе потребните подзаконски акти за нивна имплементација.

Исто така, ќе продолжи процесот на хармонизација на домашната регулатива и во областа на инвестициските фондови со регулативата на ЕУ. Планирано е да се донесат измени на Законот за инвестициски фондови заради усогласување со Директива 2009/65/ЕЗ за друштва за колективно инвестирање во преносливи хартии од вредност - УЦИТС 4 процедури за прекугранични и домашни спојувања на отворените инвестициските фондови и обезбедување поголема информираност на инвеститорите преку воведување на документ како додаток на основниот проспект на фондот). По усвојувањето на овие законски решенија, КХВ планира да ги донесе сите потребните подзаконски акти за нивна имплементација.

***Среднорочни приоритети***

На среден рок ќе продолжи процесот на хармонизација на домашната регулатива во областа на пазарот на капитал со регулативата на ЕУ, што има за крајна цел воспоставување на модерен, пазарно ориентиран, стабилен и конкурентен финансиски сектор. Ќе се подготви Стратегија за развој на пазарот на хартии од вредност за периодот 2019-2023 година и Акциски план за спроведување на истата, во кои ќе бидат утврдени приоритетите на КХВ со цел понатамошно унапредување на пазарот на хартии од вредност. За изготвување на Стратегијата за развој на пазарот на хартии од вредност планирано е искористување на средства од Европската Унија пришто ќе биде изготвена со учество на сите релевантни регулаторни институции на македонскиот пазар на хартии од вредност.

Административниот капацитет на Одделението за пазар на капитал, Сектор за финансиски систем при Министерството за финансии кое е надлежно за правната рамка на пазарот на капитал во наредниот период ќе се зајакне со нови вработувања.

# 3.10 ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2016***

Постои **добро ниво на подготовка** во областа на електронските комуникации и информатичкото општество. Не беше постигнат **напредок** во текот на извештајниот период. Во претстојната година, земјата треба особено:

- да гарантира правилно спроведување на правната рамка за електронски комуникации и аудиовизуелни медиуми;
- да ги зајакне независноста и капацитетот на медиумскиот регулатор и на јавниот радиодифузен сервис;
- да гарантира дека е завршена неопходната подготовка за да се воведе бројот 112 за итни случаи до крајот на 2018 година, вклучувајќи ја распределбата на неопходните финансиски ресурси.

***Резиме***

*Со цел да се постигне понатамошно усогласување со Законот за електронските комуникации и со Директивите за електронски комуникации на Европската Унија, во текот на 2017 Агенцијата за електронски комуникации планира да направи промени на подзаконски акти. За доследно спроведување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и подзаконските акти, Агенцијата ќе реализира голем број на активности, вршење на програмски надзор, вонреден програмски надзор, вршење на административен надзор. Македонската радио телевизија се приклучи на проектот Информационен систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР)- што ќе ја унапреди ефикасноста во управувањето со човечки ресури и квалитетот на работата на МРТ.*

## 3.10.1 ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

***Тековна состојба***

*Стратешки документи:*

- Национална Краткорочна ИКТ Стратегија 2016-2017

*Основен закон:*

Законот за електронските комуникации е усогласен со пакетот на Директиви за електронски комуниации на ЕУ од 2009 година (Директива 2009/140/ЕС и Директива 2009/136/ЕС) и е објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 39 од 25.02.2014 година, а стапи на сила на 06.03.2014 година.

Институции кои имаат директна надлежност врз развојот на електронските комуникации се Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) и Агенцијата за електронски комуникации (АЕК).
Институции кои индиректно имаат надлежност врз развојот на електронските комуникации се: Министерство за економија, Министерство за финансии, Комисија за заштита на конкуренцијата, Дирекција за заштита на лични податоци, Институт за стандардизација.

***Краткорочни приоритети***

*Агенција за електронски комуникации (АЕК)*

Со цел да се постигне понатамошно усогласување со Законот за електронските комуникации и со Директивите за електронски комуникации на Европската Унија, во текот на 2017 АЕК планира да направи промени на следниве подзаконски акти:

- Измена на План за доделување и користење на радиофреквенции во земјата;
- Правилник за мерење на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги, начинот и постапката за вршење на контрола и мерење, содржината, формата и начинот на објавување на информации во врска со квалитетот на јавните електронски комуникациски услуги

Од страна на АЕК за имплементација на секундарната легислатива во 2017 година се предвидуваат следните активности:

- Контрола на содржината на договорите што ги склучуваат операторите со своите претплатници а особено од аспект на нивото на испорачана услуга (SLA) (Согласно Директивата за Универзална услуга, Директивата за интерконекција и пристап и Рамковна Директива);

- Ажурирање на листата на нотифицирани субјекти што се води во Агенцијата на сите нови нотифицирани оператори и даватели на јавни електронски комуникациски услуги и бришење на операторите кои не започнале со работа на датумот наведен во нотификацијата, а не ја известиле Агенцијата за настанатата промена;
- Обработка на барања и издавање на решенија за доделување и повлекување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација за јавните електронски комуникациски мрежи и услуги во земјата;
- Следење на имплементацијата на преносливост на броевите што треба да ја обезбедат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и услуги;
- Анализа на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги и транспарентноста на податоците;
- Контрола на малопродажни цени преку методологија за регулирање на малопродажни вени со примена на тестови за Price Squeeze;
- Обработка на барања и издавање на одобренија за доделување на радиофреквенции согласно Планот за намена на радиофреквенциски опсези и Планот за доделување и користење на радиофреквенции;
- Спроведување на постапка за јавен повик за доставување на барања за издавање одобрение за користење на радиофреквенции и спроведување на тендери;
- Мониторинг со мобилни и фиксни мониторинг станици;
- Стручен надзор;
- Следење на операторите определени за давател/ли на универзална услуга;

За целосна ефикасна и ефективна имплементација на Законот за електронски комуникации како и за имплементација на мерките кои произлегуваат од секундарната легислатива во 2017 година, потребно е:

- Стручна обука на постоечкиот кадар;
- Изградба на мониторинг кула на Водно-Скопје;
- Користење на специјализиран софтвер и системот на сензори за ефикасно мониторирање на фрекефентниот спектар на Република Македонија;
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни регулаторни тела и државни институции како и институции на локалната самоуправа;
- Активно партиципирање во меѓународните организации и тела од областа на електронските комуникации;
- Активно учество при изработката и имплементацијата на примарната легислатива и стратегиите од областа на информатичкото општество и медиуми;
- Постојано пратење на усогласеноста на националната легислатива со acquis на ЕУ.

## 3.10.2 УСЛУГИ НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО

### *Тековна состојба*

*Стратешки документи:*

- Национална Стратегија за развој на информатичко општество и Акционен План
- Национална Стратегија за Е-Инклузија.

*Основни закони за развој на услуги на информатичко општество:*

- Закон за електронско управување („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/09)
- Закон за основање на македонска академска истражувачка мрежа –МАРнет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/10)
- Закон за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/05, 14/2007 и 55/2007)
- Закон за електронска трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 133/07 )
- Закон за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап („Службен весник на Република Македонија“ бр. 127/2008)
- Закон за податоци во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2001 и бр. 06/2002)
- Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/94, 4/02 и 07/05)
- Законот за користење на податоците од јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14)
- Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија" бр.47/96, 3/98, 98/02, 4/05, 23/05,131/07)
- Во Кривичниот закон на Република Македонија се предвидени одредби со кој се регулира компјутерскиот криминал.

Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) е основна надлежна институција за развој на услугите на информатичко општество.

МАРнет- Македонската научно-истражувачка мрежа – МАРнет. МАРнет е јавна институција одговорна за развој, организација и управување на единствената образовна и истражувачка телекомуникациска мрежа во земјата, за обука и стручна помош на корисниците на телекомуникациските услуги, работење со македонски домен (.мк) и други обврски определени со Законот.

***Краткорочни приоритети***

- Изработка и донесување на Стратегија за ИКТ 2018-2023
- Развој на методологија, упатства и стандарди за работа во „облак"
- Имплементација на апликација за унапредување на е-трговија
- Имплементација на системот за интероперабилност во дополнителни институции
- Воспоставување на можност за препорачана електронска испорака на документи преку системот за интероперабилност
- Анализа за потребите од техничко и кадровско зајакнување на капацитетите на институциите за електронско работење

***Среднорочни приоритети***

- Изработка на Акциски План за Стратегијата за ИКТ 2018- 2023 година
- Зајакнување на капацитетите за мониторинг на имплементацијата на новата Стратегија за ИКТ 2018-2023
- Развој на Национален портал за електронски услуги
- Дигитализација на регистрите на институциите
- Воспоставување на Регистарот на население
- Развој на електронски услуги
- Работа во „облак"
- Подобрување на правната рамка за електронско управување и усогласување со европското законодавство
- Подобрување на правната рамка за електронски потпис и електронски печат и усогласување со европското законодавство

## 3.10.3 АУДИОВИЗУЕЛНА ПОЛИТИКА

***Тековна состојба***

*Стратешки документи:*

- Стратегија за развој на радиодифузната дејност 2013-2017

*Основни закони:*

- Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14; 44/14; 101/14; 132/14 и 146/16) и
- Закон за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14).

Во националното законодавство транспонирана е Директивата 2010/13/ЕЗ за аудиовизуелни медиумски услуги на Европската Унија.

*Подзаконски акти:*

Врз основа на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата донесе 22 подзаконски акти за имплементација и спроведување на законските одредби за регулација на медиумската сфера , а кои се однесуваат на: новите рекламни техники, спонзорството, обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма, емитувањето европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти, минималните технички, просторни, финансови и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, заштита на малолетните лица, форматите на програмските сервиси на радиодифузерите, правилата за промена на сопственичката структура, пласирањето производи, мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми. Истите се достапни на www.avmu.mk.

***Краткорочни приоритети***

**Секундарно законодавство** (надлежност на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**)**

За доследно спроведување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми и подзаконските акти, Агенцијата ќе ги реализира следните активности:

- Вршење програмски надзор:
- редовен програмски надзор согласно Годишниот план за вршење програмски надзор за 2017 година за почитување на законските обврски врз радиодифузерите,давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи;
- контролен програмски надзор (по истекот на рокот утврден во изречената мерка од редовниот надзор) врз радиодифузерите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи; и
- вонреден програмски надзор (врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност на Агенцијата).
- Вршење административен надзор:
- Редовен административен надзор согласно Годишниот план за вршење административен надзор за 2017 година за почитување на законските обврски врз радиодифузерите и врз издавачите на печатените медиуми;
- Контролен административен надзор (по истекот на рокот утврден во изречената мерка) и
- Вонреден административен надзор (врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност на Агенцијата).
- Изработка на Годишна анализа на сите преземени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и најчести прекршувања од страна на издавачите на медиуми, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа;
- Изработка на Годишна анализа на судските прекршочни постапки заради утврдување на ефективноста на изречените прекршочни санкции на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите.

Со цел утврдување на состојбите во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија, на ставовите и потребите на публиката, како и начинот на којшто се прикажани жените и мажите во програмите на радиодифузерите, Агенцијата во 2017 година ќе ги спроведе следните анализи и истражувања:

- Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016 година;
- Истражување на ставовите и мислењето на публиката во врска со понудата на домашните телевизиски и радиостаници, како и за начините и моделите на коишто граѓаните ги користат медиумите;
- Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузеритепреку проведени анализи на програмите.

За да се обезбедат прецизни и точни податоци за гледаноста на телевизиските програмски сервиси и за слушаноста на радио програмските сервиси, во 2017 година Агенцијата ќе ги спроведе следните активности:

- Учество во работењето на Македонскиот комитет за мерење на публиката и обезбедување на податоци од електронското мерење на телевизиската публика;
- Спроведување квартални истражувања за да се обезбедат податоци за слушаноста на радиостаниците и за гледаноста на телевизиските станици што не се опфатени со електронското мерење.

Агенцијата активно работи на поттикнување социјална инклузија и обезбедување медиумска писменост во Република Македонија. Во таа насока Агенцијата ќе продолжи да ги поттикнува давателите на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги своите услуги постепено да ги направат достапни за лицата со сетилна попреченост и активно да придонесуваат за медиумската писменост воземјата. За 2017 година предвидени се следните активности:

- Организирање јавна презентација на резултатите од истражувањето - *Телевизијата и лицата со сетилна попреченост - понуда и потреби;*
- Подобрување на комуникацијата на Агенцијата со лицата со оштетен вид и слух и со нивните организации преку одржани средби и други заеднички активности;
- Спроведување кампања против сексизмот во медиумите преку изработени и емитувани радио и ТВ спот за сексизмот во медиумите;
- Публикување на досегашните истражувања за родовите прашања во медиумите (2012-2016) и промоција на публикацијата;
- Јавна презентација на резултатите од анализите на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите во 2017 година;
- Аудиовизуелна информативна кампања за тема од медиумската писменост со ТВ спот на меѓународната организација ЕАВИ прилагоден за македонската публика;

- Формирање мрежа за поттикнување на медиумската писменост составена од релевантни чинители (институции со јавни овластувања, надлежни државни органи, радиодифузери, граѓански организации, образовни институции и др.).

Со цел обезбедување транспарентност во работењето и комуникација со јавноста, Агенцијата, во текот на 2017 година ги планира се следните активности:
- Издавање и дистрибуција на публикации и брошури за специфични теми од медиумската сфера;
- Поставување видео презентации на обуки, работилници, јавни состаноци и слични активности на Агенцијата на нејзиниот youtube канал;
- Унапредување на веб страната на Агенцијата со додатни функционалностисо кои се овозможува пристап на граѓаните со сетилна попреченост.

Во текот на 2017 година Агенцијата ќе продолжи да работи на зајакнување на својот институционален капацитет преку:
- Програми и обуки за стручно усовршување на вработените во Агенцијата (учество на семинари, работилници, трибини и меѓународни конференции; посети на други регулаторни тела со цел размена на искуства или информирање за конкретни теми и сл.);
- Набавка на информатички средства согласно стратегијата за развој на ИКТ во Агенцијата;
- Примена на новиот систем за мониторинг обезбеден преку проектот IPA EuropeAid/136311/IH/SUP/MK – „Обезбедување опрема за систем за мониторинг на медиумски содржини за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“.

**ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС - ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**

***Тековна состојба***

Со усвојувањето на Статутот на МРТ се создаваат формално правни услови за избор на Надзорниот одбор на МРТ и Директорот на МРТ.

***Краткорочни приоритети***

**Законодавна рамка**

Македонската радио телевизија се приклучи на проектот Информационен систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР)- што ќе ја унапреди ефикасноста во управувањето со човечки ресури и квалитетот на работата на МРТ.

Од програмски аспект, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, МРТ ќе ја исполни својата обврска со тоа што ќе понуди богати програмски содржини од сите области – информативна, документарна, образовна, забавна и играна програма, како и програмски содржини од јавен интерес.
Унапредување на соработката со Управата за јавни приходи по однос на зголемување на процентот на прибирањето на радиодифузна такса ќе биде приоритет во 2017 година со цел одржување на стабилното финансирање на јавниот радиодифузен сервис.
Во текот на 2017 година ќе започне примената на Етичкиот кодекс на МРТ кој во моментов е во процедура на усвојување, што во поголема мера ќе придонесе кон придржување до моралните и етички принципи на сите вработени во МРТ, како на администрацијата, така и на вработените што учествуваат во директното производство и емитување на програмата.
Во текот на 2017 година, МРТ ќе ги донесе и општи правни акти за внатрешна организација.[33]

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Донесување и имплементација на Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2018 до 2022 година.

---

[33] Правилник за внатрешна организација на МРТ; Правилник за систематизација на работни места во МРТ; Правилник за плати на вработените во МРТ; Правилник за надоместоци на патни и други трошоци; Етички кодекс – кодекс на однесување на вработените; Правилник за финансиско работење на МРТ; Правилник за авторски, изведувачки и сродни права и надоместоци; Правилник за условите за користење на архивски материјали; Правилник за цените на услугите; Правилник за безбедност и заштита на работа; Правилник за заштита од пожари; Правилник за деловна тајна; Правилник за огласување и спонзорство; Правилник за јавни набавки; Правилник за формата и содржината на регистарот на обврзници за плаќање РДТ; и Одлуки со кои на општ начин се уредуваат односите во МРТ.

# 3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Земјата е **умерено подготвена** во областа на земјоделството и руралниот развој. Постигнат е **одреден напредок** за спроведување на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД II). Во претстојната година, земјата особено треба:

- да продолжи да се фокусира на поефикасно користење на средствата од ИПАРД.

***Резиме***

*Законите врз чија основа се темели земјоделството и руралниот развој се веќе донесени. Воспоставен е Интегриран административен контролен систем (ИСАК), а системите за спроведување на програмите за финансиска поддршка: Единствен регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС), Системот за идентификација на земјишни парцели (СИЗП), Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС) и Мрежата за сметководствени податоци на фарма (ФАДН) се функционални.*

*Во 2017 година се планира да се подобрат законските одредби кои ќе го опфатат уредувањето на пазарот на тутунски производи и сродни производи преку усогласување со Директива 40/2014.*

*По добивањето на акредитација од ЕК за три мерки од ИПАРД програмата 2007-2013 континуирано се работи на надградба и подобрување на системите за спроведување на ЕУ помошта за рурален развој.*

*Согласно Националната програма за развој на земјоделството и рурален развој 2013-2017 се предвидуваат мерките за рурален развој, кои ќе се реализираат преку Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој преку која ќе се искористат националните финансирања за подобрување на состојбите во земјоделството и руралниот развој. Согласно Националната стратегија за земјоделството и руралниот развој за период 2014-2020 година \ се предвидуваат мерките за финансиска поддршка на руралниот развој, кои ќе се реализираат преку годишните програми.*

*Врз основа на НСЗРР 2014-2020 година, во 2017 година се планира да се донесат измени и дополнувања на Законот за земјоделство и рурален развој и пропратни подзаконски акти во насока на усогласување со новата регулатива на ЕУ за рурален развој.*

*Во 2017 планирано е да се донесе Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година во која преку мерки на финансиска поддршка ќе се реализираат насоките од НСЗРР.*

*До јуни 2017 година се очекува регистрирање на првиот земјоделски производ заштитен со географска ознака согласно Законот за квалитетот на земјоделските производи.*

*Во тек е реализацијата на Националниот план за органско производство во Република Македонија за периодот 2013 – 2020 година, кој е дел од Националната стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2020.*

*Уредувањето на пазарите и минималните стандарди за квалитет на земјоделските производи со цел нивно пуштање во промет е уредена со Закон на квалитетот на земјоделските производи. Во глава III од истиот закон е регулирана заштитата на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи со ознака за потекло, географска ознака и ознака за традиционален специјалитет. Законот за квалитетот на земјоделските производи генерално е усогласен со Епропските регулативи и прописи од соодветните области.*

## 3.11.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА

***Тековна состојба***

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на РМ“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/2014, 25/2015, 73/2015, 83/2015, 154/2015, 11/2016, 53/2016, 120/2016 и 163/2016 и 176/16), донесена е Национална Програма за развој на земјоделството и руралниот развој за период 2013-2017 година. Врз основа на Програмата се донесе Програма за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година („Службен весник на РМ“ бр.2/16) и Уредба за поблиски критериуми за директни плаќања, корисници на средствата, максимални износи и начин на директни плаќања за 2016 година („Службен весник на РМ“ бр.2/16).

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) е надлежно за програмирање на директните исплати и останатите мерки наменети за развој на земјоделскиот сектор, како и за воспоставување на сите системи и регистри неопходни за реализација на мерките за поддршка. Секторот за анализа на земјоделска политика е надлежен во делот на единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС), земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС), мрежата за

сметководствени податоци на фарма (ФАДН) и анализа на земјоделската политика. ЗПИС во тек на 2016 година континуирано преку доставувачите на пазарни податоци, прибираа, обработуваа и објавуваа дневни пазарни информации преку веб.страната www.zpis.gov.mk, потоа објавуваа неделни, и месечни извештаи и публикува и го подготвуваа и објавуваа Годишениот извештај за ЗПИС, во кој е даден осврт на движењата на цените на земјоделските производи за изминатите две години, согласно регулатива CR (ЕС) бр. 479/2010. Активностите за поврзување на базата на податоци од ЕРЗС со базата на Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) се реализирани во 2014 година.
Врз основа на утврдениот План за избор на репрезентативни земјоделски стопанства за 2016 година, прибрани се податоци од 600 земјоделски стопанства.
Отпочна со проектот „Идна надградба на Земјоделскиот информативен систем (ЗИС)", финансиран од ИПА – ТАИБ 2011, кој започна во почетокот на 2016 година.
Регистрацијата на парцели на стопанствата во СИЗП во најголем дел е завршена. Тековно се врши регистрирање на нови СИЗП парцели како и ажурање на веќе регистрираните СИЗП парцели доколку кај истите има потреба. Регистрирањето на СИЗП парцела е услов за аплицирање по Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година.
Се усвои и објави Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година и Уредбата за поблиски критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 година („Службен весник на РМ" бр.192/16).

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Согласно НСЗРР за периодот 2014 – 2020 година, се дефинираат идните мерки за развој на политиката на финансирање во земјоделството, како и воспоставувањето на неопходните системи и институции потребни за нивна реализација.
Ќе се спроведува Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година

**Институционална рамка**

Предвидено е зајакнување на капацитетот на сите сектори кои имаат улога во хоризонталните активности за интензивирање на евроинтегративниот процес во областа.
Во однос на Земјоделско информативниот систем (ЗИС), на почетокот на 2016 година започна со реализација проектот ИПА – ТАИБ 2011 со цел идна надградба на Земјоделскиот информативен систем (ЗИС) и согласно препораките на експертите ќе се дефинира потребата од надградба на ЗПИС системот во насока на усогласување со стандардите на ЕУ и потребите на корисниците, а се во прилог за подготвување на системот кон потребите на заедничката земјоделска политика (ЗЗП) и заедничко уредување на пазарите (ЗУП).
Реализацијата на ИПАРД Програмата, Програмата за финансиска поддршка во земјоделството и Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој се реализира и следи преку системот на ИСАК (IACS). Примарни модули на ИСАК се системот за примање и обработка на барањата за финансиска поддршка, интегрираниот систем за контрола (ИСК) и системот за авторизација на исплати, а во истиот е вклучен и дополнителен модул за база на референтни цени. Конфигурацијата на софтверот е во тек и истиот е во фаза на финално тестирање.
Од аспект на процесот на внесување на податоци во софтверското решение за директни плаќања во земјоделството, кој ќе се остварува преку подрачните единици на МЗШВ, предвидено е овозможување на телекомуникациски пристап до постоечкото софтверско решение, со што ќе се овозможи внесување на податоци од надворешни локации.
Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) се соочува со зголемени надлежности и постојан одлив на кадри.

### *Среднорочни приоритети*

Предвидено е да се подготви и реализира Програмата за финансиска поддршка на земјоделството во 2018 и 2019 година и Уредбата за поблиски критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2018 и 2019 година.
Од 2017 година, се предвидува преку ИПА – ТАИБ 2012 програмата да се обезбедат нови ортофото снимки од целата територија на земјата со што би се надградил СИЗП со нови дополнителни податоци.
За потребите на ФАДН ќе се изготви План за избор на репрезентативни земјоделските стопанства за 2018 и 2019 година. Со цел подобрување на квалитетот на ФАДН податоците од особено значење се предвидените активности во рамки на проектот од ИПА – ТАИБ 2011 за „Надградба на Земјоделскиот информативен систем (ЗИС)" за подготовка на техничка спецификација за набавка на нов софтвер за ФАДН за кој набавката, согласно новата регулатива на ЕУ за ФАДН е предвидена во рамки на ИПА – ТАИБ 2012. Во однос на ЕРЗС, во тек на 2017 и 2018 година се планираат континуирани активности во насока во

ажурирање на базата и поврзување со останатите бази на податоци, како и надградба на системот со вградување на можности за подготовка на разни типови на извештаи.
Во однос на ЗПИС, во тек на 2017 година ќе се спроведува проектот од ИПА – ТАИБ 2011 компонентата I за „Надградба на Земјоделскиот информативен систем (ЗИС)" и согласно препораките на експертите ќе се дефинира потребата од правна и институционална надградба на земјоделско информативниот систем.

***Програми и проекти***
Во однос на Земјоделско информативниот систем (ЗИС) во тек на 2017 година ќе се спроведува проектот од ИПА – ТАИБ 2011 за „Надградба на Земјоделскиот информативен систем (ЗИС)" и согласно препораките на експертите ќе се дефинира потребата од правна и институционална надградба на земјоделско информативниот систем, кој ги вклучува сите одделенија во Сектор за анализа на земјоделска политика. Исто така преку анализа на моменталната состојба ќе се дефинираат потреби од нови проекти кои понатаму ќе дадат поддршка на ефективната анализа на земјоделската политика, усогласена со потребите на ланците на производителите на храна, како и за комплетна хармонизација на стандардите со ЕУ.
Целосно усогласување на законската рамка и методологијата на ФАДН согласно новата регулатива и методологија на ЕУ за ФАДН е предвидена во рамки на твининг проектот финансиран од ИПА – ТАИБ 2013 "Финализирање на мрежата на сметководствените податоци на фарми ФАДН", финализација на ФАДН системот.
Во периодот 2014-2016 година преку Секторот за консолидација на земјоделско земјиште размена и идентификација на земјишни парцели се планира реализација на два консолидациски проекти поддржани од ФАО, а од 2017 година предвидено е да се реализираат поголем број на проекти со финансиска поддршка од ИПА 2015 средствата на ЕУ и буџетот на Република Македонија.
Проектот „Поддршка во консолидацијата на земјоделско земјиште" финансиран од ФАО започна со реализација од 2015 година. Основна цел на проектот е поддршка во консолидацијата на земјоделското земјиште и зголемување на капацитетот на министерството за спроведување на проектите за консолидација. Со помош на проекти финансирани од ИПА 2015 континуирано ќе се продолжи со поддршка на активностите за консолидација на земјоделско земјиште.
Во 2017 и 2018 се планира да се спроведува проектот "Изработка на ортофото карти и дигитализација на употребата на земјоделското земјиште и развој на ИТ софтвер за фарм регистарот и ФАДН системот и надградба на СИЗП софтверот" во рамките на ИПА – ТАИБ 2012 програмата каде постоечкиот СИЗП софтвер треба да се надгради со нови модули и функционалности.

## 3.11.2 ЗАЕДНИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ
***Тековна состојба***
Правната рамка за уредување на пазарот на растенија и производи од растително потекло и животни и производи од животинско потекло, во моментов ја определува Законот за земјоделство и рурален развој, кој е делумно усогласен со законската регулатива на ЕУ и Законот за квалитет на земјоделски производи. Покрај овие закони, следниве закони се поврзани со уредувањето на пазарот на овие производи: Закон за ветеринарно здравство („Службен весник на РМ" бр. 113/07; 24/11; 136/11 и 123/12), Закон за тутун и тутунски производи („Службен весник на РМ"бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11, 53/11, 93/13, 99/13, 164/13, 151/14, 193/15, 213/15 и 39/16), Закон за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на РМ" бр. 72/07 и 05/09).
Со Законот за квалитет на земјоделски производи регулирани се земјоделските производи од растително потекло, како и производи од животинско потекло. Законот ги уредува нивните минимални или пазарни стандарди за квалитет и маркетинг (пласман на пазарот, пакување и информирање на потрошувачите), како и методите за нивна класификација, проверка, контрола и инспекција на пазарот, усогласени со тековните ЕУ стандарди во рамките на различните политики за Заедничкото уредување на пазарите (ЗУП).
Во однос на класирањето на земјоделските производи по квалитет согласно Закон за квалитетот на земјоделските производи, спроведувањето на одредбите што се однесуваат за класирање целосно се спроведуваат во делот на уредување на пазарот на јајца и месо од живина, пазарот на жита, ориз и брашно, делумно се спроведуваат во делот на уредување на пазарот на млеко, свежо овошје и зеленчук и пазарот за месо.
За да се надмине овој проблем, се направија одредени измени во делот на уредување на пазарот со млеко во Законот за квалитетот на земјоделските производи, во однос на воведување на систем за обука на контролори кои ќе бидат задолжени да земаат примероци од свежото млеко за анализа на квалитетот и со крајна цел плаќање на истото по класа на квалитет. Изработени се измените и дополнувањата на Законот за квалитетот на земјоделските производи во однос на воспоставувањето на систем за контрола на млеко и истите се објавени во Службен весник на РМ бр. 116/2015 година. Во моментов се работи на изработка на подзаконските акти кои произлегуваат од најновите измени и дополнувања на Законот, а паралелно се работи и на обезбедување на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој кои ќе

бидат наменети за опремување на две современи лаборатории за анализа на квалитетот на млекото. Со реализација на наведениве активности ќе се овозможи целосен функционален систем за анализа, класирање и исплата по класа на квалитет на млекото по примерот на земјите-членки од ЕУ.
Голем дел од хоризонталните аспекти на ЗУП кои се релевантни за сите поединечни пазари на земјоделски производи (интервентниот откуп, помош за складирање, посебни мерки за заштита на пазарот и мерките за поттикнување на потрошувачката) се регулирани во рамки на Законот за земјоделство и рурален развој.
Изработена е Уредба за постапката за доделување на финансиска поддршка за складирање, корисниците, висината на поддршката, условите за складирање, потребната документација, видот и квалитетот на пченицата од домашно производство објавена во Службен весник на РМ бр.126/16.
Правната рамка за уредување на винскиот сектор и пазарот со вино е доуредена со Законот за виното („Службен весник на РМ" бр. 50/10, 53/11,06/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16 и 172/16), како и со правилниците донесени врз основа на законот кои дополнително ги уредуваат енолошките средства и постапки во производството на вино, методите за анализа, класификацијата на сорти на грозје, етикетата, придружниот документ и влезните и излезни регистри за производи од грозје и вино, како и географските области насадени со винова лоза за заштита на географското потекло на виното во земјата.
Тековно, во период октомври-ноември 2016 заради зајакнување на пазарот на тутун, тутунски и сродни производи беа реализирани работни средби и изработен нацрт текст на нов Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи кој ќе биде разгледуван од страна на меѓуресорска работна група заради распределба на обврските според надлежностите на соодветните министерства за одредбите кои ги регулираат прашањата за електронските цигари и другите алтернативни производи од тутун.
До декември 2017 година се планира да се изврши надградба на електронскиот систем за евиденција на договорени и откупени количини тутун по откупувачи.

### *Краткорочни приоритети*

Со цел спроведување на одредбите од Законот за квалитетот на земјоделските производи во делот на уредување на пазарот на млеко и млечни производи, се предвидува обука и полагање на контролорите за земање на мостри од млеко.
Во 2017 година се планира да се подобрат законските одредби кои ќе го опфатат уредувањето на пазарот на тутунски производи и сродни производи преку усогласување со Директива 40/2014.

Од аспект на уредување на пазарите на земјоделските производи од растително потекло и специјализирани култури, во 2017 година предвидено е зајакнување на соодветните одделенија во рамките на Секторот за земјоделство, Секторот за лозарство, винарство и овоштарство и Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделски производи.

### *Среднорочни приоритети*

Од аспект на производите од растително потекло, предвидено е донесување на нови подзаконски акти согласно Законот за тутун, тутунски и сродни производи, делумно усогласени со промените на ЗУП на земјоделски производи во рамките на ЕУ. Исто така потребно е да се ревидира постоечката законска рамка во делот на Уредување на пазарите, да се изврши усогласување со најновите ЕУ регулативи.

Предвидено е континуирано зајакнување на соодветните сектори и институции релевантни за уредување на пазарите на земјоделски производи во 2018-2019 преку TAIEX обуки, работилници и студиски посети на земји-членки на ЕУ заради обезбедување на знаење и стручност во областите и институциите кои се релевантни за уредување на пазарите на земјоделски производи.

**Програми и проекти**

Во периодот 2017-2018 година ќе се спроведува проект од ИПА – ТАИБ 2013 – Градење на основи за реформи во секторот тутун во согласност со европските заеднички пазарни организации.

## 3.11.3 РУРАЛЕН РАЗВОЈ

### *Тековна состојба*

Согласно Законот за земјоделство и рурален развој донесена е Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2016 година („Службен весник на РМ" бр.6/16, 64/16, 176/16 и 190/16), Уредбата за видот на активности, максималниот износ по активности, корисниците, субјектите кои учествуваат во постапката, поблиските критериуми и начинот за доделување на техничката поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на РМ" бр. 6/13, 81/13, 181/13, 01/14, 23/2014, 136/14, 157/14, 139/15, 215/15 и 133/16.), Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за

рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка („Службен весник на РМ“ бр. 124/11, 80/13, 72/14, 88/15, 35/16 и 59/16) и Правилникот за поблиските критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој („Службен весник на РМ“ бр. 124/11, 80/13 и 35/16), преку кои се реализираат мерките предвидени во програмата.
Врз основа на Законот за земјоделски задруги („Службен весник на РМ“бр.23/13, 51/15 и 193/15) донесени се четири подзаконски акти за доуредување на постапката за упис во регистарот на земјоделски задруги, како дел од националното законодавство.
Во март 2016 година направена е измена на Законот за земјоделство и рурален развој (Службен весник на РМ број 53/2016) со која согласно капацитетите на земјоделските стопанства се групираат во три групи. Воспоставен е правен основ, по определување на капацитетите, да се програмира мерка за поддршката за инвестиции на земјоделските стопанства со кои што ќе извршат реструктуирање за зголемување на производните капацитети, односно се предвидуваат финансиски средства за инвестициони активности за период од најмногу три години за зголемување на производните капацитети на земјоделското стопанство во рамки на иста група односно од една во друга група.
Во јули 2015 година, е потпишан Договор за соработка со Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД) за воспоставување на банкарски гаранции за програмата за земјоделство и рурален развој во земјата. Гарантниот фонд започна со работа кон крајот на 2015 година, со една банка; во септември 2016 година, уште две комерцијални банки и две штедилници ги завршија административните постапки со УСАИД и започнаа со издавање на кредити преку овој фонд. Банкарските гаранци се примарно наменети за ИПАРД корисници, но исто така и за други инвестиции за модернизација на земјоделското производство и за поддршка на малите бизниси во руралните средини. Фондот ќе биде отворен до 2016 година преку кој може да се пласираат кредити во вредност од 26 милиони УСА$. Фондот ќе обезбеди до 50% од потребната гаранција за кредитот.
Изготвена е осмата модификација на ИПАРД Програмата 2007-2013. Предлогот за 8-ма модификација, вклучува измени на финансиските табели со цел да се земата во предвид губење на средства од алокацијата за 2015 година и прераспределба на средства од мерка 103 во мерка 101. Беше одобрен од страна на Комитетот за ИПА II во јули 2016 година. Генералниот директорат за земјоделство на ЕК донесе официјална одлука за одобрување на последните измени на ИПАРД Програмата 2007-2013 во ноември 2016 година ( Ref: C(2016) 7396 на 11 Ноември 2016).
Имплементацијата на Мерката 501 техничка помош започна во 2016 согласно со Акцискиот план за Техничка помош за 2016 година (АПТА); преку мерката беше организиран еден состанок на Комитетот за следење на ИПАРД 2007-2013.
Секторската спогодба со Европската комисија за воспоставување на одредби за управување и спроведување на финасиската помош на Унијата за Република Македонија според Инструментот за претпристапна помош во областа на политиките за „Земјоделство и рурален развој" (ИПАРД) е ратификувана и објавена во Сл. Весник бр.38/16. Врз основа на член 24 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.72/07, 5/09, 43/14, 193/15 и 39/16), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.03.2016 година, донесе Уредба за начинот и постапката за користење на финансиска поддршка за мерките за рурален развој финансирани од програмата ИПАРД 2014-2020.

На 17 февруари 2016, се одржа првиот Комитет за следење на ИПАРД II. На првиот состанок беше одобрен Планот за Евалуација за ИПАРД II и План за видливост и комуникациски активности за ИПАРД Програмата 2014-2020. Комитетот за следење на ИПАРД II го одобри Деловникот за работа за ИПАРД 2014-2020. Националниот акт за ИПАРД Програмата 2014-2020 беше објавен во Сл.весник бр.177/16.
На 25.05.2016, Националниот службеник за акредитација-НАО, Министерство за финансии достави финално официјално барање за доделување на право на управување на буџетот (пакет за ре-акредитација) за четири мерки од Програмата за рурален развој за 2014-2020 на Република Македонија (ИПАРД II) до Генералниот директорат за земјоделство и рурален развој, Европска комисија (Реф: бр. 10-3270/1).
Барањето е за следните мерки:

- Мерка „Инвестиции во материјални средства на земјоделски стопанства“;
- Мерка „Инвестиции во материјални средства за преработка и маркетинг на земјоделските и рибните производи”;
- Мерка „Диверзификација на фарма и развој на бизнисот”;
- Мерка „Техничка помош”.

Во рамките на Твининг лајт проект „Помош за Платежна Агенција за подготовка на Мерката јавна рурална инфраструктура“ финансиран од ИПА 2010, изработен е акредитациски пакет за Мерката инвестиции во јавна рурална инфраструктура во рамките на ИПАРД II програмата, и истиот е доставен до Националниот координатор за акредитација со цел отпочнување на постапката за доверување на задачите за реализација на буџетот Согласно усвоениот Акционен план за акредитација, предвидено е целокупна постапка да заврши до крајот на 2017 година.

Истовремено, АФПЗРР го поднесе во јуни 2016 година до Еврската комисија, Генералниот директорат за земјоделство и рурален развој и акредитацискиот пакет за веќе акредитарините мерки, изменет во согласност со одредбите на ИПАРД II Прогарамата и за истиот се очекува да добие одобрение во почетокот на 2017 година.
Проектот „Воведувањето на нови ИПАРД мерки (ЛИДЕР и Советодавни услуги) кои што ќе се имплементираат преку ИПАРД 2 " заврши во јули 2016 година. Проектот траеше 18 месеци. Нацрт мерки се изготвени и доставени од страна ТУ до ДГ АГРИ, за консултации и коментари. Подготвени се и нацрт процедури за спроведување на овие мерките. Упатствата и материјалите се исто така финализирани за двете мерки, а за мерката Советодавни услуги, изработени се посебни упатства за советниците од АПРЗ. Комуникацијата со ДГ АГРИ во врска со фишеата за мерките е сеуште во тек.

На 15 декември 2015 започна Твининг проектот од ИПА 2011 „Понатамошно зајакнување на ИПАРД Агенцијата", во траење на 21 месец во рамките на кој е предвидено завршување на постапките за акредитација- доверување на задачите за реализација на буџетот на новите мерки.

### *Краткорочни приоритети*

Врз основа на НСЗРР 2014-2020 година, во 2017 година се планира да се донесат измени и дополнувања на Законот за земјоделство и рурален развој и пропратни подзаконски акти во насока на усогласување со новата регулатива на ЕУ за рурален развој.

Во 2017 планирано е да се донесе Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2017 година во која преку мерки на финансиска поддршка ќе се реализираат насоките од НСЗРР.

Со цел спроведување на функциите на ИПАРД во 2017 година следните активности ќе бидат превземани
- Завршна проценка (ex post) на ИПАРД Програма 2007-2013
- Годишен и финален извештај за спроведување на ИПАРД 2007-2013
- Финален/ завршен Комитет за следење на ИПАРД 2007-2013
- Прва измена на ИПАРД Програма 2014-2020 и вклучување на двете нови мерки: ЛИДЕР и Советодавни услуги
- Два годишни редовни состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД II.
- Спроведување на Планиот за видливост и комуникациски активности за ИПАРД Програмата 2014-2020
- Активности за за акредитација на мерките Рурална инфраструктура, ЛИДЕР и Советодавни услуги.

Со средства кои се предвидени со мерката Техничка помош, ќе се овозможи поддршка активностите неопходни за спроведување на ИПАРД 2014-2020, посебно за кампања за публицитет за ИПАРД 2014-2020; анимирање и зајакнување на капацитетот на потенцијалните ЛАГови и завршна проценка на ИПАРД 2007-2013.

Во поглед на навремено информирање на корисниците на ИПАРД фондови за можностите на ИПАРД Програмата, во 2017 година ќе продолжи реализацијата на активностите за публицитет со спроведување на кампања за ИПАРД. Кампањата ќе се одвива согласно Годишниот план за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата 2015, изготвен врз основа на Планот за комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2007-2013 и ќе биде насочена кон промоција на гарантен фонд и ко-финансирање на каматни стапки за ИПАРД проекти. Во 2017 година е планирана и интензивна кампања и публицитет на можностите и условите кои ќе се нудат преку ИПАРД 2014-2020.

Во МЗШВ за креирање и реализација на политиките на руралниот развој и државната помош во земјоделството е надлежен Секторот за рурален развој, преку своите 5 одделенија. Во 2017 година предвидени се измени на внатрешните процедури за работа на Телото за управување со ИПАРД со цел да се усогласат со Законот за државни службеници (76/2010, 167/2010, 36/2011, 6/2012, 24/2012, 15/2013, 82/2013, 106/2013) и другите законски акти кои се во сила, а се однесуваат на стандарди за човечки ресурси.
Во 2017 година ќе се продолжи со зајакнување на административниот капацитет со зајакнување на Секторот за ИПАРД со вработување и обука на дополнително вработените лица и дообучување на постојните вработени.
Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе продолжи да се состанува најмалку два пати годишно.

### *Среднорочни приоритети*

Активностите ќе бидат насочени кон активности за акредитација на меркита Инвестиции во јавна рурална инфраструктура како и ажурирање на Листата за прифатливи трошоци согласно ИПАРД Програма 2014-2020.

Среднорочна проценка на ИПАРД 2014-2020. Финализација на процесот на акредитација на мерките ЛИДЕР и Советодавни услиги. Вклучување на мерката Агроеколошки и мерки за органоско производств и следствено изработка/ ажурирање на Листите на прифатливи трошоци за ИПАРД 2014-2020.

Комуникацијата на ИПАРД Програмата со јавноста ќе се одвива врз основа на изработка на редовни годишни планови за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата во 2017 и 2018.

На среден рок ќе се продолжи со зајакнување на Секторот за рурален развој со вработување и обука на дополнително вработените лица и дообучување на постојните вработени.
На среден рок ќе се продолжи со зајакнување на Секторот за ИПАРД со вработување и обука на дополнително вработените лица и дообучување на постојните вработени.
Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе одржува редовни состаноци. Во контекст на активноста за воспоставување на сигурносен ИКТ систем за Телото за управување со ИПАРД, се планира обезбедување на кориснички пристап до базите на податоци на АФПЗРР, преку интегрирање на системите на податоци со системите на податоци на ИПАРД Агенцијата во еден систем на проток на податоци меѓу двете институции.
Воедно, се планира и утврдување на кориснички пристап до бази на податоци и регистри во Агенцијата за храна и ветеринарство по реализација на сите поврзани активности за воспоставување на ИКТ системи поврзани со ЗИС. Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе продолжи да се состанува најмалку два пати годишно во 2017 и 2018.

### 3.11.4 ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО

#### *Тековна состојба*

Со цел поголема усогласеност со ЕУ Регулативите за органско производство, донесен е Законот за изменување и дополнување на законот за органско земјоделско производство (Службен весник на Република Македонија бр.132/2016), во согласност со изработените предлог измени во рамките на Твининг проектот за органско земјоделско производство и заштита на квалитетот на земјоделските производи.
Во тек е реализација на Националниот План за органско земјоделско производство во Република Македонија за периодот 2013 – 2020 година, кој е донесен во декември 2013 година.
Согласно Националната програма за земјоделство и рурален развој 2013 – 2017 година, финансиската поддршка на органското производство продолжува и во 2016 година. Освен утврдената поддршка, која е 30% повисока од висината на дирекните плаќања за конвенционалното производство, за 2016 година беа предвидени мерки на поддршка со доположнителна поголема висина: 50% за полјоделски култури, сточарско и пчеларско производство, 70% за овоштарство и лозарство и 100% за градинарско производство, како и покривање на 50% од трошоците за сертификација на органското производство.
За поголем развој на органското производство на храна, МЗШВ започна со реализација на проект „Отварање продавници за органско производство и кампањи за поголема потрошувачка на органското производство“ во чии рамки се предвидува спроведување на национална кампања за зголемување на свеста на граѓаните за користење на органската храна и отварање на специјализирани продавници за органска храна. Овој проект, Владата на Република Македонија започна да го реализира во 2015 година и ќе трае до 2018 година во континуитет. Се формира прconfigured Регистар за органски земјоделски производители како основна база на сите релевантни податоци за органско земјоделско производство, во рамките на ИМЕ (Проект за зголемување на пазарот за вработување) и Швајцарската фондација за техничка соработка, со цел развој и реконструкција на веб платформа за органско производство: www.organicmacedonia.org.mk .
Моментално контролата и сертификацијата на органското земјоделско производство ја спроведуваат две овластени сертификациски тела: Балкан Биосерт и Про Церт Контрола и Сертификација.

#### *Краткорочни приоритети*

Со цел интегрирање на правилата и постапките предвидени во Регулатива на Комисијата бр. 392/2013 за системот на контролите за органско производство, Регулатива на Комисијата бр. 1235/2008 за увоз на органски производи од трети земји во националната правна рамка, како и на Регулатива на Комисијата бр. 710/2009 за утврдување на детални правила за органско производство на животни од аквакултурата, ќе се утврдат подзаконските акти во делот на правилата за одгледување на водни животни.

Предвидено е усвојување на Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2017 година, врз основа на која ќе се реализира финансиската поддршка во овој сектор.

Функционалност на Регистарот на органски земјоделски производители како основна база на сите релевантни податоци за органско земјоделско производство во земјата, е во рамките на ИМЕ (Проект за зголемување на пазарот за вработување) и Швајцарската фондација за техничка соработка.

Во Одделението за органско земјоделско производство, предвидени се обуки за новиот кадар на институционално ниво. Освен придонесот кон понатамошно усогласување на Законот и подзаконските акти од областа на органското производство, институционално ќе се зајакнуваат и засегнатите страни во органското производство во земјата.

***Среднорочни приоритети***

Предвидено е подготвување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за органско производство, како и подготовка и реализација на Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2018 и 2019 година.

Предвидено е дополнително зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство и ДИЗ, како и обуки на дополнително вработените лица и дообучување на постојните вработени.

**Програми и проекти**

Реализација на проектот „Отварање продавници за органско производство и кампањи за поголема потрошувачка на органското производство“ до 2018 година.

## 3.11.5 ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

***Тековна состојба***

Согласно планираните активности, Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделските производи при МЗШВ, кој е задолжен за спроведување на одредбите од глава III од законот - Заштита на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи со заштитена ознака за квалитет, ги изработи измените и дополнувањата на Законот за квалитетот на земјоделските производи и истите се објавени во Службен весник на РМ бр. 116/15 на 09 јули 2015 година.

Во 2016 година, се донесени и подзаконските акти кои произлегоа од измените и дополнувањата, а се однесуваат на водењето регистри за заштитени ознаки и регистри за корисиците на заштитените ознаки. Со донесувањето на овие акти целосно е формирана законската рамка за заштита на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи со заштитена ознака за квалитет. Во периодот од февруари до јуни 2016 година, претставници од Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделските производи оствариja неколку средби со заинтересирани земјоделски задруги или здруженија на производители со цел да се информираат дека непречено можат да аплицираат за заштита на квалитетот на нивните производи и дека трошоците за заштита се драстично намалени односно дека нема да претставуваат значаен дополнителен финансиски товар. Една од најважните цели на средбите беше производителите да разберат дека економскиот бенефит од заштитата на квалитетот на нивните производи е далеку поголем од иницијалните трошоци.

Согласно Законот за квалитетот на земјоделските производи до сега е поднесено едно барање за заштита на земјоделски и прехранбен производ со ознака за потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитети и тоа за „ОХРИДСКА ЦРЕША“. Во тек е формирање на стручна комисија за спроведување на постапка за регистрирање на заштитена географска ознака- Охридска Цреша. По одлука од стручната комисија ќе се изработи и донесе решение за добивање на заштитен земјоделски производ со географска ознака.

Со цел поттикнување на производителите и преработувачите да спроведуваат заштита на квалитетот на своите производи предвидени се мерки за финансиска поддршка од „Програмата за финансиска поддршка за земјоделство‘‘ за 2016 година, преку спроведување на јавен повик за користење на мерката кофинансирање на 50% од трошоците во процесот на заштита на квалитетот и поддршка на производителите кои користат заштитени македонски називи. Со 80% ќе се покриваат трошоците направени за воведување на заштитна ознака за квалитет, за изработка на елаборат на производот, анализи, трошоци за контрола и верификација за соодветноста на елаборатот со производот се очекува да се изработат пет нови елаборати за заштита на земјоделски и прехранбени производи со ознака за потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет.

***Краткорочни приоритети***

До јуни 2017 година се очекува регистрирање на првиот земјоделски производ заштитен со географска ознака согласно Законот за квалитетот на земјоделските производи.

Во насока на зајакнување на институционалниот капацитет, побарани се неколку ТАИЕКС експертски мисии и студиски посети кои ќе придонесат за спроведување на законската рамка по завршеното правно усогласување и институционално поставување на системите за развој и заштита на квалитетот на земјоделско-прехранбените производи.

***Среднорочни приоритети***

Во овој временски период предвиден е и јавен повик за подготовка на елаборати и реализација на заштитата на ознаки за потекло и традиционален специјалитет на земјоделски производи, како и подготовка на Потпрограма за помош при воведување на повисоки стандарди за квалитет за 2017 и 2018 година и нивна реализација.

Во рамки на МЗШВ предвидено е зајакнување на Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделски производи, Одделението за стандарди и квалитет на земјоделски производи и Одделението за маркетинг на земјоделски производи со нови вработувања во 2017 и 2018 година, како и обука и надградба на тековно и нововработените лица од областа заштитени називи за ознаки за квалитет на земјоделските и прехранбените производи и нивна промоција.

# 3.12 БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Земјата има **одредено ниво на подготвеност** во областа на безбедност на храна, ветеринарство и фитосанитарна политика. Постигнат е **одреден напредок** во оваа област. Во претстојната година, земјата особено треба:

- да ја зголеми способноста за контрола на вектор преносливи болести;
- да го одреди статусот на штетници кај растенијата во земјата.

***Резиме***

*Стратешката рамка и акциски план за безбедност на храната во земјата за периодот 2017-2021 е во завршна фаза на подготовка.*

*Донесени се голем број на подзаконски акти (заштитни мерки во форма на решенија) заради заштита на здравјето на луѓето, животните и животната средина, од појава на ризик поврзан со храна или појава на болести кај животните во одредени земји или дел од нивната територија. Во наредниот период, продолжува понатамошното усогласување на законодавството во однос на безбедност на храна и ветеринарна политика, имајќи ги предвид измените и дополнувањата на законодавството на ЕУ од понов датум (2014, 2015 и 2016).*

*За понатамошно зајакнување на капацитетите на АХВ, особено на инспекциските служби и лабораториите, во тек е спроведувањето на Проект во рамки на ИПА 2010 програмата. Во наредниот период се очекува отпочнување на твининг проект во рамки на ИПА 2012 програмата, кој моментално е во фаза на подготовка.*

*Спроведувањето на мерките за контрола на болести кај животните продолжува со цел потврда и прогласување на статус слободни и официјално слободни од одредена болест на одгледувалиштата со животни. Системот за идентификација и регистрација е дополнет со модул за домашни миленици што ќе започне да се применува во целост од декември 2016. Исто така, системот континуирано се подобрува.*

*Со Регулативата за спроведување на Комисијата (ЕУ) 2016/15, Европската Унија ја стави Република Македонија на листата на трети земји кои се одобрени за извоз на конзумни јајца на пазарите во Унијата. Во наредниот период се очекуваат насоки од страна на Европската Комисија за преземање на понатамошни мерки со цел земјата да влезе во листата на земји одобрени за извоз на производи од риба на пазарите на Европската Унија.*

*Лабораториските капацитети на Факултетот за ветеринарна медицина, Институтот за храна и државната фитосанитарна лабораторија продолжуваат да се зајакнуваат, за што сведочи зголемениот обем на акредитирани лабораториски методи.*

## 3.12.1 ОПШТИ НАЧЕЛА

***Тековна состојба***

Стратешката рамка и акциски план за безбедност на храната за периодот 2017-2021 е во завршна фаза на подготовка. Разработени се приоритетните активности и чекори за постојано унапредување и надградба на сите сегменти од системот за безбедност на храната. Сумирани се главните насоки и идејни решенија заради постигнување на целта во делот на безбедноста на храната, имено заштита на здравјето на луѓето и поттикнување на меѓународната трговија.

Заради заштита на здравјето на луѓето и животните, донесени се заштитни мерки, во форма на решенија со кои се забранува увоз на одредени пратки, усогласени со последното законодавство на ЕУ усвоено во текот на 2014 односно 2015 година во однос на афлатоксини, задолжително испитување на радионуклиди на пратки со храна и храна за животни испорачани од Јапонија. Исто така продолжува да се следи законодавството [34] и во однос на зголемено ниво на официјални контроли на увозот на храна од неживотинско потекло и одредена храна за животни.

Со поддршка на ГД САНТЕ, во текот на 2016 година, спроведени се бројни обуки од различни области за јакнење на инспекциските служби на АХВ и остнатиот стручен кадар, заради хармонизација, односно унифициран пристап во вршењето официјални контроли со што е постигнато стручно усовршување на 216 учесници, претставници од АХВ. Вкупно 42 претставници од АХВ учествуваа на ТАИЕКС настани кои беа одржани во текот на 2015 година. АХВ како национална контакт точка за Кодекс и за ЕФСА продолжува да ја продлабочува соработката со овие меѓународни тела преку непосредно учество во нивните активности.

[34] Повеќе детали се дадени во *Прописи /законодавни активности/ од Поглавјето 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика усвоени во текот на 2016 година*

Како новина во однос на соработката со ЕФСА, Агенцијата за храна и ветеринарство достави апликација за повикот на ЕФСА "Поддршка за национално истражување на исхраната - "Истражувања за исхрана на децата".
Освен тоа, во организација на АХВ и надворешна техничка поддршка спроведени се обуки за вработените заради стручна надградба во одредена област од поглавјето 12.
Почнувајќи од јуни 2015 година, се спроведува Твининг проектот „Зајакнување на административниот и институционалниот капацитет на надлежните органи за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика", каде институции корисници се Агенцијата за храна и ветеринарство, Државниот инспекторат за земјоделство, Државната Фитосанитарна Лабораторија и Фитосанитарната управа. Проектот е во соработка со Република Италија како твининг партнер, во рамките на ИПА инструментот, Компонента 1 – Помош при транзиција и градење на институциите, програмска година 2010. Во рамките на твининг проектот активностите се поделени на 3 главни компоненти и тоа: здравствена заштита на животните, ветеринарно јавно здравство и фитосанитарна политика. Деталите за проектите активности се елаборирани во соодветните подрачја подолу.
Во областа на **заштитата на потрошувачите**, имплементацијата на Регулативата 1169/011/, која се однесува на обезбедување на информации за храната, наменети за потрошувачите започна на 13.05.2016 година. Започна и имплементацијата на одредбите кои се однесуваат на електронска продажба на храна. Реализиран е Твининг проект, во рамки на ИПА 2010, на темата Е-Комерц. Здобиените искуства и вештини ќе се користат за отпочнување на ваков вид контроли.[35]
Како дел од подготовките за **акредитација на инспекциските служби на АХВ**, согласно Европскиот стандард– МКС ЕН ИСО/ИЕЦ 17020:2012, завршена е калибрацијата на 111 температурни мерни инструменти, подготвена е нацрт верзија на Упатството за мострирање, кое ќе се однесува на работењето на инспекторите за контрола на храна од не животинско и животинско потекло.

### *Краткорочни приоритети*
На почетокот на 2017 година, одделението за внатрешна контрола и аудит во рамки на АХВ ќе подготви Годишна Програма и План за внатрешен аудит на официјалните контроли за 2017 година, при што активностите содржани во истите ќе се темелат на анализа заснована на ризик и на одредени приоритети од врвното раководство на АХВ.

За понатамошно зајакнување на капацитетите на АХВ, особено подобрување на одредени системи, воведување на нови постапки и зајакнување на инспекциските служби во септември 2016, потпишан е Твининг договор во рамки на ИПА 2012 програмата,.
За јакнење на професионалните капацитети на вработените во АХВ, предвидени се низа обуки за нововработените лица, поточно стручниот кадар чии работни задачи се непосредно поврзани со здравствена заштита на животните, контрола на храната за животни, ветеринарно медицински препарати, антимикробна резистенција и т.н .

*Соработката со ЕФСА* (Европски орган за безбедност на храната) преку вклучување на земјите со кандидатски статус за влез во ЕУ, вклучително и Република Македонија во активностите на ЕФСА како и досега продолжува и во наредниот период во рамки на Претпристапната програма на ЕУ. За наредниот период, фокусот ќе биде ставен на зајакнување на капацитетите на земјите-кандидати за проценка на ризикот во однос на безбедноста на храната и поголема вклученост на земјите-кандидати во работните групи и проектите на ЕФСА.
Во наредниот период, ќе се спроведе втора редовна проверка на Системот за управување со квалитет во рамки на АХВ.
Во рамки на ИПА 2012 потпишани се повеќе договори за набавка на опрема за Агенцијата за храна и ветеринарство, потребна за непречено спроведување на официјалните контроли во подрачните единици и граничните инспекциски места. Во тек е постапката за доставување на соодветната опрема, која треба да се испорача до АХВ, до март 2017.
Во однос на активности за Codex Allimentarius, планирано е да започнат активности поврзани со Codex Trust Fund, а во насока на воспоставување на национална Codex структура.

### *Среднорочни приоритети*
Измените и дополнувањата на европското законодавство во однос на безбедноста на храната ќе се следат континуирано од страна на АХВ и последователно ќе се транспонираат во националното законодавство.

Продолжуваат активностите за акредитација на инспекциските служби на АХВ, согласно Европскиот стандард– МКС ЕН ИСО/ИЕЦ 17020:2012.

[35] Останатите податоци во однос на правна и институционална рамка во делот на заштита на потрошувачите (дел од областа е во надлежност на АХВ) се дадени во Поглавјето 28 – Заштита на потрошувачите и здравствена заштита

## 3.12.2 ВЕТЕРНАРНА ПОЛИТИКА

### *Тековна состојба*

Донесени се одреден број на подзаконски акти со кои детално се регулираат различни области опфатени со ветеринарната политика. Со тоа е постигнато усогласување со релевантното ЕУ законодавство од понов датум од следните области и тоа: мерки за контрола на болести кај животните и решенија – забрани за увоз и транзит, со цел заштита на здравјето на луѓето и животните[36]. Исто така, со цел заштита на здравјето на луѓето и животните и обезбедување на предуслови за ставање во промет на овци и кози и нивни производи, но истовремено постигнување и одржување на статусот на одгледувалишта на овци и кози како официјално слободни од болеста бруцелоза, донесена е нова Програма за искоренување на бруцелозата објавена во "Службен весник на РМ" 48/2016.

Во поглед на **мерки за контрола на болести кај животните**, Агенцијата за храна и ветеринарство ги спроведе се следните активности:

- во текот на март 2016 заврши активниот надзор на авијарна инфлуенца (птичји грип) кај живина и диви птици кои се присутни или мигрираат низ територијата на земјата[37]. Лабораториските испитувања потврдија дека сите примероци земени при вршење на надзорот се негативни на присуство на вирусот на авијарна инфлуенца.
- во рамки на проектот од финансиската програма IPA 2012 – Договор "Набавка на вакцини против беснило" во текот на март 2016, извршена е набавката на вакцините и завршени се сите подготвителни активности за предвидената пролетната и есенска кампања за орална вакцинација на лисиците против беснило. Во текот на поединечните кампањи беа дистрибуирани по 500.000 мамци наменети за орална вакцинација низ целата територија на земјата[38].
- од 27.05.2016, започна да се спроведува прстенеста вакцинација во областите/подрачјата под забрана и ограничувања каде што се потврдени жаришта на болеста јазлеста кожа (вкупно 19 општини). Од 24.06.2016, согласно планот за итна вакцинација се изврши масовна вакцинација против болеста јазлеста кожа, т.е. со вакцинацијата беше опфатена целата територија на Република Македонија. Мерките за контрола на болеста на јазлеста кожа се спроведуваат согласно законодавството на ЕУ, т.е. Директивата на Советот 92/119/ЕЗ и Одлуките на Комисијата за спроведување (ЕУ) 2015/2055 и 2016/645. При тоа, не се утврдени несакани дејствија од страна на ветеринарните друштва задолжени за спроведување на вакцинацијата.[39]
- Во однос на авијарна инфлуенца кај живина и диви птици, веќе се спроведува кампањата за надзор 2016/2017.

Информационен Систем на АХВ - ИСАХВ со досегашната надградба и проширување има 5 функционални модули.

Како дополнување на опсегот на акредитација на лабораториските методи во рамки на Факултетот за ветеринарна медицина, воведени се нови лабораториски методи со што е зголемен бројот на акредитирани лабораториски методи (вкупно 131). (Деталите се објавени на интернет страната на Институтот за акредитација на РМ (http://www.iarm.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=161%3Alt-001&catid=69%3Aaccr-lab-test-cat&Itemid=119&lang=mk).

Имајќи ја предвид здравствената состојба во одредени земји, и по официјалната потврда на појава на одредени болести на нивните територии и / или дел од нивната територија, АХВ усвои заштитни мерки[40] со цел да се спречи внесувањето и ширењето на истите на територијата на земјата за заштита на здравјето на луѓето и животните како и животната средина.

Заштитните мерки се во согласност со најновите правила на ЕУ како и последните известувања доставени од страна на засегнатите земји до системот на Европската Унија за брзо известување за болести кај животните (ADNS) односно до Меѓународната организација за здравствена заштита на животните (ОИЕ). Мерките се утврдени во одлуки или измени и дополнувања на истите, и се применуваат наредниот ден од денот на нивното објавување во "Службен весник на Република Македонија".

---

[36] *Повеќе детали во: Прописи /законодавни активности/ од Поглавјето 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика усвоени во текот на 2016 година*

[37] Активниот надзор беше започнат во текот на декември 2015 година

[38] Последниот случај на беснило во Република Македонија е потврден во Март 2012 година кај мачка во село Јаргулица, Радовиш. Оттогаш до денес не е потврден ниту еден случај на беснило на територијата на Република Македонија.

[39] Информација во однос на спроведување на мерките за контрола на болеста на јазлеста кожа, вклучително и вакцинацијата спроведена во подрачјата/областите под забрана на територијата на Република Македонија е доставена до Европската Комисија – Директорат Г, Ветеринарни и меѓународни прашања, уште на самиот почеток од потврдување на појавата на болеста

[40] *Повеќе детали во: Прописи /законодавни активности/ од Поглавјето 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика усвоени во текот на 2016 година*

Спроведувањето на програмата за надзор на вирална хеморагична септикемија и инфективна хеморагична некроза кај пастрмката и Кои херпес вирусот кај крапот започната во текот на 2015, продолжи и во текот на 2016 година. Сето ова има за цел потврда и прогласување на *статус слободна од болест* на територијата на земјата и последователно на тоа да се овозможи ставање на пазар на производите од аквакултура на пазарите во ЕУ и во трети земји.

Во однос на **идентификација и регистрација на животните и нивните движења преземени се следните активности**:

- Како дел од редовниот мониторинг на системот за идентификација и регистрација на животините и нивните движења, од страна на АХВ извршена е посета на сите субјекти вклучени во системот (ветеринарни друштва, кланици, добиточни пазари, добавувачи на средства за идентификација). При тоа, утврдена е фактичката состојба, недостатоците, како и проблемите со кои се соочуваат субјектите инволвирани во системот. Од секој субјект поединечно дадени се конкретни предлози и дадени се мислења како би можело нивната работа поврзана со системот да биде повеќе ефикасна со што ќе се подобри квалитетот на податоците кои се внесуваат во базата. Некои предлози се прифатени од Агенцијата и ќе бидат имплементирани во текот на 2017 година.
- системот за идентификација и регистрација на животните и нивните движења е дополнет со модул за домашни миленици што ќе започне да се применува во целост од декември 2016.

Системот за идентификација и регистрација на свињи е воспоставен согласно законодавството на ЕУ и истиот е целосно функционален од 2013 година и континуирано се подобрува.[41]

## *Краткорочни приоритети*

### Правна рамка

Планирано е донесување на подзаконски акти во однос на благосостојба на животните, внатрешен промет во заедницата со живи животни и измена на постоечката регулатива во однос на трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии (ТСЕ), начинот и постапката на пријавување на болести кои задолжително се пријавуваат, ветеринарно-здравствените услови за ставање во промет на семе за вештачко осеменување, ембриони и јајце клетки, како и листи на трети земји од кои е дозволен нивниот увоз промет со живи животни од видовите говеда и свињи и копитари со цел потполно усогласување со Европското законодавство. (*Повеќе детали, Прилог 1 - Матрица на цели и активности за 2017 - 2019).*

Во однос на мерките за контрола на болести кај животните, на краток рок се планира:

1. Во насока на стекнување со статус слободни од **бруцелоза на одгледувалиштата на овци и кози**,ќе отпочне да се спроведува Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај овците и козите ("Службен весник на РМ" 48/2016). Во првата година од имплементација на оваа програма ќе се врши дијагностичко испитување на сите овци и кози во епизоотиолошките единици Карбинци и Радовиш (општини во кои во текот на 2008 година започна да се спроведува масовна вакцинација против бруцелоза), со цел да се утврди стапката на присутност на болеста (преваленција на болеста), и понатаму воспоставување на статус слободен на бруцелоза.Во зависност од добиените резултати за застапеноста на болеста и целосната проценка на епидемиолошката состојба, мерките од оваа програма во наредните години можат да се прошират и на останатите региони односно општини каде беше извршена масовна вакцинација против бруцелоза. Истовремено и понатаму ќе продолжи да се спроведува вакцинација на подмладокот на возраст од три до шест месеци.
2. Освен контролата на епидемиолошката состојба на **класична чума кај дивите свињи**, во тек е спроведување на голем број мерки. Во наредниот период, АХВ ќе продолжи со спроведување на активностите за целосно искоренување на класичната чума кај свињите и прекин на превентивната вакцинација. На тој начин, ќе се овозможи извоз на живи животни и производи од животинско потекло (животни од видот свињи) на пазарите на Европската унија, со оглед на тоа дека со законодавството на ЕУ не е дозволено превентивно вакцинирање против класична чума кај свињите, а болеста е целосно искоренета на територијата на ЕУ.

### Институционална рамка

Со твининг проектот во рамките на ИПА 2010 во период 2015-2016 се реализираа низа активности во насока на зајакнување на воспоставените системи во делот на здравствената заштита на животните и тоа:

- Програми за надзор на повеќе болести: Син јазик, Западно-нилска треска, трихинелоза, Вирална хеморагична септикемија и Инфективна вирална некроза кај рибите.
- План за итни мерки за Класична свинска чума и ревизија на контролните планови за Бруцелоза кај овци и кози, Бруцелоза кај говедата и Туберкулоза кај говедата.
- Дефинирање на правецот на дејствување со цел постигнување на статус "слободни" за следните болести: Бруцелоза (овци, кози и говеда), Туберкулоза и Класична свинска чума.

[41]Поврзано со грешен наод од Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2016: Системот за идентификација и регистрација на животните од видот свињи не се спроведува во целост.

- Категоризација на свињарските фарми врз основа на био-сигурносните мерки
- Ревизија на националниот контролен план за Салмонела
- воспоставување на биосигурносни мерки на фарма и
- изработена е методологија за скрининг на болести кај сите видови животни кои претходно биле предмет на испитувања и во моментот не се знаен нивниот статус во РМ.
- системот за супервизија и верификација на официјалните контроли на инспекциските служби за здравствена заштита на животните

Активностите од проектот за трговска логистика на западниот Балкан продолжија и во текот на 2016 година. Мониторинг плановите за контрола при увоз на храна, храна за животни и материјали кои доаѓаат во контакт со храната започнаа да се спроведуваат. Исто така, во рамките на проектот започна со реализација измената на системот за гранична инспекција, како и воведувањето на два неопходни системи за собирање на податоци и известувања за небезбедни пратки.

Предвидено е и спроведување на серолошки испитувања на одредени зоонози и скрининг на состојбата со други болести кои не се опфатени со тековната програма.
На краток рок, планирана е надградба на ВИС системот со уште еден модул за колење и компензација на одземени заболени животни.

## *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

АХВ последователно на усвоените измени и дополнувања на европското законодавство кои ги регулираат областите опфатени со ветеринарната политика, ќе врши усогласување на националното законодавство.
Исто така, во врска со претходното, во рамки на ИПА 2012, во текот на 2017 година предвидена е поддршка за реализација на следните активности:

- анализа на степенот на усогласеност на националното законодавство во делот на ветеринарната политика со сите измени и дополнувања на соодветното законодавство на ЕУ (здравствена заштита на животните, Закон за безбедност на храна за животни и законодавство поврзано со ветеринарно медицински препарати[42],);
- подготовка на Стратегија и акциски план за спроведување на правилата во однос на благосостојба на животните и нивна заштита;
- изработка на законодавство за спроведување во различни области; и
- изработка на работни документи, вклучително процедури и соодветни технички документи,, т.е. упатства, листи за проверка, извештаи и сл.).

**Институционална рамка**

Во зависност од потребите, ВИС системот во рамки на АХВ ќе биде надградуван дополнително со нови модули од областа на ветеринарната политика.

Во зависност од добиените резултати за застапеноста на болеста и целосната проценка на епидемиолошката состојба, мерките од Програмата за сузбивање и искоренување на бруцелоза кај овците и козите ("Службен весник на РМ" 48/2016 во наредните години можат да се прошират и на останатите региони односно општини каде беше извршена масовна вакцинација против бруцелоза. Истовремено и понатаму ќе продолжи да се спроведува вакцинација на подмладокот на возраст од три до шест месеци.

Во насока на дополнително зајакнување на институционалните и административните капацитети на Агенцијата за храна и ветеринарство, во рамки на ИПА 2012, предвидена е реализација на следните активности од областа на здравствената заштита на животните и тоа:

- утврдување на приоритетни болести преносливи со вектори и приоритетни паразитски болести значајни за земјата;
- изработка на Стратегија и акциски план за мониторинг и надзор за болести преносливи со вектори и приоритетни паразитски болести значајни за земјата;
- изработка на процедури и листи за проверка во насока на единствен/заеднички пристап во спроведувањето на воспоставениот систем за надзор и мониторинг;

[42] Останатите податоци во однос на правна и институционална рамка во делот на ветеринарно - медицинските препарати (област во надлежност на АХВ) се дадени во Поглавјето 28 – Заштита на потрошувачите и здравствена заштита

- изработка на планови за итни мерки и прирачници за работа за болестите кои се предмет на плановите за итни мерки а со кои не располага АХВ;
- изработка на упатства применливи во случај на појава на природни катастрофи и радијација;
- обезбедување на обуки за официјалните ветеринари во однос на мерките што се спроведуваат во случај на појава на одредена болест што е предмет на плановите за итни мерки.

## 3.12.3 СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНА, ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ И НУС ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

### *Тековна состојба*

Согласно Законот за безбедност на храната („Службен весник на РМ" 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15 и 39/16) дополнително се усвоени три подзаконски акти[43]. со кои е извршено понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ од понов датум и тоа: *во однос на трихинела во местото, регулативата 32015R1375, во однос на* посебните барања за храната од животинско потекло, последните измени на регулативата 32004R0853, во однос на *општите барања* за максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната регулативите: 32014R0036; 32014R0051; 32014R0061; 32014R0079; 32014R0087; 32014R0289; 32014R0318; 32014R0364; 32014R0398; 32014R0588; 32014R0491; 32014R0617; 32014R0703; 32014R0737; 32014R0752; и 32014R0991.

На 7ми Јануари 2016 година, со Регулативата за спроведување на Комисијата (ЕУ) 2016/15, Европската Унија ја стави Република Македонија на листата на трети земји кои се одобрени за извоз на конзумни јајца на пазарите во Унијата. Со регулативата е одобрен националниот план за контрола на Салмонелозата кај јатата несилки од видот Gallus Gallus .

Во период од 25-29 јануари 2016 година, во земјата спроведена е ревизорска мисија од страна на Канцеларијата за храна и ветеринарство на ЕК, за проверка на системот за здравствена заштита на живината, при што е заклучено дека воспоставениот систем за контрола на болести кај живината е на задоволително ниво.

Во изминатиот период поднесено е барање за ставање на 3 оператори на листата на одобрени објекти за извоз на конзумни јајца во ЕУ. Од страна на Европската комисија е известено дека е во постапка измената на листата на објекти од кои е дозволен увоз во ЕУ, во која ќе бидат вклучени и 3-те собирни центри од земјата.

За подобрување на *квалитетот на суровото млеко*, подготвен е План за категоризација на база на ризик на одгледулавиштата со молзни крави. За преземените активности изработена е информација до Влада на РМ, која на својата 129 седница го усвојува Планот. На 30 септември 2016 година, АХВ ја информираше Владата на Република Македонија за преземените активности [44] по заклучокот 5) од точка 41 од записникот на Шеесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија одржана на 06.09.2016 година (за доставување на податоци за Регистар на одгледувалишта на молзни грла за различни категории на краварски фарми со повеќе од 5 животни кои пласираат млеко на пазарот). Доставена е Информација за број на одгледувалишта на молзни грла (краварски фарми) со повеќе од 5 молзни грла.

Во однос на ФВО[45] аудитот за проценка на контролните системи за производство на производи од риби наменети за извоз во Европската Унија, одржана во периодот 24.02-05.03.2015, добиен е позитивен одговор од страна на Европската Комисија. Во наредниот период се очекуваат насоки од страна на Европската Комисија за преземање на понатамошни мерки со цел Република Македонија да влезе во листата на земји одобрени за извоз на производи од риба на пазарите на Европската Унија.

По одржување на ФВО аудитот во периодот од 5-13 април 2016 за проценка на системот за контрола на резидуи и контаминенти во и врз храна и системот за ветеринарно-медицински препарати, добиен е позитивен извештај со 2 забелешки за кои до Европската Комисија е доставен акциски план за нивно отстранување.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Предвидено е донесување на три подзаконски акти во однос на нус производи од животинско потекло со што ќе се постигне целосна усогласеност со релевантните прописи на ЕУ (Регулативи 32011R0142 и 32009R1069). *(Детали, Матрица на цели и активности 2017 – 2019 – Поглавје 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика).* Во првата

[43] Повеќе детали во: *Прописи /законодавни активности/ од Поглавјето 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика усвоени во текот на 2016 година*

[44] Во врска со заклучок по одржувањето на XII состанок на Поткомитетот за земјоделство и рибарство

[45] Европска Комисија – Канцеларија за храна и ветеринарство (http://ec.europa.eu/food/audits_analysis_en)

половина од 2017 година се очекува да се донесе Стратегија за собирање, преработка и нештетно отстранување на нус-производи од животинско потекло која е во владина постапка.
На почетокот од 2017 година ќе се донесе и ќе започне да се спроведува од страна на АХВ Програмата за следење и известување за антимикробна отпорност кај зоонотски и коменсални бактерии што се усогласува со ЕУ мерката 32013D0652.

**Институционална рамка**
Во рамки на твининг проектот „Зајакнување на административниот и институционален капацитет на надлежните органи за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика", се реализираа активности за зајакнување на капацитетите на централно ниво и на ветеринарната инспекција, во насока на

- Донесување на Повеќе-годишниот национален контролен план за храна за животни
- Стандардни процедури за земање на примероци
- воспоставување на систем за електронска продажба и измами со храна
- Чек-листи за постапки во примарно производство за храна од животинско потекло
- Понатамошно унапредување на категоризацијата на објекти врз основа на принципот за анализа на ризик
- Оперативен контролен план за подобрување на квалитетот на суровото млеко
- Насоки за управување со традиционалното производство и традиционалните производи, заснован на ЕУ шемите за квалитет
- Водичи за добра пракса во примарното производство на храна од животинско потекло,
- системот за супервизија и верификација на официјалните контроли на инспекциските служби за контрола на гранични премини

За ко-финансирање на активностите на категоризација на операторите за храна и усогласување со европските стандарди обезбедени се средства во рамки на ИПАРД Програмата.
АХВ во наредниот период ќе продолжи со предвидените активности – контрола на преостанатите оператори со храна од животинско потекло во постапка на унапредување на објектот и усогласувањето на работењето согласно прописите за безбедност на храна и ветеринарно здравство и релевантните прописи на Европската Унија.

### *Среднорочни приоритети*
АХВ ќе продолжи со усогласување на законодавството од подрачјето правила за безбедност на храната, а при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство.

*Процесот за воспоставување на национален интегриран систем за собирање, складирање, транспорт и отстранување на нус производите од животинско потекло е започнат*, а ќе се реалзира на среден рок. Заради комплексноста на процесот и вклученоста на повеќе институции, истиот ќе се воспоставува низ *повеќе чекори*. Во тек е постапка за избор на изведувач за изградба на кафилерија во Република Македонија.[46]
Во однос на подобрување на квалитетот на суровото млеко, првичната временска рамка за завршување на процесот на реструктуирање/надградба на фарми/одгледувалишта со молзни крави е крајот на 2019 година.
Во рамки на ИПА 2012, предвиден е развој на ефикасен систем за управување со зоонози[47] и труења предизвикани со храна, преку: воспоставување на систем за: брзо известување, пратење на тековите и изворите и утврдување на мерки за спречување на појавата на зоонози и труења предизвикани со храна. Со ова воедно ќе се постигне дополнително зајакнување на институционалните капацитети на АХВ.

## 3.12.4 ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА

### *Тековна состојба*
Согласно Законот за безбедност на храната („Службен весник на РМ" 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/2014, 72/2015, 84/2015 и 129/2015) донесени се два подзаконски акти[48] со што е извршено понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ вклучително и она од понов датум, и тоа:

- во однос на специфичните критериуми и барања за чистота на адитивите што можат да бидат содржани во храната, директивата 32006L0060, и регулативите 32012R0231, 32013R0231,32013R0816 и 32013R0817; и

[46] Забелешка и препорака од последниот Извештај на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија во процесот за пристапување во ЕУ (2016 г.)
[47] Болести заеднички за животните и луѓето.
[48] Повеќе детали во: *Прописи /законодавни активности/ од Поглавјето 3.12. Безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика усвоени во текот на 2016 година*

- во однос на посебните барања за екстракционите средства кои може да се користат во производството на храна и состојки на храна, со директивите 32009L0032 и 32010L0059.

### *Краткорочни приоритети*

Предвидено е донесување на одреден број подзаконски акти заради усогласување со последните измени од релевантното Европско законодавство од неколку области (измени во однос на критериуми за чистота на адитивите и екстракциони растворувачи за производство на храна). *(Повеќе детали, Прилог - Матрица на цели и активности за 2017 - 2019).*
Во рамките на Твининг проектот, ИПА 2010, сиситемот за супервизија и верификација на официјалните контроли се прошири и на инспекциските служби за храна од неживотниско потекло

### *Среднорочни приоритети*

АХВ ќе продолжи со усогласување на законодавството во однос на правила за безбедност на храната, а при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство.
Предвидени се соодветни обуки за државните инспектори за храна како и обуки за стручно-административниот кадар за храна од неживотинско потекло.

## 3.12.5 ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ

### *Тековна состојба*

Подготвен е Национален план за официјални контроли од областа на исхрана на животните за период 2017-2019 година, истиот се очекува да биде усвоен во наредниот период, и ќе започне да се имплементира од 2017."[49]

### *Краткорочни приоритети*

АХВ ќе продолжи со усогласување на законодавството во однос на правила за безбедност на храната, согласно измените и дополнувањата на релевантното ЕУ законодавство.
Во текот на 2017 година предвидени се обуки за стручниот кадар од АХВ кој е директно вклучен во активностите од областа безбедност на храна за животни и исхрана на животните.
Со проектот во рамки на ИПА 2012 се планира зајакнување на системот за безбедност односно квалитет на храна за животни.

### *Среднорочни приоритети*

Постоечкиот Закон за безбедност на храна за животни, има низа недостатоци кои ја отежнуваат неговата имплементација. За таа цел неопходна е ревизија и изготвување на нов Закон со кој ќе се регулира безбедноста на храната за животни, додека со повеќе правилници ќе се допрецизираат одредени области од предвидениот закон.

Во насока на понатамошно зајакнување на административните и институционалните капацитети на АХВ во рамки на ИПА 2012, предвидено е:

- изготвување на нов нацрт Закон за безбедност на храна за животни
- поддршка во имплементацијата на мониторинг програмата во однос на безбедноста на храната за животни
- поддршка во спроведување на повеќегодишен национален контролен план за надзор на несакани супстанции во храната за животни,
- подобрување на спроведувањето на Добрата пракса за храна за животни и исхрана на животните,обуки за соодветниот стручен кадар во АХВ за примена на анализа на ризикот од областа на безбедноста на храната за животни.

## 3.12.6. ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

### *Тековна состојба*

Во текот на 2016 година, Фитосанитарната управа продолжи со реализација на своите редовни активности кои произлегуваат од Законската регулатива од областа на здравјето на растенијата и тоа:

- регистрација на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија и растителни производи за упис во фито-регистарот;
- регистрација на правни субјекти кои вршат термичка стерилизација на дрвен материјал за пакување кој се користи во меѓународната трговија, согласно меѓународниот фитосанитарен стандард ISPM бр.15;

[49] Во врска со Забелешка и препорака од последниот Извештај на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија во процесот за пристапување во ЕУ (2016 г.)

- доделување на јавни овластувања на правни субјекти кои вршат давање на јавни услуги од областа на здравјето на растенијата и тоа: дезинфекција, дезинсекција и дератизација, спроведување на едукативни активности од областа на здравјето на растенијата, како и за издавање на пасоши за растенија за садниот материјал опфатен во пилот проектот за пасоши на растенија;
- изработка на годишната мониторинг програма за следење на здравствената состојба на земјоделските култури во земјата, преку вршење на здравствени прегледи и земање на примероци за лабораториска анализа;

Со цел подобрување на соработката и размената на информации помеѓу надлежните органи, потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Државниот инспекторат за земјодество (ДИЗ) и истиот претставува клучен документ за подобро функционирање на фитосанитарниот систем во Република Македонија.

Во текот на 2016 година, континуирано се имплементира пилот шемата за воведување на системот за пасоши на растенија, со поддршка на италијанските експерти од IPA твининг проектот: MK 10 IB AG 01 "Институционално зајакнување на капацитетите на надлежните институции за спроведување на законодавството за безбеднсот на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика". Во првата фаза од пилот шемата за издавање на пасоши за растенија беа опфатени расадниците кои произведуваат саден материјал од јаболка, цреша и винова лоза. За таа цел, во рамките на проектот од страна на италијанските експерти беа реализирани неколку едукативни посети во расадниците со учество на сите засегнати чинители вклучени во овој систем. Здравствените прегледи заради издавање на пасоши, во првата фаза ги спроведуваат овластените научни институции (Факултетот за земјоделски науки и храна), во соработка со внатрешните фитосанитарни инспектори.

Во рамките на ИПА 2010- „Понатамоѓно зајакнување на капацитететите на надлежните служби во областа на безбедноста на храната, ветеринарната и фитосанитарната политика" во 2016 година реализирани се голем број експертски мисии каде е скенирана моменталната состојба во сите надлежни органи од фитосанитарниот систем и дадени се иницијални насоки за понатамошно развивање на системот.

Во рамките на споменатиот проект, како и преку поддршка на ГД САНТЕ и ЕППО беа реализирани повеќе обуки и работилници на стручни теми од областа на здравјето на растенијата.

Воедно, преку Твининг проектот МК10 IB ОТ 02 „Натамошно јакнење на организациски и институционални капацитети за евро-интегративни процеси", беа реализирано две експертски мисии преку кои е скениран Законот за здравјето на растенијата и степенот на негова усогласеност со одредбите на релевантната ЕУ Директива 2000/29 ЕЕЦ, како и „Листите на штетни организми, растенија, растителни производи и други објекти и предмети" и нивната сообразност со Анексите на споменатата Директива. Генералната оценка беше позитивна и беа дадени препораки за одредени измени и подобрувања на содржината на националниот Закон и Листите.

*Во однос на инспекцискиот надзор од областа на фитосанитарната политика,* Државниот инспекторат за земјоделство - Секторот за инспекциски надзор од областа на фитосанитарната политика врши спроведување на сите законски и подзаконски акти кои се однесуват на фитосанитарната политика .

Државниот инспекторат за земјоделство преку државните фитосанитарни инспектори продолжи со вршење на редови инспекциски контроли кои опфаќаат и следење на штетните организми кај земјоделските култури од примарното земјоделско производство, како и спроведување на мониторинг програмите, при што и понатаму ќе продолжи со собирање и евидентирање на податоци за присуство или отсуство на штетни организми.

Инспекциските контроли се имплементираат согласно изготвените програми за фитосанитарен мониторинг за 2016 г како и Програмата за спроведување на мониторинг во областа на производството, преработката,складирањето, дистрибуцијата, употребата и сообразност на производите за заштита на растенијата и резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство.

Во мониторинг програмите е пропишан бројот на здравствени прегледи и бројот на земени примероци за лабораториска анализа на семенски и меркантилен компир, кај овошни култури и винова лоза, кај градинарски култури на отворено и во затворен простор, кај тутунот, како и бројот на земени примероци за лабораториска анализа од производи за заштита на растенија за испитување на активната материја во производството, преработката, складирањете, дистрибуцијата, употребата и сообразност на производите за заштита на растенијата, како и за резидуи од производи за заштита на растенијата во производи од примарно земјоделско производство.

Со воспоставувањето на фитосанитарниот мониторинг на земјоделските култури се овозможува откривање, утврдување и следење на штетните организми, а воедно и превземање на соодветни мерки од страна на фитосанитарните инспектори со цел нивно сузбивање и уништување, додека при контролата на активната материја во производи за заштита на растенијата на земјоделски производи од растително потекло се врши испитување на декларираната содржина на активната материја од пестицидите, односно инспекциските контроли на производите од примарно земјоделско производство се врши со цел утврдување на нивото на присуство на резидуи од производи за заштита на растенијата при што се констатира дали производителите на земјоделски производи правилно ги употребуваат производите за заштита на растенијата.

Во насока на континуирано зајакнување на функционалноста и ефикасноста на фитосанитарниот систем, беа спроведени бројни обуки и работилници за државните фитосанитарни инспектори во организација на ДГ САНТЕ, како и од ЕУ - Твининг проектот "Инстутиционално зајакнување на капацитетите на надлежните органи за имплементирање на ЕУ законодавство за безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика" МК 10/IB/AG/01, во кои експертите директно беа вклучени во активностите на пилот проект – Пасош за растенија., Државните фитосанитарни инспектори вршеа инспекциски надзор и контрола за проверка на здравствена состојба кај расадниците од јаболка, вишна и винова лоза.

*Државна Фитосанитарна лабораторија - ДФЛ* во текот на 2016 година го зголеми бројот на акредитирани. Оттука, вкупниот број на акредитирани лабораториски методи изнесуваше111 методи, за да во 2017 го прошири опсегот на акредитирани методи и вкупниот број на акредитирани методи сега изнесува 141. Со новоакредитираните методи ДФЛ воведе нови дејности и тоа испитување на квалитетот и нутритивите вредности на зеленчук и овошје, зрнеста храна, брашно и храна за животни, а истовремено го зголеми бројот на активни супстанци кои можат да се најдат како резидуи од пестициди во храната. Притоа треба да се нагласи дека сега моментално вкупниот број на активни супстанции кои се одредуваат изнесува 406, од кои на техника течна (LC-MS-MS) хроматографија 224 и 182 на гасна (GC-MS/MS) хроматографија согласно EU Commission Implementing Regulation (EU) 2017/660 која бара 162 активни супстанции. За уште поголема контрола е зголемен опсегот на активни супстанции кои можат да се детектираат во храната и е вооведена скрининг техника за повеќе од 800 активни супстанции. Во 2017 година ДФЛ успешно се реакредитираше според ИСО17025:2006 со важност до 2021 година. Повеќе детали за акредитираните методи и сертификатот за акредитација може да се најдат на интернет страната на Институтот за акредитација (ИАРМ) на следниот линк:
www.iarm.gov.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=388%3AIt-001&catid=69%3Aaccr-lab-test-cat&Itemid=119&lang=mk.

Во 2016 година ДФЛ ги зајакна своите капацитети со 1 ново вработување (техничар), но сепак недоволно за да се одговори на зголемениот обем на работа, што произлегува од спроведувањето на мониторинг програмите за АХВ и ФУ, редовните контроли на граничните премини од страна на инспекциските служби, приватни оператори со земјоделски производи и нивни преработки и новата воведена дејност.

### *Краткорочни приоритети*

#### Правна рамка

Во однос на усвојување на фитосанитарното законодавство кое се усогласува со релевантните ЕУ Директиви, во финална фаза на изработка се три подзаконски акти и тоа: 1. Наредба за спроведување на посебен надзор за утврдување на присуството на цистоликите нематоди Globodera palida (Stone) и Behrens Globodera rostochiensis (Wollenweber) Behrens, одредување на распространетоста и во случај на појава, мерки кои треба да се преземат за да се спречи ширењето и контролата* (Директива 32007L0033); 2. Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за барања/услови за утврдување на подрачја со ниска распространетост на штетен организам (Усогласена со меѓународната фитосанитарна мерка ISPM 22); и 3.Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за упатства за утврдување и признавање на еднаквоста на фитосанитарни мерки (Усогласена со меѓународната фитосанитарна мерка ИСПМ 24). Првично беше предвидено овие акти да бидат донесени до крајот на 2016 година, но заради недостаток на компјутерска опрема и човечки ресурси, нивното донесување е пролонгирано и истите се планира да бидат донесени во првиот квартал на 2017 година.

Ревидирана е содржината на новиот Закон за фитофармацевтски средства и истиот е усогласен со одредбите на Регулативата 1107/09/ЕЕЦ, почитувајќи ги препораките од експертските мисии во рамките на твининг проектот IPA 2010. Имајќи ја во предвид комплексноста на оваа проблематика, во наредниот период се очекува Законот да биде доставен во владина процедура за негово усвојување.

Во рамките на твининг проектот ИПА 2010 е ревидирана нацрт верзијата на Фитосанитарната стратегија 2016-2021 година, со заедничко учество на сите засегнати страни, а со поддршка на италијанските партнери од проектот. Со овој стратешки документ се дефинираат стратешките цели од фитосанитарниот систем за 5 (пет) години и истата се очекува во наредниот период да биде донесена од Владата на Република Македонија.

#### Институционална рамка

Во 2016 година, во рамките на твининг проектот се отпочнати иницијалните активности за воспоставување на Фитосанитарен информативен систем - ФИС. Активностите се со поддршка на твининг проектот ИПА 2010, преку кој се инсталирани информатички модули за примена на GIS (Geographic Identification System), кој овозможува информатичко поврзување на Фитосанитарна управа и Државен инспекторат за земјоделство. Целта на овој систем е обележување (мапирање) на парцелите во кои е спроведен инспекциски надзор, за да се добие појасна слика за фитосанитарниот статус во Република Македонија.

Преземањето на активности фокусирани на воспоставување и ефикасно спроведување на мониторинг програмите од областа на здравјето на растенијата, преку детална анализа на структурата на производство во производните региони во земјата и проектирање на бројот на здравствени прегледи кај земјоделските култури на местата на производство, складирање и на граничните премини.
Подобрен е степенот на соработка помеѓу надлежните органи во фитосанитарниот систем (ФУ, ДИЗ и ДФЛ), за решавање на одредени итни ситуации при увоз, извоз и трговија на земјоделски производи.
Овластените даватели на јавните услуги кои се вклучени во издавањето на пасоши за растенија во регистрираните расадници се исто така дел од фитосанитарниот систем во Република Македонија.

Државните фитосанитарни инспектори покрај редовните инспекциски контроли како една од приоритетите цели при вршењето на инспекциските надзор од областа на фитосанитарната политика ќе продолжат и во 2017 година, при што активностите ќе бидат фокусирани на воспоставување и спроведување на мониторинг програмите од областа на здравјето на растенијата и мониторинг програмите од областа на производите за заштита на растенијата, како и контроли при издавање на Пасошот за растенија кај производителите на саден материјал од вишна, јаболка и винова лоза.

ДИЗ зема активно учество во Проектот ИПА 2010, со кој е предвидена изградба на објекти за инспекциските служби на АХВ и Државниот инспекторат за земјоделство на ГП Блаце и нивната опрема, што би допринело до поголема ефикасност на фитосанитарните служби за контрола на пратките при увоз, извоз и транзит низ земјата, според релевантното законодавство на ЕУ.

Во 2017 ДФЛ веќе во првиот квартал од годината реализираше реакредитација на постојните 111 и акредитација на дополнителни 30 методи како и воведување на анализа на ѓубриња конформаторни PCR техники и други дијагностички и аналитички методи за карантинските штетни организми, за семе како и методи за анализа на сите микотоксини нитрати и анализа на вино согласно ЕУ Директивите.

Потребни се нови вработувања во ДФЛ поради зголемениот обем на работа. Исто така неопходен е и Real Time PCR за откривање на ГМО и за потврда на позитивни наоди за штетни организми по здравјето на растенијата кои се определуваат со истата инструментална техника. Во тек е набавка на ICP/MS (масен спектрометар за индуктивно спрегната плазма) за анализа на тешки метали како и автоматски Кјелдал систем за определување на азот во ѓубриња. Потребни се и други аналитички и дијагностички инструменти со кои се зголеми ефикасноста на ДФЛ и скрати времето за спроведување на анализите, со што ќе се зајакна капацитетите на ДФЛ и ќе се ефектуира позитивноврз консокидација и интегрирано управување со фитосанитарниот систем и безбедност на храната, а во интерес на државата и граѓаните за која ефикасен систем на коонтрола на безбедна храна на пазарите е императив.

За сите институции во фитосанитарниот систем (ФУ, ДИЗ и ДФЛ) останува потребата за натамошна реализација на стручни обуки преку странска помош од ГД САНТЕ, ТАИЕКС, во областа на здравјето на растенијата, производите за заштита на растенијата анализа на резидуи од пестициди, дурги контаминенти и семе.

Во овој период ќе се преземат активности за реализирање на 2 нови вработувања во делот на имплементација на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја[50].

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Секорот за здравје на растенијата и во 2017 година ќе продолжи со изработка и донесување на подзаконски акти, така што во однос на фитосанитарното законодавство кое се усогласува со релевантните ЕУ Директиви, се планира во националното законодавство да бидат усвоени следните меѓународни фитосанитарни стандарди (ISPM 22, ISPM 24 и ISPM 32), како и Правилниците за начин на утврдување на заштитена зона, условите за извршување на систематски прегледи и листите на заштитени зони и регулирано подрачје, кои произлегуваат од ЕУ мерката 32000L0029.
Ревидирање на Листата на штетни организми, растенија, растителни производи и други објекти и предмети, која е усогласена со Анексите на Директивата 2000/29 ЕЕЦ, по препораки добиени од странски експерти кои вршат скенирање на националното законодавство и степенот на негова усогласеност со EU acquis.

[50] Седум години наназад се бара зајакнување на човечките ресурси со нови вработувања на шумарски инженери за работа на ова проблематика согласно систематизацијата на Секторот за шумарство и ловство при МЗШВ, со НПАА 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016, но истите досега не се реализирани. Од овие причини, оваа активност ја пренесуваме во матрицата за НПАА 2017 со рок на реализација до 30.12.2018 година. Напомнуваме дека Секторот за шумарство и ловство при МЗШВ од 2010 година работи со намален број на човечки ресурси за ова проблематика, со заминување на двајца раководители на одделенија во пензија и заминување на двајца помлади соработници.

До 30 декември 2018 година ќе се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, со цел да се постигне потполно усогласување со Директивата 1999/105/ЕЗ за маркетинг на шумски репродуктивен материјал и со Регулативата 1598/2002/ЕЗ за утврдување на детални правила за давање на взаемна административна помош од страна на службените органи.

Врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, до крајот на 2019 година ќе се донесат подзаконски акти и тоа: Правилник за начинот на извршување на тестовите и оценување на резултатите од споредбените/генетските тестови со кој потполно ќе се транспонира Директивата 1999/105/ЕЗ за маркетинг на шумски репродуктивен материјал, Правилник за формата и содржината на „Информативен документ" со кој ќе се транспонира Регулативата 1598/2002/ЕЗ за утврдување на детални правила за давање на взаемна административна помош од страна на службените органи и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на уверението за признат основен материјал, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на признат основен материјал со кој ќе се транспонира Регулативата 1597/2002/ЕЗ за утврдување на правила за формата на националните листи на основниот материјал на шумски репродуктивен материјал.

**Институционална рамка**

*Системот за пасоши на растенија* ќе се надградува континуирано и во 2017 година и се планира истиот да ги опфати сите растенија и растителни производи кои подлежат на издавање на овој меѓународен документ.

Соработката со меѓународните организации, особено со Европската организација за заштита на растенијата ќе се реализира и истата е од особен интерес во насока на размена на информации за статусот на штетни организми на територијата на Европа.

Развојот и надградувањето на Фитосанитарниот информативен систем (ФИС) е обемна активност која во наредниот период ќе се одвива етапно според насоките кои ги даваат меѓународните експерти.

Исто така, доколку постои потреба за спроведување на одредени активности од Законот за здравјето на растенијата, Фитосанитарната управа преку јавен конкурс во наредниот период ќе даде јавни овластувања на давателите на јавни услуги кои ќе бидат овластени за следење на развојот на штетните организми, интервенирање во случај на ненадејни појави на карантински штетни организми, издавање на пасоши за растенија, вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други активности.

Учеството на обуки на вработените лица од надлежните органи претставува приоритет и во наредниот период заради потребата од надградба на знаењата и стручно усовршување на меѓународни обуки (GD SANCO, TAIEX, EFSA и т.н.).

Воведувањето на IPM (интегрирано управување со штетници) претставува значајна активност и тоа преку следење и прогноза на климатските параметри, со што се одредува препорака за оптимална примена на пестициди кај одредени земјоделски култури. На тој начин во пракса ќе се имплементираат одредбите од ЕУ Директивата 128/2009 ЕЕЦ за одржлива употреба на пестициди.

Исто така, доколку постои потреба за спроведување на одредени активности од Законот за здравјето на растенијата, Фитосанитарната управа преку јавен конкурс и во наредниот период ќе додели јавни овластувања на Давателите на јавни услуги кои ќе бидат овластени за следење на развојот на штетните организми, интервенирање во случај на ненадејни појави на карантински штетни организми, издавање на пасоши за растенија, вршење на дезинфекција, дезинсекција и дератизација и други активности.

Поддршка во реализација на планираните активности ќе се добие и преку IPA твининг проектот кој ќе започне во јануари 2017 година, со што значително ќе се олесни имплементацијата на донесените подзаконски акти од фитосанитарната област.

ДФЛ ќе продолжи со акредитација на нови методи и организми согласно ревидираната Листа на штетни организми, растенија, растителни производи и други објекти и предмети, усогласена со Анексите на Директивата 2000/29 ЕЕЦ со што ќе се следи , контролира и превенира здравствената состојба на растенијата и дејствува во случај на болест и појава на штетни организми.

Исто така државните фитосанитарни инспектори ќе продолжат со активностите за Пасош за растенија и во 2017 година и тоа кај производителите на саден материјал од вишна, јаболко и винова лоза , а со цел вршење инспекциски надзор и контрола за здравствена состојба кај производителите на саден материјал - расадници како и редукција на донесување заклучоци само врз основа на визуелни прегледи, туку во случај и на најмал сомнеж ќе се земааат на примероци од истите заради утврдување на присуство или отсуство на штетни организми. На овој начин ќе се постигне и е ефект на локализација на болеста односно нападот од штетни организми, адекватнои навремено реагира, намали ризикот од зголемено присуство на резидуи од пестициди во готовите земјоделски производи и постигне економски исплатливо земјоделско производство со интенции за зголемување на површините и количеството на произведена храна во наредните години.

## 3.13 РИБАРСТВО

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Земјата е **умерено подготвена** во областа на рибарство. Постигнат е **добар напредок** во областа на следење, инспекција и контрола на улов, како и надзор на здравјето на рибите. Имаше подобрување на управувањето со рибниот фонд во прекуграничните езера. Во претстојната година, земјата треба:

- да направи дополнителни напори за усогласување на пазарната политика со правото на ЕУ.

### *Резиме*

*Активностите во наредниот период се насочени во функција на трајно користење на рибите преку оддржлив развој со започнување на нови постапки за доделување на концесии за стопанисување со риби (вршење стопански и организирање рекреативен риболов за период од шест години), како и непречен пласман на рибите и производите од риба на пазарот. За реализирање на оваа цел тековно се следи спроведувањето на концесиите и производството во аквакултурата преку зголемен број на инспекциски контроли. Исто така, континуирано ќе се продолжи со следењето на сосотојбите и активностите во производството на риби, како и спроведувањето на здравствената заштита на рибите, надзорот и контролата на здравствената заштита, примарното производство и ставањето во промет на производите од риби, безбедноста на производите од риби кои се пласираат на пазарот и контролата на увозот.*

*Структурните активности во делот на рибарството и аквакултурата ќе се реализираат преку планираните мерки во годишните програми. Во Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата во земјата за период од 12 години утврдени се задачите, активностите и развојните мерки во делот на рибарството и аквакултурата и е основа за планирање на структурните мерки во годишните програми. Покрај ова, приоритетите во делот на рибарството и аквакултурата се спроведуваат и со реализација на предвидените мерки во оперативниот план утврдени во Националната стратегија за земјодлеството и руралниот развој 2014-2020 година.*

### *Тековна состојба*

Областа на рибарството и аквакултурата во деловите на управувањето, инспекцијата и контролата, структурните активности и пазарната политика е уредена со Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на РМ "бр.7/2008 и 67/2010, 47/2011, 53/2011, 95/12, 164/13, 116/14, 154/15 и 193/15) како основен закон. Врз основа на законот, изработени се и донесени 23 пропратни прописи („Службен весник на РМ "бр. 53 и 54 од 2008 и број 7 и 94 од 2009 година 93, 117 и 164 од 2010 година, 24 и 153 од 2011 и 188, 76 од 2015) кои технички ја доуредуваат областа. Во 2016 година изготвена е и измена и дополнување на Законот за рибарство и аквакултура (Службен весник на РМ "бр. 39/2016), во делот на управната постапката за издавање на потребни документи за вршење аквакултура и производство на порибителен материјал. Во врска со измената, направени се и објавени четири правилника („Службен весник на РМ "бр. 117/16) кои ги заменуваат постоечките правилници во врска со оваа проблематика.

Користењето на рибите преку одржлив развој за вршење стопански и организирање рекреативен риболов се спроведува согласно риболовните основи за три риболовни подрачја (природните езера), за деветнаесет вештачки езера, како и за сите риболовни ревири (сливови на реки) со определени рекреативни зони кои се објавени во „Службен весник на РМ" бр. 66/11 и 145/11.

Структурните активности се реализираат преку годишните програми за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата, врз основа на Програмата за унапредување на рибарството и аквакултурата во земјата за период од 12 години и Национална Стратегија за земјодлеството и руралниот развој 2014-2020 година („Службен весник на РМ" бр. 197/14) во кои се утврдени задачите, активностите и развојните мерки во делот, како и оперативните планови за спроведување на истите. Исплатата на финансиските средства по мерки ја врши АФПЗРР.

Пазарната политика покрај Законот за рибарство и аквакултура и пропратните прописи е уредена и со законската регулатива од делот на ветеринарството кој се однесува на рибарството и аквакултурата, како и со законските регулативи за заштита на потрошувачите.

Инспекцискиот надзор и контрола во областа на рибарството и аквакултурата е уреден со Законот за државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на РМ" бр. 20/09, 53/11, 164/13, 43/14, 33/15, 88/15, 149/15) како материјален закон и донесените пратечки прописи врз основа на овој закон.

Државниот инспекторат за земјоделство во водењето на прекршочните и кривичните постапки за сторени повреди во областа на рибарството и аквакултурата, покрај материјалниот закон ја применува и законската рамка преку Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РМ" бр. 50/10, 162/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15), Законот за прекршоци („Службен весник на РМ" бр.124/15) и Кривичниот законик („Службен весник на РМ " бр.37/96; 80/99; 4/02; 43/03; 19/04; 84/05; 60/06; 73/06; 87/07; 7/08; 139/08; 114/09; 51/11; 135/11; 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14 и 199/14).

Правната рамка во областа ја сочинуваат и пакет на закони од областа на ветеринарството и тоа Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на РМ“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 123/15 и 154/15), Законот за идентификација и регистрација на животните („Службен весник на РМ“ бр. 95/12, 27/14 и 149/15) и Законот за безбедност на храна („Службен весник на РМ“ бр. 157/10, 53/11,1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 84/15, 123/15 и 129/15) и 8 пропратни прописи и нивни измени.

Во рамки на МЗШВ, *Одделението за рибарство и аквакултура* (Сектор за земјоделство) е надлежно за изготвување, предлагање и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за рибарство и аквакултура, како и за управни и стручни прашања од областа на рибарството. Во Одделението се вработени две лица. Во Одделението тековно се ажурираат: Регистарот на одгледувачи на риби, Регистарот на регистрираните репроцентри, евиденцијата на производители на порибителен материјал од рибник наменет за промет, евиденцијата на корисниците (концесионерите) на рибите од отворените риболовни води, евиденцијата за производство на риба со сите потребни податоци за следење на состојбите во областа и евиденцијата на државната помош во рибарството и аквакултурата.

Непосредно одговорен за инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за рибарство и аквакултура е *Државниот инспекторат за земјоделство (ДИЗ),* преку Секторот за инспекциски надзор од областа на рибарството и аквакултурата, сточарството, пчеларството, земјишната политика со полјоделско производство, во кој постојат две одделенија и тоа Одделението за инспекциски надзор од областа на рибарството и аквакултурата и Одделение за физичка заштита на риболовните води, со вкупно вработени 15 државни службеници.

Во Одделението за инспекциски надзор од областа на рибарството и аквакултурата при ДИЗ за вршење на инспекцискиот надзор вработени се вкупно 13 лица, еден виш инспектор, пет инспектори, еден виш соработник за рибарство и шест Референти за рибарство со аквакултура, додека во Одделението за физичка заштита на риболовните води вработени се двајца Советници за фичка заштита на риболовните води.

Во делот на инспекцијата и контролата во период ноември 2015 до октомври 2016 година постапувајќи по Законот за рибарство и аквакултура извршени се вкупно 1255 организирани и координирани контроли, а составени се и исто толку записници. Контролите се вршат на риболовните ревири на начинот на организирање на рекреативниот риболов, вршење на аквакултурата, водењето на евиденциите, следење на договорите за концесија и потеклото на рибата.

При контролите за констатираната неправилност и за отстранување на истата донесени се 41 решение, а за неправилностите во постапка за порамнување издадени се 220 платни налози во вкупен износ од 69.368 евра, од кои досега наплатени се 48 платни налози во вкупен износ од 13.000 евра.

За непостапување по донесените решенија и за непочитување на одредби од законот и за неплатените платни налози поднесени се 135 барања за поведување на прекршочна постапка до надлежните судови при што од вкупно поднесените барања за прекршочна постапка до октомври 2016 година решени се 18 барања, од кои 10 се казнети со изречена глоба од вкупно 3.350 евра.

При инспекциските контроли за кои е покрената постапка одземени се: 502 килограми разни видови риба и 250 броја разен риболовен алат, предмети, средства и чамци.

Заради констатирано недозволено ловење риба и ловење риба со недозволени средства и во време на забрана по овој закон поднесени се 18 кривични пријави.

Исто така се вршеа и контроли во однос на порибувањето по вид и количина во риболовните води, но и контроли на овластените јавни научни установи.

*Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ),* преку Секторот за здравствена заштита и благосостојба на животните и Секторот за инспекциски надзор се надлежни за подготовка и предлагање на мерки за спроведувањето на здравствената заштита на рибите, надзор и контрола на здравствената заштита кај аквакултурата, примарното производство на аквакултура, ставањето во промет на аквакултура, безбедноста на производите од аквакултура кои се пласираат на пазарот и контрола на увозот на аквакултура.

АХВ согласно Законот за идентификација и регистрација на животните води Регистар на одгледувалишта на аквакултура. Регистарот се води електронски во Информативен систем (ИСАХВ) и секое одгледувалиште има свој единствен регистарски број на одгледувалиште (РБО). Во регистарот во 2016 година бројот на активни регистрирани одгледувалишта на аквакултура изнесува 125. Во текот на 2016 година се направи надополнување на модулот за аквакултура во ИСАХВ со податоци кои се однесуваат на локацијата на одгледувалиштето во делот на сливно подрачје и воден тек, вид на риба, тип на производство, капацитет на одгледувалиште и контроли на одгледувалиште, а во постапка е воспоставување на делот каде се евидентира движењето на рибата. Податоците во ИСАХВ ги внесуваат надлежните ветеринарни друштва.

Инспекциските контроли на одгледувалиштата за аквакултура ги спроведуваат официјалните ветеринари/ инспектори на АХВ од одделението за државна инспекција за здравствена заштита на животните во Секторот за инспекциски надзор. Во текот на 2016 година согласно Годишната наредба за здравствена заштита на животните („Службен весник на РМ“ бр. 11/16) и Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултурата, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура („Службен весник на РМ“ бр. 185/13 и 114/14) на 51 рибник каде се одгледува

пастрмка се спроведе активен надзор со клинички преглед, земање на мостри, дијагностичко испитување и потврда на отсуство на болестите Вирусна хеморагична септикемија и Инфективна хематопоетска некроза кај пастрмките. Вкупниот број на земени примероци во пролетното земање на примероци, реализирано во Мај, 2016 година е 153 мостри. Со лабораториска дијагностика се потврди отсуство на болеста во сите земени примероци. Во тек е спроведување на есенското земање на примероци за ВХС/ИХН.

Во рамките на Твининг проектот за институционално зајакнување на надлежните служби за спроведување на законодавството на ЕУ од областа на безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна политика, во делот на аквакултура беа изготвени документи во насока на подобрување на работењето на производителите на риба и документи за спроведување на официјалните контроли. Документите (процедури и упатства) се однесуваат на добра хигиенска пракса на одгледувалиште, биосигурносни мерки на одгледувалиште, пријавување на болести кај рибите и постапување во случај на појава на сомнеж на болест на одгледувалиште на аквакултура, процедури за дезинфекција, процедури за примена на антибиотици и вакцини во аквакултурата, процедури за земање на примероци и транспорт итн. Во рамките на истиот проект во текот на 2016 година беа спроведени два циклуса на тренинзи. Првиот циклус беше наменет за официјалните ветеринари, а вториот за одгледувачите на аквакултура. Првиот циклус на тренинзи реализиран во Април, 2016 година овозможи јакнење на капацитетите на 40 официјални ветеринари во делот на болести кај рибите, спроведување на официјални контроли на одгледувалиштата за аквакултура и земање на примероци за спроведување на надзор на болести кај рибите. Во вториот циклус на тренизи реализиран во Октомври, 2016 година се спроведоа три еднодневни обуки на кои одгледувачите на аквакултура добија знаења за болестите кај рибите, важноста на биосигурносните мерки на одгледувалиштето за аквакултура и важноста на надзорот на болести кај рибите.

### *Краткорочни приоритети*

Во областа на рибарството кон крајот на 2016 година е предвидено донесување на акти во подрачјето на управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството, односно донесување на нови риболовни основи за риболовните води во земјата за период од  2017-2022 година, кои се изработени од Овластени установи од областа на рибарството.

Во делот на пазарната политика, во 2017 година ќе продолжат активностите околу ревидирањето на законската регулатива, во однос на усогласување на пазарната политика со правото на ЕУ.

Во последниот квартал на 2016 година изготвена е и донесена годишната Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2017 година со мерки и начин/упатство за реализација на истите („Службен весник на РМ“ бр. 192/16).

Во делот на пазарната политика, АХВ, согласно Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултурата, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура („Службен весник на РМ“ бр. 85/13 и 132/14), во 2017 година треба да:

- продолжи со активностите за усогласување на пазарната политика со правото на ЕУ;
- продолжи со одобрување на објектите за производство на аквакултура и објектите за преработка на аквакултура со единствен број на одобрение;
- да спроведе категоризирање на одгледувалиштата за аквакултура врз основа на процена на ризикот;
- продолжи со спроведување на надзор на болестите ВХС/ИХН кај пастрмки и
- започне со спроведување на надзор на болеста КОИ – херпес вирус кај крапот во насока на докажување и потврда на отсуство на болеста во рибниците во земјата.

### *Среднорочни приоритети*

Во овој временски период ќе се изработат и реализираат годишните програми за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2018 и 2019 година.

Се предвидува и изработка на законската регулатива (по извршена ревизија) заради соодветно усогласување  со измените во регулативите на ЕУ кои се направени и тековно се прават во рибарската политика.

АХВ, согласно Законот за ветеринарно здравство и Правилникот за условите за ставање во промет на аквакултурата, нејзината намена, како и начинот на вршење на официјални контроли при ставање во промет на аквакултура во 2018/2019 година треба  да:

- спроведе повеќегодишна програма за надзор на одредени болести кај аквакултурата, со цел прогласување на статус на земја, зона или оддел слободни од болест и
- спроведе активности во насока на ставање на Република Македонија во листата на земји кои се дозволени за извоз на пастрмка на пазарите на ЕУ.

Заради проширување на обемот на активностите во областа и зајакнување на административниот капацитет, на среден рок во Одделението за рибарство и аквакултура се предвидува вработување на повеќе лица, а во Одделението за инспекциски надзор на рибарството и аквакултурата при ДИЗ вработување на дополнителен број на инспектори.

# 3.14 ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016 за патен сообраќај***

Земјата е **умерено подготвена** во областа на транспортната политика. Во текот на минатата година постигнат е **одреден напредок, иако ограничен**, во однос на реформските мерки за поврзување. Сепак, неколкуте недостатоци во транспортниот сектор со кои се спречува правилното секторско планирање и координација, како и недостатокот од политичка посветеност за реализација на потребните секторски реформи, резултираше со намалување на финансиската помош од ЕУ. Потребно е повеќе да се работи за да се зајакне финансискиот и техничкиот капацитет на националното тело за истражување на несреќи во воздушниот и железничкиот сообраќај, како и за да се зајакне административниот капацитет за сите видови транспорт. Во насока на адресирање на недостатоците наведени погоре, следната година земјата треба особено:

- да го подобри секторското планирање и координација;
- да ги подобри условите за безбедност на патиштата и да ги зајакне оперативните и административните капацитети на инспекцискиот орган;
- да се фокусира на спроведување на реформските мерки за поврзување на реформите во железничкиот сообраќај и на отворање на пазарот за железнички превоз барем за домашните и регионалните претпријатија;
- да донесе законодавство за интелигентни транспортни системи (ИТС) и да ги подобри капацитетите и ресурсите за спроведување на ИТС.

*Во текот на 2017 година, во Законот за јавните патишта се предвидува имплементирање на Директивата бр. 2004/54/ЕК за минималните барања за безбедност за тунели на Транс-Европската патна мрежа, како и донесување на Правилник за поблиските критериуми, начинот на работа на авто школите, наставниот план и програма за обука, стручниот кадар, опремата со која треба да располагаат, како и евиденциите што треба да ги водат автошколите за оспособување на кандидати за возачи во насока на транспонирање на Директивата 2006/126/ЕК. Со измените и дополнувањата на Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и уредите за запишување во патниот сообраќај ќе се извршат дополнителни усогласувања што претставува голем чекор напред кон поефикасен и хармонизиран систем на проверки и казни, со што целосно ќе се имплементира Директивата 2006/22/ЕК. Во 2017 година, се планира да се изврши изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем[51] со цел понатамошно усогласување со Директива 2012/34/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 21 ноември 2012 година за создавање на единствен европски железнички простор (преработена верзија). Во делот на внатрешен воден сообраќај, предвидено е целосно усогласување на Директива 91/672/ЕЕС од 16 декември 1991 година, за взаемно признавање на националните сертификати на заповедниците на пловни објекти за превоз на стока и патници во внатрешната пловидба. Исто така, предвидените измени на Законот за воздухопловство се во насока на негово усогласување со одредбите на најновите ЕУ прописи, како и предвидување на законски основи за подзаконски акти во кои ќе се транспонираат новите ЕУ прописи поврзани со воздухопловна безбедност и навигација.*

## 3.14.1. ПАТЕН СООБРАЌАЈ

### *Тековна состојба*

**Пристап на пазарот**

Со Законот за превоз во патниот сообраќај[52] се регулирани условите и начинот на вршење на превозот на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај. Во Законот за превоз во патниот сообраќај се имплементирани повеќе директиви и регулативи на Советот на Европската Унија и тоа: Регулатива бр. 1071/09/ЕЗ, Регулатива бр. 1072/09, Регулатива 1073/09/ЕЗ, Директива 96/96/ЕЗ, Директива 2009/40/ЕЗ, Директива 2000/30/ЕЗ, Директива 84/647/ЕЕЗ, Регулатива 56/83/ЕЕЗ, Регулатива 684/92/ЕЕЗ, Регулатива 881/92/ЕЕЗ, Регулатива 3118/93/ЕЕЗ, Регулатива 792/94/ЕЗ, Регулатива 3315/94/ЕЗ, Регулатива 12/98/ЕЗ, Регулатива 2121/98/ЕЗ, Директива 59/03/ЕЗ, Директива 94/06/ЕЗ.

Со Законот за договорите за превоз во патниот сообраќај се регулираат односите кои произлегуваат од договорите за превоз на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај[53]. Во Законот за договорите за превоз во патниот сообраќај е делумно имплементирана Директивата на Советот на Европската Унија 181/11/ЕЗ.

---

[51] Службен весник на Република Македонија бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16 и 178/16.

[52] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15 и129/15 193/15 37/16 и 71/16.

[53] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13.

**Патна инфраструктура**
Со Законот за јавни патишта[54] се уредуваат условите и начинот на изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, користењето, управувањето, финансирањето на јавните патишта, како и надзорот. Во Законот се имплементирани следните директиви: Директива 62/99/ЕЗ, Директива 52/04/ЕЗ, Директива 96/09ЕЗ и Директива 96/08ЕЗ (делумно).

**Опасни материи**
Превозот на опасни материи е регулиран со Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај[55] во кој се уредени условите и начинот на вршење превоз на опасни материи во внатрешниот и меѓународниот патен и железнички сообраќај, условите кои треба да ги исполнуваат амбалажата и превозните средства, должностите на лицата кои учествуваат во превозот на опасни материи, назначување на советник за безбедност, оспособување на лицата кои учествуваат во превозот на опасни материи, надлежностите на државните органи и надзор над спроведувањето закон. Во Законот се имплементирани следните ЕУ мерки: Директива 94/55/ЕЗ, Директива 2000/61/ЕЗ, Директива 2001/7/ЕЗ, Директива 95/50/ЕЗ, Директива 2001/26/ЕЗ, Директива 2004/112/ЕЗ, Директива 1996/35/ЕЗ, Директива 2000/18/ЕЗ, Директива 98/91/ЕЗ, Директива 96/49/ЕЗ, Директива 2006/90/ЕЗ. Во Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, транспонирана е дел од директивата 94/63/ЕЗ која се однесува на спецификациите за возилата −цистерни. Исто така, Законот предвидува примена на одредбите од АДР спогодбата, која што континуирано се ревидира согласно најновото законодавство на ЕУ, од што произлегува дека и националното законодавство континуирано се усогласува со законодавството на ЕУ.

**Безбедносни прашања**
Со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата[56] се утврдени мерките за безбедност и заштита на патиштата, основните начела и меѓусебни односи на учесниците и другите субјекти во сообраќајот на патиштата, правилата на сообраќајот на патиштата, сообраќајните знаци и опремата на патиштата, должностите во случај на сообраќајна незгода, посебните мерки на безбедност и друго. Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: 671/91ЕЗ и 126/06ЕЗ.
Со Законот за возила[57] се регулира испитувањето на возилата и техничкиот преглед на возилата. Врз основа на Законот се донесени сите подзаконски акти кои произлегуваат од него. Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: 37/99/ЕЗ, 38/07ЕЗ, 7/02/ЕЗ, 46/07ЕЗ, 37/03ЕЗ, 53/96ЕЗ.
Со Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и уредите за запишување во патниот сообраќај[58] се регулира прашањето за воведување на дигитални тахографи во возилата. Во Законот целосно се имплементирани сите европски мерки со кои се регулира ова прашање (време на возење и одмор на возачите) и тоа: Регулатива бр. 3821/85/ЕЕЦ, Регулатива 561/2006/ЕЦ, Директива 2006/22/ЕЦ, Директива 2002/15/ЕЦ.
Надлежни органи за имплементација на работите што се однесуваат на превозот на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај се: Министерството за транспорт и врски, Државниот инспекторат за транспорт, Министерството за финансии – Царинска управа и Единиците на локалната самоуправа.
Во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура и во 2016 година, согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај, континуирано се вршеше издавање сертификати за професионална компетентност на управителите на транспортните фирми, сертификати за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај, додека на фирмите кои вршат одделни видови превоз во патниот сообраќај им се издаваа лиценци за вршење превоз на стоки во патниот сообраќај, како и лиценци за вршење превоз на патници во патниот сообраќај. Исто така, во 2016 година продолжи издавањето сертификати за возачи за превоз на опасни материи и советници за безбедност при превоз на опасни материи, како и мемориски картички за тахографи во возилата.
Министерството за внатрешни работи е надлежен орган за имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста и контролата на сообраќајот на патиштата. Надлежни структури во Министерството за внатрешни работи кои се грижат за безбедноста на патниот сообраќај се: Сектор за сообраќајни работи; полициските станици и полициските одделенија за безбедност во патниот сообраќај.
Државниот инспекторат за транспорт врши надзор над спроведувањето на законските прописи од Законот за превоз во патниот сообраќај, Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, Законот за жичарите и ски-лифтовите, Законот за јавните патишта и Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и

[54]„Службен весник на Република Македонија" бр. 84/2008; 52/2009; 114/2009; 124/2010; 23/2011; 53/2011; 44/2012; 168/2012; 163/2013; 187/2013; 39/2014; 42/2014; 166/2014; 44/2015; 116/2015 и 150/2015.
[55] „Службен весник на Република Македонија" бр. 92/07, 161/09, 17/11, 54/11, 13/13, 163/13, 38/14, 166/14, 116/15, 193/15 и 31/16.
[56] „Службен весник на Република Македонија" бр.169/15.
[57] „Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08, 53/11, 123/12 и 70/13.
[58] Службен весник на Република Македонија бр. 161/09

возачите во патниот сообраќај и уредите за запишување во патниот сообраќај, меѓународните договори и спогодбите ратификувани од нашите повисоки државни органи, подзконските акти, годишната програма за работа и останатите тековни активности.

### *Краткорочни приоритети*

**Пристап кон заедничкиот пазар на транспорт**

Во насока на целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, се планира продолжување на активностите за склучување спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сè уште нема склучено спогодба.

Во Законот за јавните патишта се предвидува имплементирање на Директивата бр. 2004/54/ЕК за минималните барања за безбедност на тунели на Транс-Европската патна мрежа.

Во 2017 година, предвидено е да се побара TAIEX за скенирање на постојната состојба со националното законодавство за ИТС и добивање на препораки.

Во текот на 2017 година, предвидено е усвојување на Правилник за поблиските критериуми, начинот на работа на авто школите, наставниот план и програма за обука, стручниот кадар, опремата со која треба да располагаат, како и евиденциите што треба да ги водат автошколите за оспособување на кандидати за возачи во насока на транспонирање на Директивата 2006/126/ЕК.

Со измените и дополнувањата на Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и уредите за запишување во патниот сообраќај ќе се изврши класификацијата на прекршувањата на правилата во однос на времето поминато во возење, времето за одмор и користењето на тахографи според степенот на ризик. Тоа претставува голем чекор напред кон поефикасен и хармонизиран систем на проверки и казни, со што целосно ќе се имплементира Директивата 2006/22/ЕК.

Во првата половина на 2017 година ќе бидат донесени пречистени текстови на законите од областа на патниот транспорт.

### *Среднорочни приоритети*

**Пристап на заедничкиот пазар на транспорт**

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, ќе продолжат активностите за склучување спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сè уште нема склучено спогодба и тоа:

- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Кралството Шведска, рок 31.12.2020 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Финска, рок 31.12.2020 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Литванија, рок 31.12.2018 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Португалија, рок 31.12.2020 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Ирска, рок 31.12.2020 година.

## 3.14.2. ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

### *Тековна состојба*

Во минатиот период се изврши измена и дополна на Законот за сигурност во железничкиот систем[59] со цел да се допрецизира формирањето на Комитетот за водење на истрага за случени сериозни несреќи, несреќи и инциденти на железничкиот систем. Беше донесена Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2016 година[60].

Врз основа на Одлуката за определување на услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници[61] е склучен Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање дел од загубите при давање на услугата за период 2014-2016 меѓу Министерството за транспорт и врски и МЖ Транспорт АД-Скопје. За 2016 година се предвидени да се реализираат средства за компензирање дел од загубите при давање на јавната патничка услуга, односно надоместокот за користење на железничката инфраструктура при превозот на патници, одржување на постојните возни средства наменети за патнички сообраќај, потрошена електрична енергија искористена од возни средства наменети за патнички сообраќај, како и јавни набавки наменети за функционирање на возните средства.

[59] Службен весник на Република Македонија бр. 48/10, 23/11, 53/11, 158/11, 137/13,163/13, 42/14, 166/14, 147/15, 193/15, 31/16 и 52/16.
[60] Службен весник на Република Македонија бр. 2/16 и 176/16.
[61] Службен весник на Република Македонија бр. 07/2014.

**Институционална рамка**
*Министерството за транспорт и врски* – Сектор за железници е надлежен за спроведување на политиката за развојот на железниците. Согласно Правилникот за организацијата и работни места во Секторот има две одделенија: Одделение за железничка инфраструктура и Одделение за железнички сообраќај. Во Секторот вкупно се вработени 9. државни службеници, вклучувајќи го и раководителот на секторот.
*Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор (АРЖС) (Регулаторно тело)* - Врз основа на Законот за железничкиот систем[62] и надлежностите на Агенцијата, спроведени се повеќе контроли пропишани со наведениот закон. Вкупниот административен капацитет на Агенцијата е 3 вработени.
*Управа за сигурност во железничкиот систем (УСЖС) (Орган за сигурност)* - Во текот на изминатиот период, органот за сигурност работеше согласно законската рамка и издаваше: први дозволи за машиновозачи, потврди за пуштање во употреба на вагони кои се усогласени со технички спецификации за интероперабилност. Исто така, Органот изработи: програма за полагање на инспекторите за инспектор за Инспекторскиот совет, програма за обука на инспекторите за Инспекторскиот совет, Годишна програма за инспекторите до Инспекцискиот Совет. Вкупниот административен капацитет на управата е 9 вработени.
*Комитет за водење на истраги при случени сериозни несреќи, несреќи и инциденти (Тело за истражување)* - Комитетот е независно тело. Предвидено е Комитетот да биде составен од тројца иследници, од кои еден одговорен иследник.

## *Краткорочни приоритети*
Во 2017 година, се планира да се изврши изменување и дополнување на Законот за железничкиот систем[63] со цел понатамошно усогласување со Директива 2012/34/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 21 ноември 2012 година за создавање на единствен европски железнички простор (преработена верзија).
Согласно Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2017 година, во Предлог Буџетот на Република Македонија за 2017 година[64] се предвидени да се реализираат средства во висина од 220.000.000 денари, а наменети за одржување на железничката инфраструктура.

Во рамки на краткорочни приоритети, планирани се следните активности:
- Извештај за реализација на Годишната програма за финансирање на железничката инфраструктура за 2016 година[65] согласно член 26 од Законот за железничкиот систем. Управителот на железничката инфраструктура преку Министерството за транспорт и врски доставува Извештај до Владата на Република Македонија.
- Извештај за реализација на Буџетските средства за 2016 година, наменети за компензирање на дел од загубите при давање на јавната патничка услуга, односно надоместокот за користење на железничката инфраструктура при превозот на патници, одржување на постојните возни средства и трошоците направени по основ на потрошена електрична енергија за обавување на патничкиот железнички сообраќај, како и јавни набавки во врска со возните средства за патнички сообраќај согласно Договорот за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железничкиот превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата, за период од 2014 до 2016 година, а за потребите на возниот ред 2015/2016, склучен помеѓу Министерството за транспорт и врски и МЖ Транспорт АД-Скопје.

Во Договорот за гаранција склучен помеѓу Европската банка за обнова и развој и Министерството за финансии, а наменет за обнова на возниот парк на МЖ Транспорт АД-Скопје доделен е грант за избор на консултанти кои треба да дадат помош на Министерството за транспорт и врски во понатамошната сегментација на компанијата. Договор е потпишан со фирмата PricewaterhouseCoopers Advisory S.r.l. / Italy, во временски период од 18 месеци, а рокот за завршување на студијата е крајот на 2017 година.
Во текот на 2017 година се планира да продолжи постапката за преговори за склучување на Спогодба за гранично регулирање на железнички сообраќај помеѓу Република Грција и Република Македонија.

Во текот на 2017 година, Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор ќе пристапи кон донесување и усогласување на подзаконските акти од своја надлежност, во согласност со последните измени на Законот за железничкиот систем, како и другата законска регулатива во Република Македонија.
Во рамките на своите надлежности, Агенцијата ќе овозможи транспарентно и недискриминаторско работење на управителот на инфраструктурата и железничкиот превозник и активно ќе го контролира квалитетот на услугата обезбедена од учесниците на пазарот на железнички услуги. Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор ќе продолжи активно да учествува во

[62] Службен весник на Република Македонија бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16 и 178/16.
[63] Службен весник на Република Македонија бр. 48/10, 23/11, 80/12, 155/12, 163/13, 42/14, 130/14, 152/15, 31/16 и 178/16.
[64] Службен весник на Република Македонија бр. 192/16.
[65] Службен весник на Република Македонија бр. 2/16 и 176/16.

работа на работните групи на Европската мрежа на независни регулаторни тела, SEETO и IRG Rail со цел што да ја подобри реализација на своите активности во насока на интегрирање на македонските железници во системот на европските железници. Агенцијата ќе учествува во работењето на овие работни групи преку размена на податоци, искуства и коментари од кои произлегуваат предлози и мислења за измената на директивите на Европската унија од областа на железничкиот сектор.

Во 2017 година, Управата за сигурност во железничкиот сектор ќе постапува по поднесените барања за добивање на сертификати за сигурност за вршење јавен железнички превоз, превоз за сопствени потреби и маневрирање и други акти согласно законите.

***Среднорочни приоритети***

Во текот на 2017 и 2018 година ќе се врши понатамошно усогласување на европското законодавство со националното.
Се планира продолжување на реформските проекти во однос на сегментацијата на МЖ Транспорт АД-Скопје, како и заложбата за либерализација на пазарот за други национални и меѓународни железнички превозници.

Агенција за регулирање на железничкиот сектор ќе издава дозволи за железнички превоз согласно законската регулатива и ќе учествува во донесување подзаконски акти и друга легислатива во насока на натамошно усогласување со новите директиви на ЕУ.

Управата за сигурност во железничкиот систем ќе настојува сите претпријатија да се усогласат со Законот за сигурност во железничкиот систем и Законот за железничкиот систем во однос на системот за сигурносно управување, односно да донесуваат соодветен сертификат за сигурносно управување согласно горенаведените закони.

**Институционална рамка**

*Министерство за транспорт и врски* - Предвидено е зајакнување на Секторот за железници преку техничка опременост и организирање обуки на вработените.
*Агенција за регулирање на железничкиот сектор – АРЖС (Регулаторно тело)* - Во текот на 2017 и 2018 година, предвидена е техничка опременост и организирање обуки на вработените.
*Управа за сигурност во железничкиот систем – УСЖС (Орган за сигурност)* - Предвидено е зајакнување на Органот за сигурност преку техничка опременост и организирање обуки на вработените.

## 3.14.3. ВНАТРЕШЕН ВОДЕН СООБРАЌАЈ

***Тековна состојба***

Во насока на подобрување на условите на пловните патишта и пристаништата на внатрешните води во земјата и регулирање на пловидбата, заради остварување безбедна и непречена пловидба, во текот на 2016 година се реализираа следните активности:

- Набавка на мобилни пловни објекти за потребите на инспекторската служба при Капетанија на пристаништата Охрид
- За потребите на службата, по претходно спроведената јавна набавка, во август 2016 година беше набавен комплетно опремен пловен објект.
- Мониторинг на учесниците во пловидбата преку инсталирање на два радари на Охридско Езеро
- Спроведена е јавна набавка на радари, избран е најповолен понудувач и склучен е договор за набавка на радари.
- Изградба на марина на Охридското Езеро , преку јавно – приватно партнерство
- Врз основа на претходни анализи за заштитата на природниот еко систем на езерото, избрана е локација за изградба на марина. Извршен е избор на проектант и отпочната е изработка на главна проектна документација. Истата е планирано да биде завршена до средината на месец декември 2016 година.
- Надзор над законитоста на спроведувањето на Законот за внатрешната пловидба
- Согласно годишниот план за надзор над законитоста на спроведувањето на Законот за внатрешната пловидба за 2016 година и оперативен план за спроведување на истиот, од страна на инспекторите за безбедност во внатрешната пловидба при Капетанијата на пристаништата – Охрид, се вршат редовни контроли над способноста за пловидба на пловните објекти, бројот, составот и стручната оспособеност на членовите на екипажот на пловните објекти, превозот на патници во поглед на заштитата на животите на луѓето и заштита од загадување од пловните објекти.

Министерство за транспорт и врски – Капетанија на пристаништата – Охрид, е надлежна за спроведување на политиката за развојот на внатрешниот воден сообраќај и остварување безбедност во пловидбата. Во Капетанијата вкупно се вработени 18 државни службеници, вклучувајќи го и капетанот на Капетанијата.

***Краткорочни/ среднорочни приоритети***

Согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија, а со цел подобрување на условите на пловните патишта и пристаништа на внатрешните води во земјата и регулирање на пловидбата заради остварување безбедна и непречена пловидба, во периодот 2017-2019 година се предвидени активности за:

- Целосно усогласување на Директива 91/672/ЕЕС од 16 декември 1991 година, за взаемно признавање на националните сертификати на заповедниците на пловни објекти за превоз на стока и патници во внатрешната пловидба, во Правилникот за видовите на звања за член на екипаж на брод, посебните услови за стекнување на одделни видови звања, работите кои член на екипаж на брод од одделен вид на звање може да ги извршува, начинот, постапката и програмата за полагање на испитот за добивање уверение за стекнување одделен вид на звање, формата и содржината на потврдата за положен испит и на уверението за стекнатото звање за член на екипаж на брод.
- Континуирано следење и усогласување со европското законодавство во делот на внатрешниот воден сообраќај, а со цел усогласување на Законот за внатрешната пловидба и подзаконските акти.
- Во согласност со расположивите финансиски средства, во 2017 година се планира да се реализираат обуки за вработените.
- Во текот на 2017 - 2019 година ќе се следат измените и донесувањето на нови директиви на Европската унија кои ќе се усогласуваат со постојната законска рамка на земјата во делот на внатрешниот воден сообраќај.

## 3.14.4. КОМБИНИРАН СООБРАЌАЈ

***Тековна состојба***

Во рамките на ИПА-ОПРД 2007-2009, заврши проектот за: "Изработка на студија за развој на стратешки мулти-модални транспортни јазли" со која ќе се промовираат интермодалните и мултимодалните транспортни системи кои воедно се дел од целите на Националната транспортна стратегија на Република Македонија (2007-2017) (НТС).

Врз основа на мултикритериумската анализа како најповолни локации за изградба на мултимодални јазли, со секторската физибилити студија се селектирани 4 локации за кои треба да се подготви кост-бенефит анализа.

Во Националната транспортна стратегија, се предвидува да се создадат услови за превоз на патници и стоки преку два или повеќе вида на транспорт, односно создавање на мултимодална транспортна мрежа, која се планира да се постигне со промовирањето на интермодалните и мултимодалните транспортни системи.

***Краткорочни приоритети***

Во рамките на ИПА 2 предвидено е да се финансира изработката на проектна документација за предложената локација за мултимодален јазол во населеното место Трубарево-Скопје. Проектот се предвидува да отпочне во 2017 година.

## 3.14.5 ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

***Тековна состојба***

Закон за изменување на Законот за воздухопловство[66] – целта на оваа измена е утврдување на законска основа за потпишување на договор помеѓу EUROCONTROL и давателот на услуги на воздухопловна навигација за наплата на надоместокот за финансирање на терминалните услуги (Terminal Chages).

Уредба за обезбедување од дејствија на незаконско постапување (Aviation security)[67] - со оваа уредба се врши усогласување на нашето законодавство со Анекс 17 на Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство, како и со следните ЕУ мерки: Регулатива (ЕЗ) бр. 300/2008; Регулатива (ЕУ) бр. 18/2010; Регулативата (ЕЗ) бр. 272/2009; Регулатива (ЕУ) бр. 1254/2009; Регулатива (ЕУ) бр. 72/2010; Регулативата (ЕУ) бр. 185/2010.

Уредба за изменување и дополнување на уредба за посебните услови, начинот и постапката за добивање на одобрение за летање[68] – Со оваа Уредба се транспонира Регулативата 785/2004 од 21 април 2004 година за условите за осигурување за авиопревозници и оператори на воздухоплови.

**Функционален воздушен простор**

*Вклучување на Република Македонија со статус на набљудувач во функционален блок DANUBE:* Македонска делегација учествуваше на двата состаноци на Управниот совет, кои се одржаа во текот на 2016 година (април и октомври) во Букурешт и

[66] Службен весник на Република Македонија бр. 27/2016
[67] Службен весник на Република Македонија бр.26/2016
[68] Службен весник на Република Македонија бр.131/2016

Софија со набљудувачки статус. Вклучувањето на земјата во DANUBE FAB е од голема помош и реална поддршка за воздухопловната власт, како земја подготвена да имплементира највисоки безбедносни стандарди во воздухопловството.
*Интерес за стекнување на набљудувачки статус BLUE MED FAB*: Република Македонија изрази интерес за функционалниот воздушен блок BLUE MED, со цел стекнување на набљудувачки статус, без притоа да се преземе обврска за идно членство во истиот. Во септември 2016 година, Агенцијата за цивилно воздухопловство и М-НАВ АД Скопје ја поддржаа иницијативата за отпочнување на соработка со BLUE MED FAB и воедно го прифатија предлогот за средба со нивни претставници заради прецизирање на одредени прашања.
*Меморандум за соработка/разбирање со Европската Комисија* кој ќе биде основ за преговори за користење на европските сателитски навигациски системи за воздухопловни операции кои ќе бидат основа за процесот на имплементација на PBN: Со оглед на поволната географска положба на земјата, како и со оглед на тоа дека нејзината територија е веќе целосно покриена со EGNOS, во јуни 2016 година беше доставено писмо за интерес до Европска Комисија за користење на EGNOS за да се овозможи користење на PBN.
Акциониот план за PBN е концепт за иднината на воздушниот сообраќај во земјата (транспонирање на COMMISSION REGULATION (EU) No 73/2010 of 26 January 2010 laying down requirements on the quality of aeronautical data and aeronautical information for the single European sky). Овој концепт ги вклучува но не се ограничува на сите операции, стандардна инструментација за лет, инструментални процедури за полетување и слетување, и др.
*TAIEX регионални работилници:* Во периодот февруари – април 2016 година беа реализирани регионални TAIEX работилници во Скопје, во врска со ЕУ законодавството во полето на пловидбеност, економските аспекти на цивилното воздухопловство, пазарот за опслужување на земја на аеродромите на Заедницата и за правата на патниците во воздушниот сообраќај.

*Давател на услуги на воздухопловна навигација М-НАВ*
М-НАВ во рамките на повикот на ЕУРОКОНТРОЛ за доделување на одредени централизирани сервиси на конзорциуми составени од Даватели на услуги на контрола на летање, заедно со IBM, LPS (Slovak Air Navigation Services provider) е избран како најповолен понудувач за CS1 (Centralized Service –Flight plan and airport slot). Се очекува формално одобрување од ЕУРОКОНТРОЛ за отпочнување на давање сервис за истиот. М-НАВ, исто така, продолжува активно да работи на изнаоѓање на потенцијални партнери за соработката и учество во добивање на други сервиси кои се огласени од ЕУРОКОНТРОЛ.
М-НАВ продолжува активно да учествува и партиципира како членка во Gate One групацијата на даватели на услуги на воздухопловна навигација во заедничкиот проект за имплементирање на Free route концептот во овие земји. Исто така М-НАВ продолжува со активностите поврзани со JSPA иницијативата.
М-НАВ со другите регионални партнери, НАТО и ЕУРОКОНТРОЛ и понатаму учествува во изнаоѓање на решение за отворање на долниот воздушен простор над Косово.

**Институциоинална рамка**
*Министерство за транспорт и врски:* Министерството за транспорт и врски е надлежно за работите од областа на воздухопловство, во согласност со Законот за воздухопловство. Согласно Правилникот за систематизација, во Секторот за воздухопловство во рамки на Министерството за транспорт и врски вработени се 6 лица.
*Агенција за цивилно воздухопловство:* Надлежностите на Агенцијата за цивилно воздухопловство се утврдени во член 7-б од Законот за воздухопловство. Во Агенцијата, 69 лица се во редовен работен однос и 5 лица имаат статус на привремено вработување.
*Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти:* За спроведување на техничко истражување на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, Владата на Република Македонија формира Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти како независно истражно тело со својство на правно лице[69]. Комитетот се состои од тројца истражители именувани од Владата на Република Македонија, од кои еден именуван за претседател на Комитетот. Комитетот е организациски, функционално и финансиски независен од Министерството за транспорт и врски, Агенцијата и од субјектите на воздухопловната индустрија.
*А.Д М-НАВ* - Согласно Законот за трговските друштва основано е акционерско друштво за вршење на услуги на воздухопловна навигација.

## *Краткорочни приоритети*
*Закон за ратификација на Анексот за изменување на Анекс I на Мултилатералната спогодба* меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, Република Албанија, Босна и Херцеговина, Република Бугарија, Република Хрватска, Република

[69] Одлуката за формирање на Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2012

Македонија, Република Исланд, Република Црна Гора, Кралството Норвешка, Романија, Република Србија и мисијата на Обединетите нации за привремена Администрација на Косово за основање на Европска заедничка воздухопловна област
Откако, Спогодбата за ЕЗВО ќе влезе во сила, односно Заедничкиот комитет на ЕСАА ќе донесе одлука за ревизија на Анекс 1 на Спогодбата, ќе се започне постапка за донесување на Закон за ратификација на Анексот за изменување на Анекс 1 на Мултилатералната спогодба меѓу Европската заедница и нејзините земји членки, кој пак понатаму претставува правна основа за транспонирање на европските прописи во македонскиот правен поредок.

*Закон за изменување и дополнување на Законот на воздухопловство:* Измените на Законот за воздухопловство се во насока на негово усогласување со одредбите на најновите ЕУ прописи, како и предвидување на законски основи за подзаконски акти во кои ќе се транспонираат новите ЕУ прописи поврзани со воздухопловна безбедност и навигација. Исто така, со измените на Законот за воздухопловство ќе се овозможи затворање на забелешките од оценската мисија на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство-ICAO, како и забелешките од оценските мисии на Европската унија поврзани со имплементација на Договорот за Европска заедничка воздухопловна област – ЕЗВО.

# 3.15 ЕНЕРГЕТИКА

### *Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2016*

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. **Одреден напредок** е постигнат во делот на сигурноста во снабдувањето, но не во однос на отворањето на пазарот на електрична енергија. Обврските преземени од Договорот за Енергетска заедница не се целосно спроведени. Земјата во следната година особено треба да ги имплементира следните обврски преземени од Енергетската заедница:

- да го отвори пазарот на електрична енергија;
- да учествува во регионалната Канцеларијата за координирана аукција за електрична енергија;
- да ги подготви и донесе Националниот акциски план за енергетска ефикасност и Националниот акциски план за обновливи извори на енергија.

### *Резиме*

*Во делот на енергетиката, во наредниот период се очекува да се спроведуваат мерки и активности кои ќе придонесат за обезбедување на сигурност во снабдувањето на сите видови на енергија и енергенси на потрошувачите во Република Македонија. Едновремено ќе се спроведуваат активности за модернизација на постојната енергетска инфраструктура и изградба на нови објекти за производство на електрична енергија и системи за пренос и дистрибуција на енергија и енергенси. Во оваа насока, се очекува да се намали узвозната зависност на земјата од поедини видови енергија и енергенси.*

*Се очекува имплементација на третиот пакет на законодавство на ЕУ за внатрешен пазар на енергија при што ќе се обезбеди поголема независност на операторите на преносните системи, ќе се зајакне улогата на Регулаторната комисија за енергетика и ќе се воведат конкретни мерки за дефинирање на концептот на ранливи потрошувачи и поддршка на истите. Со ова се овозможува да се обезбеди поголема конкуренција во енергетскиот сектор преку зголемување на бројот на учесници на пазарите на енергија.*

*Во делот на енергетската ефикасност и обновливите извори на енергија ќе се спроведуваат мерки и активности за постигнување на стратешките цели за заштеди на енергија и учество на обновливите извори на енергија во финалната потрошувачка на енергија.*

## 3.15.1 СИГУРНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО

*Приоритетите во енергетскиот сектор, се поврзани со националните цели за сигурност и развој, и вклучуваат: сигурно снабдување со енергија;одржлив економски развој и конкурентност на економијата. Во изминатиот период, се обезбеди сигурност во снабдувањето и се планира така да се продолжи и во наредниот период преку преземање конкретни мерки и активности за да нема пречки во снабдувањето на потрошувачите со различни видови енергија.*

### *Тековна состојба*

Во текот на 2016 година, согласно Законот за енергетика се изработи Извештај за спроведување на Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката за периодот 2013–2017 година со кој се утврди степенот на реализација на овој документ во 2015 година.

Во 2016 година е изработен софтвер за електронско собирање на податоци за изработка на Енергетскиот Биланс по што ќе следи негов тест период , како и обуки и упатство за користење за државните институции и енергетските субјекти.Целта на овој електронски систем е создавање на квалитетна база на податоци која е од големо значење за секторот енергетика, посебно во делот на анализа и стратешко планирање, како и во делот на изработка на акциските документи и стратешките документи кои се обврска по законот за енергетика.

Во текот на 2016 година Секретаријатот на Енергетската заедница има склучено договор со конзорциум од REKK и DNV GL со цел да им помогне на Секретаријатот на Енергетската заедница и Групите за електрична енергија и гас за оценување на проектите од интерес на Енергетската заедница во развојот и примената на методологија за идентификување на проекти од интерес на енергетска заедница. Претставници на Министерството за економија кативно учествуваа во работењето на оваа Работна група.

Годишниот план за следење на квалитетот на екстра лесно масло за домаќинства и мазут се донесе. (Службен весник на Р.М број. 154/16 од 15.08.2016)

Годишниот план го пропишува начинот на земање на мостри, бројот и зачестеноста на земање на примероци, лабораториска анализа, чиј образец на која ќе ги доставуваат податоците од мерењата, во зависност од износот на добавувачот на нафтените деривати се пласираат на домашниот пазар или се користат за нивната сопствени потреби.
Во 2016 година, се изработи Изјава за сигурност во снабдувањето со природен гас согласно обврските од Договорот за основање на енергетската заедница.

Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати (во натамошниот текст: ДЗРННД) согласно Годишната програма со финансиски план и Годишниот план за јавни набавки за 2016 година, спроведе постапки за јавни набавки (со меѓународна објава) на Еуродизел БС и Еуросупер БС 95 за задолжителните резерви во земјата. Како резултат на овие набавки, заклучно со септември 2016 година, просечното ниво на пополнетост на задолжителните нафтени резерви соодветствува на 69 дена од просечната дневна потрошувачка на оние нафтени деривати кои се чуваат во задолжителните резерви, во 2015 година. Пресметката е извршена согласно Енергетскиот биланс на земјата („Службен весник на РМ“ бр. 229/15).
Во однос на процесот на усогласување на македонското законодавство со законодавството на ЕУ, изготвени се два предлог-правилници во кои е извршено транспонирање на четирите анекси (Анекс I, II, III и IV) на Директивата 2009/119/ЕУ, со што се заокружува процесот на транспонирање на наведената Директива. За подготовката на предметните предлог-правилници беше користена техничка помош организирана и финансирана од Секретаријатот на енергетската заедница – Виена. Предлог-правилниците се во фаза на меѓуресорско усогласување.
Претставници од ДЗРННД учествуваа на 8-от Нафтен форум одржан на 28-29 септември 2016 година во Белград, во организација на Секретаријатот на енергетика заедница.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Во 2017 година, се предвидува донесување на новата *Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија до 2035* година во која ќе се утврдат целите за долгорочен развој на енергетиката во земјата.

Во текот на 2017 година, согласно Законот за енергетика ќе се изработи Извештај за спроведување на Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката за периодот 2013–2017 година со кој се утврди степенот на реализација во 2016 година.
Во јануари 2017 година се предвидува навремена имплементација на Транс европската Регулатива за мрежи(347/2013) која се однесува на лиценцирањето и одобрувањето како и на процедурите за едношалтерски систем.

Во 2017 година, ќе се изработи Изјава за сигурност во снабдувањето со сите видови на енергија.

*Изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви* („Службен весник на РМ“ бр. 144/14, 178/14 и 199/15), со цел да се изврши усогласување со националното законодавство: во Законот е извршено делумно транспонирање на Директивата 2009/119/ЕУ. Законот ќе отпочне да се применува сметано од 01. јануари 2018 година, а најдоцна до денот на отпочнување со примена треба да се донесат пропишаните подзаконски акти, во кои е потребно е да се изврши транспонирање на четирите анекси на Директивата 2009/119/ЕУ, со што ќе се заокружи процесот на транспонирање на Директивата.
Имајќи го предвид горенаведеното, беше формирана меѓуресорска работна група која заедно со експерти номинирани од Секретаријатот на енергетската заедница, во рамките на експертската техничка помош за транспонирање и имплементација на Директивата 119/2009/ЕУ, организирана и финансирана од СЕЗ, подготви: Предлог – правилник за методите и процедурите за пресметка на просечните дневни нето увози и просечната дневна домашна потрошувачка на сурова нафта и нафтени деривати и за пресметка на нивото на задолжителните резерви (извршено транспонирање на Анекс I, II и III на Директивата 2009/119/ЕУ) и Предлог - правилник за содржината, формата и начинот на водење на Регистрите за задолжителни и за посебни резерви, за правилата за подготовка и роковите за поднесување на резимеа од Регистрите и статистички резимеа до Европската комисија и за формата и начинот на доставување на податоци за состојбата на сопствените залихи и задолжителните и оперативните резерви на месечно ниво (извршено транспонирање на Анекс IV на Директивата 2009/119/ЕУ).
Наведените правилници се во фаза на меѓуресорско усогласување и се очекува истите да бидат донесени од страна на Министерот надлежен за работите од областа на енергетиката, најдоцна до 31.12.2017 година.
До крајот на 2017 година, покрај горенаведените правилници во кои ќе се транспонираат анексите кон Директивата 2009/119/ЕУ, ќе биде потребно да се преземат активности во насока на изработка и донесување на сите останати релевантни

подзаконски акти, односно се очекува во целост да биде комплетирана правната рамка за имплементација на Директивата 2009/119/ЕУ.
До денот на отпочнување на примената на новиот закон, кој треба да биде на 01.01.2018 година, ДЗРННД своите надлежности ќе ги извршува врз основа на постојниот важечки Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на Република Македонија" бр. 84/08, 35/11, 84/12 и 43/14).

Согласно Буџетот на Република Македонија за 2017 година („Службен весник на РМ" бр. 191/16), ДЗРННД за 2017 година има на располагање износ од 874.500.000,00 денари од кои 812.000.000,00 денари се предвидува да бидат наменети за стратешки резерви, односно за набавка на нафтени деривати за задолжителните резерви, како и за преземање на мерки и активности за нивно чување и одржување.

Примарни активности на ДЗРННД во рамките на Буџетот за 2017 година се:
- Донесување на Годишна програма за 2017 и Годишниот план за јавни набавки за 2017 година;
- Спроведување на постапки за јавни набавки за набавка на нафтени деривати;
- Обезбедување односно изнаоѓање на резервоарски капацитети за складирање на задолжителните нафтени резерви;
- Спроведување контрола (квалитативна и квантитативна) на задолжителните резерви складирани кај трговските друштва складиштари, како и контрола на докуменатција и евиденција за уплата на надоместокот за задолжителни нафтени резерви пропишан со закон.

Во текот на 2017 година, се планира зајакнување на администартивните капацитети на Секторот за енергетика при Министерство за економија и Агенција за енергетика со нови вработувања. Исто така претставниците од овие институции активно ќе учествуваат во работните групи при Секретаријатот за Енергетска заедница.

***Среднорочни приоритети***

Во текот на 2018 година, согласно Законот за енергетика ќе се изработи Извештај за спроведување на Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката за периодот 2013–2017 година со кој се утврди степенот на реализација на овој документ во периодот 2016–2017 година.

Во текот на 2018 година, согласно Законот за енергетика ќе се изработи Извештај за реализација на Програмата за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката за периодот 2013–2017 година со кој се утврди степенот на реализација за 2017 година.

Во периодот 2018 се очекува да се заокружи кадровското доекипирање на секторот за енергетика при Министерство за економија. Во текот на 2017 година, во ДЗРННД се очекува да се добие согласност за пополнување на 5 (пет) работни места, со цел да се реализира неопходната кадровската екипираност што треба да овозможи квалитетно и благовремено извршување на законските обврски.

Во периодот 2018 - 2019 година, се очекува ДЗРННД да има минимален приход на средства по основ на уплата на надоместок за задолжителни резерви, во износ од 930.000.000,00 денари на годишно ниво, од кои по 811.500.000,00 денари за стратешки резерви за секоја година одделно. Средствата ќе бидат користени за нормално функционирање на ДЗРННД како и за набавка на нафтени деривати за задолжителните резерви во овој период.

Во рамки на среднорочните проритети на ДЗРННД е донесувањето на Акцискиот план во кој рамковно ќе се уреди динамиката на формирање на задолжителните резерви до потребното минимално ниво, најдоцна до 31. декември 2022 година, согласно одлуката на Министерскиот совет на ЕЗ, донесена на состанокот одржан во Будва 2012 година.
Во предметниот период, Владата на Република Македонија ќе носи одлуки за количината и структурата на задолжителните резерви на годишно ниво, за секоја тековна година одделно.

## 3.15.2 ВНАТРЕШЕН ПАЗАР

Главната цел е имплементација на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергија и понатамошна либерализација на пазарот на енергија кон остварување на сигурно и безбедно функционирање на пазарот на енергија и создавање на услови за поголема конкуренција во областа на снабдувањето со енергија на потрошувачите во земјата.

***Тековна состојба***

Една од основните цел во енергетика е поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари со почитување на начелата на недискриминација, објективност и транспарентност, како и интегрирање на енергетските пазари на земјата во регионалните и меѓународните енергетски пазари во согласност со обврските преземени со ратификуваните меѓународни договорикако што е и Договорот за основање на енергетската заедница. Главната цел на спроведување на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергија е понатамошна либерализација на пазарот на енергија кон остварување на сигурно функционирање на пазарот на енергија и создавање услови за поголема конкуренција во областа на снабдувањето со енергија на потрошувачите во земјата. Ова е Во согласност со Стратегијата на Европската унија 2020, Стартегијата на ЈИЕ 2020 како и регионалната Стратегија за енергетика на енергетската заедница.

Во однос на отворањето на *пазарот за електрична енергија*, истото започна уште во 2008 година. Република Македонија беше првата земја во регионот во која што електричната енергија потребна за покривање на загубите на електрична енергија од 2012 година се набавува на слободниот пазар на електрична енергија. Либерализацијата на пазарот на електрична енергија продолжи од 01.01.2014 година, каде што 222 претпријатија своите потреби ги задоволуваат на пазарот на електрична енергија. Од 01.07.2016 година вкупно 271 претпријатија своите потреби ги обезбедуваат на слободниот пазар на електрична енергија. Ова подразбира дека либерализацијата на пазарот на електрична енергија не е прекината за оние претпријатија кои што исполнуваат критериумот за самостојно учество на пазарот (над 50 вработени и над 10 милиони евра годишен приход). Согласно достапните информации на пазарот на електрична енергија активни се 6 снабдувачи со електрична енергија што претставува одличен предуслов за функционирање на конкурентен пазар на електрична енергија. Од 01.07.2016 година, процентот на реална либерализација изнесува приближно 45%, имајќи предвид дека мрежните оператори ги набавуваат загубите на електрична енергијана отворениот пазар на електрична енергија од 01.01.2012 година.

Република Македонија на 27 април 2016 година го потпиша Меморандумот за разбирање на земјите од Западен Балкан (WB6) со кое се вклучи во иницијативата за развој на регионален пазар на електрична енергија и воспоставување на рамка за идна соработка.

Во однос на либерализацијата на *пазарот на природен гас*, во изминатиот периодот Регулаторната комисија за енергетика ги донесе сите подзаконски акти и ги направи сите неопходни подготовки кои доведоа до тоа пазарот на природен гас официјално да се смета за отворен од 1 јануари 2015 година. Со тоа земјата во целост ги исполни обврските преземени со вториот енергетски пакет во делот на природниот гас.

Во текот на 2014-2015 година се изготви нов предлог Закон за енергетика во кој е транспониран третиот пакет за внатрешен пазар на енергија на Европската унија. Целите на Законот се во насока на создавање поконкурентни услови на пазарите на електрична енергија и природен гас преку независност на операторите на преносните системи, зајакнување на позицијата на Регулаторната комисија за енергетика, заштита на потрошувачите и друго. Законот за енергетика се изработуваше во рамки на ИПА Проектот за зајакнување на административните капацитети на Секторот за енергетика при Министерството за економија и Агенцијата за енергетика. Во делот на електричната енергија и природниот гас беа формирани работни групи кои ги дискутираа елементите од третиот пакет кои треба да се транспонираат. Нацрт-текст на предлог Законот за енергетика е доставен на мислење до сите надлежни институции, министерства, компании како и до Секретаријатот на Енергетска заедница. Доставените коментари се разгледуваат со институциите и соодветно се вградуваат во текстот.

Главната цел е спроведување на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергија и понатамошна либерализација на пазарот на енергија кон остварување на сигурно и безбедно функционирање на пазарот на енергија и создавање на услови за поголема конкуренција во областа на снабдувањето со енергија на потрошувачите во земјата. Подзаконските акти со кои се заокружува процесот на транспонирање на мерките од Директивите 2003/54/ЕЗ и 2003/55/ЕЗ и обврските од Договорот за основање на Енергетската заедница се донесоа во првата половина од 2015 година. Регулаторната комисија за енергетика (РКЕ) ги одобри Мрежните правила за дистрибуција на природен гас[70] и Мрежните правила за дистрибуција на природен гас[71], а исто така беше донесен и Правилникот за следење на функционирањето на енергетските пазари кој има за цел зголемување на ефикасноста, конкурентноста и транспарентноста на енергетските пазари, откривање на неправилностите и нарушување на конкуренцијата и нелојалната конкуренција на пазарот, како и на други активности поврзани со функционирањето на енергетските пазари, кои не се во согласност со законите, другите прописи и обврските утврдени во лиценците за вршење на енергетските дејности.

Во Секторот за енергетика при Министерството за економија, вработени се петнаесет (13) вработени, кои ги покриваат обврските согласно подрачјата од поглавјето 3.15 Енергетика.

РКЕ до почетокот на 2016 година ги донесе сите подзаконските акти со кои се заокружи процесот на транспонирање на мерките од директивите 2003/54/ЕС и 2003/55/ЕС и обврските од Договорот за основање на Енергетската заедница.

Во јануари 2016 година, со новиот Закон за утврдување на цени на водните услуги и измените во Законот за енергетика, на РКЕ и беше определена уште една надлежност и тоа во доменот на регулирање на цените на водните услуги, односно

[70] на ЈП КУМАНОВО ГАС – Куманово

[71] на ЈПЕД СТРУМИЦА ГАС – Струмица

утврдување на тарифите за снабдувањето со сурова вода наменета за водоснабдување на населението, водоснабдување, собирање, одведување и прочистување на отпадните води. РКЕ превзема активности кон подготовка на подзаконската регулатива за постапките за утврдување на цени на водните услуги.
Во текот на 2016 година започна подготовката на подзаконските акти кои ќе се донесат откако ќе биде усвоен новиот Закон за енергетика во кој ќе бидат транспонирани одредби од Третиот пакет на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергија. Во таа насока, РКЕ изработи Предлог текст на Правилник за сертификација на операторот на електропреносниот систем и операторот на системот за пренос на природен гас и во мај 2016 година беше одобрен од Секретаријатот на Енергетската Заедница, но истиот ќе биде донесен по донесувањето на новиот Закон за енергетика.
Согласно обврските кои што произлегуваат од т.н „меки мерки", во октомври 2016 година, РКЕ донесе:

- Правила за изменување и дополнување на Правилата за пазар на електрична енергија со кои се воведе целосно нов балансен механизам.

Исто така, поврзано со обврските кои што произлегуваат од т.н „меки мерки",  во ноември 2016 година, РКЕ одобри:

- Правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети кои се применуваат од Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа В 1.4,
- Правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети кои се применуваат на македонско - српската граница,
- Правила за доделување на расположивите преносни прекугранични капацитети на интерконективната врска на електроенергетскиот систем на Република Македонија и електроенергетскиот систем на Република Бугарија на годишно ниво, како и на месечно и неделно ниво

### *Краткорочни приоритети*

Во насока на исполнување на обврските од Договорот за Енергетска заедница, земјата ќе продолжи со транспозиција на законодавството на ЕУ согласно третиот енергетски пакет на ЕУ, односно ќе ги донесе следните акти и програми:
Новиот предлог Закон за енергетика во кој се транспонира третиот пакет за внатрешен пазар на енергија на Европската унија се планира да биде донесен до крај на 2017 година.
Програма за субвенционирање на потрошувачката на енергија 2017, финансирана преку буџетски средства обезбедува дел од финансиските средства за потребите од енергија (електрична енергија, топлинска енергија, дрва и друго) на примателите на социјална помош која ќе биде донесена на почетокот на 2017 година и истата ќе биде спроведена во тековната година.
Во текот на 2017 година, ќе се донесе Програма за заштита на ранливите потрошувачи на енергија. Истата ќе опфати различни категории на потрошувачи кои ќе влезат во дефиницијата на ранливи потрошувачи. Законскиот основ за донесување на оваа програма ќе биде утврден во новиот Закон за енергетика, во кој ќе бидат транспонирани одредбите од третиот пакет за внатрешен пазар на енергија на ЕУ. Со Програмата се планира да се дефинира концептот на ранливите потрошувачи, субвенции за потрошувачката на енергија, обврски наметнати на релевантните оператори на системи, права и обврски на ранливите потрошувачи, начин на спроведување на мерките, буџетски извори и други средства наменети за финансирање на мерките.

Предвидено е со новиот предлог Закон за енергетика да бидат транспонирани одредби од третиот пакет на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергија, односно Директивите 2009/72/ЕЗ и 2009/73/ЕЗ, како и Регулативите (ЕЗ) бр. 711/2009, 715/2009 и 543/2013. По донесување на новиот Закон за енергетика, РКЕ ќе отпочне постапки за усогласување на подзаконски акти врз основа на транспонираните одредби од третиот енергетски пакет, при што до крајот од 2016 година првичниот фокус ќе биде насочен кон донесување на актите кои се однесуваат на внатрешната организација, издавањето лиценци, следењето на функционирањето на енергетските пазари,како и постапките за одлучување по спорови и жалби.(*Види Анекс 3.15 Енергетика, 3.15.2 Внатрешен пазар, Активности за 2016).*
Доколку во првата половина од 2017 година, Собранието на Република Македонија го донесе новиот Закон за енергетика во кој ќе бидат транспонирани одредби од Третиот пакет на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергија, односно директивите 2009/72/ЕС и 2009/73/ЕС, како и регулативите (ЕС) No 711/2009, 715/2009 и 543/2013, во остатокот од 2017 година РКЕ ќе отпочне постапки за усогласување на подзаконски акти врз основа на транспонираните одредби од Третиот енергетски пакет, при што до крајот од 2017 година првичниот фокус ќе биде насочен кон донесување на актите кои се однесуваат на внатрешната организација, издавањето лиценци, следењето на функционирањето на енергетските пазари,како и постапките за одлучување по спорови и жалби. Во првиот квартал од 2017 година ќе се работи на хармонизација на секундарното законодавство во однос на механизмот за алокација на капацитети и процедурите за управување со загушувања од Регулативата (ЕС) 715/2009, како и на подготовка на entry-exit тарифен систем кај пазарот на природен гас.

На 17.10.2016 година, како резултат на проширување на надлежностите на РКЕ од областа на регулација на цените на водните услуги, Собранието на Република Македонија именуваше уште 2 членови. Со Финансискиот план на РКЕ за 2017

година се предвидува вработување на 5 лица, со што вкупниот број на вработени треба да изнесува 36 лица (7 членови и 29 извршители) во 2017 година.

***Среднорочни приоритети***

Во текот на 2018 година, ќе се спроведува новиот Закон за енергетика во кој ќе бидат транспонирани одредбите од Третиот пакет за внатрешен пазар на енергија на ЕУ.

Во периодот 2018-2019 година РКЕ ќе продолжи со активностите за имплементација на преостанатите одредби од Третиот пакет на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергијакои ќе бидат вградени во новиот Закон за енергетика, при што фокусот ќе се однесува на правилниците за тарифи и цени, тарифни системи, пазарни правила, правила за снабдување, постапките за сертификација на операторите на системите за пренос, како и останатите акти кои ги донесуваат операторите на системите за пренос.

Во Секторот за енергетика при Министерството за економија, во континуитет ќе се зајакнуваат капацитетите со нови вработувања и обуки.

Со цел да се обезбеди непречено извршување на надлежностите на РКЕ се овозможи зајакнување на административниот капацитет потребен за спроведување на активностите согласно Третиот пакет на законодавството на ЕУ за внатрешен пазар на енергија, при што се предвидени 2 вработувања за 2018 година и 2 вработувања за 2019 година.

***Програми и проекти***

РКЕ во 2016 година продолжи со реализација на проектот „Поддршка на РКЕ за имплементација на Третиот енергетски пакет на ЕУ“, поддржан од страна на Кралството Норвешка, а кој се реализира во соработка со Факултетот за електротехника и информатички технологии при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” од Скопје и консултантската куќа THEMA. Проектот беше со времетраење од 21 месец и за него беа обезбедени 625.375 ЕУР од страна на Кралството Норвешка и 97.400 ЕУР од страна на РКЕ. Целта на овој проект е подобрување на регулаторната рамка и зајакнување на капацитетите на РКЕ преку транспонирање на одредбите од Третиот енергетски пакет, а со цел овозможување конкурентни, транспарентни и недискриминаторни пазари на енергија.

## 3.15.4 ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

***Тековна состојба***

Искористувањето на обновливите извори на енергија (ОИЕ) е еден од приоритетите во енергетскиот сектор што стратешки е утврден во Стратегијата за искористувањето на ОИЕ на Република Македонија до 2020 година.Во изминатиот период се донесоа бројни подзаконски акти со цел да се олесни развојот на ОИЕ и да се постигне целното учество на истите во финалната потрошувачка на енергија. Учеството на ОИЕ во финалната потрошувачка на енергија е во согласност со целите утврдени во Стратегијата на Европската унија 2020 и Стратегијата на ЈИЕ 2020 во рамките на Регионалниот совет за соработка. Во наредниот период следат клучни активности во поглед на поедноставување на административниот процес за инвестирање во обновливите извори на енергија.

Во врска со Националниот акционен план за обновливи извори на енергија (АПОИЕ), информираме дека истиое е донесен во ноември 2015 година од страна и за истиот е информиран Секретаријатот за енергетска заедница. Предметниот АПОИЕ ги дава следните сценарија и тоа: 21,01% во 2020 година, 25% во 2025 година и 28% во 2030 година. Земајќи во предвид дека по донесувањето на АПОИЕ во јануари 2016 година, Државниот завод за статистика ја презентираше и ја објави Публикацијата: Потрошувачка на енергенти во домаќинства за 2014 година, и согласно истата потрошувачката на биомасата е значително повисоко од досегашните проекции за потрошено огревно дрво во домаќинствата. За таа цел, согласно заклучокот на Владата од 16 март 2016 година, Државниот завод за статистика до 20 ноември 2016 година ги ревидираше енерегетските биланси во делот на биомасата за 2009 -2015 година и за истото го информираше Министерството за економија. Министерството, во рамките на техничката помош од страна на УСАИД-Проектот за инвестоции во чиста енергија, изготви АП за изменување на АП за ОИЕ и истиот е во процедура на доставување до Владата за донесување. По донесување на истиот ќе се информира Секретаријатот за енергетска заедница.

Во јануари 2016 година Владата на Република Македонија донесе Програма за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата за 2016 година со финансиска поддршка од Буџетот во износ од 6.000.000 денари (100.000 евра). Со оваа стимулативна мерка на купувачите на соларни колектори кои ги имаат вградено во своите домови им се обезбеди поврат на дел од потрошените средства за обезбедување сончеви термални колекторски системи до 30 %, но не повеќе од 300. евра во денарска противвредност по домаќинство. Во рамките на оваа програма се субвенционираа вкупно 626 домаќинства. Реализацијата на програмата овозможува заштеда на електрична енергија за топла вода, промција на обновливите извори на енергија, подигнување на јавната свест и заштита на животната средина.

Министерството за економија согласно член 15 од Одлуката (2012/04/EnMC), во месец декември 2016 година до Секретаријатот за енергетска заедница ќе го достави Вториот извештај за напредокот во делот на промоцијата на обновливите извори на енергија.

Во врска со нацрт текстот на Законот за енергетика, Министерството за економија во рамјките на техничката помош од страна на УСАИД –Проектот за инвестирање во чиста еергија, отпочнати се активности за подготовка на подзаконска регулатива во врска со ОИЕ согласно новиот предлог Закон за енерегтика.

Во рамките на Проектот за инвестиции во чиста енергија на 27 октомври се одржа обука за постапките за инвестиции во обновливи извори на енергија за општините. Овие обуки се многу важни за општините со оглед дека тие се директни реализатори на политики и процедури во областа на инвестициите во обновливи извори на енергија

Во текот на 2016 година во комерцијална работа се пуштени четири мали хидроелектрични централи со вкупна инсталирана моќност од околу 5 MW.

Во октомври 2016 година се донесе Програма за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2017 година. Средствата на оваа програма во вкупен износ од 36.000.000, 00 денари ќе се користат за:

- надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата до 30 %, но не повеќе од 300 евра во денарска противвредност по домаќинство за 2017 година и тоа во износ од 16.000.000 денари и
- за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата до 50 %, но не повеќе од 500 евра во денарска противвредност по домаќинство за 2017 година во износ од 20.000.000 денари.

Претставникот на Министерството за економија, во текот на 2016 година зема активно учетсво во работењето на Координативната група за ОИЕ во рамките на Секретаријатот за енергетска заедница.

***Краткорочни приоритети***

Во текот на 2017 година, се планира да се донесе Законот за енергетика во насока на целосно доусогласување со Директивата 28/2009/ЕЗ за промоција на обновливите извори на енергија во делот на користењето на обновливите извори на енергија за греење и ладење, реализација на заеднички проекти, статистички трансфер на податоци за користење на обновливите извор на енергија и друго.

Согласно предлог Законот за енергетика, кој ќе биде усогласен со ЕУ мерката 32009L0028 за обновливи извори на енергија, ќе се донесе сет на подзаконски акти, со истото ќе се продолжи со усогласување на националното законодавство.

Во текот на 2017 година се планира да се донесе и реализира Програма за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени сончеви термални колекторски системи во домаќинствата и за надоместување на дел од трошоците за купени и вградени ПВЦ или алуминиумски прозорци во домаќинствата за 2017 година

Во текот на 2017 година се планира да се донесе Закон за биогорива во кој се транспонира делот на Директива 28/2009/ЕЗ за промоција на обновливите извор на енергија кој се однесува на биогоривата како и Акциски план за биогорива и подзаконска регулатива. Планирано е подзаконската регулатива да се изработи со техничка помош од страна на УСАИД. Исто така ќе биде донесен и *Акционен план за ОИЕ*, кој е согласно барањата на Енергетската заедница и Директивата 32009L0028.

Се планира во периодот на 2017 година да продолжат обуки за вработените во Сектор за енергетика, Министерство за економија во делот на искористувањето на обновливите извор на енергија.

***Среднорочни приоритети***

Во периодот 2018 година ќе се следат новитетите во однос на обновливите извори на енергија и ќе се преземаат мерки и активности за промоција на обновливите извори на енергија.

Се планира на среднорочен план да се продолжи со обуки за вработените во Сектор за енергетика, Министерство за економија во делот на искористувањето на обновливите извор на енергија, како и да се вработат нови лица во Секторот.

## 3.15.5 ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

***Тековна состојба***

Во делот на енергетската ефикасност се вложуваат напори за создавање средина за инвестирање во енергетската ефикасност преку донесување на законска и подзаконска регулатива, акциски планови со цел да се постигне заштита на енергија во износ од 9 % од просечната потрошувачка на енергијадо 2018 година. Ова е во насока на исполнување на целите утврдени во Стратегијата на ЈИЕ 2020 во рамките на Регионалниот совет за соработка.

Во рамките на Проектот за чиста енергија во рамките на техничката помош од страна на УСАИД, веќе се отпочнати активности кои се однесуваат на транспонирање на новата Директива за енергетска ефикасност (2012/27/ЕУ). Изготвен е првиот прелименарен драфт на табелата за транспонирање на Директивата за енергетска ефикасност, како и потенцијалната листа на подзаконски акти и други документи кои може да произлезат од транспонирањето на Директивата за енергетска ефикасност. Оваа листа претставува индикативна листа и во неа се вклучени и правилниците кои се веќе донесени. Земајќи го во предвид горенаведеното, со цел транспонирање на Директивата за ЕЕ, а во правец на навремена и континуирана реализација на превземените обврски, како и невремено известување за степенот на реализација на овие мерки од страна на Министерството за економија изготвена е Информација во врска со Планот за имплементација на обврските од Western Balkan 6 (WB6) - Повелбата за одржливост , со предлог заклучоци за формирање на работни групи, со преставници од надлежни министерства и институции .
Со цел за исполнување на законската обврска како и обврската согласно Одлуката на Секретаријатот за енергетска заедница изработката на третиот Акционен план за енергетска ефикасност_ се спроведе од страна на работна група со претставници од Министерството за економија - Секторот за енергетика и Агенцијата за енергетика, со експертска помош обезбедена преку Проект на Германското Друштво за Меѓународна Соработка (ГИЗ), која се обезбедува на менторски принцип. Нацрт текстот на Третиот АПЕЕ е доставен до Секретаријатот за енергетската заедница на мислење. Предметниот нацрт текст се достави на мислење до надлежните министерства и институции со цел финализирање и истиот се објави на веб страната со цел заинтересираните страни да можат да ги дадат своите евентуални коментари.Ќе се одржи јавната расправа на 1.12.2016 во просториите на Министерството за економија. Изготвувањето на третиот АПЕЕ се заснова на моделот усвоен од Секретаријатот на Енергетската заедница за потребите на договорните страни.
Согласно предложеното упатство и модел, третиот АПЕЕ содржи евалуација на имплементацијата на АПЕЕ Предлог мерки за секторска енергетска ефикасност, чија имплементација ќе придонесе кон намалување на крајната потрошувачка на енергија, како и мерки на страната на производство, пренос и дистрибуција на енергија, кои исто така треба да придонесат кон значителни заштеди на примарна енергија за периодот 2016-2018.
Во месец јуни потпишан е договор за јавна набавка- Кампања за штедење на енергија за мали и среди претпријатијаи претпријатија-големи потрошувачи на енергија. Кампањата треба да опфати активности за штедење на електричната енергија кај малите и средни претпријатија и претпријатија-големи потрошувачи на енергија. Со спроведување на кампањата за штедење се очекува подигање на свеста за штедење кај претпријатијата која во наредниот период ќе придонесе за остварување енергетски заштеди со што ќе се постигнат позитивни ефекти и подобрување на моменталната и идната енергетска состојба.
Министерството за економија изработи нов Правилник за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси на производите што користат енергија, со кој се овозможува транспонирање на нови ЕУ регулативи кои се однесуваат на означување (по пат на етикетирање) за нови електрични апарати и уреди и истиот е во процедура на објавување.
Во рамките на техничката подршка од страна на УСАИД во рамките на Проектот за инвестиции во чиста енергија изготвена е предлог Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за еко дизјан, по што следи ќе следи процедура на консултација со цел нејзино финализирање.
Во текот на 2016 година се реализираше полагање на испити за енергетски контролори и издавање на овластувања за енергетски контролор.
Министерството за економија е надлежна институција и за издавање на лиценци за вршење на енергетска контрола на трговци поединци и правни лица, на нивно барање. Од започнувањето на оваа активност во 2014 година до сега се издадени вкупно 76 лиценци за вршење на енергетска контрола.

### *Краткорочни приоритети*

Во текот на 2017 година, се планира да се донесе Законот за енергетика во насока на транспонирање на Директивата за енергетска ефикасност (2012/12/ЕУ) за која Република Македонија, како земја потписник на Договорот за основање на Енергетската заедница има обврска за нејзино транспонирање[72], Од транспонирањето на Директивата ќе произлезе и изготвување на нови подзаконски акти а кои ќе бидат во надлежност на Министерството за економија. Исто така, доколку произлезат нови потреби за транспонирање на евентуални нови регулативи на Европската Унија, ќе се преземат активности за измена и дополнување на националното законодавство.

Во текот на 2017 година, Министерството за економија планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за реализација на активностите во областа на енергетската ефикасност согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за енергетика.
Исто така, во текот на 2017 година вработените на Министерството за економија ќе учествуваат во работата на работната група на Енергетската заедница за енергетска ефикасност.

[72] Одлука на Министерскиот совет на Енергетската заедница бр. D/2015/08/MC-EnC, од 16.10.2015 година

***Среднорочни приоритети***

Во текот на 2018 година Министерството за економија ќе ги продолжи отпочнатите активности за усогласување на националното законодавство со Директиватите за енергетска ефикасност

Во текот на 2018 година, Министерството за економија планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за реализација на активностите во областа на енергетската ефикасност согласно надлежостите кои произлегуваат од Законот за енергетика.

## 3.15.7 НУКЛЕАРНА СИГУРНОСТ И РАДИЈАЦИОНА ЗАШТИТА

***Тековна состојба***

Областа на нуклеарната сигурност и радијационата заштита во земјата е регулирана согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност.

*Дирекција за радијациона сигурност (ДРС)* е единствено надлежна институција за вршење на управните и стручните работи од областа на заштитата од јонизирачко зрачење.

Во текот на 2016 година во рамките на проектот **„**Понатамошно зајакнување на техничкиот капацитет на нуклеарните регулаторни тела во Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора и Србија, како и Косово“, (кој започна со реализација на 01 јули 2015 година и е предвидено да трае 36 месеци) е започната реализација на активностите согласно планот на активности во рамките на проектот.

Во рамките на задачата 2.1 “Транспонирање на ЕУ acquis**”** се предвидени активности во однос на подготовка на кореспондентни табели помеѓу националното законодавство и ЕУ acquis во соодветната област, подготовка на акционен план со цел постигнување на целосно транспонирање на ЕУ acquis во националното законодавсто и подготовка на соодветни изменувања и дополнувања во националното законодавство согласно резултатите од кореспондентните табели и планирањата наведени во акциониот план.

Согласно предвидениот план за реализација на задачата, спроведени се работилници во врска со транспонирање на Директивата EURATOM 2013/51 со која се утврдуваат барањата за заштита на здравјето на населението во однос радиоактивни материи во водата наменета за човечка употреба, изготвен е план во однос на целосно транспонирање на директивата, и преглед на подготвените кореспондентни табели од страна на експертите и претставниците на Дирекцијата. Притоа, се изврши анализа на националното законодавство во однос на следните ЕУ директиви:

- Директива на Советот на ЕУ 2009/71/ЕУРАТОМ од 25 јуни 2009 за воспоставување на рамката на Заедницата за нуклеарна сигурност на нуклеарните инсталации
- Директива на Советот на ЕУ 2014/87/ЕУРАТОМ од 08 јули 2014 за изменување на Директивата 2009/71/ЕУРАТОМ за воспоставување на рамката на Заедницата за нуклеарна сигурност на нуклеарните инсталации
- Директива на Советот на ЕУ 2011/70/ЕУРАТОМ од 19 јули 2011 за воспоставување на рамката на Заедницата за одговорно и сигурно управување со искористено гориво и радиоактивен отпад
- Директива на Советот на ЕУ 2006/117/ЕУРАТОМ од 20 ноември 2006 за надзор и контрола на пратките на радиоактивен отпад и искористено гориво

Исто така, во рамките на оваа задача се одржаа работилници, на која е извршена анализа на националното законодавство во однос на Директивата на Советот на ЕУ 2013/59/ЕУРАТОМ од 5 декември 2013 за утврдување на основните стандарди за сигурност за заштита од опасностите кои произлегуваат од изложеност на јонизирачко зрачење и за укинување на Директивите, 89/618/ЕУРАТОМ, 90/641/ЕУРАТОМ, 96/29/ЕУРАТОМ, 97/43/ЕУРАТОМ и 2003/122/ЕУРАТОМ (EU BSS Директива).

Во рамките на задачата 2.4 „Подобрување на процедури за обезбедување на квалитет и контрола на квалитет на медицински уреди кои генерираат јонизирачко зрачење QA/QC“ е реализирана експертска мисија. Целта на посетата на ДРС, овластените технички сервиси и две болници беше да се изврши проценка на моменталната состојба на контролата на квалитет во земјата, во најголем дел во дијагностичка радиологија, да се изврши проценка на потребите и областите во кои се можни подобрувања на процедурите. Во рамките на истата задача, во периодот се реализираше обука за лицата кои работат во спроведување на QA/QC во медицината, како и за лица од ДРС од страна на експерти од Словенија. Целта на обуката е развој на QA/QC процедури и начин на нивна имплементација.

Во рамките на задачата 2.5 Стратешко планирање и систем за управување со квалитет се одржа работилница, со цел размена на искуства во однос на развојот на интегриран систем за управување и придонес во понатамошниот развој на ДРС преку обезбедување на подршка во изготвувањето на стратешкиот план, системот за управување со квалитет, како и соодветните интерни процедури. Исто така, во просториите на Словенската агенција за нуклеарна сигурност се одржа обука на работно место за двајца претставници од ДРС. Целта на обуката беше размена на искуства во однос на развојот на интегриран систем за управување со квалитет.

Во рамките на задачата 2.2 Изготвување на регулаторни процедури, одржана е работилница, со цел да се направи преглед на меѓународните стандарди и најдобрите ЕУ практики во областа на регулаторните процедури кои се однесуваат на издавањето на дозволи, преглед и проценка, инспекција и активности за спроведување на законите. Дополнително целта беше и да се идентификуваат недостатоците и слабостите на процедурите во Дирекцијата и да се изготви план за нивно надминување. Исто така, реализирана е работилница со експерти од Словенија и Германија. На работилницата од страна на вработените во Дирекцијата беа презентирани изготвените процедури за издавање на дозволи, вршење на инспекција, подготвување на подзаконски акти, подготвување на процедури, како и упатсвтото за издавање на дозволи наменето за правните лица, согласно претходно подготвениот план.
Изработена е ревизија на Стратешкиот план на Дирекцијата за радијациона сигурност за периодот 2017-2019 година. Донесувањето на овој стратешки план претставува осми циклус на стратешко планирање од страна на Дирекцијата.
ДРС го поднесе петтиот Национален извештај согласно Законот за ратификација на Конвенцијата за нуклеарна безбедност („Службен весник на РМ бр.10/2006). Во извештајот се дава преглед на националната политика во однос на нуклеарните активности, односно преглед на моменталната состојба во однос на имплементацијата на обврските согласно конвенцијата, а исто така и на промените направени во периодот по поднесувањето на четвртиот извештај.
Во рамки на програмата за билатерална соработка за 2015 година, од Министерството за економија на Кралството Белгија преку Националниот институт за радиоелементи - Флеурус, е реализиран тренинг курс на тема лиценцирање и инспекциски надзор над производство на радиофармацевтици. Тренинг курсот опфаќаше два дела. Првиот дел беше во вид на теоретска настава во однос на производство на радиоафармецевтици во циклотрон, начинот на функционирање на истиот, како и на проблемите кои може да се појават во текот на функционирањето. Во рамките на вториот дел од курсот беше опфатено практично спроведување на инспекциски увид во просторот каде е сместен циклотронот, со посветување на особено внимание на точките каде може да се појават проблеми.
Согласно обврските од Законот за ратификација на Дополнителниот протокол кон Спогодбата меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на гаранциите во врска со договорот за неширење на нуклеарно оружје („Службен весник на РМ“ бр. 43/07), ДРС поднесе квартални извештаи, како и годишен извештај согласно Законот за ратификација на Ревидираниот протокол за мали количества кон Договорот меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на безбедносни мерки во врска со Договорот за неширење на нуклеарното оружје.
Од страна на Дирекцијата е донесено Упатство за постапување при детектирање на зголемено ниво на јонизирачко зрачење на граничните премини во Република Македонија, Истото е изработено во соработка со претставници од МВР-Гранична полиција и од Царинска управа.
Во периодот 15-16 јуни, во Приштина, Косово, претставници од ДРС присуствуваа на регионална Конференција за закани за нуклеарна безбедност, во организација на ОБСЕ. На конференцијата претставниците од Дирекцијата имаа презентација со која ги запознаа учесниците на конференцијата за улогата на Дирекцијата во областа на нуклеарната безбедност.
Поднесени се квартални анализи на ризик, од доменот на работа на ДРС за потребите на интегрираното гранично управување до Националниот координативен центар за гранично управување.
Претставници од ДРС учествуваа на 60-та Генерална конференција на Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) која се одржа во периодот 26-30 септември.
Правилникот за висината на трошоците за издавање на дозволи и лиценци е објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 180/16.
Во текот на извештајниот период, ДРС продолжи со континуираната активност на издавање на дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење, како и со континуираната активност на вршење на инспекциски надзор над примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз основа на законот преку инспектори за радијациона сигурност.
*Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење*, кој го води ДРС се ажурира постојано, со користење на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.
Претставниците од ДРС континуирано учествуваа на обуки, како во однос на општи обуки организирани од Министерството за информатичко општество и администрација, така и на специјализирани обуки организирани од МААЕ, Амбасада на САД во Република Македонија, итн. Учеството на разни обуки од страна на вработените од Дирекцијата придонесува во зајакнувањето на административните капацитети и човечките ресурси на Дирекцијата со стекнување на соодветно искуство и знаење во соодветната област.

### ***Краткорочни приоритети***

Во текот на 2017 година ќе се пристапи кон изменување и дополнување на следните правилници:

- Правилник за максимално дозволени количини на радионуклиди во храна, вода, воздух, земјиште, производи и суровини од животинско и растително потекло и предмети за општа употреба („Службен весник на Република Македонија“ бр.162/09, 58/11, 74/11, 84/12); и

- Правилник за начинот и мерењето на изложеноста на населението, водење на евиденција и поднесување на извештаи („Службен весник на Република Македонија“ бр.126/10);

Изменувањата и дополнувањата на овие правилници се во насока на целосно усогласување на националното законодавство со Директивата EURATOM 2013/51 со која се утврдуваат барањата за заштита на здравјето на населението во однос на радиоактивни материи во водата наменета за човечка употреба.

Во текот на 2017 година, во соработка со Институтот за радиоелементи (IRE) од Белгија се предвидува организирање и одржување на 7-от меѓународен симпозиум во однос на нуклеарна метрологија како алатка за радиоекологија (INSINUME 2017). Во рамките на симпозиумот ќе бидат опфатени голем број на теми помеѓу кои: регулаторната рамка која се однесува на ослободувањето на радионуклиди и мониторинг на радиоактивноста во животната средина; нови технологии и методологии на метрологијата во однос на радиоактивноста; нивоа на радиоактивност во животната средина и трансфер на радионуклиди; влијание на радиоактивноста на животната средина и населението и др.

Во текот на 2017 година се предвидува реализирање на мисија од страна на Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) во ДРС. Мисијата има за цел зајакнување на ефективноста на националната регулаторна инфраструктура на државите во однос на нуклеарната и радијационата сигурност, како и на сигурноста на радиоактивен отпад и сигурност при транспорт. Притоа мисијата ќе се фокусира на регулаторните, техничките и политичките прашања во однос на нивната усогласеност со стандардите на МААЕ, како и на добрите практики во други држави. Исто така мисијата придонесува во размена на регулаторни искуства и хармонизирање на регулаторните пристапи помеѓу државите членки на МААЕ. Релизацијата на мисијата е предвидено во третиот квартал од 2017 година, притоа претходно од страна на Дирекцијата ќе биде подготвен извештај за извршена самопроценка на националната инфраструктура во областите од интерес кој ќе биде наменет за преглед од страна на експертската мисија.

ДРС ќе продолжи со активности на издавање на дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење.

ДРС ќе продолжи со спроведување на инспекциски надзор над примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз основа на законот.

Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење, кој го води ДРС ќе се ажурира постојано, со користење на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.

За 2017 е предвидено јакнење на административните капацитети на ДРС, јакнење на меѓуинституционалната соработка, како и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење, и реализација на обуки во областа.

### *Среднорочни приоритети*

ДРС во 2018 година ќе пристапи кон изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, со цел понатамошно усогласување со европското законодавство со цел негово усогласување со одредбите од следниве директиви:

- Директивата на Советот на ЕУ 2013/59/ЕУРАТОМ од 5 декември 2013 за утврдување на основните стандарди за сигурност за заштита од опасностите кои произлегуваат од изложеност на јонизирачко зрачење и за укинување на Директивите, 89/618/ЕУРАТОМ, 90/641/ЕУРАТОМ, 96/29/ЕУРАТОМ, 97/43/ЕУРАТОМ и 2003/122/ЕУРАТОМ (EU BSS Директива)Директива на Советот на ЕУ 2009/71/ЕУРАТОМ од 25 јуни 2009 за воспоставување на рамката на Заедницата за нуклеарна сигурност на нуклеарните инсталации
- Директива на Советот на ЕУ 2014/87/ЕУРАТОМ од 08 јули 2014 за изменување на Директивата 2009/71/ЕУРАТОМ за воспоставување на рамката на Заедницата за нуклеарна сигурност на нуклеарните инсталации
- Директива на Советот на ЕУ 2011/70/ЕУРАТОМ од 19 јули 2011 за воспоставување на рамката на Заедницата за одговорно и сигурно управување со искористено гориво и радиоактивен отпад
- Директива на Советот на ЕУ 2006/117/ЕУРАТОМ од 20 ноември 2006 за надзор и контрола на пратките на радиоактивен отпад и искористено гориво.

Во текот на 2018 година, Дирекцијата предвидува донесување на План за информирање на населението врз основа на најдобрите ЕУ практики.

Континуираните активности на Дирекцијата на издавање на дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење и спроведување на инспекциски надзор над примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз основа на законот ќе продолжат и во текот на 2018 година.

Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење, кој го води ДРС ќе се ажурира постојано, со користење на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.

**Имплементација на активности кои произлегуваат од Иницијативата за земјите од западен Балкан**

***<u>Прогрес „Меки мерки”</u>***

1. ***Учество во Канцеларија за координирани аукции на електрична енергија(МЕКА МЕРКА*** **Обврзувачки договори помеѓу ОПС (АД МЕПСО - Скопје) од Република Македонија со Канцеларијата за координирана аукција на капацитети на ЈИ Европа*)***

АД МЕПСО на 31.05.2016 година склучи договор со кој стана основач и содружник во SEE CAO (Координирана аукциска куќа на прекугранични преносни капацитети во Југоисточна Европа) - регионална компанија која организира аукции за закуп на расположливи прекугранични капацитети наменети за пренос на електрична енергија. Расположливите прекугранични преносни капацитети на внатрешните граници на ТСО-та од CAO SEE се предмет на доделување на годишни, месечни и дневни аукции (joint auctions). Согласно на ова, само расположивите ккапацитети на Македонско- Грчката граница се предмет на доделување преку SEE CAO.
Со цел да се реализира оваа мека мерка од страна на Регулаторна комисија за енергетика на 13.10.2016 година ги одобри Правила за доделување на прекугранични преносни капацитети, и истите се објавени во „Службен весник на Република Македонија'' бр. 195/2016 година. Исто така Собранието на Република Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија '' бр.189/2016).
За доделување на расположливите прекугранични преносни капацитети на сите свои граници (Македонско - Српската и Македонско – Бугарската граница) преку CAO SEE, потребно е соседните систем оператори да се приклучат кон SEE CAO.

2. ***Придружување кон берза за електрична енергија или ако е економски оправдано (да се земат предвид ликвидноста и економска оправданост) да се воспостави сопствена берза за електрична енергија, овозможувајќи трговија на големо*** **(МЕКА МЕРКА: Отстранување на главните правни и договорни пречки за воспоставување на организирани пазари за електрична енергија и спојување на пазарот врз основа на извештаите на Секретаријатот на ЕЗ , МЕКА МЕРКА:Да се обезбеди ликвидност на домашните пазари за електрична енергија со соодветни регулаторни мерки како ревизија на договорите, известувања за капацитети, виртуелни електрани итн и МЕКА МЕРКА: Соединување на организирани ден однапред пазари за електрична енергија со најмалку една соседна држава )**

Со потпишувањето на меморандумот на земјите од Западен Балкан (WB6), Република Македонија се вклучи во иницијативата за развој на регионален пазар на електрична енергија и воспоставување на рамка на идна соработка. Согласно на MoU (Memorandum of understanding of Western Balkan 6) потписниците на истиот креираат рамка за реализација на програмите и проектите кои произлегуваат од MoU како што е дефинирано во Анекс1 од MoU.
За реализација на оваа мерка се делегирани претставници во работното тело за интеграција на пазарот на електрична енергија (PSC - Programme Steering Committee for Day Ahead Market Integration) од: Министерство за економија, АД МЕПСО и РКЕ.
Операторот на пазарот на електрична енергија, како подружница на АД МЕПСО оствари билатерални средби со CROPEX, SEEPEX и ИБЕКС со цел да се разменат искуства и да се истражи потенцијалот за развој на пазарот на електрична енергија во Република Македонија и во регионот за потребите од воспоставување на сопствен организиран пазар на електрична енергија или придружување на соседен.
Врз основа на остварените средби е подготвена SWOT анализа на можноста за воспоставување на организиран пазар на електрична енергија во Република Македонија или придужување на соседен и истата е доставена до работната група за спроведување на меките мерки. Во тек е подготовка наДетална студија со акционен план за можностите да се воспостави сопствен организиран пазар на електрична енергија во Македонија или Република Македонија да се приклучи кон некоја од веќе воспоставените организирани пазари на електрична енергија во соседството Следствено на претходното и во зависност од изборот на решението ќе бидат подготвени измени на законската и подзаконската регулатива.

3. ***Прекугранично балансирање (МЕКИ МЕРКИ:*** **Правна можност за операторите на преносниот систем да се здобијат со балансни услуги од сите оператори на националните и во перспектива на регионални пазари под конкурентни услови и Усвојување на пазарно ориентирани балансни модели дозволувајќи**

**недискриминирачка прекугранична размена на балансните услуги и Воспоставување на функционален национален балансиран пазар заснован на погоре споменатиот модел*)***

Со оваа активност треба да се создаде правна можност за операторите на преносните системи да можат услугите за балансирање да ги обезбедат од оператори на другите земји, а во перспектива од регионалниот пазар, по конкурентни услови.
Беше потпишан Меморандум за разбирање ( MoU WB6 ) за развој на регионалниот пазар на електрична енергија на земјите од Западен Балкан, и со тоа Македонија зема учество во иницијативата за прекугранична соработка во однос на услугите за балансирање по конкурентни услови. Согласно MoU WB6 страните се согласија да креираат рамка за имплементација на програми и проекти кои произлегуваат од истиот и се наведени во Анекс 2 од MoU WB6.
Беше формирана работна група од страна на Регулаторната комисија за енергетика (РКЕ) со претставници на Регулаторната комисија за енергетика, АД МЕПСО, АД ЕЛЕМ и АД ЕВН Македонија, со задача да подготви предлог-измена на Правилата за пазар во делот за обезбедување на системски услуги и методологијата за пресметка на дебаланси и порамнување.
Измените и дополнувањата на Правилата за пазар беа усвоени на 13.10.2016 година.
Изменетите Правила за пазар на електрична енергија ќе се применуваат од 01 јули 2017 година после завршување на тест периодот.
Новиот балансен механизам е целосно пазарно ориентиран и истиот ќе се применува за сите учесници на пазарот на електрична енергија, вклучувајќи го и регулираниот дел од пазарот.
Измената на правилата за пазар обезбедуваат правна можност за АД МЕПСО да обезбеди услуги за балансирање од BSPs (Balance Service Providers) во национални и во перспектива од регионалниот пазар за балансирање по конкурентни услови. Балансниот модел согласно промените во Пазарните правила обезбедува формирање на национален балансен пазар и недискриминаторна и пазарно ориентирана прекугранична размена на услуги за балансирање.

4. **Воведување на процес за координирана пресметка на капацитетите за алокација на на ден-однапред капацитети засновани врз регионалната прогноза за придушување на капацитети (МЕКА МЕРКА Воведување на процес за координирана пресметка на капацитетите за алокација на на ден-однапред капацитети засновани врз регионалната прогноза за придушување на капацитети )**

АД МЕПСО како потписник на Multi-Lateral Agreement (MLA), е обврзан да ја обезбеди функцијата за координирана пресметка на капацитети преку RSCI (Regional Security Coordination Initiatives). АД МЕПСО има потпишано необврзувачки меморандуми за разбирање за основање на RSCI со ТСОта од југоисточна Европа односно со иницијативата во Србија и Грција.
Со цел да се исполнат обврските преземени со потпишување на MLA и навремено обезбедување на услугите, АД МЕПСО ќе спроведе тендерска постапка согласно Законот за јавни набавки.
Согласно MLA, оваа функција ќе биде обезбедена до Септември 2017 година.

5. **Доделување на статус на квалификувани потрошувачи на сите потрошувачи на електрична енергија (МЕКА МЕРКА: Република Македонија да се усогласи со обврската за доделување на статус на квалификувани потрошувачи на сите потрошувачи на електрична енергија)**
6. **Раздвојување и лиценцирање на операторот на системот за пренос во согласност со Третиот Енергетски пакет ( МЕКА МЕРКА: Раздвојување и лиценцирање на операторот на системот за пренос во согласност со Третиот Енергетски пакет )**
7. **Апликација за статус на набљудувач во Агенција за соработка на енергетските регулатори (МЕКА МЕРКА: Да се аплицира за статус за набљудувач во Агенција за соработка на енергетските регулатори базирајќи се на позитивното мислење на Европска комисија )**
8. ***Елиминирање на регулирање на производната цена на електрична енергија кај регулираниот производител (МЕКИ МЕРКИ:* Да се елиминира регулацијата на цената на производството и цената за крајните потрошувачи за другите, освен за малите претпријатија и домаќинствата и да се усвојат национални акциони планови за отфрлање на регулација на цените, генерално *)***

Со Нацрт текстот на Предлог Законот за енергетика, АД ЕЛЕМ повеќе не е регулиран производител на електрична енергија, но и понатаму останува обрска во преодните одредби се додека не се изберат снабдувачи кои имаат обврска за обезбедување на универзална услуга, да обезбедува електрична енергија за потребите на тарифни потрошувачи и мали потрошувачи по цени утврдени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

Во изминатите неколку години беа донесени сите потребни тарифни системи, вклучувајќи го и најважниот Тарифен систем за дистрибуција на електрична енергија, каде што секој потрошувачот плаќа според напонското ниво на кој е поврзан. Поради ова, Регулаторната комисија за енергетика во методологијата за цените за регулираното снабдување воведе сосема нови елементи, како што се маргина за набавка и долгови, со цел да се подобри ликвидноста на регулираниот добавувач.Во овој момент, процентот на наплата за потрошената електрична енергија во домаќинствата е околу 88%, додека процентот на наплата кај индустриски потрошувачи е околу 93%. Во 2006 година, процентот на наплата за домаќинства беше под 80%. Овие мерки се очекува да обезбедат соодветен резултат, но за истот е потребно време. Анализите покажуваат дека брзиот пораст на цената на електричната енергија за домаќинствата може да го намали процентот на наплата, а со тоа приходите на регулираниот снабдувач ќе се намалат и на тој начин нема да биде во можност да ги покрие трошоците за набавка на електрична енергија, со што може да биде загрозена сигурноста во снабдувањето со електрична енергија.
Од овие причини либерализација на пазарот на електрична енергија ќе продолжи да се одвива во неколку фази со цел да се обезбеди ликвиден пазар на електрична енергија, без да предизвика опасност по безбедноста на снабдувањето со електрична енергија.Владата на Република Македонија, во рамките на својата енергетска политика, во текот на изминатиот период внимателно ги следеше цените на пазарот на електрична енергија и ги анализираше резултатите и обврски за следниот период. Како придобивка се наведува дека во моментот индустриските потрошувачи ја набацвуваат електричната енергија по пазарни услови и цени, а од неодамна и другите потрошувачи со потрошувачка над 1000 MWh, но во исто време се откриени одредени ризици на дерегулација на цените, особено во однос на можното драстично зголемување на цените на електричната енергија за домаќинствата, земајќи ги во предвид недостатокот на можноста за користење на алтернативно гориво за потрошувачите иако во моментот се работи на интензивен развој на преносната мрежа и дистрибуција на природен гас.Досега производителот на електрична енергија (ЕЛЕМ) има обврска за обезбедување на јавна услуга, односно да обезбеди електрична енергија за потребите на тарифни потрошувачи и системски услуги по регулирани цени и тарифи претходно утврдени од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија. АД ЕЛЕМ, исто така, има обврска да обезбеди електрична енергија за малите потрошувачи кои ќе се одлучат за купување на електрична енергија од снабдувач во краен случај. По задоволување на овие потреби, АД ЕЛЕМ има можност вишокот на електрична енергија да ја продава на отворениот пазар на електрична енергија во согласност со Правилата претходно одобрена од Регулаторната комисија за енергетика.
Во оваа насока анализите за можноста за скратување на роковите за дерегулација на цената се во подготовка.

9. ***Правно и функционално раздвојување на операторите на системот за дистрибуција и снабдувачите (МЕКА МЕРКА Правно и функционално раздвојување на операторите на системот за дистрибуција и снабдувачите )***

Со цел да се овозможи правно и функционално раздвојување на операторот на системот за дистрибуција и снабдувачот, усвоени се **измени на Законот за енергетика** во контекст на раздвојувањето на оператарот на дистрибутивниот систем од вертикално интегрираното претпријатие (ЕВН Македонија), а се поврзани и со сопственоста на средствата на ЕВН Македонија. На 12 октомври 2016 година, Собранието на Република Македонија ги усвои Измените на Законот за енергетика.

10. ***Регулатива за Трансевропските мрежи инкорпорирани во законодавството на Енергетската заедница во врска со дозволите како и едношалтерските постапки (МЕКА МЕРКА:*Навремено спроведување на Регулативата за транс-европски мрежи во однос на лиценцирање и издавање на дозволи како и едно-шалтерски процедури *)***

На 06.12. 2016 година Секратаријатот на Енергетската заедница имаше мисија во Република Македонија на која беше детално презентирана Регулативата 347/2013 која се однесува на воведување на едношалтерски систем за добивање на одобрение за градба за големиенергетски објекти. На состанокот беа поканети претставници од надлежните институции кои учествуваат во постапката за добивање на одобрение за градба и Регулаторната комисија за енергетика. За исполнување на оваа обврска Секретаријатот за европски прашања ќе обезбеди превод на предметната регулатива по што нацрт текстот на Законот за енергетика ќе биде соодветно дополнет.

**Планот за имплементација (Road Map) на обврските од Western Balkan 6 (WB6) - Повелбата за одржливост**

На 04 јули 2016 година во Париз во рамките на Самитот на Западен Балкан се потпиша Повелбата за одржливост, која дефинира сет мерки кои се однесуваат на: унапредување на управувањето со енергетската ефикасност, имплементтација на мерки за подршка за подобрување на одржливоста на енергетскиот систем и мерки за намалување на негативните последици од климатските промени и транспарентноста на одржливи енергетски пазари.

Секретаријатот за енергетска заедница има подготвено детален План за имплементација со сет на предложени под-мерки кои треба да се постигнат, и истиот е доставен до Министерството за економија.
Целта на овој План е да овозможи навремена имплементација на обврските превземени со Повелбата за одржливост а исто така ќе претставува и основа за следење и редовно известување, започнувајќи од декември 2016 година.
Предметниот План за имплементација е поделен на три групи со следните мерки и тоа:

1. Подобрување на управувањето за енергетска ефикасност
2. Спроведување на мерки за поддршка на подобрувањето на одржливоста на енергетските системи
3. Мерки за климатски промени и транспарентност на одржливи енергетски системи

Едновремено, Планот дефинира и под-активности, излезни документи, рокови, степен на имплементација како и кои се одговорни институции за имплементација на конкретните мерки.
Земајќи го во предвид горенаведеното, со цел транспонирање на Директивата за ЕЕ и Директивата 2009/28 за промоција на обновливите извори на енергија, а во правец на навремена и континуирана реализација на превземените обврски, како и навремено известување за степенот на реализација на овие мерки Министерството за економија подготви Информација до Владата со која се предлага да се формираат четири работни групи, со преставници од надлежни министерства и институции, и тоа :

- работна група за реализација и следење на активностите од дел 1 – Подобрување на управувањето за енергетска ефикасност,
- работна група за реализација и следење на активностите од дел 2 – Спроведување на мерки за поддршка на подобрувањето на одржливоста на енергетските системи,
- работна група за реализација и следење на активностите од дел III 1 и дел III 2– Мерки за климатски промени и транспарентност на одржливи енергетски системи, и
- работна група за реализација и следење на активностите од дел 3-Мерки за климатски промени и транспарентност на одржливи енергетски системи.

# 3.16 ОДАНОЧУВАЊЕ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2016***

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок,** иако ограничен, во насока на усогласување на правната рамка во текот на извештајниот период. Во претстојната година земјата особено треба:

- да ги подобри капацитетите на даночниот систем, на централно и локално ниво, да обезбеди современи даночни услуги за граѓаните (вклучувајќи и е-даноци, управување со ризик од неусогласеност, контрола на квалитет и модернизација на ИТ систем);
- да ги усогласи фискалните одредби за технолошки развојни зони со Кодексот на однесување на ЕУ за деловно оданочување.

***Резиме***

*Министерството за финансии на полето на директните и индиректните даноци ќе продолжи континуирано да ги проучува и анализира сите релевантни ЕУ акти и истите соодветно ке ги вгради во домашното законодавство, со цел на среднорочен план да се постигне целосна усогласеност и да се овозможи непречена имплементација на истите. Управата за јавни приходи е насочена кон обезбедување на висок квалитет на услуги за даночните обврзници, поедноставени даночни постапки за навремено и точно исполнување на обврските и праведно и ефикасно собирање на даноците и на другите јавни давачки, преку воведување на системи за управување со квилитет, спроведување на програми за едукација и овозможување на брз и лесен пристап до даночните информации, намалување на времето и трошоците на даночните постапки, воведување на нови и развој на постојните електронски даночни услуги и зголемување на степенот на нивното користење.*

## 3.16.1 ИНДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ

**ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

***Тековна состојба***

Оданочувањето на потрошувачката на добра и услуги во е регулирано со Законот за данокот на додадена вредност[73]. Законот за данокот на додадена вредност е со примена од 01.04.2000 година и во него во најголем дел се транспонирани барањата од ЕУ законодавството за ДДВ и тоа на: Шестата (системска) директива на Советот - 31977L0388 и Тринаесеттата директива на Советот - 31986L0560.

При измените на Законот за данокот на додадена вредност, особено се имаат во предвид одредбите од Директивата 32006L0112 (со сите нејзини измени и дополнувања) која е замена на Шестата (системска) директива на Советот 31977L0388.

1. Во Декември 2015 донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, кој е објавен во „Сл. весник на Р.М.“ бр. 225/2015, со кој е воведено даночно ослободување со право на одбивка на претходниот данок на услугата за услуги од страна на телекомуникациски оператор со кои се овозможува донирање на парични средства преку отворен специјален телефонски број за донации кои се од хуманитарен карактер.

2. Во Февруари 2016 донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Сл. весник на Р.М.“ бр. 23/2016), со цел усогласување со Законот за општата управна постапка.

Во Законот е пропишана содржината на евиденцијата која што даночните обврзници треба да ја водат за прометот на инвестициско злато и дека евиденцијата се води согласно Законот за општа управа постапка.

Со истиот се дава законски основ за пропишување со подзаконски пропис на формата и содржината на барањето за враќање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште или подружница во земјата; на непрофитните организации; на странските дипломатски или конзуларни претставништва и членови на дипломатскиот персонал, како и на меѓународните организации и нивните членови.

Поедноставена е постапката за враќање на платениот данок на додадена вредност на непрофитните организации, со пропишување на законски основ, доказот дека данокот долгуван за увозот е платен, да биде прибавен по службена должност од страна на овластеното службеното лице во Управата за јавни приходи.

За непостапувањето на овластените службените лица во роковите определени во Законот се пропишуваат глоби.

Со пропишување на ваква одредба, непрофитните организации се растеретуваат од обврската да го прибават доказот дека данокот долгуван за увозот е платен.

---

[73] „Службен весник на Република Македонија” бр. 44/99, 86/99, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15 , 129/15,225/15, 23/16 и 189/16

Воедно со измената на постојниот член 51-а од Законот за данокот на додадена вредност се врши преуредување на роковите за донесување решение по пријавата за регистрација за данок на додадена вредност или пријавата за отповикување на регистрацијата за данок на додадена вредност, со што се врши понатамошно доусогласување со Законот за општата управна постапка. За непостапувањето на овластеното службено лице во определениот рок во Законот е предвидена и глоба.
3. Во Октомври 2016 донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност („Сл. весник на РМ." бр. 189/2016).
Со измените се пропишува примена на повластена стапка на ДДВ за прометот и увозот на : пелети, печки на пелети и котли на пелети.
Исто така се пропиша одредба според која за место на промет на услугата обезбедување на пристап до мрежата на електрична енергија во случај на загушување на соодветна алокациска единица при доделување на прекуграничните преносни капацитети на интерконективните водови, се смета местото во кое корисникот на услугата има вистинско седиште или подружница за кого услугата била вистински извршена или, доколку такво место не постои, неговото постојано живеалиште или престојувалиште.
Воедно се избриша обврската за поднесување на периодичен финансиски извештај од одобрените фискални системи на опрема за регистрирање на готовински плаќања со што даночниот обврзник веќе нема обврска за доставување на наведениот прилог при поднесување на даночната пријава.

### *Краткорочни приоритети*

Во текот на 2017 година ќе продолжи да се врши анализа на постојните законски решенија кои се однесуваат на данокот на додадена вредност и нивната усогласеност со Директивата 32006L0112 и со останатите даночни прописи на Европската унија кои се однесуваат на оваа материја.

#### *Среднорочни приоритети*

Во периодот од 2018-2019 година ќе следи интензивен процес на проучување и усогласување на домашното законодавство со одредбите на директивите на ЕУ од што ќе се утврди потребата за донесување на Закон со кој ќе се изврши изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност или пак ќе резултира со донесување на нов Закон за данок на додадена вредност со соодветни подзаконски акти.
Во процесот на хармонизација особено ќе се води сметка да се вградат одредби со кои ќе се изврши регулирање на прометот на добра и услуги во рамки на Заедницата.
Во текот на хармонизацијата на домашното законодавство, предвид ќе бидат земени сите релевантни ЕУ акти од областа на оданочувањето.

### **АКЦИЗИ**

### *Тековна состојба*

Законот за акцизите (Службен весник на РМ, број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008,105/2009, 34/2010, 24/2011, 55/2011,135/2011, 82/2013, 98/2013, 43/2014, 167/2014, 188/2014, 129/2015, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), е основен правен акт кој ги уредува акцизите кои се наплаќаат посредно или непосредно за потрошувачка на територијата на земјата и тоа за: минерални масла, алкохол и алкохолни пијалоци, тутунски добра и патнички автомобили и ги содржи одредбите за оданочување, акцизните повластувања, акцизните ослободувања, административните обврски, регистри, правна заштита и казнените одредби.
Законот за акцизите е делумно хармонизиран со новата Системска Директива на Европската Унија, како и нејзините придружни структурни директиви поодделно за секој вид добро кое подлежи на оданочување со акцизи, и тоа со:

- Директивата на Советот 2008/118/ЕЗ од 16 декември 2008 година во врска со општите аранжмани за акцизи и укинување на Директивата 92/12/ЕЕЗ,
- Директивата на Советот 2003/96/ЕЗ од 27 октомври 2003 година за преструктурирање на рамката на Заедницата за оданочување енергетски производи и електрична енергија,
- Директивата на Советот 2011/64/ЕУ од 21 јуни 2011 за акцизната структура и акцизните стапки кои се однесуваат на тутунски преработки,
- Директивата на Советот 1992/83/ЕУ од 19 октомври 1992 за усогласување на структурата на акцизните давачки за алкохол и за алкохолни пијалоци и
- Директивата на Советот 1992/84/ЕУ од 19 октомври 1992 за усогласување на стапките на акцизните давачки за алкохол и алкохолни пијалоци.

Сегашните стапки за неколку акцизни производи сеуште се пониски од минималните барања на acquis. Со започнувањето на преговорите за влез во ЕУ, земјата ќе има потреба од транзиционен период за примена на минималните стапки предвидени со

ЕУ acquis, првенствено заради ублажување на ценовниот удар врз населението и адаптирање на домашните претпријатија на конкурентските услови на стопанисување во заедничкиот пазар на ЕУ. Усвоените измени и дополнувања на Законот за акцизите (објавени во „Службен весник на РМ“ бр. 23 од 10 февруари 2016 година), се во насока на усогласување на одредбите од овој Закон со новиот Закон за општата управна постапка.
Исто така се врши дополнително зајакнување на одредбите на законот заради спречување на создавање на шпекулативни залихи на тутунски добра, односно да се спречи одбегнување на плаќање на акциза преку создавање на големи количини на залихи на акцизни добра пред да настапи зголемување на акцизната стапка или да се промени малопродажната цена и создавање на шпекулативни залихи на меѓупроизводи и етил алкохол при промена на износот на акцизата на ниво на дистрибутер.
Беа воведени и одредби за регулирање на статусот на мали независни производители на пиво во системот на акцизите со исполнување на одредени услови. Со тоа ќе се овозможи економските субјекти кои произведуваат и испраќаат помали количини на пиво да остварат право на добивање на акцизна дозвола. Акцизата на пиво за мали независни производители е определена во различна висина во зависност од произведената годишна количина на пиво.
Донесен е Правилник за изменување и дополнување на правилникот за спроведување на законот за акцизите („Сл. весник на РМ“ бр.58 од 28.03.2016 година кој стапи во сила на 05.04.2016 година), со кој е намален количинскиот услов за акцизен склад за алкохол и алкохолни пијалоци и се додадени нови типови на контролни марки за обележување на меѓупроизводи и етил алкохол и за обележување на тутунски добра.

Исто така, во ноември 2016 заврши имплементацијата на Проектот „Хармонизација на акцизното законодавство на Република Македонија со најдобрите практики од Европското законодавство во областа на акцизите“, поддржан од ЕУ (ИПА 2010). Целта на овој проект беше понатамошно усогласување на законодавството со правото на ЕУ во областа на акцизите, како и зајакнување на административните и оперативните капацитети на Царинската Управа од оваа област. Во рамките на овој проект извршена е подготовка за понатамошно усогласување на законодавството и процедурите поврзани со акцизите со правото на ЕУ; зајакнување на административните и оперативните капацитети на Царинската управа со цел да се обезбеди ефикасно спроведување на законодавството поврзано со акцизите; подобрување на организацијата, менаџментот и оперативните капацитети на царината; олеснување на тргувањето; и осигурување на меѓународниот синџир на снабдување, со помош на контролни механизми и ИТ системи.
Во рамките на Компонентата 1 „Усогласување на законодавството и процедурите со правото и најдобрите практики на ЕУ, подржано со соодветни контролни механизми и ИТ системи“ подготвен е нацрт текст на нов Закон за акцизите и други правни акти и/или измени и дополнувања на постоечкото национално законодавство (закони и регулативи за спроведување) со кои ќе се регулираат акцизите во согласност со законодавството на ЕУ, извршена е анализа на постоечките насоки, упатства и прирачници во поглед на тековните процедури и работни практики, подготовени се нови/обновени процедури; насоки, упатства и прирачници изработени во согласност со процедурите и работните практики од законодавство на ЕУ како и преглед на постоечките нацрти за ново законодавство и најдобри практики на ЕУ.
Со реализацијата на Компонентата 2. „Зајакнување на административни и оперативни капацитети за имплементација на законодавството поврзано со акцизите“ извршена е проценка на тековното национално организациско поставување и системот за управување и контрола; добиена е помош и поддршка на Царинската управа во дизајнирање, изработка и имплементација на нов систем за управување со движењето и контролата на акцизните добра, како и за подсистемите вклучувајќи го постоечкиот комјутеризиран систем за движење на акцизните добра. Во рамките на проектот подготвена е нацрт Стратегија за акцизи на Царинската управа, за понатамошен развој на предложениот национален акцизен систем, а воедно е изработен План за обука, Модули за обука и Прирачник за обука поврзани со акцизите за цариниците, деловните субјекти и обучувачите. Реализирани се обуки на обучувачи од обааста на акцизите. Во рамките на Проектот се подготвени Предлог закон за акцизите, Предлог правилник за спроведување на законот за акцизите, Предлог правилник за национално движење на акцизни добра со примена на е-АД и Предлог Правилник за ослободување од плаќање акциза. Подготвени се и кореспoдентни табели кои укажуваат на висок степен на усогласеност со ЕУ законодавсвото. Особена придобивка ќе претставува воведувањето на целосна електронска размена на податоците помеѓу акцизните обврзници и Царинската управа, како и електронското следење на движењето на акцизните стоки.
Согласно Законот за акцизите надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии и Царинската Управа.

### *Краткорочни/ среднорочни приоритети*

Во текот на 2017 година ќе се направи анализа на изготвениот Нацрт Закон за акцизите и подзаконските акти усогласени со директивите на Европската унија, во насока на донесување одлука за евентуално усвојување на истите.

По усвојување на новиот закон за акцизи и соодветните подзаконски акти, во периодот од 2018-2019 година ќе следи имплементација на истите.

## 3.16.2 ДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ

### ДАНОК НА ДОБИВКА

***Тековна состојба***

Законот за данокот на добивка[74] го уредува начинот на оданочување на добивката што ја остваруваат правните лица, резиденти и нерезиденти на земјата.

На почетокот на 2016 година се донесоа измени и дополнувања на Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/16 од 10.02.2016 година) чија цел беше усогласување на законските одредби со новиот Закон за општата управна постапка.

Во текот на месец октомври 2016 се донесоа измени и дополнувања на Законот за данокот на добивка („Службен весник на Република Македонија" бр. 190/16 од 17.10.2016). Во насока на поддршка на развојот на спортот и постигнување на спортски резултати, со измените се предвидени даночни поттикнувања за компаниите кои даваат донации на спортските федерации, Македонскиот олимписки комитет (МОК), спортските клубови и активни спортисти. Исто така, беа воведени одредби со кои се определи даночниот третман на трошоците за сместување и превоз на лица кои не се вработени кај домашниот исплатувач, а кои се ангажирани во врска со извршувањето на работа кај исплатувачот во функција на неговата дејност. Измените на законот ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2017 година.

***Краткорочни приоритети***

Во текот на 2017 година ќе продолжи континуираното проучување на директивите на ЕУ кои се однесуваат на системот за данокот на добивка.

***Среднорочни приоритети***

Во периодот од 2018-2019 година ќе продолжи процесот на усогласување на Законот за данокот на добивка со директивите на ЕУ. Предмет на хармонизација ќе бидат одредбите на директивите кои се однесуваат на: заедничкиот систем на оданочување во случај на спојување, поделба, трансфер на средства и размена на акции помеѓу компании од различни земји-членки (32009L0133-32013L0133), заедничкиот систем на оданочување во случај на матични компании и подружници во различни земји-членки (32011L0096) и заедничкиот систем на оданочување во случај на исплати на камати и авторски права помеѓу поврзани претпријатија од различни земји-членки (32003L0049).

### ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД

***Тековна состојба***

Законот за персоналниот данок на доход[75] го уредува начинот на оданочување на доходот на физичките лица остварен во текот на годината како збир од следите видови приходи: лични примања, приходи од самостојна дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од авторски права и права од индустриска сопственост, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и од други приходи.

На почетокот на 2016 година се донесоа измени и дополнувања на Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на РМ" бр. 23/16 од 10.02.2016 година) чија цел беше усогласување на законските одредби со новиот Закон за општата управна постапка.

***Краткорочни приоритети***

Во текот на 2017 година ќе продолжи континуираното проучување на директивите на ЕУ кои се однесуваат на системот на персоналниот данок на доход.

***Среднорочни приоритети***

Во периодот 2018-2019 година ќе продолжи процесот на усогласување на Законот за персоналниот данок на доход со директивите и препораките на ЕУ. Во законската регулатива ќе бидат вградени директивите и препораките од оваа област и тоа: директивата за заедничкиот систем на оданочување кој се применува на интеграции, поделби, делумни поделби,

---

[74] „Службен весник на Република Македонија" 112/2014...190/2016

[75] „Службен весник на Република Македонија" бр.бр.80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 160/07, 159/08, 20/09, 139/09, 171/10, 135/11, 166/12, 187/13, 13/14, 116/15, 129/15, 199/15 и 23/16 ).

префрлување на средства и размена на акции кои се однесуваат на компании на различни земји -членки (2009L0133-32013L0133), во делот кој се однесува на оданочувањето на акционерите односно кој го третира подрачјето на доходот на физичките лица, директивата (32003L0048) која се однесува на оданочувањето на доходот во форма на каматни исплати како и Препораката за оданочување на одделни ставки на доходот што го добиваат нерезиденти во друга земја-членка (94/79 ЕС) и Препораката за оданочување на мали и средни претпријатија, чии одредби се однесуваат на физичките лица - вршители на самостојна дејност кои се обврзници на персоналниот данок на доход (94/390 ЕС) .

## 3.16.3 АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ

### *Тековна состојба*

Хармонизацијата на законодавството по однос на заемната помош кај директното оданочување (31977L0799, изменета со директивата број 1070/ЕЕЦ од 06.12.1979), се применува преку Договорите за одбегнување на двојното оданочување склучени помеѓу Република Македонија и земјите-членки на ЕУ.

Република Македонија има склучено вкупно 47 Договори за одбегнување на двојното оданочување и тоа со следните земји: Австрија, Азербејџан, Албанија, Белгија, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Виетнам, Данска, Египет, Естонија, Индија, Иран, Ирска, Италија, Катар, Казахстан, Кина, Косово, Кувајт, Латвија, Литванија, Луксембург, Молдавија, Мароко, Норвешка, Обединето Кралство на Велика Британија и Република Ирска, Полска, Романија, Русија, Саудиска Арабија, Словачка, Словенија, СР Германија, СР Југославија, Турција, Тајван, Украина, Унгарија, Финска, Франција, Холандија, Хрватска, Република Чешка, Швајцарија, Шведска и Шпанија. До влегување во сила на договорот склучен помеѓу Р.Македонија и Белгија ќе се применува договорот склучен помеѓу СФРЈ и Белгија. Од вкупниот број на 47 договори, 24 се со земјите-членки на ЕУ.

Регулатива 32003R1798, како еден од најбитните документи од областа на размената на информации и заемна соработка на земјите-членки, директно ќе се применува од датумот на пристапување во ЕУ, со оглед на тоа што е правен пропис кој директно ја обврзува земјата-членка на примена на истата.

Договорите за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија кои Република Македонија ги има склучено со други земји вклучувајќи ги и земјите-членки на ЕУ, претставуваат правна рамка и основа за унапредување на економската соработка помеѓу државите-договорнички како во доменот на размената на стоки и услуги, така и во доменот на заедничките вложувања.

Како основа за водење на преговорите при склучувањето на овие договори се користи ОЕЦД моделот.

Размената на информации со земјите со кои е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување се врши врз основа на договорот.

Размената на информации со земји со кои не е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување се врши преку органот на државната управа надлежен за надворешни работи (Министерството за надворешни работи).

Како земја-кандидат за членство во ЕУ, земјата преку Управата за јавни приходи врши размена на информации со соодветните органи на државите договорнички, со што придонесува за развој на системот на заемна размена на информации согласно Регулатива 32003R1798.

### *Краткорочни приоритети*

Краткорочни приоритети се забрзување на процесот на потпишување/ратификација на Договорите за одбегнување на двојното оданочување со Израел, Обединети Арапски Емирати, Хонг Конг и Сингапур. Како приоритет, секако, останува склучувањето на Договори за одбегнување на двојното оданочување со останатите земји-членки на ЕУ и тоа со Португалија, Грција, Кипар и Малта.

Приоритети на Управата за јавни приходи на краток рок во однос на размената на податоци согласно член 26 од ОЕЦД моделот на даночна конвенција за данок на доход и данок на капитал се:

- Ажурирање и комплетирање на регистарот на овластени лица за размена на информации со овластените лица од сите земји со кои е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување и
- Воспоставување на непосреден контакт со овластени лица од други држави за размена на искуство во примена на договорите за одбегнување на двојно оданочување

### *Среднорочни приоритети*

Како приоритет на среден рок претставува продолжувањето на водење на преговори со цел склучување на Договори за одбегнување на двојното оданочување со земји-членки на ЕУ како и други воневропски држави.

Среднорочни приоритети на Управата за јавни приходи се воспоставување на електронска размена на податоци со земјите-членки на ЕУ и со други земји.

**Програми и проекти**

- Twinnig Light Project "Further harmonization of the tax legislation with EU acquis" (MK 12 IPA FI 01 16 R)

## 3.16.4 ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ И КОМПЈУТЕРИЗАЦИЈА

### *Тековна состојба*

Управата за јавни приходи (УЈП) е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Оперативно ја имплементира даночната политика, наплатува даноци и други јавни давачки, обезбедува помош на даночните обврзници да ги исполнат своите даночни обврски, го следи и анализира функционирањето на даночниот систем и дава препораки за негово подобрување, соработува со даночни администрации на други држави и обезбедува меѓународна правна помош за даночни прашања. Надлеженостите и општите даночни закони и процедури се дефинирани со Законот за Управата за јавни приходи и Законот за даночна постапка. УЈП, покрај основните одговорности да врши наплата на даноци, во претходните години и се доделени дополнителни задачи во опсег на дополнителни даночни и не-даночни одговорности.

УЈП има постојана координација со Министерството за финансии и други државни органи во однос на: планирање и промена на даночната политика, даночната регулатива и друга регулатива со цел подобрување на даночниот систем, ефикасност и ефективност во наплатата на даноци и социјални придонеси, радиодифузна такса и други јавни давачки, имплементација на меѓународните даночни договори, следење и анализа на имплементацијата на даночната регулатива, како и функционирање на даночниот систем.

Подготвена е Нацрт - Програма за модернизација на УЈП, која во наредниот период би делувала на промената на нејзината организациона структура, на начинот на нејзиното работење, односно до подигање на нејзините капацитети за поефикасно извршување на основните функции. Унапредувањето на ефикасноста на работните процеси и унапредувањето на квалитетот на услугите на даночната управа, ќе се остварува пред сè преку воспоставување на модерен систем за проценка и анализа на ризиците насочени кон обврзниците кои не се склони кон доброволна примена на даночните прописи, и ќе придонесе за функционално поврзување на овој систем со процесот на утврдување, контрола и наплата на јавните приходи кој исто така треба да биде редизајниран, преку воведување на нови методи на работа, подобрување на координацијата.

УЈП спроведува континуирана едукација на вработените во рамки на годишниот план за едукација на Даночната академија на УЈП во насока на стекнување на способности и вештини за ефикасно и ефективно управување со деловните процеси и одговорање на предизвиците кои ги носат промените. Исто така се организираат консултативни и едукативни сесии за даночните обврзници (целните групи, новите бизниси, фискална едукација на младите, стопанските комори и други релевантни претставници на засегнатите страни), како и обуки за одредени теми во организација на даночната академија на УЈП. Обуките може да се организираат од страна на УЈП или по барање на некои од заинтересираните страни.

Во однос на подигнувањето на нивото на навремено, доброволно пријавување и плаќање на јавните давачки и намалување на сивата економија, во текот на 2016 година се донесени следните планови за усогласеност:

- *План за усогласеност за организација на Супер купот во 2017 година,* во кој се идентификувани целните групи кои се засегнати од организацијата на Супер купот во 2017 година, а се окарактеризирани како високо и средно ризични. Временска рамка на имплементирање на планот е од јуни 2016 до август 2017 година. Планот има за цел да развие ефикасен и партнерски пристап меѓу институциите, државните органи и управите, за потребите на целните групи кои се засегнати од организацијата на Супер купот во 2017 година (хотели, барови, ресторани, кафани, хостели, такси компании и сл).
- *Годишен план за управување со усогласеност кај приходи од имот и имотни права за 2016 година.* Основна цел е подигнување на нивото на усогласеност во дејноста и се очекува намалување на сивата економија како резултат на поседување на навремени и целосни податоци, проширување на базата за оданочување, зголемување на свесноста и едуцираноста на даночните обврзници за даночната проблематика, оданочување во законските рамки, како и насочување на репресивните активности кон високо- ризичните даночни обврзници и намалување на јазот на неплатени даноци;
- *Годишен план за управување со усогласеноста кај вршителите на земјоделска дејност кои се оданочуваат според паушално утврдениот приход за 2016 година.* Со реализирање на процесот во 2016 година, заради располагањето со навремени и исцрпни податоци, се очекува да се намали сивата економија и да се прошири базата за оданочување, да се зголеми свесноста и едуцираноста на даночните обврзници за даночната проблематика, да се изврши оданочување во законските рамки, а репресивните активности да се насочат само кон затајувачите на даноци, да се намали јазот на неплатени даноци.

УЈП во 2016 година ја продолжи соработката со ММФ, преку реализирање на следните експертски мисии:

- ММФ техничка мисија за Зајакнување на административните капацитети на Даночниот инспекторат (февруари ноември)
- ММФ Техничка мисија за Подобрување на владеењето и управувањето со реформи во Управата за јавни приходи (март - април)

- ММФ техничка мисија за Дирекцијата за големите даночни обврзници (април ноември)
- ТАДАТ оценувачка мисија од тим на експерти од Меѓународниот монетарен фонд Направен е преглед на досегашниот развој и активно се преземаат чекори за зајакнување на капацитетите на УЈП со давање приоритети за реформирање на даночната управа. (Мај)
- ММФ технички мисии за Подготовка на програма за Модернизација на Управата за јавни приходи (јули, ноември, октомври)
- ММФ техничка мисија во насока воведување на Единица за управување со ризик. (октомври)

### *Краткорочни приоритети*

**Поедноставување на процедурите за известување и плаќање на Персонален данок на доход за физички лица -** Преку проектот "Поедноставување на процедурите за известување и плаќање на ПДД за физички лица" ќе се поедностави процедурата за известување и плаќање на ПДД на даночните обврзници – исплатувачи на приходи кои воедно се и обврзници за задржување и плаќање на даноците за даночни обврзници –физички лица преку поднесување на Годишни даночни извештаи (ПДД-ГИ) во кои се известува за износот на приходот на физичките лица од кој е задржан данокот, износот на одбитоците за кој се намалува основата за оданочување и износот на данокот кој се плаќа, и ќе се премине во електронско известување во кое ќе се добијат овие податоци во реално време (при исплатата) за секој исплатен приход на физичките лица за кој се спроведува задршка на данокот.

### *Среднорочни приоритети*

- **Дефинирање на деловните барања, ре-инженеринг на деловните процеси за новиот интегриран Даночен ИТ систем -** Со реализација на оваа мерка се очекува да бидат идентификувани, опишани, анализирани сите работни процеси, да се определат процесите кои се поддржани со ИТ и кои можат да бидат вклучени во новиот интегриран ИТ систем и процесите кои е потребно да бидат променети или изградени, и сите тие поддржани со новиот ИТ систем. Се очекува сите бизнис процеси да бидат мапирани со дијаграми за текот на активностите во согласност со ИСО стандардите и подготвена целосна техничка документација а вработените да бидат едуцирани за користење на новите алатки за моделирање и интегрирање на системите.
- Зајакнување на оперативните капацитети и деловните процеси за наплата на приходите (модернизирање на даночниот ИТ систем) /**Воспоставување на Центар за возобновување во случај на катастрофи за секторот - Управување со јавни финансии -** Во согласност со стандардите на ЕУ во областа на информатиката, а имајќи ја предвид важноста, значењето и чувствителноста на податоците со кои управуваат УЈП, Царинската управа, Државниот завод за статистика, Бирото за јавни набавки и Министерството за финансии и неопходноста од размена на овие податоци со други системи на ЕУ, потребно е да се обезбеди нивна заштита во случаи на кризи/катастрофи и обновување. Тоа се планира да се обезбеди преку формирање на заеднички Сигурносен центар на компјутерски податоци со далечинскиот управувач на друга локација кој ќе обезбедува и чува резервни копии на податоците и со што ќе го осигура континуитет во работењето на Управата за јавни приходи и другите институции. За воспоставување на овој центар потребно е предходно изготвување на проценка за потребните просторни, и технички услови за консолидација на ИКТ системите, техничка спецификација, а потоа набавка и инсталирање на опремата и системот, развој на процедури за работа, тестирање на функционирањето и соодветна обука на вработените.
- **Подобрување на услугите кон даночните обврзници -** Унапредување на услугите на даночните обврзници преку: 1) Подобрување на квалитетот на услугите и намалување на трошоците 2) Воведување на нови услуги во Контакт центарот и 3) Навремено информирање и едуцирање на даночните обврзници.

# 3.17 ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Земјата е **умерено подготвена** во областа на економската и монетарната политика. Постигнат е **одреден напредок** во однос на зголемување на капацитетот на институциите на земјата за подготовка и спроведување на економската политика. Во претстојната година, земјата особено треба:

- да постави среднорочна буџетска рамка и извештај за долгови за подобрување на фискалната дисциплина и транспарентност;
- да воведе фискални правила за подобрување на управувањето со јавните финансии.

***Резиме***

*Во 2017 година, Народната банка ќе продолжи да ги следи остварувањата на клучните макроекономски варијабли и движењата на финансиските пазари и доколку тие отстапуваат од очекуваните патеки соодветно ќе ги прилагодува монетарните операции и поставеноста на монетарната политика Согласно движењата на домашните финансиски пазари и макроекономските фундаменти, Народната банка и во следниот среднорочен период ќе реализира активности за прилагодување на монетарниот инструментариум со поставеноста и промените во регулативата во евро-зоната.*

*Фискалната политика, како и во изминатиот период и понатаму ќе биде насочена кон постигнување соодветен баланс помеѓу двете стратешки цели, кои се однесуваат на задржување на макроекономската стабилност и поттикнување на економската активност. Програмата на економски реформи за периодот 2017-2019 година  е доставена до ЕК во предвидениот рок до 31 јануари 2017 година. Во тек се активности за изготвување на Програма за реформи во управувањето со јавните финансии за наредниот среднорочен период до 2021 година.*

## 3.17.1 МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА

***Тековна состојба***

Во мај 2016 година, Народна банка на Република Македонија (НБРМ) ја зголеми каматната стапка на благајничките записи за 0,75 п.п., на 4%. Нестабилната политичка состојба и шпекулациите за девалвација на денарот резултираа со намалување на депозитната основа на банките и висока побарувачка за девизи од физичките лица. Во вакви услови НБРМ ја зголеми каматата, а превзеде и други дополнителни мерки за стабилизација на економијата. Ја зголеми стапката на задолжителна резерва за обврските на банките во домашна валута со девизна клаузула од 20% на 50%, со цел стимулирање на денаризацијата на пасивата на банките и повторно ги активираше аукциите на девизни депозити на банките со цел намалување на трошокот од пласирање на девизни средства на банките и креирање простор за поинтензивен раст на пасивните каматни стапки заради стабилизација на депозитната основа. Сетот на мерки од страна на НБРМ имаше позитивно влијание врз довербата на физичките лица во домашната валута и банкарскиот систем и побарувачката за девизи се намали.

Во септември 2016 година беа склучени трансакции со фјучерс договори во портфолиото на Народната банка во рамки на RAMP програмата, како значаен чекор за јакнење на институционалниот капацитет за управувањето со девизните резерви поврзан со воведување и примена на овој тип на деривативни трансакции.

Во областа на статистиката, НБРМ работеше на понатамошно усогласување со меѓународните и ЕУ стандардите - во рамки на *екстерните статистики*, преку воведување на нов извор на податоци за портфолио инвестиции на страната на средствата (за вложувањата на резидентите во хартии од вредност на странски финансиски пазари), како и преку изработка на сет на податоци за портфолио инвестициите за потребите на Координираниот прашалник за портфолио инвестиции (CPIS - Coordinated Portfolio Investment Survey) на ММФ; во рамки на *монетарната статистика* со почетните активности во рамки на долгорочниот проект за воспоставување на интегриран систем на известување за потребите на статистиката и супервизијата; и во рамки на *статистиката за финансиските сметки* преку активностите за унапредување на квалитетот на податоците и определување на најадекватните извори на податоци за финансиската сметка за извештајната 2013 година, како и преку примена на централизираната статистичка база на податоци за институционалните сектори на правните субјекти во сите извештаи од екстерните статистики во Народната банка[76]. Дополнително, формирана е Работна група за статистика на финансиски сметки, во координација на Народната банка и со учество на претставници од ДЗС и МФ[77].Во рамки на активностите за унапредување на комуникацијата со корисниците, Народната банка започна со редовно објавување на соопштенија за печат кои содржат кратка статистичка анализа на основните податоци кои се објавуваат. Воедно, започна и

[76]Донесени измени на неколку упатства за известување за екстерни статистики со кои се изврши усогласување со новата Национална класификација на институционалните сектори согласно европскиот стандард ЕСА 2010, објавени во Сл. весник на Р.М. бр. 200/16.

[77]По потпишувањето на Анекс 4 кон Меморандумот за разбирање и соработка во областа на макроекономските и финансиските статистики, во септември 2016 година, помеѓу НБРМ,ДЗС и МФ.

Проектот за изградба на алатка за интерни анализи на статистичките податоци и статистички интернет портал за надворешни корисници на податоци (проект во рамките на ИПА 2012).

### *Краткорочни приоритети*

**Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс**

Во 2017 година, НБРМ ќе продолжи да ги следи остварувањата на клучните макроекономски варијабли и движењата на финансиските пазари и доколку тие отстапуваат од очекуваните патеки соодветно ќе ги прилагодува монетарните операции и поставеноста на монетарната политика. При управувањето со девизните резерви, НБРМ и во 2017 година ќе ја прилагодува стратегиската и тактичката распределба на девизните резерви согласно движењата на меѓународните финансиски пазари, чијашто променливост се повеќе е под влијание на геополитичките случувања, економските индикатори на развиените економии и одлуките на водечките централни банки околу поставеноста на монетарната политика.

**Статистика**

На полето на статистиката до крајот на 2017 година ќе се реализираат следните активности:

- Понатамошно усогласување на екстерните статистики со новите меѓународни стандарди (ППБМИП6) и барања на ЕУ;
- Унапредување на процесот на редовна трансмисија на податоци за екстерните статистики до европските институции од страна на Народната банка. Изградба на единствен статистички склад на податоци;
- Понатамошно прилагодување на монетарната статистика и статистиката на каматни стапки кон барањата во регулативите на ЕУ од оваа област;
- Развој на статистика на финансиски сметки и статистика за хартии од вредност;
- Подобрување на комуникацијата на статистиката со корисниците и известувачите во Народната банка.

### *Среднорочни приоритети*

**Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс**

Согласно движењата на домашните финансиски пазари и макроекономските фундаменти, НБРМ и во следниот среднорочен период ќе реализира активности за прилагодување на монетарниот инструментариум со поставеноста и промените во регулативата во евро-зоната. Воедно, НБРМ на континуирана основа ќе превзема активности за унапредување на стручниот капацитет и инфраструктурата согласно најновите трендови. Во делот на управувањето со девизните резерви, со оглед на променливоста на меѓународните финансиски пазари, активностите ќе бидат фокусирани кон натамошна диверзификација на инструментите, примена на најдобрите практики и јакнење на капацитетот за управување со девизните резерви.

**Статистика**

Со цел понатамошно прилагодување на статистиката (дел во домен на НБРМ) кон барањата на ЕЦБ, во наредниот период НБРМ континуирано ќе врши унапредувања во следниве области:

- Воведување на нови и усовршување на постојните извори на податоци за екстерните и монетарната статистика со цел обезбедување на податоци со соодветна секторска и валутна дистрибуција, како и соодветна поделба по финансиски инструменти, рочност и сл;
- Унапредување на процесот на редовна трансмисија на податоци за екстерните статистики до европските институции. Изградба на единствен статистички склад на податоци;
- Развој на статистиката на финансиски сметки и статистика за хартии од вредност.

## 3.17.2 ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА

### *Тековна состојба*

Соработката во рамки на економската политика е насочена кон изработка и усвојување на Фискална стратегија и Програма на економски реформи, како главни стратешки документи. Во однос на усогласување на економската и фискалната политика, Македонија учествува во претпристапното усогласување на економските политики преку доставување на годишни програми на економски реформи кои содржат макроекономски и фискални политики и индикатори и структурни реформи и мерки за подобрување на конкурентноста на земјата и намалување на невработеноста.

Македонија како земја кандидат има подготвено досега вкупно 10 програми, односно 7 Претпристапни економски програми и 3 Програми на економски реформи. Последната Програма на економски реформи 2017-2018 беше доставена до Европска Комисија согласно предвидениот рок до 31 јануари 2017 година. Согласно оценката на ЕК, макроекономските проекции се пореални споредено со претходните години, но фискалните таргети се оптимистички. Приоритетните трошоци опфатени во фискалната рамка се совпаѓаат со структурните реформски мерки наведени во Програмата. Структурните пречки за поголема

конкурентност и предложените мерки за нивно надминување во голема мера се во согласност со препораките на ЕК, но имплементацијата на мерките е ограничена.
Во јуни 2017 година започна процесот на подготовка на Програмата на економски реформи (ПЕР) за периодот 2018-2020 година, со организирање јавен настан со присуство на претставници од вклучените институции, академската заедница, невладиниот сектор, дипломатските претставништва и стопанските комори, каде воведно обраќање имаа Министерот за финансии и претставници на Европската комисија и ОЕЦД.
Согласно Фискалната стратегија 2017-2019 главен приоритет во среднорочниот период останува фискалната консолидација. Во периодот 2017-2019 година предвидено е етапно намалување на буџетскиот дефицит и тоа: 2017 година - 3% од БДП; 2018 година - 2,6% од БДП и 2019 година - 2,2% од БДП. Проекцијата за растот на економската активност на Македонија во 2017 година изнесува 3%.
Во текот на 2016 година, Република Македонија успешно ги обезбеди проектираните средства за финансирање на буџетски дефицит и финансирање на тековните проекти од надворешни и од домашни извори со цел да се постигне оптимална комбинација од аспект на трошоците за финансирање. Земјата се вбројува меѓу земјите со умерено ниво на државен долг споредено со земјите - членки на ЕУ, кој на крајот од 2016 година изнесува 39,1% од БДП.
Агенцијата за кредитен рејтинг Fitch Ratings во август 2016 година, објави дека ја намалува доделената оценка за кредитниот рејтинг на земјата за странска и домашна валута од BB+ на BB, со негативен изглед, поради политичката криза, зголемената економска неизвесност и негативниот притисок врз јавните финансии. Во својот извештај Fitch Ratings наведе дека земјата има умерено ниво на јавен долг, иако во иднина се очекува зголемување на потенцијалните обврски.
Агенцијата за кредитен рејтинг Standard & Poor's во октомври 2016 ја потврди претходно доделената оценка за кредитниот рејтинг на земјата за странска и домашна валута BB-, истовремено потврдувајќи го стабилниот изглед на земјата. Во однос на државниот долг, агенцијата вели дека иако долгот е поголем во однос на 2009 година, истиот е се уште релативно низок.
Во тек се активности за изготвување на Програмата за реформи во управувањето со јавните финансии за наредниот среднорочен период до 2021 година, во соработка со Делегацијата на ЕУ. Програмата се изработува имајќи ги предвид препораките од Извештајот на СИГМА врз основа на мониторинг на имплементација на принципите на јавната администрација вклучително и јавните финансии, Извештајот за проценка на јавните расходи и финансиската отчетност согласно ПЕФА методологијата (Public Expenditure Financial Accountability), Извештај на СБ за јавните трошоци и Извештај на Мисијата по член 4 на ММФ. Имено со програмата би се подобриле повеќе сегменти во областа на јавните финансии и тоа: администрирањето и наплатата на приходите, планирањето и извршувањето на буџетот, унапредување на буџетската транспарентност, јавните набавки, јавната внатрешна финансиска контрола и надворешната ревизија.
Со цел понатамошно усогласување со барањата на ЕУ во врска со буџетската рамка, Владата достави до Собранието уставни измени за ограничување на дефицитот на Буџетот на Република Македонија (на ниво не повисоко од 3% од БДП) и на јавниот долг (на ниво не повисоко од 60% од БДП), што е во согласност со Мастришките критериуми.
МФ, како националниот координатор за подготовка на Програмата на економски реформи (ПЕР), го координира целокупниот процес на подготовка. Исто така и секоја вклучена институција има номинирано свој координатор за програмата. Секторот за макроекономска политика директно соработува со институциите при подготовка на Програмата преку давање насоки, консултации во однос на подобрување на квалитетот на документот, негова конзистентност со секторските стратешки документи, како и негово навремено доставување до ЕК.
Во рамки на МФ, Секторот за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг е надлежен за координација на спроведување на политиките за управување со јавен долг, додека Секторот Буџет и фондови ги координира активностите поврзани со фискалната стратегија и буџетот на државата.
Во однос на јакнење на капацитетите на институциите вклучени во изработка на ПЕР 2017-2019, првата работилница со ОЕЦД во однос на претставување на концептот на алатката за дијагноза и приоритизација на мерките се одржа во јули минатата година со координативниот тим од МФ, додека втората, исто со ОЕЦД во октомври за први забелешки на предложените мерки и со учество на сите вклучени институции.
Дополнително се оддржаа и три ТАИЕКС работилници, од кои две во Брисел (август-септември, 2016 година) со цел размена на искуства со земји членки во однос на начинот на известување во врска со заклучоците од министерскиот дијалог. Третата работилница се одржа во Скопје (ноември, 2016 година) каде се дискутираше и директно се пополнуваа табелите од ПЕР со буџетски импликации од предложените мерки и нивно влијание врз конкурентноста и намалување на невработеноста. На оваа работилница, освен секторите директно вклучени во креирање и следење на политиките, активно учество земаа и претставници на буџетските сектори/одделенија од вклучените институции.
Од декември 2015 година преку ИПА 2011 започна имплементацијата на твининг проектот за Зајакнување на среднорочното буџетско планирање за ефикасно управување со јавните финансии, чии главни активности ќе бидат насочени кон утврдување програмска класификација на расходите, зајакнување на капацитетите за среднорочно планирање и известување согласно ЕСА методологијата. Во изминатиот период беа спроведени серија мисии од експерти за следниве активности:предуслови и елементи за ефективна среднорочна буџетска рамка, фискални ризици: како треба да се дискутираат фискалните ризици и

истите да бидат презентирани на пример, во Фискалната стратегија, содржината на Фискалната стратегија и среднорочната буџетска рамка: што треба да содржи Фискалната стратегија за најдобро да ја поддржи среднорочната буџетска рамка и какви промени би требало да се направат во буџетскиот календар.

### *Краткорочни приоритети*

Четвртата Програма на економски реформи за периодот 2018-2020 година ќе биде доставена до Комисијата во предвидениот рок до 31 јануари 2018 година. Согласно добиените препораки во рамки на министерскиот дијалог за оценка на ПЕР 2018-2020, земјата ќе продолжи да го подобрува процесот на економско управување.

Во 2017 година се очекува усвојување на среднорочната Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2018-2021 година.

Зголемување на фискалната транспарентност во управувањето со јавните финансии.

Со поддршка од ЕК, ќе продолжи соработката со ОЕЦД во насока на јакнење на капацитетите на институциите за подобрување на квалитетот на ПЕР согласно насоките од ЕК.

Ќе продолжи со имплементацијата твининг Проектот за зајакнување на среднорочното буџетско планирање за ефикасно управување со јавните финансии.

### *Среднорочни приоритети*

Македонија ќе продолжи да учествува во претпристапното усогласување на економските политики преку доставување на годишни програми на економски реформи кои содржат макроекономски и фискални политики и индикатори и структурни реформи и мерки за подобрување на конкурентноста на земјата и постигнување функционална пазарна економија.

Имплементацијата на среднорочната Програма за реформи во управувањето со јавните финансии 2018-2021 година се планира да започне во 2018 година.

Врз основа на определбите за финансирање на потребите на државата со најнизок можен трошок на среден и долг рок, одржливо ниво на ризик и ниско ниво на државен долг, како и реализацијата на планираните инфраструктурни инвестиции, движењето на државниот долг е планирано да се задржи во проектираните рамки, односно да има умерен раст кој нема да ја загрози оддржливоста на јавните финансии, па оттука се очекува јавниот долг да не надмине ниво од 60% од БДП на долг рок. Согласно среднорочната фискална стратегија, Министерството за финансии и во наредниот период ќе продолжи со континуирано издавање на државните хартии од вредност (ДХВ) на домашниот пазар. Целта е со редовна застапеност на државните хартии од вредност да се овозможи поефикасно финансирање на буџетските потреби на краток и на долг рок, намалување на трошоците за финансирање, како и поттикнување на натамошниот развој на финансиските пазари во земјата. Во периодот кој претстои, интенцијата на Министерството за финансии ќе биде одржување на редовна застапеност на државните записи, како и фокусирање на проширувањето на рочната структура на портфолиото на државните хартии од вредност со подолги рочности. Исто така, со цел подобрување на ликвидноста на домашниот пазар на ДХВ, во следниот среднорочен период се планира преземање на низа мерки и активности кои ќе се однесуваат на постепеното намалување на учеството на ДХВ со девизна клаузула во вкупно издадените државни хартии од вредност, таргетирање на позитивно годишно нето задолжување и повторно отворање на веќе одржаните аукции на ДХВ (re-opening).

Секторот за меѓународни финансиски односи и управување со јавен долг заклучно со октомври 2016 година брои 22 вработени лица. Согласно потребата од проширување на активностите во следните години, потребни се административни зајакнувања од вкупно 9 извршители во периодот од 2017-2019 година. По зајакнувањето на административниот капацитет на одделенијата, Секторот ќе биде целосно кадровски екипиран.

### *Програми и проекти*

Реализирање на твининг Проектот за зајакнување на среднорочното буџетско планирање за ефикасно управување со јавните финансии. Очекувани резултати од проектот се подготовка на програмската класификација, среднорочна буџетска рамка на расходи, при што концептот за имплементација на среднорочна буџетска рамка (MTBF) и среднорочна рамка на расходи (MTEF) ќе биде соодветно дефиниран, а согласно со тоа ќе бидат подготвени и соодветни законски измени, упатства и подзаконски акти.

Техничка помош од ММФ – регионален проект за имплементирање на Government Finance Statistics-GFS / European System of Accounts-ESA методологија (во траење од 18 месеци почнувајќи од 2014 година и продолжен за дополнителни 3 години). Во проектот се вклучени МФ, ДЗС и НБРМ. Главна цел е продуцирање статистики согласно методологијата на ММФ за владини финансиски статистики GFS 2001/2014 и Европскиот систем на сметки ESA 2010. Како резултат од проектот ќе се известува целосно во рамки на: Годишникот за владини финансиски сметки (GFS Yearbook), Базата на податоци на ММФ и СБ за статистики на јавен долг, Програмата за трансмисија на податоци согласно ESA 2010, како и да се исполнат барањата за

известување согласно Процедурата за прекумерен дефицит – EDP (Excessive Deficit Procedure). Бидејќи се работи за усогласување со европскиот систем на сметки, техничката помош се рефлектира и во Поглавје 3.18 Статистика.
Во насока на поквалитетно управување со јавниот долг, Министерството за финансии иницираше зајакнување на своите капацитети во овој дел и побара техничка помош од ММФ и Светска банка.
На 1-ви декември 2016 година Светска банка објави дека Република Македонија се приклучува на Програмата за управување со јавен долг и ризици (GDRM-Government Debt and Risk Management Program) во која претходно беа вклучени 10 земји, а донаторот на програмата ќе биде швајцарскиот државен секретаријат за економски работи (SECO - State Secretariat for Economic Affairs). Од програмата се очекува реализирање на следниве цели:

- подобрување на стратегијата за управување со јавен долг и нејзино поврзување со одржливоста на јавниот долг;
- подобрување на домашниот пазар на хартии од вредност; и
- унапредување на информатичкиот систем за јавен долг.

# 3.18 СТАТИСТИКА

## ***Наоди и приоритети во Извештајот на ЕК 2016***

Во областа на статистиката, земјата е **умерено подготвена**. Постигнат е **одреден напредок** во изминатата година, особено во поглед на прибирањето податоци и усогласувањето на секторските статистики со стандардите на ЕУ. Потребни се континуирани напори за да се подобри квалитетот на податоците во областа на макроекономските и социјалните статистики, како и за целосно усогласување со законодавството на ЕУ (Acquis). Во решавањето на недостатоците наведени подолу, во наредната година, земјата особено треба:

- дополнително да ги зајакне човечките и финансиските ресурси на Државниот завод за статистика;
- дополнително да ги усогласи статистиките со Европскиот систем на сметки 2010;
- да испраќа целосен сет на табели за Процедурата за прекумерен дефицит (ЕДП) до Евростат.

## ***Резиме***

*Државниот завод за статистика е посветен на обезбедувањето висококвалитетни статистички податоци во согласност со регулативите на ЕУ и со меѓународните препораки. Прв приоритет во остварувањето на оваа цел е постојаното работење на усогласување на националната правна рамка за статистиката со законодавството на ЕУ, со што директно се поддржува политиката на Владата за европска интеграција на државата. Со цел зголемување на квалитетот на податоците, посебно внимание се посветува на развојот на метаинформацискиот систем, заштитата на податоците од разоткривање, техничката поддршка за ефикасни процеси на статистичка продукција, олеснување на прибирањето податоци и подобрувањето на квалитетот на комуникацијата со давателите на податоци и корисниците.*

*Државниот завод за статистика, како надлежна институција за донесување на меѓународни стандарди за статистичко следење на масовните појави во општествениот и економскиот живот во земјата, е одговорен за нивно континуирано хармонизирање и прилагодување кон националните услови.*

*Статистиката по сектори ги опфаќа статистичките истражувања што се спроведуваат во согласност со Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година, притоа имајќи ги предвид Статистичкиот компендиум како релевантен документ за сите производители на официјална статистика во рамките на Европскиот статистички систем, како и Кодексот за работа на европската статистика во кој се утврдени принципите за квалитет на европската статистика. Во план е подготовка на повеќегодишна Програма за статистички истражувања .*

*Во делот на секторските статистики се опишува степенот на хармонизација на истражувањата според стандардите на европската статистика.*

*Стратешка определба на Народната банка во областа на статистиката е обезбедување на квалитетни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди, водејќи сметка за известувачкиот товар и нивната ефикасна, навремена и едноставна дисеминација до корисниците.*

*Во следниот период Државниот завод за статистика особено ќе се посвети на следните приоритети-*

- *Дополнително зајакнаување на човечките и финансиските ресурси на Државниот завод за статистика, преку планирани нови вработувања*
- *Дополнително усогласување на статистиките со Европскиот систем на сметки 2010, преку имплементирање на ЕСА 2010 согласно динамиката предвидена во Акциониот план усогласен со Евростат како и континуирано работење на подобрување на пресметките за БДП на годишно и тримесечно ниво во согласност со усвоениот Акционен план.*
- *Доставување табели за Процедурата за прекумерен дефицит (ЕДП) до Евростат, преку активно работење на работната група за подготвување на податоци за табели за процедура за прекумерен дефицит со претставници од Државниот завод за статистика, Министерство за финансии и Народна банка, која ќе продолжи со активностите за*

- *Подготовка на серија за податоци за ЕДП за подолг временски период и*
- *Пополнување на табелите од прашалникот за ЕДП.*

*Исто така приоритет на Комисијата за подготовка на секторизација на деловните субјекти по институционални сектори е определување на секторот на институционалните единици кои се јавуваат како гранични случаи што ќе придонесе за поквалитетни податоци за ЕДП табелите.*

## 3.18.1 СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

### *Тековна состојба*

Во функција на усогласување на Законот за државната статистика со насоките за допрецизирање на потребните услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите за раководни функции во државните органи, меѓу кои и Државниот завод за статистика, беше извршена измена на член 9 од Законот за државната статистика („Службен весник на РМ“ бр.27/16). Во согласност со донесените акти за систематизација и за систематизација на работните места во ДЗС (донесени во декември 2015), од февруари 2016 година започна имплементацијата на новата организациска структура на ДЗС, а воедно беше извршено и распоредување на вработените.

Во текот на 2016 година продолжи зајакнувањето на административните капацитети на ДЗС преку ангажирање на потребниот работен потенцијал за поддршка на ДЗС во имплементацијата на европското законодавство. Во текот на 2016 година во ДЗС се вработени 3 лица. Вкупниот број на вработени во ДЗС, до 30 ноември 2016, изнесува 295 лица.

Својата работа Државниот завод ја унапредува и со процес на интерни обуки (во периодот 1 јануари – 30 ноември 2016 година се одржани 12 генерички обуки, со просек по 23 вработени по обука).

Во насока на користење на поголем фонд на податоци од административни извори за статистички цели, потпишан е меморандум за соработка со Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).

Во јули 2016 година е потпишан Анекс кон Меморандумот за разбирање и соработка во областа на макроекономските статистики со НБРМ и Министерството за финансии.

Во рамките на претходно започнатиот процес на потпишување на меморандуми со образовните институции во земјата, во октомври 2016 година е потпишан Меморандум за соработка со Универзитетот за информатички науки и технологии од Охрид.

Во текот на 2016 година, административниот капацитет на вработените во Дирекцијата за статистика при Народната банка беше унапреден како преку редовни обуки за вештини наменети за личен и професионален развој на вработените, така и преку специјализирани обуки од разни статистички области во организација на меѓународни статистички институции и централни банки. Воедно, извршено е кадровско доекипирање со неколку нови вработувања, со што бројот на вработени во Дирекцијата за статистика изнесува 40 лица.

### *Краткорочни приоритети*

*Зајакнување на административните капацитети на ДЗС преку:*

- Ангажирање на потребните човечки ресурси за поддршка на ДЗС во имплементацијата на европското законодавство (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Дефинирање на индикатори за следење на ефикасноста на користењето на ресурсите (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Самооценување (Партнерско оценување на националниот статистички систем);
- Примена на Политиката за ревизија на статистичките податоци (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Подготовка на Програмата за статистички истражувања за периодот 2018-2022.

**ПОДДРШКА НА СТАТИСТИЧКИТЕ ИЗЛЕЗИ, ТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА, ИТ НОРМАЛИЗАЦИЈА И КОЛАБОРАТИВНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЕВРОПСКИОТ СТАТИСТИЧКИ СИСТЕМ (ЕСС)**

Во текот на 2016 година продолжува зголемениот обем на трансмисија на статистичките податоци до Евростат преку користење на системот eDamis. Подготвен е ТоР за редизајн на постоечкото складиште за национални сметки заради негово проширување со податоци и зголемени можности за анализа и дисеминација, како и негово усогласување со стандардите на Евростат.

### *Краткорочни приоритети*

Користењето на единствена влезна точка за редовно доставување на податоци и метаподатоци до Евростат ќе се зајакне преку:

- Зголемување на сетовите на податоци доставени до Евростат (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Доставување на податоци до Евростат во согласност со барањата на Vademecum 2016 (продолжува и во среднорочните приоритети).

Воспоставувањето на складишта на податоци ќе се зајакне преку:

- Редизајн на постоечкото складиште на податоци за национални сметки заради негово проширување со податоци и зголемени можности за анализа и дисеминација, како и негово усогласување со стандардите на Евростат за трансмисија на податоци (продолжува и во среднорочните приоритети);

- Изградба на единствено статистичко складиште на податоци како предуслов за целосно усогласување со ЕУ барањата од аспект на можностите за дезагрегација по земји, дејности, сектори, инструменти: пренос на постоечките расположливи податоци во податочно складиште; генерирање на извештаи преку податочното складиште; чување на податоците во податочното складиште; креирање на кориснички алатки. Доставување на податоци за екстерните статистики до Евростат во согласност со барањата на Vademecum;
- Изградба на алатка за интерни анализи на статистичките податоци и статистички интернет-портал за надворешните корисници на податоци (продолжува во среднорочните приоритети).

**ИТ ИНФРАСТРУКТУРА И УСЛУГИ**

Во текот на 2016 година континуирано се одвиваа активности за вклучување на сè поголем број прибирања на податоци со деталниот метаподаточно управуван систем за онлајн-прибирање на податоци врз основа на веб-форми (еСтат) во ДЗС. Во овој период вклучени се нови 17 истражувања во системот за електронско прибирање на податоци со што вкупниот број на истражувања опфатени со системот е 28. Истовремено се подготвени метаподатоците релевантни за овие истражувања.

### *Краткорочни приоритети*

- Одржување континуитет во осовременувањето на ИТ опкружувањето во ДЗС, во функција на ефикасна поддршка на процесот на статистичка продукција и интерна и екстерна комуникација.
- Зголемување на бројот на истражувања за кои податоците ќе се прибираат преку е-образец (продолжува и во среднорочните приоритети).

### *Среднорочни приоритети*

- Осовременувањето на ИТ опкружувањето во ДЗС.
- Засилување на ИТ капацитетите за производство и дисеминација на ЕУ усогласени статистики преку редизајнирана информациска инфраструктура

**ДИСЕМИНАЦИЈА**

### *Тековна состојба*

**Државен завод за статистика**

- Воведена е нова верзија на алатката PX Web за прикажување на податоците во МакСтат базата на податоци со што е овозможена подобра навигација за корисниците, полесно пребарување, ракување и зачувување на избраните содржини на табелите во соодветен формат за корисниците. Исто така, овозможен е и автоматски пристап до податоците преку API. Подобрен е процесот на управување со МакСтат базата;
- Продолжено е со праксата на изработка на инфографици;
- Во насока на подобрување на публикационите продукти, подготвени се неколку нови публикации и брошури: МакСтат избор, 25 години независна Македонија, Статистички албум на Република Македонија;
- Неколку публикации од едицијата „Статистички прегледи“ се укинаа за што корисниците се информирани преку веб-страницата. Табелите од соодветните статистички истражувања од укинатите публикации се достапни во МакСтат базата на податоци;
- Заради приближување на процесот на ревидирање на податоците до корисниците, на веб -страницата се достапни информации за ревизијата на податоци;
- Редовно се одржуваат обуки за креирање на табели во МакСтат базата на податоци, а за младите нововработени лица се организирани обуки за подготвување на соопштенија.

**Народна банка**

Народната банка, во делот на комуникацијата со давателите на податоци, работеше на јакнење на поддршката преку организирање на обуки, збогатување на интернет-страницата со детални упатства и информации за статистичките податоци во надлежност на Народната банка. Паралелно со ова, во делот на комуникацијата со корисниците, Народната банка оствaруваше непосреден контакт со корисниците и навремено и сеопфатно ги информираше корисниците за новите сетови на податоци и методолошките промени во статистичките истражувања. Во рамките на финансиската едукација, организирани се обуки за новинари, а во соработка со ДЗС и стопанските комори, спроведени се обуки за трговските друштва, нивните членки. Народната банка, од август 2016 година започна со редовно објавување на соопштенија за печат за примарните статистички податоци во нејзина надлежност. Соопштенијата содржат кратка статистичка анализа на податоците и се објавуваат истовремено со објавувањето на соодветниот сет на статистички податоци, а во согласност со Календарот за објавување на статистички податоци.

Во Народната банка во тек е проектот за изградба на единствено статистичко складиште на податоци кое треба да овозможи оптимално управување со статистичките бази на податоци во Народната банка, како и испраќање на подетални податоци до Евростат, како финална цел. За реализација на оваа активност е ангажиран надворешен добавувач кој во октомври 2016 година достави Функционална спецификација на моделот на статистичкото складиште на податоци.
Исто така, во насока на овозможување на поефикасен и полесен пристап до расположливите податоци за интерните и надворешните корисници, во ноември 2016 година започна Проектот за изградба на алатка за интерни анализи на статистичките податоци и статистички интернет-портал за надворешни корисници на податоци.
Во рамките на активностите за Партнерско оценување на националниот статистички систем, Народната банка ги подготви и ги достави до ДЗС сите материјали и документи потребни за успешна реализација на овој проект.

***Краткорочни приоритети***

**Државен завод за статистика**

- Осовременување на начинот на дисеминирање на статистичките податоци:
- Зголемена присутност на статистичките податоци во социјалните медиуми (продолжува во среднорочните приоритети);
- Понатамошно развивање на кориснички ориентираните алатки на веб-страницата на ДЗС (продолжува во среднорочните приоритети);
- Одржување на редовна комуникација со корисниците преку спроведување на Анкета за мерење на задоволството на корисниците (продолжува во среднорочните приоритети);
- Континуирано објавување на инфографици и други продукти за визуелизација на статистичките податоци (продолжува во среднорочните приоритети);
- Редизајн и унапредување на веб-страницата на ДЗС.

**Народна банка**

- Подобрување на дисеминацијата на статистиката во Народната банка:
- Активности за подобрување на комуникацијата со корисниците;
- Активности за јакнење на поддршката кон известувачите и олеснување на известувањето.

***Среднорочни приоритети***

**Државен завод за статистика**

- Зголемување на статистичката писменост;
- Зајакнување на капацитетите за продуцирање на електронски публикации;
- Подготвување на апликации за мобилни уреди;
- Зајакнување на капацитетите за продуцирање на анимации, видеа и други продукти.

## 3.18.2 КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ

**КЛАСИФИКАЦИИ**

***Тековна состојба***

Државниот завод за статистика, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, продолжи со активностите на работните групи за унапредување на статистиката на овоштарство, лозарство и органско производство. Соработката продолжува и на полето на изработка на Селекционен план за потребите на FADN (FARM ACCOUNTING DATA NETWORK).
Во текот на 2016 година подготвени се следните усогласени класификации :

- Номенклатура на градежни објекти и градежни работи, 2015
- Транспортна класификација на стоки, 2015
- Национална номенклатура на индустриски производи, 2015
- Класификација на институционалните сектори според ЕСС 2010
- Класификација на активности и трошоци за заштита на животната средина, 2010

***Краткорочни приоритети***

- Усогласување на системот на националните стандарди со европскиот систем на статистички стандарди:

- Следење на промените во економските класификации (Национална класификација на дејностите, Класификација на производи по дејности, Национална номенклатура на индустриски производи,) (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Усогласување на системот на националните стандарди со европскиот систем на статистички стандарди (Номенклатура на земјоделски производи, производи во шумарството, ловот и риболовот и услуги поврзани со нив, 2015; Класификација на личната потрошувачка според намената, 2010; Европска статистичка класификација на отпад, Вер.4, 2010).

***Среднорочни приоритети***

Усогласување на системот на националните стандарди со европскиот систем на статистички стандарди:

- Развој на систем за интеграција на статистичките и административните податоци за деловните и социјалните статистики

**РЕГИСТРИ**

***Тековна состојба***

**Статистички деловен регистар (СДР)** - Континуирано се работи на развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди и препораки (подобрување на квалитетот и опфатот на групите на претпријатија). Покрај редовното ажурирање на СДР се врши и тековна контрола на точноста и квалитетот на податоците во СДР, особено податоците за дејноста, големината, адресниот податок итн. Подготвена е базата на групите на претпријатија со состојба 31.12.2014. Во тек е подготовката на базата на групи на претпријатија за 2015 година.
Интензивно се работи на пилот-проектот за профилирање на претпријатијата. Направено е т.н. деск-профилирање на две групи на претпријатија и во тек е интензивно профилирање на една група на претпријатија.

**Статистички регистар на земјоделски стопанства** – Континуирано се работи на развивање на методолошките основи и процедурите за ажурирање од административни извори на податоци и статистички истражувања.

**Статистички територијален регистар (СРПЕ) -** За потребите на спроведувањето на Пописот на капацитетите во трговијата се користени податоци од Агенцијата за катастар на недвижности. Исто така се користат и податоците од АКН и за планирање на евидентирањето на единиците за Анкетата за работната сила.

***Краткорочни приоритети***

**Развивање на Статистичкиот деловен регистар*:*** Понатамошно развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди и препораки (продолжува и во среднорочните приоритети).
**Развој на Регистарот на земјоделски стопанства:** Имплементација и воведување на нови извори за ажурирање на Статистичкиот регистар на земјоделски стопанства (продолжува и во среднорочните приоритети).
**Воспоставување на регистар на вработени лица:** Активности за воспоставување на регистар за вработени лица. Анализа на базите на податоци добиени од различни административни извори и утврдување на дефинициите (продолжува и во среднорочните приоритети).
**Понатамошно развивање на Статистичкиот територијален регистар:** Користење на просторни податоци потребни за спроведување на анкети (продолжува во среднорочни приоритети).

## 3.18.3 СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ

Статистиката по сектори ги опфаќа статистичките истражувања што се спроведуваат во согласност со Програмата за статистички истражувања за периодот 2013-2017 година, притоа имајќи ги предвид Статистичкиот компендиум како релевантен документ за сите производители на официјална статистика во рамките на Европскиот статистички систем, како и Кодексот за работа на европската статистика во кој се утврдени принципите за квалитет на европската статистика.
Во делот на секторските статистики се опишува степенот на хармонизација на истражувањата според стандардите на европската статистика.
Стратешка определба на Народната банка во областа на статистиката е обезбедување на квалитетни статистички податоци, целосно усогласени со меѓународните и европските статистички стандарди, во областа на екстерните статистики, монетарната статистика, статистиката на финансиски сметки и статистиката на хартии од вредност.

**ДЕМОГРАФСКА, СОЦИЈАЛНА СТАТИСТИКА**

***Тековна состојба***

Врз основа на  направените измени и дополнувања, а  во согласност со ЕУ Регулативата 1260/2013, од 2017 г., податокот за земјата на раѓање од виталните статистики  ќе може редовно  да се доставува до Евростат.
Преведени се Меѓународните препораки на ОН/Евростат за пописите на населението и домувањето, околу  2020/2021г.
Во областа на пазарот на трудот, почнувајќи од 1.1.2016 г.,  од страна на Управата за јавни приходи (УЈП) се доставуваат податоци на дневна основа според вработени и деловни субјекти за потребите на истражувањето за просечна бруто и нето-плата. По направените анализи,  за првпат се направени прелиминарни  пресметки на бруто и нето-плата по вработен и по работник-час користејќи административен извор од УЈП.
Континуирано, на тримесечно ниво, продолжи да се спроведува активноста за евиденција на примарните и на секундарните примерочни единици во избрани пописни кругови во истражувањата од областа на социјалните статистики. Добиените податоци се вклучуваат при изборот на примерокот во анкетните истражувања.
Во рамките на образованието за доживотно учење, во 2016 за првпат се спроведени две анкетни истражувања: Анкета за образование на возрасни и Анкета за професионална и континуирана обука.
За првпат по електронски пат  е спроведен  Пописот на основни и средни училишта и училишен простор.
Имплементирана е Регулативата на ЕК бр. 119/2013 за воспоставување на Хармонизиран индекс на трошоците на живот по постојани даноци. ДЗС за првпат изготви опис на Хармонизираниот индекс на трошоците на животот (HICP). Експерименталните пресметки за HICP-CT, експерименталните листи на административни цени и  описот за истражувањето HICP беа доставени до Евростат.

***Краткорочни приоритети***

**Унапредување на статистиките за пазарот на трудот и животниот стандард**:

- Користење на административни податоци во областа на пазарот на трудот преку обезбедување на податоци од административни извори и нивно поврзување со податоците од статистичките истражувања од областа на пазарот на трудот (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Пресметување на просечна бруто и нето-плата  со користење на податоци од административни извори  и објавување на податоците во јавноста (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Спроведување на истражувањето за цената на трудот и пресметка на индексот на цената на трудот  (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Целосно ажурирање на рамката која се користи за избор на примерок за статистичките истражувања во кои како известувачки единици се вклучени домаќинствата (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Унапредување на хармонизираниот индекс на трошоците на животот и воспоставување на експериментални пресметки на индексот на цената за домување (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Имплементирање на CAPI методот за прибирање на податоци во анкетните истражувања во доменот на социјалните статистики (продолжува во среднорочните приоритети).
- Спроведување на анкета за лица на возраст 29-65 години  кои посетуваат формално или неформално образование.
- Обезбедување на индикатори за лица на возраст 29-65 години  кои посетуваат формално или неформално образование.
- Трансмисија на податоците и подготовка на извештај за квалитет за истражувањето за образование на  возрасни лица (29 до 65 години) и доставување до ЕВРОСТАТ.

**Унапредување на статистиките во областа на демографијата:**

- Спроведување на пилот-попис на населението, домаќинствата и становите (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Дефинирање на методот за попис на населението, домаќинствата и становите (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Доставување на податоците за виталните статистики до Евростат во согласност со ЕУ Регулативата 1260/2013 (продолжува и во среднорочните приоритети).

**Унапредување на статистиките за образование, социјална заштита и судски статистики**

- Спроведување на Анкетата за континуирана професионална обука (АПКО).
- Обезбедување на индикатори за бројот и типот на обуки кои ги добиваат вработените.
- Трансмисија на податоците и подготовка на извештај за квалитет за истражувањето за континуирана и професионална обука  и доставување до Евростат.
- Обезбедување на индикатори за  пописот на основните и средните училишта.
- Спроведување на попис на високообразовни институции (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Обезбедување на индикатори за високообразовните установи (продолжува и во среднорочните приоритети).

- Обезбедување на квалитативни и квантитативни податоци за ЕССПРОС (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Подготовка на извештај за квалитет за корисници на пензии и извештај за квалитет за Core System и доставување до Евростат (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Унапредување на судските статистики (продолжува и во среднорочните приоритети).

## ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТАТИСТИКИ И СТАТИСТИКИ ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ

#### *Тековна состојба*

Континуирано се врши усогласување на статистиките од областа на енергијата, туризмот и угостителството, транспортот и трговијата со регулативите на ЕУ. Во процесот на прибирање на податоците од областа на енергијата се вклучуваат сите нови енергетски капацитети. За краткорочните статистики редовно се доставуваат податоци придружени со метаподатоци до Евростат преку Националниот метадата едитор. Во областа на енергетските статистики, во текот на 2016 година се изврши ревизија на Енергетскиот биланс од 2005 до 2014 година користејќи ги статистички податоци обезбедени со Анкетното истражување за потрошувачката на енергенти во домаќинствата, 2014. Ревидираните енергетски биланси во природна единица и енергетска вредност се достапни во МакСтат базата. Преработени се сите енергетски индикатори меѓу кои и индикаторот за учество на обновливата енергија во финалната потрошувачка. Ревизијата на енергетските биланси е изработена врз основа на Прирачникот за статистики на енергетската потрошувачка во домаќинствата од Евростат и Регулативата за енергетски статистики 1099/2008, како и нејзините измени.

Во 2016 година се објавени податоците од истражувања Употреба на информатичко-комуникациски технологии во претпријатијата и домаќинствата. Податоците навремено се доставени до Евростат.

Во областа на структурните деловни статистики подготвени се и објавени претходните податоци за структурните деловни карактеристики на деловните субјекти од нефинансискиот сектор за 2015 година. Спроведено е примерочно истражување за прометот од деловните услуги. Во тек е нивната обработка.

Во однос на демографијата на претпријатијата, интензивно се работи на подготовка на податоците за згаснатите претпријатија за 2013-2014 година.

Во 2016 година се спроведе Пописот на капацитетите во трговија на мало и Пописот на угостителските и сместувачките капацитети.

За добивање на нови индикатори во областа на туризмот во 2016 година се спроведоа: статистичко истражување за странски посетители на граничните премини и статистичко истражување за странски туристи во сместувачките капацитети.

#### *Краткорочни приоритети*

**Обезбедување на краткорочни статистички податоци во согласност со STS регулативата 1165/98.**

- Обезбедување на нови индикатори за краткорочните статистики (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Активности за промена на базната година во краткорочните статистики (2015 = 100).
- Подобрување на краткорочните статистики од областа на индустријата и градежништвото.
- Обезбедување на податоци од спроведениот Попис на капацитетите во трговијата на мало.
- Обезбедување на податоци од спроведениот Попис на угостителските и сместувачките капацитети.
- Обезбедување на податоци за странските посетители на граничните премини и податоци за странските туристи во сместувачките капацитети.

**Обезбедување на краткорочни статистички податоци во транспортот:**

- Трансмисија на податоците од спроведениот Попис на железничкиот сообраќај за меѓународната железничка мрежа 2015, до Евростат.

**Хармонизација на структурните деловни статистики во согласност со Регулативата на ЕУ 250/2009**

- Обезбедување на податоци за деловните услуги;
- Подобрување на сетот на белези за деловните субјекти.

#### *Среднорочни приоритети*

**Обезбедување на краткорочни статистички податоци во согласност со STS регулативата 1165/98.**

- Хармонизирање на статистиката на туризмот - Патување на домашното население.

**Обезбедување на краткорочни статистички податоци во транспортот и енергијата:**

- Целосна хармонизација на статистиката на товарниот сообраќај во согласност со ЕУ регулативата.
- Обезбедување на индикатори за еколошки и инклузивен транспорт (green and inclusive transport)
- Обезбедување на податоци за обновливи енергетски извори

## СТАТИСТИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

### *Тековна состојба*

Во 2016 година се спроведе третото Структурно истражување за земјоделските стопанства. Се обезбедија и се врши анализа на податоците за овоштарството и лозарството од административни извори. Се обезбедија податоци за млеко и млечни производи на месечно ниво. Се доставија податоци до Евростат за заклан добиток на месечно ниво.

### *Краткорочни приоритети*

Обезбедување на релевантни податоци за поддршка на донесувањето на одлуки за развој на земјоделскиот сектор

- Обезбедување на податоци од третото Структурно истражување за земјоделските стопанства.

Обезбедување на релевантни податоци за агромонетарните сметки во земјоделството

- Понатамошен развој на економските сметки во земјоделството со вклучување на пресметки за цената на земјоделското земјиште и наемнините (продолжува и во среднорочните приоритети).

### *Среднорочни приоритети*

Обезбедување на релевантни податоци за поддршка на донесувањето на одлуки за развој на земјоделскиот сектор

- Реализација на пилот-истражување/а за растително производство на база на примерок;
- Понатамошно хармонизирање на статистиката за месо во согласност со Регулативата на ЕУ 1165/2008.

## СТАТИСТИКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

### *Тековна состојба*

Во текот на 2016 година се изврши ревизија на сетот на податоци за даноците поврзани со животната средина и се подготви серија на податоци за даноците поврзани со животната средина (2010-2014).

### *Краткорочни приоритети*

Обезбедување на податоци за следење на статистиката на животната средина во согласност со Регулативата на ЕУ 691/2011

- Развивање на модул - Сметки во животната средина во секторот Добра и услуги;
- Унапредување на статистиката на вода во согласност со Директивата на ЕУ 91/692/ЕЕЦ (продолжува и во среднорочните приоритети).

### *Среднорочни приоритети*

Обезбедување на релевантни податоци за за користењето на водата во сите сектори од НКД

- Развој на инструментите за прибирање на податоци за користењето на водата во сите сектори од НКД

## СТАТИСТИКА ЗА ИНОВАЦИИ

### *Тековна состојба*

Во текот на 2016 година редовно се спроведе истражувањето иновации и иновациски активности во деловните субјекти, 2012-2014, податоците се обработени и објавени.

### *Среднорочни приоритети*

Обезбедување на податоци за следење на статистиката на иновации и иновациски активности во деловните субјекти во согласност со Регулативата на ЕУ 995/2012

- Имплементација на CIS ad hoc модулите;

## МАКРОЕКОНОМСКА СТАТИСТИКА

### *Тековна состојба*

Континуирано се испраќаат податоци за клучните табели според ЕСС 2010 Програмата на Евростат за праќање на годишни податоци (табелите со главните агрегати и табелите по гранки, агрегирани на ниво на сектор, се подготвени и доставени до Евростат во согласност со Регулативата бр.549/2013). Со овие податоци, освен што се обезбедува меѓународна

спордливост, истовремено се создава поадекватна основа за анализа од страна на носителите на макроекономски мерки и политики.
Советот за статистика го усвои Извештајот за примената на СНС 2008/ ЕСС 2010.
Во тек е подготовката на серија на податоци за регионален БДП во серија 2000-2008, според НКД Рев.2.
Во рамките на веќе воспоставената соработка со НБРМ и Министерството за финансии, потпишан е Анекс 4 на Меморандумот за разбирање и соработка во областа на макроекономските и финансиските статистики, со кој се определуваат ингеренциите на работните групи за Статистика на финансиските сметки и за Подготовка на табели за прекумерен долг. Направено е дополнување на Работната група за секторизација од институциите кои имаат членови во оваа Работна група. Направена е измена за Работната група за ЕДП од трите институции - ДЗС, НБРМ и МФ.
Подготвени се и испратени во Евростат нотификациските табели според Процедурата за прекумерен дефицит, користејќи ја методологијата за дефицит и долг на Евростат за 2012 и 2013 година (Табели 1 и 2) според ЕСС 1995, во април 2016 година, додека Табелите 1 и 2 според ЕСС 2010 се испратени во октомври 2016 година. Во октомври, во Евростат се испратени и одговори на прашањата во однос на испратените табели во април 2016.
Табелите за понуда и за употреба за 2013 година - дефинитивни податоци се составени и испратени во Евростат во согласност со ЕСС 2010.
Подготвени се податоци и табели за трошоци за лична потрошувачка по намена, според ЕСС 2010 Програмата на Евростат за доставување на податоци. Скратен е рокот за објавување на БДП на тримесечно ниво од т+75 на т+70. Подготвени се експериментални табели на понуда и на употреба по постојани цени за 2012,2013 и 2014 година.
Направена е експериментална пресметка на вредноста на софтверот за сопствена употреба за 2014 година што се третира и како основно средство, односно се капитализира во согласност со ЕСС 2010. Во план е подготовка на серија на податоци.

### *Краткорочни приоритети*

Имплементирање на СНС 2008 (System of National Accounts, SNA 2008) и ЕСС 2010 (European System of Accounts, ESA 2010):

- Подготовка на податоци за табели според ЕСС 2010 Програмата на Евростат за доставување на податоци (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Подобрување на категориите на БДП и пресметка на додадената вредност на тримесечно ниво, за периодот 2000-2015 година (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Подготовка на податоци врз основа на ревидираниот БДП во согласност со имплементирањето на ЕСС 2010, за периодот 2000-2015 година (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Подготовка на годишни секторски сметки во согласност со ЕСС 2010, за периодот 2008-2015 година (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Подготовка на податоци за главните агрегати на БДП, годишни и тримесечни, за серија 1995-1999.
- Подобрување на податоците за подобрување на земјиштето како посебно средство - анализа на добиените резултати и истражување на изворите на податоци (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Истражување на изворите на податоци, анализа и подготовка на податоци за основните средства како дел од трансмисионата програма на Евростат (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Пресметка на вредноста на софтверот за сопствена употреба и подготовка на серија на податоци.

Подготовки за составување на нотификациски табели (Excessive Deficit Procedure – EDP tables)

- Подготовка на нотификациски табели кои не се испратени и подобрување на квалитетот на испратените табели според Процедурата за прекумерен дефицит, користејќи ја методологијата за дефицит и долг на Евростат (продолжува и во среднорочните приоритети).

Подобрување на квалитетот на податоците во табелите за понуда и за употреба и инпут-аутпут табелите според ЕСС 2010

- Подобрување на пресметките на табелите на понуда и на употреба по постојани цени. (продолжува и во среднорочните приоритети).

Подобрување на методите за пресметка на додадената вредност на регионално ниво

- Подобрување на методите за пресметка на додадената вредност на регионално ниво. (продолжува и во среднорочните приоритети).

Хармонизација на структурните деловни статистики во согласност со Регулативата на ЕУ 250/2009

- Обезбедување на податоци за деловните услуги;
- Подобрување на сетот на белези за деловните субјекти.

### *Среднорочни приоритети*

Подобрени пресметки на БДП според расходен метод по тековни и постојани цени

- Разграничување на бруто-инвестициите во инвестиции во основни средства и промени на залихите

Подобрување на методите за пресметка на додадената вредност на регионално ниво
- Изработка на складиште на податоци за националните сметки и за табелите на понуда и на употреба;
- Воспоставување на Складиште на податоци за изготвување на националните сметки и табелите на понуда и на употреба.

## МОНЕТАРНА, ФИНАНСИСКА, ТРГОВСКА СТАТИСТИКА И СТАТИСТИКА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС

### *Тековна состојба*

**Државен завод за статистика**

Статистиката на надворешната трговија, во насока на понатамошно хармонизирање на националната статистика на надворешната трговија со законодавството на Унијата, во текот на септември 2016, во форма на соопштение, ги објави податоците за 2014 година за стоковната размена според економските карактеристики на претпријатијата. Истовремено, базата на податоци за даденото истражување е проширена и надградена со податоците за 2014 година. Податоците се пресметани според Регулативата (ЕЗ) бр. 471/2009 на Европскиот парламент и на Советот од 6 мај 2009 година.

**Народна банка**

Во рамките на **платно-билансната статистика**, во 2016 година е воведен нов извор на податоци за портфолио инвестиции на страната на средствата (за вложувањата на резидентите во хартии од вредност на странски финансиски пазари), за периодот од 2015 година наваму. Новиот извор на податоци овозможува подобар опфат на податоците за портфолио инвестициите (односно целосен опфат на домашните инвеститори на странските пазари на капитал, во согласност со законските ограничувања), како и примена на концептот на пресметковна основа при прикажувањето на доходот од портфолио вложувањата. Воедно, новиот извор на податоци претставува грануларна база на податоци со детални дополнителни информации за земјата на издавачот, видот на хартијата, рочноста и сл. Врз основа на новиот извор на податоци, подготвени се извештаи за портфолио инвестициите во согласност со барањата на меѓународното статистичко известување - Координиран прашалник за портфолио инвестиции (CPIS - Coordinated Portfolio Investment Survey) кон кој Република Македонија за прв пат ќе се приклучи и ќе достави податоци до ММФ до крајот на 2016 година. Во текот на 2016 година се започна и со редовно објавување на нова збирка на податоци за директни инвестиции во странство-движења, по земји и по дејности, на редовна квартална основа, а соодветно е објавена и временска серија на овие податоци, почнувајќи од 2012 година.

Подготвителните активностите за спроведување на анкета за приватни трансфери, пред сè, изборот на надворешен добавувач, формирање на примерок и дефинирање на анкетниот прашалник, се завршени. Анкетните активности на терен се во тек и целосно ќе се спроведат до крајот на 2016 година. Резултатите од анкетата се еден од основните предуслови за унапредување на методологијата за процена на приватните трансфери во платниот биланс.

Во областа на **монетарната статистика**, подготвена е нова временска серија на монетарниот сет на податоци според новите статистички стандарди на ММФ (Прирачник за монетарна статистика 2016 година – Monetary and Financial statistics Manual and Compilation Guide 2016), со унапредена секторска и валутна поделба на финансиските инструменти и нова методологија за паричната маса, коишто ќе се објават во текот на 2017 година. Воедно, во рамките на долгорочниот проект за воспоставување на интегриран систем на известување за потребите на статистиката и супервизијата, формирана е интерна работна група чии активности се реализираат во согласност со усвоениот план на активности, а во тек се и активности за запознавање и воведување на банките за новиот проект.

Во 2016 година се работеше на унапредување на квалитетот на податоците за **финансиската сметка** за извештајната 2013 година, како и определување на најадекватните извори на податоци и изградба на методологија. Во рамките на активностите за воспоставување на нови извори на податоци за потребите на финансиската сметка, во текот на 2016 година, во согласност со дополнувањето на статистичкиот прилог кон годишните завршни сметки на деловните субјекти, добиени се првични дополнителни податоци за финансиските средства и обврски на нефинансиските трговски друштва. Натаму, во врска со новото квартално известување за состојбата и прометот на финансиските средства и обврски за секторот Држава, буџетските корисници извршија првично известување до МФ за четвртиот квартал од 2015 година, по што во соработка со МФ беа организирани обуки за начинот на известување.

Во рамките на меѓуинституционалната соработка, по потпишувањето на Анекс 4 кон Меморандумот за разбирање и соработка во областа на макроекономските и финансиските статистики, во септември 2016 година е формирана Работна група за статистика на финансиски сметки, под координација на Народната банка и со учество на претставници на ДЗС и МФ.

Во рамките на активностите за примена на унифицирана секторизација на институционалните единици на национално ниво, во текот на 2016 година сите извештаи од екстерните статистики се изработени со користење на податоци од централизираната статистичка база на податоци за институционалните сектори на правните субјекти во НБРМ, а со

донесувањето на измените на повеќе упатства за известување за потребите на екстерните статистики, во ноември 2016 се заврши процесот на имплементација на унифицирана секторизација за потребите на оваа статистика.
Во мај 2016 година е потпишан договорот за размена на податоци со ЦДХВ, врз основа на кој ЦДХВ започна да доставува до НБРМ податоци за состојбите и трансакциите на хартиите од вредност по сектори на издавачи и на иматели на хартиите од вредност. Активностите за проверка на нивниот квалитет, како и изработката на извештаи по видови на ХВ и сектори на издавачи / иматели на ХВ за потребите на статистиката на финансиските сметки, се во тек.

***Краткорочни приоритети***
**Народна банка**
**Екстерни статистики**
Натамошно усогласување на екстерните статистики со новите меѓународни стандарди (БПМ6) и барањата содржани во Регулативата на ЕУ 555/2012 за статистиката на платниот биланс, меѓународната трговија со услуги и странските директни инвестиции:

- Активности за унапредување на методологијата за пресметка на секундарниот доход: анализа на резултатите од најновата анкета за приватните трансфери; разгледување на прифатливи алтернативни решенија за процена на вистинскиот износ на приливите од дознаки од странство и процена на нерегистрираниот извоз на стоки и услуги; утврдување на нова предлог-методологија за билансот на плаќања, во делот на приватните трансфери (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Доставување на ексел темплејти за стоковна размена според економските карактеристики на претпријатијата за периодот 2010-2015 со применета активна доверливост (продолжува и во среднорочните приоритети).
- Доставување на надградено методолошко упатство за: стоковна размена според економските карактеристики на претпријатијата и методолошко упатство за контрола на податоците (продолжува и во среднорочните приоритети).

**Монетарна статистика**
Натамошно прилагодување на монетарната статистика и статистиката на каматни стапки кон барањата на регулативите на ЕУ кои се однесуваат на изготвувањето на билансни шеми на секторот на монетарно-финансиски институции (ECB/2013/33), каматните стапки (ECB/2013/34) и статистиката на средствата и обврските на инвестициските фондови (ECB/2013/38):

- Активности поврзани со подготовка на нова временска серија на монетарниот сет на податоци според новите статистички стандарди на ММФ (Прирачник за монетарна статистика);
- Активности во рамките на Проектот за воведување на интегриран систем за известување на податоци за статистички и супервизорски цели (ИСИДОРА), во согласност со препораките на ЕЦБ и новите регулативи на ЕУ за статистиката на билансните шеми и статистиката на тековите, како и новите барања од ЕСА 2010. Изработка на концепт за приемот на монетарните податоци, подготовка на шифрарници, формални и логички контроли, методологии, законски и подзаконски акти (продолжува и во среднорочните приоритети).

Развој на статистиката на финансиски сметки во согласност со СНС 2008 и ЕСС 2010

- Изготвување на годишни финансиски сметки (состојби) за сите сектори/потсектори во националната економија (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Почетни активности за составување на финансиската сметка (трансакции) на секторот Држава (продолжува и во среднорочните приоритети);
- Редовни работни средби на работните групи за СФС и ЕДП, како и активности во рамките на ИПА проектот за национални сметки и Проектот за унапредување на владините статистики (продолжува и во среднорочните приоритети).

Развој на статистиката на хартии од вредност

- Развој на апликативен софтвер за изготвување на извештајни табели за ХВ, за потребите на статистиката на финансиските сметки (продолжува и во среднорочните приоритети).

***Среднорочни приоритети***
**Државен завод за статистика**
Обезбедување на краткорочни статистички податоци од областа на надворешната трговија: Подготовка на мастер-план за воведување на ИНТРАСТАТ.

## 3.19 СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. Во периодот на известување беше постигнат **одреден напредок**. И покрај намалувањето на официјалната стапка на невработеност, младите и долгорочно невработените лица сè уште се соочуваат со тешкотии во вклучување на пазарот на трудот. Напорите да се намали сиромаштијата не беа доволни и остануваат сериозен проблем, особено за Ромите и лицата со посебни потреби. Законот за спречување и заштита од дискриминација сè уште не е усогласен со правото на ЕУ и неговите механизми за спроведување не беа зајакнати. Во следната година, земјата треба особено:

- да се справи со невработеноста и да се подобрат условите на пазарот на трудот, особено за младите, долгорочно невработените лица и социјално загрозените групи;
- да се заврши и да се започне спроведувањето на Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика;
- целосно да се користат механизмите за мирно решавање на работните спорови и подобрување на ефикасноста на бипартитниот и трипартитниот социјален дијалог;
- да се обезбеди дека соодветните институционални и финансиски ресурси се ставени на располагање за спроведување на постојните стратегии за социјално вклучување, акцискиот план за Ромите и стратегиите за намалување на сиромаштијата

***Резиме***

*Во наредниот период се предвидува финално усвојување на Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика (ЕСРП). Клучните приоритети во областа на социјалната политика и вработување во претстојниот период се во насока на подобрување на состојбите на пазарот на труд, зголемување на стапката на вработеност и справување со високата невработеност, особено невработеноста на младите, долгорочно невработените, лицата со инвалидност и останатите категории на граѓани ко се наоѓаат во неповолна положба на пазарот на труд. Ќе се работи на зголемување на ефикасноста и инклузивноста на пазарот на труд, како и понатамошно јакнење на капацитетите на институциите одговорни за креирање, имплементација, следење и оценка на политиките за вработување, унапредување на механизмите за анализа и предвидување на движењата на пазарот на труд, а особено внимание ќе се посвети и на што поголемото поврзување на системот на образование (различните нивоа и форми на образование), со реалните потреби на пазарот на труд. Ќе се преземаат напори за понатамошно јакнење и унапредување на социјалниот дијалог, колективното договарање, подобрување на капацитетите на социјалните партнери и зголемување на нивното учество во процесот на креирање на политиките, како и обезбедување на ефикасно функционирање на воспоставениот механизам за мирно решавање на работни спорови и следење на успешноста во решавањето на колективните работни спорови. Во континуитет ќе продолжи спроведувањето на мерки за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, продолжување на процесот на деинституционализација, како и за подобрување на квалитетот на услугите и грижата за различните ранливи категории на граѓани (лица со инвалидност, стари лица, деца, социјално загрозени семејства, жители на руралните области, Роми итн.). Ќе се работи и на воведување и развој на нови услуги во делот на професионална рехабилитација и персонална асистенција на лицата со посебни потреби, развој и поттикнување на алтернативни услуги за згрижување на деца, како и на развој, поддршка и унапредување на условите (вклучително и законската рамка) за социјално претприемништво во државата. Ќе продолжи имплементација на активности од областа на еднаквост и недискриминација, зајакнување на капацитетите и подигнување на свеста за прашања поврзани со родовата еднаквост, родово одговорно буџетирање, концептот на еднаквост и заштитата од дискриминација. Значителна помош и поддршка ќе се обезбедува преку проектите во рамки на Инструментот за претпристапна помош на Европската унија, пред сè ИПА – Компонента 4. Еден од приоритетите е и планирањето и програмирањето на новата финансиска перспектива, ИПА II (2014-2020).*

*<u>Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика (ЕСРП)</u>*

Во тесна соработка и координација со Европската комисија, Република Македонија како земја кандидат за членство во Европската унија, во изминатиот период интензивно работеше на изготвувањето на стратешкиот документ, т.н. Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020 - ЕСРП (*Employment and Social Reform Programme*), како една

значајна сеопфатна секторска стратешка рамка, која ги утврдува и ги презентира клучните предизвици, приоритетите, политиките, реформите и конкретните мерки во областа на пазарот на труд, вработувањето, образованието и социјалната политика, за периодот до 2020 година.
Во рамките на еден широк мултисекторски консултативен процес, подготовката на Програма интензивно започна од март 2015 година, со тоа што најпрвин се подготви Првиот дел на ЕСРП Програмата, во кој беше презентирана моменталната состојба и беа утврдени клучните предизвици во областите опфатени со Програмата (пазар на труд и вработување, човечки капитал и вештини, социјална заштита и социјална инклузија). По извршените консултации и усогласување на овој дел од документот со Европската комисија (DG EMPL), во 2016 година се започна со работа и на Вториот дел од ЕСРП, т.е. делот од документот каде се дефинираат конкретните реформи, програми, мерки и активности за адресирање и справување со идентификуваните предизвици, финансиската рамка на документот како и соодветната рамка за следење и известување за постигнатиот напредок.
*Нацрт текстот на ЕСРП Програмата е подготвен и на почетокот на ноември 2016 година е испратен до ЕК на разгледување и доставување на нивни коментари, мислење и забелешки. Своите коментари, забелешки и препораки за подобрување на доставениот документ, Европската комисија ги достави на 20 декември 2016 година. На почетокот на 2017 година ќе се работи на детално разгледување и инкорпорирање на добиените коментари и препораки и на изготвувањето на потребните интервенции и надополнувања во текстот на Програмата.*
Во овој период ќе се интензивира и процесот на консултации, преку организирање и спроведување на завршен циклус на консултации со социјалните партнери, невладини организации, меѓународните организации и со сите останати релевантни субјекти, со цел усогласување, унапредување и финализирање на овој стратешки документ.
По ова, Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика ќе може да биде и усвоена од страна на Владата на РМ. Финалното усвојување на Програмата се очекува во текот на следната, 2017 година.

## 3.19.1 ТРУДОВО ПРАВО

### *Тековна состојба*

Во мај 2016 година, заврши проектот „Поддршка на борбата против непријавена работа", кофинансиран преку ИПА Компонентата 4. Проектот се спроведуваше 2 години и придонесе за зголемување на ефективноста и ефикасноста во справувањето со непријавената работа.
Значително се зајакнаа капацитетите на Државниот инспекторат за труд, преку набавка на возила и ИКТ опрема, а се подобри и координираната соработка помеѓу релевантните институции и социјални партнери во борбата против непријавената работа.
Во рамки на проектот, од страна на експертски тим, се спроведе истражување за непријавената работа во Република Македонија, при што беа анализирани нејзините основни карактеристики, причините за појава, се направи проценка на бројот на лица кои работат непријавено, како и појавата и застапеноста во одделните области и дејности итн. Врз основа на резултатите, наодите и препораките, беше подготвен и Акциски план со конкретни мерки и активности на среден и/или долг рок, кои беа соодветно интегрирани при изработувањето на Националната стратегија за вработување 2016-2020 (пр. ваучер систем за најмување на куќни помошнички и чистачки, натамошно унапредување на капацитетот на ДИТ и сл.), како и во Акцискиот план за намалување на сивата економија.

### *Краткорочни приоритети*

Во наредниот период ќе продолжи спроведувањето на специфични мерки за понатамошно намалување на појавата и присуството на неформалната вработеност во Република Македонија, меѓу другото и преку понатамошно зајакнување на капацитетите и ефективноста на инспекциските служби и останатите релевантни субјекти во справувањето со непријавена работа (обуки, размена на искуства и сл.). Дополнително ќе се јакне трипартитниот пристап и соработка во справувањето со појавата на неформална вработеност, при што во текот на следната 2017 година е планирано да се донесе и соодветна трипартитна Национална стратегија за формализирање на неформалната економија. Дел од овие активности ќе се реализираат и со поддршка на Меѓународната организација на трудот.

Во претстојниот период ќе отпочне изработка на нов Закон за работните односи, со кој ќе се обезбеди унапредување на заштитата на работничките права.
Се планира да се подготват и усвојат и измени и дополнувања на Законот за минимална плата, која ќе изнесува 12,000 денари и ќе се однесува за сите сектори (вклучително и на вработените во одделите за текстил и кожа).
Во функција на напорите за справување со невработеноста на младите, во текот на годината ќе се отпочне со изработка на Закон за работа на студентите.

Заради намалување на стапката на сиромаштија и обезбедување на користење на еднакви права на невработените лица на кои им престанал работниот однос по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок, ќе се изработат измени и дополнувања на Закон за материјално обезбедување на невработени лица поради приватизација на претпријатија со доминантна сопственост на државата.
Во согласност со континуираните напори, стандардите на трудот да се подигнуваат на повисоко ниво и нивниот опфат да биде што е можно поширок, во следниот период ќе се ратификуваат неколку дополнителни конвенции на Меѓународната организација на трудот и тоа:

- Конвенција за организациите на руралните работници, 1975 (С 141),
- Конвенција за трудови статистики, 1985 (С 160),
- Конвенција за ноќна работа, 1990 (С 171).

Ратификацијата на конвенциите ќе се изврши преку усвојување на Закони за ратификација на овие меѓународни инструменти, т.е. конвенции на МОТ.
Во рамките на редовната обврска на Република Македонија, како членка на Меѓународната организација на трудот, да доставува извештаи за преземените мерки за имплементација на ратификуваните конвенции во националното законодавство, согласно утврдениот временски распоред, во 2017 година, до МОТ ќе бидат доставени извештаите за неколку ратификувани конвенции:

- Конвенција за обележување на товар (кај пакети превезувани со брод), 1929, (С 27);
- Конвенција за заштита од несреќи (за пристанишните работници), 1932, (С 32);
- Конвенција за ноќна работа на млади лица (во индустријата) (ревидирана), 1948, (С 90);
- Конвенција за трудови клаузули (во јавните договори), 1949, (С 94);
- Конвенција за миграција заради вработување, (ревидирана), 1949, (97);
- Конвенција за еднакво плаќање, 1951, (С 100);
- Конвенција за дискриминација ( при вработување и занимање), 1951 (С 111);
- Конвенција за утврдување на минимална плата, 1970, (С 131);
- Конвенција за мигрантски работници (дополнителни одредби), 1975 (С 143);
- Конвенција за трипартитни консултации (меѓународни стандарди на трудот), 1976, (С 144).

Во текот на 2018 година, ќе бидат донесени Законот за работа на студентите и новиот Закон за работните односи.
Со цел понатамошно унапредување на заштитата на правата на работниците, на почетокот на 2018 година ќе отпочне постапката, подготвките и консултациите за изработување на Закон за заштита на вработените во случај на несолвентност на нивниот работодавач.

***Среднорочни приоритети***

Преку ИПА II (ИПА финансиска рамка 2014-2020) се планира да се обезбеди понатамошна поддршка на имплементацијата на мерки за олеснување на транзицијата од неформална кон формална вработеност, преку имплементација на препораките за Државниот инспекторат за труд за подобрување на борбата против непријавената работа. Се планира инспекциските служби да бидат потпомогнати со подобрување на вмрежувањето, методологијата на работа, воведување на алатки и примена на вештини за справување со непријавената работа, а фокусот ќе се стави и на дизајнирање и спроведување на конкретни превентивни мерки за справување со непријавената работа. Планирано е воведување и тестирање на механизми (процедури, закони итн.) за формализација во одредени сектори, како што се земјоделство, градежништво, трговија, туризам и угостителство или лични услуги, потоа спроведување на кампања за подигање на свеста помеѓу јавноста, работодавачите и работниците за штетните ефекти на неформалната активност по економската и социјалната иднина на земјата.

### 3.19.2 ЗДРАВЈЕ И БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

***Тековна состојба***

Со Акцискиот план за безбедност и здравје при работа, како еден од најважните приоритети во 2016 година беше предвидена изработка на новата Стратегија за безбедност и здравје при работа за периодот до 2020 година, заедно со Акциски план за нејзино спроведување. Концептот и првичниот предлог на новата Стратегија за БЗР 2020 со Акцискиот план е изработен и истиот ќе биде разгледан на седница на Националниот совет за безбедност и здравје при работа и проследен на понатамошна поширока меѓуресорска консултација.
Во изминатиот период се работеше и на изготвувањето на Национална програма за елиминација на болестите предизвикани од азбест во Република Македонија, како стратешки документ во кој се дефинираат димензиите на проблемот со азбестот и стратегиите за елиминирање на болестите предизвикани од азбест. Програмата е подготвена и се очекува истата да биде разгледана и усвоена од страна на Владата на Република Македонија.

Националниот совет за безбедност и здравје при работа продолжи со своите редовни активности. Во текот на 2016 година се одржаа три седници на Советот, на кои членовите ги разгледуваа и дискутираа активностите од областа на БЗР спроведени во изминатиот и даваа насоки за активностите и приоритетите на делување во наредниот период. Работата на Советот беше насочена, пред сè кон изработката на Стратегијата за БЗР 2020, а беше разгледана и информацијата со Предлогот за измени и дополнувања на Законот за БЗР кои се однесуваат на прашањето за повредите при работа. Во организација на Националниот совет за БЗР и Канцеларија на Меѓународната организација на трудот (МОТ) беше одбележан Светскиот ден за безбедност и здравје при работа - 28 април, посветен на темата: „Стресот на работа: колективен предизвик", со презентирање на актуелните состојби во однос на стресот, во светот и кај нас. Покрај тоа, во организација на Македонското здружение за заштита при работа, беше одбележана и Европската недела за БЗР, како дел од кампањата на Европската Агенција за БЗР (EU-OSHA) за „Здрави работни места за сите возрасти". Меѓу останатите настани од оваа област, во организација на ДИТ се одржа Меѓународен симпозиум на тема „Состојба со безбедност и здравје при работа, преку призма на инспекциски надзор – регионална соработка", на кој меѓу другото, иницирано е воспоставување на мрежа на претставници на инспекторатите од регионот, како би се зајакнало партнерството и регионалната соработка во областа на БЗР во делот на инспекцискиот надзор и контрола.

Во текот на годината беа реализирани повеќе други активности за понатамошно јакнење на капацитетите и знаењето на инспекторите и другите релевантни субјекти од областа на БЗР и зајакнување на инспекцискиот надзор врз примената на прописите во оваа област. Се организираа семинари и работилници со домашни и меѓународни експерти за обука и размена на искуства во практичната примена на одредени специфични правилници (потенцијален ризик од експлозивни атмосфери, ризици поврзани со изложување на канцерогени, мутагени или супстанци токсични за репродуктивниот систем и ризици поврзани со изложување на физички агенси - вештачко оптичко зрачење). Исто така, се реализираа низа обуки на повеќе теми кои се однесуваат на проценката на ризик, професионалните болести и болести во врска со работата, повредите при работа, здравјето на вработените, како составен дел од Законот за безбедност и здравје при работа и сл.

### *Краткорочни приоритети*

Во 2017 година се планира усвојување на Стратегијата за безбедност и здравје при работа (БЗР) со Акциски план за периодот до 2020 година.. Новата Стратегија ќе има нов концепт и ќе се состои од три дела и тоа Стратешка рамка, Стратешка основа за поддршка и Акциски план со дефинирани приоритети, цели и конкретни акции, рокови, одговорни институции и индикатори за следење и оценка на спроведувањето. Истовремено ќе се обезбеди и усогласеност на новата Стратегија за БЗР 2020 со Агендата за одржлив развој 2030 на Обединетите нации[78] и целите за одржлив развој, пред сè цел бр.8: „Да се промовира инклузивен и одржлив економски раст, вработеност и пристојна работа за сите", во делот на заштитата на трудовите права и обезбедување на безбедна и сигурна работна средина за сите работници.

На почетокот на годината се очекува изготвената Национална програма за елиминирање на болестите предизвикани од азбест да биде усвоена од страна на Владата на Република Македонија, по што ќе се работи на нејзина практична примена со интерсекторски пристап. Во план е организирање на 2 обуки за здравствени работници, 2 интерсекторски работилници и тркалезна маса за зголемување на свесноста на работната популација и населението за ризиците од азбест.

Заради обезбедување на побезбедни и похумани услови на работните места на работниците, во текот на годината че се отпочне со изработка на измени и дополнувања на Законот за безбедност и здравје при работа.

Ќе продолжат активностите за зајакнување на инспекцискиот надзор врз примената на прописите, т.е. конкретните правилници во областа на безбедност и здравје при работа**.**

Ќе се продолжи со следење и поддржување на европските кампањи како и иницирање на национални кампањи за подигнување на свеста на социјалните партнери за различни прашања од областа на безбедност и здравје при работа.

Планирани се повеќе активности за промоција и дисеминација на знаењата и добрите практики во делот на БЗР, зголемување на капацитетите на граѓанските организации и медиумите за партнерство и соработка, подобрување на правата на работниците за безбедни и здравствено сигурни работни места.

Исто така, ќе се продолжи со активностите за зголемување на ефикасноста на работата на Националниот Совет за БЗР и зајакнување на неговата експертска и советодавна улога за прашањата од оваа област.

### *Среднорочни приоритети*

На среден рок се планира спроведување на активностите предвидени во Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2020 и Акцискиот план, со поддршка на Националниот совет за безбедност и здравје при работа.

Кон средината на 2018 година, ќе се донесе Закон за измени и дополнувања на Законот за безбедност и здравје при работа.

---

[78] **2030 Agenda for Sustainable Development** - 17 Sustainable Development Goals (SDGs) http://www.un.org/sustainabledevelopment/development-agenda/

Ќе се продолжи со следење и поддржување на европските кампањи и иницирање на национални кампањи за подигнување на свеста на социјалните партнери за различни прашања од областа на безбедност и здравје при работа.
Во наредниот период ќе продолжи и спроведувањето на активности за понатамошно зајакнување на капацитетите на вработените во државните органи, социјалните партнери, стручните лица од областа на БЗР и останатите субјекти, во делот на спроведување на регулативата од областа на БЗР, подобрување на соработката и координираниот пристап, преку организирање на обуки, семинари, работилници, обезбедување на експертиза, размена на искуства и други активности. За спроведување на овие активности, на среден рок се планира да се обезбеди поддршка и во рамките на ИПА II.
Ќе се реализираат и активности за имплементација на усвоената Национална програма за елиминирање на болестите предизвикани од азбест, преку воспоставување систем на инспекција и мониторинг на изложеноста на азбест во работната средина, подобрување на евиденција на болестите предизвикани од азбест и воспоставување на регистри за професионални болести и рак, обуки и изработка на водичи за инспекциите и работниците во засегнати сектори, зголемување на свесноста на работната популација и населението за ризик од азбест итн.

### 3.19.3 СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ

***Тековна состојба***

Во текот на 2016 година на одржаните седници на Економско-социјалниот совет беа разгледани повеќе важни документи, меѓу кои Годишната програма за работа на ЕСС за 2016 година, Трипартитниот акциски план за унапредување на колективното договарање, Комуникациската стратегија и план за ЕСС, предлогот за избор на општини во кои ќе се поддржи формирањето на локални ЕСС, како и утврдувањето на висината на минималната плата во бруто износ за 2016 година. Исто така, беше разгледан и пакетот закони за продолжување на проектот “Македонија вработува”, со кој е предвидено вработување на 15 до 20 илјади лица. Со овој пакет опфатени беа измените на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, Законот за пензиско и инвалидско осигурување и Законот за здравствено осигурување.
Економско социјалниот совет одржа состанок со претставници од три Генерални директорати на Европската комисија, во рамки на мисијата за процена на Програмата за економски реформи 2016, донесена од Владата на РМ во јануари.
Покрај тоа, членовите на ЕСС одржаа средба со тимови од националните Економско-социјални совети на Република Албанија и Косово, за меѓусебно запознавање со функционирањето на Економско-социјалниот совет.
На локално ниво продолжија активностите за развој и јакнење на социјалниот дијалог преку зголемување на бројот на Локални Економско-социјални совети (ЛЕСС) во општините, при што во текот на годината беа потпишани 3 спогодби за основање на нови ЛЕСС.
Во рамки на Проектот за „Унапредување на социјалниот дијалог“, кој се реализира од ноември 2014 година како директен грант на МОТ (ко-финансиран преку ИПА Компонентата 4), во овој период беа спроведени дополнителни 6 тематски обуки за членовите на ЕСС и локалните економско социјални совети и нивните секретаријати, а за дополнително јакнење на капацитетите, беа спроведени и секторски обуки за социјалните партнери за подобрување на нивните преговарачки вештини во процесот на склучување на колективни договори во опфатените сектори.
Во извештајниот период Трипартитната комисија за издавање на лиценци за помирувачи и арбитри одржа шест седници на кои беа спроведени интервјуа со подносителите на барања за издавање на лиценци и беа разгледувани доставените барања.
Република Македонија во месец октомври беше домаќин на два настани поврзани со механизмот за мирно решавање на работни спорови и тоа Регионална конференција на високо ниво за ефективни механизми за мирно решавање на работни спорови и Прва годишна регионална средба на агенциите за мирно решавање на работни спорови, како дел од процесот на континуирано унапредување на овој механизам.

***Краткорочни приоритети***

И во наредниот период ќе се продолжи со понатамошно унапредување на капацитетот и ефикасноста на работата на ЕСС и водењето на активен дијалог со социјалните партнери за политиките од областа на економската и социјална сфера. Воедно, ќе се преземаат мерки и активности за подобрување на институционалните капацитети на социјалните партнери за ефективен социјален дијалог, со што би се обезбедило нивно зголемено учество во развојот, имплементација и следењето на спроведувањето на политиките, законите, пред сè од областа на трудот, работните односи, вработувањето и социјалната сигурност, земајќи ги притоа во предвид и меѓународните искуства. За таа цел, меѓу другото, ќе се реализираат и повеќе специфични/тематски обуки за јакнење на капацитетите на членовите на Економско социјалните совети на национално и локално ниво, но исто така и регионални посети и соработки со националните Економско-социјални совети на земјите од регионот на Западен Балкан.

Ќе се започне со воспоставување на нов начин на доставување и разгледување на материјали кои се во надлежност на Економско-социјалниот совет.

Исто така, ќе продолжат да се реализираат и активности за понатамошна промоција, поддршка, формирање и развој на Економско-социјалните совети на локално ниво и нивна меѓусебна соработка.

Ќе се посвети внимание и на поддршка на функционирњето на воспоставениот механизам за мирно решавање на работни спорови, а ќе продолжат да се спроведуваат и обуките на помирувачи и арбитри.

### *Среднорочни приоритети*

Како еден од приоритетите на среден рок и понатаму останува јакнењето на механизмите за ефикасно функционирање на социјалниот дијалог на сите нивоа, како и на капацитетите на социјалните партнери за нивна активна партиципација во креирањето и водењето на политиките и мерките од економската и социјалната сфера и учество во подготовката на законската регулатива. Ќе се работи и на натамошно зајакнување на нивните капацитети во насока на зголемување на членството, преку поддршка во делот на подобрување/модернизирање на постоечките и развој на нови услуги за членовите на организациите на работници и работодавачи, развој и подобрување на механизмите на функционирање, консултации и застапување на интересите на своите членови, механизми и инструменти на организирање и привлекување на ново членство итн., преку што би се влијаело на зголемување на густината на синдикалното организирање (вклучувајќи ги тука и гранковите синдикати) и организирањето на работодавачите во здруженија на работодавачи во државата.

Во текот на 2018 година се планира да се воспостави новиот начин на доставување и разгледување на материјали кои се во надлежност на Економско-социјалниот совет.

Овој вид на активности за подобрување на функционирањето и капацитетите на економско-социјалните совети на национално и локално ниво, поддршка на социјалните партнери во јакнењето на нивните капацитети и развојот на услуги и механизми за привлекување на нови членови итн., се планира да бидат поддржани и со средства од ИПА II во наредниот период.
Како среднорочен предизвик остануваат напорите да се изгради вистински и функционален социјален дијалог, односно да се поттикне зголемување на бројот на колективните договори на гранково ниво, зголемување на бројот на колективни договори на ниво на работодавач, зголемување на видливоста и подобрување на функционирањето на ЕСС, а со тоа и зголемување на бројот на препораки и мислења упатени од ЕСС до Владата на Република Македонија. Тука е секако и понатамошната континуирана промоција на системот за мирно решавање на работните спорови.

## 3.19.4 ПОЛИТИКА НА ВРАБОТУВАЊЕ И ЕВРОПСКИОТ СОЦИЈАЛЕН ФОНД

### *Тековна состојба*

**<u>Политика на вработување</u>**

Во 2016 година продолжи со имплементација проектот „Македонија вработува 1", кој траеше заклучно со 14.04.2016 година, а со кој беа предвидени даночни олеснувања за вработување на одредени категории невработени лица (лица на возраст до 35 години, лица на возраст од 35-50 години, лица од 50-58 години, лица од ранливите категории и лица на возраст над 58 години). Даночните олеснувања се однесуваа на ослободување на работодавачот од плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување и/или персонален данок на доход, а времетраењето зависи од категоријата на лица кои се вработуваат.
Во рамките на Проектот реализирани беа вкупно 18,909 вработувања на невработени лица кои припаѓаат на различни целни групи.
Поради успешноста на проектот, во текот на јуни 2016 година започна реализацијата на проектот „Македонија вработува 2", со кој се овозможува ослободување од плаќање на социјални придонеси во зависност од категоријата на невработени лица што компаниите ќе ги вработат во период од три до пет години. За невработени лица до 35 години, покрај ослободувањето од социјални придонеси, утврдено е и ослободување од плаќање на персонален данок. Од отпочнување на проектот вработени се 3,850 лица во 2,884 правни субјекти (состојба - крај на декември 2016).

Во текот на годината се имплементира годишниот Оперативен план 2016 за услуги на пазарот на трудот и активни програми и мерки за вработување, со кој планираниот опфат на учесници е 37,470 невработени лица (од кои 13,871 млади лица до 29 години – 37%), со предвиден буџет од 709,631,850 денари (повеќе од 11.5 милиони евра). Во досегашниот период на имплементација на Оперативниот план:

- со програмите и мерките за вработување преку развој на претприемништвото, реализирани се 1,059 вработувања;
- со програмите и мерките за субвенционирање на работни места остварени се 23,300 вработувања (вклучително вработувањата остварени преку проектот Македонија вработува 1 и 2);
- со програмите и мерките за обука на невработените лица биле склучени договори за разни видови обуки со 4,722 лица, од кои 2,731 лица успешно ги завршиле истите, а 1,808 од нив подоцна нашле вработување;
- со пилот-програмите кои се во тек во досегашниот период пристигнати се 53 апликации од работодавачи за вработување на 185 лица.

Имплементацијата на годишниот оперативен план на активни мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот беше потпомогната со двегодишниот проект „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени II" (втор директен грант на АВРМ, во рамки на ИПА Компонентата 4). Проектот е во висина од 2 милиони евра и придонесува кон зголемување на способноста за вработување на младите, долгорочно невработените лица и жените преку зголемување на нивните компетенции. Со Проектот се обезбеди финансирање на дел од активните мерки од Оперативните планови за 2015 и 2016 година и тоа мерката за практична обука на 1,500 невработени; обука за познат работодавач која опфаќа 500 лица; обука за општи вештини за 2,000 лица - обучување за странски јазици и компјутерски вештини; и обуки за дефицитарни занимања и напредни ИТ вештини кои опфаќаат 720 (500 + 220) невработени лица.

Покрај програмите и мерките од Оперативниот план, во 2016 година се продолжи со имплементација на:
- Проектот за самовработување со кредитирање (досега пристигнати се 107 апликации за вработување на 129 лица - потпишани се 83 договори со правни субјекти за вработување на 14 невработени лица);
- Проектот за кредитирање на правни субјекти за отворање на нови работни места (поднесени апликации од 31 правни субјекти за вработување на 49 лица - потпишани се 16 договори за вработување на 28 лица );
- Самовработување со кредитирање на млади лица до 29 години (досега пристигнати се 63 апликации за вработување на 74 лица - потпишани се 53 договори со правни субјекти за вработување на 62 невработени лица) и
- Проектот за кредитирање на правни субјекти за отворање на нови работни места за млади лица до 29 години (поднесени апликации од 22 правни субјекти за вработување на 32 лица. Потпишани се 10 договори за вработување на 13 лица).

Постојано се зголемува бројот и квалитетот на услугите на АВРМ за невработените лица и работодавачите и опфатот со овие услуги:
- помош при барање работа и изработка на индивидуален план за вработување - ИПВ (досега се вклучени 284,476 невработени лица од кои 129,154 се жени и од нив се вработиле 67,097);
- мотивациски обуки (вклучени 8,792 лица (4,621 жени), од кои се вработиле 2.859);
- посредување за вработување (заклучно со декември 2016 год. пристигнати се 2,762 барања за посредување при вработување кај работодавачи од приватниот сектор, од кои позитивно се решени 1,710 барања и вработени се 2,806 лица);
- зајакнување на соработката со работодавачите (остварени се 5,451 средби со работодавачи);
- подготовка за вработување и за работа (вклучени 2,075 лица, 1,250 се жени, од кои потоа се вработиле 680 лица);
- професионална ориентација и кариерно советување (вклучени 3,061 лица (1,621 жени), од кои се вработени 720);
- услуги за активирање на поединци изложени на ризик од социјално исклучување (вклучени 1,146 лица);
- форуми со работодавачи (со учество на вкупно 1,242 работодавачи);
- инфо-средби со невработените, особено со млади невработени лица (опфатени 4,535 лица);
- отворени денови со Агенцијата за вработување (вклучени 169 работодавачи и 1,045 лица).

Во 2016 година се воведе нова алатка во работењето на АВРМ (профилирање на невработените лица), наменета за лица во неповолна положба на пазарот на трудот, која ја следи веќе воспоставената пракса на изготвување на Индивидуални планови за вработување (ИПВ). По извршеното профилирање (класификација) на невработените, се изготвува ИПВ-верзија 1 (за директно вработливи или лица со умерени пречки при вработување) или ИПВ-верзија 2 (за клиентите со значителни пречки при вработувањето). Заклучно со декември 2016 година, направено е профилирање на 7,665 лица (3,448 жени), од кои 3,710 се идентификувани како лица со значителни тешкотии во вработувањето и од нив за 3,438 лица е изработен ИПВ 2.

Како резултат на напорите што АВРМ ги вложува за олеснување на користењето на услугите на клиентите кои живеат на поголема оддалеченост од најблискиот центар за вработување, во 2016 година отворени се три нови дисперзирани

канцеларии (во Дојран, Карбинци, Чешиново–Облешево), со што бројот на вакви канцеларии во државата е зголемен на 29, а се планира да се продолжи со отворање на нови вакви канцеларии.

Во активностите за јакнење на капацитетите на јавната служба за вработување и унапредување на нејзината работа и услуги, значителна поддршка се обезбедува и преку ИПА инструментот на Европската унија, преку реализацијата на проектите за „Зајакнување на финансискиот менаџмент и системите на внатрешна контрола во Агенција за вработување“, како и со неодамна завршениот Твининг проект за „Поддршка на Агенцијата за вработување во спроведување на активни мерки и услуги за вработување“.

Во февруари 2016 година Агенцијата за вработување на Република Македонија доби сертификат за стандардот ISO 9001:2008.

**Европски социјален фонд**

Во претпоследната година од имплементацијата на Оперативната програма „Развој на човечките ресурси“ (ИПА Компонентата IV), напорите на надлежните институции беа насочени кон навремено и правилно спроведување на проектите кофинансирани од ИПА компонента IV.

Во однос на ИПА програмскиот период по 2014 година (ИПА II), подготвените програмски документи за секторот „Образование, вработување и социјална политика“ (финансиска перспектива 2017-2020) беа поднесени на разгледување до Делегацијата на Европската унија. Програмските документи предвидуваат зајакнување на институционалниот капацитет за одржливи реформи во секторот, зајакнување на системот на образование и обука, унапредување на развојот на вештини, вработување и работни услови, социјална заштита, социјално вклучување и еднакво учество на пазарот на трудот и општеството.

Приоритет беше и натамошно воведување на секторскиот пристап. Со формулирање на Стратегијата за образование и особено на Програмата за реформи во вработувањето и социјалните политики (ЕСРП) се создаде единствена стратешка рамка која ги обединува клучните реформи во секторот. Рамката за следење на ЕСРП е рамка за следење и оценка на успешност на секторот и заедно со годишните извештаи за имплементација на ЕСРП ќе биде разгледувана од Секторската работна група за секторот „Образование, вработување и социјална политика“.

### *Краткорочни приоритети*

**Политика на вработување**

На почетокот на годината се планира да биде усвоен новиот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување за 2017 година, на чие практично спроведување ќе се работи во текот на годината.

Покрај Оперативниот план, во наредниот период ќе се продолжат со имплементација и проектот за самовработување со кредитирање. Посебен фокус на политиките на пазарот на труд ќе биде зголемувањето на вработеноста на младите лица, на возраст до 29 години.

Агенцијата за вработување интензивно ќе ги продолжи активностите за профилирање на невработените лица и изготвување на ИПВ, за што подобро и поефикасно прилагодување на мерките и услугите кон специфичните потреби на секое невработено лице поодделно. Со тоа ќе се зголеми и активацијата на невработените лица, а финансиските средства ќе бидат насочени кон оние невработени лица за кои се најсоодветни.

Со цел да се оствари можност за директно поврзување на работодавачите и невработените лица, Агенцијата за вработување и во наредниот период ќе продолжи со организирање на Саеми за вработување во повеќе градови низ државата, во рамки на кои невработените лица ќе можат да оставаат своја работна биографија и да се претставаат пред работодавачите, а работодавачите да ја презентираат својата дејност и да ја задоволат својата потреба од соодветна работна сила.

Кон крајот на годината ќе се подготви и донесе и новиот годишен Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2018 година.

Во текот на годината се очекува да се заокружи интензивниот и партиципативен процес на подготовка на Законот за социјално претприемништво, со кој ќе се обезбеди правно уредување на основите за дејствување и ќе се интензивира развојот на социјалното претприемништво во Република Македонија.

Во 2017 година, ќе продолжи спроведувањето на проектите од ИПА Компонентата 4 „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени II - втор директен грант на АВРМ“ и „Зајакнување на финансискиот менаџмент и системите на внатрешна контрола во Агенција за вработување“, а ќе започне да се имплементира и III-иот директен грант за Агенцијата за вработување, во вкупен износ од 1.4 милиони евра и со кој се очекува како целна група во утврдените мерки за вработување да бидат опфатени околу 3,800 млади лица до 29 годишна возраст.

**Европски социјален фонд**
Во наредната година ќе финализира имплементацијата на проектите во рамки на ИПА компонентата IV, при што ИПА структурата ќе се фокусира на редовното следење на нивната реализација.

Во првата половина на 2017 година се очекува да се доусогласат програмските документи за секторот „Образование, вработување и социјална политика“ (ИПА II), а Оперативната структура во МТСП и МОН ќе започне и со подготовка на тендерска документација за проектите што ќе се спроведуваат по пат на индиректен менаџмент (имплементирани од страна на националната оперативна структура).
Приоритет во 2017 година ќе биде и имплементација на секторскиот пристап при што надлежните институции ќе преземаат чекори за постигнување на таргетите дефинирани во секторскиот патоказ до целосно исполнување на критериумите за секторски пристап, а со тоа и за користењето на ИПА II фондовите.

### *Среднорочни приоитети*

**Политика на вработување**
Ќе продолжи спроведувањето на политики, мерки и активности насочени кон справување со предизвиците со кои се соочува пазарот на труд во Република Македонија, пред сè во делот на подобрување на состојбите со невработеноста, особено кај најранливите категории на лица (млади, долгорочно невработени, лица со инвалидност, социјално загрозени лица и други), преку имплементација на постоечките стратешки документи од областа на вработување, како Национална стратегија за вработување 2020, Национален акциски план за вработување на млади 2020, Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020 (ЕСРП). Во периодот 2017-2018 година предвидена е и прва периодична ревизија на НАП за вработување на млади 2020.

Покрај горенаведените стратешки документи, во наредниот период политиките ќе бидат насочени и кон намалување на сивата економија и непријавената работа преку имплементацијата на новата Национална стратегија за формализирање на неформалната економија, а ќе се продолжи и со јакнење на капацитетите на Министерството за труд и социјална политика и другите релевантни институции и субјекти во оваа област.
Во наредниот период ќе се развие поддршката за вработување на најранливите категории и социјалните услуги, преку донесување на Закон за социјално претприемништво и негово имплементирање.

Паралелно ќе се продолжи и со активностите за натамошно јакнење на капацитетите на сите релевантни субјекти во предвидувањето на движењата и потребите на пазарот на трудот, планирањето, креирањето и имплементацијата на политиките за вработување, унапредување на процесот на мониторингот и евалуација, зајакнување на меѓуинституционалната соработка за подобрување на успешноста на политиките за вработување преку обуки, семинари и работилници, обезбедување на активна вклученост на социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политиките за вработување итн.

Поддршка во финансирањето на активни мерки и услуги за вработување се планира да се обезбедува и понатаму преку Инструментот за претпристапна помош на Европската унија (ИПА II), како и за активностите за понатамошно зајакнување на услугите на АВРМ за лицата кои бараат работа и за работодавачите, преку дизајн, пилотирање и спроведување на таргетирани услуги и мерки за младите и потешко вработливи лица, како и поттикнување на заедничка соработка со други институции во испораката на услуги.

**Европски социјален фонд**
Во 2018 ќе се спроведат активности за затворање на Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“ ИПА Компонента 4 (ИПА I) и за сумирање на постигнатите резултати.
Поефективното и поефикасното искористување на претпристапната помош за спроведување на политики и мерки во областите вработување и социјална политика, останува приоритет и во контекст на новиот претпристапен инструмент - ИПА II.
Ќе продолжат активностите за воведување на секторски пристап во водењето на политиките во секторот „Образование, вработување и социјална политика“ и за имплементација на акциската програма, по нејзиното усвојување од страна на Европската комисија.
Еден од предизвиците во овој сектор е да се продолжи и со унапредување на институционалниот капацитет за индиректно управување и апсорпција на претпристапната помош.. Затоа, приоритет е оптимизација на структурите и натамошно подобрување на кадровските капацитети и процедури.

### 3.19.5 СОЦИЈАЛНА ВКЛУЧЕНОСТ

***Тековна состојба***

Во текот на изминатата година продолжи спроведувањето на повеќето утврдени политики, мерки и активности насочени кон подобрување на состојбите на лицата кои се наоѓаат во состојба на социјален ризик и различните ранливи категории на граѓани и подобрувањето на нивната социјална вклученост.

Во континуитет се преземаат мерки за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост на различни категории на лица, пред сè преку реализација на активностите предвидени во различните стратешки и оперативни документи кои ги адресираат овие специфични предизвици. Посебен приоритет се напорите за континуирано подобрување на обемот, квалитетот и опфатот на различните социјални услуги и грижата за ранливите категории на граѓани (лица со посебни потреби, деца на улица, стари лица, социјално загрозени семејства, жени од рурални средини, Роми итн.). Во организирањето и финансирањето на ваквите активности и проекти во изминатиот период,, покрај средствата од националниот буџет, значителна поддршка се обезбедува и преку Инструментот за претпристапна помош на Европската унија (пред сè ИПА Компонентата 4), како и од страна на останати меѓународни организации, билатерални партнери и развојни партнери.

Дел од активностите во оваа област се реализираа, согласно подготвениот редовен годишен Оперативен план за 2016 година за имплементација на Ревидираната Национална стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020, како и Оперативниот план за 2016 година за спроведување на Националната стратегија за стари лица 2010-2020. Покрај усвојувањето на овие нови Оперативни планови, од Владата на Република Македонија беа разгледани и подготвените извештаи за реализираните активности и постигнатите резултати од минатогодишната имплементација на Оперативните планови за 2015 година.

Во текот на годината продолжи развојот на стандардите (национален стандард и посебни стандарди за различни групи на лица со попреченост) и тренинг програмите за лицата со попреченост и стручните работници. Се спроведе истражување за потребите и побарувањата за професионална рехабилитација и податоците кои ќе бидат добиени ќе бидат искористени како основа за комплетирање на тренинг програмите и понатамошен развој на стандарди. Се креираат два сета на програми за професионална рахабилитација и тоа тренинг програми за лица кои се веќе на работно место и тренинг програми за лица со попреченост кои бараат работа, или сакаат да се вратат на работа. Во оваа област развиен е и нацрт-организациски модел за соработка, вклучувајќи опис на улогите на сите релевантни засегнатите страни и субјекти (анализа на улогите, одговорности) и предлог за организациски пристапи во нивната меѓусебна соработка. Се работеше и на подготовка на листа на услуги за професионална рехабилитација и цена на чинење и трошоци за услугите.

Покрај тоа, завршени се подготвителните активности за воспоставување одржлив модел на персонална асистенција, т.е. се работеше на дефинирање на корисниците на личните асистенти и типовите на лична асистенција, подготвена е програма за обука на персоналните асистенти, подготвен е план за подигнување на свеста на работодавците и промотивен материјал за подигнување на свеста на лицата со посебни потреби, како потенцијални корисници и контролори на услугите на лична асистенција, направена е оценка на финансиските и буџетските импликации за спроведување персоналните асистенти во РМ. Овие активности се реализирани и со експертска поддршка обезбедена во рамките на двогодишниот проект за „Унапредување на услугите за социјално вклучување“ кој се спроведува од јули 2015 година, во рамките на ИПА компонентата 4.

Врз основа на доставените предлог-програми од страна на Националниот Совет на инвалидски организации, подготвени и усвоени од страна на Владата се Програма[79] и Одлука[80] за финансирање на инвалидските организации преку распоредување на приходите од игри на среќа и забавни игри за 2016 година, со кои се обезбедени средства за оваа намена во висина од 66,000,000 денари (повеќе од 1 милион евра). Исто така, Владата на Република Македонија ја усвои и Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со најмалку 80% инвалидност на долните екстремитети, лица со умерена, тешка и длабока интелектуална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица за 2016 година.

Со цел да се подобри и унапреди инклузивноста на пазарот на труд во државата и да се поттикне креирање на нови можности за вработување преку стимулација на социјалната економија, во мај 2016 година започна реализацијата на проектот „Зајакнување на социјалното претприемништво“ (ИПА Компонента 4). Во рамки на Проектот, кој ќе трае 18 месеци, е предвидено да се реализираат поголем број на активности за градење на поволна средина за социјално претприемништво. Ќе се обезбеди поддршка во креирање на соодветна законска рамка, ќе се унапредат условите за воведување и развој на социјалното претприемништво во државата, а се планира да се воспостават и разни видови на поддршка на социјалните претпријатија што ги таргетираат лицата во неповолна положба. Веќе е подготвена анализа на состојбата и преглед на компаративни меѓународни искуства во оваа област.

---

[79] „Службен Весник на Република Македонија“ бр.7/2016

[80] „Службен Весник на Република Македонија“ бр.2/2016

Во поодмината фаза е и работата околу соодветното правно регулирање на социјалното претприемништво и подготовката на нацрт-Закон за социјално претприемништво во рамките на еден широк процес на учество и консултации со сите релевантни субјекти.
Во изминатиот период продолжи спроведувањето на активности насочени кон подобрување и унапредување на институционалната и вонинституционалната грижа и заштита, како и на квалитетот на живот на старите лица. Продолжија проектите за бесплатна бањско-климатска рекреација и бесплатен туристички викенд за корисници на пензија, активности околу адаптација, опремување и отворање на дневни центри за стари лица. Отворени се нови шест приватни домови за стари лица, со што вкупниот број на досега изградени и отворени приватни домови за стари лица е 23, со вкупен капацитет за сместување од 762 легла.
Во текот на годината интензивно продолжија и активностите за значително подобрување на вклученоста и опфатот на децата од руралните средини, како специфична ранлива група, во системот на предучилишна грижа и воспитување, со отворање на нови 9 детски градинки и 5 центри за ран детски развој во руралните средини.
Во изминатиот период продолжи спроведувањето на поголем број на проекти и активности за унапредување на положбата и социјалната инклузија на Ромите во Република Македонија, во согласност со Стратегијата за Роми 2014-2020.
За операционализација на стратешките приоритети и обезбедување на координиран и усогласен пристап во справувањето со идентификуваните предизвици со кои се соочуваат Ромите во државата, подготвени и усвоени се и Националните акциски планови за здравство, за вработување, домување, образование и за зајакнување на положбата на ромската жена во општеството, за период до 2020 година.
Продолжи спроведувањето на проектот за „Инклузија на деца-Роми во детските градинки“, со опфат на околу 650 деца-Роми во 19 општини во учебната 2015/16година, како и Програмите за ромски здравствени медијатори и за стипендирање и менторирање на ученици-Роми вклучени во средно образование, при што за учебната 2015/16 година беа селектирани вкупно 582 средношколци-Роми за стипендија и менторска поддршка.
Продолжија и активностите за обезбедување на поддршка за вработување на Роми како целна група во активните програми и мерки за вработување кои се спроведуваа во текот на годината.
Ромските информативни центри континуирано работеа на обезбедување на информации, совети, информативни средби и логистичка поддршка за услуги поврзани со остварување на права и обврски од социјалната и здравствената заштита, образованието, вработувањето, вадење на лична документација, домување и останати услуги. До крајот на 2016 година во рамки на акцијата за идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матичните книги на родени ќе бидат направени 30 ДНК анализи.
Во јануари 2016 година започна и спроведувањето на проектот „Локална интеграција на бегалци, внатрешно раселени лица и малцински групи” (ИПА Компонента 1 - ТАИБ), во времетраење од 18 месеци, преку кој ќе се зајакне и поддржи процесот на локална интеграција и вклучување на малцинските групи (пред сè Ромите), зајакнување на капацитетите на администрацијата на централно и локално ниво и поддршка на имплементацијата на националните и локалните јавни политики за социјално вклучување на Ромите.

### *Краткорочни приоритети*

Во претстојниот период, ќе продолжи спроведувањето на конкретни проекти и активности за адресирање на постоечките предизвици во делот на социјалната инклузија и намалувањето на сиромаштијата, со кои се сочуваат различните ранливи групи на граѓани кои се во состојба на социјален ризик. Ваквите активности ќе се реализираат во согласност со повеќето постоечки стратешки и оперативни документи кои третираат овие прашања, како што се Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020, Националната стратегија за вработување 2016-2020, Програмата за развој на социјалната заштита 2011-2021, Националната стратегија за изедначување на правата на лицата инвалидност, Стратегијата и Акциските планови за Ромите, националните стратешки документи за стари лица, за деинституционализација и секако, новоподготвената сеопфатна стратешка реформска рамка, т.е. Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020 (ЕСРП), која се очекува да биде финализирана и усвоена во текот на следната (2017) година.

Поддршка во спроведувањето на планираните мерки и активности ќе продолжи да се обезбедува и преку реализацијата на неколкуте проекти ко-финансирани преку ИПА Компонентата 4, а исто така се планира поддршка и преку новата финансиска перспектива - ИПА II (2014-2020).

Во наредната година ќе продолжи спроведувањето на проектот за „Унапредување на услугите за социјално вклучување“, за поддршка во воведувањето на системот за професионална рехабилитација за лицата со посебни потреби и нивно вклучување на отворениот пазар на труд, како и на системот на услуги за персонална асистенција за овие лица, надградба на постојниот

ИТ мониторинг софтверски систем за социјални услуги „Лирикус“ (воспоставената апликација и база на податоци за социјални услуги во центрите за социјална работа и установите за социјална заштита).

Со поддршка од проектот „Зајакнување на социјалното претприемништво“ (ИПА Компонента 4) ќе се работи на воспоставување на правната и институционалната рамка за поттикнување на социјалните бизниси, подобрување на капацитетите на надлежните институции, а ќе се обезбеди и техничка помош на веќе постоечки социјални бизниси. Во текот на годината се очекува и финализирањето и усвојувањето на Закон за социјално претприемништво.

Покрај тоа до крајот на 2017 година треба да заврши спроведувањето на околу 40 грант проекти ко-финансирани преку двете грантови шеми (ИПА Компонента 4) за поттикнување на социјалното вклучување и вработување на локално ниво, кои вклучуваат конкретни активности за подобрување на вештините, нивото на образование, квалификациите на ранливите групи за вклучување на пазарот на труд, развој и имплементација на социјални услуги во заедницата за интеграција на лица кои се социјално исклучени, во ризик од социјално исклучување и/или дискриминирани, развој на услуги за индивидуална поддршка на лицата во неповолна положба итн. Проектите се имплементираат преку партнерства меѓу граѓански организации, општините и други релевантни организации и институции на локално ниво.
Паралелно, во текот на годината ќе продолжи и обезбедувањето на финансиска поддршка на невладини организации, по пат на јавен оглас, од страна на Министерството за труд и социјална политика за спроведување на проекти од областа на социјалната инклузија и обезбедување на социјални услуги за ранливи категории на граѓани.

Согласно утврдените приоритети, и во претстојниот период ќе се спроведуваат активности во насока на развивање на форми и поттикнување на вклученоста и соработката на локално ниво за надминување на социјалните ризици на ранливите категории, меѓу другото и преку отпочнатото воспоставување на центри за социјални услуги (ЦСУ) и локални совети за социјална заштита (ЛСС) кои ќе треба да обезбедат зголемена активност, инволвираност, соработка и комуникација на институциите, невладиниот сектор, хуманитарните организации, приватниот сектор и другите субјекти во општините, во остварувањето на социјалните активности во локалната заедница, пореално согледување на потребите на граѓаните, носење и имплементација на локални програми од областа на социјалната заштита, зголемување на информираноста на граѓаните за своите права од социјалната заштита и нивно остварување, развивање на знаења и вештини на одделни групи на население за справување со одредени социјални ризици итн.
Ќе се работи на зголемување на вработливоста и активацијата на ранливите категории на локално ниво, преку имплементација на мерки и проекти на локално ниво за зголемување на вработливоста и социјалната инклузија на лицата од различни ранливи категории, проширување на започнатата програма за општинско-корисна работа (социјални услуги во заедницата), преку која работно се ангажираат ранливи групи на граѓани, а во исто време се обезбедуваат иновативни социјални услуги во локалните заедници.

И понатаму ќе се зајакнува и унапредува процесот на деинституционализација и унапредување на вон-институционалните форми на заштита, со фокус на лицата со инвалидност.
За унапредување на процесот на деинституционализација, во текот на 2017 година ќе отпочнат повеќе активности. Ќе се подготви детална и сеопфатна анализа и оценка на моменталните состојби, постигнатите резултати и предизвици во имплементацијата на постоечката Стратегија за деинституционализација 2008-2018. Согласно анализата, ќе се отпочне процес на ревидирање и ажурирање на Стратегијата, со продолжување на временскиот опфат (по 2018 година), подготовка на конкретен акциски план со временска динамика, буџетска рамка, индикатори и цели што ќе треба да се постигнат. Ќе се воспостави ефикасен механизам за координација и следење и оценка на спроведувањето на Стратегијата. Посебно ќе се обрне внимание на анализа и оценка на состојбите во Специјалниот Завод „Демир Капија“ и воспоставените станбени единици за самостојно живеење со поддршка; идентификување на клучните предизвици во овој дел и потребните реформи и активности, во согласност со добрите практики и стандардите на ЕУ. Во рамки на овој процес ќе бидат организирани и реализирани дискусии и јавни дебати, размена на мислења и ставови, презентирање и пренесување на релевантни европски искуства, со вклученост на сите релевантни субјекти
Активностите се планира да се реализираат со експертска поддршка која ќе се обезбеди преку едногодишен ИПА 2 проект за поддршка на процесот на деинституционализација во социјалниот сектор.

И понатаму ќе се зајакнува и проширува мрежата на постоечки услуги и алтернативни форми на грижа и заштита на специфични ранливи категории на граѓани (стари лица, деца/лица со попреченост, деца без родители и родителска грижа, деца на улица, деца во ризик, бездомници, жртви на насилство итн.), преку отворање на нови дневни центри, мали групни домови и слични алтернативни форми на грижа.

Во претстојниот период ќе се преземат конкретни мерки за заштита на еднородителските семејства, преку измени и дополнувања на Законот за семејство, со прецизно дефинирање на статусите самохран родител и еднородителско семејство. Исто така, ќе се промовираат бесплатни сервиси за еднородителските семејства со потпросечни примања на локално ниво, ќе се обезбеди законска основа за остварување на правото на флексибилно работно време за родителот од еднородителско семејство.

До крајот на годината ќе се донесе Национална Стратегија за превенција, спречување и заштита од семејно насилство 2018-2021, со која ќе се унапреди системот на заштита на жртвите преку измени и дополнувања на националната легислатива, ќе се унапреди и воспостави мрежа на специјализирани услуги за жртви на семејно насилство преку отворање на советувалишта за жртви, советувалишта за сторители, кризни центри и засолништа.

Ќе се донесе нова Национална стратегија за интеграција на бегалци и странци во Република Македонија 2017-2021, преку која ќе се јакне системот на интеграција, ќе се предвидат одржливи мерки за рана интеграција и ќе се превидат мерки кои ќе овозможат домување, образовани и вклучување на пазарот на трудот, со што ќе се обезбеди и нивна независнот од системот на социјалната заштита.

Ќе се посветува и внимание на потребата од постојано јакнење на капацитетите на претставниците на различни субјекти на локално ниво за развој, креирање, спроведување на услуги од областа на социјална заштита и социјална инклузија.

Во текот на наредната година ќе се продолжи и со имплементацијата на Националните акциски планови од Стратегијата за Ромите во сите релевантни области. И во текот на 2017 ќе продолжи спроведување на Проектот за вклучување на деца-Роми во предучилишно образование (во соработка со Ромскиот едукативен фонд, општините и јавните претшколски установи), програмата за ромски здравствени медијатори, програмата за стипендирање и менторирање на ученици Роми вклучени во средно образование, ќе продолжи поддршката на функционирањето на воспоставените 12 Ромски информативни центри на територијата на Република Македонија, активностите во рамки на координираната акција за идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матичните книги на родени, како и активностите за поддршка на вработувањето на Роми, како специфична целна група опфатена со активните мерки за вработување и со годишните Оперативни планови за програми за вработување и услуги на пазарот на труд.

### *Среднорочни приоритети*

Меѓу другото, во рамки на програмирањето на поддршката со средства од IPA II фондовите, се планира дополнително да се поддржат процесите на деинституционализација, преку натамошна трансформација на постојните установи и воспоставување на алтернативни сервиси за лицата со посебни потреби, младите со асоцијално поведение, старите и бездомните. Ќе се продолжи со натамошно развивање на услугите за професионална рехабилитација на лицата со посебни потреби, вклучително и медицинската и биопсихолошката рехабилитација.

Во текот на годината се планира да бидат заокружени планираните активности во однос на ревидирањето на постоечката Национална стратегија за деинституционализација 2008-2018 и подготовката на конкретен акциски план и патоказ за спроведување на ревидираната стратегија, како и реализација на бројни активности во поддршка на спроведувањето на процесот на деинституционализација, воспоставувањето на ефикасен механизам за координација и следење на спроведувањето, поддршка и интензивирање на активното вклучување на локалната самоуправа и граѓанскиот сектор во овие процеси итн.

Понатаму, се планира да се формираат структури/механизми чија цел ќе биде да обезбедат трансфер на знаење и градење на капацитетите на организациите кои промовираат социјално претприемништво и директна поддршка на конкретни социјални иницијативи, со поттикнување на социјалното претприемништво помеѓу Ромите и другите ранливи групи.
Значителни активности се планираат токму во делот на зголемувањето на учеството на Ромите на пазарот на трудот и имплементирање на активни мерки на пазарот на трудот, во комбинација со мерки за борба против дискриминацијата, насочени кон припадниците на оваа заедница, намалување на пречките со кои се соочуваат Ромите во пристапот до социјалната заштита, предучилишното образование и домување, зајакнување на опсегот на работата на Ромските информативни центри и ромските медијатори, со воведување на ромски медијатори кои ќе работат со бездомните лица сместени во колективните центри, со децата на улица, лицата без документи итн.

### 3.19.6 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

#### *Тековна состојба*

Мерките за подобрување на адекватноста на паричните давања во социјалната заштита, како помош и поддршка на најранливите категории на население и справување со сиромаштијата, продолжија, при што од јули 2016 година за 5% се покачи висината на социјалната парична помош и постојаната парична помош. Продолжува и дополнителната финансиска поддршка за најзагрозените домаќинства - корисниците на социјалната парична помош и постојаната парична помош, за субвенционирање на потрошувачката на енергенси во домот, преку имплементација на Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2016 година[81], како и на Програмата за условен паричен надоместок за средно образование во учебната 2016/17[82], наменета за ученици-средношколци кои редовно посетуваат настава и потекнуваат од семејства приматели на социјална помош, за што, за оваа учебна година се одвоени финансиски средства со кои ќе бидат поддржани околу 6,000 семејства. Со финансиска поддршка за оваа категорија ученици, која се реализира од учебната 2010/11 година, досега се поддржани околу 46,000 корисници.

Континуирано продолжува имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2020 преку Оперативниот план за 2016 година[83], во насока на зајакнување на превенцијата, поефективно вклучување на општините во остварување на социјалната заштита за ранливите групи во заедницата, зајакнување на меѓусекторската соработка, подобрување на услугите во установите за институционална социјална заштита, вонинституционалната заштита, како и развивање на нови форми и услуги во заедницата.

Јакнењето на капацитетите на стручните лица, по спроведената Функционална анализа на Центрите за социјална работа, особено се насочи кон зајакнување и унапредување на процесот на планирање, следење и известување за работењето во овие установи. Изготвено е упатство за поефикасна изработка на годишната програма за работа на центрите, а спроведена е и обука на раководниот кадар за техниките на планирање, а поставени се и норми и процедури за следење на стручните лица во центрите за социјална работа од страна на раководните лица, за обезбедување на увид во ефикасноста, квалитетот на работењето и испораката на социјалните услуги до корисниците.

За подобрување на стручната работа на стручните лица во установите за социјална заштита, спроведен е мониторинг на примената на стандардите и процедурите за работа со корисниците, а особено со децата и со инвалидните лица, кој има за цел да придонесе кон подобрување на квалитетот на работата, професионален развој на стручните работници и зголемување на нивната компетентност.

Во делот на подобрувањето на условите за работа и квалитетот на услугите, завршено е реновирањето на центрите за социјална работа и дневните центри во 18 општини (21 објекти на центрите за социјална работа и дневните центри за лица со посебни потреби), со поддршка од страна на ИПА Компонентата 4.

#### *Краткрочни приоритети*

Во наредниот период се планира да се воведат повеќе суштински промени во насока на реформирање на ситемот на социјална заштита,преку унапредување во делот на видот и адекватноста на паричните давања во социјалната заштита како помош и поддршка на најранливите категории на население, обезбедување на подобро насочување на надоместоците кон лицата на кои тие навистина им се најпотребни и нивно ставање во функција на справување со сиромаштијата и социјалната исклученост.

Во насока на подготовки за спроведување на планираната реформа на системот на социјалната заштита, во текот на година ќе отпочне процес на анализа и проценка на сегашната законска регулатива во делот на обезбедување на парични права, со цел воведување на нов систем на надоместоци насочени кон најранливите групи на граѓани, како и редизајнирање на социјалните услуги, согласно потребите на ранливите групи.

Со Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија за 2017[84], предвидено е зголемување на субвенцијата за платени сметки за потрошена енергија која во 2017 година ќе изнесува 1,000 денари за секое домаќинство кое ги исполнува условите предвидени со Програмата.

---

[81] Објавена во "Службен весник на Република Македонија", бр. 2/2016
[82] Објавена во "Службен весник на Република Македонија", бр. 158/2016
[83] Усвоен на седницата на Координативноста тело за следење и евалуација на имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита, одржана на 10 март 2016 година.
[84] "Службен весник на Република Македонија" бр.192/2016

Заради понатамошно подобрување на работата и квалитетот на услугите гои ги испорачуваат центрите за социјална работа, во текот на 2017 година се планира дополнително опремување (набавка на возила, ИТ опрема и мебел) за центрите за социјална работа и дел од дневните центри. Поддршка за овие активности се обезбедува преки ИПА Компонентата 4.

*Пензиски систем*

Формирање на Совет за следење на состојбите во пензискиот систем, кој ќе обезбеди системско следење на состојбите во пензискиот систем и решавање на предизвиците во оваа област. Во Советот ќе членуваат претставници на сите релевантни институции и субјекти и тоа министрите за труд и социјална политика, за финансии, економија, заменикот на Претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, министерот без ресор задолжен за странски инвестиции, претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, директорот на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, првите генерални директори на двете пензиски друштва, а ќе се консултираат и експерти од областа. Советот ќе разгледува прашања поврзани со одржливоста на пензискиот систем, до Владата на Република Македонија ќе иницира законски мерки за подобрување на состојбите во двостолбниот пензиски систем и особено за подобрувања во делот на одржливоста на јавниот пензиски систем на долг рок.

Во текот на октомври 2017 година Советот се очекува да достави предлози за подобрување на состојбите во двостолбниот пензиски систем и негова одржливост на краток и среден рок.

Ќе се работи на одржување на вредноста на пензиите преку нивно усогласување два пати годишно во висина од 50% од порастот на платите и 50% од движењето на трошоците на живот.

### *Среднорочни приоритети*

Системот на социјална заштита ќе се реформира во насока на одвојување на паричните права од социјалните услуги и стручната социјална работа, но и преку подобро насочување на надоместоците кон најранливите граѓани. Преку законски измени ќе се воведе Програма за минимален адекватен приход, преку која лицата кои живеат во сиромаштија ќе добијат паричен надомест како надополнување на нивниот приход до линијата на сиромаштијата, а секое семејство кое живее во сиромаштија и не остварува никаков друг приход ќе добие 12,000 денари месечно. Ќе се обезбеди функционирање на 8 регионални агенции за исплата на материјалните права од системот на социјалната заштита, потоа ќе се воведе семеен социјален работник, односно ќе се воведе моделот на водење на случај, каде секој социјален работник ќе треба да управува со определен број на семејства, утврден со стандарди и нормативи кои ќе го гарантираат квалитетот на испорачаната услуга. Ќе се редизајнираат социјалните услуги за да се обезбеди истите да бидат поблиски до граѓаните, да одговараат на нивните потреби и да се обезбедуваат на ниво на локална заедница.

Ќе се подготви анализа за воведување на модел на социјални договори кои ќе имаат за цел развивање на социјалните услуги на локално ниво, пред сè од страна на граѓанските организации и приватниот сектор.

*Пензиски систем*

Ќе се работи на изготвување на анализа со предлог решенија за уредување на регистар на професии и работни места кои според својата природа се ризични и опасни по здравјето и ја намалуваат работната способност на работниците и за кои постои потреба од бенефициран стаж или предвремено пензионирање.

Ќе се подготви и Анализа на можностите за воведување на дополнително усогласување на пензиите секоја година, со критериуми според кои ќе се врши дополнителното усогалсување.

Изготвување на функционална анализа за искористување на постојните пензионерски домови како објекти за воспоставување на пензионерски заедници, со организирано домување, со лесно достапни медицински и други служби и со понуда на прехранбени продукти по поволни цени.

## 3.19.7 АНТИДИСКРИМИНАЦИЈА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

### *Тековна состојба*

Во рамки на широк процес на консултации и заедничка соработка меѓу релевантни институции, невладини и меѓународни организации, подготвена и усвоена е Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020, значаен стратешки документ кој ги дефинира целите, мерките, индикаторите, клучните креатори на политиките за унапредување на правата и еднаквите можности во различните области од животот, одговорните чинители и сите засегнати страни во воспоставувањето на еднаквост и недискриминација во Република Македонија.

Подготвен е и усвоен е Годишниот извештај за превземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во Република Македонија за 2015 година.

Во рамки на одбележувањето на меѓународниот ден на правата на жените, Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Собранието на РМ одржа седница на тема „10 години од донесувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите", а на истата тема, во соработка со UN Women, се одржа и конференција на која беа презентирани постигнатите резултати од донесувањето и имплементацијата на Законот, како и предизвиците кои претстојат во наредниот период.

Се финализира имплементацијата на Твининг проектот за „Поддршка за имплементација на родовата еднаквост", кој се спроведува од мај 2015 година и кој придонесува за значително зајакнување на капацитетите на сите релевантни субјекти од областа на родовата рамноправност, како клучна за човековите права и фундаменталните слободи, како и кон зголемување на ефективноста и подготвеноста на државата во оваа област, во контекст и на подготовките за пристапување кон ЕУ. Согласно подготвената програма, реализирани се 30 обуки со кои се опфатени 150 лица, за понатамошно зајакнување на капацитетите на родовата структура на национално и локално ниво за ефективна комуникација и односи со јавност, запознавање со клучните и релевантни концепти за работата на министерствата, примена и важност на европското законодавство и концептот за унапредување на родовата еднаквост. Во рамки на Проектот се изработија анализи на националното законодавство од областа на родовата еднаквост, со препораки за потребни измени на постојното законодавство и усогласување со законодавството на ЕУ. Се реализираат и активности за воведување и примена на т.н. *„G-marker"*, алатка/методологија за оценка и презентирање на родовото влијание при дизајнирањето на специфични политики, процедури, законски решенија, програми или проекти и начинот на кој тие ги адресираат, т.е. таргетираат специфичните родови нееднаквости. Со цел практична размена на искуства беа реализирани и две студиски посети (Велика Британија и Португалија).

Со цел унапредување и усогласување на македонското со европското законодавство и стандардите пропишани во Директивите на ЕУ од областа на недискриминацијата, со експертска поддршка на Мисијата на ОБСЕ и со вклучување на експерти од академијата, граѓанскиот сектор и претставници на релевантните институции, во тек е подготовка на нов Закон за спречување и заштита од дискриминација. Предлог законот ќе биде предмет на широк консултативен процес и до крајот на 2017 година, треба да биде усвоен од страна на Собранието на РМ.
Во континуитет ќе се продолжи со спроведувањето на родово одговорното буџетирање фокусирано на резултати, менторирање на министерствата кои работат на родово буџетски анализи и поддршка во процесот на подготовка на извештаите.

Во насока на подигање на свеста на државната администрација за концептот на родова еднаквост беа изработени модули за електронско учење (основен и напреден модул) кои треба да бидат ставени на електронската платформа на МИОА и да бидат дел од генеричките обуки за државната администрација. Модулите беа тестирани и се покажаа како компатибилни со е-платформата на МИОА.

Во однос на активностите за надминување на идентификуваните состојби на неоправдано присуство на деца-Роми во специјалните училишта, во октомври 2015 година се формираше Комисија за рекатегоризација на децата Роми составена од лекари, социјални работници и преведувачи на ромски и знаковен јазик. Целта на рекатегоризацијата беше да се утврди реалната здравствена состојба на децата и истата се спроведе во 9 специјални училишта во РМ, при што беа опфатени сите запишани деца-Роми. Рекатегоризацијата е реализирана во периодот ноември-декември 2015 година, а соодветен Извештај за спроведената рекатегоризацијата беше подготвен во 2016 и во него се содржани информации за бројот на рекатегоризирани деца, нивната здравствена состојба и препораки за нивно понатамошно вклучување во образовниот процес.

Во тек се активности за ревидирање и подобрување на постојното законодавство во областа на дискриминацијата, со формирање на работна група со задача да направи проценка за потребата од измени и дополнувања на Законот за заштита и спречување од дискриминација. Со експертска поддршка обезбедена од страна на ОБСЕ, работната група работи на унапредување на легислативата во делот на спречување и заштита од дискриминација, која ќе биде предмет и на широки консултации и усогласувања.

Комисија за заштита од дискриминација (КЗД)
Во декември 2015 година истече мандатот на членовите на Комисија за заштита од дискриминацијата, по што, во јануари 2016 година, по објавениот повик за аплицирање на комесари, Собранието на Република Македонија донесе Одлука (број 08-183/1) за именување на членови на Комисијата за заштита од дискриминација.

Комисијата за заштита од дискриминација, во соработка со мисијата на ОБСЕ во Скопје, го презентираше извештајот и наодите од спроведеното истражување ”Разлика во плати врз основа на пол на национално ниво”, со кое, согласно добиените податоци, се овозможува олеснување во однос на констатирањето на одредени ситуации на скриена дискриминација врз основа на полот и предложување на соодветни мерки, а добиените резултати и препораки се корисни за креаторите на политиките, синдикалните организации и организациите на работодавачи.
Со цел да се утврдат клучните проблеми со кои се соочуваат работниците и работодавачите во остварувањето на еднаквоста преку соодветното прилагодување и да се утврдат можни решенија за истите, Комисијата, во соработка со мисијата на ОБСЕ во Скопје, спроведе и истражување за „Соодветното прилагодување на работното место за лицата со попреченост“.
До Комисијата за заштита од дискриминација, во текот на 2016 година пристигнати се вкупно 57 претставки за наводно постоење на дискриминација по различни основи.

***Краткорочни приоритети***

Во наредниот период ќе се продолжи со со спроведување на активности и мерки за понатамошно унапредување на еднаквите можности на жените и мажите и превенцијата и заштитата од дискриминација.
Во текот на годината ќе се финализира подготовката на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација.
Со цел операционализација на стратешките цели и мерки од Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020 и Стратегијата за родово одговорно буџетирање 2012-2017, ќе бидат подготвени и соодветните Оперативни планови за 2017 година, со конкретни активности и временска рамка за нивна реализација.
Согласно обврската од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Министерството за труд и социјална политика, ќе достави до Владата на РМ, Годишен извештај за превземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите за 2016 година.
Најдоцна до октомври 2017 година, ќе биде подготвен нов Национален план за родова еднаквост 2017-2020 кој ќе биде доставен до Владата на РМ на усвојување, а процесот на подготовка ќе биде инклузивен со вклучување на сите релевантни субјекти.

До септември 2017 година ќе биде направена јавна промоција на Е-модулите за родова еднаквост од страна на министерот за труд и социјална политика и министерот за информатичко општество и администрација и нивно поставување на Е-платформата на МИОА како дел од генеричките обуки за државната администрација.

Со процесот на подготовка на буџетот и стратешкото планирање за 2018 година и вклучувањето на министерствата кои во изминатиот период не беа дел од процесот на родово буџетските анализи, ќе се испочитува целосно насоката дадена од Министерството за финансии во Буџетскиот циркулар при дефинирањето на аутпут индикаторите, селектираната програма за родово буџетска анализа да биде задолжително со родово дефинирани аутпут индикатори.
До декември 2017 година, ќе биде подготвено кратко упатство (прирачник) за чекорите и пристапите за примена на родово одговорното буџетирање како алатка која ќе им овозможи на министерствата и единиците на локалната самоуправа поддпшка во спроведувањето на родово буџетските иницијативи.
Дебатите и работните средби со пратениците од Собранието на РМ ќе продолжат и во 2017 година како добра пракса за поврзување со пратениците и подигање на свеста за нивната улога во процесот на интегрирање на родовата перспектива во фискалната политика на национално ниво.
Во ноември 2017 година ќе биде организирана Конференција "Пет години по усвојувањето на Стратегијата на Владата за родово одговорно буџетирање - предизвици и идни планови“, која ќе претставува добра можност за дискусија на сите вклучени субјекти во родовото буџетирање, размена на искуства и предлози за идни унапредувања на овој концепт.

Започнат е процесот на подготовка на нов предлог текст на Национален план за спроведување на Резолуцијата 1325 на ОН, жени, мир и безбедност, со вклучување на сите релевантни субјекти. Акцискиот план ќе биде со временска рамка од 2018-2020 година, а до декември 2017 ќе биде усвоен од страна на Владата на РМ.

Со цел усвојување на единствена правна рамка што ги уредува сите форми на родово базирано насилство, во втората половина на 2017 година ќе биде формирана работна група за подготовка на предлог закон за родово базирано насилство, со вклучување на претставници од релевантните институции, граѓанскиот сектор, социјалните партнери и академијата. До крај на 2017 година ќе започне подготовката на Анализа на националната легислатива, правниот систем и политики поврзани со насилството врз жените и семејно насилство и усогласеност со препораките на CAHVIO Конвенцијата.
Во септември 2017 година ќе отпочнат подготвителни активности во рамки на процесот на ратификација на Истанбулската Конвенција. Во рамки на овие активности ќе се биде изработена предратификациона анализа за Конвенцијата за превенција,

спречување и заштита од насилство врз жените, вклучувајќи го домашното насилство, со образложение на потребите од ратификација на  Конвенцијата.

Во насока на воспоставување и развивање на мултисекторски координиран пристап за спречување и заштита од дискриминација, до крајот на 2017 година ќе биде формирано Национално координативно тело за недискриминација, во согласност со Стратегијата за еднаквост и недискриминација 2016-2020.

Со поддршка на РЕФ (Ромскиот образовен фонд) во првата половина од 2017 година ќе се спроведат две обуки за наставници од основни и средни училишта од Скопје, Битола и Штип, со цел нивна сензибилност како да работат со децата со посебни потреби, со посебен фокус на децата со лесна психичка попреченост.  Истовремено ќе биде спроведена и обука за обучувачи, со што наставниците кои ќе ја поминат обуката ќе бидат сертифицирани обучувачи на истата тема и ќе имаат обврска да спроведат обуки во рамки на нивните училишта за останатиот наставен кадар.
Исто така ќе бидат спроведени три обуки за наставниците од истите училишта за концептот на еднаквост и недискриминација, со посебен фокус на етничката дискриминација
Во 2017 година ќе биде подготвен прирачник за работа наменет за наставниците од редовните училишта за тоа како да работат со децата со посебни потреби.

Во рамки на проектот “Интеграција на децата Роми во редовните училишта, надвор од специјалните училишта и десегрегација во редовните училишта” поддржана од РЕФ (Ромскиот образовен фонд), ќе биде формирана работна група од МТСП, МОН, МЗ и надворешен експерт, чија обврска ќе биде подготовка на амандмани на законот за основно и средно образование, во насока на давање на предлог за измени со цел да се задолжат родителите децата со лесна психичка попреченост да се запишуваат во редовните училишта, а истовремено да се забрани на специјалните училишта да ги запишуваат овие деца. Паралелно ќе се работи и со родителите кои имат деца запишани во специјалните училишта и за таа цел ќе бидат ангажирани 6 стручни лица (3 психолози и 3 социолози) кои ќе имаат обврска да  подготват програма за работа и распоред за спроведување на работилниците со родителите. До јули 2017 год. ќе се реализираат 30 работилници, со поддршка во рамки на проектот.
Ќе биде изработена анализа за состојбата со сегрегација на децата Роми во редовните основни и средни училишта и препораки за подобрување и десегрегација, од страна на надворешен експерт.

Со цел усогласување на домашното законодавство од областа на недискриминацијата со меѓународните стандарди и намалување на дискриминацијата на ЛГБТ популацијата ќе биде формирана работна група за отпочнување на процесот на подготовка на измени и дополнувања на Законот за матична евиденција, во насока на овозможување лицата припадници на ЛГБТИ заедницата да може да сменат лична карта во случај на промена на пол.

### *Среднорочни приоритети*

За унапрредување на домашната законска регулатива и вклучување на принципот на еднаквост и недискриминација, во текот на 2018 година ќе биде направено усогласување на сите закони со новиот Закон за спречување и заштита од дискриминација. Предлог-одредбите ќе бидат подготвени од страна на работна група  која ќе ја координира Министерството за труд и социјална политика.

До крајот на 2018 година ќе биде подготвен предлог текст на Законот  за родово базирано насилство и истиот ќе биде доставен до Собрание на РМ на усвојување.
Со отпочнувањето на подготвителните активности во 2017 година за ратификација на Истанбулската Конвенција, во 2018 ќе биде изработена анализа на трошоците за имплементација на CAHVIO Конвенцијата и ќе се формира работна група за изработка на план за спроведување на обврските од ратификуваната Конвенција.
Со цел воспоставување на систем за следење и менаџирање со случаи на родово базирано насилство (РБН), по ратификација на Истанбулската Конвенција, ќе се започне со изработка на софтвер за база на податоци за случаи на РБН (податоци од ЦСР, здравство, полиција, јавно обвинителство и суд), како и прирачник за начинот на прибирање податоци и генерирање на извештаи.

Во унапредувањето на родовата еднаквост и надминување на стереотипите и предрасудите поврзани со родовите улоги на жените и мажите ќе биде изработена анализа на добри пракси, за намалување на родовите стереотипи за девојчињата и момчињата во областа на неплатената работа, образовниот систем и пазарот на труд.

Во обезбедувањето на еднаков пристап на жените до правда, ќе биде изработена алатка за собирање на податоци според пол во однос на пристапот на жените до правда, односно воспоставување на база на податоци за број на жени кои започнале постапка за докажување на насилство.
Примена на родово сензитивен јазик ќе биде среднорочен приоритет во делот на родовата еднаквост, со отпочнување на процесот на подготовка на измени и дополнувања на Законот за употребата на македонскиот јазик.
Со цел воспоставување на ефективни, ефикасни и функционални механизми за родова еднаквост и координација на истите на национално и локално ниво, со поддршка на независен експерт ќе биде изработена сеопфатна анализа за функционирањето на институционалните механизми за родова еднаквост со препораки и заклучоци.
Родовото одговорно буџетирање и понатаму ќе биде приоритет со цел унапредување на родовата еднаквост во буџетските политики и стратешкото планирање. Обуки и понатаму ќе бидат реализирани за поддршка на ресорните министерства за спроведување на родово одговорни буџетски иницијативи за подготовка на годишните и тригодишните извештаи за напредокот и влијанието на нивните програми врз родовата еднаквост.

## 3.20 ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок** со донесување нова Стратегија за конкурентност и неколку законски измени. Во претстојната година, земјата треба:
→ да продолжи да ја приспособува правната рамка и да развие мерки за да се олесни пристапот на МСП до финансии;
→ да донесе стратегија за промовирање на женското претприемништво, стратегија за мали и средни претпријатија и стратегија за туризам.

***Резиме***

*Политиката на претпријатија во земјата се реализира преку: подобрување на деловната клима и дијалогот со бизнис заедницата за создавање и водење бизнис, отстранување на административните бариери со понатамошна имплементација на регулаторната гилотина и РИА, водење политики и програмски активности за создавање и поттикнување на конкурентна економија базирана на знаење, иновации, привлекување странски инвестиции, развој на претприемништво, кластеринг и извозна ориентација.*
*Од аспект на подобар пристап до финансии значајни се активностите на Македонската банка за поддршка на развојот (МБПР), инструментите на Фондот за иновации и технолошки развој, можностите кои се нудат преку Програмите на Заедницата, КОСМЕ и ХОРИЗОНТ 2020, регионалниот проект „Платформа за развој на претпријатијата и иновации за Западен Балкан", како и повеќе други проекти.*

### 3.20.1. ПРИНЦИПИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА

***Тековна состојба***

Продолжува имплементацијата на Регулаторната реформа преку реализација на Регулаторната гилотина и спроведување на Проценката на влијанието на регулативата (ПВР-РИА), како интегрален дел во процесот на подготовка на закони. Единствениот национален електронски регистар на прописи www.ener.gov.mk – ЕНЕР е во функција давајќи можност на сите засегнати страни да достават коментари и предлози директно до надлежните институции во врска со предлог-регулативата.
Дијалогот со бизнис заедницата континуирано продолжува преку директна комуникација со коморите, кластерите и други форми на здружувања, како и со директна комуникација со фирмите преку проектот „Учиме од бизнис заедницата", разни конференции, трибини и др. Преку порталот konkurentnost.mk редовно се известува бизнис заедницата за сите активности и мерки за поттикнување на конкурентноста.
Политиките за претпријатија се претставени преку повеќе стратешки документи и акциски планови: Стратегијата за конкурентност 2016-2020, Индустриска политика 2009-2020 година, Стратегија за развој на занаетчиството 2011-2020 година, Стратегија за иновации 2012-2020, како и поврзани програми. Сите документи се во согласност со Стратегијата ЕУ 2020, Стратегијата за ЈИЕ 2020, ЕУ Актот за мали бизниси и други соодветни регионални иницијативи.
Стратегија за конкурентност на македонската економија со Акциски план за периодот 2016-2020 година, е усвоена во јануари 2016. Во рамки на Акцискиот план интегрирани се приоритетните мерки од вториот пакет мерки за подобрување на глобалната конкурентност на земјата.
Стратегијата за конкурентност на македонската економија претставува единствен стратешки документ за конкурентност на македонската економија и ги дефинира приоритетите за понатамошен развој на македонската економија. Акцискиот план преку кој се спроведува Стратегијата опфаќа 45 приоритетни мерки во вредност од околу 131 милион евра, поделени во 7 области насочени кон: поедноставна и постабилна деловна средина; попретприемачки и попродуктивен МСП сектор; подинамичен извозен сектор; поатрактивна средина за странски инвеститори; повешта и попретприемничка работна сила; заживеана индустриска политика; и повеќе финансии за претприемачкиот сектор.
Во првите 6 месеци од реализација на Акцискиот план, статусот на реализација е следен:

- 27 мерки (60%) во фаза на спроведување
- 10 мерки (22%) со одложено спроведување
- 8 мерки (18%) со незапочнато спроведување

Клучни институции во креирање и имплементација на политиките за претпријатија и индустриска политика се КЗПВРМ, Министерството за економија, Министерството за образование и наука, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија, Фондот за иновации и технолошки развој и повеќе деловни и регионални центри. Мерките се имплементираат преку програми и проекти финансирани од Буџетот на РМ или ИПА и донатори („Проект за развој на вештини и поддршка на иновации" поддржан од Светска Банка).

***Краткорочни приоритети***
Понатамошна имплементација на донесените стратешки документи кои ги потврдуваат начелата за создавање на поволна деловна клима и конкурентна економија: Стратегијата за конкурентност 2016-2020, Индустриска политика 2009-2020, Стратегија за развој на занаетчиството 2011-2020, Стратегија за иновации 2012-2020, како и усвојување на нова Стратегија за развој на МСП и Стратегија за женско претприемништво, кои се во изработка.

Исто така, од посебно значење е анализа на состојбите и предлагање нови иницијативи и мерки за обезбедување подобар пристап до финансии, преку проширување на мерките на МБПР, изработка на законска регулатива за бизнис ангели и развој на концептот за финансирање преку бизнис ангели, искористување и проширување на можностите кои ги нуди Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) за пристап до финансии за иновации, промоција и искористување на можностите кои ги нудат регионалните фондови кои произлегуваат од платформата WBIF и европски проекти COSME и HORIZON 2020.

Во рамки на регионалниот проект "Платформа за развој на претпријатија и иновации за Западен Балкан", во третиот квартал од 2016 годината, Комитетот за инвестиции во рамките на Регионалниот фонд за иновации (ЕНИФ) во средината на јуни, ја одобри првата инвестиција во земјата во износ од 400.000,00 УСА долари. Идните активности на тимот на Регионалниот фонд ќе бидат изнаоѓање на нови можности за инвестирање и активна промоција и едукација на сите засегнати страни во врска со вложувањето на пазарот на ризичен капитал.

Во 2016 година отпочна со реализација проектот финансиран од ИПА за регионална конкурентност – развој на туризмот, како и Проектот финансиран од ИПА компонента 1-ТАИБ, Секторско фише за Развој на приватен сектор, кој ќе обезбеди имплементација на мерки за подобрување на деловната клима и поддршка на конкурентноста.

За следење на конкурентноста на македонската економија континуирано се следат рангирањата на земјата во извештаите на Светскиот Економски Форум – Глобален индекс на конкурентноста, Дуинг бизнис, Глобалниот иновациски индекс, Индексот на политики за МСП, Иновациската матрица на ЕУ, ОЕЦД преглед за конкурентноста во ЈИЕ и други меѓународни публикации.

***Среднорочни приоритети***
На среден рок ќе се работи на понатамошно подобрување на деловната клима, продолжување на дијалогот со бизнис заедницата, развој и спроведување на стратешките развојни документи за поттикнување на конкурентноста и спроведување на структурните реформи, зајакнување на институционалниот капацитет, како и ефикасно користење на ИПА средства.
Македонија ќе продолжи да биде активно вклучена во регионалните иницијативи кои произлегуваат од имплементацијата на Стратегијата за ЈИЕ 2020, а се поврзани со трите водечки иницијативи и тоа: 1. Вештини и мобилност, 2. Поврзаност и пред се иницијативата 3. Конкурентност. Во рамки на иницијативата за конкурентност се реализираат повеќе регионални активности и проекти за поврзување на приватниот сектор од регионот, формирање регионални кластери, искористување и надградба на индустриската база, промоција и поддршка на иновации, зголемување на учеството во меѓународната трговија, промоција на инвестициите, трговијата и елиминирање на трговските бариери, заедничка промоција и развивање на брендови, подобрување на политиките за создавање и раст на МСП, подобрување на условите за инвестирање, поддршка на стратешките сектори и слично.

Институционалниот капацитет за креирање, спроведување, следење и оценување на политиките за претпријатија и индустриската политика на национално и регионално ниво ќе се развива, применувајќи ги европските начела на политиките на претпријатија и индустриска политика и активно вклучување во регионални инцијативи. Се очекува зајакнување на институционалниот капацитет со создавање на нови институции (акцелератори, национален центар за трансфер на технологии, Фонд за еквити и мезанин инвестиции и сл.), а консултацијата на највисоко ниво ќе продолжи преку советодавни тела и комитети.

## 3.20.2 ИНСТРУМЕНТИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА
***Тековна состојба***
За спроведување на политиките на претпријатија кои нудат поддршка на раст и развој се реализираат програми и проекти кои се финансираат од буџет и од разни донатори, кои се реализираат од страна на повеќе институции.
Во 2016 г. Министерството за економија успешно ја спроведе Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво, која опфати мерки за поддршка на МСП, мерки за спроведување на индустриската политика и поддршка на кластерските здруженија. Преку оваа Програма беа поддржани над 50 фирми за развој на производ, развој на пазар, воведување

стандарди, поддршка на занаетчиството и женското претприемништво, како и поддршка на здруженија на граѓани и фондации за поддршка на МСП. Во рамки на Програмата беа поддржани 10 проекти на кластерски здруженија преку кофинансирање на проекти за развој на кластери и беше организирана Балканска Конференција за кластерите, за размена на искуства, добри практики, вмрежување и интернационализација на кластерските здруженија.
Освен оваа Програма, тековно се спроведуваат повеќе програми, проекти и мерки кои произлегуваат од разни акциски планови и тоа преку: Агенцијата за поддршка на претприемништвото (АППРМ), Агенцијата за странски инвестиции и привлекување инвестиции (АСИПИ), Министерството за образование и наука (МОН), Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ), Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР) и други проекти спроведени од страна на КЗПВРМ, АВРМ и ВРМ.

**МСП и пристап до финансии**

Од аспект на пристапот до финансии, преку МСП досега успешно и целосно се реализирани. Финансиските договори за заем меѓу ЕИБ и Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР), наменети за кредитна поддршка на МСП и приоритетни проекти и тоа прва кредитна линија во износ од 100 мил. евра, втора во износ од 50 мил. евра и трета и четврта во износ од по 100 мил. евра се целосно реализирани.
МБПР пласира средства од наплатените средства од ЕИБ1, ЕИБ2 и ЕИБ3 т.е. на револвинг принцип. На располагање се средствата од револвинг фондот и од ЕИБ4 кредитната линија**.** МБПР, со цел зголемување на поддршката на извозниците, ја намали каматната стапка за извозен факторинг од 6% на 5%.
Планирани активности на МБПР за понатамошно подобрување на пристапот до финансиски средства во 2017 година се:

- реализирање на револвинг фондот од четирите ЕИБ кредитни линии;
- засилено промовирање на осигурувањето на побарувањата од домашните и странските компании;
- продолжување со промовирање на факторингот, особено во однос на извозните побарувањата кои се осигурени во МБПР со цел подобрување на ликвидноста на компаниите.

*АППРМ с*проведува годишна Програма за промоција на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста кај малите и средни претпријатија, преку која се имплементираат мерки за промоција, обука и ваучерски шеми. Мерките и инструментите за поддршка на приватниот сектор се насочени кон кофинансирање на трошоци за развојни проекти за фирмите, подобар пристап до финансии, обезбедување разни обуки и семинари за подобрени вештини и знаења, како и подобрена информираност за разни теми.
*ФИТР имаше активна улога во поддршка на иновативни проекти кај МСП преку инструментите за поддршка на Фондот.* За реализација на инструментите за периодот 2015-2019, се обезбедени 9 милиони ЕУР преку заем од Светска банка. Поднесените предлог проекти ги оценува и по нив одлучува Комитет за одобрување на инвестиции (Committee for Approval of Investments) составен од 5 (пет) надворешни експерти.
Во 2016 година беа подобрени оперативните документи, правилата и процедурите за доделување на средства преку инструментите за поддршка. Компаниите финансирани под првиот повик за доделување средства преку инструментите на Фондот го завршија спроведувањето на проектите (вкупно 16 проекти). Фондот редовно го следи спроведувањето на проектите кои беа одобрени за финансирање преку вториот повик (вкупно 17 проекти). Беше објавен и трет повик за доделување средства преку кој се очекува до крајот на годината да се поддржат нови проекти. Покрај финансиската помош која ја добиваат корисниците на средства, оваа година Фондот почна и со спроведување на обуки, менторство и консултантство според потребите на секој од корисниците, со цел јакнење на нивните капацитети. Беа одржани и низа активности со цел поттикнување на иновациска дејност и дополнително вложување во истражување, развој и иновации кај приватниот сектор( конференцијата „Start and Grow” во рамки на Technoinvent 2016) како и низа други активности за поттикнување на соработката помеѓу јавниот сектор, приватниот сектор и високообразовните институции (натпреварите „Скопски автобуски хакатон“ и „Паметна автобуска станица“).
*Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот (АСИПИРМ),* како примарна Владина институција задолжена за привлекување на СДИ, заедно со партнерските институции и со маркетиншка промоција на инвестиционите можности и условите за водење бизнис во земјата во најпознатите светски пишани и електронски медиуми како и организираните road-shows се очекува да ги дадат посакуваните резултати до крајот на 2016 година и да резултираат со уште позначајно зголемување на приливот на СДИ во иднина. Во моментов триесет промотори се дел од македонските амбасади во седумнаесет земји ширум светот.
Најголем број компании кои остваруваат посети на нашата земја доаѓаат од Турција, САД, Германија и Велика Британија, додека примарни индустрии се автомобилска, текстилна, ИТ, прехранбена индустрија, и производство на разни видови продукти.

Се зголемува соработката помеѓу странските инвеститори и домашни компании преку директните ангажмани на македонски добавувачи за потребите на производствените процеси на странските компании. Агенцијата заедно со партнерските институции, изработи база на податоци за домашни компании кои имаат капацитет да станат добавувачи на странските компании, со цел да се интензивира процесот на поврзување на домашните компании со странските инвеститори за интегрирање во нивниот синџир на добавување. Оваа база на податоци е интегрален дел од веб-страната на Агенцијата, со цел да се овозможи директен пристап на странските компании за директна комуникација со македонски потенцијални добавувачи на материјали потребни за производствените процеси.
Од аспект на  поддршка и унапредување на извозните активности, активностите на АСИПИРМ се фокусирани на четирите таргет сектори кои најмногу придонесуваат за зголемување на извозот (текстилна индустрија, метална индустрија, прецизна механика и автомобилски делови, агробизнис и прехранбена индустрија и информатичко комуникациска технологија).
Секторот за поддршка и унапредување на извозни активности реализираше вкупно 17 посети на странски компании заинтересирани за откуп на домашни производи и услуги, реализираше и Б2Б настани, обуки за јакнење на конкурентноста и се организираа петтиот, шестиот и седмиот циклус на онлајн видео средби на домашни извозно ориентирани компании со економските промотори.
Агенцијата во континуитет обезбедува размена на информации и генерирање на контакти од  домашни производители за заинтересирани странски компании.
Во текот на 2016 година Министерството за економија  како национална -партнер институција за Програма на Унијата, Конкурентност на мали и средни претпријатија КОСМЕ континуирано спроведуваше активности во насока  на исполнување на обврските произлезени од членството во Програмата.
Од друга страна, навремено беше реализирана исплатата на годишниот влезен билет за КОСМЕ, и  во таа насока во рамки на предлог Буџетот на РМ за 2017 година предвидени се неопходните средства за оваа цел.
Претставник од мисијата на РМ во Брисел учествуваше во работните состаноци на Комитетот за КОСМЕ  програмата  во Брисел.
Министерството, континуирано дава појаснувања на заинтересирани субјекти за програмата, и ја промовира истата  во насока на подобра искористеност на можностите кои ги нуди програмата, така да во текот на 2016 Министерството во соработка со ЕУ Инфо Центарот на ДЕУ во Скопје и Стопанските комори во  земјата во  низа настани  ја има презентирано програмата.
Од аспект на поддршка на општествената одговорност во земјата, Министерството за економија во мај 2016 подготви Извештај „Воведување на концепт за ООП во РМ“, кој ОН го објави на својот веб портал. Побарана е поддршка за изработка на среднорочна Стратегија за ОО на РМ од СБ, УСАИД, УНДП, ЕБРД, ДЕУ, ЈИЦА и амбасадите на Норвешка, Данска, Шведска, Германија, а во јуни се аплицираше за ТАИЕКС поддршка за изградба на капацитети на МЕ за формулирање, координација и имплементација на мерки за политика за ООП.
Министерството за економија аплицираше за IPA/PPF Техничка помош за повеќе проекти поврзани со имплементација на индустриската политика, поддршка на малите и средни претпријатија и подготовка на развој и имплементација на нови мерки на политика за зајакнување на ОО.
Во ноември се одржа традиционалната, 9та манифестација за доделување Награда за најдобри ОО практики заедно со Координативно тело за ООП и Бизнис конфедерација на РМ. Беа доделени десет статуетки, 8 плакети и 1 признание за најинвентивна практика.

### *Краткорочни приоритети*

Во 2016 Владата усвои Стратегија за конкурентност, а во прва нацрт верзија е новата Стратегија за МСП, како и Стратегијата за женско претприемништво. Во следниот период  се очекува продолжување на имплементацијата на мерки од Индустриската политика, Стратегија за иновации и сл.

Инструментите на индустриската политика ќе се реализираат преку годишни владини програми. Министерството за економија и следната година ќе ја спроведе Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво со мерки за поддршка на МСП и занаетчиство, имплементација на индустриска политика и поддршка на кластери. Мерките ќе обезбедат кофинасирање на трошоци на фирмите за развој на производ, развој на пазар, воведување стандарди, развој на инфраструктурата за МСП, женско претприемништво и поддршка и развој на занаетчиството.

Во 2017 година активностите на Агенцијата за поддршка на претприемништво (АППРМ) ќе бидат насочени кон организација на обуки за подобрување на конкурентноста на МСП, локалните консултанти и жените претприемачи, општествена одговорност и промоција на социјалното претприемништво, подготовка на бизнис план и обуки за наставници, професори и студенти за претприемништво. Исто така, ќе бидат реализирани и работилници за промоција на претприемачкото образование кај младите луѓе, менторството. Во рамките на редовни програмски активности и во 2017 година ќе биде поддржана реализацијата на Европската недела на МСП и подготовката на годишен извештај – Опсерваторија за МСП за 2016 година. Воедно, во 2017

година Агенцијата ќе ја започне имплементацијата на регионалниот проект "Воспоставување и промоција на менторинг услуги за мали и средни претпријатија во Западен Балкан", во соработка со ЈИЦА – Јапонската агенција за меѓународна соработка.

Имајќи предвид дека пристапот до финансии останува висок приоритет за поддршка на МСП, планирано е да се развие концепт за воспоставување на правна рамка за неформален ризичен капитал или носење на посебен закон за бизнис ангели.

Од аспект на поддршка на развојот на економијата базирана на иновации и знаење, ќе продолжи спроведувањето на Стратегијата за иновации и Акцискиот план, пред се преку интензивирање на активностите на Фондот за иновации и технолошки развој.
ФИТР останува клучна институција за поддршка на активностите на истражување, развој и новации кај микро, малите и средни претпријатија. Во 2017 планирано е да се објават два повика за сите четири инструменти, а исто така планирано е да се развие нов инструмент за техничка помош на иновативните компании (анализа на иновациониот потенцијал, обуки за воведување и управување на иновативни проекти, развој на предлог проекти за национални и меѓународни фондови, обуки за мобилизирање на дополнително финансирање - venture capital, правен совет, заштита на правата од интелектуална сопственост итн.). Воедно, Фондот ќе направи анализа за потребите и за развој и дизајн на останатите инструменти кои се наведени во Законот за иновациска дејност, меѓу кои Фонд за еквити и мезанин инвестиции, приватни фондови, поддршка на субјекти за инфраструктурна поддршка на иновациска дејност и др.

Во врска со Програма на Унијата Конкурентност на мали и средни претпријатија КОСМЕ 2014 – 2020, во следниот период ќе продолжи континуирано спроведување на активности во насока на исполнување на обврските произлезени од членството во Програмата, како и промовирање на истата во насока на подобра искористеност на можностите кои ги нуди програмата, и тоа:

- Исполнување на обврската за финансиска контрибуција за 2017 година;
- Учество во состаноците на Работниот Комитет за КОСМЕ;
- Соработка со комори, други институции и субјекти со цел подобро користење на програмата;
- Промоција на програмата на конференции, работилници, семинари;
- Објавување на корисни линкови од програмата www.economy.gov.mk; www.konkurentnost.mk итн.

Од аспект на општествена одговорност, во 2017 и 2018 г. планирано е да се реализира ТАЕКС експертска мисија во МЕ за изградба на капацитети на МЕ за политика за ООП; финансирање за изработка на Среднорочна Стратегија за ОО, спроведување на 10та и 11та Награда на најдобри ООП во 2016 и 2017 со Националното координативно тело за ООП итн.

### *Среднорочни приоритети*

Континуирана имплементација на стратешките документи за конкурентност, индустриска политика и развој на мали и средни претпријатија и ефикасно користење на ИПА средства за поддршка на конкурентноста и развој на приватниот сектор во земјата.
Во насока на подобра искористеност на програмата КОСМЕ во наредниот период ќе се продолжи со интензивно промовирање на истата кај финансиските институции и банките со цел овозможување на средствата од пристап до финансии од програмата до македонските компании.
Понатамошна активна вклученост во проектите кои произлегуваат од Стратегијата ЈИЕ 2020, поврзани со конкурентноста и развој на МСП , Инвестиции и развој на стратешките сектори.

Комбинираните напори на АСИПИРМ со партнерските институции и маркетиншката промоција на инвестициските можности и условите за водење бизнис во земјата во најпознатите светски медиуми и организираните промотивни кампањи во земјите[85] се очекува да резултираат со зголемување на приливот на СДИ во 2016 година.

АСИПИРМ нуди поддршка на странските компании - инвеститори во надминување на предизвиците со кои се соочуваат во постинвестицискиот стадиум во Република Македонија, предлага мерки за олеснување и надминување на административните пречки во законодавството и ефикасно и навремено остварување на правата и интересите на деловните субјекти.
Преку серија на анкети и директни разговори ќе се направи истражување за степенот на задоволство на компаниите кои веќе инвестирале во земјата.

Во насока на понатамошна поддршка на иновациите, освен Фондот за иновации се очекува да отпочне да функционира и Национална канцеларија за трансфер на технологии. Нејзиното формирање и функционирање ќе биде поддржано од

[85]Road-shows

Проектот на Светска банка – Skills. Фондот за иновации и технолошки развој ќе поддржи основање, оперативно работење и инвестиции на деловно-технолошки акцелератори а се планира и основање Фонд за еквити и мезанин инвестиции. Исто така, со воспоставувањето на инфраструктура за иницирање на бизнис акцелератори во рамките на универзитетите ќе се овозможи механизам за поддршка на иновациите и иновативноста на компаниите во зачеток особено оние од сферата на високата технологија како предуслов за нивен развој и развој на економијата во целина. Овој проект е планирано да се поддржи од ИПА 1 – Развој на приватен сектор.
Се очекува со дефинирањето на законската рамка за бизнис ангели да се прошират можностите за полесен пристап до капитал за малите и средни претпријатија.
На среден рок ќе се развијат нови инструменти за политиките на претпријатија и индустриската политика, со зголемена поддршка на приватниот сектор преку владини програми и проекти, како и користење на фондовите од ИПА2.

Институционалниот капацитет за креирање, спроведување, следење и оценување на политиките за претпријатија и индустриската политика на национално и регионално ниво ќе се развива, применувајќи ги европските начела на политиките на претпријатија и индустриска политика и активно вклучување во регионални инцијативи.
Во периодот 2017-2019 ќе се реализираат активности за зајакнување на институционалниот капацитет за спроведување на инструменти за политиката на претпријатија и индустриска политика кои произлегуваат од стратешките документи.

**Програми и проекти**
Значителна поддршка за имплементација на инструментите на политиките за претпријатија и индустриска политика се очекува преку ИПА средствата на национално и регионално ниво, како и повеќе регионални проекти дефинирани со Стратегијата за ЈИЕ 2020. Активно вклучување во WBIF, КОСМЕ, ХОРИЗОНТ 2020 и други европски и регионални проекти и иницијативи.

## 3.20.3 ПОЛИТИКИ ПО СЕКТОРИ

***Тековна состојба***
За секторот туризам, главни документи се: ревидираната Стратегија за развој на туризмот со акциски план за спроведување во периодот 2011-2015 г., Стратегијата за развој на руралниот туризам 2012-2017, како и годишните програми: Програма за развој на туризмот и Програма за промоција и поддршка на туризмот кои се спроведуваат преку Министерство за економија и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) преку кои се реализираат мерките и инструментите предвидени во стратешките документи и поврзаните акциски планови.
Во прва нацрт верзија е изработена новата национална стратегија за туризам на Република Македонија, од страна на консултантската куќа KOHL & PARTNER.
Преку Програмата на Министерство за економија се поддржува меѓународната и билатерална соработка со значајни туристички организации и институции, посебно со Светската Туристичка Организација, Европскиот комитет за туризам, Европската патничка комисија, ЦЕИ и др. како и обука на човечки ресурси во секторот туризам и угостителство и имплементација на некои проекти, посебно во областа на руралниот туризам, поддршка на разни туристички манифестации, проекти и бизнис форуми, поставување на туристичка сигнализација на позначајни објекти и културни знаменитости и др.
Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, во текот на 2016 година, континуирано ги реализира активностите предвидени во Програмата за 2016, според предвидената динамика. Како резултат на тие активности, во 2016 година, постигнати се значајни позитивни ефекти во насока на развој на туризмот во Македонија во целина, како што се значително зголемување на бројот на странските туристи и позиционирање на Македонија на светската мапа, како атрактивна и препознатлива туристичка дестинација.

***Краткорочни приоритети***
**Туризам**
Усвојување на Националната стратегија за туризам, понатамошна имплементација на мерките кои се предвидени во Програмата за развој на туризмот и Програмата за промоција и поддршка на туризмот кои се спроведуваат преку Министерство за економија и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (АППТ).
Во рамки на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2017 година (објавена во Службен Весник бр.192/2016) која ќе се реализира од страна на АППТ планирани се следните активности и проекти :
а) Промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка:
- Подготовка, печатење и дистрибуција на печатен промотивен материјал, брошури и друг промотивен материјал подготвени на 16 странски јазици;
- Учество на меѓународни, регионални и локални туристички саеми, инвестициски форуми.

- Организирање на презентации и средби со странски туроператори и денови на македонски туризам во странство, презентации и роудшоуа во странство, организирање на информативни патувања во земјата за странски туроператори и новинари, како и организација на презентации и настани;
- „ Out door “ кампањи (билборди, подвижни и неподвижни реклами), реклами во печатени медиуми, електронска промоција - интегрирана платена електронска промоција на туристичките производи на земјата на најпознатите електронски медиуми (Facebook, Google, TripAdvisor, Youtube, Vimeo и други) во 17 земји;
- Изработка на IOS, Android и Windows базирани софтверски мобилни апликации - туристички електронски водичи и нивна дистрибуција преку соодветни електронски пазари на апликации (Play store, Apple store и други), како и хостирање на истите и нивна промоција;
- Редизајнирање на постоечката веб страница на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, нејзино мапирање, имплементирање на банери, фотографии, информации, поставување на Facebook, Google, TripAdvisor, Youtube, Vimeo, Twitter, Instagram и Linkedin, превод на повеќе јазици, нејзино хостирање и техничка поддршка за нејзино непречено функционирање;
- Креирање на фотоархива - Обезбедување на фотографии од туристичките потенцијали на земјата со цел формирање на „Фото-Архива“;.

б) Активности за поддршка на туризмот:

- Проект „Планинарски патеки” - уредување, означување и одбележување на постојни и создавање на нови планинарски патеки како и промоција на истите со цел збогатување на туристичката понуда и развој на руралниот туризам, активниот и севкупниот туризам во државата;
- Проект „Планински велосипедски патеки” - уредување, означување и одбележување на постојни и создавање на нови велосипедски патеки како и промоција на истите со цел збогатување на туристичката понуда и развој на руралниот туризам, активниот и севкупниот туризам во државата;
- Проект „Македонска источна пешачка патека“ прва пешачка патека во земјата која треба да влезе на картата на европски патеки, на потегот од влезот кај Прохор Пчински, до излез кај местото Ново село и до излез кај планината Беласица. Проектот опфаќа утврдување на европските стандарди за оваа намена, мапирање на патеката, започнување со уредување и одбележување на истата и врзување со постоечки патеки, како и изградба на пропратни објекти, како и промоција на истата патека преку изработка на посебна карта за оваа намена;
- Проект „Реконструкција на ловно рекреативниот дом Смоларе“, со туристичко рекреативен карактер, кој произлегува од изработена Студија за проценка на капацитетите за развој на ловен и планински туризам, во соработка со Јавното претпријатие „Македонски шуми„ - Скопје;
- Финансиска поддршка на препознатливи културни, забавни, спортски, гастрономски и еколошки манифестации на локално организирани туристички настани избрани преку објавување на јавен повик;
- Водич „In your pocket“ проект за позицирање на туризмот на земјата, во еден од светските реномирани туристички водичи, каде на специфичен начин на презентација согласно стандардите на овој реномиран бренд, ќе биде целосно изработен и испечатен водич од страна на компанијата „In your pocket“;
- Изработка на водич за Отоманските споменици на македонски и албански јазик како и на неколку странски јазици, англиски, турски, арапски и др. Целта на овој проект е користење на овие културно историски споменици и нивно ставање во функција на туризмот за целна група на посетители.
- Формирање, развој, оградување и означување на туристички развојни зони (Љубаништа 1, Љубаништа 2, Градиште, Калиште, Треска, Стар Дојран, Нов Дојран, Крушево и Берово);
- Јакнење и развој на туристичката понуда - организирање на информативни работилници и обуки наменети за работниците во туристичката индустрија, во функција на подобрување на сервисните услуги, како и создавање услови за отворање на нови пазари;
- Остварување на меѓународна соработка со разните меѓународни организации за туризам, зачленување во истите, како и вклучување во заеднички проекти за промоција и развој на туризмот;
- Формирање на авто кампови и нивна промоција - зголемување на туристичката понуда, развој на автокапмперскиот туризам, нивна промоција и привлекување на странски и домашен капитал за формирање на автокампови;
- „Создавање мрежа на кластери за развој на нови туристички производи„ проект кој се аплицира во новата ЕУ програма “BALKANMED”, за развој на вински патишта и друг вид на туризам поврзан со виното и органската преработка, со учество од 15% кофинансирање на средства предложени во проектот;
- Проект „Откривање на Балкански рути“ проект кој се аплицира во ИНТЕРЕГ ИПА прекуграничната програма Грција-Македонија 2014-2020, за развој на туристички рути, нивна промоција и друг вид на регионален туризам, со учество од 15% кофинансирање на средства предложени во проектот;

Исто така и оваа година се продолжува со субвенционирање на странскиот организиран туристички промет.

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, согласно Програмата за 2017 година, очекува во наредната година, да продолжи трендот на зголемување на бројот на странски и домашни туристи, а, со тоа значително да се зголемат приходите од туризмот, како важна компонента во развојот на економијата во земјата.

**Програми и проекти**

Во рамки на Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за периодот 2014-2020 година, во секторот Конкурентност и Иновации, во 2016 се реализираа активности опфатени во Акциски документ за Локална и регионална конкурентност со посебен осврт на проекти од областа на туризмот. Оваа програма вклучува реализација на видливи проекти со високо ниво на влијание врз развојот и унапредувањето на туризмот, како што се: изградба и реконструкција на локална инфраструктура, ревитализација на објекти од културно наследство, поддршка за развој на туристички услуги и унапредување на туристичката понуда, промоција на македонските туристички дестинации и културно наследство, градење на препознатлив туристички имиџ со воведување на светски стандарди во туристичко- угостителските услуги и сл. Овој проект ќе се имплементира со поддршка на Светска банка, а вредноста се очекува да достигне 21 милион евра.

Како регионални секторски иницијативи кои се реализираат во рамките на Стратегијата ЈИЕ 2020 се во секторите туризам и прехранбена индустрија, а во тек е избор на трет сектор. По направените анализи на состојбите, идентификувани се бариерите за развој и идентификувани се можностите за развој на регионалниот потенцијал, промовирајќи конкретни мерки за зголемена регионалната соработка, иницирање заеднички проекти, и слично. Во овие регионални иницијативи активно се вклучени претставници од бизнис секторот и државните институции.

# 3.21 ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ

**Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2016**

Во областа на трансевропските мрежи, постои **добро ниво на подготовка.** Земјата има постигнато **добар напредок** за време на извештајниот периодот. Во претстојната година, земјата треба особено:

→ дополнително да ја подобри меѓуинституционалната комуникација;

→ дополнително да ги зајакне оперативниот и техничкиот капацитет на сите управни институции и чинители кои се вклучени во транспортната инфраструктура;

→ да ја заврши проектната документација за заедничката гранична станица на преминот Табановце.

***Резиме***

*Постигнат е напредок во однос на развојот на транспортните и енергетските мрежи во земјата. Во континуитет се гради и обновува патната и железничката инфраструктура во земјата долж Коридор VIII и X (Xd), која претставува дел од мрежата на Транспортната опсерваторија на југоисточна Европа (СЕЕТО). Исто така, Република Македонија ја поддржува иницијативата за интегрирање на СЕЕТО мрежата во Трансевропските транспортни мрежи. Во однос на енергетски мрежи, изградбата на интерконеконективни врски со соседните земји продолжува во континуитет, што ќе придонесе за поголема сигурност во снабдувањето со електрична енергија во регионот на долгорочен план. Земјата континуирано учествува во работните тела на Транспортната опсерваторија на Југоисточна Европа (СЕЕТО), Енергетската заедница и Европска асоцијација на електропреносните систем оператори (ENTSO-E) итн.*

## 3.21.1 ТРАНСПОРТНИ МРЕЖИ

Индикативното проширување на клучните мрежни коридори во Западен Балкан поврзани со трансевропската транспортна мрежа (ТЕН-Т) беше потврдено на самитот за Западен Балкан одржан во Виена во 2015 година, а исто така беше потврден приоритетот на Коридорите VIII и X, бидејќи тие се сметаат за проширување на главната мрежа и обезбедуваат поврзување со соседните земји и подобра интеграција на Европа. Како резултат на тоа, посветени се значителни напори и средства на развојот на овие коридори. Инвестициските приоритети во транспортната инфраструктура се во согласност со повеќегодишниот план на Транспортната опсерваторија на Југоисточна Европа (SEETO) и Националната стратегија за транспорт за периодот од 2007-2017 година.

Постигнат е напредок во имплементација на проектите за изградбата, односно подготовка на документацијата за градба, во однос на патните и железничките делници долж Коридор VIII и X(Xd), кои се дел од мрежите на Транспортната опсерваторија на југоисточна Европа (СЕЕТО). Земјата продолжува со имплементацијата на Меморандумот за разбирање за развој на главната транспортна регионална мрежа на југоисточна Европа и активно учествува во регионалните иницијативи и соработка во рамките на СЕЕТО.

***Тековна состојба***

Со завршувањето на градежните работи на делницата Демир Капија - Смоквица ќе се комплетира целиот **патен Коридор X** на ниво на автопат. Воедно се работи и на рехабилитација на делници од Коридор X.( делниците Смоквица-Гевгелија, Куманово-Миладиновце).

**Железничкиот Коридор X** е целосно изграден и неговата рехабилитација е во тек. Врската север-југ во однос на железницата, односно врската со Република Србија и Република Грција е во функција и е оперативна.

Во врска со **патниот Коридорот VIII,** само 36% е надграден на ниво на автопат и има потреба од понатамошно надградување. Западниот дел од Коридорот VIII (до Албанија) во моментов се проширува на ниво на автопат со финансиска помош од кинеската Ексим банка и е предвидено да биде завршен до 2019 година. Завршениот патен Коридор VIII ќе придонесе за зајакнување на интеграцијата на земјата во регионот и во ЕУ и може да доведе до нови можности на пазарот.

Во врска со **железничкиот коридор VIII**, ќе се обезбеди директна железничка врска помеѓу Република Македонија и Република Бугарија, пристап до нивните пристаништа и алтернативна транспортна можност за македонските компании наспроти досегашната патна врска.

Во однос на ***Националната Транспортна стратегија*** **(2007-2017)** последното ажурирање беше август 2016 година Во рамките на Оперативната програма за регионален развој предвидено е да се изработи Национална транспортна стратегија (2017-2030) која ќе опфаќа периодот од 14 години и да ги покрие веќе постоечките активности кои се предвидува да се

реализираат во овој период како и нови приоритетни активности во делот на инфраструктурата. Рокот за добивање на финална верзија на новата Национална стратегија е 12 месеци по потпишување на договорот или до крај на 2017 година.

**Институционална рамка**
Во рамките на Министерството за транспорт и врски, Секторот за европска унија се состои од четири одделенија: Одделение за преговори и интеграција, Одделение за ИПА мониторинг,Одделение за ИПА планирање и подготовка на проектна документација и Одделение за други меѓународни инвестиции. Во Секторот за европска унија има 12 вработени од кои сите се во постојан работен однос. Надлежни институции за спроведување на проектите од трансевропските мрежи се Министерство за транспорт и врски, Јавното претпријатие за државни патишта, МЖ Инфраструктура, Министерство за финансии и Секторот за железници од МТВ. За претставниците на Одделението за ИПА фондови (ипа структурата), на годишно ниво се проценува потребата од обуки и истата се доставуваат до ЦФЦД-Министерство за финансии. *За останатата институционалната рамка види Поглавје 3.14 Транспортна политика.*

## *Краткорочни/ среднорочни приоритети*

**Модернизација на патен Коридор X**
Во однос на ***патната инфраструктура, долж Коридорот X,*** се работи на изградба на делницата Демир Капија-Смоквица. Со комплетирање на патниот Коридор X на ниво на автопат, капацитетот и севкупната ефикасност на патот Е-75 Север - Југ ќе се подобри. Изградбата на делницата на автопатот во должина од 28,3 километри се реализира со средства од ИПА компонентата за регионален развој, од ЕБОР, ЕИБ, како и од националниот буџет. Извршени се 87% од работите и се очекува да биде целосно завршен до средината на 2017 година.
Во однос на рехабилитација и надградба на делниците долж Коридор 10, во моментот се работи на две делници.За проектот за ***рехабилитација и надградба на делницата на автопатотСмоквица-Гевгелија*** како дел од Коридор X градежните работи се во тек. Се работи за надоградување и рехабилитација на веќе постоечки автопат со кој ќе се подобри квалитетот на постојната ифраструктура на оваа делница.Проектот ќе придонесе за подобрување на сигурноста и безбедноста на патниците.Прогрес на градежните работи е 80% заклучно со Октомври 2016 година
Рехабилитација на автопатската делница ***Куманово-Миладиновце*** (десен коловоз). Градежните работи се во тек. Рехабилитација на автопатската делница Куманово-Миладиновце (лев коловоз). Проектот е повторно даден на тендер и се планира да започне со изградба во 2017 година Рехабилитацијата на лев коловоз е во фаза на избор на најповолен понудувач.За десен коловоз заклучно со Октомври 2016 прогрес на работите е 45% . Проектот треба да биде завршен до крајот на 2017 година.
Изградба на патот А1 и Пан-европскиот коридор Xd ***Градско - Прилеп*** на ниво на експресен пат, е поделен на две делници и тоа делницата Раец-Дреново и Дреново- Градско Коридор X-d. Договорот за изведување на градежните работи беше потпишан за делницата од Раец до Дреново во јануари 2016 година со времетаење од 36 месеци. За делницата од Градско до Дреново објавен е тендерот и по потпишување на договорот градбата ќе трае 24 месеци. Делницата од Градско до Дреново треба да се финансира од Оперативната програма за транспортниот сектор за 2014-2020 година. За делница Раец – Дреново, договорната вредност на проектот е 31,8 МЕУР финансиран преку ЕБРД. Исплатен е аванс во износ од 4,77 МЕУР. За втората делница Објавени се тендерите за надзор и за градба и до крајот на 2016 година ќе се направи избор на компании кои ќе го вршат надзорот и градбата на оваа делница.

**Модернизација на железнички Коридор X**
***Реконструкција на Железничка станица Скопје*** во согласност со техничките стандарди на ЕУ.
Договорот е завршен, а технички прием извршен на 10.12.2015 година.Во тек е вториот дел од проектот : Набавка и инсталација на опрема за железничка станица Скопје (ЛОТ1 ЛОТ2)
Обновувањето на третиот и последен дел од Коридорот X, ***Неготино - Ногаевце*** (L = 30 км), се очекува да заврши до крајот на 2017 година со средства од заем од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Во изминатиот период, обновување беше изведено на делниците Табановце - Куманово (L = 12 км) и Миравци - Смоквица (L = 12 км). Завршувањето на работите на трите делници ќе овозможи зголемување на дозволената брзина до 120 км/ч, со што се намали времето на патување. За делницата Ногаевци-Неготино продолжен е договорот со изведувачот за до 31.12.2017 година. Голем физички прогрес на работите за оваа делница не е спроведен.Реализирана е една времена ситуација во вкупна вредност од 441.272,99 евра.
Активностите за ***модернизација на главните железнички станици по должината на Коридорот X и X-d*** според најдобрите ЕУ практики се во тек. Проектот ќе вклучува 10 железнички станици: Велес, Прилеп, Битола, Гевгелија, Богомила, Чашка, Табановце, Демир Капија, Градско, Неготино - Вардар. Проектот изнесува 1.9 милиони евра и предвидува целосна реконструкција и надградба на сите главни елементи на железничките станици. Железничките станици во Велес, Прилеп, Демир Капија, Градско, Табановце, Неготино, Богомила, Чашка и Битола се завршени целосно и е спроведена интерна

техничка инспекција од страна на надзорот. Работите на железничката станица во Гевгелија започнаа повторно кон крај на Октомври 2016 и треба да завршат до крај на Мај 2017.

***Ремонт со реконструкција на делницата (железничка пруга) Битола-Кременица (граница со Република Грција)*** како дел од крак 10д и Коридорот 10.100 % од времето од договорот поминато 25 % физички прогрес на работите заклучно со 30.07.2016. Договорот е истечен на 30.07.2016 година. Од страна на Европската унија на 16.09.2016 година е одобрено раскинувањето на договорот. Со отворена постапка е потребно да се избере изведувач до средина на 2017 а до крај на 2017 година да се заврши договорот.

Во мај 2016 година , IPF IV започна со ангажманот на проектот ***Изградба на заедничка железничка гранична станица Табановце.*** Септември 2016 година се одобри Извештајот за проценети потреби на заедничката гранична железничка станица од релевантните служби од Република Македонија иРепублика Србија како и концептуалниот дизајн.Проектот се планира да заврши мај 2018 година.

**Модернизација на патен Коридор VIII**

***Изградба на автопатот А2, делница Кичево – Охрид.*** Изградба на автопатот А2, делница Кичево - Охрид, во должина од 57 км. Временската рамка за завршување на инвестицијата е во февруари 2018 година. Средствата за овој проект се обезбедени со кредит од кинеската ЕКСИМ банка. Проектот се реализира во согласност со предвидената динамика и досега се завршени 35%. Договорната вредност изнесува 374 МЕУР. Овој проект е финансиран од 90% ЕКСИМ банка и 10 % од буџетот на Јавното претпријатие за државни патишта. Исплатен се средства во износ од 154,90 МЕУР.

***Изградба на автопатот А2, делница Требениште - Струга,*** во должина од 8,5 километри. Средствата за овој проект се обезбедени преку заем од ЕБОР, а ќе се реализира во периодот 2017-2019 година. Времетраење на изградбата се очекува да биде 24 месеци.

***Изградба на експресен пат А2, делница Ранковци - Крива Паланка,*** со можност за идна надградба во автопат, во должина од 23 км. Средствата за овој проект се обезбедени преку заем од Светската банка во износ 78 милиони евра и ќе се реализира во периодот 2017 - 2020 година. Доставен е извештајот од евалуацијата на доставените понуди за претквалификација до Светска Банка на 07.07.2016. Исто така, на 05.08.2016 доставена е тендерската документација за изградба на експресниот пат на одобрување до Светска Банка.

***Изградба на експресен пат А2, делница Крива Паланка - граница со Бугарија***. Изградба на експресен пат А2, делница Крива Паланка - граница со Бугарија.

**Комплетирање на железнички Коридор VIII**

***Реконструкција на железничката делница од Куманово до Бељаковце*** *(30,8 км)* преку заем од ЕБОР.. Изградбата на првата делница на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, Куманово - Бељаковце е во тек. WBIF обезбеди поддршка со два грантови, еден во износ од 2,5 милиони евра за обезбедување на надзор на градежните работи, а вториот, во износ од 1,5 милиони евра за изработка на проектна документација. Проектот во 2016 година се реализираше со забавено темпо и ќе има пробивање на рокот за завршување на градежните работи.

***Изградба на нова и реконструкција на постојната железничка делница од Бељаковце до Крива Паланка*** *(34 км)*. За втората делница од источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, Бељаковце - Крива Паланка, во декември 2014 година, кредит беше доделен од ЕБОР во износ од 145 милиони евра за градежните работи. Со овој договор одбраната градежна компанија ќе изврши реконструкција на постојните мостови, тунели, уредување и ќе изгради нови во период од 48 месеци. Грант на WBIF во износ од 2,7 милиони евра се искористи за изработка на проектна документација. Процесот на претквалификација започна на 23.05.2016 година. Евалуацијата на 15 апликации е во тек.

Изработката на основните проекти и нивното одобрување од страна на ревидентите се одвива со забавено темпо. Се очекува во вториот квартал од 2017 година да се склучи договорот со избраниот изведувач.

***Изработка на основен проект со тендерска документација за изградба на нова железничка делницатод Крива Паланка до Деве Баир, граница со Бугарија***. За третиот дел од железничкиот Коридор VIII, тендерот за изработка на техничка документација е во тек и треба да заврши до крајот на 2017 година. Поддршка е обезбедена преку ИПА фондовите.

***Подготовка на основен проект со тендерска документација за изградба на нова железничка делница од Кичево до Лин, граница со Република Албанија во должина од 62,6 километри***. Овој проект е во тек.Одобрен и потпишан Анекс на 03.10.2016 за продололжување на проектот до август 2017 година

**Институционална рамка**

Во 2017 година се планира унапредување на три лица во Секторот за европска унија при Министерството за транспорт и врски. На среднорочен план се планираат нови вработувања во насока на целосно децентрализирано управување со ЕУ фондови, како и обука за вработените согласно нивните потреби.

## 3.21.2 ТРАНС-ЕВРОПСКИ ЕНЕРГЕТСКИ МРЕЖИ

Во текот на 2016 година АД МЕПСО активно учествува во планирачките активности на ENTSO-E: изработката на Регионалниот план на преносната мрежа во Југоисточна Европа (RgIP2016) и Десетгодишниот развоен план на европската мрежа (TYNDP2016), како и среднорочните прогнози на адекватност (MAF2016) .

Во рамки на *Програмата SECI* (SoutheastEuropeanCooperationInitiative) во тек е реализација на Проектот за регионално планирање на електроенергетските системи во Југоисточна Европа (TransmissionSystemPlanning - TSP). Продолжува изработка на регионалните модели на преносната мрежа за 2020, 2025 и 2030 година, како и модел на пазарот на електрична енергија. Изработена е Студија за перспективите на пазарот на електрична енергија во ЈИЕ до 2030 година.

### *Тековна состојба*

**Електропреносна инфраструктура**

***400 kV интерконеконективна врска Битола (Република Македонија) – Елбасан (Република Албанија).*** Во рамките на вториот грант од WBIFза изработка на целокупната проектна документација за 400 kV ДВ ТС Битола 2 – македонско албанска граница и ТС 400/110 kV Охрид во тендерската постапка се избра и се потпиша договор со консултантот/проектант Геинг (МК) & Fichtner (DE). Активностите се во тек. За истражување на птици и лилјаци вдолж коридорот на далекуводот избран е консултантот кој е воведен во работа и истражувањето на терен е започнато. Доставен е извештајот за летниот период.

***Smart Grid***[86]проектот е составен од 5 компоненти: SCADA; Опрема и софтверско решение за прогноза на енергија за повластените производители на ЕЕ; Имплементација на WAMS (систем за следење на стабилноста на електропреносниот систем); Пилот-проект за проучување на ефектите од интеграција на електричните возила на преносната мрежа во РМ (PEV);Автоматска промена на оптоварувањето (Automate Demand Respond. За сите компоненти се припремаат тендерските документации.

**За *проектот „Изградба на објекти од електрична мрежа“***[87]комплетирана е техничката документација потребна за добивање употребна дозвола за трафостаницата ТС Петровец и приклучниот 110 kV вод,а наДВ 2х110 кV ХЕЦ Вруток-ТС Тетово извршено е анкерисување на целата трета секција од ДВ-от и се подигнати три столба..

*„**Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија**“* кој е составен од 5 компоненти е целосно завршен со реализацијата на, реконструкцијата на110 kV ДВ ТС Скопје 1-ТС Тетово 1:далекуводот, новото ДВ поле во ТС Југохром и реконструкција во ТС Југохром и ДВ-от. Далекуводот е пуштен во погон јуни 2016.

***Од проектот „НОВА SCADA/EMS“Пакет 2 - Испорака и инсталација SACSза 9 трафостаници*** – Завршено е прилагодувањето во ТС Кочани. Активностите во ТС Тетово 1 и ТС Крива Паланка не се завршени. Се очекува потпишувањето на Протоколот за соработка помеѓу МЕПСО и ЕВН Македонија за завршување на активностите.

Во проектот „Ревитализација и модернизација на преносната мрежа“ реализацијата по компоненти е: Ревитализација на 110 kV далекуводи – тендерските пакети се во подготовка; Далечинско следење, видео надзор, управување и прилагодување на трафостаници – тендерската документација е завршена и се очекува објава на тендерот; Функционално затворање на оптичката мрежа во рамките на преносната мрежа - тендерот за опрема и изградба на подземна инсталација за оптичко поврзување е завршен, а во тек е евалуацијата на понудите од тендерот за опрема и изградба на надземна инсталација (по надземните водови); Ревитализација на трафостаници - тендерот за набавка на високонапонска опрема е завршен , избран е најповолен понудувач и е потпишан договорот и Консултантски услуги - подготовка на тендерските документации на компонентите.

**Гасоводна инфраструктура**

Изградбата на Делницата*„**Клечовце – Блок станица 5**“*, согласно потпишаниот Договор за изградба на магистралниот гасовод Делница Клечовце-Блок Станица 5 со Стројтрансгас и донесениот Закон за инфраструктурен проект е завршена и пуштена во употреба во јуни 2016 година. Основната цел за изградба на оваа магистрална гасоводна делница произлегува од стратешката определба на Владата на Република Македонија за остварување на повисок степен на вкупна функционалност на енергетскиот систем во државата, и обезбедување на услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји.

---

[86]*Smart Grid*e проект за кој е добиен грант во рамките на заемот од ЕБОР за финансирање на изградба на 400kV интерконективна врска Битола – македонско-албанска граница и ТС Охрид.

[87]Започнат во 2004 година и е финансиран од Европската банка за инвестиции (EIB) со кофинансирање од страна на АД МЕПСО.

Завршена е тендерската постапка за изградба на делницата ***„Штип-Неготино“***, на 08.06.2016 склучен е договор за изградба и до сега се извршени 42% од градежните работи и 49% од машинските работи на оваа делница.
Сите постапки за избор на најповолна понуда за изведувач, како и за вршење на надзор за магистралниот гасовод Делница ***Неготино (Кавадарци) - Битола*** се завршени и на 21.10.2016 година е склучен договор за изградба.
Сите постапки за избор на најповолна понуда за изведувач, како и за вршење на надзор за магистралниот гасовод Делница ***Скопје-Тетово-Гостивар*** се завршени и на 19.10.2016 година е склучен договор за изградба.

## *Краткорочни приоритети*

**Електропреносна инфраструктура**

Краткорочното – годишно, среднорочното и долгорочното планирање и инвестирање во електропреносниот систем на АД МЕПСО се заснова на Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030 година и Студијата за развој на преносната мрежа на Република Македонија во период 2010-2020 година. Стратегијата предвидува поврзување на електроенергетскиот систем на Република Македонија со 400 kVинтерконективни далекуводи: Република Македонија – Република Србија, Република Македонија - Република Албанија и Република Македонија - Република Косово со цел за целосна интеграција во регионалниот систем.
*За **400 kV интерконеконективна Битола (Република Македонија) – Елбасан (Република Албанија**)* во 2017 година се очекува во рамките на вториот грант од WBIF за овој проект да се изработи целокупната техничка документација за интерконективниот далекувод и 400/110 kV ТС Охрид и да се реализира истражувањето за птици и лилјаци вдолж коридорот на далекуводот.
***Во Smart Grid*** проектот се очекувада се изработат техничките и тендерските документации, да започнат тендерските постапки и нивната реализација.
За проектот „***Изградба на објекти од електрична мрежа***“, се очекува во 2017година да се изнајде решение за да заврши изградбата на ДВ 2х110 кV ХЕЦ Вруток-ТС Тетово.
*Од **проектот „НОВА SCADA/EMS“ Пакет 2 - Испорака и инсталација SACS за 9 трафостаници*** – Сопотпишувањето на Протоколот за соработка помеѓу МЕПСО и ЕВН Македонијаќе продолжат активностите за реализација.
За проектот***„Ревитализација и модернизација на преносната мрежа“,***составен од пет компоненти, во 2017 година се очекува да се реализираат дел од компонентите чии тендерски постапки се завршени и да се изработат техничките и тендерските документации, да започнат тендерските постапки и да започне реализацијата на останатите компоненти.

**Гасоводна инфраструктура**

Ќе продолжи изградбата на Делницата *Штип-Неготино* и Делницата *Неготино-Битола*. Вкупниот капацитет на магистралниот гасовод делница *Неготино-Битола* изнесува Q= 107.000 m$^3$/h со приклучување на индустриската зона Кавадарци, Прилеп, Битола како и можност за приклучување на РЕК Битола како и приклучување на останатите градови на овој потег и се очекува рокот на градба да изнесува 36 месеци. Изградбата на магистралниот гасовод делница *5 Скопје-Тетово-Гостивар* со должина од 76 км се планира да започне во 2016 година и да заврши за 36 месеци. Вкупниот капацитет на магистралните гасоводни делници *Скопје-Тетово-Гостивар-Кичево* изнесува, Q= 100.000 m3/h и можност за воведување на природен гас во ТЕЦ Осломеј.

## *Среднорочни приоритети*

**Електропреносна инфраструктура**

Во однос на *400 kV интерконеконективна врска: Битола (Република Македонија) – Елбасан (Република Албанија),*треба да е во тек постапката за експропријација, тендерската постапка, добивањето на Одобрението за градбаи реализација на градбата на проектот.
*Во Smart Grid*проектот се очекувада се комплетира реализацијата на компонентите.
*Проектот „НОВА SCADA/EMS“Пакет 2 - Испорака и инсталација САЦС за 9 трафостаници* – се очекува во 2018 година да биде комплетиран.
За новиот *проект за ревитализација и модернизација на преносната мрежа*, во 2018 и 2019 година се очекува да завршат активностите во дел од компонентите и да продолжи реализацијата на реконструкцијата на старите 110kV водови.

**Гасоводна инфраструктура**

Започнување со градба на магистралниот гасовод делница 3 чвор *Штип-Хамзали* и магистралниот гасовод делница 4 *Хамзали-Стојаково (граница Р.Грција)* во 2017 година. До крај на 2018 завршување на градба на ЛОТ1, а останатите делници во 2019. Завршување на градбата на ЛОТ 2 *Неготино – Битола* во должина од 92 км и магистралниот гасовод делница 5 *Скопје-Тетово-Гостивар-Кичево* во 2019 година. Средстствата ќе бидат обезбедени со кредитни линии.

# 3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2016***

Земјата е **умерено подготвена** областа на регионалната политика и координацијата на структурните инструменти. Постигнат е **одреден напредок** во областа на секторското програмирање. Во наредната година земјата треба да се фокусира на:
→ Градење на административните и финансиски капацитети потребни за соодветна и навремена набавка и имплементација на фондовите на ЕУ;
→Надминување на недостатоците во финансиското управување, контрола и ревизија;
→Подобрување на транспарентноста и видливоста на фондовите на ЕУ.

***Резиме***

*Во насока на исполнување на критериумите кон полноправно членство во ЕУ, фокусот останува врз максимална апсорпција на средствата од ИПА 1 како и ИПА 2 инструментот, но и во насока на обезбедување соодветна, ефективна и ефикасна имплементација на проектите финансирани од ИПА, истовремено почитувајќи ги принципите на стабилно финансиско управување и соодветни контроли. Дополнително, акцент ќе се стави на воведувањето на целосно децентрализирано управување на ИПА без „ex-ante“ контроли. Во претстојниот период, ќе продолжат напорите за унапредување на развојот на сите региони во земјата. Рамномерниот регионален развој треба да помогне во создавањето на еднакви можности во сите региони во земјата, со цел истите да можат да се интегрираат во економијата, подобрувајќи ја на тој начин нивната инфраструктура. Во рамки на Оперативните структури, ќе се спроведе Анализа на потреба од обуки за сите ИПА компоненти и согласно истата ќе се подготви План за обуки за 2017 година. Понатаму, ќе следи спроведување на инструментите предвидени во Стратегијата за регионален развој со цел насочување на планските региони и единиците на локалната самоуправа. Во следниот период, акцентот ќе биде ставен на остварување на висока стапка на исплата на средствата од преостанатите алокации за ИПА (2007-2013).*

## 3.22.1 ЗАКОНОДАВНА РАМКА

***Тековна состојба***

Рамковната спогодба е основниот правен акт во кој се пропишани принципите за соработка меѓу Република Македонија и Европската комисија во однос на имплементацијата на ИПА, притоа актите за ИПА 1, вклучувајќи ја и Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Европската Унија,остануваат во сила имајќи предвид дека се однесуваат за имплементација на програмите и ќе бидат применливи се до затворање на Програмите во рамките на ИПА 1.
ИПА како дел од пакетот на надворешни акции на ЕУ ќе продолжи да функционира и во периодот 2014-2020 година. Во таа насока, беа усвоени Националниот стратешки документ за Република Македонија, Законот за ратификација на Рамковната спогодба меѓу Република Македонија претставена од Владата на Република Македонија и Европската комисија за начинот на имплементација на финансиската помош од Унијата за Република Македонија во рамки на Инструментот за претпристапна помош (ИПА 2)[88]. Понатаму, националните структури ја подготвија „Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите во рамките на системот за индиректно управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА 2)“[89], со цел да ги дорегулираат и допрецизираат воспоставените органи и структури во системот за индиректно управување и нивните меѓусебни односи, согласно новите правила коишто важат за финансиската перспектива за периодот 2014-2020.
Во таа насока, беа усвоени и Акциски планови за имплементација на новиот Инструмент за претпристапна помош (ИПА 2) и релевантните подзаконски акти со цел да се дорегулираат и допрецизираат воспоставените органи и структури во системот за индиректно управување и нивните меѓусебни односи, согласно новите правила коишто важат за финансиската перспектива за периодот 2014-2020. Плановите предвидуваат конкретни чекори за воспоставување на правната и институционалната рамка со цел доверување на задачите за управување со буџетските средства на ЕУ во рамки на програмата ИПА 2 од страна на ЕК.

[88] Службен весник на РМ бр.99/2015 на 16 јуни 2015 година
[89] Службен весник на Република Македонија бр. 54/2016

Законот за рамномерен регионален развој[90] ја дефинира основната правна рамка за водење на политиката на рамномерен регионален развој во земјата во кој се пропишуваат планските документи за нејзина реализација, од кој произлегуваат Стратегијата за регионален развој за периодот 2009-2019 и Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој за периодот 2016-2018[91] како документи кои го сочинуваат планот за интервенции во поддршката на регионалниот развој. Понатаму, врз основа на Стратегијата за регионален развој 2009-2019, во Акциониот план се претставени приоритетите на регионалниот развој за периодот 2016-2018 година. Тие приоритети треба да ги информираат планските региони и другите апликанти да ја започнат подготовката на проектите, да обезбедат транспарентно претставување на политиката и развојниот пристап и да ја информираат јавноста кои се главните теми во регионалниот развој во блиска иднина. Во истиот се претставени процедурите за распределба на средствата планирани во буџетите на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, стратегија за информирање, систем на индикатори и неколку технички прашања, неопходни за транспарентна соработка со планските региони.
Во Акцискиот план се идентификувани други 71 програми кои имаат влијание врз рамномерниот регионален развој. Наведените средства се утврдени во буџетите на други државни органи и агенции, со цел да се поддржат проекти со регионална развојна компонента. Акциониот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој 2016-2018 е рамка на идниот систем за поддршка на регионалниот развој, основа за соработка со линиските министерства и со Донаторите и со други заинтересирани чинители.
Изминатата година се подготви и Правилникот за начинот на водење, формата и содржината на евиденција на развојните потенцијали во општините и во регионите, од значење за регионалниот развој.

***Краткорочни приоритети***

Во 2017 година, фокусот ќе биде ставен на континуирано разгледување на опциите за развивање и измени на постоечката релевантна правна рамка и во насока на исклучување на „ex-ante“ контролите од страна на Делегацијата на ЕУ.

Во иста насока, ќе се следи и спроведувањето на конкретните чекори предвидени во Акциските планови за воспоставување на правната и институционалната рамка со цел доверување на задачите за управување со буџетските средства на ЕУ во рамки на програмата ИПА 2 од страна на ЕК.

***Среднорочни приоритети***

Во однос на приоритетите на среден рок, акцентот ќе биде ставен на утврдување на потребите од понатамошни измени во постоечката правна рамка согласно европското законодавство во насока на исклучување на „ex-ante“ контролите во рамки на децентрализирано управување со ИПА во земјата, како и зајакнат и воспоставен систем за ефективно и ефикасно функционирање на системите за управување и контрола со ИПА 1 и ИПА 2.

Понатаму, ќе следи спроведување на инструментите предвидени во Стратегијата за регионален развој со цел насочување на планските региони и единиците на локалната самоуправа.

## 3.22.2 ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

***Тековна состојба***

Согласно со акредитациските критериуми утврдени во Анексот на Регулативата на ЕК бр.718/2007 од 12 јуни 2007 за воспоставување на Инструмент за претпристапна помош (ИПА) - ИПА Регулативата за имплементација, воспоставен е системот за децентрализирано управување (ДИС) за имплементација на ИПА компонентите 1, 3 и 4 во рамки на ИПА 1 инструментот и истиот е функционален.
Со усвоената Уредба за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од инструментот за претпристапна помош (ИПА 2) на Европската Унија за одобрените програми во рамките на ИПА 2 беа воспоставени органи и структури за целите на управување, контрола, супервизија, следење, евалуација, известување и внатрешна ревизија на ИПА 2. Согласно ова, Владата на Република Македонија назначи Национален ИПА координатор и Национален координатор за авторизација, како клучни хоризонтрални органи во системот за индиректно управување. Дополнително, беа воспоставени Оперативни структури за секоја програма која ќе се имплементира на индиректен начин, односно три оперативни структури (7 институции вклучени).

[90] Службен весник на Република Македонија бр.63/2007
[91] Службен весник на Република Македонија "бр. 123/16

Договорите за имплементација за ИПА 1 и ИПА 2 помеѓу НИПАК, НАО и Раководителот на Оперативната Структура се потпишани на 23.06.2016 година. Исто така беа потпишани Оперативни договори за воспоставената структура за програмата за 2014 година.
Во однос на измената на Прирачниците за работа на телата вклучени во имплементацијата на ИПА 1 (2007-2013)[92], истите се подобрени од технички аспект и извршени се усогласувања меѓу постапките на различните тела, што беше и најчеста ревизорска забелешка. Во однос на подготовката на Прирачниците за работа на телата вклучени во имплементацијата на ИПА 2 (2014-2020[93]), истите се направени врз основа на тековните постапки за работа со ИПА 1, но се прилагодени на барањата на ИПА 2 и промените во надлежностите на посебните тела.
Во изминатиот период, националните структури работеа интензивно на спроведување на Акцискиот план за подобрување на Системот за децентрализирано управување. Во однос на подобрување на квалитетот на тендерската документација, ЦФЦД тековно ја следи стапката на одбивање на документите во процесот на нивна проверка од страна на Делегацијата на ЕУ (надворешна стапка на одбивање) и од страна на ЦФЦД (внатрешна стапка на одбивање). Внатрешната стапка на одбивање е воведена почнувајќи од 2016 година како дополнителен индикатор за успешност на институциите.
Во рамки на спроведената ревизорска мисија од страна на ДГ НЕАР беа добиени насоки за поставеноста на системот за индиректно управување за спроведување на акциските програми за Инструментот за претпристапна помош за финансиската рамка 2014-2020 – ИПА 2. Согласно наодите и препораките од ДГ НЕАР беше изготвен Акциски план за исполнување на барањата за Годишната Акциска Програма за 2014 година, со прогрес по секој одделен наод во претходниот период.
Како дел од процесот на контрола на квалитет, а со цел да се одржи стапката на одбивање на тендерските досиеја на ниско ниво, како и зголемување на апсорпцијата на ИПА средствата, ЦФЦД како Договорен орган продолжи со системската анализа на проблематиката во однос на процесот на тендерирање и набавка на ниво на ИПА структура. Во таа насока, Анализата за научени лекции за 2016 година во моментов е во фаза на подготовка, и по нејзиното финализирање ќе биде доставена до сите засегнати страни со цел надминување на проблематичните чекори и постапки во овие процеси во иднина.
Во иста насока, започна и имплементацијата на Твининг лајт проектот за „Зајакнување на капацитетите на институциите за ефикасно управување со ЕУ средствата и прилагодување кон барањата на Регулативата на ЕУ за финансиската перспектива 2014-2020“ кој се финансира од НП ТАИБ 2012. Цел на проектот е да им помогне на надлежните национални институции да ги прилагодат системот и постапките за работа кон барањата од законодавството на ЕУ за следната финансиска перспектива, односно за користење на ИПА 2 инструментот.
Во согласност со член 26 од Законот за рамномерен регионален развој и стратешките приоритети утврдени во програмите за развој на планските региони беа определени активностите и задачите на центрите, Министерството за локална самоуправа и општините во состав на планските региони и ги потпишаа Договорите за соработка за 2016 година. Во согласност со договорите, осумте центри за развој на планските региони во 2016 година ќе добијат вкупно 9.600.000 денари од Буџетот на Министерството за локална самоуправа (или по 1.200.000 денари за центар), откако ќе ги реализираат нивните задачи и исполнат обврските утврдени во договорот за соработка за 2016 година.

### *Краткорочни приоритети*
Почитувајќи го правилото за доставување на Годишна изјава за гаранција за ефективно и ефикасно функционирање на системот за децентрализирано управување со ИПА 1 и системот за индиректно управување со ИПА 2 средствата на годишно ниво, во претстојната 2017 година Годишна изјава за гаранција ќе биде доставена од страна на Националниот координатор за авторизација (НАО) до Европската комисија. Дополнително, во текот на 2017 година ќе се подготви и Анализата за научени лекции за 2016 година.

### *Среднорочни приоритети*
На среден рок, акцентот е ставен на намалување/исклучување на „ex-ante“ контролите во рамки на децентрализирано управување со ИПА во Република Македонија преку подобрување на ефективноста и ефикасноста на постоечкиот систем за децентрализирано спроведување.

Согласно усвоената ИПА 2 регулатива, стратешките цели и приоритети се дефинирани во насока на ефикасно и ефективно функционирање на системот за индиректно управување со приоритетните области од ИПА 2 средствата согласно барањето за доделување на право за имплементирање на буџетот од Европска комисија за финансиската перспектива 2014-2020. Во иста насока, фокусот ќе биде ставен на поголема апсорпција на ИПА средствата како и одржување ниска стапка на одбивање на тендерската документација.

[92] Прирачниците се усвоени и се во сила од мај 2016 година.
[93] Прирачниците се усвоени и се во сила од јуни и јули 2016 година.

## 3.22.3 АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

***Тековна состојба***

Административните капацитети во воспоставената оперативна структура имаат постојана потреба од менторство на нововработените лица од страна на лицата коишто веќе имаат стекнато доволно искуство во спроведување на проектите финансирани од ИПА. Ова е всушност една од главните алатки за јакнење на капацитетите на овие структури, како еден континуиран процес на градење на истите.

Покрај тоа, потребен е систематски приод кон понатамошно остручување и обезбедување на соодветна обука на лицата коишто работат на ИПА, преку ИПА Тренинг центарот којшто е дел од НИПАК Секретаријатот. За таа цел, веќе интензивно се работи на утврдување на Програмата за обуки за ИПА структурата при тоа изнаоѓајќи најефикасен модел за спроведување на овие обуки. Во текот на цела 2016 година, со особен интензитет од месец мај, се до крајот на месец октомври 2016 интензивно се спроведуваа обуки за ЕУ и ЕУ фондови наменети за ЕУ и ИПА структурата во земјата, преку тековниот твининг проект. Самиот твининг проект е насочен кон интензивно зајакнување и консолидирање на капацитетот на администрацијата за процесот на идно членство во ЕУ.

Во таа насока, веќе се отпочнати и активности за имплементација на Твининг лајт проектот „Понатамошна поддршка за зајакнување на капацитетите на Центарот на обука на СЕП" кој се финансира од НП ТАИБ 2012 и има за цел поддршка и зајакнување на капацитетите на Центарот за обука на СЕП.

Исто така, НИПАК веќе извесен период работи на креирање на Политика за задржување на лицата коишто работат на ИПА (*т.н.„Retention Policy"*), преку изнаоѓање на најсоодветен модул и мерки за спроведување на една ваква политика, имајќи предвид колку е значајно задржувањето на квалификуваните кадри во рамките на структура која работи на децентрализирано управување со ИПА, како и времето потребно за соодветна обука на овој кадар. Во оваа насока побарана е експертска помош преку TAIEX за поддршка при подготовка на подзаконските акти од областа на политиката за задржување на кадарот кој работи во единиците одговорни за програмирање, мониторинг и евалуација на фондовите на ЕУ, со што ќе следи 1 работилница и 2 експертски мисии на оваа тема.

Тековно се имплементира и Проектот „Подобрување на функцијата обезбедување на квалитет и функциите за верификација на трошоците во Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД) во Министерството за финансии за програми финансирани во рамки на ИПА Компонентите I, III и IV", преку ТАИБ Националната програма 2011 кој започна во декември 2015 година и ќе трае 24 месеци. Проектот е наменет за вработените во ЦФЦД и за зајакнување на нивниот капацитет во процесот на обезбедување на потребниот квалитет при изработка на тендерска документација со цел намалување на стапката за одбивање и поддршка за подобрување на функциите при верификација на трошоците.

Согласно редовната временска динамика, подготвени се Анализите за обем на работа и Плановите за вработување за 2017 година од страна на НАО/Управувачката структура, ЦФЦД и сите ресорни министерства/институции кориснички кои се дел од Оперативните структури за децентрализирано/индиректно спроведување на ИПА средствата. Тековно се подготвуваат Консолидираните анализи за обем на работа за децентрализирано/индирекнтно за ИПА Компонентите 1, 3, 4 и 5, како и Консолидирана анализа за обем на работа за цела ИПА структура.

***Краткорочни приоритети***

Во текот на 2017 година, фокусот ќе биде ставен на понатамошно јакнење на административниот капацитет на Секторот за управување со средствата на ИПА и институциите кои се дел од Оперативните структури. Во рамки на Оперативните структури, ќе се спроведе Анализа на потреба од обуки за сите ИПА компоненти и согласно истата ќе се подготви План за обуки за 2017 година. Согласно спроведената Анализа на потреба од обуки, во 2017 се предвидува и донесување на нов План за обуки од страна на НИПАК Секретаријатот, со цел зајакнување на административните капацитети на структурите.

***Среднорочни приоритети***

На среден рок, ќе се продолжи со континуирано зајакнување на административните капацитети на Оперативните структури преку вработувања и интензивни обуки, со цел да се достигне оптималниот број на вработени во ИПА структурите даден во Анализите за обем на работа, а со тоа и оптимална распределба на работните обврски и квалитетна работа на истите.

## 3.22.4 ПРОГРАМИРАЊЕ

Во следниот период фокусот е ставен на почеток на спроведување на веќе програмираните проекти/програми во рамките на секторите за ИПА 1 (транспорт, животна средина и просторно планирање, вработување, образование и социјална инклузивност) и ИПА 2 (годишна акциска програма за 2014 и 2015 година и повеќе-годишна акциска програма за транспорт, животна средина и климатски промени). Во исто време, согласно правилата за ИПА 2 се работи на секторскиот пристап кој согласно националниот концепт за секторска координација бара широк процес на консултации во делот на подготовка на

релевантни стратегии, предлагање на зрели проекти и соодветни административни капацитети, особено за инфраструктурни проекти.

### *Тековна состојба*

Програмирањето на проектите коишто се финансираат од ИПА Компонентите III и IV во рамките на Финансиската перспектива 2007-2013 е завршено. Во следната година, односно до крајниот рок за реализирање на активностите чии трошоци ќе се сметаат за оправдани за финансирање за Оперативните програми во рамките на ИПА Компонентите III и IV, фокусот на Оперативната структура ќе биде на обезбедување на успешна имплементација на започнатите проекти. Во однос на новиот програмски циклус за ИПА 2 (2014-2020), за секторите транспорт, и животна средина, програмските документи се веќе усвоени, а инволвираните институции веќе активно ги програмираат предвидените средства за проектите. Потпишувањето на Финансиските спогодби за повеќегодишните акциски програми за транспорт и животна средина и климатски промени е во фаза на финализирање и истите се очекува да се потпишат во почетокот на 2017 година.
Во врска со ИПА 2 за секторот „Образование, вработување и социјална политика", Европската комисија извести за одлуката овој сектор да се финансира со програмите од 2017, доколку се исполнат критериумите за секторски пристап во ИПА 2 (веродостојни и релевантни секторски реформи, ефективно управување со јавните финансии и алокација на ресурси). За таа цел, ресорните министерства предложија проект со план за олеснување на преминот од програмски кон секторски пристап и за зајакнување на капацитетите на националните институции.
Имајќи предвид дека подготовката на стратегијата за образование е во почетна фаза, а подготовката на Програмата за реформи на политиките за вработување и социјалните политики е во тек, т.н. Секторскиот плански документ за 2017 за секторот „Образование, вработување и социјална политика" и програмските документи се подготвени и доставени до Европската комисија во предвидениот рок т.е. крајот на јули 2016 година. Првите верзии на акциските документи се планираат да се финализираат до крајот на 2016. Документите ќе го претставаат степенот на подготвеност за секторски пристап, како и приоретизација на реформите и средствата за нивна реализација.
Програмирањето за 2017 е во тек и се очекува да заврши во првиот квартал на 2017 година.

### *Краткорочни приоритети*

Во следниот краткорочен период акцентот ќе биде ставен на подготовка и усвојување на ИПА Програмата за 2016 година.
Надлежните институции ќе работат на исполнување на критериумите за секторски пристап (а со тоа и за користење на ИПА 2 фондовите). Во иста насока, програмирањето за секторот „Образование, вработување и социјална политика" за 2017 година е во тек и се очекува да заврши во првиот квартал на 2017 година.

### *Среднорочни приоритети*

Во следниот период, акцентот ќе биде ставен на остварување на висока стапка на исплата на средствата од преостанатите алокации за ИПА (2007-2013). Исто така, во фокусот ќе биде и избегнување или одржување на минимално ниво на стапката на изгубени средства заради „н+3" правилото на спроведување на ИПА.

## 3.22.5 СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

Во следниот период, во однос на следењето и оценувањето на проектите/програмите, во фокусот останува континуираното следење на имплементацијата на Оперативните програми во рамките на ИПА 1 и воспоставување на системот на мониторинг и евалуација согласно новите правила за ИПА 2.

### *Тековна состојба*

Заклучно со 31 декември 2016 година, потпишани се вкупно 339 договори од кои 189 договори од Националната програма ТАИБ 2009, ТАИБ 2010, ТАИБ 2011 и 2012 за кои во моментот се реализираат само исплати, потоа 70 договори се во рамки на ИПА Компонента III, додека 80 договори се во рамките на ИПА Компонента IV. Стапката на исплатените средства како и стапката на склучени договори за истите соодветно по компонента, се дадени во табелата подолу:

Табела 1. Статус на имплементација на ИПА компонентите заклучно со 31.12.2016[94]

| Национална Програма/Оперативна Програма | ИПА ТАИБ 2009 | ИПА ТАИБ 2010 | ИПА ТАИБ 2011 | ИПА ТАИБ 2012 | ИПА ТАИБ 2013* | ИПА РР** | ИПА РЧР |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на склучени договори** | **75** | **22** | **46** | **46** | **0** | **70** | **80** |
| **Вкупен расположлив буџет (2007 - 2013) - (ИПА алокации)** | **33,021,858.00** | **30,134,638.00** | **21,277,650.00** | **19,994,649.00** | **21,540,106.75** | **199,926,453.00** | **54,424,077.95** |
| Износ склучени договори (ИПА) | 29,667,793.06 | 18,785,138.76 | 15,913,262.62 | 14,935,042.92 | 0.00 | 163,668,367.69 | 32,633,533.62 |
| **Вкупен износ склучени договори (ИПА+НКФ)** | **33,410,894.67** | **21,474,670.26** | **17,195,854.23** | **17,251,924.90** | **0.00** | **359,813,585.55** | **38,392,392.49** |
| Вредност на исплатени средства (ИПА) | 27,991,174.96 | 14,990,602.45 | 8,325,022.34 | 6,354,277.93 | 0.00 | 97,823,063.23 | 23,731,286.90 |
| **Вкупна вредност на исплатени средства (ИПА + НКФ)** | **31,269,456.98** | **16,888,921.67** | **8,875,433.76** | **6,966,339.09** | **0.00** | **224,866,284.47** | **27,919,161.07** |
| Процент на склучени договори (ИПА) во однос на расположливи ИПА средства | 89.84% | 62.34% | 74.79% | 74.70% | / | 81.86% | 59.96% |
| Процент на исплатени средства во однос на расположливи средства | 84.77% | 49.75% | 39.13% | 31.78% | / | 48.93% | 43.60% |
| Процент на исплатени средства во однос на склучени договори | 94.35% | 79.80% | 52.31% | 42.55% | / | 59.77% | 72.72% |

Извор: Министерство за финансии, Сектор за централно финансирање и склучување договори

Надлежните институции, со цел следење на реализацијата на проектите, на месечна основа подготвуваат Портфолија на проекти финансирани од ИПА кои се разгледуваат на министерско ниво.

Исто така, се подготвуваат и Годишни извештаи за имплементација на Оперативната програма за регионален развој и за Оперативната програма за развој на човечки ресурси кои потоа се доставуваат до ЕК, Националниот ИПА Координатор, Стратешкиот координатор и Националниот службеник за авторизација.

Со цел навремено известување за статусот на планирањето на програмите и проектите, имплементацијата на проектите споредено со планот за имплементација и навремено известување на сите нивоа за ефикасноста на внатрешните контроли воспоставен е Менаџмент информациски систем (МИС). Согласно насоките од ревизорските мисии од ЕК, во тек е подготовка на проект со кој ќе се надгради Менаџмент информацискиот систем со цел обезбедување на една сеопфатна алатка за следење на проектите од почетокот до нивното затворање.

Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за развој на човечки ресурси и Оперативната програма за регионален развој се одржуваат редовно два пати во годината. Последниот Секторскиот комитет за следење на проектите од ИПА Компонента III на 13 декември 2016 година, додека Секторски комитет за следење на ИПА Компонента IV се одржа на 29 декември 2016 година. Оттаму беше заклучено дека е забележан голем напредок во имплементацијата на Оперативната програма за регионален развој, но се укажува на потребата од зајакнат мониторинг на проектите коишто се во

[94] * Рокот за склучување на договорите кај ТАИБ 2012 беше 02.10.2016
** Рокот за склучување на договорите кај ТАИБ 2013 е 19.12.2017
*** Во вкупна вредност на склучени договори (ИПА+НКФ) земена е во предвид целата вредност на Проектот за „Доизградба на Коридор 10“ кој се финансира од ИПА и од заеми од ЕИБ и ЕБРД. Во вкупно исплатени средства (ИПА+НКФ) земени се во предвид и исплатите од заемите

имплементација. Исто така, нотиран е забележителен напредок во портфолиото на проекти на Министерството за труд и социјална политика, и потреба од финализирање на тендерските процедури за проектите од секторот образование.

***Краткорочни приоритети***
Во текот на 2017 година, фокусот останува на континуираното подобрување на процесот на мониторинг и евалуација преку редовно известување интерно во рамки на ИПА структурите, како и до Европската комисија за искористувањето на средствата од ИПА, со цел подобрување на ефективноста.

Во наредниот период се очекува НИПАК секретаријатот да започне со основање на Секторските мониторинг комитети за транспорт и животна средина, согласно правилата за мониторинг од ИПА 2.

Исто така се очекува да се продолжи со координацијата на ниво на НИПАК за да се следи напредокот на спроведување на Оперативните програми (на ниво на плановите за набавка и спроведување на проектите/програмите).

***Среднорочни приоритети***
Во следниот период се предвидува континуирано спроведување на системот за мониторинг и евалуација на имплементацијата на Оперативните програми, преку редовно известување на Европската комисија еднаш годишно за спроведување на Оперативните програми во рамките на ИПА 1 и ИПА 2, редовното одржување на состаноците на Секторскиот мониторинг комитет (два пати годишно), спроведување на редовен мониторинг, согласно Мониторинг плановите и анализата на ризици на поединечните проекти, како и спроведување на евалуации на ниво на Оперативните програми. Во таа насока, ќе се спроведат и активности за затворање на оперативните програми од ИПА 2007-2013 и подготовка на завршни извештаи за имплементација на програмите.

## 3.22.6 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

***Тековна состојба***
Во тек е анализа и имплементирање на насоките дадени од страна на ЕК за постепено намалување и целосно отстранување на ex-ante контролите од страна на ЕУД и измени на постоечката релевантна правна рамка.
Направено е соодветно прилагодување на постојниот децентрализиран систем за управување и имплементација на ИПА со барањата од новата Регулатива на Инструментот за претпристапна помош за финансиската рамка 2014-2020, односно со системот за индиректно управување со ИПА 2, со што се направени услови за нормален тек на искористување на средствата од ИПА 2.

***Краткорочни приоритети***
Во 2017 година, приоритет ќе биде поефективното трошење на средствата од ЕУ, ИПА 1 и ИПА 2 и зголемување на абсорпциските капацитети на Република Македонија. Дополнително, потребно е обезбедување на зајакнати контроли, проверки на лице место, како и зголемување на бројот на внатрешни и надворешни ревизии, со цел спречување на неправилно трошење на средствата со кои се финансираат Оперативните програми.

# 3.23 ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА

*(види и во дел I- Политички критериуми,Владеење на право)*

### *Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2016*

Република Македонија има **одредено ниво на подготовка** во однос на примената на правото на Европската унија и европските стандарди во оваа област. Во голема мера воспоставена е правната и институционалната рамка. **Сепак, нема напредок во изминатата година**. Сегашниот недостаток на политичка волја за решавање на преостанатите предизвици на највисоко ниво, ја задржува способната администрација од постигнување на нејзина целосна ефикасност. Де факто деполитизацијата на назначувањето и унапредувањето на судии, подобрувањето на системот на професионално оценување и реформата на дисциплински одредби е се уште потребна. Потребен е веродостоен пристап кон борбата против корупцијата на високо ниво и зајакнување на довербата на јавноста во институциите. Во областа на фундаменталните права потребни се соодветни кадри, финансирање и координација. Во наредната година, земјата, особено, треба да:

- демонстрира реална политичка волја за да се обезбеди целосна независност на судскиот систем; обезбеди целосна поддршка и ресурси за Специјалниот обвинител назначен за разгледување на создавањето и содржината на прислушуваните разговори;
- ги зајакне институциите кои се надлежни за спречување и борба против корупцијата и да се воздржи од какво било политичко мешање во нивната работа;
- обезбеди целосна слобода на изразување и медиумите, и да преземе силни мерки за справување со полициската неказнивост и супстандардните услови во затворскиот систем;
- ја врати довербата на јавноста во однос на спроведување на правдата, особено за политички чувствителни случаи преку зголемена транспарентност на судските постапки и доследноста на правото.

*(Види и конкретни препораки за судскиот систем, борбата против корупцијата и слободата на изразување во оддели 2.3 и 2.4.)*

### *Резиме*

*Во делот на **судство** ќе се започне со подготовка на нова правна рамка во насока на подобрување на системот за дисциплинска одговорност и разрешување на судии, ќе се пристапи кон изменување и дополнување на донесе Законот за јавното обвинителство, како и изменување и дополнување на Законот за кривична постапка. Во насока на зајакнување на судството во однос на другите гранки на власта, зајакнување на стратешкото планирање, финансиските и комуникациските капацитети на системот на управување на правосудните институции, унапредување на независноста, ефикасноста, компетентноста и транспарентноста на целокупниот правосуден систем, ќе ревидира Нацрт Стратегијата за реформа на правосудниот систем согласно препораките на Европската комисија, која треба да се усвои до крајот на третиот квартал.*

*Ќе се изврши алокација на опрема и човечки ресурси за целосна оперативна функционалност на Правосудната полиција и Истражниот центар.*

*Во односно на **антикорупциската политика**, финансирањето на политичките партии, согласно Годишната програма за работа, ДЗР ќе изврши ревизија на финансиските извештаи за редовното работење на четирите најголеми политички партии. Исто така, ќе се објават конечните ревизорски извештаи за извршената ревизија на финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања за спроведените предвремени парламентарни избори во декември во 2016 година. Ќе се преземат мерки во насока на унапредување на легислативата со цел на унапредување на пристапот до информации од јавен карактер и стандардите за доделување јавни набавки, концесии и договори за воспоставување јавно приватно партнерство.*

*Во делот на **фунадаментални права** се очекува целосно да биде заокружена легислативната рамка за воспоставување на пробациска служба.Во однос на реформата на затворскиот систем, ќе се продолжи со имплементација на Националната стратегија за развој на пенитенцијарен систем во земјата како и со имплементацијата со Стратегијата за развој на пробациската служба.*

*Исто така ќе бидат донесени измени и дополнувања на Законот за заштита од лични податоци со цел негово усогласување со ЕУ регулативите во оваа насока, понатамошно уредување на одредбите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор, како и нормирање на ревизијата на заштита на лични податоци.*

*Во врска со правото на заштита од дискриминација ќе биде донесен/усевоен нов Закон за спречување и заштита од дискриминација.*

*Во делот на слобода на медиуми ќе продолжи праксата за спроведување на обуки за судиите надлежни за случаите на клевета за примена на принципите на ЕСЧП и евиденцијата на случаите на клевета и навреда согласно Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда. Ќе продолжи и процесот на формирање на локалните совети за превенција од детско престапништво.*
*Во делот на подигнувањето на грижата кон децата со пречки во развојот, планирано е проширување на мрежата на вонинстиуционалната заштита со отворање на дополнителни три Дневни центри за оваа категорија на деца, а ќе продолжи и поставувањето на инклузивни детски игралишта.*

## 3.23.1 СУДСТВО

***Тековна состојба***

Во 2016 година,(1 јануари-21 ноември 2016) Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) спроведе вкупно 178 обуки со вкупно 4352 учесници од кои 1832 судии, 665 обвинители, 1113 службеници и 742 други учесници-претставници на релевантни институции.

Во периодот јануари-ноември 2016 година се одржаа 3 советувања поврзани со мерката притвор, кои ги посетија вкупно 54 судии, јавни обвинители и стручни соработници и 8 советувања на тема „Писмена изработка на пресуди", одделно за судиите и судските соработници од граѓанските и кривичните оддели, од сите четири апелациони подрачја Скопје, Битола, Штип, Гостивар, на кои учествуваа вкупно 118 судии и 45 судски соработници.

Во 2016 година Советот за утврдување на факти достави предлог до Судскиот совет на Република Македонија за поведување на постапка за разрешување на судија од ОС Охрид. Предлогот од страна на Судскиот совет е отфрлен. Еден судија од ОС Скопје 1 Скопје е разрешен,за постапка поведена во 2015 година,а одлуката станала правосилна во 2016 година.На 27 судии им утврден престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија, на 2 судии утврден престанок поради смрт.

Судскиот совет континуирано врши обработка на статистичките податоци добиени од судовите врз основа на два индикатора: Стапка на решени предмети[95] и време на решавање на предметите [96] . Заклучно со месец септември 2016 година, вкупно 351.552 предмети биле решени, а нерешени предмети на крајот на Септември 2016 година биле 148.562 предмети со просечна стапка на ефикасност од 95,47 % .Вкупното времетраење на решавање на предметите е 154,24 денови.

Во 2016 година избрани се вкупно 26 судии, и тоа Советот назначи 8 судии во Основните судови (сите од редот на кандидати од Академијата, од кои 7 се за првпат избрани а 1 како кандидат од АСЈО бил избран за обвинител во ОЈО Скопје и во Септември 2016 е избран за судија во ОС Скопје 1), како и 11 судии во Апелационите судови, 1 судија во Управниот суд, 2 судии во Виш управен суд и 4 судии во Врховниот суд. Беше извршен и избор на 7 претседатели на судови, согласно системот на заслуги (мерит систем).Избрани се претседатели на АС Битола, АС Гостивар, ОС Кочани, ОС Охрид, ОС Гостивар, ОС Виница и ОС Кратово.

На 05.02.2016 година извршен избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Штип. На 18.03.2016 година извршен е избор на пет јавни обвинители од редот на кандидати со завршена АСЈО во ОЈО Скопје, на еден јавен обвинител во ОЈО Гостивар и еден јавен обвинител во ОЈО Битола. На 27.04.2016 година извршен е избор Основен јавен обвинител на ОЈО Тетово и еден јавен обвинител во ОЈО Скопје од редот на кандидати со завршена АСЈО. На 20.06.2016 година извршен е избор на три јавни обвинители во ЈОРМ, два јавни обвинители во ВЈО Скопје и еден јавен обвинител во ВЈО Штип. На 29.09.2016 година извршен е избор на Основен јавен обвинител на ОЈО Свети Николе и Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје.

Во 2016 година Советот на јавни обвинители нема разрешено јавен обвинител поради сторени кривични дела кои го прават недостоен за вршење на функцијата јавен обвинител.

Во периодот од јануари до ноември 2016 година беа одржани вкупно 17 обуки кои се однесуваат на Законот за кривична постапка со учество на вкупно 442 учесници од кои 160 судии, 184 јавни обвинители, 53 судски и јавнообвинителски службеници, 23 адвокати, 10 претставници на МВР и 3 други учесници и тоа на следните теми:

- 4 обуки кои се одржаа по апелациони подрачја на тема: Практична примена на ЗКП: истражни дејствија, софокус на увидот, на кои учествувале вкупно 86 учесници, одкои 36 судии, 39 јавнио бвинители и 11 службеници;

[95] Clearance rate
[96] Disposition rate

- 3 обуки кои се одржаа по апелациони подрачја на тема: Практична примена на ЗКП: испитување осомничен, сведок, вештак, накои учествувале вкупно 64 учесници од кои 14 судии, 42 јавни обвинители и 8 службеници;
- 4 обуки кои се одржаа по апелациони подрачја на тема: Спогодувањето за кривична санкција/ Признание на вина /За брзани постапки,накои учествувале вкупно 125 учесници од кои 61 судија, 34 јавни обвинители, 9 службеници и 21 адвокат;
- 1 обука на тема: Воведни и завршни зборови/ Директно и вкрстено испитување на која учествувале вкупно 21 учесник од кои 11 јавни обвинители и 10 службеници;
- 1 обука на тема Практична примена на ЗКП: улогата на судијата во фазата на испитување на обвинението / подготовката и водењето на главна расправа, на која учествувале вкупно 12 судии;
- 1 обука на тема Управување со увидот на местото на настанот и форензичка експертиза, организирана восоработкасо ЗЈРМ и Бирото за меѓународна борба против наркотици и спроведување на законите (INL) при Американската амбасада во Скопје,на која учествувале 42 учес増циодкои 6 судии, 14 јавниобвинители, 3 службеници, 10 од МВР и 9 учесници од Институт за судска медицина;
- 1 обука на тема Истражни дејствија/Ефективнаистрага, организиранавосоработка со Мисијатана ОБСЕ,на која учествувале 32 учесници од кои 22 јавни обвинители и 10 јавно обвинителски стручни соработници;
- 1 обука на тема Товарот на докажување/ Докази и приговори,организирана во соработка со Мисијатана ОБСЕ, на која учествувале вкупно 26 учесници одкои 16 судии, 9 јавнио бвинители и 1 службеник;
- 1 обука на тема Докажување согласно новиот Закон за кривична постапка - Хрватски искуства,организирана во соработка со ИПА Проектот ,, Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и промоција на условната казна и алтернативните мерки'', на која учествувале вкупно 34 учесници од кои 15 судии, 13 јавни обвинители, 1 службеник, 3 адвокати и 2 претставници на Министерството за правда;

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Се очекува донесување и измени на дел од правната рамка и тоа: изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство, изменување и дополнување на Законот за кривична постапка и Закон за управни спорови. . Со цел исполнување на препораките на Венецијанската комисија во третиот квартал ќе се укине Законот за утврдување на факти и дисциплинска одговорност на судии и ќе се измени Законот за Судскиот совет во насока на повторно воспоставување на надлежноста за одлучување по претставки.

Во третиот квартал од 2017 година ќе се усвои Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2020 со Акциски план со цел унапредување на независноста, ефикасноста, компетентноста и транспарентноста на целокупниот правосуден согласно препораките на ЕК, Венецијанска комисија и ГРЕКО.
Ќе се направи Анализа за транспонирање на новото европско законодавство во кривична област.

**Институционална рамка**

Владата на Република Македонија ќе формира Совет за спроведување на реформите во правосудството, со цел следење на реализацијата на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор.
Судскиот совет континуирано ќе известува за покренатите дисциплински постапки за судии, додека Врховниот суд на Република Македонија на ќе известува во однос на барањата за изземање на судии на полугодишна основа.
.

АСЈО ќе продолжи со спроведување на континуирани обуки за судиите, советниците и судските службеници во Управниот суд и Вишиот Управен суд. Во насока на соодветна примена на новиот Законот за кривична постапка ќе продолжи спроведувањето на специјализирани обуки за судиите и јавни обвинители, со вклучување на претставници и од други релевантни институции и тркалезни маси за размена на искуства помеѓу практичарите МВР, МФ - Финансиска полиција, МФ - Царинска управа и адвокатите, како и реализацијата на обуки на тема за Мерката притвор и другите мерки на претпазливост, екстрадиционен притвор, заштита на сведоци и соработници на правдата, конфискација, проширена конфискација–постапка и практични проблеми, обуки за кривични дела од областа на финансискиот криминал, перење пари и корупција, потоа за пробација, практична примена на Законот за одредување на видот и одмерување на висината на казната, примена на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, посебно за заштита на децата жртви на семејно насилство како и обуки за писмена изработка на судски пресуди и решенија, обуки за извршување на пресудите на ЕСЧП како и за ЕКЧП со

посебен осврт на член 3, 6 и 10 од Конвенцијата, специјализирани обуки за судиите кои постапуваат во предметите за граѓанска одговорност за навреда и клевета и други.

Ќе се започне со анализа за утврдување на човечките, финансиските и техничките ресурси за функционирање на правосудните институции.. Исто така ќе се работи на натамошно унапредување и надградување на ИКТ системот во правосудните институции.

***Среднорочни приоритети***
На среден рок ќе работи на измена на Законот за судови и Законот за судскиот совет на Република Македонија во делот на дисциплинските постапки и оценувањето на судиите, како и ќе се следи имплементацијата на активностите предвидени во Стратегијата и Акцискиот план за натамошна реформа на правосудниот систем (2017-2020).

## 3.23.2 АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА

***Тековна состојба***

Во септември 2015 година, ДКСК донесе Методологија за антикорупциска проверка на легислативата[97], а се спроведоа активности за нејзина оценка и унапредување[98]. Во насока на примена на оваа Методологија, во март 2016 година, Владата на Република Македонија донесе дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија.[99]

Во ноември 2015 година, донесен е Законот за заштита на укажувачи[100]. Министерот за правда ги донесе сите подзаконски акти[101] кои произлегуваат од Законот за заштита на укажувачи. Примената на Законот започна во март 2016 година.
Со Прввиот извештај на ГРЕКО за усогласеност на земјата со препораките од Четвртиот круг на евалуација на тема: „Превенција на корупција кај пратениците, судиите и обвинителите“[102], констатирано е дека од препораките содржани во Извештајот за евалуација од Четвртиот круг[103], на задоволително ниво се имплементирани три препораки, десет се делумно имплементирани, а шест не се имплементирани.

Капацитетите на ДКСК со цел примена на Методологијата за анти-корупциска проверка на законодавството во 2016 година се зајакнаа со формирање на Одделение за антикорупциска проверка на законоавството и спроведување активности за подигнување на знаењата и вештините[104]. Во Одделението се вработени пет лица.[105]

Зајакнати се капацитетите на Советот за јавни набавки со вработување на 36 лица[106].

Заклучно со 30.10.2016 година поднесени се вкупно 586 изјави за интереси. Исто така, извршена е проверка на 586 изјави за интереси, по која во 34 предмети утврдено е постоење на судир на интереси, од кои 13 предмети се завршени, а останатите 21 предмети се во тек. Системската проверка на изјавите за интереси спроведена согласно Уредбата за начинот на проверка на содржината на изјавите за интереси[107] заврши со последните проверки предвидени за третиот и четвртиот квартал од 2015 година.
Во текот на 2016 година до ДКСК се поднесени 644 анкетни листови по избор односно именување на функцијата, 302 анкетни листови по престанок на функцијата, и 316 известувања за промена на имотната состојба. ДКСК против 25 избрани и

---

97ПАРИРП мерка 1.4.2.5.
98Во рамки на Регионална програма „Градење капацитети на Анти-корупциските тела во Југоисточна Европа и јакнење на нивната соработка“, изготвена од Регионалната анти-корупциска иницијатива (РАИ) во соработка со УНОДЦ,спроведена е експертка посета во периодот 12-13 мај 2016 година, по која е изготвен извештај со оценка за Методологијата во кој се дадени препораки за нејзино подобрување.Предвидени се и активности за обука и изготвување на ИТ алатка за олеснување на примената на Методологијата.
99Сл. Весник на Република Македонија бр.бр.41/16
100Сл. Весник на Република Македонија бр.196/2015.Во текстот на Законот во најголем обем е рефлектиран текстот кој е работен во рамки на Работната група за анализа и изготвување на измени и дополнувања на Законот за спречување на корупцијата и на Законот за спречување судир на интереси.
101Правилник за заштитено пријавување во институциите во јавниот сектор, Правилник за заштитено надворешно пријавување и Правилник за насоки за донесување на внатрешни акти за заштитено внатрешно пријавување во правното лице во приватниот сектор („Сл. Весник на РМ“,. бр.46/16)
102Усвоен од ГРЕКО на 72-от Пленарен состанок, 1 Јули 2016 година.
103Извештајот на ГРЕКО за евалуација на Република Македонија - Четврт круг е усвоен на 62-риот Пленарен состанок на ГРЕКО кој се одржа во периодот од 2-ри до 6-ти декември 2013 година во Стразбур. Со овој Извештај ГРЕКО упати вкупно 19 препораки до Република Македонија, од кои 4 се однесуваат на членовите на Собранието, 9 се однесуваат на судството, 3 се однесуваат на јавното обвинителство и 3 се однесуваат на сите категории
104Во периодот 28-29 ноември 2016 година, со поддршка на Регионалната антикорупциска иницијатива, спроведена е обука за Антикорупциска проверка на легислативата, на која присуствуваа претставници од ДКСК, Секретаријат на ДКСК, Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија, Министерство за правда, Министерство за инфоматичко општество и администрација, Секретаријат за законодавство.
105 во Одделението за антикорупциска проверка на легислативата се вработени раководител на одделението и 4 советници..
106Заклучно со 23.11.2016 година, вработени во сектор со две одделенија.
107Сл.весник на РМ бр.42/2012 година

именувани функционери до надлежниот суд поднесе барања за поведување прекршочни постапки поради не доставување анкетен лист односно непријавување промени на имотната состојба, како и до Управата за јавни приходи поднесе 7 барања за испитување на имотната состојба. Заклучно со ноември 2016 година на веб- страницата на ДКСК се објавени 4792 анкетни листови.

Во 2016 година, Царинската управа донесе дополнети и ревидирани интерни акти[108] за спречување судир на интереси, вршење на внатрешна контрола, спроведување внатрешни истраги. Во насока на превенција од корупција и правилна примена на законската и подзаконска регулатива донесен е нов Регистар на ризични точки во царинското работење подложни на корупција за период октомври - декември 2016 и Водич за најчести грешки во севкупното работење на ЦУ.
Во текот на 2016 година се спроведени 30 дисциплински постапки и се изречени 23 парични казни, а во истиот период се изречени и 19 намалувања на плата во висина од 15% поради незадоволителни резултати во работењето. Еден царински службеник е суспендиран односно отстранет од работа поради основано сомнение дека сторил кривично дело примање поткуп[109], за што му е определена мерка куќен притвор.
Во 2016 година се спроведени напредни обуки за јакнење на личниот и професионален интегритет за 20 царински службеници.

Во текот на 2016 година, заклучно со 21 ноември АСЈО реализираше повеќе советувања на теми поврзани со корупцијата со учество на вкупно 200 слушатели (судии, јавни обвинители, стручни соработници и други).[110]

Во периодот јануари-ноември 2016 година до КОМПСИ постапувала по 594 жалби доставени во 2016 година и и по 25 пренесени предмети од 2015 година. Постапувајќи по наведените предмети донесе 242 решенија и 292 заклучоци. Во наведениот период се одржаа 6 обуки за 140 новоназначени службени лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер[111].

Реализирани се активности и настини за поголема видливост на КОМПСИ и за јакнење на свеста на барателите и имателите на информации од јавен карактер за правото за слободен пристап до информации од јавен карактер[112].
КОМСПИ на 28 Септември 2016 година потпиша нов меморандум за соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, со цел продолжување на соработката во 2016-2017 година, за имплементација на активности во насока на натамошно зајакнување на транспарентноста и отвореноста на институциите во јавната администрација.
На 28 септември 2016 година КОМСПИ потпиша Меморандум за разбирање со Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), со цел да се обезбеди рамка за соработка, во областите од заеднички интерес на неексклузивна основа,.На 30 ноември 2016 година КОМПСИ потпиша и Меморандум за соработка со Советот за транспарентност и добро владеење од Шпанија.

---

[108]Процедура за вршење внатрешна контрола, Процедура за спроведување внатрешни истраги, Упатство за работа на Секторот за професионална одговорност и Насока за постапување и определување на работите и дејностите кои се во судир со службената должност на царинските службеници.
[109] Член 375 став 1 од Кривичниот законик.

- [110]Во соработка со ДКСК на 6 и 7 април 2016 година одржа советување на тема Постапување против правни лица во согласност со најновите законски измени, на која присуствуваа 5 судии, 6 јавни обвинители и 2 стручни соработници;Во соработка со Американската стопанска комора на 20 април одржа работен состанок на тема Законот на САД за спречување на корупција во странство на која присуствуваа 3 судии, 5 јавни обвинители и 4 стручни соработници;
- Во соработка со ИПА проектот на 17 и 18 мај одржа советување на тема Кривично правни аспекти на корупцијата/Споредбена пракса на Хрватска и ЕСЧП на која присуствуваа 22 судии, 5 јавни обвинители, 2 стручни соработници, 2 адвокати, 3 претставници од ДКСК и 3 претставници од Министерството за правда (МП), додека второто советување на истата тема се одржа на 7 и 8 јули, на кое присуствуваа 10 судии, 9 јавни обвинители, 11 стручни соработници, 2 адвокати и 2 претставници од Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП;
- На 6 јуни 2016 година се одржа советување на тема Превенција на корупција и судир на интереси, добро владеење, интегритет и етика наменето за јавно обвинителските службеници, каде присуствуваа вкупно 43 службеници додека второто советување на истата тема, наменето за судските службеници, се одржа на 22 септември 2016 со учество на 29 службеници.
- На 28-29.06.2016 се одржа советување на тема Зајакнување на заштитата на сведоци во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата, во соработка со ВИНПРО III, на која учествуваа 8 новоизбрани јавни обвинители и 9 јавнообвинителски службеници.
- Во периодот од 26-30 септември 2016 година, во рамките на ИПА 2015 проектот „Соработка во кривичната правда:Зајакнување на заштитата на сведоците во борбата против организираниот криминал, тероризмот и корупцијата“ (ВИНПРО III), се одржа Курс за проценка на клиент, на кој учествуваа 8 новоизбрани јавни обвинители и 7 јавнообвинителски службеници.

[111]Службените лица беа од следните иматели на информации: државни органи и институции, театри, студентски домови, фондови, управи, совети, градинки, основни и средни училишта, како и од високообразовни установи од Скопје и околните општини.
[112]На 28 Септември, Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер организираше пригодна прослава на 10 годишниот јубилеј од постоењето на Комисијата како и одбележувањето на Меѓународниот ден за слободен пристап до информациите од јавен карактер, кој се одвива под мотото „Имам право да знам“, а го симболизира глобалното движење во светски рамки за промоција на правото на пристап до информациите. Настанот имаше и одлична медиумска покриеност. Во рамките на ИПА проектот (компонента 2, резултат 8) „Поддршка за пристап до правото на заштита за лични податоци“ на ДЗЛП, се одржаа три работилници (Скопје, Струмица и Охрид) на тема ,,Промоција на двете права –Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и правото на заштита на личните подадоци. Предвидени се уште 3 работилници, кои ќе бидат реализирани до јуни 2017 година.

Во октомври 2016 година, заврши спроведувањето на ИПА 2010 Твининг проектот „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата“[113], во чии рамки вкупно беа реализирани над 200 експертски мисии во чија реализација учествуваа 50 експерти од страна на твининг партнерот[114], а институциите корисници беа претставени со над 300 претставници кои со својата ескпертиза и учество на состаноци, тренинзи и работни групи овозможија целосна поддршка на странските експерти. Во рамки на Твининг проектот, изготвено е ИТ решение за воспоставување на Регистарот за избрани и именувани лица во електронски систем, кое е ставено во функција на 12.06.2016 година и ИТ решение за унапредување на евиденцијата на кривични истраги, обвиненија и пресуди за случаи на корупција и примената на Методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на анти-корупциската политика, кое е во фаза на тестирање.

Во насока на изготвување методологија за оценка на ризици за корупција[115], спроведени се активности во рамки на ИПА 2010 Твиниг проектот[116] и во рамки на Регионална програма „Градење капацитети на Анти-корупциските тела во Југоисточна Европа и јакнење на нивната соработка“, изготвена од Регионалната анти-корупциска иницијатива (РАИ) во соработка со УНОДЦ[117].

На 1 јуни 2016 година започна имплементација на Проектот „Јакнење на заштитата на правата на осудените лица”[118],кој е директно насочен кон поддржување на Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем, а во чии рамки предвидени се активности кои ќе придонесат кон: поефикасно управување со затворите, зајакнување на системот за внатрешна инспекција во КПУ и ВПУ , како и јакнење на заштитата на правата на осудените лица преку воведување ефикасни механизми за справување со случаите на несоодветно постапување и корупција во КПУ и ВПУ.

***Краткорочни приоритети***

ПРАВНА РАМКА

Во насока на усогласување со препораките на Венецијанската комисија и Европската комисија ќе се започне постапка на изменување и дополнување на Законот за заштита на укажувачите.

ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

По однос на финансирањето на политичките партии, согласно Годишната програма за работа, ДЗР ќе изврши ревизија на финансиските извештаи за редовното работење на четирите најголеми политички партии. Исто така, ќе се објават конечните ревизорски извештаи за извршената ревизија на финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања за спроведените предвремени парламентарни избори во декември во 2016 година. Исто така ДЗР ќе ги зајакне капацитетите со вработување на 3 нови помлади ревизори и 2 ревизори.

Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер (КОМСПИ) ќе продолжи со спроведување на активности во насока на зајакнување на своите капацитети и на статусот во системот.
Ќе се продолжат да се имплементираат „Стратешките приоритети на Бирото за јавни набавки за натамошен развој на системот на јавните набавки 2014-2018“. *По однос на транспарентност на договорите за јавни набавки види Поглавје 3.05. Јавни набавки.*

Во текот на 2017 година ќе продолжат обуките за ризици од корупција, превентивни мерки и подигнување на јавната свест, како и обуки за конфискација, противправно стекнување на имот и злоупотреба на јавните набавки, во организација на АСЈО и ДКСК.

---

[113]ДКСК и Сојузната служба за администрација од Германија, во јули 2014 година започнаа со реализација на двегодишниот твининг проект за поддршка на институциите надлежни за превенција и борба против корупцијата. Во овој проект утврдени беа над 40 активности структурирани во 8 проектни компоненти.
[114]40 од Сојузна Република Германија, 7 од Полска и 3 од Словенија.
[115]ПАРИРП мерка 1.4.2.4.
[116]Изготвен е мисиски извештај, од февруари-март 2016 година, во кој се презентирани меѓународните стандарди и најдобри практики, идентификувани се потреби за измена на закони, а предложен е модел за обуки за оценка на ризици за корупција; Издадена публикација „Водич за управување со ризици за корупција“, септември 2016 година, кој претставува дополнение на постојниот Водич усвоен од страна на Секторот за јавна внатрешна финансиска конторла на Министерството за финансии од март 2015 година, без да воведува нов процес или дополнителна методологија специфична за оценка на ризици за корупција, туку со користење на посточниот метод воведен со Законот за јавна внатрешна контола и споменатиот водич.
[117]Спроведена еекспертска посета, во периодот 12-13 мај 2016 година, по која е изготвен Извештај за поставување на институционалната и оперативна рамка за оценка на ризици за корупција во Македонија: практични сугестии и размислувања, јуни 2016 година. Предвидени се и активности за изготвување на ИТ алатка за олеснување на спроведувањето оценка на ризици за коруцпија.
[118]Се имплементира од Совет на Европа

Исто така, согласно Годишната програма за генеричка обука на административни службеници на МИОА за 2017 година, предвидени се обуки на тема антикорупциски политики и етика во државната служба[119].

По однос на Стратегија за нулта толеранција за несоодветно постапување со лицата лишени од слобода и случаи на корупција во КПУ и ВПУ види *Поглавје 23.3.7. Превенција од тортура и лош третман (Затворски систем).*

По однос на мерките за унапредување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола, види Поглавје 32. Финансиска контрола.

***Среднорочни приоритети***
Ќе се преземат мерки во насока на унапредување на законодавството со цел на унапредување на пристапот до информации од јавен карактер и стандардите за доделување јавни набавки, концесии и договори за воспоставување јавно приватно партнерство.

Исто така, ќе се превземат активности за оценка на потребите за зајакнување на капацитетите на институциите од антикорупциската институционална рамка, како и активности за соодветно обезбедување на истите.

Ќе се спроведуваат мерки и активности за унапредување на превенцијата на корупцијата и унаредување на транспаретноста, одговорноста и отчетноста во јавниот сектор, вклучително и унапредување на системот за јавна внатешна финансиска контрола и во негови рамки оценката на ризици.

**Програми и проекти**
ИПА 2010: "Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и промоција на условната казна и алтернативни е мерки".
ИПА 2010: "Набавка на опрема за ССРМ,ВСРМ, АСЈО,судови, ЈОРМ,УИС".
ИПА 2010 Твининг проектот - „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата", завршен во октомври 2016 година.
ИПА 2012 Твининг лајт "Зајакнување на Судската соработка во граѓанска и кривична материја" (партнери од Холандија)
ИПА 2011: "Поддршка и јакнење на капацитетите на Министерството за правда во рамки на предпристапниот процес, усогласување со acquis и ефикасно спроведување на актите на Советот на Европа кои се однесуваат на човековите права". (се имплементира и Твнининг проектот со партнери од Р.Латвија и Р.Хрватска)
ИПА 2011: Набавка на хардвер,софтвер,и друга опрема за МП"
ИПА 2012: "Зајакнување на националните капацитети во борбата против организираниот криминал и корупција" (МВР/МП)
Регионална програма „Градење капацитети на Анти-корупциските тела во Југоисточна Европа и јакнење на нивната соработка", изготвена од Регионалната анти-корупциска иницијатива (РАИ) во соработка со УНОДЦ Регионална програма за Југоисточна Европа 2016-2019.
European Union/Council of Europe Horizontal Facility for the Western Balkans and Turkey - Tri-Annual Plan of Action (2016-2019)
Проект "Јакнење на заштитата на правата на осудените лица".
ИПА проектот „Поддршка за пристап до правото на заштита за лични податоци" на Дирекцијата за заштита на личните податоци.

## 3.23.3 ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА

*(види исто во 1. Политички критериуми, 3.19 - Социјална политика и вработување)*

**Промоцијата и спроведувањето на човековите права**
***Тековна состојба***
Земјата е веќе членка на повеќето **меѓународни инструменти за човекови права.** Во 2016 година таа го ратификуваше Протокол 15 за изменување на Конвенцијата за заштита на човековите права и фундаменталните слободи на Советот на Европа и исто така стана набљудувач на Агенцијата за фундаментални права на Европската Унија.

Во однос на унапредувањето и засилувањето на човековите права, Народниот правобранител и понатаму е клучната институција за надзор. Законот за Народниот правобранител беше изменет во септември 2016 со цел исполнување на

[119] Обуките ќе се спроведуваат во рамки на lms системот (систем за управување со учење), преку Системот на Микро-учење и по традиционален пат.

Париските начела („итен реформски приоритет“) со што се овозможи усогласување на законот за Народен правобранител со Париските прицпипи, препораката на групата на искусни експерти за системските прашања за владеењето на правото во Македонија, воведување на промоција на човековите слободи и права како и зајакнување на мандатот на народниот правобранител.

***Краткорочни приоритети (Итни реформски приоритети)***

Од аспект на извршувањето на пресудите на ЕСЧП донесени во случаи против Републк Македонија, со кои се констатирани повреди на ЕКЧП, во текот на 2017 година се планира до Комитетот на министри на Советот на Европа да бидат доставени на разгледување и усвојување иницијални и ажурирани акциони планови за преземените и планираните индивидуални и генерални мерки за извршување на приближно 15-20 предмети кои се оформени по однос на исто толку пресуди досега донесени против земјата.

Истовремено, се планира во текот на 2017 година да се финализира процесот на извршување на околу 10 предмети, во насока на нивно целосно затворање со донесување на финална резолуција од страна на Комитетот на министри при Советот на Европа. Во повеќето од овие пресуди е констатирана повреда на членот 6 од Европската конвенција за човекови права со кој се гарантира правото на правично судење.

Меѓудругото, се планира воведување на законска основа за објавување на одлуките на ЕСЧП донесени во случаи против земјата, во превод на македонски јазик и во Службен весник на Република Македонија.

Во текот на 2017 ќе се направат напори за зајакнување на човечките капацитети на Бирото за застапување на земјата пред ЕСЧП.

Во контекст на извршувањето на пресудите на ЕСЧП, на среден рок исто така е планирано ревидирање на процесните закони во делот во кој е предвидена можноста за повторување на домашната постапка, како алатка за извршување на пресудите на ЕСЧП во делот на индивидуланите мерки, со цел хармонизација и прецизирање на релевантните одредби од домашните закони.

Билтенот за судската практика на ЕСЧП, со преведени пресуди во однос на сите членови од Конвенцијата, ќе продолжи да се издава.

## Затворскиот систем

***Тековна состојба***

Континуирано се реализираа активности во рамки на започнатата реформа на затворскиот систем. Согласно предвидените рокови за градба, во 2016 година продолжи изградбата на ВПД Тетово која е во завршна фаза на градба, додека објектите од првата фаза на градба на КПД Идризово (тренинг центарот, полуотворено и отворено одделение) се завршени, а во тек е реконструкцијата на административната зграда.

Во делот на активностите поврзани со воспоставување на пробациска служба, во рамките на **ИПА Проектот 2010 “Понатамошна поддршка за независно, одговорно, професионално и ефикасно судство и промоција на пробациската служба и алтернативно санкционирање”**реализирани се неколку активности: набавени се 400 алки – трансмитери кои ќе ги носат престапниците, ГПС, како и друга ИТ опрема за извршување на куќниот затвор/притвор, изработен е и донесен Законот за пробација (Службен весник на РМ бр.226/2015),, спроведена е обука за обучувачи за извршување на пробациски работи, како и обука за примена на алките за електронски надзор, изработени се потребните подзаконски акти и други документи потребни за воспоставување на службата и исто така реализирани се Тркалезни маси за информирање на судиите, јавните обвинители, затворски персонал и други страни кои се вклучени во извршување на пробациските работи.

Во текот на 2016 година продолжи имплементацијата на Националната Стратегија за развој на пенитенцијарниот систем на РМ. На 1 јуни 2016 година започна имплементација на проект насловен како **“Јакнење на заштитата на правата на осудените лица”** кој се имплементира од Совет на Европа и кој е директно насочен кон поддржување на Националната Стратегија. Во рамките на овој проект предвидени се активности кои ќе придонесат кон: поефикасно управување со затворите, воспоставување на механизми за справување со насилство меѓу осудените лица, зајакнување на системот за внатрешна инспекција во КПУ и ВПУ, подобрување на третманот на осудените лица, како и јакнење на заштитата на правата на осудените лица преку воведување ефикасни механизми за справување со случаите на несоодветно постапување и корупција во КПУ и ВПУ.

Во насока на подобрување на процесот на ресоцијализација на осудените лица, започна имплентација на “**Проектот - Стручно образование и обука - нов пристап за ефективна социјална вклученост”** кој е финансиран од Делегацијата на Европската унија се реализираат активности за обука и набавка на опрема за осудените лица кои се наоѓаат на издржување на казна затвор во КПД Штип и Затвор Тетово.

Во рамките на **Проектот “Промоција на одржливи вработувања III”** кој се реализира помеѓу Министерството за образование и наука, Управата за извршување на санкциите и Програмата за развој на обединететите нации (UNDP). По пат

на јавна набавка извршен е избор на две училишта со верифицирани програми за обука за пекари и бравари во Затвор Куманово. Обуката за пекари и бравари на осудените лица е завршена и 22 осудени лица се стекнаа со уверенија за завршен занает.
Во насока на подобрување на третманот на малолетните лица во Затвор Охрид и ВПД Тетово, продолжи реализацијата **на Проектот "Подобрување на затворските услови за реинтеграција на малолетните затворени лица"** во кој се вклучени голем број на активности кои се однесуваат на описменување, изучување на математика, англиски јазик и други предмети како дел од неформалното образование на малолетните лица.

***Краткорочни/ среднорочни приоритети***

Во 2017 година ќе се пристапи кон донесување на нов Закон за извршување на санкциите..
Се очекува целосно да биде заокружена легислативната рамка за воспоставување на пробациска служба.
Во однос на реформата на затворскиот систем, во текот на 2017 година ќе се продолжи со натамошно подобрување на капацитетите на затворскиот систем преку продолжување на изградбата на ВПД Тетово и ставање во функција на сите објекти од првата фаза на градба на КПД Идризово (полуотворено и отворено одделение во КПД Идризово, тренинг центар, административна зграда и пречистителна станица за отпадни води).
Во 2017 година се продолжува со имплементација на Националната стратегија за развој на пенитенцијарен систем во земјата како и со имплементацијата со Стратегијата за развој на пробациската служба и Стратегијата за развој на обуки на затворски перосонал.

**Заштита на лични податоци**

***Тековна состојба***

Тековно се спроведува надзорот над законитоста на обработката на личните податоци во земјата. Се имплементираат стратешките цели од Стратегијата за заштита на лични податоци, како и Комуникациската стратегија во поглед на активноститеза подигање на јавна свест за правото на заштита на лични податоци.
Се реализираат инспекциски надзори, согласно Годишната програма за инспекциски надзор и месечните планови, а преку софтверот за инспекциски надзор се генерираат извештаи за состојбата со надзорите. Дирекцијата постапувајќи по препораките од Прибе, и заклучоците од состанокот на Поткомитетот за правда и фундаментални права (08.03.2016 година), во текот на 2016 година презеде низа активности за зајакнување на кадровскиот капацитет на вработените заради спроведување на инспекциски надзор во органите за спроведување на законот. Со поддршка од Проектот IPA 2012 година, е реализирана обука за вработените во Дирекцијата по однос на вршењето на инспекциски надзор во областа на внатрешни работи, по што со месечниот план за инспекциски надзори за јуни 2016 година беше предвидено да се спроведе инспекциски надзор во Управата за државна безбедност и контраразузнавање, кој започна на 13 јуни 2016 година. Во рамки на активноста „создавање одржлив систем за континуирана едукација во основно и средно образование за начелата на ЗЛП", се реализирани низа активности и соработка со други органи (МНО-БРО)во рамки на проектот "Час по приватност".
Во рамки на предвидените активности за зголемување на соработката со Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер преку ИПА Проектот ТАИБ 2012 се спроведуваат обуки за правото на слободен пристап до информации од јавен карактер наспроти правото на заштита на личните податоци, во кои се вклучени одговорните лица за овие права во правните субјекти (спроведени 3 обуки според регионален пристап), зајакната е и соработката со Народниот Правобранител, како и други државни органи, истите кои се спроведуваат континуирано.
Отпочната е подготовката на Стратегијата за заштита на личните податоци за периодот 2017-2022 година и Комуникациската стратегија за истиот период со поддршка од споменатиот Проект.
Потпишани се меморандуми за соработка со невладини организации, правни факултети за подигање на јавната свест во сектор образование.
Дирекцијата во функција на подигање на свеста за потребата од уредување и имплементација на заштита на личните податоци од странана контролорите, организира редовни обуки за контролорите и обработувачите, а се јавува и како редовен едукатор за областа на заштита на личните податоци во Академијата за судии и јавни обвинители;
Во тек е имплементацијата на проектот „Поддршка за пристап до правото на заштита на лични податоци", што се финансира од ИПА ТАИБ 2012 програмата преку кој во 2016 година се обезбеди зајакнување на кадровскиот капацитет преку обуки, и е спроведен тендер за набавка на опрема за ИТ поддршка. Проектот е во насока на обезбедување на понатамошно подобрување (правно и институционално) на рамката за заштита на лични податоци во земјата согласно добрите ЕУ практики, а сè со цел да обезбеди дека на граѓаните им се гарантира заштитата на нивните лични податоци. Отпочнато е и со работа на подготовка на документи за усогласување на националното законодавство со новите реформи за заштита на лични податоци во ЕУ (Регулативата ЕУ - 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот на Европа од 27.04.2016). Проектот е со времетраење од 24 месеци (започна на 24.11.2015 година) и се имплементира од страна на групацијата Vialto Consulting Ltd.

(Vialto), Унгарија во конзорциум со IPS Institute for Project Consultancy (IPS) од Словенија и National Authority for Data Protection and Freedom of Information (NADPFI), Унгарија.

### *Краткорочни приоритети*

Ќе биде подготвена првата работна верзија на Закон за заштита на личните податоци и спроведена јавна расправа и дебати со сите засегнати страни со цел за усогласување на националниот закон за заштита на личните податоци со Регулативата на ЕУ - 2016/679 на Европскиот парламент и на Советот на Европа од 27.04.2016.
Ќе се обезбеди континуирана хармонизација на домашна легислатива за заштита на лични податоци во поодделни области со основните начела на Законот за заштита на личните податоци, документите на Совет на Европа, Европска Комисија, користење на добри пракси од земјите членки на ЕУ.
Ќе се подготват инструментите за модернизираната Конвенција 108 на Советот на Европа за нејзина ратификација со цел да стане составен дел од националната легислатива.

### *Среднорочни приоритети*

Треба да се донесе нов Закон за заштита на личните податоци со цел понатамошно усогласување со Регулативата на ЕУ - 2016/679, негово промовирање, и отпочнување со имплементација во текот на 2018 година.
Промовирање и имплементација на модернизираната Конвенцијата 108 на Советот на Европа која по ратификација ќе се имплементира како национална легислатива;
Донесување на подзаконските акти кои ќе произлезат од новиот Законот за заштита на личните податоци, и отпочнување со имплементација -2018 година;
Континуиран надзор над обработката на личните податоци од контролорите со big data;
Промовирање на алатките во заштита на личните податоци Privacy by design, Privacy impact assessment;
Воведување правен основ за On-line инспекција и практично спроведување на истата
Следење и зголемување на степенот на извршување на изречените глоби од сторени прекршоци согласно законски надлежности;
Подготовка на кореспондентни табели за степенот на усогласеност на новиот закон за заштита на личните податоци со директивите и регулативите на ЕУ поврзана со приватност и заштита на личните податоци;
Подготовка на студија за потребните измени и дополнувања на секторската легислатива заради усогласување и примена на основните принципи за заштита на личните податоци од националното законодавство за заштита на личните податоци.

**Програми и проекти**

- Проект со Град Скопје – „час по приватност“
- проектот FMC **"**Data protection and the media**" -** Request no. IPA/TAIB2012/9.11/lot7/15

## Слобода на изразување

*(подетално, види 1. Политички критериуми)*

Во делот на слобода на медиуми ќе продолжи праксата за спроведување на обуки за судиите надлежни за случаите на клевета за примена на принципите на ЕСЧП во судовите. Ќе се продолжи со ажурирање на табелите за евиденција на случаите на клевета и навреда согласно Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда, во рамките на кои се води евиденција на практичната имплементација од страна на судиите за членот 10 од ЕКЧП во нивните пресуди, како иќе продолжи праксата на превод и објавување на пресудите од ЕСЧП за членот 10 од Конвенцијата.

## Антидискриминација и еднакви можности

### *Тековна состојба*

Во рамки на заедничка соработка меѓу релевантни институции, невладини и меѓународни организации подготвена е Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2016-2020[120], стратешки документ кој ги дефинира целите, мерките, индикаторите, клучните креатори на политиката за унапредување на правата и еднаквите можности во различните области од животот, одговорните чинители и сите засегнати страни во воспоставувањето на еднаквост и недискриминација во земјата.
Усвоен[121] е Годишниот извештај за превземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во земјата за 2015 година.

[120] 31-та седница одржана на 7.6.2016 година.
[121] 45-та седница на ВРМ, одржана на 26.7.2016

Во рамки на одбележувањето на меѓународниот ден на правата на жените, Комисија за еднакви можности на жените и мажите при Собранието одржа седница на тема: „10 години од донесувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите", а на истата тема, во соработка со UN Women, се одржа и конференција, на која беа презентирани постигнатите резултати од донесувањето и имплементацијата на Законот за еднакви можности, како и предизвиците што следат во наредниот период. На конференцијата учествуваа претставници од владиниот и граѓанскиот сектор, претставници на Парламентот и меѓународни организации.
Одржана е завршна конференција на Твининг проектот „Поддршка за имплементација на родовата еднаквост", на која беа презентирани постигнатите резултати на проектот. Проектните активности од овој проект, беа насочени кон зајакнување на капацитетите на сите засегнати страни од областа на родовата рамноправност, како и кон зголемување на ефективноста и подготвеноста на државата во оваа област. Согласно подготвената програма за обуки зајакнати се капацитетите на родовиот механизам на национало и локално ниво за ефективна комуникација и односи со јавност. Обуките се однесуваат на клучни и релевантни концепти за работата на министерствата, примена и важност на европското законодавство и концепт за унапредување на родовата еднаквост. Со овие обуки беа опфатени 150 лица. Во рамки на Проектот се изработија анализи на националното законодавство од областа на родовата еднаквост со препораки за потребни измени на постојното законодавство и усогласување со законодавството на ЕУ. Со цел практична размена на искуства беа реализирани две студиски посети (Велика Британија и Португалија).
Формирана е работна група која работи на измена и дополнување на Законот за заштита и спречување од дискриминација. До крајот на ноември 2016 направени се повеќе работни средби за подготовка на нов Закон за спречување и заштита од дискриминација.

### *Краткорочни/ среднорочни приоритети*

- Донесување на нов Закон за спречување и заштита од дискриминација;
- Изработка на годишен Оперативен план за 2017 година за имплементација на Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020;
- Изработка на годишен Оперативен план за 2017 година за имплементација на Стратегијата за родово одговорно буџетирање 2012-2017;
- Подготовка на годишен Извештај за спроведувањето на Стратегијата за родова еднаквост.
- Зајакнување на капацитетите на институционалните механизми за спречување, заштита од дискриминација, превенција и заштита од трговија со луѓе и заштита на жртвите на трговија со луѓе и унапредување на еднаквите можности.

## Роми

### *Тековна состојба*

Во однос на активностите за подобрување на социјалната вклученост на Ромите и понатаму се продолжи со имплементација на бројни активности во сите области во согласност со Стратегијата за Ромите 2014-2020.
Министерството за труд и социјална политика во соработка со Ромскиот едукативен фонд (РЕФ) веќе единаесет години по ред го имплементира проектот „Инклузија на деца Роми во Јавните општински установи - детски градинки". Со овој проект се опфатени околу 3500 деца Роми, од кои 82% се запишани во основно образование.
Во рамките на проектот заради дополнителна мотивација на ромските родители да ги испраќаат децата во градинките се реализирани повеќе активности со НВО, родителите и градинките. Обработени се теми наменети за родителите од заедницата во насока на јакнење на свеста кај родителите, подобрување на развојните образовни и воспитни вештини кај родителите и активности за подобрување на соработката и комуникацијата меѓу детските установи и родителите на децата.
Продолжи имплементацијата на програмата за ромски здравствени медијатори, програмата за стипендирање и менторирање на ученици Роми вклучени во средно образование (за учебната 2015/2016 година селектирани се вкупно 582 средношколци за стипендија и менторска поддршка).
Во текот на февруари 2016 подготвена е годишна информација за работата на Ромските информативни центри за нивната работа во 2015 година.
Во текот на 2016 година, во Ромските информативни центри фокусот на активности беше ставен во делот на споделување на информации, совети, информативни средби и логистичка подршка за услуги поврзани со остварување на права и обврски од социјална заштита, образование, здравствена заштита, вработување, вадење на лична документација, домување.
Во рамки на акцијата за идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матичните книги на родени, Министерството за труд и социјална политика во 2016 година е во фаза на реализирање на нови 30 ДНК анализи, кои треба да бидат направени до крајот на 2016 година. Истовремено на иницијатива на МТСП се формираше работна група составена од сите надлежни институции за подготовка на нацрт текст на Законот за вонпарнична постапка со цел изнаоѓање на решение за полесно и побрзо завршување на постапките за лицата без документи.

Продолжија и активностите за обезбедување на поддршка за вработување на Роми како целна група во активните програми и мерки за вработување кои се спроведуваа во текот на годината.
На 11јануари 2016 година, започна спроведување на проектот 'Local Integration of Refugees, Internally Dispalced Persons and Minority Groups - European Aid', кој има за цел зајакнување на политиките на национално и локално ниво и градење на капацитетите на структурите за имплементација на активности за подобрување на состојбата на бегалците и внатрешно раселените лица Роми во земјата и Ромите како немнозинска група. Проектот ќе се спроведува 18 месеци. Во рамките на проектот, на 12 октомври се оддржа обука на тема "Планирање, мониторинг и евалуација на стратегии, програми и проекти" наменета за вработените на одделението за спроведување на Стратегијата, Кабинетот на Министерот без ресор, Национален координатор на Декадата и Агенцијата вработување.
Во 12 општини формирани се локални координативни тела за спроведување на активности во рамки на Стратегијата за вклучување на Ромите, составени од претставници од релевантните институции и општините на локално ниво.
На 7 ми март 2016 година, се оддржа состанок организиран од страна на Делегацијата на ЕУ во соработка со МТСП и кабинетот на министерот Мустафа и СЕП. На овој состанок учествуваа околу 20 ромски невладини организации и претставници на релевантни институции и меѓународните организации и разговараа за актуелните политики поврзани со Ромите, наодите на Извештајот на ЕК 2016, како и предлагање на активности за надминување на проблемите во главните тематски области поврзани со инклузијата на Ромите.
На 12 април 2016 година, разгледана е и усвоена е Информацијата од страна на Владата на Република Македонија по однос на Акциониот план за Инклузија на Роми и Роми бегалци, со статус на реализирани активности во периодот јуни – декември 2015 година.
РОМЕД програмата продолжи со имплементација и во 2016 година, која се спроведува преку медијација како мерка што се користи низ Европа за справување со нееднаквостите, со кои се соочуваат Ромите во однос на пристапот до вработување, здравствените услуги и квалитетот на образованието. Потпишани се Меморандуми за соработка со Советот на Европа за вклучување во РОМЕД 2 со општините Дебар, Кочани, Берово и Кичево. Во рамките на програмата досега формирани се само акциски групи на заедницата во 10 општини кои што се вклучени во РОМЕД програмата (Тетово, Гостивар, Прилеп, Битола, Штип, Виница, Дебар, Кочани, Берово и Кичево).

Во текот на годината реализирани се и повеќе обуки и работилници за различни прашања поврзани со обезбедување на поддршка и социјално вклучување на Ромите во земјата.
Согласно Стратегијата за Ромите подготвени се Националните планови за вработување, домување, образование и жената Ромка и истите се усвоени на 28та седница од страна на Владата на Република Македонија.
На 24-25 ноември 2016 година во Скопје, се одржа Јавен форум за дијалог за интеграција на Ромите: Правила на работа на националното координативно тело, ромските информативни центри и ромските здравствени медијатори.

***Краткорочни приоритети***

Во однос на активностите за подобрување на социјалната вклученост на Ромите и понатаму ќе се продолжи со имплементација на Националните Акциони Планови од Стратегијата за Ромите.
И во текот на 2017 ќе продолжи континуирано спроведување на Проектот Инклузија на деца Роми во предучилишното образование во соработка со Ромскиот едукативен фонд, општините и јавните предшколски установи. Ќе продолжи имплементација на програмата за ромски здравствени медијатори, програмата за стипендирање и менторирање на ученици Роми вклучени во средно образование, поддршката на функционирањето на воспоставените 12 Ромски информативни центри на територијата на Република Македонија, ќе продолжи поддршката за вработување на Роми, како целна група согласно мерките од Оперативен план за активности мерки и програми за вработување за 2016 година, како и активностите во рамки на координираната акција за идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матичните книги на родени.

EPTISA Southeast Europe DOO во конзорциум со CARE Deutschland-Luxemburg e.V., Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), Ромски образовен фонд и EPTISA Servicios de Ingenieria, S.I на 11 јануари 2016 година започна со имплементација на проектот „Локална интеграција на бегалци, внатрешно раселени лица и малцинства" (EuropeAid/ 136616/IH/SER/MK). Проектот се имплементира во соработка со Министерството за труд и социјална политика. Општата цел на Проектот е да се подобрат капацитетите на државната администрација за зајакнување и поддршка на процесите на локална интеграција и вклучување на Ромите, Ромите бегалци и внатрешно раселените лица.

**Недискриминација**

***Тековна состојба***

За успешна имплементација на одредбите од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, беа донесени пет подзаконски акти од страна на надлежните институции и тоа: 2- Министерството за труд и социјална политика (Службен весник на РМ бр. 17/15), и 2-Министерството за внатрешни работи (Службен весник на РМ бр. 28/15) и 1-Министерство за здравство (Службен Весник на РМ бр.94/15). Со овие подзаконски акти се утврди начинот на спроведување и следење на мерките на заштита од семејно насилство, проценката на ризикот по животот и телесниот интегритет на жртвата и ризикот од повторување на насилството, начинот на извршување на изречените привремени мерки за заштита на жртвата на семејно насилство и членовите на нејзиното семејство како и начинот на извршување на привремената мерка за заштита од семејно насилство.
Во Законот за изменување и дополнување на Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, предвидена е нова одредба со која се определува обврска на центарот за социјална работа, секогаш кога има сознание дека семејното насилство е сторено од лице кое поседува огнено оружје или има пристап и ракува со службено огнено оружје, да ги извести надлежните органи заради преземање на мерки на тоа лице привремено да му се одземе огненото оружје.
Заради сеопфатно и ефикасно преземање на мерки за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, донесен е Протоколот за меѓусебна соработка на надлежните институции и здруженија за заштита и спречување од семејно насилство.
Со цел следење и унапредување на состојбата со семејното насилство како и соработка и координација на надлежните институции и здруженија, Владата на Република Македонија формира Национално координативно тело против семејно насилство со мандат од пет години и исто така формирана е Работна група за изготвување на Националната стратегија за превенција, спречување и заштита од семејно насилство. Во соработка и со поддршка од Канцеларијата на ОБСЕ во Македонија, беше формирана и посебна работна група која работеше на утврдување на препораки за подобрување и унапредување на Законот за спречување и заштита од дискриминација.
Со поддршка на ОБСЕ работната група го изготви предлог законот за спречување и заштита од дискриминација, кој ќе биде финално подготвен почетокот на јули 2017 година и ќе биде доставен до Влада за понатамошна постапка и усогласување пред ставање на законот во агенда за усвојување.

***Краткорочни/ среднорочни приоритети***

За успешна имплементација на одредбите од Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, ќе се донесе Национална стратегија за превенција, спречување и заштита од семејно насилство 2017-2021 година.
Унапредување и анализа на состојбата во делот на превенција спречување и заштита од семејно насилство, едукација и тренинг на стручните лица и воспоставување на база на податоци во секое ресорно министерство.

**Права на деца**

***Тековна состојба***

Во изминатиот период се имплементираше Акциониот план за превенција и справување со сексуална злоупотреба на деца и педофилија 2014-2015 како и Националниот Акционен план за превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца 2013 и 2015 година.

***Краткорочни/ среднорочни приоритети***

Во наредниот период ќе продолжат активностите насочени кон обезбедување на средства и механизми за спроведување на помош и заштита на децата од злоупотреба и педофилија и ќе се унапредува координираниот систем на соработка помеѓу владините институции, како и соработката помеѓу владините институции и невладините организации кои ја покриваат оваа проблематика.

**Социјална интеграција на лицата со посебни потреби**

***Тековна состојба***

Во 2016 година процесот на деинституционализација на лицата со попреченост во менталниот развој над 18 години се спроведуваше преку вонинституционална форма на заштитно - организирано живеење со поддршка во 17 станбени единици во Скопје и Неготино, во кои организирано живеат 76 корисници. Со цел проширување на мрежата на станбени единици за организирано живеење со поддршка, во ноември 2016 година отворена е нова станбена единица за 5 корисници. Со тоа моментално функционираат 17 станбени единици со вкупно 81 корисник. Во насока на поголема заштита и згрижување на децата со попреченост во 2016 година отворен е Дневен центар за деца со посебни потреби во Македонска Каменица.
Со цел за подобрување на социјалниот живот на децата со инвалидитет и можноста за нивен правилен раст и развој, преку изградба на инклузивни детски игралишта на територија на земјата досега се поставени и опремени 9 инклузивни игралишта.

***Краткорочни/ среднорочни приоритети***

Во делот на подигнувањето на грижата кон децата со пречки во развојот, планирано е проширување на мрежата на вонинстиуционалната заштита со отворање на дополнителни три Дневни центри за оваа категорија на деца, а ќе продолжи и поставувањето на инклузивни детски игралишта.
Во насока на имплементација на Националната стратегија за деинституционализација, ќе продолжи обезбедувањето на одржливост на постоечките станбени единици за организирано живеење со поддршка за лица со попреченост во менталниот развој и ќе продолжат активности за проширување на мрежата на станбени единици.

**Процес на деинституционализација**

***Тековна состојба***

Во рамките на спроведувањето на Националната стратегија за деинституционализација во системот на социјалната заштита, во 2016 година беше обезбедена одржливост на 16 станбени единици за организирано живеење со поддршка на лица со попреченост во менталниот развој од кои 9 во Неготино и 7 во Град Скопје, во кои се сместени 76 корисници со попреченост во менталниот развој над 18-годишна возраст. Овој процес беше проширен со отворање на една нова станбена единица, во ноември 2016 година во Скопје, за 5 корисници со попреченост во менталниот развој. Со тоа моментално функционираат вкупно 17 станбени единици, 9 во Неготино и 8 во Скопје во кои организирано живеат 81 корисник.
Министерството за труд и социјална политика во соработка со Делегацијата на Европската Унија започнаа со имплементација на едногодишниот проект Техничка помош за поддршка на процесот на деинституционализација во социјалниот сектор – (EuropeAid/132633/C/SER/multi ).
Проектот ќе се спроведува од страна на AESA во соработка со Alternative Consulting и истиоте финансиран од ИПА 2 програмата во рамки на акцијата „Механизам за интеграција во ЕУ“.
Општата цел на проектот е унапредување на социјалната инклузија и поддршка на преминот од институционална грижа кон поддршка на социјалните услуги во заедницата, како и подобрување на квалитетот на социјалната грижа, со посебен осврт на децата и возрасните со попреченост, како и на децата и младите во социјален ризик.
Посебна цел на проектот е проценка на квалитетот и капацитетот на постојните институционални и вон-институционални услуги, како и оценка и ажурирање на Националната Стратегија за деинституционализација во системот на социјалната заштита со Акциски план.
Во ЈУ Детски дом „11 Октомври“, установа за згрижување на деца без родители и родителска грижа, извршена е трансформација при што се формирани 4 станбените единици во кои има 7 воспитни групи. Вкупниот број на сместени деца е 53.
Во рамки на проектот Унапредување на услугите за социјално вклучување беа избрани репрезентативни примероци од приматели на правата во земјата. Резултатите се сумираат и согласно нив, ќе се направат пилот регионални обуки за лица кои ќе бидат и сакаат да бидат вклучени во процесот на професионална рехабилитација.

***Краткорочни/ среднорочни приоритети***

Во 2017 година ќе продолжи обезбедување на одржливост на воспоставените служби за домување, а ќе продолжат активностите за проширување на мрежата на станбени единици за организирано живеење со поддршка за лица со попреченост во менталниот развој над 18 години.
Во 2017 година ЈУ Детски дом „11 Октомври“, установа за згрижување на деца без родители и родителска грижа ќе продолжи да функционира на принцип на воспоставените 4 станбените единици. Поддршката на корисниците во станбените единици ја обезбедува персоналот од установата.

**Заштита на немнозинските заедници и културните права**

Агенцијата за остварување на правата на заедниците и понатаму продолжи со тековни активности со кои се врши надзор на спроведувањето на законите со кои се уредуваат правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во земјата.

***Краткорочни приоритети***

Во престојниот период ќе следат неколку активности и тоа:

- Изготвување на анализа за степенот на реализација на правото на припадниците на заедниците на учество во културниот живот на РМ;
- Изготвување на анализа за состојбите со образованието на јазиците на припадниците на заедниците за 2016 година
- Изготвување на анализа за состојбите со употреба на јазиците и симболите на припадниците на заедниците
- Изготвување на анализа за состојбите со соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците на централно и локално ниво

- Изготвување на анализа за остварување на правото на пристап до медиумите и правото на информирање на заедниците

***Среднорочни приоритети***

- Спроведување на комуникациската стратегија на Агенцијата
- Дообука на вработените како и кадровско доекипирање за спроведување на законските обврски
- Обезбедување на пристап кон донатори со цел обезбедување на дополнителни средства за финансирање на програми и проекти на здруженијата на граѓани и фондации
- Следење на националното законодавство и европските регулативи на полето на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците
- Зголемување на јавната свест за потребата од унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците
- Обезбедување на обуки за вработените и припадниците на невладиниот сектор од заедниците за јакнење на капацитетите на истите.

Во Буџетот за 2017 година (Програма 21) се предвидени финансиски средства во износ од 11.300.000,00 ден. наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации со цел промовирање на меѓуетничките односи и спроведување на Охридскиот рамковен договор. Постапката за реализација на програмата ја спроведува Секретаријатот за спроведување на Рамковен договор.

# 3.24 ПРАВДА, СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК2016***

Земјата е **умерено подготвена** за спроведување на *правото на ЕУ*. Направен е **одреден напредок** со измена на постоечките закони (Закон за странци, Кривичен законик и Закон за гранична контрола) и донесување на стратешки документи во повеќе области (полиција, тероризам). Преземени се мерки за справување со хуманитарните последици од регионалната миграциска криза во краток рок. По намалувањето на мешаните миграциски текови по должината на западно-балканската рута, хуманитарната ситуација е стабилизирана и зголемен е притисокот врз јужните и северните граници особено поради зголемени шверцерски активности. Во претстојната година, земјата треба особено да:

- обезбеди ефективно гранично управување и засилување на активностите против шверцот и трговијата со луѓе, како висок приоритет;
- продолжи со изградбата на капацитетите за управување со мешаните миграциски текови и подобрување на системот за азил;
- обезбеди соодветно сместување и посебно внимание на ранливите категории (непридружувани малолетници, жени со деца).

***Резиме***

*Во областа на Миграција ќе се донесе нов Закон за странци кој ќе биде усогласен со европското законодавство со цел континуирано усогласување на националното законодавство со мерките на ЕУ од областа. Во областа на Азил ќе се донесе нов Закон за азил и привремена заштита, како и Стратегија за интеграција на бегалци и странци и Акциски план за нејзина имплементација (2017-2027). Во делот за Визна политка со донесувањето на новиот Закон за странци ќе дојде до изменување и дополнување на Правилникот за начинот на издавање, поништување, отповикување на визи, скратување и продолжување на нивната важност и начинот на водење на евиденција за издадени, поништени и отповикани визи. Во областа на Надворешни граници и греаници на Шенген зоната ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола, со цел усогласување со тековните измени на Шенгенскиот граничен кодекс. Во областа на Судска соработка во граѓанска и кривична материја ќе се склучат договори за меѓусебна правна помош во граѓанска област, како и за екстрадиција. Во однос на Полициската соработка и борбата против организираниот криминал ќе се донесе нова Стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за периодот 2017 до 2020 година. Во областа на борба против тероризмот, ќе се донесе Акциски план за спроведување на Националната стратегија за борба против тероризам.  Воедно, се планира и донесување на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, кој ќе се усогласи со Рамковната Одлука на Советот од 13 јуни 2002 година за борба против тероризмот (2002/475/JHA) и Рамковната одлука на Советот (2008/919/JHA) од 28 Ноември 2008 и со Дополнителниот протокол на Конвенцијата за превенција на тероризам на Советот на Европа од 19 мај 2015 година.Ќе се донесе Закон за заштита на критичната инфраструктура, во согласност со Директивата на Советот 2008/114/ЕЗ за идентификувањето на европската критична инфраструктура и проценка на потребата за подобрување на нивната заштита.*

*Ќе се донесе Закон за ратификација на Меѓународната Конвенција за заштита на присилно исчезнати лица. Во областа борба против дрога, предвидено е донесување на Акциски план за периодот 2018-2020 година согласно Националната стратегија за борба против дроги. Во областа царинска соработка, со цел олеснување во пристапувањето кон Конвенцијата за употреба на информатичка технологија за царински цели, во тек е понатамошен развој на ИТ системите во Секторот за контрола и истраги.*

## 3.24.1 МИГРАЦИЈА

***Тековна состојба***

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за странците со кој е воспоставена единствена постапка за издавање на работна дозвола и дозвола за престој за вработување или самовработување. Со наведените законски измени извршено е усогласување со Директивата 2011/98/ЕУ на европскиот парламент и на советот од 13 декември 2011 год за единствена постапка за барање за единствена дозвола за државјани на трети земји за да престојуваат и работат на територијата на земја-членка и за заеднички правила за работници на трети земји кои законски престојуваат во земја-членка.
Договорот за реадмисија со ЕУ е имплементиран на задоволителен начин.

***Краткорочни приоритети***

- Ќе се донесе нов Закон за странци кој ќе биде усогласен со европското законодавство[122]. Законот за Странци ќе биде усогласен со следните директиви и регулатива[123]. Исто така, ќе се донесат подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за странци.
- Континуирано ќе се спроведува Резолуцијата за миграциона политика усвоена во 2016 година.

***Среднорочни приоритети***

- Ќе се склучат договори за реадмисија со Косово, Русија, Исланд, Украина, Турција, Египет и другите држави.
- Ќе се донесе Закон за регистар на населението во Република Македонија. Исто така, ќе се донесе проект/план за Регистарот.
- Ќе се воспостави Регистарот на населението во Република Македонија.
- Планирана е ревизија на Проектот Нови лични документи со цел вклучување на медиум за складирање во дозволите за престој, идентичен со медиумот за складирање наведен во Анексот на Регулативата (ЕЗ) бр. 1030/2002 на Советот од 13 јуни 2002 година за утврдување на еднообразен формат на дозволи за престој за државјани на трети земји. Воедно, ќе се утврди и еднобразниот формат на дозволите за престој за странците во земјата.

Мерките за спречување на илегалната миграција се уредени во делот за Надворешни граници.

## 3.24.2 АЗИЛ

***Тековна состојба***

Секторот за азил продолжи со постапување по поднесените барања за признавање право на азил[124].

Во текот на 2016 година од страна на Министерство за внатрешни работи (МВР) со поддршка на TAIEX беше изготвен предлог текст на нов Закон за азил и привремена заштита кој во текот на месец август 2016 година беше доставен на мислење до Европската Комисија. Во две етапи во текот на 2016 година[125] се спроведе Експертска мисија во рамките на проектот ИПА 2014-2020 ,,Регионална поддршка на системи за управување со сензитивна миграција во Западен Балкан и Турција" која се реализираше со посета на Секторот за азил од страна на експерти од Европската канцеларија за поддршка на азилот (EACO)[126].

Во Јули 2016 година, усвоени се Стандардните оперативни процедури за постапување со ранливи категории странци (СОП за РКЛС)[127].

Донесена е Програмата за интеграција на лицата на кои им е признаено право на азил во Република Македонија за 2016 година.

Во текот на 2016 година зголемен е капацитетот на Прифатниот центар за баратели на азил- Визбегово, Скопје од 150 на 300 легла[128].

Во Јануари 2016 година Секторот за азил доби целосен пристап во заедничката база на податоци на МВР и МТСП за барателите на право на азил сместени во Прифатниот центар за баратели на азил-Визбегово[129].

---

[122] 1. ДИРЕКТИВА БР. 2008/115/ЕЗ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТод 16 декември 2008 година за заеднички стандарди и постапки во земјите-членки за враќање на државјани на трета земја со нелегален престојCELEX number: 32008L0115;
2. Директива 2003/86/ЕЗ на Советот (22 септември 2003 година) За правото за повторно обединување на семејствотоCELEX number: 32003L0086;
3. Директива 2003/109/ЕЗ на Советотод 25 ноември 2003 година за статусот на државјани на трети земји што се жители со долготраен престојCELEX number: 32003L0109;
4. Директива 2011/98/ЕУ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 13 декември 2011 год за единствена постапка за барање за единствена дозвола за државјани на трети земји за да престојуваат и работат на територијата на земја-членка и за заеднички правила за работници на трети земји кои законски престојуваат во земја-членкаCELEX number: 32011L0098;
5. РЕГУЛАТИВА (ЕЗ) БР. 1030/2002 НА СОВЕТОТ од 13 јуни 2002 година за утврдување на еднообразен формат на дозволи за престој за државјани на трети земјиCELEX number: 32002R1030
6. Директива 2011/801 на Европскиот Парламент и Советот, од 13 декември 2016 година за условите за влез и престој престој на државјаните на трети земји со цел истражување, студирање, обучување, волонтирање, размена на ученици или образовни проекти и вршење на au pair работи.
7. Конвенција на Совет на Европа за Акција против трговија со луѓе.

[124] Од 01.01.2016 до 18.11.2016 поднесени се вкупно 724 (лица) нови барања за признавање право на азил. Издадени се вкупно 107 документи за идентификација на баратели на азил во Република Македонија. Во извештајниот период од 2016 година статус на лица под супсидијарна заштита им е доделен на 5 лица, на 37 лица им е донесено решени за одбивање на барањето за признавање на право на азил, за 602 лице е донесен заклучок за запирање на постапката, во најголем број на случаи поради тоа што барателот го напуштил Прифатниот центар за баратели на азил, и не бил достапен на Секторот за азил за понатамошниот тек на постапката, додека за 80 лица постапката сеуште е во тек.

[125] 7 до 10 јуни и од 10 до 11 ноември 2016 година.

[126] Целта на Експертската мисија беше оценка на спроведувањето на националниот систем за азил преку разгледување на постапките за азил, регистрација на барањата за азил и земјите на потекло и нивна усогласеност со праксата на Европската Унија.

[127] Предвидени за реализација се 6 мултисекторски обуки.

[128] Донација од страна на ИОМ.

[129] Во базата се содржани фотографија и лични податоци на барателот на право на азил (регистарски број, презиме и име, пол, дата на раѓање, држава на потекло, религија, националност, ранливост) кои што од страна на Секторот за азил се користат во процесот на регистрација на барателот на правото на азил.

Заклучно со март 2016 година се реализираше проектот „Унапредување на процедурите за утврдување на идентитет на илегалните мигранти во МАРРИ Регионот„ со кој што е изработено идејното решение за софтверската апликација за користење на преведувачи[130].
Во текот на месец Февруари 2016 година беше иницирана постапка со цел склучување на работен договор помеѓу МВР и ЕАСО.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

- Донесување на Стратегија за интеграција на бегалци и странци и Акциски план за нејзина имплементација (2017-2027).
- Донесување на Програма за интеграција на лицата на кои им е признато правото на азил во Република Македонија.
- Донесување нов Закон за азил и привремена заштита[131].
- Донесување подзаконски акт кој што произлегува од новиот Законот за азил и привремена заштита.
- Изготвување Стандардни оперативни процедури (СОП) за за постапување во рамките на двете одделенија и тоа СОП за постапување со баратeл на право на азил во фазата на регистрација а барател на право на азил и СОП за постапување со барател на право на азил во фазата на интервјуирање и подготвување и донесување на одлука по поднесеното барање за азил, кој е дел од активноста во националниот патоказ со ЕАСО и кој го вклучува и МТСП.
- Анализа за потребата од ревизија на СОП за постапување со ранливи категории странци и СОП за постапување со непридружувани деца странци.
- Склучување на Работен договор помеѓу МВР и ЕАСО.
- Упатство за користење на база на податоци на барателите на право на азил за потребите на Секторот за азил во рамките на ИБАС[132] со подршка на УНХЦР.
- Потпишување на Програма за соработка на МВР и УНХЦР за 2017 година.
- Потпишување на Меморандум за соработка помеѓу земјите членки во МАРРИ со цел воспоставување на целите од проектот на тема „Унапредување на процедурите за утврдување на идентитет на илегалните мигранти во МАРРИ Регионот„.

**Институционална рамка**

- Организирање на работни средби на вработените во Секторот за азил со полициските службеници во РЦ за ГР, СВР на територија на РМ и СВР Скопје, вклучувајќи ги сите ПС од ОН на територија на Скопје
- Воспоставување база на податоци на барателите на право на азил за потребите на Секторот за азил во рамките на ИБАС со подршка на УНХЦР.
- Проценка на опсегот за воспоставување на мрежа на преведувачи во регионот на Западен Балкан- спроведување пилот проект за арапски јазик, Дари и Пашту, со подршка на ИОМ во рамките на ИПА2 - (2014-2020) - ,,Регионална подршка на системи за управување со сензитивна миграција во Западен Балкан и Турција”.
- Континуирано материјално и техничко зајакнување на Секторот за азил.
- Континуирано материјално и техничко зајакнување на Прифатниот центар за баратели на азил.
- Продолжување на соработката со УНХЦР и ЕАСО.

***Среднорочни приоритети***

**Правна рамка**

- Проектирање на понатамошно усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ во областа на азилот.
- Изготвување на план за меѓуинституционална обука на службениците во институциите[133] кои што се надлежни во областа на азилот во соработка со ЕАСО.

**Институционална рамка**

- Отпочнување на издавањето на биометриски (машинскочитливи) лични карти за лицата со признат статус на бегалец и за лицата под супсидијарна заштита.
- Спроведување на меѓуинституционална обука на службениците во институциите[134] кои што се надлежни во областа на азилот во соработка со ЕАСО.

---

[130] Цел на проектот е да се овозможи на преведувач од една земја да врши превод преку видео врска за потребите на служба од друга земја.
[131]Усогласување со следните ЕУ прописи: Директива 2001/55/ЕЗ;Директива 2011/95/ЕЗ; Директива 2013/32/ЕУ;Директива 2013/33/ЕУ.
[132] фотографија и лични податоци на барателот на право на азил, регистарски број, презиме и име, пол, дата на раѓање, држава на потекло, религија, националност, ранливост и отпечатоци од прсти(во овој дел се мисли на отпечаток на прст на барател при подигање на идентификациона исправа за барател на право на азил која би требало самиот систем да ја издава како пластифицирана картица, документ кој не е биометриски, print out )
[133] Секторот за азил, ПС во Граничната полиција и ПС од општа надлежност, МТСП,Управниот и Вишиот Управен суд

**Програми и проекти**

- **Во рамките на ИПА2 - (2014-2020)-„Регионална програма за поддршка за понатамошен развој на системите за управување со сензитивната миграција во Западен Балкан и Турција".** Проектна активност: проценка за воспоставување на мрежа на преведувачи во Западен Балкан – Пилот проект за заедничко здружение на преведувачи за арапски јазик, Дари и Пашту.(надлежни институција МВР,ИОМ и МАРРИ, рок на реализација 2017г.).

## 3.24.3 ВИЗНА ПОЛИТИКА

***Тековна состојба***

Континуирано се следат измените и дополнувањето на визниот режим на ЕУ/Шенген заради усогласување на визниот режим на Република Македонија со истиот.

Континуирано тече обуката за користење на НВИС системот за вработените кои заминуваат на мандат во дипломатско-конзуларниот персонал (ДКП).

***Краткорочни/ среднорочни приоритети***

**Правна рамка**

- Со донесувањето на новиот Закон за странци, предвидено за 2017 г., ќе се појави потреба од усогласување со Визниот кодекс на ЕУ, со што ќе дојде до изменување и дополнување на Правилникот за начинот на издавање, поништување, отповикување на визи, скратување и продолжување на нивната важност и начинот на водење на евиденција за издадени, поништени и отповикани визи.
- Новиот Закон за странци, во кој ќе бидат предвидени одредби и за вклучување на Националниот визен информативен систем (Н-ВИС), ќе наложи донесување Правилник за регулирање на работата со Н-ВИС.
- Со новиот Закон за странци би можело да се појави потреба и од измени и дополнувања на Законот за надворешни работи, во делот за визната политика.

**Институционална рамка**

- Ќе продолжи со работа координативното тело за следење на спроведувањето на визната либерализација. Ќе продолжи, во континуитет, преземањето мерки за информирање на граѓаните за значењето на визната либерализација и за одвраќање на потенцијалните баратели на азил во европските земји.
- Со поврзувањето и на последните две ДКП со НВИС кое се очекува да биде реализирано во првото тромесечие на 2017 година, ќе може да се смета дека Н-ВИС е поврзан и функционален во сите ДКП на земјата. Сите новоотворени ДКП-а во иднина исто така редовно ќе бидат поврзувани со Н-ВИС. Во 2017 година ќе биде извршено и поврзувањето на Н-ВИС со интегрирана база на податоци за странци вклучувајќи азил, визи и миграции (ИБАС).
- Имплементацијата на новиот Закон за странци и на соодветните подзаконски акти, ќе наметнат потреба од адаптирање на обуките на виза-одобрувачите и на дипломатско конзуларниот персонал. Истовремено, ќе продолжи организирањето обуки за откривање на фалсификувани документи. Исто така, континуирано ќе се одвиваат активностите за хардверска и софтверска надоградба на Н-ВИС системот.

## 3.24.4 НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ И ГРАНИЦИ НА ШЕНГЕН ЗОНАТА

***Тековна состојба***

Се продолжи со учество во заеднички и координирани операции во организација на регионални и ЕУ агенции, пред се ДЦАФ[135] и Фронтекс[136]. Во 2016 година отпочната е и соработка со Фронтекс на полето на обука на припадниците на граничната полиција за учество во координирани операции за заедничко враќање, при што е реализирано учество во 2 заеднички летови за враќање, во улога на набљудувачи, како и во две обуки на оваа тема, одржани во Холандија и во Грција. Во текот на декември 2016 година, Фронтекс предложи отпочнување преговори за склучување нов договор за соработка, согласно новата регулатива за Фронтекс од 2016 година. Истовремено, од страна на Европската комисија, доставена е иницијатива за започнување преговори со Европската Унија, за склучување статусен договор меѓу Република Македонија и ЕУ, како што е предвидено со Регулативата на ЕУ 2016/1624 од 14 септември 2016, за Европската гранична и крајбрежна стража. Во тек се подготвителни активности за наведените иницијативи.

---

[134] Секторот за азил, ПС во Граничната полиција и ПС од општа надлежност, МТСП,Управниот и Вишиот Управен суд

[135] Centre for the Democratic Control of Armed Forces / DCAF

[136] Припадниците на граничната полиција, во 2016 учествуваа во вкупно 8 заеднички операции на Фронтекс и 3 заеднички и координирани операции во организација на ДЦАФ

Континуирано се врши размена на информации со Фронтекс, како и со соседните држави преку заедничките контакт центри. Континуирано се спроведуваа обуки за персоналот и се модернизираше опремата за работа.[137] Континуирано се спроведуваа мешани полициски патроли долж државната граница со соседните земји со кои имаме воспоставено овој вид соработка[138]. Успешно се реализира проектот ИПА 2010[139], при што се донесоа Стратегијата и Акциски план за развој на полицијата (вклучително и за гранична полиција), Антикорупциска програма на МВР, како и Проценка на потребниот број полициски станици (ПС), оптимален број службеници и развивање нов концепт и методологија за управување со ризици. Донесена е Програмата за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2017 година[140]. Поради поефикасно справување со мигрантска криза, интензивирана е соработка со граничните полиции на соседните земји долж западнобалканската рута, на сите три нивоа: тактичко, оперативно и централно.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

- Ќе се донесе нов Закон за странци[141], со што ќе се изврши усогласување со одредбите од Шенгенскиот граничен кодекс[142] во делот на условите за вклез и одбивање на влез, како и Правилник за странци, кој што во оваа област ќе се усогласи со Анекс 5 од Шенгенскиот граничен кодекс, во делот на пропишување на образец-решение за одбивање на влез.
- Започнување преговори со Европската Комисија за склучување Договор за статус меѓу Владата на Република Македонија и Европската Унија, за акции спроведени од страна на Агенцијата за европска гранична и крајбрежна стража во Република Македонија.

**Институционална рамка**

- Фокусот на активностите ќе биде насочен кон зајакнување на капацитетите на граничната полиција со цел поефективно справување со мигрантската криза и обезбедување ефективно гранично управување. Подобрувањето на капацитетите ќе се фокусира на материјално-техничко опремување на граничната полиција и на кадровското зајакнување, при што се предвидени поголем број мерки со кои ќе се постигне оптимизирање на организациската структура и подобрување на инфраструктурата преку комбинирање на различни функционалности на полициските станици за гранични проверки и граничен надзорЌе се донесе и имплементира Антикорупциска програма на МВР за 2017 година.
- Од аспект на прифаќање и сместување на мигранти согласно барањата и стандардите на ЕУ, ќе се работи на изнаоѓање привремено решение за подобрување на условите за привремено сместување на мигрантите, сè додека не се создадат трајни соодветни услови за сместување на мигрантите.
- Ќе се работи на зајакнување на капацитетот за проверка на патни документи, согласно ЕУ стандарди, со што ќе се овозможи брза и ефективна проверка на патни документи и ќе се зголеми севкупната ефикасност при обработка на податоците при вршење гранични проверки.
- Соработката со меѓународните агенции и со соседните држави во поглед на сузбивање на прекуграничен криминал и илегална миграција и зајакнување на меѓуагенциска соработка, ќе се развива преку спроведување на постојните механизми за соработка и преку развивање нови алатки за соработка за продлабочување и проширување на оперативната соработка со соседните земји и земјите-членки на ЕУ како и меѓународните агенции.
- Ќе продолжи имплементација на Проектот ИПА 2011 Владеење на правото за развивање на концепт на полициско работење со разузнавачки информации во рамките на централните, регионалните и локалните полициски служби и регионалните центри за гранични работи во БЈБ.
- Ќе продолжи развојот на интегрираното гранично управување преку подобрување на институционалните и функционалните капацитети на Националниот координативен центар за гранично управување (НКЦГУ).

***Среднорочни приоритети***

**Правна рамка**

---

137 Во 2016, реализирани се вкупно 89 обуки на кои учествувале вкупно 6512 припадници на граничната полиција.

138 Во 2016 реализирани се вкупно 477 мешани патроли.

139 ИПА 2010 – Натамошно јакнење на капацитети на полициската служба во областа на граничното управување, работа на полицијата во заедницата и борба против организиран криминал

140 Службен весник на РМ број 192/16.

141 Регулатива (ЕУ) 2016/399 на Европскиот парламент и на Советот од 9 март 2016 за Кодот на Унијата за правилата со кои се уредува движењето на луѓето преку границите (шенгенски граничен кодекс) - REGULATION (EU) 2016/399 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 9 March 2016 on a Union Code on the rules governing the movement of persons across borders (Schengen Borders Code).

142 REGULATION (EU) 2016/399 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 9 March 2016 on a Union Code on the rules governing the movement of persons across borders (Schengen Borders Code)

- Ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за гранична контрола, со цел усогласување со тековните измени на Шенгенскиот граничен кодекс. Предвидено е изменување и дополнување на подзаконските прописи што произлегуваат од Законот за гранична контрола.
- Донесување нов Практичен прирачник „Стандардни оперативни процедури за гранична контрола со цел усогласување со препораките и најдобрата пракса за гранично работење пропишана со Шенгенскиот прирачник (C(2006)5186 финален)".

**Институционална рамка**

- Ќе се преземат подготвителни активности за воспоставување на СИРЕНЕ биро, преку спроведување на проект ИПА 2016, што ќе вклучи изработка и имплементација на Шенгенскиот акциски план во кој ќе бидат дефинирани и активностите за воспоставување на СИРЕНЕ биро.
- Континуирано ќе се работи на подобрување на условите за работа преку модернизирање на капацитетите на граничните полициски станици и административни канцеларии, вклучително преку анализа на постоечката состојба, анализа на Шенгенскиот каталог за опремување на ПС, ажурирање на Елаборатот за материјално-техничко опремување на ПС за гранични проверки и граничен надзор и модернизација на полициските станици.
- Ќе продолжи имплементација на Акциски план за спроведување на Стратегија за полиција, од аспект на граничната полиција, вклучително и Антикорупциска програма за граничната полиција.
- Континуирано ќе се работи на подобрување на капацитетите за мобилност и на оперативните капацитети на Единицата за компензаторни мерки (Мобилната единица) преку екипирање на персоналот, опремување и обуки.
- Ќе се воспостави централно управувана електронска база на податоци за автентични и фалсификувани патни документи.
- Ќе се работи на воспоставување на една точка на контрола на сите ГП за патен сообраќај од прва категорија, како резултат на соработка меѓу МВР и царинската управа (One Stop Control).
- Ќе се изврши натамошно ажурирање на плановите за итен случај (непредвидени настани) преку преглед и вршење практични вежби за обука за да се осигура интеракција помеѓу релевантните единици.
- Континуирано ќе се спроведува новиот концепт на управување со ризици, вклучително и одржување обуки за сите вработени. Ќе се работи на создавање унифицирана статистичка база на податоци за настани која ќе служи како важна алатка и извор на информации за анализа на ризик.
- Во однос на Интегрираното гранично управување, операционализација на ИТ системот за ИГУ, преку обезбедување заеднички пристап на сите субјекти кои имаат надлежност во ИГУ, до централната база на податоци во НКЦГУ.
- Имплементација на тековните и донесување годишни акциски планови за спроведување на Националната стратегија за развој на интегрираното гранично управување 2015-2019.
- Натамошно развивање (ажурирање и анализа) на програма за заеднички обуки и спроведување на обуките.
- Натамошно усогласување на методологијата за изработка на Анализата на ризици и опасности со ФРОНТЕКС.
- Континуирано спроведување на потпишаните меморандуми за разбирање меѓу институциите што имаат надлежност во ИГУ.

**Програми и проекти**

- **Стратешки план на МВР 2017-2019 –** Еден од приоритетите претставува превенција, спречување и борба против организираниот криминал, прекуграничен криминал и илегална миграција а како приоритетна цел во таа насока е дефинирано зајакнување на оперативните капацитети на Одделот за гранични работи и миграции и на регионалните центри, во борба против прекуграничен криминал и илегална миграција. Спроведување на програма Развој на полицијата - потпрограма „Зајакнување на капцитетите на БЈБ во областа на граничното управување и миграција" што има за цел унапредување на прекугранична соработка, справување со новите предизвици и облици на загрозување, зголемување на ефикасноста во работењето на припадниците на граничната полиција, создавање ефикасна гранична полиција, оспособена за работа согласно стандардите на Европската унија и развој на прекугранична полициска соработка со соседните држави. Со Стратешкиот план на МВР се планира подготвување на модел и спроведување обуки во областа на полициското работење со разузнавачки информации.
- **Стратегија за развој на полицијата 2016-2020 –** Во рамките на Стратешка цел 3: Зајакнување на оперативните капацитети на Одделот за гранични работи и миграции и регионалните центри, вклучувајќи ја борбата против прекуграничен криминал и илегалната миграција, предвидени се осум специфични цели и тоа: Оптимизирање на организациската структура и подобрување на инфраструктурата, Развивање и зајакнување на капацитетот за ефективно и ефикасно користење на човечките и техничките ресурси во Одделот за гранични работи и миграции и Регионалните центри за гранични работи, Разгледување на одговорностите при прифаќање и сместување на мигранти согласно барањата и стандардите на ЕУ, Подобрување на оперативните капацитети на Мобилната единица за поддршка, Подобрување и зајакнување на капацитетот за проверка на патни документи во согласност со барањата и најдобрата практика на ЕУ, Понатамошно развивање на меѓународната соработка и зајакнување на ефективноста на интер-агенциска

соработка, Зајакнување на оперативната ефективност преку подобрување на можностите за откривање, пресретнување, мобилност и реакција и Понатамошен развој на управувањето со ризик и анализа на ризик согласно барањата и најдобрата практика на ЕУ. Акцискиот план за спроведување на наведената Стратегија, предвидува низа мерки и активности со цел реализација на поставените цели и очекуваните резултати, вклучително рокови за реализација и финансиски импликации.

- **Акциски план за спроведување на Стратегијата за развој на полицијата (2016-2020).**
- **ИПА 2011 - Проект „Владеење на правото"-** Развивање на напреден систем за собирање и анализа на разузнавачки информации во борбата против организираниот криминал, во рамките на кој е предвидено развивање на концепт на полициско работење со разузнавачки информации во рамките на централните, регионалните и локални полициски служби и регионалните центри за гранични работи во Бирото за јавна безбедност. Подготвителната фаза на проектот започна во септември 2015 година. Вредност на проектот: 900.000 евра, од кои 45.000 евра национално кофинансирање. Рок на траење на проектот: 2017-2019.
- **ИПА 2012-2013 „Секторски план за поддршка на Секторот за правда, внатрешни работи и човекови права"** во поглед на подобрување на инфраструктурата потребна за да се исполнат барањата на Шенген зоната (Воспоставување на ИТ систем на податоци од внатрешни работи, како основа на идниот шенгенски систем) Вредност на проектот е 3.250.000 евра, од кои 812.500 евра национално кофинансирање, а времетраење од 2016-2018 година.
- **ИПА 2016 Акциско фише „Безбедност на граѓаните"– Компонента 1**: Јакнење на капацитетите во областа на миграциите, азилот и надворешните граници – **Поткомпонента 2**: Изградба на нов Прифатен центар за странци, **Поткомпонента** 3: Твининг договор за јакнење на капацитетите на граничната полиција и Набавка на опрема за Националниот координативен центар за гранично управување (Твининг договор и договор за набавка) и **Поткомпонента** 4: дополнителна надградба на ТЕТРА системот и имплементација на ТЕТРА IV (Договор за набавка и договор за давање на советодавна помош). Вкупната вредност на проектот изнесува 16 милиони евра од кои 1,430.000 е национално кофинансирање. Се очекува проектот да започне кон крајот на 2017 или во текот на 2018 година.
- **Специјалната мерка 1 -** од вкупно 3 милиони евра, еден милион евра е предвиден за опремување на граничната полиција.
- **Специјалната мерка 2** за поддршка на капацитетите за менаџирање на границите и миграциите во контекст на миграциската криза – ИПА 2016. За реализирање на оваа мерка склучен е договор со ИОМ во вредност од 9 милиони евра. Покрај другото, се предвидува со овие средства да се прокријат трошоците за набавка на опрема и тоа: локален координативен центар, мобилен систем за надзор опремен со камери и радар (5 возила), периметарски систем за детекција и идентификација, комуникациска мрежа, 20 рачни термални камери со краток домет, 10 термални камери со долг домет, 100 рачни ТЕТРА терминали и апарат за детекција на фалсификувани документи.
- **Проект на МАРРИ РЦ – BORDAIRPOL II –** Целта на проектот е зајакнување на соработката меѓу граничните служби во Југоисточна Европа и поддршка на процесот на европска интеграција на регионот. Проектот предвидува организација на 5 стратешки состаноци за шефовите на граничните полиции, осум специјализирани обуки за полициски службеници на оперативно ниво, како и одржување безбедна платформа за размена на податоци меѓу корисниците, чиј што сервер е управуван од страна на МАРРИ РЦ во Скопје. Воспоставеното партнерство со ДЦАФ и со Фронтекс е дополнителна вредност на овој проект. Вредноста на проектот е 367.225 евра кои се обезбедени со донација на швајцарскиот државен секретаријат за миграции, а времетраење на проектот е од април 2016 до јуни 2018.

## 3.24.5 СУДСКА СОРАБОТКА ВО ГРАЃАНСКА И КРИВИЧНА МАТЕРИЈА

***Тековна состојба***

На 26.10.2016 година влегоа во сила Договорот помеѓу Република Македонија и Црна Гора за меѓусебна правна помош во граѓанските и кривичните предмети[143] и Договорот помеѓу Република Македонија и Црна Гора за меѓусебно извршување на судски одлуки за кривичните предмети[144].

Се потпиша Дополнителен договор меѓу Република Македонија и Република Италија кон Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичните предмети од 20.04.1959 година и Европската конвенција за екстрадиција од 13.12.1957 година и истиот е во постапка на ратификација.

Со Република Косово се парафираше Договорот за меѓусебна правна помош во граѓанската областна англиски јазик. Веднаш по парафирањето на договорот на македонски, албански и српски јазик, истиот ќе се достави до Министерството за надворешни рабти на ратификација.

[143] Службен весник бр.55/2016 од 26.10.2016 година.

[144] Службен весник бр.55/2016 од 26.10.2016 година.

Во периодот од 01.01.2016 година заклучно со 9.12.2016 година заведени се вкупно 3973 нови предмети (граѓански и кривични предмети) од кои 101 кога екстрадиција бара Република Македонија, 25 кога екстрадиција се бара од Република Македонија или вкупно 126. Во овој период реализирани се 54 кога екстрадиција бара Република Македонија и 17 кога екстрадиција се бара од Република Македонија или вкупно 71 предмет.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

- Ќе се покрене постапка за започнување на преговори во однос на склучување на договори за меѓусебна правна помош во граѓанска област меѓу Република Македонија и Република Чешка, Република Словачка, Полска, како со Руската федерација.
- Исто така, се очекува потпишување на Билатерален договор меѓу Република Македонија и Катар и продолжување на постапката за склучување на билатерален договор меѓу Република Македонија и Казахстан за екстрадиција. Исто така во тек е постапка за склучување на билатерален договор меѓу Република Македонија и Република Бугарија за екстрадиција.

**Институционална рамка**

- Академијата за судии и јавни обвинители ќе продолжи со спроведувањето на обуки за судиите во областа на судската соработка во граѓанска и кривична материја.
- Во завршна фаза е проектот за воспоставување на софтвер за водење на евиденција на предметите за меѓусебна правна помош во граѓанска и кривична материја и генерирање на статистички извештаи и се очекува истиот да биде активен од средината на 2017 година.
- Ќе продолжи успешната соработка меѓу Министерството за правда и ЕВРОПРАВДА.

***Среднорочни приоритети***

- Ќе се поднесе предлог иницијатива за склучување на Билатерален договор во кривичната и граѓанската материја меѓу Република Македонија и Канада, САД, Австралија, Кина и други земји.
- Ќе продолжи соработката со ЕВРОПРАВДА, исто така и преку организација на обуки, семинари и работилници за судиите во областа на судската соработка со граѓанска и кривична материја.

## 3.24.6 ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА И БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

**ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**

***Тековна состојба***

Со цел подобрување на капацитетите за идентификување и откривање на жртви на трговија со луѓе во мешаните миграциски текови во 2015 година, на предлог на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција Владата ги донесе, Стандардните оперативни процедури (СОП) за постапување со непридружувани деца-странци[145], Стандардните оперативни процедури (СОП) за постапување со ранливи категории лица-странци[146] и Индикаторите за идентификација на жртви на трговија со луѓе во случаи на мешани миграциски движења.

Врз основа на утврдените потреби и приоритети за обука, Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција усвои Меѓуинституционален план за обука за 2016-2017 година кој опфаќа области кои имаат врвен приоритет за обука на сите вклучени на локално, централно и регионално ниво. Планираните обуки веќе се реализират во 2016 година и континуирано ќе се спроведуват и во 2017 година.

***Краткорочни приоритети***

- Ќе се донесе нова Стратегија и Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за периодот 2017 до 2020 година.
- Донесување и имплементација на оперативен годишен план за спроведување на мерките предвидени со Акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција за периодот 2017 година.
- Донесување на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик за имплементација на начелото на неказнување на жртвите на трговија со луѓе, со цел усогласување со Директивата 2011/36/ЕУ, и препораките на ГРЕТА.

---

[145] Донесени од страна на Владата на РМ на 121-та Седница одржана на 21 ноември 2015 година

[146] Донесени од страна на Владата на РМ на 43-та Седница одржана на 19 јули 2016 година

- Со цел зајакнување на капацитетите и унапредување на стручноста на професионалците кои секојдневно се справуваат со трговијата со луѓе и криумчарењето на мигрантите ќе продолжи спроведувањето на обуките предвидени во Меѓуинституционален план за обука за 2016-2017 година.

**ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ**

***Тековна состојба***

Во март 2016 година беше усвоена Националната проценка за закани од сериозен и организиран криминал, додека пак во јули 2016 година беше усвоена и Регионална проценка за закани од сериозен и организиран криминал.

Со цел зајакнување на капацитетите во Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во рамки на ИПА 2010, се воведе нова Методологија за кадровско екипирање на Одделот, како и Методологија за изготвување на анализа на заканите од организиран криминал на стратешко ниво. Исто така, се воспостави и методологија за поефикасно надминување на утврдените слабости во водењето на истрагите за финансиски криминал.

Одделот за криминалистичко технички испитувања и вештачења доби сертификат за акредитација од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија. Акредитацијата ќе овозможи континуитет во членството на Форензичките лаборатории во најреномираната европска асоцијација од областа на форензиката – Европската мрежа на форензички научни институти ЕНФСИ.

***Краткорочни приоритети***

Во насока на подобрување на работата на полицијата за собирање и анализа на разузнавачки информации во борбата против организираниот криминал направена е анализа на тековната состојбата за имплементација на концептот на полициско работење со разузнувачки информации, при што ќе се изработат Акциски планови за имплементација на препораките за унапредување на законодавството и меѓуинституционалната соработка во областа на полициското работење водено од разузнавање од сите релевантни засегнати страни.

Ќе се зајакнат капацитетите на Министерството за внатрешни работи и дигитална форензика преку воведување систем за контрола при работа со електронскиот доказен материјал и надградба на форензичките алатки за анализа:

- систем за електронска контрола при управување со електронскиот доказен материјал (прием, евидентирање и приоретизација),
- безбедносен систем за заштита на електронски доказен материјал,
- систем за чување, архивирање на електронскиот доказен материјал и негова анализа,
- нови и надградување на старите форензички алатки за анализа и
- стручно усовршување на експертите во полето на дигиталната форензика

Со цел јакнење на форензичките капацитети на полицијата ќе се реализираат следниве активности:

- Децентрализација на основните форензички анализи или прелиминарна анализа во областа на латентни отпечатоци и механички траги
- Обезбедување на нова опрема за Одделот за криминалистички техничко-испитување и вештачење (ОКТИВ).
- Вработување на (4) криминалисти во регионалните канцеларии
- Набавка на софтвер за испитување и анализа и релевантен хардвер за поддршка на постојните и новите барања за истражување.

***Среднорочни приоритети***

**Институционална рамка**

Со цел утврдување на постоечките и детектирање на евентуално нови закани од организиран криминал, ќе се донесе **среднорочна национална Проценка за закани од сериозен и организиран криминал.**

Во насока на јакнење на форензичките капацитети на полицијата ќе се реализира Изградба на нова зграда за потребите на Одделот за криминалистички техничко-испитување и вештачење. Исто така, се предвидува набавка на опрема за МВР за потребите на наведениот Одделот.

Согласно Планот на планирани проекти на Министерството за внатрешни работи 2016-2018, воспоставувањето на Националната криминалистичка разузнавачка база на податоци (НРБП) е планирано до 2018 година. Таа ќе воспостави систем за рано предупредување и подобра координација и автоматска размена на податоци во реално време меѓу

институциите надлежни за спроведување на законот.[147] Со Акцискиот план за реализација предвидени се проекти кои треба да допринесат за развивање на солидна основа за развивање на НРБП, меѓу поважните проекти кои се реализираат се:

- Модернизација на Централниот систем ХОСТ, кој ќе овозможи интероперабилност со други институции во реално време.
- Воведување систем за информациска безбедност кој опфаќа подигнување на степенот на физичка заштита, непрекинато напојување со електрична енергија, противпожарна заштита, издвојување на мрежата за користење Интернет и регулирање на пристапот до класифицирани информации.
- Воспоставување Центар за непречено продолжување со работа на електронските системи во случај на катастрофа.

За унапредување на службата за криминалистичка техника согласно стандарди на ЕУ и акредитација на лаборатории во Оддел за криминалистичка техника, ќе се обезбеди акредитирана форензичка служба, усогласена со барањата на истрагата која истовремено ќе ги исполнува стандардите кои се очекуваат од прогресивна форензичка институција.

**Проекти и програми**

- **Проект ИПА 2011 Владеење на правото – твининг проектот: "Развивање на напреден систем за собирање и анализа на разузнавачки информации во борбата против организираниот криминал"** со твининг партнерот - Федералната криминалистичка служба на Австрија. Договорот беше потпишан во текот на месец август 2015 година и истиот започна во текот на септември 2015 година. Буџет: 900.000 од кои 45.000 национално кофинансирање. Рок на реализација: Проектот е предвидено да трае 21+3 месеци.
- **Билатерален проект со Норвешка – „Развој на системот на управување со електронски доказен материјал".** Целта на овој проект е да се истакнат најважните елементи неопходни за правилно и ефикасно функционирање на Одделението за дигитална форензика. Проектот е со вредност од 760.000 евра од кои 160.000 се национално кофинансирање. Буџет 855.650 од кои 171.300 национално кофинасирање. Рок на реализација: 2009-2017.
- **Проект: Рамковен проект "Подготовка на Физибилити студија и техничка спецификација за набавка на опрема за институциите во областа на правда и внатрешни работи„.** Буџет 189 илјади евра.
- Рок на реализација: 2016-2017**Проект : Секторски план за поддршка на Секторот за правда, внатрешни работи и човекови права" -** ИПА 2012/2013 – Согласно активностите предвидени со овој Проект ќе се реализира Изградба на нова зграда за потребите на ОКТИВ како и набавка на опрема за потребите на ОКТИВ. Буџет : 1,2 милиони евра од кои 120.000 национално кофинансирање. Рок на реализација 2016-2018.

## 3.24.7 БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ

### *Тековна состојба*

Владата на Република Македонија ја донесе Национална стратегија за борба против тероризам за периодот 2016-2019 година, со која ќе се дефинираат идните мерки за сузбивање на тероризмот. Континуирано се спроведуваат обуки на вработените во УБК.

### *Краткорочни приоритети*

- Ќе се донесе Акциски план за спроведување на Националната стратегија за борба против тероризам.

### *Институционална рамка*

Продлабочување на соработката со:

- НАТО, односно со НОС (НАТО канцеларија за безбедност),ИЛУ (Разузнавачка единица за врски) и ТТИУ (Разузнавачка единица за терористички закани);
- Комитетот за борба против тероризмот на Советот за безбедност на ОН формиран со Резолуцијата 1373 (2001) донесена непосредно по терористичките напади на САД од 11 септември 2001;
- ЕВРОПОЛ, ЕВРОПРАВДА, СЕКИ, ИНТЕРПОЛ;
- РАН (Мрежа за свест за радикализација)[148] Европски контра-терористички центар во рамки на Единица за интернет упатување на ЕУ[149] за борба против терористичката пропаганда и насилниот екстремизам на интернет
- Активно учество во рамките на Конференцијата на разузнавачките служби на ЈИЕ (СЕЕИК) и Средноевропската конференција (МЕК).

---

[147] Министерство за внатрешни работи, Управа за јавни приходи, Царинска управа, Управа на финансиска полиција, Управа за финасиско разузнавање, Јавно обвинителство и други.
[148] RAN (Radicalisation awareness network);
[149] European Union Internet Referral Unit (EU IRU)

***Среднорочни приоритети***

- Се планира донесување на Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, кој ќе се усогласи со Рамковната Одлука на Советот од 13 јуни 2002 година за борба против тероризмот (2002/475/JHA) и Рамковната одлука на Советот (2008/919/JHA) од 28 Ноември 2008 и со Дополнителниот протокол на Конвенцијата за превенција на тероризам на Советот на Европа од 19 мај 2015 година.
- Ќе се донесе Закон за заштита на критичната инфраструктура, во согласност со Директивата на Советот 2008/114/ЕЗ за идентификувањето на европската критична инфраструктура и проценка на потребата за подобрување на нивната заштита.
- Ќе се донесе Закон за ратификација на Меѓународната Конвенција за заштита на присилно исчезнати лица.
- Со цел градење на националните капацитетите за борба против тероризмот и радикализацијата ќе се имплементира проектот ИПА2016 "Безбедност за граѓаните", во насока на поддршка во имплементацијата на Националната Стратегија за борба против тероризмот 2016-2019.

**Програми и проекти**

ИПА 2016 - Безбедност за граѓаните - Компонента 2: „Јакнење на капацитетите за борба против организиран криминал и тероризам" Подкомпонента 1: Твининг проект за Градење на националните капацитетите за борба против тероризмот и радикализацијата во насока на поддршка во имплементацијата на Националната Стратегија за борба против тероризмот 2016-2019. Рок на реализација: 2018-2020.

## 3.24.8 БОРБА ПРОТИВ ДРОГА

***Тековна состојба***

Започна примената на измените на законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанции[150] во поглед на одобрување на одгледување, екстракција на активни компоненти и употреба на лекови изработени од cannabis.

Во 2016 година продолжија успешните активности во борбата против криминалот поврзан со дрога на национално ниво и во меѓународни рамки. Службите на МВР и Царинската управа ги реализираат своите активности во соработка со Европол, Интерпол, Светската Царинска Организација, Помпиду Групата при Совет на Европа, исто така и со сите други релевантни меѓународни институции.

Продолжува соработката со ЕМЦДДА – Европскиот Мониторинг Центар за Дроги и Зависности од дроги, Европол, Интерпол, Светска царинска организација и други меѓународни институии.

Во рамките на соработката со ЕМЦДДА која започна од 2007 год и сеуште е во тек, во 2017 год изработен е годишен Национален извештај за состојбата со дрога, по нов формат. Анализата на податоците добиени од Центарот за труење при Клиниката за токсикологија укажа на разлики во акутните труења со психоактивни супстанции во измнатите години при што во во 2016год доминираат труења (интоксикации) со метадон, потоа кокаин и хероин. За разлика од 2016 год во 2015 и 2014год, доминантни се акутните труења со бензодиазепини, на второ место се труења со канабиноиди и на трето место се труењата со метадон. Во 2016 год се бележат 80 % помал број на труења споредбено со 2015 и 2014 год. Во 2016 год се бележи благо зголемување на бројот на лица зависни од хероин кои побарале метадонски третман. Во однос на смртноста со дроги, во 2016 год најголема причина за смрт поврзана со употреба на дроги е употреба на метадон и бензодиазепини. Во однос на размената на стерилна опрема за инјектирање се бележи зголемување од 8% на бројот на клиенти за размена на стерилни игли и шприцови кои се опфатени од страна на 16 НВО. Во континуитет изминатте години се бележи драстичен пад на заплените на дроги.

За прв пат во Република Македонија во 2016/2017 год со целосна финансиска подршка на ЕУ преку ЕМЦДДА се спроведе истражување на употреба на дрогата кај популацијата. Ова истражување ќе овозможи согледување на преваленцата за употреба на дрога кај популацијата во Р. Македонија, видови на дроги, карактеристики на различна возрасна популација, пол, од руралните и од развиените делови. Отпочнаа постапките за градење на мрежа за EWS систем за рано предупредување на нови психоакивни супстанции.

Борбата против недозволената трговија со дрога, како еден од приоритетите на новата Национална стратегија за дрога 2014-2020 год, во делот Намалување на снабдувањето на дрога, континуирано бележи евидентни успеси. Спроведувањето на успешни операции против организирани криминални групи инволвирани во криумчарење на дрога, успешни операции во кои беа пресечени меѓународни канали, пораст на запленетата дрога, елиминирани организатори на криминални групи се само дел од остварените резултати на полициските служби.

[150] („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008, 124/2010, 164/2013, 149/2015, 37/2016 и 53/2016)

***Краткорочни приоритети***

***Правна рамка***

Предвидена е Анализа на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции[151] во поглед на усогласеност со ЕУ регулативата..Предвидено е донесување на Акциски план за периодот 2018-2020 година согласно Националната стратегија за борба против дроги.

Со цел ефикасно справување со трговијата на дрога, се предвидува спроведување на паралелни финансиски истраги насочени кон организираните криминални групи, чија дополнителна цел е спречување на перење на пари стекнати преку трговијата со дрога.

Ќе се работи на унапредување на соработката со националните и меѓународните надлежни институции преку размена на информации и профилирање на организираните криминални групи, како и учество во сите меѓународни операции.

Ќе се идентификуваат т.н. „дизајнирани дроги" како нова форма на психотропни супстанции.

**Институционална рамка**

Зголемување на капацитетите за заплена на дрога, покрај класичните видови особено и на дроги од групата на нови психоактивни супстанции.

Превземање на меркии активности за унапредување на сорабоката со националните и меѓународните надлежни институции преку размена на информациии профилирање на организираните криминални групи како и учество во меѓународни операции.

***Среднорочни приоритети***

**Правна рамка**

Измена и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции е предвидена.[152].

Транспонирање на новите регулативи на ЕУ во Законот. Изготвување на преостанатите законски акти. Како и анализа на реализацијата на Националната стратегија за дроги и Планот за активности.

**Институционална рамка**

Зајакнување на капацитетите на Инспекциските служби со цел превземање конкретни мерки и активности во борбата против дрога.

## 3.24.9 ЦАРИНСКА СОРАБОТКА

***Тековна состојба***

Капацитетите за разузнавање се подобрени со консолидирање на електронската разузнавачка база на податоци и ставање во примена на Упатството за користење на истата.

Спроведени се стандардите на Светската царинска организација за зајакнување на безбедносниот и трговскиот режим, така што се донесени три стратегии, поддржани со акциски планови, и тоа:

- Стратегија за спречување на неовластена трговија со наркотични средства, средства кои го загрозуваат здравјето на луѓето 2016-2020.
- Стратегија за спречување на нелегално производство, промет и шверц со тутун и тутунски производи 2016-2018.
- Стратегија за заштита на правата од интелектуална сопственост 2016-2018.

На овој начин е подобрен оперативниот капацитет и контролата како и примената на законите во доменот на Секторот за контрола и истраги во Царинската управа.

***Краткорочни приоритети***

- Унапредување на соработката преку Сектор за меѓународна полициска соработка - Одделение за национално централно биро за размена на информации за осомничени лица инволвирани во криминални активности.
- Унапредување на соработката на регионално ниво преку размена на информации во реално време преку заеднички контакт центри со соседните држави, унапредување на соработката на меѓународно ниво преку интензивирање на соработката со сите институции и организации преку размена на информации, учество во работни групи за одредени области на криминалитет, како и преку учество во сите меѓународни операции и проекти.

***Среднорочни приоритети***

Со цел олеснување во пристапувањето кон Конвенцијата за употреба на информатичка технологија за царински цели, во тек е понатамошен развој на ИТ системите во Секторот за контрола и истраги.

Ќе се продолжи со измена и дополнување на соодветни интерни акти, со цел пристапување кон Конвенцијата за меѓусебна помош и соработка меѓу царинските служби.

---

[151] Службен весник на Република Македонија бр. 103/2008, 124/2010, 164/2013, 149/2015, 37/2016 и 53/2016

[152] („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/2008, 124/2010, 164/2013, 149/2015, 37/2016 и 53/2016)

## 3.24.10 ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ЕВРОТО

### *Тековна состојба*

Во рамки на проектот ИПА 2010 проектот изготвена е Анализа за недостатоците и препораки за функционирањето на воспоставената база на податоци за фалсификување на пари. Воедно, во рамки на истиот проект изготвени се следниве документи:

- Стандардни оперативни процедури за функционирање на Централната канцеларија и водење истраги за фалсификување на пари;
- Прирачник за заштитните обележја на Еврото, македонскиот Денар и Долар за иследниците кои не се запознаени со фалсификување на пари.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

- Склучување на Договор за соработка во областа на сузбивање на фалсификувањето на евро банкноти помеѓуЕвропската централна банкаи НБРМ.
- Склучување на Договор за соработка во областа на сузбивање на фалсификувањето на евро монети помеѓу Европската комисија и НБРМ.

**Институционална рамка**

Зајакнување на капацитетите на Централната канцеларија за фалсификувани пари преку

- Обуки за фалсификувани пари;
- Меѓуинституционално поврзување со базата на податоци на НБРМ;
- Обука на полициските службеници за користење на Е – регистарот.
- Спроведување систематски координирани обуки на кадарот од страна на Централната канцеларија за истраги во областа на сузбивањето на фалсификувањето пари НБРМ, Царинската управа, Управата за финансиска полиција и Министерството за внатрешни работи за препознавање на фалсификувани валути и користење на базата за фалсификувани пари.

### *Среднорочни приоритети*

Измена на Кривичниот Законик во насока на усогласување на кривичното дело "фалсификување на пари" со Рамковна одлука на советот (2000/383/JHA) од 29 мај 2000 година, за зголемување на заштитата преку кривични казни и други санкции против фалсификување.

Развивање методологии за функционирањето на Централна канцеларија за истраги во областа на сузбивањето на фалсификувањето на пари и за користењето на базата

Зајакнување на капацитетите на Централната канцеларија за фалсификувани пари преку

- Меѓуинституционално поврзување на Царинската управа и Управата за финансиска полиција со базата на податоци на Централната канцеларија во МВР;

# 3.25 НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ

***Наоди и приоритети од извештајот на ЕК2016***

Постои **добро ниво на подготовка** во областа на науката и истражувањето. Постигнат е **одреден напредок,** иако ограничен, во истражувачките активности, додека поддршката за иновации во претпријатијата беше дополнително развиена. Во наредната година, земјата треба:

- да продолжи да го зголемува нивото на инвестициите во истражувањето, особено во приватниот сектор;
- да го промовира учеството во програмата за истражување на ЕУ Хоризонт 2020;
- да донесе програма 2016-2020 за високо образование и научно истражување и да се преземат активности за зајакнување на капацитетите за истражување во согласност со приоритетите на Европската истражувачка област.

***Резиме***

*Во рамки на политиката на истражување приоритети ќе бидат донесување и спроведување на Националната програма за високо образование и научно-истражувачка дејност 2016 - 2020 година, како и продолжување со спроведување на Стратегијата за иновации 2012 – 2020. Република Македонија активно ќе ги спроведува мерките предвидени во Регионалната развојно-истражувачка стратегија за иновации за земјите од Западен Балкан.*

*Во доменот на искористување на можностите на Рамковната програма Хоризонт 2020 приоритет е зголемување на учеството на малите и средни претпријатија и искористување на Мари Склодовска Кири активностите. Промовирањето на програмата од страна на Националните контакт лица ќе се интензивира со цел анимирање на научната и бизнис заедница и зголемување на бројот на успешни апликации.*

*Република Македонија ќе продолжи со активности за интегрирање во Европската истражувачка област (ЕРА) преку зајакнување на придонесот на македонските претставници во високите работни тела на ЕРА, преку зајакнување на соработката со Здружениот истражувачки центар на ЕУ како и преку развивање на билатералната и мултилатералната соработка и активности за поттикнување на мобилноста на истражувачите.*

## 3.25.1 ПОЛИТИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ

***Тековна состојба***

Во согласност со измените на Законот за научно-истражувачка дејност и Законот за високо образование, се наметна потреба од донесување на нова Национална програма за високо образование и научно-истражувачка дејност. Со програмата ќе се утврдат целите, содржината и обемот на задачите во областа на високото образование и науката, потребната истражувачка инфраструктура, начинот на финансирање на научно-истражувачката дејност, човечките ресурси во областа на науката и високото образование, како и показателите за успешност на научно-истражувачката дејност, нејзината меѓународна димензија, поврзаност со стопанството и институционалната мрежа. Министерството за образование и наука формираше Комисија за анализа и оценка на имплементацијата на Националната програма за развој на образованието 2005-2015 и извештајот по однос на оваа анлиза е во завршна фаза. Препораките кои ќе произлезат од овој извештај ќе бидат вградени во Нацрт-верзијата на Националната програма за високо образование и научно-истражувачка дејност на Република Македонија 2016-2020 година.

Фондот за иновации и технолошки развој продолжи со спроведување активности поврзани со доделување средства за иновативни проекти кај МСПја како и со промотивни активности чија цел е поттикнување на иновациска дејност и дополнително вложување во истражување, развој и иновации кај приватниот сектор. Компаниите финансирани под првиот повик за доделување средства преку инструментите на Фондот го завршија спроведувањето на проектите (вкупно 16 проекти). Фондот редивно го следи спроведувањето на проектите кои беа одобрени за финансирање под вториот повик (вкупно 17 проекти). Беше објавен и трет повик за доделување средства преку инструментите на фондот преку кој се очекува до крајот на 2016 година да се поддржат нови проекти. Покрај финансиската помош која ја добиваат корисниците на средства, во текот на 2016 година Фондот почна и со спроведување на обуки, менорство и косултантство според потребите на секој од корисниците со цел јакнење на нивните капацитети.

Беа спроведени и неколку активности за поттикнување на соработката помеѓу јавниот сектор, приватниот сектор и високобразовните институции како натпреварите „Скопски автобуски хакатон“ и „Паметна автобуска станица“, активности за поттикнување на претприемништвото како конференцијата „Start and Grow” во рамки на Technoinvent 2016 и низа други информативни настани.

Продолжува имплементирањето на Стратегијата за иновации 2012-2020 и истото се следи од страна на највиското политичко тело задолжено за креирање на политиките за иновации и претприемништво: Поткомитетот за иновации и претприемништво. Усвоен е Акциски план за периодот 2016-2018 за спроведување на Стратегијата за иновации 2012-2020, кој е подготвен врз основа на добиените информации од сите релевантни институции.
Како дел од Стратегијата за иновациска дејност на Република Македонија 2012-2020, во процес на формирање е Националната канцеларија за трансфер на технологии (НКТТ) како прво институционално троен хеликс партнерство. Сите подготвителни активности за основање на НКТТ се завршени. Одржувањето на основачкото собрание на кое треба да се основа НКТТ е пролонгирано, поради потребата за усогласување на Законот за иновациска дејност, а со цел обезбедување на правна рамка за НКТТ, како и за вклучување на Фондот за иновации и технолошки развој како еден од основачите на НКТТ. Предлог-измените на Законот за иновациска дејност се донесени во октомври 2016 од страна на Собранието на Република Македонија. Се планира во периодот 2017 - 2018 година да се започне со реализација на следните активности: операционализација на НКТТ која вклучува: екипирање на тим, опремување на НКТТ, организирање на обуки за вработените, воспоставување на процесите и развој на стратегија за заштита на интелектуална сопственост, развој на маркетинг стратегија, развој на стратегија за финансирање и стратегија за обезбедување на извори на финансирање, воспоставување на систем за финасиско известување и контрола. Врз основа на анализата на потенцијалот, приоритетите и стратегиите на земјата, констатирано е дека постојат три главни тематски области кои треба да се опфатат во процесот на трансфер на технологии:

- Земјоделство,
- Информатичка и комуникациска технологија (ИКТ) и
- Обновливи извори на енергија (зелена енергија).

Проекти од неколку (5-10) „дополнителни области“: хемиска, фармацевтска, металуршка, машинска, автомобилската индустрија, креативните индустрии како и туризам ќе бидат поддржани од страна на НКТТ, доколку со нив се идентификуваат оддржливи резултати од истражување и развој и искуство во водење на апликативни проекти.
Република Македонија продолжува да ја зајакнува регионалната соработка преку спроведување на мерките и активностите предвидени Регионалната истражувачко-развојна стратегија за иновации која се однесува на земјите од Западен Балкан.
Една од активностите е основањето на Центар за нејзина имплементација, т.н.WISE ([153])центар. Имено, во рамки на Регионалната министерска конференција, министрите надлежни за политиките во областа на истражувањето и иновациите на земјите од Западен Балкан го потпишаа Договорот за Центарот за истражување и иновации на Западен Балкан – WISE. Договорот го регулира основањето, мисијата и активностите на WISE секретаријатот. WISE секретаријатот е меѓународна, непрофитна организација во сопственост на државите потписнички. Неговата улога е да го зајакне регионалниот истражувачки и иновациски систем преку обезбедување на поддршка, информации и препораки на земјите потписнички и јакнење на соработката во областа на истражувањето и иновациите на регионално, меѓународно и европско ниво.
Во периодот април-јуни 2016 година четири земји потписнички го ратификуваа Договорот за Центарот за истражување и иновации на Западен Балкан – WISE и тоа: Албанија, Босна и Херцеговина, Република Хрватска и Црна Гора. Согласно Договорот по ратификување на истиот од страна на најмалку четири земји може да започне процедурата за основање на WISE Центарот. Процедурата за основање на овој Центар од страна на Министерството за наука, образование и спорт на Република Хрватска е во тек.
Во соработка со Регионалниот совет за соработка земјите од Западен Балкан, меѓу кои и Македонија, започнаа активности за Open Science и Open research data. Во насока на следење на политиките на ЕУ во оваа област подготвен е тригодишен Акциски план кој ќе биде доставен до земјите за негово усвојување. Се планира планот да биде усвоен до крајот на годината. Акцискиот план ќе се фокусира на следниве активности:

- развој и имплементирање на Open Science политики и мерки
- развој на стандарди за воспоставување на национални и регионални репозитори
- зголемување на националните капацитети за креирање на национални и институционални е-инфраструктури за десиминирање на научни информации
- зајакнување на преговарачките капацитети со издавачите за обезбедување пристап до научни списанија

Министерството за образование и наука го заокружи проектот „Превод на 1.000 стручни и научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија. Било планирано надградување на овој проект, т.е. покрај досега преведените 1000 наслови да бидат преведени уште 200 нови наслови на универзитетски учебници кои се употребуваат на првите десет рангирани универзитети на Шангајската листа. Соглед на лошиот квалитет на најголем дел од преводите заради што книгите се неупотребливи, ќе се разгледаат можностите за прекинување на овој проект.

[153] WISE -Western Balkans Research and Innovarion Strategy Exercise Facilty

Продолжи да тече процесот на акредитација на дел од инсталираните лаборатории односно на оние лаборатории кои по својата дејност и природа се акредитабилни, а беа набавени во рамки на проектот „Опремување на лаборатории за научно-истражувачка и апликативна дејност”. Од вкупно доделените 80 лаборатории, лоцирани се 42 лаборатории кои можат и треба да се акредитираат. Досега акредитацијата е завршена за 18 лаборатории, а останатите 24 лаборатории работат интензивно на завршување на постапката за нивна акредитација.

За обезбедување на финансиска поддршка на младиот научно-истражувачки кадар објавени се Конкурси за доделување на стипендии за академската 2016/2017 година за:

- студии од втор циклус во странство (доделени 13 целосни стипендии)
- студии од прв и втор циклус на Академијата за филмска и ТВ уметност (ФАМУ), Прага, Република Чешка (нема поднесено барања)
- студии од трет циклус (докторски) во странство (не е доделена ниту една стипендија)
- студии од втор циклус на ЈНУ Институт за филм, Филмска академија - Охрид (доделени 7 стипендии - уписнини)
- студии од втор циклус за изучување на старотурски (отомански) јазик на некој од светските универзитети (доделени 4 стипендии)
- вонредни двегодишни студии од втор циклус (магистерски) во рамки на извршната програма за бизнис администрација (МБА) на СИТИ Колеџот во Солун, при Универзитетот Шефилд од Велика Британија (доделени 20 стипендии)

Врз основа на објавениот Конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд од домашни автори во меѓународни научни списанија со фактор на влијание([154]) во 2015 година, од 432 пријавени научно-истражувачки трудови, одобрени се финансиски средства во висина од 30.000 денари на 227 трудови, за кои Комисијата констатира дека ги исполнуваат критериумите предвидени со Конкурсот.

### *Краткорочни приоритети*

- Донесување на Национална програма за високо образование и научно-истражувачка дејност 2016-2020.
- Спроведување на активности од Националната програма за високо образование и научно-истражувачка дејност.
- Операционализација на НКТТкоја вклучува: екипирање на тим, опремување на НКТТ, организирање на обуки за вработените.
- Обезбедување финасиска поддршка на младиот научно-истражувачки кадар.
- Доделување на еднократни финансиски средства за објавен труд во списанија со фактор на влијание.
- Доделување на еднократни финансиски средства наменети за творечките дејности.
- Понатамошно спроведување на инструментите за финансика помош на Фондот за иновации и технолошки развој.

### *Среднорочни приоритети*

- Измени и дополнувања на Законот за научно-истражувачка дејност.
- Измени и дополнувања на Законот за иновациска дејност.
- Измени и дополнувања на Законот за поттикнување и помагање на техничката култура.
- Измени и дополнувања на Законот за Националната агенција за нуклеарни технологии.
- Продолжување со реализација на мерките и активностите предвидени со Националната програма за високо образование и научно-истражувачка дејност.
- Имплементација на Акцискиот план за Open Science и Open research data.
- Продолжување со операционализација на НКТТ т.е. воспоставување на процесите и развој на стратегија за заштита на интелектуална сопственост, развој на маркетинг стратегија, развој на стратегија за финансирање и стратегија за обезбедување на извори на финансирање, воспоставување на систем за финасиско известување и контрола.
- Продолжување со реализација на активностите предвидени во рамки на надградениот проект „Превод на 1000 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија“.
- Спроведување на мерките и активностите предвидени со Стратегијата за иновации 2012 – 2020.
- Спроведување на мерките и активностите предвидени со Регионалната развојно-истражувачка стратегија за иновации за земјите од Западен Балкан.

[154] импакт фактор

- Проширување на можностите за финансирање на иновации и технолошки развој преку дизајнирање на нови инструменти за финансиска помош на Фондот за иновации и технолошки развој.

## 3.25.2 РАМКОВНИ ПРОГРАМИ

***Тековна состојба***

Интензивирани се активностите за информирање и подршка на научно-истражувачката заедница, индивидуалните истражувачи, бизнис заедницата и локалната самоуправа за отворените можности во Рамковната програма „Хоризонт 2020“ што резултира со зголемен број на апликанти кои за прв пат поднесуваат апликација во оваа програма.

Во пораст е и бројот на предлог проекти аплицирани од страна на бизнис секторот и истражувачите особено во искористувањето на финансискиот инструмент наменет за мали и средни претпријатија (фаза 1 и 2) и активностите за мобилност.

Мрежата на националните контакт точки за Хоризонт 2020 е во постојана комуникација и соработка со мрежата на Европскиот информативен и иновативен центар во Република Македонија (мрежа на бизнис можности) – ЕИИЦМ и ЕУРАКСЕС европската мрежа за мобилност на истражувачи на РМ со што се зајакнува обемот и квалитетот на услугите што се испорачуваат кон потенцијалните апликанти.

Предвидените активности за промоција на програмата се реализираат самостојно од страна на мрежата на национални контакт точки, но и во соработка со Европската комисија, ЕИИЦМ, ЕУРАКСЕС, Стопанската комора на Република Македонија, Фондот за иновации и технолошки развој, невладини организации, универзитетите , МАНУ, истражувачките центри.

***Краткорочни приоритети***

- Континуирано информирање на научно-истражувачката и бизнис-заедницата, самостојните истражувачи и локалната самоуправа за Рамковната програма „Хоризонт 2020“ (инфо настани, работилници, институционални и индивидуални информативни и советодавни средби).
- Координација на работата на националните контакт-лица.
- Реализација на активности за зголемување на искористувањето на Мари Кири активностите (мобилност) и финансискиот инструмент за мали и средни претпријатија.
- Зголемување на бројот на подносители на предлог-проекти во Рамковната програма Хоризонт 2020.

***Среднорочни приоритети***

- Продолжување на активностите за подигање на свеста за можностите кои ги нуди Рамковната програма „Хоризонт 2020“ и степенот на подготвеност и обученост на научната и бизнис-заедницата за учество во истата.
- Активности за зголемување на учеството во Рамковната програма „Хоризонт 2020“ како во однос на бројот на апликации, така и во однос на одобрени проекти.
- Континуирано ширење на информации за „Хоризонт 2020“ со цел обезбедување поголема информираност и транспарентност за можностите што ги нуди програмата со посебен акцент на актуелните повици.
- Континуирана соработка со мрежата на Европскиот информативен и иновативен центар во Република Македонија (мрежа на бизнис можности) – ЕИИЦМ.

## 3.25.3 ЕВРОПСКА ИСТРАЖУВАЧКА ОБЛАСТ

***Тековна состојба***

Република Македонија преку номинираните претставници во високите полтички тела на ЕРА даде свој активен придонес во работата на истите (ЕРАК, ЕСФРИ, СГХРМ, ЗИЦ).

Исто така и дел од членовите во програмските комитети на „Хоризонт 2020“ приоритетните области дадоа свој активен придонес во работата на истите.

Продолжи трендот на зајакнување на мобилноста на истражувачите преку реализирање активности за промоција на ЕУРАКСЕС-европската мрежа за мобилност на истражувачи.

Соработката со Заедничкиот истражувачки центар на ЕУ (ЗИЦ) се одвива континуирано во рамки на активностите за проширување и интеграција (позајмени национални експерти ([155]), студиски посети, работилници, семинари).

[155] seconded experts

Во рамки на Програмата за соработка во науката и технологијата (КОСТ) во текот на 2016 година, македонски истражувачи учествуваа во 170 активни акции во областа на биомедицина и молекуларни бионауки, храна и земјоделство, шумарство, материјали и нанонауки, хемија и молекуларни науки и технологии, информациски и комуникациски технологии, транспорт, мултидисциплинарни науки, општествени науки, култура, здравје.
Во рамки на соработката со Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ), врз основа на објавениот повик за поднесување на предлог - проекти во рамки на новиот проектен циклус 2018-2019, до Министерството за образование и наука беа поднесени вкупно 8 предлози, од кои 4 проектни концепти добија зелено светло од страна на Агенцијата за нивно понатамошно развивање до фаза на проектни дизајни.
Во согласност со УНЕСКО програмата за партиципација за период 2016-2017 година од областите наука, образование, култура и животна средина, во тек е евалуација на вкупно 7 поднесени национални проекти и еден регионален предлог-проект. Се очекува во наредниот период конечната селекција на предложените проекти од страна на Република Македонија во согласност со критериумите на програмата да ја извршат стручните служби на УНЕСКО надлежни за истата.

Во рамки на билатерална соработка Министерството за образование и наука на Република Македонија реализира поголем број активности и тоа:

- Спроведување на постоечките договори со Република Словенија, Република Хрватска и Црна Гора.
- Потпишан е Протокол меѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за образование, наука и спорт на Република Словенија за соработка во областа на образованието.
- Потпишана е Програма за соработка помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за образование, наука и технологија на Република Косово.
- Потпишана е Програма меѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за образование и спорт на Република Албанија за соработка во областа на науката, технологијата и образованието.
- Во тек е усогласувањето на текстот на Договорот за соработка во областа на науката и технологијата со Владата на Република Турција.
- Потпишан е Меморандум за разбирање во областа на високото образование со Советот за високо образование на Република Турција.
- Продолжува да тече усогласувањето на Предлог-текстот на Спогодбата за соработка во областа на науката и технологијата со Министерството за национално образование на Романија.
- Во тек е усогласување на Нацрт- Договор за соработка во областа на образованието и науката со Министерство за образование на Република Молдавија.
- Во тек е усогласување на текстот на Спогодбата со Владата на Народна Република Кина за заемно признавање на документите за образование и за научните звања меѓу двете страни.
- Во тек е усогласување на текстот на Меморандумот за разбирање со Министерството за образование на Федерална Република Нигерија за соработка во областа на образованието и науката.
- Во тек е подготовка на Спогодба за соработка во областа на образованието и културата со Владата на Соединетите Мексикански Држави.
- Во процедура е усогласување на предлог Договор со Владата на Израел за соработка во индустриското истражување и развој.
- Иницирана е постапка за отпочнување на соработка со Кралството Саудиска Арабија, Државата Кувајт и Обединети Арапски Емирати.

***Краткорочни приоритети***

- Зголемување на придонесот на номинираните членови во програмските комитети и високите тела на ЕРА.
- Спроведување на активностите предвидени со Меморандумот за разбирање со Заедничкиот истражувачки центар.
- Имплементација на приоритети предвидени во Регионалната истражувачко-развојна стратегија за иновации за земјите од Западен Балкан.
- Поттикнување на мобилноста на истражувачите преку ЕУРАКСЕС мрежата за мобилност на истражувачи.
- Продолжување со активности и динамика на учество во програмите КОСТ и МААЕ.
- Потпишување на Протоколот за имплементација на соработката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за организирање на отоманско турско образование и обука на инструктори.
- Иницирање на постапка за преговори за потпишување на Меморандум за разбирање со Кралството Саудиска Арабија, Државата Кувајт и Обединетите Арапски Емирати.

- Иницирање на постапка за преговори за потпишување на Меморандум за разбирање со Социјалистичка Република Виенам.

***Среднорочни приоритети***

- Зголемување на придонесот на номинираните членови во програмските комитети и високите тела на ЕРА.
- Продолжување со активностите за поттикнување на мобилноста на истражувачите преку ЕУРАКСЕС мрежата за мобилност на истражувачи.
- Продолжување на активностите предвидени со Меморандумот за разбирање со Заедничкиот центар за истражување.
- Продолжување со активности и динамика на учество во наведените програми КОСТ и МААЕ, со можност за нивно зголемување.
- Потпишување на Програма меѓу Министерството за образование и наука и Министерството за цивилни работи на БиХ во областа на образованието и науката
- Потпишување на Спогодба за соработка во областа на науката и технологијата меѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за национално образование на Романија.
- Потпишување на Спогодба во областа на образованието, науката и иновациите меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Молдавија.
- Потпишување на Договор за соработка во областа на науката и технологијата меѓу Владата на Република Македонија и Република Турција.
- Потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина за заемно признавање на документите за образование и за научните звања меѓу двете страни.

# 3.26 ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА И МЛАДИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК за 2016***

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. Постигнат е **одреден напредок**, особено на стратешката рамка. Децата од немнозинските заедници и децата со посебни потреби и понатаму се соочуваат со бариери за пристап до квалитетно образование. Наредната година, земјата треба да се насочи кон:

- зголемување на поддршката за обука на наставниците, подобрување на професионалниот развој на наставниците и ефективниот процес на проценка;
- подобрување на пристапот до квалитетно образование за сите, особено за децата со посебни потреби и децата од ромската заедница;
- развивање и имплементација на новата Стратешка рамка за образование (врз основа на евалуацијата на предходните реформи спроведени во секторот образование), осигурувајќи се дека сите реформски процеси во целост консултирале широк спектар на чинители.

***Резиме***

*Во изминатиов период работата на стратешките документи не се одвивала според утврдената динамика. Почната била подготовка на Стратегија за образованието 2016-2020 година, чија прва нацрт-верзија е изработена во 2017 година. Работата на оваа стратегија, чиј наслов и период за реализација ќе биде изменет, продолжува. Продолжуваат активностите за имплементација на Стратегијата за интегрирано образование "Чекори кон интегрирано образование во образовниот систем во Република Македонија" во повеќе области. За пристапот до квалитетно образование за сите, особено за децата со посебни потреби - донесени се новите адаптирани наставни програми во основните училишта за децата со посебни потреби и во 2017 година ќе се посвети поголемо внимание на инклузијата за децата со посебни потреби во редовните основни и средни училишта во земјата. Продолжуваат активностите за стипендии односно менторство/туторство за ученици Роми. Продолжуваат активностите за стипендирање на ученици од социјално ранливи категории (секоја година се доделуваат стипендии за ученици со посебни потреби, стипендии за ученици од семејства со ниски примања, стипендии за ученици деца без родители и родителска грижа).*

*Во делот на предучилишното воспитание и образование, во моментов во земјата има вкупно 65 јавни установи за деца-детски градинки и 4 јавни центри за ран детски развој распоредени во 58 општини, од 33 приватни установи 20 се приватни детски градинки, 7 се приватни центри за ран детски развој и 6 детски градинки организирани како организациони единици во состав на правни лица и приватни училишта, со што дејноста се реализира во 103 установи во вкупно 295 објекти и 2 агенции за давање на услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст. Од вкупниот број, 65 објекти се во рурални средини и обезбедуваат предучилишна грижа и воспитување токму на децата од руралните средини, како посебна целна група.*

*Во однос на професионалниот развој на наставниците ќе се спроведуваат континуирани обуки со максимален опфат на наставници – пр. Обуки за имплементација на нови наставни програми*

*Во делот на високото образование се работи на подобрување на квалитетот на образованието, развивање на одржливи модели за финансирање на високото образование, опции за моделот на организациска структура на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, како и насоки за изработка на нов Закон за високото образование, со кој ќе се обезбеди враќање на автономијата на универзитетите и квалитетот во високото образование.*

*Подготвен е сеопфатен Патоказ којшто претставува Акциски план за понатамошна имплементација на Националната рамка на квалификации, и истиот ќе биде составен дел од Извештајот за референцирање.*

*Продолжува учеството на Република Македонија во Програмата Еразмус+.*

*Во делот култура се бележи активно понатамошно учество во Програмата Креативна Европа.*

## 3.26.1 ОБРАЗОВАНИЕ

**Законодавна рамка**

***Тековна состојба***

Измени и дополнувања на Законите од областа на образованието во 2016 година:

Закон за изменување и дополнување на Законот за спортска академија објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.30/2016 од 19.02.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за спортска академија објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.142/2016 од 01.08.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.30/2016 од 19.02.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за

учебници во основно и средно образование објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.30/2016 од 19.02.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за студентсиот стандард објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.30/2016 од 19.02.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за студентсиот стандард објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.178/2016 од 26.09.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.55/2016 од 23.03.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.30/2016 од 19.02.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.127/2016 од 11.07.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.30/2016 од 19.02.2016 година; Закон за изменување на законот за Педагошката служба објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.55/2016 од 23.03.2016 година; Закон за изменување на законот за отворените граѓански универзитети за доживотно учење објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.55/2016 од 23.03.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.30/2016 од 19.02.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.127/2016 од 11.07.2016 година; Закон за изменување на Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.55/2016 од 23.03.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.30/2016 од 19.02.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за образование на возрасните објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.30/2016 од 19.02.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за националната рамка на квалификации објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.30/2016 од 19.02.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за научно истражувачката дејност објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.30/2016 од 19.02.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за научно истражувачката дејност објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.53/2016 од 21.03.2016 година; Закон за изменување на законот за наставници во основните и средните училишта објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.127/2016 од 11.07.2016 година; Закон за изменување на законот за иновациска дејност објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.53/2016 од 21.03.2016 година; Закон за изменување и дополнување на законот за иновациска дејност објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.1902016 од 17.10.2016 година; Закон за изменување на законот за државниот испитен центар објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.55/2016 од 22.03.2016 година; Закон за изменување на законот за државниот испитен центар објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.142/2016 од 01.08.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.30/2016 од 19.02.2016 година; Закон за изменување на Законот за високото образование објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.120/2016 од 29.06.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.127/2016 од 11.07.2016 година; Закон за изменување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование објавен во Сл.весник на Р.Македонија бр.55/2016 од 22.03.2016 година; Закон за изменување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование објавен во Сл.весник на Р.Македонија бр.127/2016 од 11.07.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.30/2016 од 19.02.2016 година; Закон за изменување и дополнување на Законот за академијата за наставници објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.30/2016 од 19.02.2016 година; Закон за изменување на Законот за академијата за наставници објавен во Сл. Весник на Р.Македонија бр.127/2016 од 11.07.2016 година.

### *Краткорочни приоритети*

Стратешки приоритет е инвестирањето во образованието, иновациите и информатичката технологија како клучни елементи за креирање општество базирано на знаење. Затоа е неопходно осовременување на образовниот систем и науката со цел да се обезбедат компетенции потребни за пазарот на труд и развој на економијата. Во таа насока планирано е донесување на следниве закони:

- Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование – Службен весник на Република Македонија бр.67, од 01.06.2017 година
- Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование – Службен весник на Република Македонија бр.67, од 01.06.2017 година
- Закон за високо образование

### *Среднорочни приоритети*

- Закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард
- Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование

- Закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование
- Закон за изменување и дополнување на Законот за отворени граѓански универзитети за доживотно учење
- Закон за изменување и дополнување на Законот за Бирото за развој на образованието
- Закон за изменување и дополнување на Законот за педагошка служба
- Закон за изменување и дополнување на Законот за студентски стандард
- Закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука
- Закон за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование
- Закон за изменување и дополнување на Законот за Државниот испитен центар
- Закон за изменување и дополнување на Законот за образование на возрасните
- Закон за изменување и дополнување на Законот за просветна инспекција
- Закон за изменување и дополнување на Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
- Закон за изменување и дополнување на Законот за националната рамка на квалификации
- Закон за изменување и дополнување на Законот за Академија на наставници
- Закон за изменување и дополнување на Законот за наставници во основните и средните училишта
- Закон за изменување и дополнување на Законот за спортска академија
- Закон за изменување и дополнување на Законот за високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование
- Закон за изменување и дополнување на Законот за обука и испит на директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење

**Предучилишно образование**

***Тековна состојба***

Министерството за труд и социјална политика продолжи со активности поврзани со системот за заштита на децата, а во насока на зголемување на капацитетите за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст, што подразбира изградба на нови објекти наменети за Јавните општински установи – детски градинки, изградба на објекти во состав на Јавните општински установи – детски градинки или адаптација на просторот за отворање на групи во други просторни услови – градинки односно центри за ран детски развој. Целта се однесува на зголемување на опфатот на деца на предучилишна возраст, нивно згрижување и воспитание. Особен акцент е ставен на активности од овој тип во руралните средини. Во текот на 2016 година отворени се 2 (две) ЈОУДГ и тоа по 1 (една) во општина Јегуновце и во општина Петровец, кои се во рурални средини; 7 објекти во состав на ЈОУДГ и тоа во с. Оризари општина Кочани, во состав на ЈОУД „Павлина Вељанова“- Кочани; во општина Илинден во состав на ЈОУДГ “Гоце Делчев’-Илинден;во н.м.Пинтија Општина Кисела Вода во состав на ЈОУДГ “Весели Цветови’ Кисела Вода; во н.м.Дексион во општина Ѓорче Петров во состав на ЈОУДГ „Росица’ Горче Петров, во н.м.Радишани во општина Бутел во состав на ЈОУДГ „11 Октомври“- Бутел; во Работнички универзитет Прилеп во состав на ЈОУДГ Наша Иднина“ –Прилеп и во општина Аеродром во ЈОУДГ „Буба Мара“-Аеродром; 5 групи во други просторни услови и тоа во: општина Охрид с.Пештани во состав на ЈОУДГ „Јасна Ристевска“ Охрид; во: с.Беровци, с.Канатларци и с.Големо Коњари во општина Прилеп во состав на ЈОУДГ „Наша Иднина Прилеп“ и во с.Зелениково општина Зелениково во состав на ЈОУДГ „8 Март“ Кисела Вода; 11 центри за ран детски развој во состав на јавните установи за деца и тоа 2 во општина Куманово во состав на ЈОУДГ „Ангел Шајче-Куманово; 5 во општина Битола и тоа 3 во состав на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола во с.Горно Оризари, с.Карамани и во с.Ловогарди и 2 во состав на ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола во ОУ „Горги Сугаре“. и во урбана заедница „Таки Даскало“; во општина Тетово 3 во состав на ЈОУДГ „Младост“ Тетово во: с.Шипковица, н.м..Поток и н.м.Теке; општина Прилеп во состав на ЈОУДГ Прилеп во ЈОУДГ „Наша Иднина“; 1 Јавен центар за ран детски развој во Општина Кривогаштани во н.м.Обршани; 2 (две) приватни детски градинки и тоа во Скопје во општина Центар и 1 приватен центар за ран детски развој во општина Битола.

Во моментот во Република Македонија има вкупно 65 јавни установи за деца-детски градинки и 4 јавни центри за ран детски развој распоредени во 58 општини, од 33 приватни установи 20 се приватни детски градинки, 7 се приватни центри за ран детски развој и 6 детски градинки организирани како организациони единици во состав на правни лица и приватни училишта, со што дејноста се реализира во 103 установи во вкупно 295 објекти и 2 агенции за давање на услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст. Од вкупниот број, 65 објекти се во рурални средини и обезбедуваат предучилишна грижа и воспитување токму на децата од руралните средини, како посебна целна група.

Согласно проширениот капацитет за опфат на деца во детските градинки/центри за ран детски развој е зголемен и опфатот на деца од 0-6 годишна возраст, така да во моментот се опфатени 39.321 дете или 27,99% од вкупниот број на деца на возраст од 0-6 години во Република Македонија ( 140 443), додека опфатот на деца од 3-6 години во сите установи за деца изнесува

29 729 (70 634) што преставува 42% во генерацискиот опфат на деца во Република Македонија. Во соработка со УНИЦЕФ, реализиран е и 5-от модул на обука за првите 10 градинки за инклузија во предучилишно воспитание и образование и реализирани се 1-от модул и 2-от модул од 5-те модули кај втората група од 10 градинки. Исто така, спроведена е и обука за унапредување на инклузивните практики во детските установи - на обуката учествуваа 55 учесници од првата група и 33 учесници од втората група градинки. Сите обучени имаат направено обуки на останатите вработени во нивните установи (1676).

Спроведени се обуки во јавните установи за деца за електронско водење на педагошка евиденција и документација во 13 Јавни установи за деца и обучени се 100 лица кои направиле обука на останатите вработени и тоа на уште 150 лица или вкупно обучени 550 вработени.

Во соработка со УНИЦЕФ воспоставен е софтвер за дата база на податоци од установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст.

### *Краткорочни приоритети*

- Отворање на нови објекти за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст/групи во други просторни услови,особено во руралните средини и во општини во кои што нема објекти за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст
- Вклучување на Центрите за ран детски развој кои работат со подршка на УНИЦЕФ во системот на установи за згрижување и воспитание на децата согласно Законот за заштита на децата
- Поддршка на приватниот сектор за изградба на приватни детски градинки/центри за ран детски развој
- Фазно вработување на потребен кадар во јавните општински детски градинки

## Основно и средно образование

### *Тековна состојба*

Во текот на 2016 година, во делот на основното и средното образование, беа реализирани одредени активности како дел од проекти, конкурси, јавни повици.

Министерството за образование и наука во соработка со ОБСЕ веќе трета година по ред го реализира натпреварот „Најчисто и најбезбедно училиште“, во чии рамки, за учебната 2015/16 година, наградени беа 3 основни и 3 средни училишта. Реализирана е промоција на проектот „Microsoft Showcase Classroom“, во две училишта, каде во наредниот период ќе се спроведува истоимениот проект поддржан од Microsoft и компанијата TDK Computers. Беше забележано успешно затворање на Проектот „Младинска мрежа за стекнување на вештини за вработување**“.** Во рамки на проектот “Лидер“, по втор пат во една средношколска генерација, се избраа ученици - лидери на струки. Победниците, заедно со нивните наставници ментори, освен признанија како потврда на постигнатиот успех, ќе добијат и паричен надоместок во висина од 50% од износот на просечната нето плата во земјата во тековната година.Одржана е завршна церемонија на ACES Academy of Central European Schools проектот во Сенец Словачка. Со грант беа наградени 42 партнерски проекти кои вклучуваат 100 училишта од 15 земји – партнери. Од Република Македонија, меѓу наградените проекти се 9 училишта од кои 6 основни и 3 средни училишта.

Во насока на поддршка на талентираните ученици во месец септември објавени се јавните повици за основно и за средно образование за доделување на парична награда за освено прво, второ или трето место на меѓународен натпревар по математика и природни науки за учебната 2016/2017 година.

За прв пат од оваа година објавен е и Јавен повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал за учество на една од 13-те меѓународни научни олимпијади (за оваа цел донесена е и измена на Законот за средното образование во месец јули 2016 година, согласно која Министерството за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата, поединечно им доделува парична награда во износ од 12.000 денари месечно за освоен златен медал, 10.000 денари месечно за освоен сребрен медал и 8.000 денари месечно за освоен бронзен медал. Паричната награда се исплаќа за период од 12 месеци.

Продолжува поддршката на учениците и нивните наставници-ментори кои ќе освојат прво место на државен натпревар организиран од акредитирано здружение на наставници.

Започна со реализација Стимулативната грант програма чија цел е поврзување на средните стручни училишта со бизнис заедницата, заради унапредување на практичните вештини и знаења на учениците и создавање на квалитетен кадар, подготвен за настап на пазарот на трудот.По спроведената евалуација од страна на комисија, составена од претставници на министерството и на стопанските комори, прифатени се 54 предлог проекти, чиешто финансирање ќе се реализира етапно. Најпрво ќе бидат финансирани првите 10 најдобро рангирани проекти, а реализацијата започнува со почетокот на учебната година. Потоа ќе следат уште неколку фази во кои ќе бидат спроведени и сите останати 44 проекти, за кои е донесена одлука да бидат финансиски поддржани.

***Краткорочни приоритети***

**Доделување Ученички стипендии**

- 50 (педесет) стипендии за талентирани ученици од јавните и приватните средни училишта во Република Македонија
- 400 (четиристотини) стипендии за социјална поддршка на ученици од јавните и приватните средни училишта во Република Македонија
- 80 (осумдесет) стипендии за ученици – деца без родители од јавните и приватните средни училишта во Република Македонија.
- 15 стипендии за ученици од средно образование кои реализираат наставни програми од угостителско - туристичката струка во Република Македонија
- 50 (педесет) стипендии за ученици со посебни потреби од јавните и приватните средни училишта во Република Македонија
- 150 (стоипедесет) стипендии за талентирани ученици - спортисти од јавните и приватните средни училишта во Република МакедонијаСтипендии за ученици во Спортската академија во Република Македонија

**Стратегија за образованието 2016 – 2020**

Првата драфт верзија беше споделена со донаторската заедница, по што се организираше средба за дискусија за доставените коментари. Драфт-верзијата беше ставена на веб страницата за коментирање. Во септември 2016 година беше организирана дводневна работилница за поврзување на сите релевантни чинители за носење на образовни политики. Се направија подготвителни чекори за реализација на локални информативни настани во 8 општини и три конференции на теми: инклузивно образование, вклучување на сите релевантни чинители при носење на образовни политики и ИКТ и дигитална писменост. Истите се реализираа во текот на ноември. Исто така, тече процесот на инкорпорирањето на достасаните коментари на првата работна верзија.

**Стратегија за Интегрирано образование**

Во 2016 година продолжија активностите за имплементација на Стратегијата за интегрирано образование " Чекори кон интегрирано образование во образовниот систем во Република Македонија" во повеќе области. Се реализираа три последователни работни средби со претставници од општините кои се одговорни за образованието и со овластените просветни инспектори на тема: „Информирање за тековните и очекуваните активности и постигања на полето на меѓуетничката интеграција во образованието". Значајни активности во делот на интегрираното образование се следниве: квиз „Заедно учиме" (за учениците од второ до седмо одделение во основните училишта и учениците од прва и втора година во средните училишта) и дебата на тема „Образованието – врата кон успехот" (со учениците осмо и деветто одделение во основните училишта како и учениците од трета и четврта година во средните училишта). Беа изготвени прашалниците за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието за општините и училиштата за реализирање на електронско истражување.Целта на истражувањето е да се направи согледување на состојбите во однос на активностите за промовирање на меѓуетничка интеграција во образованието. Во тек е обработка на податоците од извршеното електронско истражување, по кој што следи Извештај за спроведеното електронско истражување.

Во овој временски период активностите за спроведување на Стратегијата за интегрирано образование се реализирани преку Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието и тоа во четирите компоненти и дел од активностите во овој извештаен период се:

**Компонента 1- Информирање на јавноста и заедниците** преку организирање креативни работилници, креативни катчиња, како и гостувања на телевизиски програми со цел тековно да се споделат резултатите, активностите и прогресот кој се случува во рамките на училиштата. Организирани беа два Форум театри на коишто присуствуваа преку 150 ученици, наставници, како и други гости од локалните заедници кои имаа можност активно да ги споделуваат своите ставови, да соработуваат и изнаоѓаат потенцијални решенија на поставената сцена, со цел постепено разбивање на предрасудите и стереотипите и зајакнување на меѓуетничката соработка.

**Компонента 2 – Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците** преку: Реализација на заеднички ученички активности поддржани од програмата за мали грантови (Беа реализирани вкупно 63 заеднички ученички активности од страна на училиштата кои се дел од програмата за мали грантови и тоа во следниве општини: Крушево; Дебрца, Струга; Радовиш, Охрид, Пласница; Прилеп и Кавадарци, Кочани, Долнени; Виница, Врапчиште, Скопје с. Драчево и с.Батинци, Студеничани; Куманово и Ресен.), Организирање на Летен камп - Реализирани беа два летни кампови, кадешто учениците имаа можност да соработуваат во различни мешани групи преку реализацијата на креативни работилници, фотографски работилници, игри за тимска соработка и спортски и забавни активности. Активно учество на кампот имаа и наставниците преку посебни работилници организирани за нив.; Избор на 10 основни училишта за учество во програмата за поддршка на родителската вклученост во МИО преку грантови Отпочнување со реализација на менторски средби чија цел е да се направи

согледување и рефлексија за досегашните постигања и предизвици од спроведување на активностите на МИО во училиштата како и да им се дадат насоки и препораки за натамошна реализација и обезбедување на одржливост на МИО активностите.); Евалуација на пристигнати апликации на конкурсот за иновативни практики за меѓуетничка интеграција во образованието; Видео туторијали за спортски и забавни игри (Беа изработени кратки видео туторијали со ученици од четврто и петто одделение за сите 40 примери од прирачникот „40 спортски активности и забавни игри за интегрирање на децата и младите". Преку видеата на практичен начин се демонстрираат активностите опишани во примерите и истите имаат за цел да им помогнат на наставниците полесно да ги имплементираат овие активности со учениците во нивните училишта.); Видео за соработка меѓу ученици - за кревање на свеста од потребата за контакт и соработка помеѓу ученици од различни етнички заедници. Се одржа Фестивал за иновативни практики за меѓуетничка интеграција во образованието „Преку иновација до подобра интеграција" на кој беа доделени награди на најдобро избраните апликации на конкурсот за иновативни практики за меѓуетничка интеграција во образованието.

**Компонента 3 – Модел училишта** (Организирање на приредби, излети и натпревари; Интегрирани часови од редовната настава; Мултикултурни работилници; Заеднички ученички активности; Ученички иницијативи; Работилници за усвојување основни поими на македонски и албански јазик за ученици од одделенска настава; Сертификација - Повеќе од 700 сертификати ќе бидат доделени на наставници и претставници од СИТовите од сите модел училишта).

**Компонента 4 – Стимул за училиштата** (Доставување на апликации за реновирање; Учество на општините и училиштата во процесот на реновирање; Тендери за избор на најповолни изведувачи. Распишани се јавни тендери за избор на најповолни изведувачи на активностите за реновирање на 12 училишта во следниве општини: Чаир, Ранковце, Крушево, Гази Баба; Могила;

Битола; Јегуновце, Брвеница, Чашка; Сарај; Велес и Струга.; Евалуација на прво рангираните фирми за изведба на проекти за реновирање на училиштата од фаза 5; Избор на надзори на изведба; Опрема за одржување на училишни објекти. Набавени се комплети на алати наменети за одржување на училишта кои ќе бидат реновирани во 2016 година. По завршените активности за реновирање беше организиран технички прием. Беше спроведена **Теренска посета на училиштата кои беа зафатени од невремето на 6 август 2016г. - Реализација на проектот „Чистење на училиштата од кал и отпад, донесени од поплавите, и потребни корективни работи". Реализација на реновирање на дополнителни две училишта, во Куманово и Тетово, со заштедени средства.**

Во насока на обезбедување на институционална поддршка на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието МОН изврши измени во Законот за основно и Законот за средно образование со што се мотивираат училиштата за реализирање на овие активности за што ке бидат наградени со паричен надомест до 30.000,00 денари (Член 34в во Законот за основно образование и член 24 в во Законот за средно образование). На 17 ноември, МОН објави Јавен повик за сите основни и средни училишта во Македонија, за доделување на неповратни средства наменети за основни и средни училишта кои во тековната, учебна 2016/2017 година ќе реализираат проекти, односно активности што придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција. За секој проект, односно активност поединечно ќе бидат исплатени до 30.000 денари, а ќе бидат финансирани вкупно 80 училишта и тоа, 60 основни и 20 средни училишта.

Се одржа работилница *Денови на меѓуетничка интеграција*, поддржана од Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието, на која учествуваа преставници на 6 избрани општини со настава на повеќе наставни јазици. Се очекува оваа активност да овозможи зголемување на соработката за МИО меѓу сите училишта во општината, а учениците ќе ги развиваат вредностите за заедничко живеење, почитувањето на разликите и градењето на доверба.

**Биро за развој на образованието**

Активности поврзани со Кембриџ - Во текот на 2016 година донесени се нови прилагодени (адаптирани) наставни програми по математика, биологија, хемија и физика за VII, VIII и IX одделение во деветгодишното основно образование, согласно програмите на Меѓународниот Испитен Центар Кембриџ. Спроведен беше мониторинг на примената на новите адаптирани наставни програми по математика и природни науки од I-VI одделение, како и скенирање на состојбата на часовите по математика, хемија, физика и биологија од VII-IX одделение (посета во пар составена од 3 експерти од Кембриџ и 3 советници во основните училишта). Реализирана беше тридневна посета на 4 експерти по математика, физика, хемија и биологија од Кембриџ, Велика Британија, кои преку заедничка Модерациска работна средба, по пат на заеднички и поединечни интервјуа со 35 советници од БРО ги утврдуваа фактите, аргументите и ефектите од нејзината примена, позитивните и негативните согледувања од мониторингот, со цел јакнење на мониторинг капацитетите на советниците во интерес на подобрен наставен процес по математика и природни науки со заклучоци произлезени од мониторингот на советниците на примерок од 100 основни училишта во Република Македонија.

Со почетокот на учебната година, се заокружи реформата на основното образование по предметите математика и природни науки, односно етапното воведување на адаптирани наставни програми и учебници од Меѓународниот центар за образовни програми на Кембриџ. Од оваа учебна година се воведоа нови наставни програми и учебници по математика и природни науки

за VII, VIII и IX одделение. Дел од нив не беа одобрени од страна на Меѓународниот центар за образовни програми на Кембриџ и биле печатени без нивното лого.
Обуки за наставници - Спроведување на обуки по математика за IV и V одделение на одделенските наставници кои во учебната 2015/2016 година, предаваат во 3 и 4 одделение во основните училишта, во насока на зајакнување на нивните вештини за пренесување на знаењата на учениците согласно новите Кембриџ адаптирани наставни содржини по математика за 4 и 5 одделение во учебната 2016/2017 година.
80 главни (мастер) обучувачи, советници од БРО, вршат дисеминација и обука на наставниците од средните училишта во Република Македонија на тема: „Користење на интерактивни современи методи и техники во наставата за средно образование". Обуката на главните обучувачи беше реализирана во март 2016 година во соработка со Универзитетскиот Колеџ од Лондон (Institute of Education of University College London), Велика Британија. Обуките се поддржани од Владата на Република Македонија и нивната цел е подобрување на квалитетот на наставата во средното образование. Се очекува опфатот на обучени наставници во средните училишта да биде 100%, односно вкупно 7150 наставници.
Се реализираа обуките за примена на новите адаптирани наставни програми по математика, биологија, физика и хемија за VII, VIII и IX одделение кои започнаа да се имплементираат оваа учебна година (2016/2017), со очекуван опфат од 100%. Учество на обуките зедоа вкупно 2196 наставници од кои 1510 на македонски наставен јазик и 686 на албански наставен јазик. При тоа 696 по математика, 232 по физика, 222 по хемија и 359 по биологија на македонски наставен јазик, додека 302 по математика, 112 по физика, 110 по хемија и 162 по биологија на албански наставен јазик. Особено интензивни беа обуките на наставниците кои ги предаваат наставните предмети на албански наставен јазик.
Реализирана е обука за наставниците од одделенската настава кои оваа учебна 2016/2017 година го реализираат новиот задолжителен наставен предмет „Работа со компјутери и основи на програмирање" со учениците од 4-то одделение во основното образование. Обуката ја реализира акредитиран провајдер на обука и услуги избран на јавен тендер. Со оваа обука опфатени се само оние наставници од одделенска настава кои оваа година реализираат настава во 4 одделение во основното образование.
Спроведена е серија од 10 семинари на тема „Формативно оценување" за наставниците од одделенската настава од основните училишта од страна на советниците од Бирото за развој на образованието. Вкупно 300 наставници учествуваа.
Проект *„Оценување за учење": Поставување и употреба на критериуми за успех по математика и природни науки за часовите во основното образование* – Преку Националната Агенција за европски образовни програми и мобилност (НАЕОПМ) за 2016 година, на Бирото за развој на образованието му е одобрен проект во рамки на областа за Стратешки партнерства за училишно образование (Соработка за иновации и размена на добри практики) за користење на грантот и спроведување на проектот. Проектот е со времетраење од 3 години. Кодот на проектот е 2016-1-МК01-КА201-021703.
Публикуван е Прирачник по математика за 4 и 5 одделение во основното образование (2000 примероци) во соработка со УНИЦЕФ и истиот се планира да се дистрибуира до сите основни училишта во Република Македонија.
Во насока на обезбедување на квалитет во образованието, се реализираа стручни увиди и советодавни стручни посети во училишта во Република Македонија. Во рамки на посетите реализирани се и 15 посети во 8 ученички домови, 39 посети во 18 детски градинки, 19 посети во 10 училишта за учениците со посебни образовни потреби.

**Инвестициски проекти**
**Основни училишта**
Завршена е изградба/доградба на 3 училишта (2 во Скопје и 1 во Брвеница) , завршена е реконструкција на 14 училишта (Тетово, Центар Жупа, Крива Паланка, Ѓорче Петров, Сарај, Пласница, Кичево - 2, Македонски Брод – 2, Општина Желино - 2, Крива Паланка, Старо Нагорицане, Ново Село-струмичко), завршена е реконструкција со адаптација на 4 фискултурни сали (Охрид, Јегуновце, Струга, Сарај), завршена е изградба на 1 фискултурна сала во Општина Врапчиште). Во тек е изградба/доградба на 1 училиште (Општина Врапчиште). Во тек е изградба на фискултурна сала во Скопје-Општина Центар. Во завршна фаза е изработка на техничка документација за иградба на 3 училишта во Скопје и доградба/надградба на 3 училишта (Скопје, Ново Село и Тетово), во завршна фаза е изработка на техничка документација за реконструкција на 7 училишни објекти (Демир Хисар, Охрид, Струга, Дебар, Чучер Сандево, Тетово и Скопје). Завршена е изработка на техничка документација за реконструкција на 2 училишта (Сарај и Куманово), во завршна фаза е изготвување на техничка документација за изградба/санација/адаптација/воведување на топловодно греење за 7 основни училишта (Демир Хисар, Охрид, Струга, Дебар, Чучер Сандево, Тетово и Скопје). Во тек е изготвување на техничка документација за изградба на 2 основни училишта (Општина Студеничани и Гостивар). Во тек е изготвување на техничка документација за санација/воведување на топловодно греење на 2 основни училишта (Општина Јегуновце и Куманово). Отпочнати се тендерски постапки за изготвување на техничка документација за реконструкција на 4 училишта (Општина Демир Капија, Охрид и Скопје-2) и изградба на нов училишен објект за ученици со посебни потреби (ПОУ Иднина, Скопје)
Набавена е опрема за новоизградените основни училишта во 2015 и 2016 година.

**Средни училишта**
Завршена е реконструкција на 3 училишта (Велес, Тетово – 2), во тек е доградба на објект 1 училиште во Струга, во завршна фаза е реконструкција на 3 училишта (Берово и Тетово) од кои 1 е специјално училиште во Скопје. Во тек е изготвување на техничка документација за санација на 1 училишен објект во Гостивар. Во тек е тендерска постапка за изготвување на техничка документација за изградба/санација на 3 училишта (Гостивар, Скопје и Свети Николе).
Набавена е опрема за новоизградените средни училишта во 2015 и 2016 година.

**Високо образование**
Завршени се сите работи за реконструкција и изведба на машински инсталации на 1 објект во Охрид за потребите на Универзитетот за информатички науки и технологии) и објектот е предаден на корисникот.
Во тек е изградба на нов објект за потребите на ФИНКИ – Факултет за информатички технологии и компјутерско инженерство во Скопје. Во тек е изградба на нов објект за потребите на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје). Се планира изградбата да трае до крајот на 2019 година.

**Студентски домови**
Во завршна фаза е реконструкција на блок А во еден студентски дом во Скопје. Во завршна фаза е постапката за набавка на 50 перални и 50 сушални за сите државни студенти домови (избрана е фирма иведувач и во тек е потпишување на договор). Во тек е постапка за набавка на целосно нов мебел за сите државни студентски домови (јавната набавка е почната и во тек е евалуација на пристигнатите понуди)
Склучени се договори за изградба на 2 студенстки дома (Скопје и Тетово). Склучени се договори за надзор на израдба на 2 студентски дома (Скопје и Тетово) (Се планира изградбата да трае до крајот на 2018).
**Проект "Изведба на монтажни училишта" –** изработена е техничка доментација за изградба на типски монтажни училишта.

### *Краткорочни приоритети*
- Продолжување на унапредувањето на образовната инфраструктура во основното и средното образование, преку реализација на годишните Програми за изградба и реконструкција на основни и средни училишта
- Унапредување на инфраструктурата на студентските домови преку реализација на активностите планирани со Потпрограма ТК (реконструкција на Блок В и Г од СД Гоце Делчев Скопје)

### *Среднорочни приоритети*
Унапредување на инфраструктурата на студентските домови преку реализација на активностите планирани со Потпрограма ТК: изградба на 2 студентски дома во Скопје и Тетово (се планира да се завршат до крајот на 2018 година, но работите сеуште не се отпочнати).

### *Долгорочни приоритети*
Продолжување на унапредувањето на образовната инфраструктура во високото образование, преку изградба на објекти за потребите на ФИНКИ и ФФОСЗ (отпочнато во 2016 година, треба да заврши до 2019 година).

**Проект за иградба и опремување на 145 училишни спортски сали и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија -** Во текот на 2016 година, реализирана е реконструкција на 31 училиште во следниве Општини: Куманово, Желино, Гостивар-3, Тетово-3, Боговиње, Арачиново, Студеничани, Сарај-2, Карбинци, Делчево, Св.Николе, Лозово, Кавадарци, Босилово, Виница, Гази Баба, Валандово, Маврово Ростуше, Гостивар, Струга-2, Куманово, Дебар, Охрид, Скопје и Струмица. Во делот на изградба и опремување на училишни спортски сали, во текот на 2016 година, завршена е изградбата на 6 спортски сали, од коишто 4 се во основни училишта, а 2 училишни спортски сали се во средни училишта,а во тек е изградба на 8 училишни спортски сали.

**Државен просветен инспекторат**
Државниот просветен инспекторат од јануари до ноември 2016 година спроведе вкупно 149 интегрални евакуации. Од нив 121 се во основни училишта, 25 во средни и 3 во работнички универзитети.

**Државен испитен центар**
Спроведена е Државната Матура за 2016 година. Започнаа подготовките на реализација на Државната матура 2017 година. Спроведено е екстерно оценување на постигањата на успехот на учениците од четврто одделение до завршните години на

средното јавно училиште. Започнаа подготовките за екстерно оценување на постигањата на успехот на учениците за 2017 година по изменетиот концепт.
Реализирани се обуки и испити на кандидати за директори на основни и јавни средни училишта. Беше одржан семинар за обука на ментори за директори, во соработка со партнери од Литванија во рамките на IPA Twinning light проектот „Зајакнување на системот за обезбедување на квалитет и контрола на образовниот систем во РМ". Превземени се активности околу нацрт верзијата на Оперативната програма за развој на човечките потенцијали со наслов „Јакнење на стручниот надзор и контрола во образовниот систем. Беа одржани обуки - работилници од проектот „Зајакнување на обезбедување на квалитет и контрола на образовниот систем во РМ" на тема „Развој и пилотирање на обука за обучувачи" (Тренинг за тренери - Обучувачи на ментори) во соработка со партнерите од Литванија.
Активностите што се однесуваат на Меѓународната студија ПИСА (подготовка на пилот тестирање, превод на инструменти и верификација на преводот и прибирање на податоци за избор на примерок) се одвиваат согласно предвидената динамика. Беше реализирано и учество на прв интернационален семинар за национални координатори од проектот ПИСА во Прага.

### *Краткорочни приоритети*

- Промена на Законот за Државниот испитен центар во однос на заштита на лични податоци
- Промена на Програмата за обука и испит на директори на основните и средните училишта
- Промена на Програмата за напредна обука на директори
- Континуирано подобрување на Процедурите за Државна матура
- Формирање на јавна база на директори на училишта
- Подготовка на Национална програма за евалуација на основното и средното образование
- По изготвувањето на извештајот за интернационалната студија PISA 2015 година, се предвидуваат реформи во однос на обука на наставници од соодветните предмети, како и пробно ПИСА тестирање

### *Среднорочни приоритети*

- Промена на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење
- Промена на Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите за државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование

### *Долгорочни приоритети*

- Извештај за Меѓународното тестирање ПИСА

## Високо образование

По донесувањето на Законот за изменување и дополнување на законот за основање на државен универзитет во Тетово и Законот за основање на универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје, започна постапката за формирање на матичната комисија која ќе ги врши подготовките за почеток со работа на Универзитетите. По предлог на Владата на Република Македонија, во јануари започна постапката за формирање на Универзитет за национална безбедност и мир „Дамјан Груев" (од страна на Собранието на Р.Македонија донесен е Законот за основање на Универзитет за национална безбедност и мир „Дамјан Груев").
Министерот ја предводеше националната делегација на петтиот министерски состанок организиран од Генералниот директорат за образование и култура, во рамките на Платформата за образование и обука на Западен Балкан (Сараево, 27-28 јуни 2016). Во рамките на подготовките за состанокот, Министерството за образование и наука до Европската комисија достави пополнети прашалници за напредокот на реформите во областа на високото образование и во областа на образованието на наставници.
Влезе во сила потпишаниот договор за отпочнување со работа на твининг проектот: „Развивање на соработка помеѓу високообразовните институции, приватниот сектор и релевантните јавни тела".
Заврши постапката на запишување студенти на прв циклус на студии за академската година 2016/17. Вкупниот број на запишани студенти на јавните високообразовни установи изнесува 13.036.
Во рамки на проектот 30/35 (лица постари од 30 години за жени, 35 години за мажи), заврши постапката на запишување студенти на прв циклус на студии за академската година 2016/17. Вкупниот број на запишани студенти на јавните високообразовни установи изнесува 131.
Матичната комисија за вршење на подготовките за почеток со работа на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје објави Конкурс за избор на наставници во сите наставно-научни звања и соработници (асистенти-докторанти) на Факултетот за

социјални науки, Факултетот за информатички науки, Факултетот за градежништво и архитектура и Факултетот за технолошки науки.
На ден 13 Септември 2016 година се одржа воведен настан на Твининг проектот: МК 13 IPA SO 01 16 R „Развивање на соработката помеѓу високообразовните институции, приватниот сектор и јавните органи“, на којшто присуствуваа 70 учесници од различни засегнати страни поврзани со проектот.
Изминатиов период, признаени се 569 високообразовни квалификации стекнати во странство.
Продолжуваат тековно да се одвиваат активностите за доделување на Студентски стипендии.

***Краткорочни приоритети***

- Продолжување на проектот Високо образование за возрасни (30/35)
- Реформа на начинот на финансирање на високо-образовните установи на принципот на output (performance based model)
- ИПА проект „Зајакнување на соработката помеѓу високо-образовните институции, приватниот сектор и релевантните јавни тела“
- Доделување студентски стипендии на редовни студенти запишани на додипломски студии од прв циклус на јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во Република Македонија: Прва група - 1500 стипендии (социјална категорија), Втора група – 630 стипендии (висок успех) и 125 стипендии (информатичари), Трета група – 530 стипендии (за студенти запишани на студиски програми од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, биотехничките и/или медицинските науки), 105 стипендии (за студенти запишани на студиски програми по хемија, физика и математика).

***Среднорочни приоритети***

- Активности за натамошна имплементација на Болоњскиот процес
- Зајакнување на капацитетот на Одборот за акредитација и евалуација во високото образование

**Педагошка служба (Набавка на учебници)**

Со цел навремено обезбедување на потребните податоци, Педагошката служба секоја година стартува веб апликацијата за нарачка на учебниците во месец април. Во процесот на електронската нарачка на учебници се опфатени 342 основни и 106 средни училишта во земјата. Добиените податоци од страна на училиштата за потребниот број на учебници се обезбедуваат по основ на откуп на тиражи за учебниците кои се во сопственост на Издавачките куќи. Јавната набавка за откуп на тиражи за учебната 2016/17 година, Педагошката служба ја спроведе во месец август по завршување на постапките за одобрување на учебници за предметите математика, биологија, физика и хемија по Кембриџ образовен систем .
Учебниците за кои Министерство за образование и наука има откупено материјално право се во сопственост на МОН и истите ги обезбедува за потребите на учениците преку спроведување на постапка за Јавна набавка за печатење на тиражи.
Согласно реформите во 3 годишно средно образование Педагошката служба распиша Јавен повик за доставување на 108 учебника од странство за набавка на потребните тиражи и ќе се спроведе во август 2017 година, по завршување на постапка за одобрување за употреба на истите.
Имплементацијата на Кембриџ образовниот систем и во гимназиско, тригодишно и четиригодишно средно стручно образование е одложена.
За полесно изведување на воспитно образовниот процес и користење на ИКТ во наставата, Одделението за набавка на учебници, сите учебници за основно и средно образование кои се во сопственост на Министерството, поставени се во е-форма на страната на МОН, исто така во соработка со ,, Отворете ги прозорците “ поставени се и дел од учебници кои се приспособени за деца со посебни образовни потреби.

***Краткорочни приоритети***

- Согласно донесените наставни планови и програми за стручно образование за занимање (3 годишно) во тек на 2017 година треба да се одобрат 108 учебника од странство и истите треба да се набават за потребите на учениците
- Закон за изменување и дополнување на Законот за учебници за основно и средно образование, во делот на подигање на квалитетот на учебниците

***Среднорочни/ долгорочни приоритети***

- Натамошни активности со обезбедување на бесплатни учебници

## Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците

Во текот на учебната 2015/16 година, Управата за прв пат распиша Конкурс за доделување на стипендии за студенти Роми. Овој тип на стипендии е уреден и со последната измена на Законот за студентскиот стандард.

***Проект: Стипендии и менторство/туторство на средношколци Роми*** – Преку овој проект Министерството за образование и наука/Управата за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците ќе обезбеди и дополнителна поддршка за учениците Роми.
Во текот на учебната 2015/16 година, Управата распиша Конкурс за 671 стипендија за ученици Роми од сите јавни и приватни средни училишта во Република Македонија, и тоа во 5 категории и 127 ментори/тутори. По спроведената селекција, вкупниот број на доделени стипендии беше 582 (Прва категорија – 77 стипендии за ученици со среден успех 4.50–5.00, Втора категорија – 213 стипендии за ученици со среден успех 3.50-4.49, Трета категорија – 179 стипендии за ученици со среден успех 3.00-3.49, Четврта категорија – 44 стипендии за ученици со посебни образовни потреби со среден успех 3.00-5.00 и Петта категорија – 69 стипендии за ученици со среден успех 2.00-2.99).
За работа со дибитниците на стипендии беа ангажирани 112 ментори/тутори од 84 различни средни училишта во Република Македонија.

***Резултати од школската 2015/16 година***: Од вкупниот број на доделени стипендии (582), само 3 ученици го напуштиле училиштето (причините за тоа генерално се должат на заминувањето од земјава, а не на успехот на училиште). Од вкупниот број на доделени стипендии, 499 (85,74%) од учениците го подобриле својот среден успех. Според ова, средниот просек од почетокот на проектот кога изнесувал 3.40 е покачен на 3.74. Од вкупниот број на ученици кои го завршиле средното образование 121, 41 ученик продолжил на повисок степен на образование или се запишал на високообразовна институција. Од Петтата категорија стипендии, 27 ученици на кои им се доделени мотивациони стипендии, го подобриле својот среден успех до степен да можат да преминат во повисока категорија.
За учебна година 2016/17, Управата објави Конкурс за доделување на 670 стипендии и 127 ментори/тутори за средношколци Роми, во 5 категории (Прва категорија – 112 стипендии доделени на ученици за постигнат одличен успех односно просек 4.50-5.00, Втора категорија – 214 стипендии за ученици со многу добар успех односно просек 3.50-4.49, Трета категорија – 159 стипендии на ученици со постигнат добар успех односно просек 3.00-3.49, Четврта категорија – 31 стипендија на ученици со посебни образовни потреби со среден успех 3.00-5.00, Петта категорија – 70 мотивациони стипендии на ученици со просек 2.00-2.99).
За оваа учебна година ангажирани се 91 ментор/тутор.

## Центар за образование на возрасни

- Како резултат на концепцијата за неформално образование и информално учење на возрасните во РМ започна изработувањето на систем за валидација на неформалното и информалното учење, во соработка со ЕТФ. Во рамките на овој процес беше изготвен Патоказ за имплементирање на активностите и во тек е изработка на Методолошки пакет и Насоки за воспоставување на системот.
- Продолжи имплементацијата на Еразмус+ проектот „Поддршка на креирање на политиките во образованието на возрасните". Овој проект е во рамките на Акцијата на националните координатори за имплементација на европската агенда за образование на возрасните. Како резултат на овој проект ќе биде изработена база на податоци за потребите на образование на возрасните. Во досегашниот период на имплементација на проектот, ангажирани се двајца експерти, национален и меѓународен, со чија поддршка беше изработена прелиминарна анализа, односно анализа на добри практики од ЕУ, анализа на потребите, а беше реализирана и една студиска посета на Германскиот институт за образование на возрасните во Бон. Во тек е подготовка на техничката документација со цел објавување на тендер за избор на компанија која т оче го изработи потребниот софтвер.
- Како резултат на Концепцијата за основно образование на возрасните започна изготвувањето на програмите за основно образование. До сега се изготвени модулите за описменување и нумеричка писменост.
- Верификацијата на посебни програми за образование на возрасните се одвива тековно. До сега се верификувани 230 посебни програми
- Организацијата на настава за средно стручно образование за возрасни исто така се одвива тековно во повеќе општини во Македонија
- Со цел подигнување на свеста на населението за можностите за образование на возрасните во октомври 2016 година во 4 града во РМ (Тетово, Струмица, Кичево и Охрид) беше одржана манифестацијата Денови на доживотно учење
- Во рамки на ИПА проектот во тек се активности за изработка на Стратегија за образование на возрасните 2016-2020 и тоа: развивање и тестирање на програми за образование на возрасните во согласност со потребите на пазарот на трудот;

изготвување на 10 нови и ревизија на 5 постоечки посебни програми за образование на возрасните; зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа за спроведување на анализа на потребите на пазарот на трудот во насока на образование на возрасните; изготвување на модел за функционирање на јавните (општински) установи за образование на возрасните (Отворени граѓански универзитети за доживотно учење); изготвување на Стратегија за образование на возрасните 2016-2020; изготвување на Стратегија за доживотно учење.

***Краткорочни приоритети***

- Осигурување на квалитетот во неформалното образование на возрасните
- Зголемување на образовното ниво на возрасните преку организација на настава за средно стручно образование за возрасни
- Подигнување на свеста на населението за можностите за образование на возрасните
- Реализација на Еразмус+ проектот Поддршка на креирање на политиките во образованието на возрасните. (Овој проект е во рамките на Акцијата на националните координатори за имплементација на европската агенда за образование на возрасните. Како резултат на овој проект ќе биде изработена база на податоци за потребите на образование на возрасните.

***Среднорочни/Долгорочни приоритети***

- Изработка на систем за валидација на неформалното и информалното учење.
- Пилотирање на компетенциите за јазична и нумеричка писменост во основното образование на возрасните и дефинирање развивање на останатите компетенции.

## Центар за стручно образование и обука

Направен е преглед на SME policy index Western Balkan and Turkey 2016. Реализирана е обука на 20 наставници на тема Иновации и претприемништво, како и Обука на обучувачи за наставници за имплементација на програмата: Подготовка за вработување и работа, во рамките на Проектот на УСАИД ЈЕС Младинска мрежа. Спроведена е обука на стручен кадар за изведување на практична обука на учениците кај работодавачите. Финализирани се програми за слободни часови во државните специјални училишта за ученици со посебни образовни потреби. Ажурирани се податоците во ЕМИС за наставните планови, програми и теми за образовните профили од стручното образование. Земено е учество во Твининг проектот „Понатамошно подобрување на системот за развој и имплементација на Националната рамка на квалификации“. Во Проектот Јакнење на доживотното учење преку модернизација на системот за стручно образование и обука и образование на возрасните, ИПА компонента IV, имплементиран од Британскиот совет и партнерите во конзорциумот, изготвен е осовремен образец на стандарди на занимања по европски терк и изготвени се 60 стандарди на занимања, согласно потребите на пазарот на труд, креирани од страна на работодавачите со цел постигнување на релевантност на образованието кон потребите на бизнисите. Исто така, осовремен е образецот за стандардите на квалификации, по европски терк, со цел нивно непречено вклучување во Македонската рамка на квалификации. Реализирани се обука на наставниот кадар од средните стручни училишта за новите квалификации и новите методи на настава. Методологија е развиена за анализа на пазарот на труд за секторот туризам. Направена е синхронизација со Проектот за развој на вештини и поддршка на иновации (SKILLS) и со Македонската рамка на квалификации, со цел комплетен опфат на реформата во средното стручно образование.

***Краткорочни приоритети***

Заокружување на стручното образование за занимања согласно потребите на пазарот на трудот.
Започнување на реформи во техничкото образование.

***Среднорочни приоритети***

Имплементација на реформираните наставни планови и програми во стручното образование и обука.
Започнување на чекори за реформи во постсредното образование.
Развивање на систем и рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука и механизми во согласност со EQAVET.

### Национална рамка на квалификации (NQF)

Твининг проект финансиран од Европската унија: “Понатамошно зајакнување на системот за развој и имплементација на Националната рамка на квалификации” (MK 13 IPA SO 02 15 (MK 13 IB SO 02) – Во рамки на 3-те компоненти коишто се составен дел на овој проект, 18 активности беа реализирани изминативе два месеца. Главните достигнувања во рамки на

првата компонента се однесуваат на легислативата, а опфаќаат: подготовка на препораки и нацрт-правни акти со цел ажурирање на актуелната легислатива, а во насока на усогласување на Националната со Европската рамка на квалификации, вклучувајќи подзаконски акти, подготовка на препораки за усогласување и јавна дебата, подготовка на нацрт - Правилник за работа на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации, Правилник за работа на Регистерот за Националната рамка на квалификации, Прирачник за работа на одделението на НРК, Протокол за соработка помеѓу Секторските комисии за квалификации, Протокол за соработка помеѓу Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасните во изготвување на стандардите за квалификации и Протокол за соработка на Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации и Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, обуки и семинари за локалната администрација. Во рамки на втората компонента, којашто се однесува на институционално поставување на главните активности, опфаќа: анализа на потребите на системот за информирање, равој на механизмите за вмрежување и соработка. Во рамки на третата компонента, којашто се однесува на процесот на развој на квалификациите за Националната рамка на квалификации, ги имплементираше следниве активности: креирање на нацрт-ажурирана методологија за развој на нови квалификации за Националната рамка на квалификации согласно потребите на пазарот на трудот, креирање на методологија за адаптирање на актуелните квалификации од Националната рамка на квалификации, креирање на Прирачник за осигурување на квалитет во во системот на квалификации – обука на релевантните (засегнати) страни и дискутирање на креираните решенија, поддршка во подготовките за референцирање на земјите корисници и вклучување на одговорите доставени до Советодавната група за ЕРК во Извештајот за референцирање за 2016 година.
Подготвен е сеопфатен Патоказ којшто претставува Акциски план за понатамошна имплементација на Националната рамка на квалификации, и истиот ќе биде составен дел од Извештајот за референцирањеи подготовка на споредбените табели за напредокот во високообразованите квалификации. Во рамки на извештајниот период беше одржан и 5-тиот состанок на Управниот одбор.

### *Краткорочни приоритети*

- Реализација на ИПА проектот „Понатамошно подобрување на системот за развивање и имплементација на НРК"

### *Среднорочни/ Долгорочни приоритети*

- Натамошна имплементација на Националната рамка на квалификации
- Воспоставување на Регистер на Националната рамка на квалификации.

### Инструмент за претпристапна помош (ИПА)

Сите преостанати средства од Оперативната програма за развој на човечки ресурси 2007-2013 година во рамки на приоритетната оска 2 – Образование и обука, беа испрограмирани во текот на 2015 и одобрени од ДЕУ до крајот на истата година. Во текот на 2016 година, најпрво следеа евалуации за избор на најповолни изведувачи, а соодветно и потпишување на договорите и реалната имплементација.
Во врска со програмирањето, подготовката и усогласувањето на секторските програмски документи (МОН заедно со МТСП како надлежна институција за образование е водечка институција за секторот Образование, вработување и социјална политика во рамки на ИПА II 2014-2020), Министерството за образование и наука во соработка со Министерството за труд и социјална политика, во текот на 2015 и 2016 година беше вклучено во активности за исполнување на предусловите за секторски пристап за ИПА2, а воедно и на подготовка на Секторскиот плански документ како и на Акциските документи соглласно годишните алокации за ИПА 2 за овој сектор. Во текот на 2017 година ќе следи финализирање и одобрување на програмските документи за овој сектор, односно Секторски плански документ 2017-2020 и Акциски документ 2017.
Во 2016 година заврши Проектот: **Евалуација на поддршката во областа на еднаков пристап до квалитетно образование со препораки за идна помош и развој** (буџет: 118,283.00 еур) - Во рамки на проектот се изврши мапирање и сумирање на обезбедената финансиска помош во областа на обезбедување квалитетно образование за сите ученици, се спроведе евалуација на истата, и се изготвија препораки за идниот развој на политиките во оваа област Исто така се изготви предлог за ажурирање на стратепшкиот документ „Чекори кон интегрирано образование во образовниот систем". Заврши и Проектот: **Техничка помош за подготовка на тендерска документација за набавка на наставна опрема за стручна обука** (буџет: 140.756,00 EUR).
Активни проекти во рамки на ОПРЧР 2007-2013 кои се имплементираат без некои поголеми проблеми се:
1. Проект: Зајакнување на доживотното учење преку модернизација на системите за стручно образование и обука и образованието на возрасни (тип на договор: услуга (техничка помош), буџет: 2,300,000 еур)

2. Проект: Понатамошно унапредување на системот за имплементација на Национална рамка за квалификации (НРК) (тип на договор: твининг, буџет: 2,250,000еур + набавка 350,000еур = вкупен буџет: 2, 600,000еур.) - Тендерското досие за Договорот за набавка на информациски систем за НРК е во процес на одобрување.
3. Проект: Набавка на опрема за стручна обука за реформираните 3 годишни планови и програми (тип на договор: набавка, буџет: 2,076,000еур + набавка 1.492,000еур) - За подготовка на тендерското досие за Договорот за набавка на опрема за стручна обука беше склучен Рамковен договор за техничка помош за подготовка на истото. Тендерското досие по 4-ти пат се поднесува на одобрување до ДЕУ, поради незадоволителен квалитет на техничката спецификација изработена од страна на експертите/изведувачот на договорот.
4. Проект: Развивање на соработката помеѓу високообразовните институции, приватниот сектор и другите релевантни јавни тела (тип на договор: твининг, буџет: 750,000 еур)
5. Проект: Зајакнување на управувањето и квалитетот на функционирање на образовните институции (тип на договор: Твининг лајт, буџет: 250,000 еур.)
6. Проект: Поддршка на модернизацијата на пост средното образование (тип на договор: Твининг лајт, буџет: 250,000 еур.)

**<u>Проект за развој на вештини и поддршка на иновации (SKILLS)</u>**

***Тековна состојба***

**<u>Компонента 1</u>: Унапредување на транспарентноста на високото образование**

**Под – компонента 1.1: Обезбедување квалитет во високото образование**

Во рамки на подкомпонентата за обезбедување квалитет во високото образование, во рамки на активноста која вклучува надворешна евалуација на универзитетите од страна на независна меѓународна агенција ИЕП - ЕУА во тек е подготвка на извештаите за самоевалуација од страна на Универзитетите кои треба да ги достават до ЕУА до крајот на март 2017, по која следи посета на секој универзитет од страна на експертски тимови формирани од ЕУА.Во рамки на активноста за дизајнирање и воспоставување на централна база на податоци односно менаџмент информациски систем за високо образование во рамките на МОН и негово поврзување со менаџмент информациските системи (МИС) на високообразовните установи во државата се реализирани следните активности: спроведена е анализа и оценка на информациските системи кои ги користат високообразовните установи, анализа и оценка на информацискиот систем за основно и средно образование, анализа и оценка на информацискиот систем во Државниот испитен центар и анализа и оценка на информацискиот систем на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. Врз основа на спроведената анализа изготвени се Извештаи за состојбата на информациските системи на следните институции: Државен испитен центар, Министерство за образование и наука, Одбор за акредитација и евалуација на високото образование, Универзитет "Гоце Делчев" Штип, Универзитет Св. Кирил и Методиј - Скопје, Универзитет Св. Климент Охридски – Битола, Универзитет Југоисточна Европа, Државен Универзитет Тетово, Универзитет Св. Апостол Павле – Охрид, Меѓународен Славјански Универзитет – Свети Николе, ФОН Универзитет, Универзитет Американ Колеџ Скопје, Европски Универзитет – Република Македонија и Универзитет за туризам и менаџмент – Скопје. Извештаите се доставени до секоја институција за евентуални забелешки и коментари.
Во рамки на активноста за зајакнување на капацитетите на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, и негово зачленување во ENQA и EQAR, разгледани се предложените опции за моделот на организациската структура на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (во насока на исполнување на условите за ENQA членство).
Договорени се активности за да се идентификуваат можните насоки за зачленување на Одборот за акредитација и евалуација во ENQA и EQAR, имајќи во предвид дека примената на законската одредба од ЗВО за нова структура на одборот за акредитација и евалуација на високото образование, која требаше да стапи во сила од Јануари,2017 се одложува за Јануари, 2019 година.

**Под – компонента 1.2: Реформа на моделот на финансирање на високото образование**

Во рамките на активноста која подразбира воведување на нов модел на финансирање на високото образование, доставен е извештајот со предлог моделите за финансирање на високото образование и направена е презентација на овие предлог модели пред ректорите на државните универзитети, претставници од факултети и МОН. Сите засегнати чинители во секторот за високо образование имаа можност да дадат свои предлози и коментари за предложените модели од страна на консултантот.
Како дополнување на новиот модел за финансирање на високото образование ќе се направи анализа на начинот и моделот на управување и раководење на Универзитетите кој треба да биде комплементарен на новиот модел за финансирање и кој вклучува поголема автономија и одговорност на Универзитетите за нивното работење.
.

**Под – компонента 1.3: Формирање на Национална канцеларија за трансфер на технологија (National Technology Transfer Office - NTTO).**

Во делот на Националната канцеларија за трансфер на технологии –сите подготвителни активности за основање на НКТТ се завршени. Одржувањето на основачко собрание на кое треба да се основа НКТТ е пролонгирано, поради потребата за усогласување на Законот за иновациска дејност, а со цел обезбедување на правна рамка за НКТТ, како и за вклучување на Фондот за иновации и технолошки развој како еден од основачите на НКТТ. Предлог – измените и дополнувања на Законот за иновациска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/2013, 137/2013, 41/2014, 44/2015, 6/2016, 53/16 и 190/16), се усвоени во октомври, 2016 година од Собранието на Република Македонија. Се очекува НКТТ да стане оперативна во текот на 2017 година.

**<u>Компонента 2</u>: Модернизација на средното стручно образование и обука**

**Под - компонента 2.1: Усогласување на квалитетот и релевантноста на средното стручно образование со пазарот на трудот**

Во рамки на компонентата за Модернизација на техничкото средно стручно образование, во направена е структурна и функционална анализа на техничкото образование, врз чија основа е изработена и во декември 2016 година е усвоена - концепцијата за модернизација на техничкото образование (средно стручно образование во траење од 4 години). Изработена е нацрт методологија за развивање на стандарди на анализа на секторите и е дадена на разгледување во Центарот за стручно образование и обука. Врз основа на оваа методологија стручните тимови составени од работодавачи, универзитетски професори и наставници од средните стручните училишта во координација со стручни лица од Центарот за образование и обука и тимот од странски експерти ангажирани на проектот во текот на 2017 год. ќе треба да изработат стандарди на анализа на 14 сектори.

**Под – компонента 2.2: Грантови за воспоставување на соработка на училиштата со индустријата**

Во рамките на грант програмата за подобрување на практичната обука и зајакнување на соработката меѓу училиштата и бизнис заедницата, во првата фаза од имплементирање на програмата, беа доделени 10 грантови за највисоко рангираните предлог проекти на училиштата и нивните партнер компании. Во зависност од мерката и планираните проектни активности, дел од училиштата отпочнаа со обуките за учениците и наставниците и ја започнаа процедурата за набавка на опрема за реалните компании.

**Компонента<u>_4</u>: Менаџирање на проект и мониторинг и евалуација**

**Под – компонента 4.2:** Мониторинг и евалуација

Во рамки на под компонентата за мониторинг и евалуација - во тек се активностите за развој на софтверското решение за Опсерваторијата на вештини. Изготвени се веб сервиси за преземање на податоци од ЕМИС (Едукативен Менаџмент Информационен Систем за основно и средно образование) за запишани и завршени ученици и веб сервиси за преземање на податоци од следниве високообразовни институции: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид и Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола. За преземените податоци се врши проверка на статусот во Агенцијата за вработување на Република Македонија. Развојот на веб порталите, јавен и администраторки - приватен веб портал е завршен. На јавниот веб портал ќе се прикажуваат статистичките извештаи кои ќе бидат достапни до јавноста, а до приватниот веб портал ќе се овозможи пристап само на вработени од Министерството за образование и наука кои се инволвирани во процесот на креирање образовни политики. Во врска со Трејсер студијата - On-line и телефонското анкетирање на завршени дипломци/матуранти во 2014/2015 за учество во Трејсер студијата за потребите на Опсерваторија на вештини е завршено. Од страна на Европската Тренинг Фондација (ЕТФ) ангажиран е локален експерт за евалуација на трејсер студијата и во тек се активностите за анализа и евалуација на податоците од спроведеното анкетирање. Во тек е постапка за ангажирање на меѓународен експерт за Трејсер студија, кој заедно со локалениот консултант ќе работи на анализа на податоците.

За целите на евалуација на грантовите кои се обезбедуваат преку Фондот за иновации и технолошки развој, потпишан е договор со меѓународен консултант -специјалист за евалуација на иновациските грантови. За оваа активност исто така е ангажирана компанија за прибирање на податоци за целите на евалуацијата на иновациските грантови.

Во однос на програмата за доделување грантови за зајакнување на соработката помеѓу училиштата и бизнис заедницата.
ангажирани се компании за спроведување на Ревизија на успешност и оперативна ревизија на програмата.

За целите на евалуација на грант програмата за соработка на средните стручни училишта со бизнис секторот, потпишан е договор со меѓународен консултант .Активностите се очекува да започнат во 2017 година.

***Краткорочни приоритети***

**<u>Компонента 1</u>: Унапредување на транспарентноста на високото образование**

- Финансирање на високото образование (Оценка на опциите за моделот на финансирање на високото образование и утврдување и избор на соодветен модел за финансирање за Република Македонија; Подготовка на моделот за финансирање и инструментите, планот за имплементација и индикаторите за мерење на перформансот, Оценка на опциите за моделот за управување на универзитетите и избор на нов модел на управување кој ќе биде комплементарен на новиот начин на финансирање на високото образование);
- Воспоставување на EMIS за високо образование (Дизајн на модел за интегриран ЕМИС за високо образование; Дизајн на модел и предлог за надградба на постојните информациски систем на универзитетите, подготовка на техничка спецификација);
- Спроведување на надворешна евалуација на државните универзитети во РМ од страна на независна меѓународна агенција – ЕУА (посета на ЕУА експертските тимови за евалуација на универзитетите, кои се влучени во процесот на надворешна евалуација);
- Усогласување на законските и подзаконските акти на Одборот за акредитација и евалуација согласно Европските стандарди и критериуми за оценка и обезбедување квалитет на високото образование.

**<u>Компонента 2</u>: Модернизација на средното стручно образование и обука**

- Модернизација на техничкото образование (Изработка на програмски документи - финализирање на методологијата за развивање на стандарди за анализа на сектори и изработка на анализа на 14 сектори од законот за Националната рамка на квалификации; методологија за развивање на стандарди на занимања и изработка на стандардите на занимања од сите 14 сектори; методологија за развивање на стандарди на квалификација и изработка на стандарди на квалификации од 4-то ниво и наставни планови за истите во рамките на сите 14 сектори; изработка на модуларно дизајнирани наставни програми базирани на компетенции и резултати од учење за трите квалификациите во рамките на трите прииритетни сектори - угостителство и туризам, градежништво и геодезија и електротехника кои се планира да се пилотираат од септември 2017; Обука на првата група од околу 150 директори и наставници за новите модуларно дизајнирани програми;Проценка на мрежата на стручни училишта и изработка на план за нивна рационализација; Проценка на потребите за опремување на кабинетите за практична настава); Грант програма за зајакнување на соработката меѓу училиштата и бизнис заедницата (Реализација на сите десет проекти согласно грант мерките; Втор повик за доделување грантови за зајакнување на соработката меѓу јавните ССУ и бизнис заедницата; Евалуација на грант програмата за зајакнување на соработката меѓу училиштата и бизнис заедницата како и влијанието на секоја од мерките врз практичната обука на учениците во периодот од имплементирање на програмата за секоја училишна година од страна на експерт/надворешен консултант (за првиот повик и доделените 10 гранта);

**Компонента 4: Менаџирање на проект и мониторинг и евалуација**

- Развој на Опсерваторија на вештини (Поврзување на сите високообразовни институции со Опсерваторијата на вештини; Преземање на податоци од сите високообразовни институции; Имплементација на софтверот за Опсерваторијата на вештини); Трејсер студија (Анализа на резултатите; Подготовка на финален извештај за спроведената Трејсер студија)
- Спроведување на базично истражувањето за целите на евалуација на грант програмата за соработка на средните стручни училишта со бизнис секторот.
- Спроведување на Ревизија на успешност и оперативна ревизија на грант програмата за соработка на средните стручни училишта со бизнис секторот
- Спроведување на базично истражувањето за целите на евалуација на грантовите кои се обезбедуваат преку Фондот за иновации и технолошки развој.

***Среднорочни приоритети***

**Компонента 1: Унапредување на транспарентноста на високото образование**

- Финансирање на високото образование (Обуки за подготовка и имплементација на новиот модел за финансирање на високото образование; Имплементација на нов модел за финансирање, Имплементација на нов модел на управување на универзитетите);
- Полноправно членство на Одборот за акредитација и евалуација на високото образоваие во ENQA I ERAQ,
- Воспоставување на EMIS за високо образование (2017- 2019) (Предлог за надградба на постојните информациски системи за ЕМИС за основно и средно образование, ДИЦ, Одбор за акредитација и евалуација на високото образование; Техничка спецификација за развој на ЕМИС за високо образование; Развој на ЕМИС за високо образование; Имплементација на ЕМИС за високо образование);
- Подготовка и доставување на извештаи за спроведената евалуација за секој Универзитет поединечни и еден системски интегриран извештај за потребите на МОН од страна на ЕУА;

- Националната канцеларија за трансфер на технологии (2017-2019) (Операционализација на НТТО која ги вклучува но не се ограничува на следните активности (екипирање на тим, опремување на НТТО, организирање на обуки за вработените, воспоставување на процесите и развој на стратегија за заштита на интелектуална сопственост, развој на маркетинг стратегија, развој на стратегија за финансирање и стратегија за обезбедување на извори на финансирање, воспоставување на систем за финансиско известување и контрола)

**Компонента 2: Модернизација на средното стручно образование и обука**
- Модернизација: на техничкото образование (Изработка на на модуларни наставни програми базирани на компетенции и резултати од учење за сите квалификации од 4то ниво; Организирање на обука на директори и наставници од сите останати средни училишта за новите модуларно дизајнирани програми базирани на компетенции и резултати од учење; Набавка на опрема на кабинетите во средните училишта во кои ќе се одвива практичната настава).
- Грант програма за зајакнување на соработката меѓу училиштата и бизнис заедницата (Евалуација на грант програмата за зајакнување на соработката меѓу училиштата и бизнис заедницата како и влијанието на секоја од мерките врз практичната обука на учениците во периодот од имплементирање на програмата за секоја училишна година од страна на експерт/надворешен консултант);

**Компонента 4: Менаџирање на проект и мониторинг и евалуација**
- Развој на Опсерваторија на вештини (2017 - 2018) (Пилотирање на Опсерваторијата на вештини со можност за имплементирање на нови функционалности за потребите на МОН).
- Спроведување на истражување за следење на базичното истражување за целите на евалуација на грант програмата за соработка на средните стручни училишта со бизнис секторот.
- Спроведување на истражување за следење на базично истражувањето за целите на евалуација на грантовите кои се обезбедуваат преку Фондот за иновации и технолошки развој,

## 3.26.2 МЛАДИ

### *Тековна состојба*

Усвоена е Националната стратегија за млади 2016-2025, со поддршка на UNDP и вклученост на повеќе од 70 организации и релевантни институции и невладини организации. Креиран е двегодишен Акциски план 2016-2017 за имплементација на активности кои произлегуваат од Националната стратегија за млади. Започна изработка на Систем за мониторинг и евалуација на активностите од Националната стратегија за млади. Проектот е поддржан од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.
Се одржа Државен натпревар за најдобар програмер, во организација на Здружението на информатичари на Македонија, а со поддршка на АМС и ФИНКИ (Факултетот за информатички науки и комјутерско инженерство). Од страна на АМС се доделени награди за набавка на техничка опрема за победниците на натпреварот.
Склучени се меморандуми за соработка со две младински организации (МКЦ Битола и Коалиција на младински организации СЕГА) за имплементација на два проекти за признавање на младинската работа и воспоставување стандарди за нејзина имплементација.
Имплементирани се проектите "Млади поети" и "Млади уметници" во чии рамки ќе бидат доделени финансиски награди за најдобрите дела, избрани од независна комисија од Друштвото на писатели на Македонија и независна комисија од уметници.
Продолжи имплементација на кампањата против говор на омраза, преку Националниот комитет чиј координатор е АМС. Имплементирани се едукативни и промотивни активности. На крајот на ноември ќе се одржи Петтата школа против говор на омраза, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.
Одржани се 2 обуки за јакнење на капацитетите на локалните младински совети во нашата држава.
Претставник на АМС беше вклучен во Регионална работна група за формирање на Регионална канцеларија за младинска соработка за Западен Балкан. Избран е и младинскиот претставник во Управниот Одбор на канцеларијата.

### *Краткорочни приоритети*

- *Кампања за младинско информирање* - во соработка со Коалиција на младински организации СЕГА, која има за цел да ја подигне свеста кај младите луѓе и да придонесе за подигнување на квалитетот на младинското информирање;
- *Кампања против говор на омраза* - Кампањата против говор на омраза е проект на Совет на Европа, која се имплементира од страна на Националниот комитет против говор на омраза, чиј национален координатор е Агенцијата за млади и спорт (АМС). Кампањата ќе се имплементира до крајот на 2017 година година, а истата вклучува активности за подигање на свеста за последиците на говорот на омраза кај младите и препознавање на говорот на омраза.

- *Фитнес зони* - Проектот предвидува изградба на 20 фитнес зони на различни локации во нашата држава.

### *Среднорочни/ долгорочни приоритети*

*Поддршка на млади уметници и млади поети* - АМС продолжува со имплементација на проектите *Млади Уметници* и *Млади поети,* чија цел е да се овозможи поддршка на младите талентирани уметници и поети. Во рамки на проектите, АМС доделува парични награди за 5 најдобри уметници во категориите: сликарство, графика, графички дизајн, фотографија и скулптура и парични награди за тројца поети.

*Натпревар за најдобар програмер* - Здружението на информатичари на Македонија во соработка со АМС и Факултетот за информатички науки и компјутерско инжењерство го имплементира Натпреварот за најдобар програмер. Во рамки на натпреварот, Агенцијата доделува парични награди за тројцата најдобри млади програмери.

Стипендии „Спортска надеж" - Агенцијата за млади и спорт секоја година доделува 500 стипендии за млади талентирани спортисти во различни спортски дисциплини.

*Капитални инвестиции од областа на спортот* - Проектот вклучува: реконструкција на спортски објекти, изградба на повеќенаменски и тениски игралишта, изградба на затворен пливачки базен во Охрид и скејт паркови.

*Изградба на кошаркарски игралишта* - Проектот вклучува изградба на 150 кошаркарски игралишта.

*Признавање и професионализација на младинската работа* - Во текот на 2016 година, АМС потпиша Меморандуми за соработка со 2 здруженија на граѓани (Коалиција на младински организации СЕГА и МКЦ Битола) за имплементација на проекти за признавање и професионализација на младинската работа. Проектите имаат за цел : дефинирање на младинската работа, признавање на професијата *младински работник,* како и јакнење на капацитетите на младинските работници

Во рамки на компонентата за подобрување на транспарентноста во високото образование, во рамките на активноста која подразбира надворешна евалуација на универзитетите, во тек е подготвка на извештаите за самоевалуација од страна на Универзитетите кои треба да ги достават до ЕУА до крајот на март 2017, додека во рамките на активноста која подразбира воведување на зајакнат модел на финансирање на високото образование, доставен е извештајот со предлог моделите за финансирање на високото образование и направена е презентација на овие предлог модели пред ректорите на државните универзитети, претставници од факултети и МОН.

Во рамки на компонентата за воспоставување на ЕМИС за високо образование, во тек се активности за евалуација на информациските системи на акредитираните државни и приватни универзитети и релевантните институции.

Во однос на компонентата за зајакнување на капацитетите на одборот за акредитација и евалуација на високото образование, и негово зачленување во ENQA и EQAR, разгледани се предложените опции за моделот на организациската структура на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (во насока на исполнување на условите за ENQA членство).

Во подготовка е нов Закон за обезбедување на квалитет во високото образование со кој треба да се уреди организациска структура на одборот и инструментите кои одборот ќе ги користи за обезбедување на квалитет во високото образование.

Во делот на Националната канцеларија за трансфер на технологии - Предлог Законот за измени и дополнувања на Законот за иновациска дејност е донесен од Собрание на РМ.

Во рамки на компонентата за Модернизација на техничкото средно стручно образование, организирана е јавна расправа по нацрт-концепцијата за модернизација на техничкото образование. Добиените забелешки по јавната расправа ќе бидат вградени во предлог Концепцијата која ќе се даде на усвојување. Во тек е изработка на методологија на стандарди на економски сектори.

Во рамките на грант програмата за подобрување на практичната обука и соработката меѓу компаниите и средните стручни училишта, во првата фаза од имплементирање на програмата, доделени се 10 грантови за највисоко рангираните предлог проекти на училиштата. . Во зависност од мерката и планираните проектни активности, дел од училиштата отпочнаа со обуките за учениците и наставниците и ја започнаа процедурата за набавка на опрема за реалните компании.

Во рамки на компонентата за проектен менаџмент и мониторинг и евалуација - во тек се активностите за развој на софтверското решение за Опсерваторијата на вештини. Се работи на развој на веб сервиси за преземање на податоци од ЕМИС (Едукативен Менаџмент Информационен Систем за основно и средно образование) за запишани и завршени ученици.

Во врска со Трејсер студијата - Во тек е on-line и телефонско анкетирање на завршени дипломци/матуранти во 2014/2015 за учество во Трејсер студијата за потребите на Опсерваторија на вештини. Од страна на Европската Тренинг Фондација (ЕТФ) ангажиран е локален експерт за евалуација на трејсер студијата и во тек е обезбедување на потребните податоци за започнување на активностите.

За целите на евалуација на грантовите кои се обезбедуваат преку Фондот за иновации и технолошки развој, потпишан е договор со меѓународен консултант -специјалист за евалуација на иновациските грантови и во тек е обезбедување на потребните податоци за започнување на активностите по договорот. За оваа активност исто така во процес е ангажирање на компанија за прибирање на податоци за целите на евалуацијата на иновациските грантови. Во тек се постапки за ангажирање

на компании за спроведување на Ревизија на успешност и оперативна ревизија на програмата за доделување грантови за зајакнување на соработката помеѓу училиштата и бизнис заедницата.
За целите на евалуација на грант програмата за соработка на средните стручни училишта со бизнис секторот, потпишан е договор со меѓународен консултант  и се очекува активностите да започнат до крајот на годината.

***Краткорочни приоритети***

- Модернизација на техничкото образование (Изработка на програмски документи – методологии за изработка на стандарди на економски сектори, на стандарди на занимања ; Проценка на мрежата на стручни училишта и изработка на план за нивна рационализација; Проценка на потребите за опремување на кабинетите за практична настава)
- Грант програма за соработка меѓу стручните средни училишта и бизнис заедницата (Реализација на сите десет проекти согласно грант мерките; Втор повик за доделување грантови за зајакнување на соработката меѓу јавните ССУ и бизнис заедницата; Евалуација на грант програмата за соработка меѓу стручните училишта и бизнис заедницата како и влијанието на секоја од мерките врз практичната обука на учениците во периодот од имплементирање на програмата за секоја училишна година од страна на експерт/надворешен консултант (за првиот повик и доделените 10 гранта)
- Финансирање на високото образование (Оценка на опциите за моделот на финансирање на високото образование и утврдување и избор на соодветен модел за финансирање за Република Македонија; Подготовка на моделот за финансирање и инструментите, планот за имплементација и индикаторите за мерење на перформансот)
- Воспоставување на EMIS за високо образование (Оценка на информациските системи на универзитетите; Дизајн на модел за интегриран ЕМИС за високо образование; Дизајн на модел и предлог за надградба на постојните информациски систем на универзитетите)
- Спроведување на надворешна евалуација на државните универзитети во РМ од страна на независна меѓународна агенција – ЕУА (Фаза на евалуација на универзитетите; Подготовка на извештаи за евалуација);  Развој на Опсерваторија на вештини (Поврзување на сите високообразовни институции со Опсерваторијата на вештини; Преземање на податоцжи од поврзаните високообразовни институции; Имплементација на софтверот за Опсерваторијата на вештини); Трејсер студија (Финализирање на процесот за прибирање на податоци за завршените ученици и студенти; Анализа на резултатите; Подготовка на финален извештај за спроведената Трејсер студија).

***Среднорочни приоритети***

- Модернизација: на техничкото образование (Изработка на стандарди на квалификации, како и изработка на самите стандарди за економски сектори, за занимања и за квалификации; Развивање на модуларни наставни програми базирани на компетенции;  Пилотирање на модуларни програми во 3 стручни училишта во 3 приритетни економски сектори и 9 занимања; Обука на директори и наставници за новите модуларизирани програми).
- Грант програма за соработка меѓу стручните средни училишта и бизнис заедницата (Евалуација на грант програмата за соработка меѓу стручните училишта и бизнис заедницата како и  влијанието на секоја од мерките врз практичната обука на учениците во периодот од имплементирање на програмата за секоја училишна година од страна на експерт/надворешен консултант)
- Финансирање на високото образование (Обуки за подготовка и имплементација на новиот модел за финансирање на високото образование; Имплементација на нов модел за финансирање)
- Воспоставување на EMIS за високо образование (2017- 2018) (Предлог за надградба на постојните информациски системи за ЕМИС за основно и средно образование, ДИЦ, Одбор за акредитација и евалуација на високото образование; Техничка спецификација за развој на ЕМИС за високо образование; Развој на ЕМИС за високо образование; Имплементација на ЕМИС за високо образование)
- Националната канцеларија за трансфер на технологии (2017-2018) (Операционализација на НТТО која ги вклучува но не се ограничува на следните активности (екипирање на тим, опремување на НТТО, организирање на обуки за вработените, воспоставување на процесите и развој на стратегија за заштита на интелектуална сопственост, развој на маркетинг стратегија, развој на стратегија за финансирање и стратегија за обезбедување на извори на финансирање, воспоставување на систем за финансиско известување и контрола)
- Развој на Опсерваторија на вештини (2017 - 2018) (Пилотирање на Опсерваторијата на вештини со можност за имплементирање на нови функционалности за потребите на МОН).

## 3.26.3. КУЛТУРА

***Тековна состојба***

Република Македонија како официјален учесник во програмата на ЕУ „Креативна Европа“, потпрограма „Медиа” и „Култура" продолжува активно со реализација на програмата предвидена до 2020 година. Согласно Акцискиот план за развој и унапредување на креативните индустрии во Република Македонија за период од 2015-2018 година, планирано е да се обезбеди континуирана годишна финансиска поддршка на квалитетни проекти на креативниот сектор. Досега, Министерството за култура има одобрено финансиски средства за повеќе од 200 проекти кои нудат различни иновативни уметнички форми и содржат препознатливи естетски вредности. Проектот за локален развој на регионот Дебар и Река продолжува со реализација на предвидените активности. Министерството за култура на Република Македонија посветува особено внимание на културното наследство со годишен одвоен буџет од 2.700 000 евра за негова заштита, и зачувување на оригинална содржина и форма, соодветна стручна и научна верификација и афирмација, како и негова ревитализација и ставање во функција на современите културни текови, негова самоодржливост како туристички и економски потенцијал, а во согласност со законската регулатива: Законот за заштита на културното наследство; Законот за музеите; Законот за библиотеките, Законот за аудиовизуелните добра; Законот за прогласување на старото градско јадро на Охрид за културно наследство од особено значење; Законот за прогласување на старото градско јадро на Битола за културно наследство од особено значење; Законот за прогласување на старото градско јадро на Кратово за културно наследство од особено значење и сл. Сите тие се усогласени со релевантната законска регулатива од меѓународен карактер на ОН, УНЕСКО, СЕ, ЕУ.

- **Канцеларијата за Креативна Европа („Култура“ и „МЕДИА“) за 2017 година**

Активностите предвидени за имплементација на двете потпрограми „Култура“ и „МЕДИА“ се во согласност со улогата и задачите на Канцелариите за Креативна Европа и истите ќе започнат со реализација од 1 јануари 2017 година.

Во 2017 година се предвидени за реализација бројни активности. Во однос на јавни настани за потпрограмата „Култура“ ќе се одржат вкупно 5 Инфоденови за „Креативна Европа“ наменети за нејзините специфични категории („Проекти за соработка“, „Проекти за литературни преводи“ и „Европски платформи“). Целна група на истите се организации и институции од областа на културните и креативните сектори, образовни институции, општини и сл . Исто така во план е да се одржат заеднички јавни настани во Република Македонија (инфо денови, семинари, работилници) во соработка со Канцелариите на Креативна Европа – потпрограма „Култура“ од другите земји учеснички во оваа потпрограма (Словенија, Португалија, Чешка, Финска, Литванија, Бугарија, Луксембург, Австрија, Извршната Агенција за култура, образование и аудиовизуелна дејност и Европската Комисија). Станува збор за вкупно 6 настани со целна група организации од културните и креативните сектори од Република Македонија и пошироко. За За За потенцијалните корисници на програмата предвидени се 4 заеднички инфо денови со кратки инфо сесии од промотивен карактер за другите програми на Унијата („Еразмус+“, „Европа за граѓаните“, „Хоризонт 2020“), СЕП, ДЕУ во Скопје и сл.

Потпрограмата „Култура“ предвидува и работилници наменети за заинтересираните институции и организации со цел да обезбеди техничка поддршка за развој на проектни идеи и подготовка на проект апликации. Работилниците се наменети за организации од културните и креативните сектори од Република Македонија и пошироко.

Учество на 2 формални и 1 неформален состанок на Канцелариите на Креативна Европа во организација на Европската Комисија и учество на Европски културен форум.

И потпрограмата „МЕДИА“ има бројни активности за реализација за 2017 година. Имено за организациите и институциите од областа на аудовизуелниот сектор ќе се одржат Инфо денови за „Креативна Европа – потпрограма „МЕДИА“ со специфични категории (развој на проекти, фестивали, дистрибуција, развој на публика итн). Во рамките на филмските фестивали, Скопје Филм Фестивал, Синедејс, Македокс и Манаки ќе се одржат Инфо денови кои ќе се однесуваат на организациите и институциите од областа на аудовизуелниот сектор. За фимските работници предвидени се вкупно 3 обуки во рамките на програмата за обука во соработка со МАИА, Мидпоинт и Кидс Регио. Во 2017 година планирано е учество на европски филмски фестивали во Берлин, Кан, Сараево и Загреб во соработка со останатите канцеларии на потпрограмата „МЕДИА“ и Европската Комисија. Ќе бидат изработени промотивни материјали за Култура и Медиа предвидени со Планот за акција за 2017 а програмата ќе се промовира преку презентација на успешните проекти, организирање на јавни настани и медиумска промоција.

- **Креативни индустрии**

Креативните индустрии, како форма на разновидно, креативно, здружено, но многу често и индивидуално дејствување се исклучително перспективна, профитабилна област. Тие претставуваат подрачје за широко презентирање на вештината, имагинацијата и талентот и нивно соодветно валоризирање на пазарот. Тој процес е подложен на постојано прилагодување, мобилност и иновативни развојни импулси. За да се одговори на овие предизвици, пожелно е да се овозможи соодветен амбиент и да се воспоставаат ефективни механизми за развој на креативните стратегии. Затоа, една од програмските политики на Министерството за култура е да ги создава и да ги олеснува условите кои суштински придонесуваат кон поттикнување на развојните процеси на креативните индустрии во Република Македонија.

Во контекст на понатамошниот развој на креативните индустрии, Министерството за култура за периодот 2015-2018, изработи Акциски план за развој и унапредување на креативните индустрии во Република Македонија, според кој, меѓудругото, како прироритетна активност, е планирано да се обезбеди континуирана годишна финансиска поддршка на квалитетни проекти на креативниот сектор.Досега, Министерството за култура има одобрено финансиски средства за повеќе од 200 проекти кои нудат различни иновативни уметнички форми и содржат препознатливи естетски вредности.Напоменуваме дека Владата на Република Македонија, на Дваесет и петтата седница одржана на 30.09.2014 година, го усвои Акцискиот план за развој и унапредување на креативните индустрии во Република Македонија 2015-2018.
Краткорочни цели - Со цел поттикнување на креативниот сектор за развој накреативните индустрии, Министерството за култура во 2015 година објави Конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата од областа на креативните индустрии за 2016 година.На тој начин, преку непосредна финансиска поддршка на квалитетни проекти, ќе се поттикнат креативните практичари да ги реализираат своите идеи и да креираат производи кои ќе имаат естетска, практична, применлива вредност и ќе бидат одржливи на пазарот.Финансиски беа поддржани вкупно 61 проект и истите се во завршна фаза на реализација. На 3 ноември 2016 година, Министерството за култура го објави петтиот по ред Конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата од областа на креативните индустрии за 2017 година.Во наредниот период, треба да се основа Комисија од областа на креативните индустрии за 2017 година која ќе ги разгледа пристигнатите пријави и до министерот за култура да достави предлог програма.
Среднорочни цели- Во 2017 година е планирано да се објави шестиот по ред Конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата од областа на креативните индустрии за 2018 година.

- **Пилот проектот за локален развој на регионот Дебар и Река**

Пилот проектот во 2016 година се реализира без подршка на Советот на Европа, за кого проектот е завршен а Хрватска и Македонија се оставени сами да ги финализираат завршните работи. Во првата половина на 2017 година се префрлаат целосно активностите планирани за 2016 година и тоа - Усвојување и печатење на Развојната стратегија и Оперативната програма, Изготвување, усвојување и печатење на Територијалната повелба, Подготовка и издавање на книга од Евиденцијата на културното наследство, Формирање на Единицата за имплементација на проектот. Проектот, во зависност од условите, се планира да заврши до крајот на првата половина на 2017 година за потоа преку Единицата за имплементација на проектот да продолжи реализацијата на активностите дефинирани во Оперативната програма.

## 3.26.4 ПРОГРАМИ НА УНИЈАТА

### *Тековна состојба*

**Програма Еразмус+**

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност континуирано работи на зголемување на промоција на програмата Еразмус+. На неколку настани беа направени презентации за програмата и можностите кои се достапни за македонските институции, воедно, зголемено е и медиумското покривање на активностите на Националната агенција, како и присуството на социјалните мрежи. По одобрувањето на работната програма на Националната Агенција за 2016 година од страна на Генералниот Директорат за Образование и култура, беше потпишан и договорот за Програмата Еразмус+, како и договорите за имплементација на Еуропас, Еурогајденс, еТвининг, Евридика и Јутвики за 2016 година, и започна реализацијата на предвидените активности. Претставници на Министерството за образование и наука и на Националната агенција учествуваа на webinar-от организиран од Генералниот Директорат за образование и култура во врска со изготвувањето Национален извештај за среднорочната имплементација на Еразмус+. Во рамките на состанокот на Комитетот за Еразмус+, реализирана е средба со менаџетот на евалуација на Еразмус+ од Генералниот директорат за образование и култура. Во тек е промотивна кампања на Националната агенција во чии рамки ќе биде организирана и Валоризациона конференција со презентации на успешни проекти од Еразмус+. Исто така ќе се одржат и информативни работилници во соработка со стопанските комори низ Македонија. Оваа година, Европската Унија прославува 20 години постоење на Европскиот волонтерски сервис (ЕВС). По овој повод, Националната агенција ќе организира и обуки за волонтери. Реализирани се активности за мониторинг на имплементацијата на Еразмус+ од страна на Националната Агенција.

### *Краткорочни приоритети*

- Изготвување работна програма и потпишување на договор за Еразмус+ за 2017 година помеѓу Генералниот директорат за образование и култура и Националната агенција за европски образование програми и мобилност
- Изготвување на работни програми и потпишување на договори за имплементација на Еуропас, Еурогајденс, Евридика и еТвининг за 2017 година помеѓу Генералниот директорат за образование и култура, Извршна агенција за образование, култура и аудиовизуелни политики и Националната агенција за европски образование програми и мобилност

- Организирање промотивни настани за програмата Еразмус+, Еуропас, Еурогајденс, Евридика и еТвининг, во Скопје и по региони

**Национален авторитет за ЕРАЗМУС+**

Министерството за образование и наука во својство на Национален авторитет за Еразмус+ избра независно ревизорско тело што спроведе ревизија на работата на Националната агенција за европски образовани програми и моболност (Национална агенција) во делот на имплементацијата на Еразмус+ во 2015 година. Се уплати влезниот билет за учество на Република Македонија во сите внатрешни и надворешни акции на Еразмус+ во 2016 година. До Генералниот директорат за образование и култура се достави Извештајот за имплементацијата на Еразмус+ во периодот 01.01.2015-31.10.2016 година.

### *Краткорочни/среднорочни приоритети*

- Избор на независно ревизорско тело и реализација на надворешна ревизија на работата на НАЕОПМ во спроведување на Еразмус+
- Реализација на активности за уплата на финансискиот придонес (влезен билет) за учество на Република Македонија во Еразмус+ во 2017, 2018 и 2019 година
- Изготвување Извештај за имплементацијата на Еразмус+ во периодот 01.01.2016-31.10.2017година
- Учество на Република Македонија во среднорочната евалуација на имплементацијата на Еразмус+

**Програма „Европа за граѓаните“ 2014-2020 година**

### *Тековна состојба*

Согласно предвидената динамика на активности поврзани со презентација на можностите на програмата „Европа за граѓаните“ 2014-2020 година, Националното контакт лице во периодот јануари – декември 2016 година, одржа три информативни денови. Можностите за учество во програмата беа презентирани на 12ти Февруари,12ти Мај и 13ти Септември 2016 година во јавни и државни институции во Скопје, како и во просториите на ЕУ инфо центарот во Скопје. Овие настани беа поддржани од Канцеларијата на програмата „Креативна Европа“ во рамките на Министерството за култура на Република Македонија.

Во текот на повиците објавени кон крајот на 2015 година, како и по однос на повиците објавени во првата половина од 2016 година, заклучно со добиените известувања, одобрени се вкупно 7 проекти во кои организации од Република Македонија учествуваат како носители или како партнерски организации во проекти чија вкупна вредност изнесува 150.000 евра.

### *Среднорочни приоритети*

Цел: Зголемено учество на организации од Република Македонија во програмата „Европа за граѓаните“2014-2020
Активности: Одржување на информативни денови за промоција на можностите на програмата „Европа за граѓаните“2014-2020 од страна на националното контакт лице.

# 3.27 ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК за 2016***

Земјата има **одредено ниво на подготвеност** во оваа област.Иако има **одреден напредок** во усогласување на политиките и законодавството со *правото на ЕУ*, потребни се дополнителни напори за квалитетот на водата, индустриско загадување и управување со ризици, хемикалии и климатски промени. Покрај тоа, спроведувањето е многу ограничено, особено во однос на квалитетот на воздухот и заштита на природата.

Во наредната година, земјата, особено, треба да:

- го подобри спроведувањето на Националниот план за заштита на квалитетот на воздухот;
- го подобри процесот на оцена на влијанието врз животната средина за да се обезбеди ефикасна заштита на националните заштитени подрачја, областите со висока природна вредност и потенцијалните области од Натура 2000;
- ја ратификува и да почне со спроведување на Спогодбата од Париз; исто така, преку развој на сеопфатна стратегија за активностите поврзани со климата во согласност со рамката на ЕУ за политиката за клима и енергија 2030.

***Резиме***

*Во наредниот период, земјата ќе се продолжи со процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ за животна средина и климатски проемни, како и ќе продолжи со негово спроведување. Во однос на инвестициите во животната средина, ќе се направи процена на потребните инвестиции за спроведување на законодавството за животна средина и ќе се вложат напори за зголемување на инвестициите. Додека во однос на административните капацитети за спроведување на законодавството за животна средина на локално и централно ниво ќе се продолжи со зајакнување на истите преку соодветни обуки/тренинзи како и преку нови вработувања во оние сектори каде е нај потребно.*

## 3.27.1 ХОРИЗОНТАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО

*Во ова област, ќе се продолжи со процесот на усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ и донесување на сите потребни стратешки документи. Во однос на инвестициите во животната средина, ќе се направи процена на потребните инвестиции за спроведување на законодавството за животна средина. Ќе се воспостави систем на инспекциски надзор кој ќе се темели на планирање согласно воспоставени критеруми за процена на ризикот.*

*Ќе се продолжи со зајакнување на административните капацитети во областа на животната средина на централно и локално ниво во различи сектори.*

*Во областа на климатските промени, главниот фокус ќе биде кон вградување на политиките за понизок емисионен раст во другите секторски политики.*

### *Тековна состојба*

Во 2016 година се **подготви предлог Стратегија за животна средина и клима**, истата е во постапка на донесување од страна на Владата.

Во рамките на Регионална мрежа за пристапување во областа на животната средина и клима(ЕКРАН), се спроведе 11-от Прогрес мониторинг во областа на животната средина и клима со кој се оценува степенот на приближување на националното законодавство на Република Македонија кон законодавството на Европската Унија, како и степенот на неговото спроведување. Беа опфатени 70 ЕУ мерки. Врз основа на подготвените табели за усогласеност и прашалници за спроведување, се подготви **Извештај за степенот на транспозиција и спроведување на правото на ЕУ во областа на животната срединаза 2016 година.**

Заврши ТВИНИНГ Проектот „Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за спроведување на законодавството за животна средина " наменет за зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за животна средина и локалните инспектори за животна средина за вршење надзор во областа на животната средина. Во рамки на проектот се изработија документи за насоки и обрасци за поддршка на инспекторите (Прирачници за инспектори, Водич за отпад, Мало упатство за соодветно земање на примероци и контрола на извештаите од само наблудување од индустриски оператори, Листа со 12 прирачници за 12 различни типови на индустрии со листи за проверка при вршење на инспекциски надзор, Водичи за оператоти кои се активни во Република Македонија), се одржаа обуки и се реализираше студиска посета со цел зајакнување на капацитети во насока на подобрување на системот за инспекција и нејзино спроведување на животната

средина. Се воспостави електронски систем за инспекциски активности. Исто така,продолжи да работи веб страната на Државниот инспекторат за животна средина.http://www.sei.gov.mk/, која што беше воспоставена во рамки на овој проект.

Во рамките на проектот се подготви **нацрт Закон за инспекција во животната средина** со цел организирање на инспекцијата во животната средина согласно и транспонирање на ЕУ директивата 32010L0075, СЕВЕСО директивата и Препораката 2001/331/ЕЗ за обезбедување минимум критериуми за инспекциите. Предлог законот е во владина консултација.

Се реализираше проектот „Зајакнување на капацитетите за имплементација на законодавството за животна средина на локално ниво“ во рамките на TAIB 2010 финансиран од ИПА. Целта на Проектот беше зајакнување на административните капацитетите на локално ниво за спроведување на законодавството на единиците на локална самоуправа. Во овој период беа изработени поголемиот број на документи кои беа предвидени како активност на проектот, а тоа се упатства, прирачници, анализи како и други правни документи. Исто така, се спроведоа 12 обуки и тренинзи на кој учествуваат претставници на општините кои се избрани како пилот општини за учество во проектот, претставници на сите останати општини, како и претставници на МЖСПП првенствено од Сектор за соработка со ЕЛС и управно надзорни работи а и сите останати сектори и Управата за животна средина, во зависност од темата на обуките.

Во 2016 година, продолжија активностите за спроведување надзор над работата на дел од единиците на локалната самоуправа согласно донесениот План за вршење надзор за 2016 година.

МЖСПП редовно врши собирање, обработување и известување на податоци и информации добиени преку мониторинг-мрежата за медиуми во животната средина и областите - воздух, води, бучава, почва и отпад. Редовно се известува за состојбата со животната средина до Европската агенција за животна средина (ЕЕА), Република Македонија има статус на земја-соработник и е дел од работните групи на Агенцијата. Од особено значење е тоа што нашите експерти учествуваат на редовните состаноци во работните групи на Агенцијата.

Ажурирани и дополнети се **Индикаторите за животна средина 2016**, и објавени на веб страната на министерството http://www.moepp.gov.mk/?page_id=746и Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина за 2015 година, кој е објавен наhttp://www.moepp.gov.mk/?page_id=2338.

Министерството за животна средина и просторно планирање подготвува идентификационен документ “Operation Identification Sheet” за идниот проект за развој на национален информационен систем за животна средина и мониторинг програма, кој ќе се реализира преку ИПА2 програмата на Европската Унија почнувајќи од 2018 година.

Во рамките на проектот „Подршка за воспоставување и унапредување на Регистарот за испуштање и пренос на загадувачи (РИПЗ) во земјите од Западен Балкан и Молдавија, во текот на 2016 година, се изврши модификација и корекција на софтверотза известување, подобрување на РИПЗ порталот, инсталирање алатка за конвертирање податоци во форматот релевантен за известување за Е-ПРТР до Европската агенција за животна средина, обуки за зајакнување на капацитетите на надлежните органи и операторите за работење со податоци од емисии во вода, воздух, почва и отпадни води. Во рамките на проектот се организираше суб-регионална дводневна работилница на тема „Успесите, предизвиците и најдобрите практики во развојот на Регистри на испуштање и пренос на загадувачи (РИПЗ) во земјите од Западен Балкан и Република Молдавија“. На работилницата покрај претставниците на МЖСПП, присуствуваа и експерти и претставници од ресорните министерства на земјите од Западен Балкан, Германија, Холандија и Молдавија, РЕЦ и Германската амбасада во Македонија.

Континуирано се спроведуваат активности за ажурирање на **Катастарот на загадувачи** (воздух, вода, бучава).

Во текот на 2016 година се подготвуваше **Национален план за справување со опустинување и ублажување на ефектите од суши.**

## КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Република Македонија беше домаќин на регионалната работилница на високо ниво за адаптација на ранливите сектори кон климатските промени, која се одржа во Скопје, 6 септември 2016 година, во рамките на ECRAN, на која беше претставена работата и потребите на државите од регионот (членки на мрежата) на ова поле.На работилницата во Бон, која се одржа на 21 мај 2016 година, МЖСПП имаше исклучителна можност да презентира неколку “први” искуства на земјата поврзани со климатски промени.

Република Македонија го потпиша Договорот од Париз во април 2016, на церемонијата организирана во седиштето на ООН во Њу Јорк. Започна процедурата за рафикација на Договорот од Париз, со меѓуресорски консултации. Се учествуваше на дијалогот на високо ниво за спроведување на Договорот од Париз, Загреб, 1 јуни 2016 година и на работилница на високо ниво за ниско-јаглеродна Европа на 16 септември 2016 год., на кои беше презентирана работата и активностите на МЖСПП во насока на постигнување на националните цели од Договорот од Париз. Претседателот на државата учествуваше на високиот сегмент на Конференцијата на ООН за клима која се одржа во Маракеш, со што уште еднаш се потврди високата заложба на државата за придружување кон светските напори за ублажување на климатските промени. Под покровителство на Секретаријатот за Европски прашања и Францускатa амбасада, се одржа заедничка средба со претставниците на граѓанскиот сектор, на која, една од темите беше и дискусија околу Договорот од Париз и владините активности на ова поле.
Се изработи анализа на идните предизвици за Република Македонија после Договорот од Париз, особено од аспект на поврзување на обврските кои произлегуваат од регулативата на ЕУ во делот на механизмот за мониторинг и членството на РМ во Енегетската заедница.

Во рамките на за имплементацијата на Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година, климатските промени се вметнати како  една од фокусните групи. Активно се работи на одредување на приоритетите и активностите за областа климатски промени преку широк консултативен процес.

Владата, со поддршка од Канцеларијата на Постојаниот Координатор на ОН направи широк консултативен процес на приоритизација и локализација на "Целите за Одржлив Развој" (ЦОР ) и идентификација на рамка за следење на нивната имплементација во државата. Детално беше анализирана и целта бр. 13 за климатски промени, беа одредени приоритените области на делување, индикаторите релевантни за државата и се идентификуваа препораки кои прашања/цели да бидат избрани и приоритизирани за имплементација во Националниот и акцискиот план 2016-2030 за  имплементација на ЦОР и понатаму интегрирани во идните националните планови кои ќе бидат водени од страна на Владата на РМ. Дополнителна придобивка е тоа што во рамките на процесот се идентификувани меѓусекторски конекции релевантни за планирањето и спроведувањето на ЦОР 13.

Во тек е изработка на **Стратегија за климатски промени на Град Скопје,со акциски план** во рамки на „Отпорно Скопје" Проект на УНДП и Град Скопје, која ќе даде значаен придонес во справувањето со предизвиците на климатските промени на локално ниво.

Започна подготовката на **Вториот ревидиран извештај за климатски промени**, во кој степенот на известување кон Конвенцијата за климатски промени ќе се доближи уште повеќе на начинот на кој известува ЕУ, особено во делот ублажување на климатските промени. Врз основа на извештајот ќе се овозможи градење како на аналитички капацитети,така и капацитет на носителите на политики и сите чинители за одговор на европските барања во оваа област.
Во овој извештај, се имплементираат препораките од Првиот ревидиран извештај за климатски промени, од техничката ревизија на истиот, од ИНДЦ документот, но и од заклучоците од Конвенцијата за климатски промени во Париз во декември 2015.
Иако Македонија не спаѓа во Анекс I државите на **Конвенцијата за климатски промени,** доброволно се обидува да се известува во согласност со обврските на Анекс I државите, до можен степен, во рамките на Националните планови или Двогодишните извештаи за климатски промени. Најголем напредок има во подготовката на инвентарот на стакленички гасови, кој ги исполнува потребните технички услови за обезбедување на одржливост, *бидејќи силен акцент е ставен на документирање на основни информации во концизен формат, активностите и задачите се стандардизирани и утврденисе јасни процедури, а воедно и улогите и одговорностите на сите играчи се јасно дефинирани.* Исто така, инвентарот е јавно достапен, како база на податоци http://www.unfccc.org.mk/Default.aspx?LCID=229 .

Во овој период заврши климатскиот предизвик во организација на УНДП, УСАИД и др.

## УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ (УХМР)

Во 2016 година, како дел од национален систем за метеоролошко набљудување, комплетно е реновиранаи ставена во функција мануелна метеоролошка станицата на Попова Шапка, со средства од националниот буџет. Исто така , обновена е и ставена во употреба и автоматската станица на Попова Шапка со средства од УХМР. Во тековната година,  станиците од метеоролошката и хидролошката мрежа од автоматски станици се одржуваат од средства на УХМР.
УХМР потпиша договор со УНДП, финансиран од Швајцарската Влада за проектот "Количина на вода и квалитет на површинските води во речниот басен на Струмица".Во рамките на проектот, УХМР ги следи биолошките, општите физичко-

хемиски параметри, количеството на тешки метали и хидро морфолошките параметри според WFD (Директива 2000/60 / EC), четири пати годишно, при што завршени се три фази.

УХМР како претставник на земјата стана членка на Конзорциуомот за оперативна и климатска прогноза во југоисточна Европа – “SEECOP”на вториот состанок во Бар на 27 јуни 2016 година, каде што се избра претседател на Советот со двогодишен мандат и се усвои годишен средорочен план на SEECOP. Според тој план,во првата фаза се направи комплетна инсталација и техничка и технолошка поддршка на нов вид на прогностички модел (НММБ) моделот во УХМР, негово тестирање и верификација на прогнозите и компаративна анализа. Во 2016 година започна изработката на карти за оптеретување од снег, дејствија од ветер и температурни влијанија, за потребите на Еврокод 1: Дејствија на конструкции- Дел 1-3, 1-4 и 1,5 според Директива 89/106 /EEC,93/37/ EEC,92/50/EEC и 89/440/EEC.Исто така, во соработка со ФАО *(Организација за храна и земјоделие на ОН) отпочнат е проект со кој УХМР ќе ги зголеми своите капацитетити на агрометеоролошката служба.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Во 2017 година, ќе се донесе **Закон за инспекција во животната средина** со цел воспоставување инспекциски надзор кој ќе се врши врз основа на претходно повеќегодишно планирање на инспекциски надзор во животната средина на централно и локални ниво, кое ќе се врши врз основа на воспоставени критериуми за процена на ризикот кој го имаат субјектите на надзорот врз животната средина.

Исто така, е предвидено донесување на **Стратегија за животна средина и клима** и **Национален план за справување со опустинување и ублажување на ефектите од суши**.

Во 2017 година, ќе продолжи спроведувањето на надзор над единиците на локалната самуправа.

Предвидено е донесување на **Програма за инвестиции во животната средина за 2017** година согласно Законот за животната средина.

Ќе продолжи да функционира системот за управување со документи од инспекциски активности и модулот за електронско архивирање документи во Државниот инспекторат за животна средина.

**Институционална рамка**

Ќе започнат активностите за изработка на **Статистики на животна средина на Република Македонија 2016** и **Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина за 2016 година**. Ќе се спроведуваат активности од ГЛОБЕ Програмата. Во првиот квартал на 2017 година, треба да се започне со изработка на **Извештај за состојбата на животната средина**.

Во текот на 2017 година, ќе продолжи соработката со Европската агенција за животна средина, преку доставување релевантни податоци и учество во работата на работните групи на Агенцијата.

Во текот на 2017 година ќе се подготви Проектна задача (Terms of reference) за идниот проект за развој на национален информационен систем за животна средина и мониторинг програма, кој ќе се реализира преку ИПА2 програмата на Европската Унија почнувајќи од 2018 година.

Во текот на 2017 година, ќе се продолжи со имплементација на **Стратегијата за РИПЗ 2016-2020 година**. РГ за РИПЗ, има за цел следење и спроведување на стратегијата за РИПЗ. Дел од активностите во стратегијата се имплементира во рамки на Проектот „Подршка за воспоставување и развој на РИПЗ системи во земјите од ЗБ и Молдавија“, финансиран од Агенција за животна средина и министерство за животна средина на Германија. Проектот се имплементира од страна на РЕЦ, корисник е МЖСПП. Во оваа насока, и понатаму ќе продолжат активностите за надградба и ажурирање на воспоставениот Регистар за испуштање и пренос на загадувачи и РИПЗ веб-порталот и исто така ќе се организираат работилници за зајакнување на капацитетите.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**

Ќе започне анализата на потребните акции за изработка на **Патоказот за спроведување на препораките од Енергетската заедница** во делот на регулативата 525/2013 за механизмот за мониторирање на стакленичките гасови.

Во овој период ќе бидат спроведени следниве активности:
- Дополнување на Инвентарот на стакленички гасови до 2014 година.
- Зајакнување на капацитетите на релаванти чинители со цел да обезбеди континуиран проток на податоци и нивен квалитет;
- Вклучување на родовата перспектива во сите поглавја од извештајот, согласно препораките и насоките на УНФЦЦЦ;

**Стратегија за климатски промени на Град Скопје,со акциски план** ќе се донесе во текот на 2017 година.

**УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ**
Во овој период ќе заврши Проектот "Количина на вода и квалитет на површинските води во речниот басен на Струмица". Неговата четврта и финална фаза ќе се реализира во февруари 2017 година. Воедно, во рамките на овој проект УХМР ќе *добие* ***опрема за биолошки мониторинг.***

Ќе заврши изработката на карти за оптеретување од снег, дејствија од ветер и температурни влијанија, за потребите на Еврокод 1: Дејствија на конструкции- Дел 1-3, 1-4 и 1,5 според Директива 89/106 /EEC,93/37/ EEC,92/50/EEC и 89/440/EEC.

Проектот финансиран од ФАО ќе заврши при што ќе се постават автоматските метеоролошки станици на три локации Градско, Струмица и Кочани и ќе се направи нивно поврзување со веб апликација, која ќе е достапна на земјоделците.

УХМР ќе ги спроведува и следните активности во 2017 година: Истражувања и следење на хидролошките процеси и развој на методи за прогнозирање на водите(набавка на опрема и инструменти); Обиколка, контрола и интервенции на метеоролошките станици во земјата и спроведуање на активности на меѓународен план во областа на метеорологијата; Поправка и тековно одржување на метеоролошките станици и одржување на метеоролошките инструменти; Набавка на метеоролошка опрема и инструменти и друга опрема за спроведување на метеоролошки активности; Меѓународни активности во областа на прогнозата на времето и добивање на продукти од ЕУМЕТСАТ; Меѓународна размена на метеоролошки податоци во рамките на глобалниот метеоролошки систем ; Изработка на краткорочна, среднорочна и долгорочна прогноза, рана најава и предупредување на временски непогоди; Осовременување на системот за најава на временските непогоди; Обиколка, контрола и интервенции на радарските системи. Меѓународни активности од областа на квалитет на води, земање на примероци на вода од мрежата за квалитет на води во земјата. Стручно оспособување и усовршување на вработените во УХМР во областа на хидрологијата, метеорологијата, квалитет на води,човечки ресурси и администрација. Набавка на опрема за мониторинг на подземни водикоја се планира да биде набавена преку ИПА2, до крајот на 2017 година.

Исто така, УХМР работи ќе продолжи со имплементацијата на Стратешкиот план во кој се инкорпорирани следните пет стратешки приоритени области на Светската метеоролошка организација (WMO-StrategicPlan 2012-2015): спроведувањето на Глобална рамка за климатски услуги, градењето на капацитетите на службата, спроведување на Светскиот интегриран глобален систем за набљудување (WIGOS), Светскиот информативен систем (WIS), и намалување на ризикот од катастрофи со воспоставувањето на Информациониот систем за климатски услуги.

### *Среднорочни приоритети*
Во овој период , планирано е да се донесе нов Закон за животната средина со кој ќе изврши на ревизија на постојниот Закон за животната средина во кој ќе транспонира корпус на ЕУ мерки како 32001L0042, 32003L0004, 32003L0035, 32004L0035, 32011L0092. Планирано е да се започне со изработка на нова Стратегија за инвестиции во животната средина во која ќе се утврдат потребните средства за инвестиции во областа на животната средина како и изворите за финансирање.
Ќе се продолжи со имплементација на **Стратегијата за РИПЗ 2016-2020 година.**

Управата за хидрометеоролошки работи ќе продолжи со имплементацијата на Стратешкиот план на УХМР. Исто така УХМР ќе работи на: развивање на мрежа на автоматски метеоролошки станици (АМС) за надградба напостојниот системврз основа наобединувањена техничките исофтверски компоненти,во согласност со насокитеипрепораките на Светскатаметеоролошка организација;поправка или обнова на веќе застарените радарски системи во Ѓуриште и Тополчани;инсталацијата на автоматски метеоролошки станици на ситеглавни метеоролошкистаници,климатолошки и дождомерни станицисо цел постепено да сезаменаткласичнитемерења сомерењатаод АМС;инсталирање АМС надвор од постојната метеоролошка мрежа;воспоставување налабораторијаза контрола, одржување и калибрацијана метеоролошките инструменти и АМС-сензори;одржување и надградба на базата на климатолошки податоци CLIDATA; дигитализација на основните климатолошки податоци и информации; користење ГИС-формат за прикажување на климатските услови за различни параметри; јакнење на

компјутерските (хардверски и софтверски) ресурси за користење при подготовка на сезонски прогнози за територијата на земјата.

**КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ**
Ќе биде донесен **Вториот ревидиран извештај за климатски промени**.

Во овој период ќе се започне со изработка на **Законот за климатска акција** и долгорочната **Стратегија за климатска акција**. Ќе се изработат приоритетни подзаконски акти кон **Законот за климатска акција** за делот на инвентаризација на емисиите на стакленичките гасови и известување, кои ќе се усогласат со следните ЕУ мерки: 32013R0525, 32003L0087, 32009D0406 и 32014R0517.

Ќе биде изработен **Патоказот за спроведување на препораките на Енергетската заедница**во делот на регулативата 525/2013 за механизмот за мониторирање на стакленичките гасови.

Ќе се развие предлог за **Национална платформа за мониторинг и ревизија на стакленички гасови**согласно потребите кон УНФЦЦЦ и барањата на ЕУ за ублажување на климатските промени.

Ќе биде изработен **План за институционален развој во областа на животната средина и климатска акција**, во рамките на ИПА II планиран е проект за Имплементација и планирање за апроксимација во приоритетни области во животната средина (Implementation and Planning for Approximation in Priority Areas of Environment).

**Програми и проекти**
Во 2018 година, ќе се изработи и донесе првиот **Национален план за инспекција во животната средина** со кој ќе се изврши повеќегодишно планирање на инспекцијата во животната средина. Исто така,ќе продолжи да функионира систем за управување со документи од инспекциски активности и модулот за електронско архивирање документи во Државниот инспекторат за животна средина.
Во овој период, и понатаму ќе продолжат активностите за донесување на **Програма за инвестиции во животната средина** согласно Законот за животната средина на годишно ниво.
Исто така, планирано е спроведување надзор над единиците на локалната самоуправа од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.
Во овој период ќе продолжи соработката со Европската агенција за животна средина, преку доставување на релевантни податоци и учество во работата на работните групи на Агенцијата.
Во текот на 2018 година, продолжуваат активностите за изработка на Извештај за состојбата на животната средина, кој ќе се објави до крајот на 2018 година.
Во 2018 и 2019 година, ќе се изработи Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина за 2017 и 2018 година.
Во текот на 2018 година ќе се спроведат активности за ажурирање и дополнување на Индикаторите за животна средина.
Во текот на 2018 година се очекува да започне проект за развој на национален информационен систем за животна средина и мониторинг програма, кој ќе се реализира преку ИПА2 програмата на Европската Унија почнувајќи од 2018 година во времетраење од 18 месеци.
Континуирано се спроведуваат активности за ажурирање на Катастарот на загадувачи (воздух, вода, бучава) и Регистарот за испуштање и пренос на загадувачи (РИПЗ).
Во овој период предвидено е да започне ИПА 2 Проект за Имплементација и планирање за апроксимација во приоритетни области во животната средина (Implementation and Planning for Approximation in Priority Areas of Environment). Во рамките на проектотпредвидено е да се подготвадетални планови за спроведувањедирективи од областа на животната средина за кои се потребни големи финансиски средства.Ќе се спроведуваат активности за зајакнување на капацитети на МЖСПП за подготовка на документи за пристапување и преговори за поглавјето животна средина, како и ќе се подготви **План за зајакнување на административините капацитети за управување со животната средина.**

## 3.27.2 КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХ
*Земјата се соочува со значајни проблеми во однос на загадувањето на воздухот како резултат на високи концетрации на цврсти честички со големина на дијаметар до 10 миркометри (PM10) во амбиентниот воздух кои ги надминуваат граничните вредности за заштита на човековото здравје, констатирано и во Извештајот на ЕК. Во насока на подобрување на состојбата ,*

*се вложуваат напори за подобрување на квалитетот на воздухот преку спроведување на барањата на Конвенцијата за далекусежно прекугранично загадување на воздухот (ЦЛРТАП) и нејзините Протоколи, како и директивите од ЕУ од ова подрачје, кои се однесуваат на редукција на емисиите на загадувачките супстанци од оддлени сектори (енергетика, индустрија и сообраќај). Земјата, исто така, ги спроведува мерките за заштита и подобрување на квалитетот на воздухот дефинирани во националните планови и програми и локални плански документи и пристапува кон подготовка на локални планови и спроведување на мерките дефинирани во истите.*

### *Тековна состојба*

Во текот на 2016 година, се продолжи усогласувањето на националното законодавство со законодавството на Европската унија, односно се подготвија предлог измени и дополнувања на неколку подзаконските акти за воздух кои се усогласуваат со ЕУ мерки.

Подготвен е инвентар на емисија на загадувачки супстанци во воздух за 2014 година со целосен тренд на емисии за период 1990-2014 година, како и Информативен извештај за инвентарот, кои се доставени до Европската агенција за животна средина и до Секретаријатот на Обединети нации согласно ратификуваните меѓународни договори.

МЖСПП континуирано врши одржување на Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздухот, во согласност со расположливите резервни делови и потрошни материјали. Во текот на 2016 година беа сервисирани 17 анализатори за мониторинг на квалитет на воздух и беше ставена во функција мониторинг станицата во Куманово по подлог период на нефункционирање. Беше подготвена Програмата за работа на Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух за 2017 година.

Во текот на 2016 година, во рамките на твининг-проектот "Понатамошно зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на acquis во областа на квалитетот на воздухот", ИПАТАИБ 2012 се реализираа следните проектни активности, преку кои се спроведуваат барања на наведените ЕУ мерки и тоа:

- Изготвена и ажурирана е документацијата идна акредитација на калибрационата лабораторија (32008L0050);
- Спроведена е обука за сервисирање и калибрација на инструментите за мониторинг на квалитет на амбиентен воздух (32008L0050);
- Изготвен е план за модернизација на централната лабораторија за животна средина во областа на мерење на емисии во воздухот и хемиска анализа на земени примероци од воздух (ИСО и ЦЕН стандарди, 32008L0050, 32004L0107);
- Спроведена е кампања за индикативни мерења тешки метали и полициклични ароматични јаглеводороди на територијата на Република Македонија (32004L0107);
- Изработена е студија за влијанието на загадувањето од сообраќајот и индустриските капацитети врз квалитетот на воздухот на територијата на град Скопје, со користење на локални дисперзиони модели за квалитет на воздух. Добиени се ажурирани влезни податоци за моделите во однос на метеоролошките услови во град Скопје, протокот на сообраќај низ главните сообраќајници во градот, структурата на возниот парк, како и податоци за емисии од поголемите индустриски капацитети (32008L0050);
- Направена е ревизија на текстот на Националната програма за постепена редукција на емисиите до 2020 година (32001L0081);
- Спроведена е обука за инвентаризација на емисии во воздух со што е подобрен е инвентарот за пресметка на емисии на амонијак од секторот земјоделие, транспорт, индустрија и енергетика (32001L0081);
- Изработени се Плановите за квалитет на воздух и краткорочните планови за агломерација Скопски регион и општина Тетово (32008L0050);
- Спроведена обука на претставниците на локална самоуправа за подготовка на планските документи за воздух, во соработка со проектот на зајакнување на капацитетите на ЕЛС во имплементација на законодавство за животна средина;
- Воспоставен е системот на електронско известување до Европската агенција за животна средина согласно одлуката 2011/850/ЕЦ;
- Подобрени се функционалностите на постоечкиот веб портал за квалитет на воздух;
- Подготвен е извештај за квалитет на воздух во Република Македонија за период 2005 - 2015;
- Подготвен е Национален план за оценка на влијанието на квалитетот на воздухот врз здравјето на луѓето
- Изготвена Пилот студијата за оцена на влијанието врз здравјето на луѓетоза град Скопје и спроведена обука за методологијата која е користена во студијата
- Драфт план за воспоставување на човечки биомониторинг
- Реализирана студиска посета во Финска со поголем број на обука за управување со квалитетот на воздухот

Во текот на 2016 година се продолжи си спроведување на Законот за контрола на емисии на испарливи органски соединенија при користење бензини. Во завршна фаза е пријава и регистрација на инсталации за складирање, инсталации за полнење и празнење мобилни контејнери и бензински станици. Исто така се постапува согласно Правилникот за технички барања и стандарди за опрема за бензински станици и складирање на терминали, односно се врши усогласување на постоечките со план за

инсталирање на соодветна опрема.
Донесен е Годишен План за следење на квалитетот на екстра лесно масло за домаќинство и мазут (Службен весник на РМ, бр. 154 од 15.08.2016 година). Оваа активност се спроведува континуирано со што се имплементираат барањата на ЕУ мерката 31999L0032.
Претставници од Одделението за аналитика и известување во областа на квалитетот и емисиите во воздухот и Одделението за мониторинг на квалитетот на воздухот од МИЦЖС учествуваа на повеќе работилниции и семинари за спроведување на ЕУ мерките за подобрување на квалитетот на воздухот.

Спроведувањето на мерки од **Националниот План за заштита на воздухот** е тековно. Дел од нив ќе бидат имплементирани преку Плановите за квалитет на воздух за Град Скопје и Тетово. Мерката за Гасификацијата на РМ од Националниот План е тековна. Спроведувањето на активностите дефинирани во ИСКЗ дозволите се спроведуваат од страна на економските оператори. Во однос на мерките за намалување на загадувањето од секторот за затоплување на домовите и администаривните капацитети, Град Скопје ја спроведе мерката доделување на субвенции за набавка на печки на пелети за првите 196 домаќинста (5.860.000 денари).

## *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во текот на 2017 година, ќе продолжи усогласувањето на националното законодавство со законодавството на Европската унија, односно ќе започне подготовката на измените и дополнувањата на Законот за квалитет на амбиентен воздух со кој усогласи со Директивите 32004L0107, 32008L0050 и 32015L1480 .
Се планира донесување на веќе подготвените подзаконски акти:

- Правилник за измена и дополнување на Правилникот за методологија за инвентаризација и утврдување на нивото на емисии на загадувачките супстанции во атмосферата во тони годишно за сите видови дејности, како и други податоци за доставување на Програмата за мониторинг на воздухот на Европа (32001L0081).
- Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори (ISO и CEN стандарди).

Исто така ќе биде изготвена **Програма за работа на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух за 2018 година.**

**Институционална рамка**

Во овој период ќе се обезбеди зајакнување на капацитетите на органите кои вршат мониторинг на воздухот преку вработување нов кадар и спроведување обуки. Се планира да се обезбедат предуслови за започнување на акредитација на Калибрационата лабораторија.
Ќе се продолжи со редовно одржување на мониторинг-мрежата за воздух со која управува МЖСПП. Ќе се реализира набавка и инсталација на опремата за мониторинг на квалитет на амбиентниот воздух, со финансиски средства на ИПАТАИБ 2012/2013. Ќе се спроведат индикативни мерења на тешки метали.

Во текот на 2017 година ќе се спроведуваат предвидените мерки за намалување на загадувањето дадени во Националната програма за постепена редукција на количините на емисии на одредени загадувачки супстанции на ниво за периодот 2012-2020 година. Предвид ќе бидат земени и поедини мерки за заштита на воздухот дадени во „Националниот план за заштита на амбиентниот воздух “. **Ќе се започне со имплементација на мерките наведени во Краткорочните акциони планови за заштита на амбиентниот воздух и Плановите за квалитет на воздух за агломерацијата Скопски регион и општина Тетово**.

Ќе се подготви **инвентарот за емисии на загадувачки супстанци во воздух со податоци за 2015 година и Информативен извештај за инвентарот, каде што истите заклучно со април 2017 година и** ќе се пресметаат емисии на загадувачки супстанци по ЕМЕП гридови. Пресметките и извештаите ќе се достават до Европската агенција за животна средина и до секретаријатот на Обединети нации. Ќе се финализира извештајот „Оценка на квалитетот на воздухот за период 2010–2014 година“.

Во рамките на редовните кампањи кои ги спроведува МЖСПП, ќе се опфатат и активности кои ќе бидат насочени кон **подигнување на јавната свест за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух**, преку подготовка на брошури и промотивни материјали за квалитет на воздух.

Согласно Законот за безбедност на производи[156], ќе **се спроведува Годишниот план за контрола** на квалитетот на течните горива пуштени на пазарот во земјата кој ќе претставува основа за подготвување месечни и годишни извештаи за количините на течни горива и нивниот квалитет кои се употребуваат. Извештаите ќе бидат доставувани до Министерството за економија и МЖСПП, со цел понатамошна обработка на податоците.

Во текот на 2017 година, ќе продолжи процесот на доставување на План и Програма за постигнување на техничките барања за заштита на животната средина од страна на инсталации за складирање, инсталации за полнење и празнење мобилни контејнери и бензински станици.

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во текот на 2018 година, ќе се донесат Измените и дополнувањата на Законот за квалитет на амбиентен воздух со кој усогласи со Директивите 32004L0107, 32008L0050 и 32015L1480.

Воедно ќе се донесат следните подзаконски акти:

- Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за методологија на мониторинг за квалитетот на амбиентниот воздух (32004L0107, 32008L0050 и32015L1480).
- Правилник за измена и дополнување на Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (32010L0075).

**Програми и проекти**

Се планира целосно да се воспостави COPERT моделот за пресметка на емисии од сообраќај. Ќе се реализираатобуки замоделирање и подготовка и спроведување на планските документи за подобрување на квалитетот на воздухот.

Согласно донесените плански документи во областа на воздухот, ќе се обезбеди институционално зајакнување на Управата за животна средина со цел следење на спроведување на истите.

Во рамките на ИПА 2 се планира подготовка на **„Националната програма за постепена редукција на емисиите до 2030 година“** и „**Национален план за заштита на амбиентниот воздух**“.

Ќе се продолжи редовно одржување на мрежата за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух.

По завршување на сите потребни документи за контрола и обезбедување на квалитет на постапките за мониторинг на квалитет на воздух се планира **акредитација на лабораторијата за калибрација на инструментите од Автоматскиот мониторинг систем за квалитет на воздух во 2018 година**.

Во рамките на редовните кампањи кои ги спроведува МЖСПП, ќе се опфатат и активности кои ќе бидат насочени кон подигнување на јавната свест за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух, преку подготовка на брошури и промотивни материјали за квалитет на воздухот.

Ќе продолжи процесот на доставување на План и Програма за постигнување на техничките барања за заштита на животната средина од страна на инсталации за складирање, инсталации за полнење и празнење мобилни контејнери и бензински станици.

## 3.27.3 УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

*Фокусот ќе биде во насока на подготовка на планска документција за интегрирано регионално управување со отпад, за која се обезбедени средства преку ИПА фондовите за шест региони, како и подготовка на нова регулатива за усогласување со новите ЕУ директиви за отпад.*

### *Тековна состојба*

Во 2016 година се донесоа измени и дополнувања на Законот за управување со отпад (Сл.Весник на РМ бр. 39/16 и 63/16) со цел воспоставување правна основа во делот на издавањето на дозволите за прекугранично постапување со отпадот согласно ЕУ мерката 32006R1013 и врз основа на ова се донесе Правилникот за извоз, увоз и транзит на отпад кој се усогласи со 32006R1013(Сл. Весник на РМ Бр.107/2016 ).

Се финализираа активностите за изработка на техничка и тендерска документација за затворање на нестандардните депонии/диви депонии и се подготови технички спецификации за набавка на опрема за собирање и транспорт на отпадот за Источниот и Североисточниот регион, во рамките на ИПА проекти.

[156]Службен весник на Република Македонија бр.33/2006 и 63/2007.

Исто така, во 2016 година се реализираа планираните активности согласно проектната задача од ИПА проектот „Подготовка на проектни студии (Студии на изводливост, Студии за оцена на влијанието врз животната средина, Анализа на трошоци и добивки), главни проекти и помош при подготовка на тендерска документација за изградба на трансфер станици и депонии согласно ЕУ стандардите во Источен и Североисточен регион.
Паралелно се одвиваа и активностите од проектните задачи за други четири региони (Пелагонискиот, Скопскиот, Вардарскиот и Југозападниот) со што ќе бидат подготвени потребните документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во овие региони, а истите ќе бидат финансирани во рамки на ИПА компонента 3 - Мерка 3.2 од Оперативната програма за регионален развој (ОПРР) 2007-2009. Плановите за управување со отпад за овие четири региони се во финална фаза и се спроведува постапка за стратегиска оцена на истите.
Во септември 2016 година започна реализацијата на Твининг проектот „Зајакнување на административните капацитети за спроведување на Рамковната директива за отпад и директивите за посебните видови на отпад (пакување, батерии и отпад од електрична и електронска опрема)".
Контролата и издавањето дозволи за постапување со отпад согласно со пристигнатите барања продолжува.
Се спроведуваат активностите за регистрацијата на производители кои пуштаат на пазарот батерии и акумулатории и електрична и електронска опрема.
Претставници од Секторот за управување со отпад учествуваа на работилница за прекуграничен транспорт на отпад.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во 2017 година ќе започне подготовката на нов ***Закон за управување со отпадот*** со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 2008/98/ЕУ во рамките на ИПА Твининг-проект за зајакнување на капацитетите за управување со отпад.
Дополнително, ќе започне подготовката на: Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување (ќе се усогласи со новата ЕУ Директивата за пакување и отпад од пакување 2015/720), Закон за изменување и дополнување на Закон за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори (ќе се доусоласи со ЕУ Директива 2006/66) и Закон за изменување и дополнување на Закон за управување електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема (ќе се доусогласи со ЕУ Директива 2012/19/).

Согласно законските обврските од Законот за управување со отпад, ќе започне подготовка на нов Национален план за управување со отпад.

Исто така, во рамки на истиот проект ќе започне да се врши ревизија на Програмата за управување на отпад од пакување, Програмата за управување со отпад од електрична и електронска опрема и Програмата за управување со отпадни батерии и акумулатори. Ќе започне подготовката на измени и дополнувања на Правилникот за Листата на видови на производи кои припаѓаат во категориите на електрична и електронска опрема, со што Листата ќе се доусоласи со ЕУ Директива 2012/19.

**Институционална рамка**

Во 2017 година ќе се изработат проектните студии (Студија за изводливост, Оценка на влијание врз животната средина, Анализа на трошоци и добивки) и целокупната проектна документација за воспоставување систем за интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион во рамките на Проектот „Подготовка на потребните документи за воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион". Исто така, за Североисточниот и Источниот плански регион ќе се реализира набавка на опрема за собирање и транспорт на отпадот, како и ќе започне постапката за затворање на нестандардните депонии/дивите депонии во двата региони.

Исто така, ќе се изработат и потребните документи за воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад за Скопски, Вардарски, Југозападен и Пелагониски плански регион во рамките на Проектот „Подготовка на потребните документи за воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад за Вардарски, Пелагониски, Скопски и Југозападен регион".
Ќе се донесе и Регионален план за управување со отпад за Југоисточниот плански регион.

### *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во рамките на Твининг-проект за зајакнување на капацитетите за управување со отпад ќе се донесе нов *Закон за управување со отпадот* со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 2008/98/ЕУ. Исто така ќе се донесат Измени и дополнувања на законите кои

го регулираат управувањето со отпадот од пакување, батерии и електрична и електронска опрема, кои се усогласуваат Директивата за пакување и отпад од пакување 2015/720, ЕУ Директива 2006/66 и ЕУ Директива 2012/19.

Во текот на 2018 година ќе се изврши ревизија на Програмата за управување на отпад од пакување, Програмата за управување со отпад од електрична и електронска опрема и Програмата за управување со отпадни батерии и акумулатори.Исто така, ќе се донесат и измени и дополнувања на Правилникот за Листата на видови на производи кои припаѓаат во категориите на електрична и електронска опрема, со што Листата ќе се доусоласи со ЕУ Директива 2012/19.

Согласно законските обврските од Законот за управување со отпад, ќе се донесе нов Национален план за управување со отпад.

**Институционална рамка**

Во овој период ќе се изработат потребните документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Полошкиот плански регион.

Во овој период ќе започне спроведување на проект за изградба на интегриран систем за управување со отпад за Североисточниот и Источниот регион преку изградба на потребната инфраструктура, како депонија за отпад, потребните трансфер станици и станици за преработка на отпад.

Ќе се формира ***регулаторно тело за комунални работи***, до крајот на 2018 година, преку кое ќе се следи имплементацијата на законодавството во делот на управување со отпадот.

Ќе се зајакнат капацитетите на локалната самоуправа за спроведување на ***моделот за реформа на јавните комунални претпријатија,*** во насока на одвојување на секторот за отпад и секторот за води и формирање на регионални претпријатија за управување со комунален отпад.

Во 2019 година ќе започне ***ревизија на Стратегијата за управување со отпад на РМ*** (2008-2020).

**Програми и проекти**

**Преку ИПА програмата планирани се следните проекти:**

- Поддршка за воспоставување на регионален систем за управување со отпад - Набавка на опрема за Источен регион - првапреодна фаза, договор за набвка (01.2018-01.2019);
- Поддршка за воспоставување на регионален систем за управување со отпад - Набавка на опрема за Североисточен регион - прва преодна фаза, договор за набвка (01.2018-01.2019);
- Поддршка за воспоставување на регионален систем за управување со отпад - Затворање на нестандардни депонии во Источниот регион - прва фаза, работи, (05.2018-05.2020);
- Поддршка за воспоставување на регионален систем за управување со отпад - Затворање на нестандардни депонии во Североисточниот регион - прва фаза, работи, (05.2018-05.2020);
- Надзор на работата за затворање на нестандардните депониите во Источен и Североисточниот регион - прва фаза, договор за услуги, (05.2018-10.2020);
- Воспоставување интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион, работи, (06.2019-06.2021),
- Надзор на работите од Договорот за основање на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Источниот и Североисточниот регион, договор за услуги, (06.2019-07.2021) и
- Подготовка на неопходната документација за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Југоисточниот и Полошкиот регион, договор за услуги, (08.2018-08.2020).

### 3.27.4 КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА

*Во областа води, ќе се продолжи со усогласување на националното законодавство од областа на водите со правото на ЕУ, донесување и имлементација на Плановите за управување со речни сливови со цел подобрување на статусот на водните тела. Исто така, ќе се изработат Планови за управување со ризик од поплави за сите подрачја на речен слив со карти за ризик од поплави и штети од пополави. Ќе се идентификуваат агломерации и сензитивни подрачја на испуштање на урбани отпадни води и ќе се спроведат програми и инвестициски планови за собирање, одведување и третирање на отпадните води. Ќе се подобри управувањето со мониторингот на површински и подземни водни тела.*

***Тековна состојба***

**Правна рамка**
Во 2016 година се донесе Закон за утврдување на цени на водните услуги[157], кој ја регулира цената на водните услуги дефинира воспоставување на методологија за цена на водни услуги, надлежности во утврдување на цена на води – надлежноста на регулаторното тело за води, инспекциски надзор за имплементација на законот, улогата и начинот на работа на регулаторното телот. Ќе се постигне воспоставување на систем на наплата преку принципот „загадувачот плаќа" кој ќе биде вграден во методологијата за пресментка на води. Ќе се утврдат цени кои ќе обезбедат на јавните комунални системи формирање на финансиска структура за соодветно управување на системите за водоснабдување, одведување и третирање на отпадни води. Во текот на 2016 година,се донесоа следните: Правилник за начинот и мерките на управување на водите за капење, техничките критериуми и целите на квалитетот на водата за капење, како иначинот и постапката за информирање на јавноста за резултатите од мониторингот на водата за капење (Сл.Весник на Република Македонија бр. 129/2016) 32000L0060, 31976L0160, и 32006L0007 и Уредбата за класификација на површинските води („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 120/16), во кои се транспонирани барањата од ЕУ Директивите 31991L0271, 31991L0676 и 32000L0060.

**Институционална рамка**
Се подготвија ***Планови за управување со речни сливови***(ПУРС) за Брегалница и Струмица со Програма на мерки за постигнување на целите за квалите на животната средина. Се спроведоат активности за изработка на меѓународен ПУРС за Црн Дрим, и активности за имплементација на ПУРС за Струмица и Преспанско Езеро, како и за спроведување на мониторинг програма за водните тела. Имплементација на ПУРС за Преспанско Езеро вклучува спроведување на мерки за заштита од ерозија и реставрација на делтата на Голема река. Кон крајот на 2016 година започнааактивности за спроведување на ИПА твининг Проектот за продолжување на подготовка на ПУРС за Вардар.
Во рамки на проектот "Заштита и одржливо искористување на биодиверзитетот на Охридското, Преспанското и Скадарското езеро", имплементиран од страна на ГИЗ изготвен е Извештај кој овозможува согледување на еко состојбата на езерата според соодветни параметри, согласно препораките на Рамковната директива за води (РДВ).

Започна ИПА проект за ***Национална студија за води*** со чија реализација се очекува да се остварат следните резултати: Развој на политики и програми во областа на водоснабдувањето, собирањето и третманот на отпадните води и програма за финансирање; Идентификација на агломерации и заштитните (сензитивните) зони; Стратешка рамка за управување со милта произведена од отпадни води идетални импементациони планови за спроведување на Директивата за упрабни отпадни води и Директивата за пиење.

Во рамките на ИПА проектот "Реформа во системот за водоснабување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво'' започнаа активности за поддршка на јавните комунални претпријатија во управувањето со урбаните отпадни води, како и зајакнување на нивните капацитети.

Во рамките на ИПА проектот "Реформи на секторот води на централно ниво'' започнаа активности за изработка на Методологија за цена на вода, прописи и програми за подобрување на работата на Регулаторното тело и зајакнување на административните капацитети на телото.

Продолжи спроведувањето на активностите во рамките на ИПА Проектите компонента 3, за изградба на системите за собирање, одведување и третирање на отпадни води за градовите Струмица, и Прилеп, како и активности за рехабилитација и проширување на канализационите мрежи во Куманово, Берово и Прилеп.

Исто така, преку ИПА проектите се спроведуваат активности за изработка на проектна документација за канализациона мрежа и пречистителни станици за следните населени места: Тетово Битола, Кичево II фаза Велес и Штип.

**Административни капацитети**
Во насока на зајакнување на административните капацитети на секторот за води, во рамките на Проектот за „Превенција, подготвеност и одговор на поплави во земјите од Западен Балкан и Турција – ИПА ПОПЛАВИ" беа спроведени обуки за управување со ризик од поплави на национално, регионално и ЕУ ниво во земјите од Западен Балкан вклучувајќи ја и Турција.

За зајакнување на капацитети во рамките на Регионална мрежа за животна средина и климатски промени - ECRAN (Environmental and Climate Regional Accession Network се спроведоа обуки, работилници и други активности за спроведување на Рамковната директива за води, Плановите за управување со речните сливови, Адаптација кон климатските промени итн.

[157]*Службен Весник на Република Македонија бр. 7/2016*

Во рамките на Проектот за рехабилитација, реконструкција и доградба на цевководот за собирање на отпадните води од Охридскиот Регион, кој е финансиран од ЈИЦА, подготвен е Извештај за рехабилитација, реконструкција и доградба на цевководот кој ќе се спроведе во наредниот период.

Во рамките на проектот "Студија за финансирање, изградба и работа на пречистителната станица за Град Скопје, кој е финансиран од Француската влада, започната е изработка на документација за изградба на пречистителната станица во градот Скопје.

Со поддршка на Швајцарската Влада се спроведоа активности за изградба на системите за собирање, одведување и третирање на отпадни води за градовите Гевгелија и Кочани.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во овој период, ќе се донесе подзаконск акт согласно Законот за водите, со што ќе се обезбеди понатамошно усогласување со соодветните правни акти на ЕУ во областа на водите.

**Институционална рамка**

Во насока на подобро управување со речните сливови, во 2017 година ќе продолжат подготвителни активностите за изработка на *Планот за управување со речен слив на реката Црн Дрим* и ќе продолжат да се реализираат предвидените активности за имплементација на ПУРС Струмица и Преспанско Езеро. Во рамките на проектот за спроведување на ПУРС Струмица ќе започне и изработката на Катастар на подземни води за целата територија на Република Македонија.
Во овој период, ќе се имплементираат превидените актовности од Планот за управување на сливот на Преспанско Езеро, при што ќе се спроведат мерките за заштита од ерозија во сливот на Преспанското Езеро и ќе се изврши реставрација на делтата на Голема Река, како и искористување на постоечките (напуштени) рибници во рамките на „Езерани" за обезбедување дополнителен/терцијарен третман на отпадните води од постоечката пречистителна станица. Во овој период ќе продолжат активностите и во рамки на *ИПА твининг Проектот за Вардар* со подготовка на подзаконски акти, надградба информативниот систем за води, изработка на драфт дозволи за испуштање и користење на вода, надградба на мониторинг системот и подготовка на програма на мерки и предлог ***ПУРС Вардар***.

Во 2017 година, ќе се дефинираат агломерации и чувствителни зони на урбани отпадни води, ќе се дефинираат потребните инвестиции и имплементационите планови за *Директивата за третман на отпадните води и Директивата за вода за пиење*. Исто така ќе се подготви и ***Планот за управување со милта***, во рамки на ИПА проектот „Техничка помош за подготовка на Национална студија за води".

Ќе заврши изградбата на пречистителна станица во Прилеп, Гевгелија, Струмица , Кичево и Радовиш . Ќе се реконструирира и надгради делот од канализационата мрежа во Прилеп, Берово и Куманово, во рамките на ИПА Компонента 3.

Во рамките на ИПА проектот "Реформа во системот за водоснабување, собирање и прочистување на урбаните отпадни води на локално ниво"ќе завршат предвидените активности за поддршка на јавните комунални претпријатија во управувањето со урбаните отпадни води, како и зајакнување на нивните капацитети.
Во рамките на ИПА проектот "Реформи на секторот води на централно ниво" ќе завршат активностите за изработка на методологија за цена на вода, прописи и програми за подобрување на работата на Регулаторното тело и зајакнување на административните капацитети на телото.

Во рамки на ИПА проект, во 2017 година ќе започне надградба и рехабилитација на канализациона мрежа на Град Скопје.Во рамките на проектот "Студија за финансирање, изградба и работа на пречистителната станица за Град Скопје, кој е финансиран од Француската влада, ќе заврши изработката на документација за изградба на пречистителната станица во градот Скопје.

Во рамките на проектот за *рехабилитација, реконструкција и доградба на цевководот за собирање на отпадните води од Охридскиот Регион* во овој период ќе завршат предвидените активности.

Во рамки на ИПА проект ќе започне надградбата и рехабилитација на канализациона мрежа на Град Скопје.

Во овој период ќе се изработат физибилити студии и техничка документација за подобрување на собирањето и третман на отпадните води во Гостивар, Кавадарци, Дебар, Велес и Штип.

Исто така предвидено е зајакнување на административните капацитети во управувањето со водите на Секторот за води преку одржување обуки, работилници и тренизни во рамки на Проектот за „Превенција, подготвеност и одговор на поплави во земјите од Западен Балкан и Турција – ИПА ПОПЛАВИ“ , како и во рамките на останатите проекти .

***Среднорочни приоритети***

**Правна рамка**

Во текот на 2018 година, ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за водите, со кој се врши доусогласување со ЕУ мерките 32000L0060, 31991L0271, 31991L0676 и 32006L0118. Согласно истиот ќе се донесат подзаконски акти, со кои ќе се транспонираат наведените ЕУ мерки32000L0060, 31991L0271, 31991L0676, 31998L0083, 31978L0659, 31980L0068, 31996L0082 и 32006L0118.

Во овој период, ќе се продолжи донесувањето на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за водите, со што ќе се обезбеди понатамошно усогласување со соодветните правни акти на ЕУ во областа на водите.

**Пргрaми и проекти**

Во овој период се очекува да биде подготвен ПУРС на Вардар. Ќе продолжат активностите заподготовка на ПУРС на Црн Дрим. Во однос на ПУРС за Струмица ќе се продолжат предвидените активности за имплементација. Во рамките на проектот за спроведување на ПУРС Струмица ќе заврши изработката **на Катастар на подземни води за целата територија на земјата**.

Во овој период ќе заврши имплементација на ИПА твининг Проектот за Вардар со подготвени подзаконски акти, ќе биде надграден информативниот систем за води и мониторинг системот и ќе биде подготовена програма на мерки и предлог ПУРС Вардар.

Во рамки на ИПА проект ќе продолжи надградбата и рехабилитација на канализациона мрежа на Град Скопје.

Во рамки на ИПА проект ќе започне надградбата и рехабилитацијата на канализациона мрежа на Град Кичево.

Во рамки на ИПА проект ќе започне надградбата и рехабилитацијата на канализациона мрежа и изградба на пречистителан станица за отпадни води на градовите Битола и Тетово.

Исто така,во целостќе бидат спроведени обуките за зајакнување на административните капацитети во управувањето со водите на Секторот за води во рамки на Проектот за „Превенција, подготвеност и одговор на поплави во земјите од Западен Балкан и Турција – ИПА ПОПЛАВИ“ и ИПА твининг Проектот за ПУРС Врадар.

Во 2018 година, во рамки на ИПА 2 ќе започне спроведување на Проектот за имплементација на **Директивата за поплави** со подготовка на План за управување со поплави со предвидени мерки за ризик од поплави. Во рамки на истиот ќе се спроведат активности за транспонирање на барањата на ЕУ Директивата за поплави и активности за проценка на ризикот на поплави и подготовка на планови за ризик од полави за секој речен слив со карти за ризик од поплави и карти на критични подрачја.

За **надградба и одржување на мониторинг мрежа на површински и подземни водни тела**, се предвидува да започнат активности за воспоставување на мрежата во рамки на во рамките на ИПА 2, 2018 - 2019 година, истото е законска обврска и обврска согласно Рамковнста Директива за води.

## 3.27.5 ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА

*Во насока на унапредување на заштитата на природата, планирано е понатамошно хармонизирање на националното законодавство со законодавството на ЕУ за заштита на природата, преку усогласување на Законот за заштита на природата со ЕУ Директивата за живеалишта и ЕУ Директивата за птици, изработка на подзаконските акти, како и идентификација на идните потенцијални Натура 2000 подрачја. Со тоа ќе се овозможи поефикасна заштита на природата преку донесување на стратешки документи како Националната стратегија за биолошка разновидност со Акционен план, Националната стратегија за заштита на природата и Црвена листа за најмалку една таксономска група. Ќе се продолжи со зајакнување на администартивните капацитети.*

***Тековна состојба***

Изготвен е **нацрт нов Закон за заштита на природата**, во кој се транспонираат одредбите од Директивата за заштита на природните живеалишта и на дивата фауна и флора (31992L0043) и Директивата за диви птици(2009/147/ЕЗ), во рамки на ИПА проект: Зајакнување на капацитетите за имплементација на Натура 2000. Главни цели на ИПА проектот се зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за имплементација на законодавството за заштита на природата, особено барањата на ЕУ Директивата за птици и Директивата за живеалишта. Беа изработени подзаконски акти, кои се однесуваат на Натура 2000; спроведени се тренинг модули за прашања поврзани со Натура 2000 и изработена е Web страна и брошури за Натура 2000. Започнати се активности за идентификација на живеалишта и видови на национално ниво согласно директиивите за живеалишта и птици, како и идентификација на потенцијални пилот подрачја за Натура 2000.

Согласно Законот за заштита на природата[158] (заради заштита на пештерската флора и фауна, палеонотолошките наоди, геолошко-минералошките и хидролошките појави во спелеолошките објекти и нивната непосредна околина, донесен е Правилник замерките и активностите за заштита на спелеолошките објекти [159].
Изработена**е Нацрт-Национална стратегија за заштита на природа со Акционен План (2017-2027),** во рамки на Проектот: "Програма за зачувување на природата на Македонија", финансиран од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) и Извештај за стратегиска оцена на животната средина за Националната стратегија за заштита на природата (2017-2027).

Исто така, изработена е **Студија за геодиверзитетот и геонаследството на Република Македонија** и другите компоненти на природата (биолошка и пределска разновидност) како стручна научна основа за изработка на стратегијата. Изработена е Студија заприродно наследство со предлог на нови заштитени подрачја во Источниот плански регион и одржани се тренинг модули за заштита на природата со претставници од општините од Источен Плански Регион.

Во текот на 2016 година, Република Македонија работеше на исполнување на препораките на Бернската конвенција во однос на отворениот случај за НП Маврово. На последното собрание на Комитетот на Бернската конвенција ноември 2017 година, беше потврдено дека земјата ќе продолжи во насока на остварување на препораките се до нивно исполнување.

**Меѓународна/билатерална соработка**
Во рамките на билатералната соработка помеѓу Република Македонија и Република Словенија во координација помеѓу министерствата за животна средина и просторно планирање на двете земји, одржани се работилници и студиска посета преку кои се пренесени искуствата на Словенија за воспоставување и развој на Натура 2000, за управување со Натура 2000 подрачја, искуства во спроведување на инфраструктурни проекти во заштитени подрачја/Натура 2000 (проблеми, предизвици, можности и поврзаност на SEA и EIA процедури со Директива за живеалишта) и подготовка и спроведување на LIFE проекти во областа на заштитата на природата.

Прекуграничната соработка за заштита на природата е унапредена во рамки на иницијативата за формирање Фонд за природа Преспа - Охрид.

Во 2016 година се зајакна соработката на МЖСПП со меѓународни организации од областа на заштитата на природата (УНЕП, УНДП, ИУЦН, СДЦ, WWF, РЕК, ГИЗ и др.).

МЖСПП, Управа за животна средина стана член на Меѓународната унија за заштита на природата (ИУЦН).

*Во насока на зајакнување на капацитетите беа спроведени/посетени следните настани:*
Одржани се тренинг-обуки и работилници на теми поврзани со ЕУ политики за заштита на природата, преку кои беа унапредени знаењата на вработените во Секторот за природа. Одржан е Инфо ден, посветен на презентација на Програмите на Унијата, особено на Програмата Живот + (СЕП, 23.03.2016 ).Одбележан е Меѓународниот ден за биодиверзитетот - 22 мај во Национален парк Галичица.

Во рамките на ЕКРАН проектот („Регионална мрежа за пристапување во областа на животната средина и климата“) земено е учество на работилница за Соодветна оценка (АА), Анкара, Р.Турција - 24-27.04.2016 година.

Сектор за природа земаа учество на Работилница во рамки на ТЕМИС мрежа за спроведување на законодавството во заштитени подрачја и вршење на инспекција од аспект на заштита на природа и заштита на води со прекуграничен

[158]Службен весник на Република Македеонија бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16
[159]Службен весник на Република Македеонија бр.71/2016

осврт,работилница - ГИЗ Регионален фонд за биодиверзитет за Југоисточна Европа.Продолжија активностите за прогласување заштитени подрачја на територијата на земјата.

Во период од 11-12.02.2016 беше одржан стручен испит за полагање за чувар во Парк на природа Езерани и Споменик на природа Преспанско Езеро. Со тоа се унапредени знаењата и вештините на чуварите на двете заштитени подрачја.

Се зајакна соработката на МЖСПП со Јавните установи Национален парк Пелистер, Национален парк Маврово и Национален парк Галичица и останатите субјекти за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, јавните претпријатија, агенциите, научните и стручните институции, останатите засегнати страни (фармерите, сопствениците на земијште, ловците и риболовците) и невладините организации инволвирани во заштита на природата, преку организирање состаноци и обуки, особено во рамките на IPA проектот за зајакнување на капацитетите за имплементација на Натура 2000.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Согласно Законот за заштита на природата ќе продолжи процесот на прогласување заштитени подрачја.

Ќе се донесе **Националната стратегија за биолошка разновидност со Акционен план** и **Националната стратегија за заштита на природата со Акционен План (2017-2027)**.

**Институционална рамка**

Во 2017 година, ќе се зајакнат капацитетите на Секторот за природа со нови вработувања.

Ќе се спроведат обуки за подигнување на јавната свест за значењето на еколошката мрежа Натура 2000 и за спроведување ЕУ мерки од областа на заштитата на природата.

Ќе се продолжи со идентификација на типовите на живеалишта и на дивите видови од европско значење, како и на потенцијалните пилот подрачја за Натура 2000, согласно Директивата за заштита на природните живеалишта и на дивата фауна и флора и Директивата за диви птици.

Ќе започне со реализација ЕУ ИПА (ТАИБ 2012-2013) - Twining проект за зајакнување на капацитети за ефективна имплементација на законодавството во областа на заштита на природата. Во рамките на кој ќе се започне со изработка на студии за валоризација и нацрт-планови за управување за две пилот заштитени подрачја (потенцијални Натура 2000 подрачја) и национална методологија за спроведување на мониторинг на биолошката разновидност, за видови од значење за ЕУ.

Во рамки на ГЕФ/УНЕП проект за заштита на биодиверзитетот преку ефективно управување со заштитените подрачја и одржување на биодиверзитетот во планирањето на користењето на земјиштето ќе се започне со изработка на студии за валоризација и планови за управување за две нови идни заштитени подрачја и ќе се изработи Црвена листа за најмалку една таксономскла група.

Во рамки на ИПА 2 ќе се започне со реализација на Грантова шема за управување и заштита и зачувување на природата на заштитените подрачја во земјата.

Ќе се започне со реализација на проект: Програма за заштита на природата, II дел, донација на Швајцарска влада, со следните цели: екосистемски услуги, продолжување на постапка за валоризација на природно наследство и јакнење на капацитети за управување со природни ресурси.

Исто така, ќе се зајакнат капацитетите на МЖСПП, Јавните установи Национален парк Пелистер, Национален парк Маврово и Национален парк Галичица и на останатите субјекти за управување со заштитени подрачја преку одржување тренинг-обуки и работилници.

Во текот на 2017 година, ќе се унапреди соработката на МЖСПП со меѓународни организации од областа на заштитата на природата (УНЕП, УНДП, ИУЦН, СДЦ, WWF, РЕК, ГИЗ и др.).

Ќе се зајакне соработката на МЖСПП со Јавните установи Национален парк Пелистер, Национален парк Маврово и Национален парк Галичица и останатите субјекти за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските

служби, јавните претпријатија, агенциите, научните и стручните институции, останатите засегнати страни (фармерите, сопствениците на земијште, ловците и риболовците) и невладините организации инволвирани во заштита на природата, преку организирање на состаноци, работилници и тренинг-обуки.

***Среднорочни приоритети***

**Правна рамка**

Во 2018 година ќе се донесе нов Законот за заштита на природата со цел негово усогласување со ЕУ Директивите за хабитати и птици.Ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се обезбеди понатамошна транспозиција со ЕУ директивите за живеалишта и птици како што се:Уредба за утврдување на Национална еколошката мрежа како и мерките за заштита на подрачјата од еколошката мрежа Уредба за Листите на Европските типови живеалишта и Европските видови, вклучувајќи ги и приоритетните Европски типови живеалишта и приоритетните Европски видови за кои е потребно да се определат Европски области и Листата на видовите птици за кои е потребно да се определат Европски области за птици; Правилник за критериуми за избор на локалитетите кои се соодветни за идентификација и утврдување како Европски области и Правилник за формата и содржината на образецот за податоци за Европска област и Европска област за птици.

Согласно обврските кои произлегуваат од **Законот за заштита на природата**, ќе продолжи процесот на прогласување заштитени подрачја.

Ќе се утврди Националната еколошка мрежа во чиј состав влегуваат еколошки значајните подрачја, системот на еколошките коридори, системот на заштитени подрачја и предложени подрачја за заштита и еколошки значајните подрачја за ЕУ-Натура 2000 при што ќе се транспонираат ЕУ мерките 32009L0147, 31992L0043 и 31997D0266.

Во рамки на ГЕФ/УНЕП проект за заштита на биодиверзитетот преку ефективно управување со заштитените подрачја и одржување на биодиверзитетот во планирањето на користењето на земјиштето ќе се изработат студии за валоризација и планови за управување за две нови идни заштитени подрачја и ќе се изработи Црвена листа за најмалку една таксономскла група.

Во рамки на ИПА II ќе се продолжи со реализација на Грантова шема за управување и заштита и зачувување на природата на заштитените подрачја во земјата.

Ќе се продолжи со реализација на проектот: Програма за заштита на природата, II дел

Ќе се продолжи со идентификација на типовите на живеалишта и на дивите видови од европско значење, како и на потенцијалните пилот подрачја за Натура 2000, согласно Директивата за заштита на природните живеалишта и на дивата фауна и флора (31992L0043) и Директивата за диви птици. (2009/147/ЕЗ).

Во рамки на ЕУ ИПА (ТАИБ 2012-2013) - Twining проект за зајакнување на капацитети за ефективна имплементација на законодавството во областа на заштита на природата ќе се изготват студии за валоризација и нацрт-планови за управување за две пилот заштитени подрачја (потенцијални Натура 2000 подрачја) и ќе се изработи национална методологија за мониторинг на биолошката разновидност, за видови од значење за ЕУ.

Заради унапредување на управувањето со системот на заштитени подрачја, ќе се определат субјекти за управување со прогласените заштитени подрачја и ќе се зајакнат нивните капацитети преку спроведување тренинг-обуки.

**Институционална рамка**

На среднорочен план, се предвидува зајакнување на капацитетите на Секторот за природа, преку нови вработувања.

Ќе се спроведат обуки за подигнување на јавната свест за значењето на еколошката мрежа Натура 2000 и за спроведување ЕУ мерки од областа на заштитата на природата.

## 3.27.6 КОНТРОЛА НА ИНДУСТРИСКОТО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

*Во наредниот период ќе се транспонира и имплементира новото законодавство за индустриски емисии односно Директивата 32010L0075 како и зајакнување на капацитетите.*

***Тековна состојба***

Согласно временскиот распоред за поднесување барање за добивање дозвола за усогласување со оперативенплан, вотекот на 2016 година, во МЖСПП се доставени вкупно 6 нови барања за добивање А–ИСКЗ дозвола, со што вкупната бројка на доставени барања изнесува 153. Во 2016 се издадени 3 А–интегриранани еколошки дозволи, и 1 Измена на А-Интегрирана еколошка дозвола.

Изготвени се 5 нацрт А-интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план, во фаза на дополнување се 12 нацрт А-интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план. Во фаза на разгледување се 10 барања за добивање на А-интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план. Дозволите за усогласување со оперативен план ја утврдуваат динамиката за постигнување на стандардите со цел добивање интегрирана еколошка дозвола. Со цел изготвување на база на издадени дозволи,се води регистар на издадени А и Б интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план.

Во тек е спроведувањето на ИПА твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за транспонирање и спроведување на Директива за индустриски емисии 2010/75/ЕУ ".Главната цел на проектот е зголемување на ефикасноста во подготовките на земјата за влез во ЕУ преку зајакнување на административните капацитети на Министерството за животна средина и просторно планирање/Управата за животна средина, како и единиците на локалната самоуправа при транспозиција и имплементација на новата Директива за индустриски емисии 2010/75/ЕУ. Во рамките на Твининг Проектот се реализираа две студиски посети во Австрија и Шпанија каде беа посетени неколку инсталации од различни индустриски сектори.

Вообласта на спречувањето на хавариите со присуство на опасни супстанции подготвен е Нацрт-правилник за видовите на опасните супстанции и количините за присуство на опасните супстанциикој се усогласува со Директивата СЕВЕСО III32012L0018. Во тек е евалуација на првиот Извештај за мерки на безбедност.

Во однос на активностите во делот на еко–етикетирање, сереализираа активности за информирање на јавноста за значењето на еколошкото означување сообјавување на информации преку електронските медиуми, како и на интернет страницата на МЖСПП. Воедно, МЖСПП учествуваше на повеќе работилници и конференции кои имаазацел поттикнување на зелената потрошувачка.

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Во овој период, ќе продолжи разгледувањето на добиените барања за добивање интегрирани еколошки дозволии за усогласување со оперативен план и изработка на нацрт-дозволи за истите. Истовремено,ќе се изработуваат дозволите и ќе се спроведуваат сите процедури согласно постапката за добивање интегрирани еколошки дозволии дозволи за усогласување со оперативен план. При тоа, особено ќе се вложат напори во делот за учество на јавноста во издавањетона дозволите.

Во областа на еколошко етикетирање, ќе се продолжи со промоција на производи или вршители на услуги на кои им е доделена еколошка ознака.

**Институционална рамка**

Во рамки на ИПА твининг проектот „Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за транспонирање и спроведување на Директива за индустриски емисии 2010/75/ЕУ "како дел од компонента 3 ќе се подготови Програма за јакнење на администартивните капацитети за спроведување на Директивата за индустриски емисии 2010/75 ЕУ. Ќе се изработи проценка на Економското влијание за транспонирањето и имплементирањето на Директивата за индустриски емисии врз индустријата и државата на централно и локално ниво. Економската процена ќе покаже колку ќе чини воведувањето на новите достапни технологии согласно директивата кај индустријата, како и за државата.

Поврзано со ова, во овој период предвидено е започнување на активностите за спроведување проект за еколошко означување на најмалку 10 капацитети за туристичко сместување и проект за воведување на најмалку 10 еколошко означени производии услуги.

***Среднорочни приоритети***

**Правна рамка**

Во 2018 година ќе се донесе нов Закон за индустриски емисии кој ќе ја транспонира Директива за индустриски емисии 2010/75/ЕУ.

Во областа на спречувањето на хавариите со присуство на опасни супстанци ќе биде донесен Правилник за поблиски критериумите врз основа на кои се определува во кои случаи се смета дека одредена несреќа е хаварија како и Правилник за видовите на опасните супстанции и количините за присуство на опасните супстанции, усогласени со Директивата CEBECO III ( 32012L0018).

Во овој период планирано е дефинирање на прелиминарна листа на оператори каде евентуална хаварија со присуство на опасни супстанции може да има прекугранични последици.

Во зависност од одобрените финансиски средства, предвидено е продолжување на активностите во однос на проектите за еколошко означување.

Во областа на интегрирано спречување и контрола на загадувањето, ќе се спроведат обуки за спроведување на постапката за издавање интегрирани еколошки дозволи.

## 3.27.7 ХЕМИКАЛИИ

***Тековна состојба***

Со усвојувањето на систематизација на Министерството за здравство, во 2016 год, Секторот за хемикалии и контролирани супстанции, во својот состав го вброи и одделението за инспекциски надзор (досега во надлежност на Државниот санитарен и здравствен инпекторат).
Во периодо 2016-2017 год се обновија и дополнија регистрите на компании за: промет со хемикалии; за промет со прекурзори; производство со хемикалии; производство со примена на прекурзори, како и за препарати од групата на хемикалии (индустриски хемикалии, биоциди и детергенти) кои можат да бидат пуштени во промет на територија на Република Македонија.
Со цел поголема достапност на препарати кои имаат свои специфики на примена за различна области, а се вклучени во групата на хемикалии, по иницијатива на бизнис заедницата и по анализа на состојбите во регионот, дојде до намалување на цените на администртативните трошоци за постапките за регистрација.
Хемикалиите кои се потребни во процесите на индустриско производство се обезбедуваат во најголем процент со увоз. Одобрувањето на увозот се врши преку електронско аплицирање во системот EXIM со што постапкаа е исклучително брза и транспарентна, а може да се аплицира од секој компјутер со обезбедување на соодветен дигитален сертификат за пристап во системот. Операторите, како составен дел на документацијата која се поднесува, доставуваат и безбедносен лист издаден од Европската Унија (MSDS), во кој се содржат сите неопходни податоци и меки за безбедност при ракување со хемикалијата.
Со цел да се зголеми транспарентноста, да се објаснат и поедностават постапките од областа на хемикалиите на индустријата и операторите, се имплементираше одредбата од Законот за хемикалии, во поглед на одредување на т.н.help desk или можност за секојдневна консултација на вработен од секторот.
При постапките за хемикалии се применува во целост Регулативата на ЕУ за класификација, пакување и означување на биоцидни производи, како и REACH- Regulation (EC) No 1907/2006 Registration, Evaluation, Authorization and Restriction of Chemicals, за регистрација, евалуација, авторизација, рестрикција на хемикалиите.
Оформена е Комисијата за регистрација на хемикалии која покрај претставници на секторот вбројува и истакнати научни работници од неколку научно-истражувачки установи. Вкупно во Република Македонија регистрирани се 220 препарати од кои 99 % по скратена постапка, бидејќи доаѓаат од земји на ЕУ.
Се пристапи кон спроведување и на специфични обуки на лицата одредени за инспектори и во поглед на законската регулатива која опфаќа прекршочни мерки, но и во поглед на специфичните аспекти на хемикалиитеи и имплементирањето на регулативата. Покрај обуката инспекторите положија и испит организиран од Инспекцискиот Совет на Реепублика Македонија и се подготвени за спроведување на стручен надзор над имплементацијата на законската регулатива.
Во 2016 год отпочна и регионален IPA проект "Подготвителни мерки за учество на земјите кандидати и потенцијални кандидати за ЕУ и нивна соработна со Европската агенција за хемикалии (ECHA)" Во рамките на различните форми на соработка и учество на состаноци и семинари беа вклучени представници на Секторот за хемикалии, Инспекцискиот Совет на Република Македонија, Клиниката за токсикологија, Институтот за јавно здравје, Институот за предклиничка и клиничка фармакологијансо токсикологија. Некои од средбите беа:
-11 „Ден на Европската Агенција за хемикалии" на 24-25 мај и Форум за хемикалии 26-27 мај 2016 во Хелсинки.

- 8 ноември 2016 година - Отворена сесија на 25тиот состанок на  форумот за размена на информации за спроведување на Европската Агенција за хемикалии  во Хелсинки, и
- Работилница за спорведување на 28-29 септември 2016 во Белград, во рамки на ИПА проект.

Исто така, беше овозможено 2 месечна електронска едукација за 2 лица при Министерство за здравство и потоа со организирано полагање на  тест за потврда на стекнатото знаење **- *Toxicology e-Learning module for IPA* course "*Beginner's Guide to Toxicology*".**Тестот беше успешно комплетиран.

По барања на Граѓанската асоцијација „Институтот за бизнис образование КОНЦЕПТ" и на Стопанската комора на Република Македонија, а по иницијатива на претставниците на индустријата, беа одржани 6 еднодневни работилници во квартална временска рамка на која раководителот на секторот за хемикалии ги објасни постапките за регистрација и пуштање во промет на препарати од Република Македонија во Европската Унија, регулативата REACH за регистрација, евалуација, авторизација и огранчување, како и одредбите на  CLP регулативата за класификација и пакување при регистрација на производи од не ЕУ производители, софтверските алатки кои ги пружа ЕК во рамките на Европската Агенција за хемикалии. Претставниците на бизнис секторот во евалуацијата, дадоа силна подршка за спроведените обука, а ги  истакнаа и темите кои се од нивен интерес во регулативата кои ценат во иднина да бидат исто така обработени на средба во сличен формат.
Во овој период продолжи транспонирањето на ЕУ мерките во националното законодавство во делот на управувањето со средствата за ладење. Министеството за животна средина и просторно планирање ги подготви следните  подзаконски акти:

- Нацрт-правилник за видот на категории на лиценци за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење  ( ЕУ мерка  32014R0517).
- Нацрт-правилник за програмата за полагање на стручен испит од областа на постапување со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење ( ЕУ мерка  32014R0517).
- Нацрт Правилник за формата и содржината на уверението за полагање на стручен испит ( ЕУ мерка  32014R0517).

Во 2016 година спроведена е иницијална процена на присуството на жива во земјата преку процена на правната рамка за управување со жива.

## *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во 2017 година планирано е усвојување на Правилник за видот на категории на лиценци за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење, Правилник за програмата за полагање на стручен испит од областа на постапување со средства за ладење и/или со производи кои содржат средства за ладење и Правилник за формата и содржината на уверението за полагање на стручен испит.
Во однос на хемикалиите, претставниците на Министерство за здравство учествуваа на Работилница запроценка на ризици на 5-6 април 2017 во Тирана и  на 12ти „Ден на Европската Агенција за хемикалии" во Хелсинки, април 2017 г. и 10 годишната прослава на ECHA и хелсиншкиот форум за хемикалии 7-9 јуни 2017 година.

**Институционална рамка**

Во 2017 година планирано е да започне спроведување на процена на институционалната рамка за управување со жива и дефинирање на иницијален инвентар на жива.
Зголемување на бројот на извршители – инспектори за хемикалии при Министерство за здравство, особено со назначување на под инспектори.

## *Среднорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во овој период ќе продолжи транспонирањето на ЕУ мерките во националното законодавство во делот на управувањето со средствата за ладење со донесување на Правилник за формата и содржината на Регистарот за издадените,  одземените и продолжените лиценци за постапување со средства за ладење и/или производи кои содржат средства за ладење, како и лиценците кои престанале да важат и начинот на неговото водење ( ЕУ мерка  32014R0517).

Во  2018 година планирано е финализирање на инвентар на жива, како и  идентификација на изворите на емисии на жива.

Во 2018 година планирано е да се направи Анализа на Законот за хемикалии[160] во поглед на усогласеност со ЕУ регулативата. По што ќе следи транспонирање на новите регулативи на ЕУ како: 32016R0009, 32016R0918, 32016R1179, 32017R0999, 32017R0776 и 32017R0542 во Законот за хемикалии и соодветните законските акти.

**Институционална рамка**
Зајакнување на капацитетите на Инспекциската служба при Министерство за здравство, со цел превземање конкретни мерки и активности за зачувување на здравјето и животот на луѓето, пред се. Во таа смисла се подразбира поголема имплементација на законските одредби за обезбедување на потребните филтри, задолжително поставување на мерни инструменти во просториите каде се произведуваат хемикалиите, како и соодветно постапување со остатоците од хемикалиите од процесот на производство, не само таложење туку и нивно неутрализирање.

## 3.27.8 ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНИ ОРГАНИЗМИ

*Ќе се зајакнат капацитетите на национално ниво за ефективно спроведување на Законот за генетски модифицирани организми.*

### *Тековна состојба*

Се подготви работна верзија на измени и дополнувања на Законот за генетски модифицирани организми, во однос на разграничување на надлежности на одговорни органи на државна управа, како и се направија други подобрувања на текстот на законот во делот на проценка за ризикот за управување со ГМО.

### *Краткорочни приоритети*

**Институционална рамка**
Надлежен орган за подрачјето генетски модифицирани организми за спроведување на Законот за генетски модифицирани организми и прописите донесени врз основа на овој закон е МЖСПП. Во рамките на Управата за животна средина (УЖС), Секторот за природа има Одделение за генетским одифицирани организми со предвидени работни места поврзани со следење на состојбата со ГМО при ограничено користење, намерно ослободување во животна средина, пуштање на пазар итн. Моментално, во Одделението за генетски модифицирани организми има вработено само 1 лице.

Врз основа на Законот за безбедност на храна, Агенцијата за храна и ветеринарство е надлежна за издавање одобренија за производство на храна од ГМО *(за повеќе детали види поглавје 3.12 Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика).* Надлежности во управувањето со ГМО има и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), во делот на постапката за пуштање на ГМО производина пазар.

### *Среднорочни приоритети*

Ќе започне да се разгледува можноста за започнување на постапка за ратификација на **Протокол за одговорност и надомест на штета согласно член 27 од Картагенскиот Протокол за биосигурност.**

## 3.27.9 БУЧАВА

*Ќе се продолжи со спроведуваето на националното законодавство за бучава, како и понатамошно усогласување со законодавството на ЕУ од оваа област.*

### *Тековна состојба*

Во рамките на ИПА проектот„Зајакнување на капацитетите на централната и локалната власт за спроведување на законодавството во областа на животната средина на локално ниво", изработени се две Уатства и тоа :Упатство за контрола на емисии на бучава во Б дозволи и Упатство за изготвување на акционен план за бучава, за олеснување на процесот на изработка на овие стратешки карти. Прирачниците подготвени во рамките на овој проект се преведени на македонски јазик.
Се подготви ТАИЕКС апликација за одржување работилница за запознавање со Директивите 31984L0372, 31989L0629 и 31998L0020 се цел транспонирање во Правилник за поблиски извори на бучава како и условите за заштита од бучава предизвикана од патен, железнички, воздушен и воден сообраќај.

---
[160]Службен весник на Република Македонија, бр. 145 / 10 ; 53 /11;164 /13 ; 116 /15 ; 149/15; 37/2016 )

Се подготви и достави ТАИЕКС апликација за одржување на експертска мисија за подготвување на стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава. Планирано е експертската мисија да се одржи во рамките на Одделението за бучава при Управата за животна средина и на истата да учествуваат покрај раководителот на Одделението за бучава и претставници на Лабораторијата за животна средина како и претставници од Град Скопје, општина Куманово, Општина Тетово и Општина Битола. Од експертската мисија се очекува вработените во МЖСПП и општините кои се задолжени да подготвуваат стратешки карти за бучава да се здобијат со знаење за користење на софтверот за бучава, кои се потребни податоци за внесување во софтверот за бучава како и начин на управување со истиот.
Исто така, со оглед на тоа што за набавениот софтвер постои еден клуч кој мора да биде внесен за да може да се работи на истиот, направен е распоред на предавање на клучот помеѓу МЖСПП и четирите општини, односно секој месец по 6 дена кај секој од корисниците во кој рок ќе можат собраните податоци да се внесат во рамките на софтверот за бучава.
Договорено е е на секои 3 месеци МЖСПП да организира состанок со општините Град Скопје, Куманово, Битола и Тетово на кој што ќе се прикажат спроведените активности во однос на извршени мерења на определени места во агломерациите, а кои податоци ќе бидат искористени и за подготовка на стратешки карти за бучава.

### *Краткорочни приоритети*

**Институционална рамка**
Во однос на следењето на бучава, во МЖСПП се собираат и обработуваат податоци од мерења на комуналната бучава кои ги вршат Институтот за јавно здравје и 10 центри за јавно здравје, од кои само 3 центри (Битола,Куманово и Кичево) собираат и обработуваат податоци од мерењата од други лаборатории, кои се однесуваат на бучавата создадена од различни категории создавачи на бучава (индустрија, аеродроми, угостителско-туристички капацитетии други активности).
Воспоставена е државната мрежа за мониторинг на бучава во животната средина прекудонесувањето на Одлуката за формирање на државна мрежа за следење на животната средина.
Во 2017 година ќе се спроведуваат активности во врска со изработка на стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава, со што ќе се добие целосна слика за нивото на бучава во животната средина, како и мерките кои ќе бидат превземени со цел намалување на нивото на бучава, а со тоа и намалување на штетните ефектикои произлегуваат од истата.
Исто така, се планира зајакнување на капацитетите на ЕЛС за управување со бучавата на локално ниво преку вработувања испроведување на обуки, кои се однесуваат првенствено за спроведување на законодавството од областа набучавата во животната средина на централно и локално ново.

### *Среднорочни приоритети*

***Правна рамка***
Во текот на 2018 година, ќе се донесе подзаконски акт за поблиските видови на посебни извори на бучава, како иусловите за заштита од бучавата предизвикана од патен, железнички, воздушен и воден сообраќај, со кој ќе сеизврши транспонирање на следните ЕУ мерки: 31984L0372, 31989L0629 и 31998L0020. Со донесување на овојправилник, ќе се уреди контролирањето на бучавата, која потекнува од патниот, железничкиот и водниот сообрќај иќе се утврдат стандардите за заштита од бучавата во животната средина предизвикана од овие извори на бучава.

**Програми и проекти**
До крајот на 2018 и 2019 година, ќе започнат активности за воспоставување ГИС на податоците од бучавата воживотната средина со цел целосно спроведување на барањата од ЕУ Директивтаа за воспоставување инфраструктура за просторно информирање во ЕЗ (ИНСПИРЕ). Директивата обезбедува законска рамка за спроведување на Европските инфраструктурни просторни податоци и ќе биде една од главните компоненти од Европскиот информативен систем за животна средина(СЕЕИС).
Во овој период ќе продолжи спроведувањето на активности во врска со изработка на стратешки карти за бучава иакциони планови за бучава, со што ќе се добие целосна слика за нивото на бучава во животната средина, како имерките кои ќе бидат превземени со цел намалување на нивото на бучава, а со тоа и намалување на штетните ефектикои произлегуваат од истата.
Исто така, ќе започнат активности за воспоставување на информативниот систем за состојбата на бучавата воживотната средина, како дел од севкупниот информативен систем за животна средина во земјата, кој ќе ги опфаќа податоците добиени од следењето на бучавата, стратешките карти и акционите планови и другисоодветни податоци добиени со поединечни мерења на бучава.
Ќе започнат активности за воспоставување и одржување катастар на создавачи на бучава во животната средина.

Во рамките на ИПА 2, предвидено е спроведување на Проект за подготовка на стратешки карти за бучава и Акциони планови со Програми на мерки (Development of Strategic Noise Maps and Action Plans with Programs of Measures) каде што ќе бидат вклучени повеќе експерти од ЕУ земји кои веќе имаат искуство околу подготовка на стратешки карти за бучава и за што е предвидена одредена финансиска помош. Изработката на Работната задача за проектот (ToR) е предвидено да за започне по спроведувањето на мерењата при што сите недостатоци и потреба од дополнетелни обуки поврзани со заштитата на буџава во животната средина ќе бидат земени во предвид при изработката на работната задача за наведениот проект. Проектот се очекува да започне во средината на 2018 година.

## 3.27.10 ШУМАРСТВО

*Во наредниот период ќе се продолжи со креирање и спроведување на политиката за шумарство во Република Македонија согласно барањата на ЕУ законодавството, преку донесување на стратешките документи и усогласување на законодавната рамка со законодавството на ЕУ од оваа област.*

### *Тековна состојба*

Согласно Законот за шумите[161]донесена е Програма за проширена репродукција на шумите за 2016 година[162]. Со Програмата се обезбедени средства од националниот буџет за финансирање на пошумување на голини и ерозивни земјишта, нега со прореди на шумски култури и насади подигнати со пошумување, превентивна и пресупресивна заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти.

Воедно, Владата на Република Македонија ја усвои Информацијата за здравствената состојба на шумите во земјата за 2015 година.

Во ноември 2016 се спроведе акцијата „Ден на дрвото – засади ја својата иднина“, при што беа засадени 1.260.575 садници на утврдените локации на вкупна површина од 503,89 хектари.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Како еден од инструментите за креирање и спроведување на политиката за шумарство ќе се донесе Програма за проширена репродукција на шумите за 2017 година и истата ќе се спроведува до крајот на 2017 година. МЗШВ-Сектор шумарство и ловство на годишно ниво ќе изработи Информација за здравствената состојба на шумите за 2016 година.

За спроведување на Регулативата ЕУ/995/2010 за обврските на операторите кои пласираат дрво и производи од дрво на пазарот (Regulation laying down the obligations of operators who place timber and timber products on the market) ќе се идентификува и назначи компетентна/и институција/и.

**Институционална рамка**

Во овој период ќе се преземат активности за реализирање на нови вработувања и јакнење на капацитети врз основа на систематизацијата на МЗШВ – Секторот за шумарство и ловство и на ДИШЛ.

### *Среднорочни приоритети*

Во овој период ќе се воспостават мерки за имплементација на Регулативата ЕУ/ 995/2010 за обврските на операторите кои пласираат дрво и производи од дрво на пазарот од надлежните институции, а во координација сокомпетентна/и институција/и.

**Програми и проекти**

Со цел јакнење на капацитетите на надлежните институции се планира зголемување на бројот на човечките ресурси и обезбедување на професионални обуки за вработените.

Во овој период ќе се изврши набавка на опрема (возила, теренски возила, компјутерска опрема, соодветни софтвери и сл.) во Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

МЗШВ-Сектор за шумарство и ловство на годишно ниво ќе изработи Програма за проширена репродукција на шумите и Информација за здравствената состојба на шумите за претходната година, со предлог мерки.

Во овој период ќе се воспостави Шумарски информативен систем (MacedoFIS), согласно Законот за шумите и Стратегијата за одржлив развој на шумарството.

---

[161]„Службен весник на Република Македонија“ бр.64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16 и 39/16

[162]„Службен весник на Република Македонија” бр.2/16, 168/16и 190/16

## 3.27.11 ЦИВИЛНА ЗАШТИТА

*Во насока на унапредување на цивилната заштита, планирано е продолжување на хармонизирањето на националното законодавство со законодавството на ЕУ за цивилна заштита усогласување со Одлуката на ЕК 2014/762/ЕУ за спроведување на Одлуката на Парламентот и Советот 1313/2013/ЕУ за формирање на Механизам за цивилна заштита на Унијата. Со тоа ќе се овозможи поефикасен систем за заштита на населението и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи.*

### *Тековна состојба*

Се работи на зајакнување на капацитетите на Дирекцијата за заштита и спасување за оперативно дејствување пред се во делот на справувањето со поплави, каде што преку иницијативата ДППИ ЈИЕ (Disaster Preparedness and Prevention Initiative SEE) и проектот ЏЕРУ (Joint Emergency Response Unit) е добена лична и заштитна опрема за 1 тим за брз одговор за спасување на вода составен од 9 члена. Во текот на наредната година ќе се комплетира опремата со чамци за спасување. Исто така, за 2017 година е планирана обука на овиј тим, која ќе се одвива во циклус од по 2 тренинга.

Од проектот ИПА Поплави (IPA FLOODS) добиена е лична и заштитна опрема за 1 тим за спасување на вода составен од 11 члена, како и 2 чамци за спасување, 1 гумен и 1 алуминиумски со 2 приколки за транспорт. Првата фаза Лот 1 од проектот, завршува во 2016 година со теренска вежба во Република Хрватска наречена IPA FLOODS CRO 2016, на која практично беше увежбувано стекнатото знаење на двата меѓународни модули и употребата на опремата добиена преку проектот., а за време на втората фаза, Лот 2, која треба да заврши во 2018 година, ќе се докомплетира опремата за заштита и спасување од поплави со бариери за одбрана од вода и пумпи со висок капацитет.
Обуката за тим лидер и заменик тим лидер на меѓународниот модул за пумпи со висок капацитет (HCP), како и на тимот за градење бариери за спасување од поплави (FC) од фазата Лот 2 е веќе започната во 2016 година.

ЕУ-Центрите за извонредност за ХБРН (the European Union Chemical Biological Radiological and Nuclear Risk Mitigation Centres of Excellence Initiative (or EU CBRN CoE) и УНИКРИ (United Nations Interregional Crime and Justice Research Institute (UNICRI) ) допринесоа врз јакнење на капацитетите на институциите за прв одговор и подобрување на меѓу-институционална и меѓу-регионална соработка во активностите за одговор при ХБРН инциденти преку набавка на дел од опрема за ХБРН заштита за ПП Бригадата во Скопје.

Во однос на поплавата во месец август 2016 година, која ги зафати Скопје и неговата непосредна околина, населените места Сингелиќ, Ченто, Црешево, Смилковци, Булачани, Раштански Пат, Инџиково, Арачиново и други, Дирекцијата за заштита и спасување беше целосно вклучена со сите расположливи капацитети за справување со последиците. Беше активиран **Механизмот за цивилна заштита на ЕУ** и **системот Коперникус**, преку кој се добија сателитски снимки од погодените подрачја, кои беа искористени за планирање на опоравувањето и активностите за реконструкција.

Исто така преку Механизмот за цивилна заштита на ЕУ, беше испратена и советодавна помош преку тимот за утврдување на причините за поплавите на механизмот. Тимот беше составен од членови (5) од Холандија, Словенија, Словачка, Германија и Белгија. ДЗС ја обезбеди целокупната логистичка поддршка за негово непречено функционирање. Преку ЕУ Механизмот за цивилна заштита беше понудена и прифатена помош од следните држави: Австрија, Република Чешка, Унгарија, Грција, Словачка, Холандија, Романија и Бугарија. Република Србија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Турција и Косово учествуваа во санирање на последиците од поплавите и со свои тимови и опрема.Дополнителни донации за Република Македонија за време на поплавите во август 2016 година пристигнаа и преку други донатори ккао: Босна и Херцеговина, Чешка, Германија, Италија, Црна Гора, Полска, Руската Федерација, Хрватска, Словенија, Швајцарија, Турција, НР Кина. Се доби подршка и од ЕУ, JICA, ОБСЕ, Косово УМНИК, НАТО – ЕАДРЦЦ, УНДП (УНДП+СБ+ЕУ), УСАИД, СБ и др.

Донесен е Закон за измена и дополна на Законот за заштита и спасување[163] . Донесен е Законот за измена и дополна на Законот за пожарникарство.[164]

Во текот на 2016 година беа зајакнати капацитетите на ДЗС, со нови вработувања кои се распоредени по неколку подрачни единици.

### *Краткорочни приоритети*

---

[163] Сл. весник на РМ, бр. 106/2016
[164]Службен весник на РМ. бр. 39/2016

**Правна рамка**
Во текот на 2017 година, се планира да се работи на измени и дополнувања на Законот за заштита и спасување во насока на исполнување на барањата на Одлуката на ЕЗ бр. 2014/762/ЕУ за спроведување на Одлуката на Парламентот на ЕУ и Советот за формирање Механизам за цивилна заштита на ЕУ бр. 1313/2013/ЕУ. Дополнително, проектот ИПА Поплави превзема активности и во правец на спроведување на ЕУ Директивата за поплави.

Исто така е планирано да се работи на подготовка на билатерални договори за соработка во областа на справување со природни непогоди и други несреќи со Србија, Бугарија и Романија. Во текот на оваа година планирано е потпишување на на билатерален и договор за соработка во областа на справување со природни непогоди и други несреќи со Албанија.

Во насока на надминување на забелешките од Европската комисија, како и со цел да се воспостави врска со заедничкиот информациски систем со ЕУ во случај на катастрофи (CECIS), Дирекцијата за заштита и спасување ќе направи анализа на можности за воспоставување на CECIS врска.

**Институционална рамка**
Согласно внатреша организација и систематизација на работни места во ДЗС, се планираат нови вработувања.

Во текот 2017 година, преку иницијативата ДППИ ЈИЕ (Disaster Preparedness and Prevention Initiative SEE) и проектот ЏЕРУ (Joint Emergency Response Unit), ќе се комплетира донираната лична заштитна опремата со чамци за спасување. Исто така, за 2017 година е планирана обука на тимот за спасување на вода, која ќе се одвива во циклус од по 2 тренинга.обуката за тим лидер и заменик тим лидер на меѓународниот модул за пумпи со висок капацитет (HCP), како и на тимот за градење барирери за спасување од поплави (FC) од фазата Лот 2, од проектот ИПА Поплави.

***Среднорочни приоритети***
Во рамки на проектот ИПА Поплави (IPA FLOODS), втора фаза Лот 2 која треба да заврши во 2018 година, ќе се докомплетира опремата за заштита и спасување од поплави со бариери за одбрана од вода и пумпи со висок капацитет.
Во рамките на ЕУ Механизмот за цивилна заштита, во период од 17-21 јуни 2017 година во Република Македонија ќе се одржи теренска вежба за спасување од поплави МОДЕКС 2017, неопходно за зајакнување на капацитетите и перформанси на институцијата за ефикасно превентивно и оперативно дејствување во справувањето со последиците од природни непогоди и другите несреќи.

Ќе се работи на постојано унапредување на правната рамка врз основа на научените лекции и препораки од ЕУ, во делот на цивилната заштита. Земјата останува силно посветена и на регионалната соработка во делот на превенција и подготвеност од катастрофи во ЈИЕ**.**

Во текот на 2018 година е планирано да се потпишат билатерални договори за соработка во областа на справување со природни непогоди и други несреќи со Србија, Бугарија и Романија.

Дирекцијата за заштита и спасување ќе продолжи со активностите со насока на воспоставување на врска со заедничкиот информациски систем со ЕУ во случај на катастрофи (CECIS).

# 3.28 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК за 2016***

Земјата е **умерено подготвена,** но **не е забележан напредок** во областа на заштита на потрошувачи и здравствена заштита. Претстојната година земјата треба — со оглед на тоа што дел од минатогодишните препораки не се спроведени — особено:

- да ги зајакне оперативните структури кои служат за заштита на потрошувачи;
- да ја зголеми одржливоста, ефикасноста, економичноста и квалитетот на услугите во областа на заразните болести.

***Резиме***

*Донесена е Програма за заштита на потрошувачите за периодот 2017 -2018 година, која содржи мерки и активности кои се реализираат од институциите носители на политиката за заштитата на потрошувачите, вклучени во Програмата, а се насочени кон подобра информираност на потрошувачите и бизнис секторот за правата на потрошувачите и нивната заштита. Согласно Законот за заштитата на правата на пациентите во периодот јануари-декември 2016 година извршен е редовен надзор на 1252 Здравени установи- болнички и 1115 надзори во Здравствени установи во кои не се сместени пациенти. Усвоена е Стратегијата Здравје 2020, како и Акцискиот план за јавно здравје. Подготвени се и Акциски планови за здравје и животна средина, за незаразни болести и за подготвеност и одговор на здравствениот систем при справување со итни, кризни состојби и катастрофи. Заради намалување на времето на одговор за итна медицинска помош, зголемен е бројот на тимови од 25 на 50 тима, зголемен е и бројот на пунктови на територија на град Скопје и во тек е и набавка на уште 12 нови амбулантни возила.*

*Согласно Законот за здравствената заштита, секоја година се усвојуваат 21 јавно здравствени програми, а средствата за реализација на активностите од овие програми се континуирано високи.*

## 3. 28.1 ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

***Тековна состојба***

**Министерство за економија**

**Донесена е Програма за заштита на потрошувачите за периодот 2017 -2018 година** („Службен весник на РМ “ бр. 192/16), согласно членот 121 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на РМ “ бр. 38/04, 77/07,103/08, 24/11, 164/13, 97/15, 152/15 и 52/16). Ова е хоризонтална Пограма во која покрај Министерството за економија, со свои активности се вклучени и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, Агенција за храна и ветеринарство и Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието.

Програма за заштита на потрошувачите за периодот 2017-2018 година, содржи мерки и активности кои се реализираат од институциите носители на политиката за заштитата на потрошувачите, вклучени во Програмата, а се насочени кон подобра информираност на потрошувачите и бизнис секторот за правата на потрошувачите и нивната заштита.

Предложените активности од институциите учесници во Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2017-2018 година имаат за цел подигање на јавната свест на потрошувачите за нивните права и нивна заштита на централно и локално ниво.

**Агенција за храна и ветеринарство**

Од посебен интерес во областа на заштитата на потрошувачите се смета хармонизацијата со регулативата/REGULATION 1169/011/, која се однесува на обезбедување на информации за храната, наменети за потрошувачите. Имплементацијата на овие прописи започна на 13.05.2016 година. Инспекторите во рамки на редовните контроли го мониторираат усогласувањето на операторите со храна со овие прописи.

Започна и имплементацијата на одредбите кои се однесуваат на електронска продажба на храна. Реализиран е Твининг проект, во рамки на ИПА 2010, на темата Е-Комерц. Здобиените искуства и вештини ќе се користат за отпочнување на ваков вид контроли.

Агенцијата за храна и ветеринарство, како контакт точка на Системот за брзо предупредување за храна и добиточна храна RASFF (RapidAlertSystemforFoodandFeed), во тековната 2017 година има добиено 7 известувања од Европската Комисија за небезбеден производ (алерт нотификација) и во врска со истите превземени се мерки согласно со воспоставените процедури.

**Реализација на Програмата за заштита на потрошувачите за период 2015-2016 година, во 2016 година.**

**Министерството за економија**

Програмата за заштита на потрошувачите за период 2015-2016 гонина, во 2016 година се реализираше во соработка со невладините организации од областа на заштитата на потрошувачите. Учество земаа релеватните институции, како: Државен

пазарен инспекторат, Државен инспекторат за техничка инспекција, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Државен инспекторат за животна средина, Државен инспекторат за труд, Агенција за храна и ветеринарство, Агенција за електронски комуникации, Агенција за лекови и медицински средства, Царинска управа, стопанските комори, трговски друштва, здруженија на граѓани и Организацијата на потрошувачите. Програмата се реализираше преку следните активности:

- се организира трибини во Скопје и Прилеп за информирање на потрошувачите за безбедноста на производите кои се пуштаат на пазарот и за законските прописи со кои се регулира оваа област.
- реализирани работни средби во Скопје и Охрид за информирање на потрошувачите за можностите за електронско тргување и заштита на нивните права.
- се организираа трибини и прес конференции во Скопје, Битола и Тетово за информирање за новиот закон за Заштита на потрошувачите заради натамошна хармонизација на законодавството за заштитата на потрошувачите и олеснување на пристапот до решенија, вклучувајќи алтернативно решавање на спорови.
- се организираа две работни средби во Скопје на Советот за заштита на потрошувачите со Советите за заштита на потрошувачите од пооделни општини и градот Скопје заради унапредување на соработката и согледување на степенот на реализацијата на локалните програми за заштита на потрошувачите. На работните средби учествуваа претставници од Советот за заштита на потрошувачите, Организацијата на потрошувачите на Македонија, градот Скопје, и општините.
- изготвени брошура на тема „Нечесни одредби во потрошувачките договори " и „Договори склучени вон деловните простории на трговецот" промовирани на дебати и во поголемите трговски центри низ поголемите градови во земјата.
- финансиска поддршка на здруженијата на потрошувачите за членарина во Европската организација на потрошувачите (BEUC) и Светската потрошувачка организација (Consumers International)
- поддршка на невладините организации за заштитана на потрошувачите за спроведување на правни совети на потрошувачите, подигнување на потрошувачката свест, медиумски кампањи, консултантска поддршка на локалните совети за заштита на потрошувачите, доставување на мислења и иницијативи за доуредување на законската регулатива и други активности согласно Законот за заштита на потрошувачите.
- одбележан 15 март-Светски ден на потрошувачите. Во 2016 година, Меѓународната потрошувачка организација "Consumers International" мотото на одбележувањето на овој настан е „Антибиотиците надвор од менито" каде акцентот се става на храната и се укажува на се поглема употреба на антибиотиците во земјоделството, посебно во храната за животни, поради што е потребно потрошувачките организации низ светот да се здружаат со цел најголемите компании за брза храна на глобално ниво да престанат да служат месо од животни на кои има се давани антибиотици.

**Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ)**

Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) согласно со Програмата за заштита на потрошувачи за периодот 2015- 2016 година во соработка со невладиниот сектор заврши со реализацијата на активностите од Програмата за 2016 година.

- Со постапка за јавна набавка обезбедени се 500 000 денари на невладиниот сектор за изготвување, печатење и промоција на информативно едукативни материјали наменети за потрошувачите на темите: Опасности во храната, Следливост, Зоонози во 12 000 примероци кои беа инсертирани во дневни весници, а останатите примероци беа промовирани и поделени на потрошувачите во малопродажната мрежа во градовите Скопје, Битола, Гостивар и Охрид, каде беше воспоставена и директна комуникација со потрошувачите.
- АХВ реализираше 17 едукативни работилници за децата од големите групи во градинките по прашањата врзани за храната и исхраната. Децата во интерактивна дискусија преку презентација на слики, учеа за безбедноста на храната / како органолептички да разликуваат безбедни од расипани производи, како бактериите се размножуваат во храната која е загадена и последиците од консумирање на небезбедна храна. Исто така децата учеа да разликуваат ,,здрава храна, од храна која не треба секојдневно да се консумира како што е брзата храна, грицки, газирани сокови и слична храна. Се дискутираше за пирамидата на исхрана, а децата добија материјали на кои ги цртаа прехранбените производи кои ја претставуваат здравата храна и треба секојдневно да ја консумираат и храната што треба да ја избегнуваат. Беа поделени лифлети на темата и магнетчиња со фотографии од овошје и зеленчук.

**Државен санитарен и здравствен инспекторат**

- Одржани работилници за спроведувањена Законот за заштита на правата на пациентите и измените и дополнувањата на Законот за здравствена заштита, како и практична примена на Проектот „Мој Термин"директно поврзан со користењето на здравствените услуги во здравствените установи од страна на пациентите;
- TAIEX работилници; и
- Одржани работни средби за спроведувањена Правилникот за безбедност на детски играчки

**Министерството за образование и наука - Биро за развој на образованието**

- Реализирани работилници и предавања за унапредување на процесот на едукација на младата популација од областа на заштита на потрошувачите, од најмала возраст/градинки па се до средношколската младина во основното училишта „Кочо Рацин“ – Центар, ученичкиот дома за средношколци во Скопје, „ Др. Панче Караѓозов“ и во ученичкиот дом во Велес, ОУД „Лазар Лазаревски.
- реализирани стручни посети за поддршка на наставниците во основното образование кои го реализираат наставниот предмет вештини на живеење или слободни ученички активности на таа тема во основно училиште „Вера Циривири” во општина Карпош и „Гоце Делчев” во општина Центар..
- Предавања/дебати, работа на ученички проекти, слободни ученички активности на актуелни теми за заштита на децата како потрошувачи и корисници на услуги во две основни училишта, едно средно училиште во Скопје и еден ученички дом во Скопје.

**Надзор над пазарот**

**Државниот пазарен инспекторат (ДПИ)** во надзорот над примената на Законот за заштита на потрошувачите во период 01.01 до 30.09.2016 година изврши 1524 редовни, 773 контролни и 1036 вонредни инспекциски надзори.
За утврдени неправилности поднесени се 6 барања за поведување на прекршочна постапка до надлежните судови и 5 барања до прекршочната комисија.
Во постапка на порамнување издадени се 89 платни налози во износ од 5.566.245денари, а наплатени се 32платниналози во износ од 827.008 денари. Издадени се 4 поканиза наплата на глоба на износ од 265.150 денари, а наплатени се 4 покани во износ од 166.050 денари.
Во овој период, во Државниот пазарен инспекторат се примени вкупно 689 претставки од потрошувачи и по истите е постапено.
Државниот пазарен инспекторат во периодот јануари-септември 2016 година спроведе 220 едукации, согласно Законот за заштита на потрошувачите.

**Организација на потрошувачите на Македонија (ОПМ).** Во текот на периодот од јануари до октомври 2016-та година, Организацијата на потрошувачите на Македонија преку советодавните биро-а оствари 1776 општо-правни советувања и 130 специјалистички советувања, односно вкупно 1906 советувања на потрошувачи. Најголем број на советувањата беа дадени по телефонски пат (1188), потоа по е-пошта (592), лично (126) и по поштенски пат 10.
Најголем број на проблемите се однесуваат на остварувањето на правата од гарантниот лист односно сервисирањето, и жалбите на потрошувачите за неквалитетни производи кои веднаш појавиле недостаток. Најголем број од овие проблеми се однесуваат на сервисирањето на технички производи, односно предничат проблемите со мобилните телефони, како проблем со највеќе поплаки во однос на сите други, согласно статистиката.

Податоците за надзор на пазарот со прехранбени производи во смисла на извршени контроли, земени примероци за лабораториски тестирања, забранети објекти, извршени прегледи на пратки од увоз и изречени санкции при неправилности прикажани се во извештаите, Поглавје 3.12.

**Агенција за храна и ветеринарство.** Во АХВ, преку одделението за заштита на потрошувачи се анализираат причините и прашањата/опасностите и ризиците/, на кои се укажува во претставките и предлозите, поднесени од граѓаните во областа на безбедноста на храната и ветеринарството. Анализата на определен начин ја покажува перцепцијата на граѓаните за опасностите и ризиците од храната.
Податоците се доставуваат до сите сектори во АХВ, со цел да бидат земени во предвид ризиците и опасностите на кои укажуваат граѓаните во планирањето на инспекциските контроли и други активности.
АХВ како надлежна институција која постапува по претставки и предлози од граѓани има воспоставено база на поднесени претставки и предлози од граѓани, која постојано се ажурира. Претставките се однесуваат на безбедноста на храната но и на здравствената заштита и благосостојба на животните.

Во периодот од јануари до ноември 2016 претставки, постапувано е по 150 претставки. Претставките граѓаните ги поднесуваат писмено, усно, на бесплатниот телефонски број 0800 3 22 22 и на info@fva.gov.mk
Од јануари до 18 ноември 2016 година, поднесени се вкупно 273 претставки, од кои 97 се поднесени на бесплатниот телефонски број на АХВ. Од вкупната бројка на претставки, 73 се однесуваат на здравствената заштита и благосостојба на животните. Останатите 200 претставки се однесуваат на храната од животинско и храната од неживотинско потекло.
Во однос на наводите од претставките, неправилностите на кои укажуваат граѓаните се однесуваат на:

- Не применување на ДХП и ДПП /добрите хигиенски и добрите производни пракси/ Тука спаѓаат претставките кои се однесуваат на лоши хигиенски услови во објектите, на опремата и уредите, на вработените, несоодветна манипулација со храната и слично.
- органолептички изменети својства на храната /вкус, мирис, боја/ и тоа на месо, риба,овошје и зеленчук, леб/
- присуство на контаминенти /инсекти, непознати примеси, стакло пластика, метал, како и присуство на мувли/ и тоа во леб, житарки, овошје и зеленчук, млеко, слатки/
- поминат рок на употреба на месни производи, млечни производи, чоколади, леб
- несоодветно означување
- сомнежи за труење со храна

Претставките кои се однесуваат на здравствената заштита и благосостојба на животните најчесто се наведува здравствена состојба и болести на животните /како на пример болеста јазлестакожа/, не вакцинирани животни, неисплатени субвенции.

**Државен санитарен и здравствен инспекторат.** Согласно **Законот за заштитата на правата на пациентите** во периодот јануари-декември 2016 година извршен е редовен надзор на 1252 Здравени установи- болнички и 1115 надзори во Здравствени установи во кои не се сместени пациенти.
Донесени се 22 решенија и 6 прекршочни пријави, остварени се 6 едукаци кои се однесуваат на здравствени установи-болнички и 3 едукации во здравствените установи во кои не се сместени пациенти.
Доставени се 180 претставки од пациенти кои се решаваат во рокот одреден со закон, за дел од нив е иницирaн стручен надзор во врска со лекувањето и третманот на пациентите до Лекарската Комора.
Државниот санитарен и здравствен инспекторат во периодот 01-10месец 2016 година има решено 7671 барања за испекциски надзор над пратки кои се увезуваат (козметички производи, детски играчки, предмети за општа употреба, детергенти).
Вкупно земени се 427 мостри за лабораториско испитување на здравствената безбедност на производите согласно Стратешки план за анализа на ризик, Стандардни оперативни процедури и Годишен план за мострирање.
По добивање на резултатите од лабораториско испитување е утврдено дека 427 мостри се здравствено безбедни. Во овој период Државниот санитарен и здравствен инспекторат има издадено 7671 решенија за одобрен увоз на предметни пратки.

**Кадровска екипираност**

Во Министерството за економија, во Одделението за заштита на потрошувачите работат три (3) лица.
Во Агенцијата за храна и ветеринарство, во организационата единица за заштита на потрошувачи, распределени се 2 лица.
Донесена е нова систематизација на работните места, со формирање ново одделение ,,Измами со храна,, каде ќе започне контрола на електронската продажба на храна, храна за животни и ветеринарно медицински препарати.
Во Државниот санитарен и здравствен инспекторат формирано е посебно Одделение за јавно здравје и права на пациентите во кое работат четири (4) лица.

## *Краткорочни приоритети*

Подготовка на Предлог закон за изменување и дополнување на Закон за заштита на потрошувачите во кој ќе биде транспонирана новата Директива 2013/11/EU на Европскиот парламент и Советот од 21 Мај 2013 година за алтернативно решавање на потрошувачките спорови и измена на Уредбата бр. 2006/2004 и Директивата 2009/22/EZ (Директива за алтернативно решавање на потрошувачките спорови)-ноември 2017 година.
Реализација на **Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2017-2018 година**, во 2017 година од страна на институциите вклучени со свои активности во Програмата и во соработка со невладиниот сектор за заштита на потрошувачите.

**Министерство за економија (МЕ)**

- Одржување на регионални семинари, работни средби,отворени трибини и други промотивни активности во пооделни општини за:
- презентација на компаративната анализа на Законот за заштита на потрошувачите со Директивите на ЕУ со предлог насоки за доусогласување на Законот за заштита на потрошувачите;
- информирање за алтернативните форми за решавање на потрошувачките спорови;
- информирање на потрошувачите за соработка на Советот за заштита на потрошувачите формиран од Владата на Република Македонија со Советите за заштита на потрошувачите од пооделниопштини и градот Скопје заради унапредување на соработката и согледување на степенот на реализацијата на локалните програми за заштита на потрошувачите во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите.

- подготовка на брошури за правата на потрошувачите согласно законската регулатива од областа на заштитата на потрошувачите.

Во 2017 година МЕ во соработка со Министерството за локална самоуправа и НВО ќе иницираат работни средби со општините за формирање на нови Совети за заштита на потрошувачите во општините каде не се формирани согласно член 126 од Законот за заштита на потрошувачите и активирање на веќе формираните совети.

МЕ ќе иницира обуки за Државниот пазарен инспекторат за новите директиви за алтернативно решавање на споровите и Државниот инспекторат за техничка инспекција за имплементација на законската регулатива од областа на безбедноста на производите и надзор над пазарот, како и занатамошно јакнење на капацитеттите на вработените за натамошна хармонизација на законодавството во делот на заштитата на потрошувачите, безбедноста на производите и надзорот на пазарот.

**Агенција за храна и ветеринарство**
Активностите за 2017 година, ќе се реализираат во соработка со невладиниот сектор со доделување на финансиски средства на здружение кое се бави со потрошувачко право.

- Изготвување, печатење и промовирање на едукативно информативна публикација на темата ,,Информации поврзани со храната наменети за потрошувачите". Информативните материјали ќе бидат брошури кои ќе се испечатат во количини од 5000 примероци. Истите ќе се промовираат на трибина во градот Скопје.
- Истражување на етикетите/декларациите на одредени прехранбени производи во малопродажната мрежа во државата, во однос на информации значајни за потрошувачите, пред се заради детектирање на неправилности кои произлегуваат од етикетите. Одржување на настан на кој ќе се презентираат резултатите од истражувањето.

**Државен санитарен и здравствен инспекторат**

- Одржување на регионални работни средби, обуки за поефикасна имплементација на Законот за заштита на правата на пациентите, со цел формирање на Комисии за заштита на правата на пациентите во општините каде не се формирани.
- Редовно изготвување на извештаи за постапувањето по поднесените претставки од страна на пациентите, континуирано во текот на годината, како и за редовните инспекциски надзори на шест месеци, согласно Законот за заштита на правата на пациентите.
- Одржување на работни средби за спроведување на Правилникот за безбедност на детски играчки.
- Министерство за здравство **-** Државен санитарен и здравствен инспекторат ке иницира обуки во делот на имплементација на Законот за заштита на правата на пациентите, законот за здравствена заштита и безбедноста на детските играчки.

**Министерство за образование и наука**
**Биро за развој на образованието**

- Работилници и предавања за унапредување на процесот на едукација на младата популација од областа на заштита на потрошувачите, од најмала возраст/градинки па се до средношколската младина.
- Стручни посети за поддршка на наставниците во основното образование кои го реализираат наставниот предмет вештини на живеење или слободни ученички активности на таа тема.
- Предавања/дебати, работа на ученички проекти, слободни ученички активности на актуелни теми за заштита на децата како потрошувачи и корисници на услуги за училиштата и ученичките домови.

### *Среднорочни приоритети*

Реализација на активностите од **Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2017-2018 година, во 2018** година од страна на институциите вклучени со свои активности во Програмата и во соработка со невладиниот сектор за заштита на потрошувачите.

**Агенција за храна и ветринарство**
Ќе се реализираат активности од Програма за заштита на потрошувачи за периодот 2017-2018 година, за 2018 година и тоа:

- Воспоставување на електронски билтен на веб страницата на невладино здружение, кое во тековната 2018 година ќе објави најмалку 10 билтени за поврзаноста на здравјето, храната и исхраната со цел подигање на свеста на целокупната популација и ќе воспостави линк со веб страницата на АХВ. Содржината на билтените ќе биде изготвувана во соработка со АХВ, научни институции и други институции.

**Кадровска екипираност**
Во **Министерството за економија,** во Одделението за заштита на потрошувачите се планира едно (1) ново вработување.
Во **Агенцијата за храна и ветеринарство** се планира зајакнување на Организационата единица за заштита на потрошувачи со нови вработувања /1/. Заради зајакнување на надзорот на пазарот со прехранбени производи вработувања и обуки во инспекциските служби /Поглавје 3.12/.

## 3.28.2. ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

### *Тековна состојба*

**Хоризонтални мерки**
Усвоена е Стратегијата Здравје 2020, како и Акцискиот план за јавно здравје. Подготвени се и Акциски планови за здравје и животна средина, за незаразни болести и за подготвеност и одговор на здравствениот систем при справување со итни, кризни состојби и катастрофи
Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи, по спроведено надворешно оценување, додели акредитации на четири здравствени установи.
Континуирано се имплементираат активности за обезбедување на достапност и соодветната географска дистрибуција на примарната здравствената заштита, и покрај аптеките отворени во 66 населени места каде има до 3500 жители, функционираат и 6 подвижни аптеки кои покриваат 304 населени места со над 50.000 жители, а отпочната е постапка за доделување на уште 10 лиценци за подвижни аптеки. Заради доближувањето на здравствена дејност на примарно ниво на населението преку проектот домашна визита во период од една година реализирани се околу 115700 патронажни посети во домовите на пензионери, додека преку т.н. рурален доктор, здравствените работници обезбедуваат основни услуги од примарната здравствена заштита за повозрасното население и социјално загрозени категории на население во 64 рурални населби, и во периодот септември 2015-септември 2016 година биле обезбедени над 50.000 здравствени услуги.
Со годишната Програма за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, за 2016 година се обезбедуваат средства за обуки на 1000 здравствени работници за примена на нови методи на дијагностика и третман на болести. Исто така, преку оваа програма обезбедени се средства за кофинансирање на околу 200 специјализации од интерес за јавното здравство.
Заради намалување на времето на одговор за итна медицинска помош, зголемен е бројот на тимови од 25 на 50 тима, зголемен е и бројот на пунктови на територија на град Скопје и во тек е и набавка на уште 12 нови амбулантни возила.

1.КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ
Во рамки на 10-те Центри за јавно здравје (ЦЈЗ) функционираат Советувалишта за одвикнување од пушење. Бројот на советувани граѓани во периодот од 01.01-30.09 2016 година изнесува 77. Со цел за утврдување на преваленцата на употреба на тутун кај учениците, ИЈЗ спроведе истражување во учебната 2015/2016 година, пришто се констатира намалување на преваленцата на сегашни пушачи на цигари на возраст 13-15 години, од 9,8% во 2008 година на 7,6% во 2016 година.Во 2016 година ДСЗИ направил 3554контроли над примената на одредбите од Законот за заштита од пушењето

2.ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ
Континуирано се врши спроведување на планираните активности за превенција и контрола на заразните болести и имунизацијата предвидени во јавно здравствените програми (Програма за јавно здравје, Програма за испитување на појавата, рашироноста, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето, Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА, Програма за задолжителна имунизација на населението, програма за превенција на ТБ). Со задолжителна вакцинација се опфатени околу 95% од населението кое подлежи на оваа обврска. Министерството за здравство отпечати и дистрибуира Прирачник за имунизација со упатства и препораки наменет за сите матични лекари и вработените во превентивните тимови.Подготвено е апликативно решение за електронско следење на имунизацијата.
Сентинел надзорот над заболувања слични на инфлуенца (ИЛИ)/акутни респираторни инфекции(АРИ), како и надзор над сериозните акутни респираторни заболувања кај хоспитализираните лица (САРИ), продолжи да функционира. Во сентинел надзорот во сезоната 2016/2017 се вклучени 14 надзорни места од осум региони кои ги покриваат Центрите за јавно здравје во Македонија со што се зголеми и опфатот на популацијата која е под надзор.
Со сентинел надзорот над САРИ опфатени се 2 универзитетски клиники и 3 болници, а обуките на здравствените работници учесници се континуирани, во тек на цела година.
Продолжува соработката со ECDC и учеството во MediРИЕТ програмата со 4 редовни учесници, супервизори и надвоешни учесници, а од 2014 година, ИЈЗ функционира како официјален Тренинг центар за интервентна епидемиологија во програмата

на MediPIET. Во декември 2016 оваа програма ќе ја завршат првите два редовни учесници со што земјата ќе ги добие првите преку МедиПИЕТ едуцирани експерти, од областа на теренската епидемиологија. Во тек е адаптација на потребните MediPIET документи, со цел пренесување на знаењата на останатите епидемиолози од државата, по пат на каскадни тренинзи.
Во октомври 2016 година Евроскиот центар за контрола на болести (ECDC) оствари мисија за проценка на системот за надзор и превенција на заразни болести во земјата. Извештајот од проценката со препораки ќе бидат готови до февруари 2017 година и истиот ќе служи како основа за подготовка на Акционен план за идна соработка со ECDC и други партнери.
Во 2016 одржана е TAIEX работилница наменета за државните санитарни и здравствени инспектори и епидемиолози на тема: "Епидемии предизвикани од болести кои се пренесуваат преку храна",а во соработка со АХВ е одржана TAIEX работилница на тема Птичји грип и Превенција. и практична работа на терен.
Во март 2016 година одржана е Национална работилница за надзор над болести поврзани со водата со учество над 60 специјалисти по епидемиологија и хигиена и здравствена екологија од Институтот за јавно здравје на Република Македонија, Центрите за јавно здравје, ДСЗИ и АХВ во Скопје.
ИЈЗ изработи упатства за превенција од заболувања кои се пренесуваат од комарци со посебен акцент на зика вирусна инфекција и маларија за патници кои патуваат во земји каде се регистрира локална трансмисија на овие заболувања. Упатствата се достапни на веб страната на Институтот за јавно здравје.
На мигрантите кои транзитираат преку Република Македонија кон земјите од Западна Европа, континуирано им се обезбедува потребната здравствена помош во амбулантите во транзитните кампови во Гевгелија и Табановце, каде се присутни екипи од здравствени работници 24/7. Во амбулантата се пружаат основни здравствени услуги/прва медицинска помош, селективен надзор над мигрантите (бременост, мали деца на возраст под 6 години, лица со изразени клинички манифестации на заразни заболувања како и транспорт до медицинска установа согласно приоритет на секундарно ниво на здравствена заштита до Општата болница - Гевгелија, односно Општата болница Куманово, а доколку е потребно и до терцијарно ниво (Универзитетските клиники). Исто така, на мигрантите им е овозможено да се вакцинираат против мали сипаници, заушки и детска парализа.

АНТИМИКРОБНА РЕЗИСТЕНЦИЈА

Во тек е подготовка на национална стратегија за АМР за периодот до 2020година.
Во јуни 2016 година се одржа работилница за унапредување на CAESAR мрежата за следење на антимикробната резистенција со презентација на EUCAST водичот заради негово воведување во рутинска работа во микробиолошките лаборатории. На работилницата присуствуваа 60-тина микробиолози од 26 институции, а беше спроведена и практична презентација на изготвување на антибиограми според EUCAST, како и читање и интерпретација на крајниот резултат
Во рамки на одбележувањето на Светската недела за рационална употреба на антибиотици и 18 Ноември- Европскиот ден за рационална употреба на антибиотици одржани се промотивни презентации за населението меѓу вработените во 6 работни организации од различни сектори (градежништво, месна индустрија, индустрија со железо, телекомуникација, млеко и млечни производи, текстилна индустрија) во неколку градови. Во соработка со Универзитетот "Гоце Делчев" - Штип се одржа состанок на националната CAESAR мрежа за следење на антимикробната резистенција. На18-19 номеври организиран е и симпозиум со меѓународно учество на тема: „Антибиотици во примарна заштита" од кој произлегоа предлог мерки за унапредување на состојбата на национално ниво и истите ќе се вметнат во Националната стратегија за антимиробна резистенција.
Република Македонија се приклучи на светската промоцијата на "Чувари на антибиотиците" (Antibiotic Guardian), акција поддржана од СЗО, со пополнување на изјави за запознаеност и свесност од потребата од рационална примена на антибиотици. Овие изјави почнаа да се делат и пополнуваат на работилницата "Заедно за здравјето на сите до 2020 година" - зајакнување на интерсекторската соработка на локално ниво за здравје и благосостојба" одржана во Берово на 31октомври до 2 ноември; потоа на Деновите на превентивна медицина- Здравје за сите-сите за здравје во Охрид од 3-5 ноември 2016; на предавањата одржани по работните организации, ќе бидат поделени на состанокот на CAESAR мрежата како и на симпозиумот за за "Употребата на антибиотиците во примарната здравствена заштита "

ХИВ/СИДА

Во 2016 година продолжи имплементација на активностите согласно Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА и Националната Стратегија за ХИВ /СИДА за периодот 2012-2016 година, како и имплементацијата на проектните активности финансирани преку грантот на ГФАТМ: во периодот до ноември 2016 со програма за намалување на штетиопфатенисе 4116 лица кои инјектираат droги, а 1.535 корисници на дрога се опфатени со супституциона терапија. Бесплатни, доброволни тестови за ХИВ/СПИ, како и бесплатни советувања се обезбедени за околу 3000 лица кои спаѓаат во групата на најризична популација, 45 лица кои инјектираат дроги биле запишани на професионална програма за ресоцијалзиација и рехабилитација. Обезбедени се лекови за Хепатит Ц за лица кои инјкетираат дроги. За ИЈЗ набавена е лабораториска опрема во вредност од околу 100.000 евра за молекулатрно дијагностички тестови. Преку Националната годишна програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА, се набавува антиретровирусна терапија и тестови за следење на истата, се обезбедуваат средства за доброволно и доверливо советување и тестирање и за стручни советувања во училиштата од страна на ЦЈЗ, како

и средства за набавка на кондоми и за вршење на едукативни работилници за здравствени работници за заштита од ХИВ/СИДА.

ТУБЕРКУЛОЗА

Во 2016 година продолжи имплементација на активностите согласно Програмата за заштита на населението од туберкулоза и Националната Стратегија за туберкулоза за периодот 2012-2016 година, како и имплементацијата на проектните активности финансирани преку грантот на ГФАТМ. Упатствата за Практичен пристап кон респираторно здравје (ПАЛ) се воведоа во додипломската и последипломската настава, а во тек е ревидирање на упатствата и усогласување со постојните упатства од Медицина базирана на докази кои се користат во Македонија. Во текот на 2016 година спроведени се едукации за најсовремените ставови за превенција, лекување и дијагностика на ТБ за пет групи на слушатели (специјалисти, матични лекари, медицински сестри, социјални работници, лаборанти) со кои беа опфатени вкупно околу 320 лица.

3.НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Подготвена е Нацрт-стратегиска рамка со акциски план за незаразни болести (НЗБ) и ризици за НЗБ.

Во рамките на примарната здравствена заштита, секоја година избраните лекари за своите пациенти на возраст од 14-65 години спроведуваат превентивни прегледи за рано откривање на дијабетес, бубрежни и кардиоваскуларни болести, и обезбедуваат едукација на хроничните болни осигуреници со висок ризик од кардиоваскуалрни заболувања над 25 годишна возраст.

Центрите за јавно здравје континуирано одржуваат предавања за целни групи (деца, млади) за превенција на хронични незаразни болести, правилна исхрана и потреба од физичка активност и трибини на истите теми .Во тек на 9-те месеци од 2016 година, ИЈЗ континуирано спроведуваше здравствено промотивни активности – одбележување на денови, недели или месеци посветени на борбата против КВБ, малигните неоплазми, дијабетот и други незаразни болести со акции, кампањи, печатење на пропаганден материјал, предавања и сл. Стручни материјали и други документи во врска со овие настани се поставени на интернет страницата на ИЈЗ.

3.1 Малигни неоплазми

Република Македонија се приклучи кон Иницијативата на Европска Комисија за канцер на дојка ЕУ (Пилот шема за осигурување на квалитет за здравствени услуги за борба против рак на дојка)

Управата за електронско здравство подготви електронска пријава за потребите на Регистарот за рак. Заради потребата од стручна надворешна помош за водењето на регистарот и имплементација на меѓународни стандарди и кодни листи како и преземање на податоци кои веќе постојат во некои институции, поднесени се TAIEX апликации за студиска посета и работилница

Преку годишната програма за рана детекција на малигни аболувања, во првите три квартали од 2016 година, направени се вкупно 21 289 ПАП тестови (12013 кај жени на возраст од 36-45 години и останатите на возраст од 24-60 години кои не направиле ПАП тест во 2015 година.). При тоа, во 2961 случаи (13,9%) пронајдени се абнормалности.

Во истиот период спроведени се прегледи кај 1377 лица за колоректален канцер, а позитивни наоди се потврдени кај 7 лица (2015-13 лица). Во рамки на програмата за малигни заболувања Центарот за семејна медицина организираше 21 работилница со кои беа опфатени 417 матични лекари со цел да се едуцираат за проценка за ризик за колоректален карцином, да препорачат соодветна метода за скрининг и подготовка на пациент за колоноскопија, како и да се објасни правилно земање на материјал за ФОБ тест.

Во рамки на програмата Здравје за сите, во првите 9 месеци од 2016 година спроведени се превентивни прегледи во рурални средини на 2443 лица.

За период од една година спроведен е скрининг за рак на дојка кај над 10000 жени, од кои 1900 се испратени на дополнителни испитувања.

3.2. Сексуално и репродуктивно здравје

Во тек е подготовка на среднорочен преглед на Стратегијата за сексуално и репродуктивно здравје 2010-2020 заради нејзино усогласување со целите за одржлив развој и други регионални и глобални иницијативи, како и подготовка на Акциски план за имплементација на стратегијата за периодот 2017-2018. Во Планот за подготвеност и одговор на здравствениот систем при справување со итни, кризни состојби и катастрофи подготвено е поглавје за сексуално и репродуктивно здравје при кризни состојби со Акционен план и стандардни оперативни процедури.

Континуирано се спроведуваат активностите утврдени во Програмата за активна заштита на мајки и деца насочена кон намалување на морталитетот и морбидитетот на бремените жени и доенчињата. Во интерес на унапредување на здравјето на бремените жени и доенчиња, започна примената на мерката за бесплатни прегледи на бремени жени и бесплатно породување на сите бремени жени, независно од статусот на здравствено осигурување. Во руралните средини каде има недостиг на матични гинеколози започнаа да се спроведуваат посети на гинеколози со мобилни гинеколошки амбуланти.

Во рамки на Националната програма за јавно здравје во 2016 година, во советувалиштата за сексуално и репродуктивно здравје при 10-те центри за јавно здравје во периодот 01.01-30.09.2016 година советувани се вкупно 937 лица, поделени се 2943 кондоми и 516 промотивни материјали. Покрај тоа, вон советувалиштата се одржани 7 едукативни предавања.
Согласно програмата за специјализација/доедукација по семејна медицина, Центарот за семејна медицина одржува работилници за семејно планирање за специјалистите по семејна медицина.
3.3. Зависности
а) дроги
б)злоупотреба на алкохол
ВосогласностсоЕвропскиотАкционен планзапревенцијанапроблемипредизвиканиодзлоупотребанаалкохолподготвен е предлог текст наНационаленАкционенПланнаРепубликаМакедонијаза 2017-2027 година.
Во рамки на соработката со Помпиду групата, Совет на Европа, спроведени се повеќе активности: во рамки на имплементацијата на проект за on- line интервенции за дрога, изработена е алатката за on- line интервенции и е во фаза на тестирање, како и првиот модул од обуката за соработка помеѓу владини и граѓански организации кои работат на полето на дроги.
Спроведена е и обука за 20 психијатри за третман на психички коморбидни состојби и употреба на дрога. Со поддршка на Градот Скопје, отворено е советувалиште за превенција од дрога во населба со предоминантна ромска популација. На тема“ Третман и грижа за лица кои користат дроги“ одржана е и работилница за 30 матични лекари.
3.4.Повреди и насилство
Во континуитет се имплементира постојното законодавство за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и соодветните подзаконски и протоколи за меѓусебна соработка и постапување за заштита од семејно насилство, за постапување во случаи на злоупотреба и занемарување на деца, за постапување во случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија. Континуирано се проведуваат кампањи, обуки, семинари, работилници за зголемување на јавната свест за превенција на насилство, особено насилство врз деца, како и за одбележување на меѓународни денови, за борба против насилство врз децата, 16 Дена за борба против насилство врз жените итн.
Завршен е проектот за собирање податоци за безбедност во сообраќајот во земјата, публикувани во СЗО Глобаленизвештај за безбедност на сообраќајот патиштата 2015.Продолжува имплементацијата на Втората национална стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2015-2020, во координација на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. ИЈЗ и Министерството за здравство во соработка со другите партнери реализираа активности во рамките на Декадата за акција за безбедност на сообраќајот напатиштата 2011-2020, како и одбележување на Светскиот ден за сеќавање на жртвите во сообраќајот ноември 2016г.
Едукација за контрола и превенција на повреди и насилство континуирано се спроведува на додипломски и постдипломски студенти на Медицинскиот факултет Скопје.
3.5.Ментално здравје
Со Програмата за здравствена заштита на лица со душевни болести се обезбедува финансиска достапност на здравствени услуги за лица со ментални заболувања. Во рамки на 36 здравствени домови низ целата територија на земјата отворени се Центри за лекување на депресија. Центрите функционираат како сервиси на заедницата надвор од болничките установи, со цел превенција на депресијата, истовремено исклучувајќи ги аспектите на стигматизација.
3.6. Здравје и животна средина
Стратешката рамка и акцискиот план за здравје и животна средина е подготвен и усогласен со Целите за одржлив развој и во постапка за усвојување од ВРМ.
Во период мај-август 2016 спроведена е клиничко-епидемиолошка студија за ефектите на сончевата УВ радијација врз здравјето на селектирана група 200 работници (земјоделци и градежни работници од исто географско подрачје). Истовремено се реализирани здравствено промотивни активности кај оваа група работници кои работат на отворено и предложени се водичи за превенција на штетните ефекти од УВ зраци во услови на професионална експозиција.
Во октомври 2016 год., одржана е Национална работилница за промоција на Националната програма за елиминација на болестите предизвикани од азбест и 12-ти состанок на Мрежата на ЈИЕ за здравје на работниците (SEENetworkforWorkers’ Health-SEENWH. Националната работилница (60 учесници) е одржана со учество на претставници од Министерството за здравство, Националниот совет за безбедност и здравје при работа, Државниот инспекторат за труд, Синдикатот на градежните работници, Здружението на работодавачите, невладини организации, како и од домаќинот, Институтот за медицина на труд.
Предложени се основи на методологијата за следење на штетните ефекти на аерозагадување врз респираторното здравје на експонираните работници кои работат на отворено во град Скопје.Планираната пилот студија со 60 градежни работници ќе се реализира од страна на експертскиот тим на Институтот за медицина на труд и Институтот за јавно здравцје, при што стартот на првата фаза на истражувањето е предвиден за јануари 2017 година.
3.7. Храна и исхрана

Подготвен е и нацрт-акцискиот план за храна и исхрана за периодот 2016-2025 и се очекува да биде предаден на усвојување до крајот на 2016 година.
Активностите поврзани со проценка на ризикот поврзан со исхрана кај популации од интерес во државата се имплементираат преку активностите утврдени во Националната годишна програма за јавно здравје (НГПЈЗ). Континуирано се врши проценка на нутритивниот квалитет на исхраната, како и нутритивниот статус кај популации од интерес во земјата. Во 2016 година се спроведе 4-иот круг од Иницијативата за следење на дебелината кај децата во Европа во која се собраа антропометриски податоци за растот на 3843 деца од второ одделение во основните училишта.
Започнати се активности за воведување на симбол за означување на храна со помала содржина на заситени масти, транс масти, сол и шеќер со цел олеснување на изборот на потрошувачите. Се планира да се користи симболот „Клучалка“ (Keyhole) по примерот на скандинавските држави.

4. БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ, ТКИВА И ОРГАНИ
4.1.Безбедност на крв
Институтот за трансфузиона медицина (ИТМ), со проект финансиран од германската влада за унапредување на состојбата во областа, доби опрема за одделот за крводарителство, спроведена е едукација на персоналот за добиената опрема и на теми поврзани со сигурноста и квалитетот на дарителската крв. Во 5 служби на ИТМ воведена е телемедицина со што се овозможуваат услуги 24/7, како и конзилијарни мислења од специјалисти и субспецијалисти во областа на трансфузионата медицина. Во склоп на Центарот за хемофилија отворено е и опремено “Советувалиште за лицата со хемофилија” каде се обезбедува соодветна психосоцијална подршка на овие лица. Во однос на грижа за пациентите воведени се нови методи и спроведена е едукација на персоналот.
Регионалните центри (Штип, Тетово, Битола, вклучително и Струмица се опремени со нова опрема; хематолошки бројачи, комплетно автоматизирани коагулометри.ИТМ набави и 15 преносливи апарати за квантитативно одредување на протромбинско време (INR) кои имаат вклучен компјутерски софтвер за приказ и чување на податоци. За таа намена, отворена е “Амбуланта за орална антикоагулантна терапија” во ИТМ-Скопје, која е вклучена во системот “Мој Термин”.
Се имплементира Лабораторискиот Информативен Систем (LIS) во Лабораторијата за хемостаза со кој се овозможува интеграција на сите апарати и автоматизација на секојдневните рутински постапки.
Во март 2016 година експерти на Европскиот директорат за квалитет на лекови и здравствена грижа (EDQM) спроведоа надворешна евалуација на системот за квалитет и неговата примена во процесите на работа во Институтот. Доставен е прелиминарниот извештај со предлози за натамошни активности согласно Директивите на ЕУ за прибирање, преработка, чување и употреба на крв и крвни компоненти.
Воведен е нов софтвер за евиденција на дарители и комплетниот процес на тестирање на даруваната крв познат под името eDelphyn и спроведена е едукација на персоналот. Во септември ИТМ беше домаќин на Балкански семинар за контрола на квалитет во трансфузионата медицина, на кој 12 лица од ИТМ добија едукација од областа на менаџирање со квалитет во крвни банки.
ИТМ го доби сертификатот за ИСО 9001:2008, а во тек е спроведување на интерни проверки, доградба и ре-едукација за Document Management System (DMS), со што ќе се овозможи правовремено добивање и достап до информации до сите вработени.
4.2.Трансплантација
Во 2016 година донесен е Законот за центар за извонредност за трансплантациона медицина и хирушки болести, (“Службен весник на Република Македонија бр. 37/16”). Предвидено е во составен дел на оваа клиника да биде формирана клиничка лабораторија за трансплантација и да се обезбеди нејзина акредитација од Европската Федерација за Имуногенетика.
Во тек се активности за формирање на мрежа на донор координатори во која дополнително ќе се вклучат уште две болници каде има оделение за интензивна нега, со цел зголемување на бројот на донори односно трансплантација од починато лице. За таа цел по еден лекар анестезиолог од двете болници беа испратени на едукација за менаџирање и одржување на донор во Загреб и Сплит, Република Хрватска.
Еден хирург од е упатен на суспецијализација за трансплантациона хирургија во Кембриџ, а се планира на истата суспецијализација во 2017 година да биде упатен уште еден хирург.
Дополнително, тим од Министерството за здравство и УК за нефрологија ги посетуваат центрите за дијализа во земјата, со цел едуцирање на пациентите и идентификување на пациенти кои имаат потенцијален жив дарител и/или трансплантација на бубрег од починато лице како и формирање на нова електронска листа на чекање за трансплантација на бубрег од починато лице. Паралелно се изготвува и електронски систем за електронско алоцирање односно селкција на потенцијални приматели.

5 . ЛЕКОВИ ЗА ХУМАНА И ВЕТЕРИНАРНА УПОТРЕБА
5.1.Лекови за хумана употреба

Во периодот мај - јули 2016 година, претставници од Агенцијата за лекови учествуваа на неколку работилници:„Pharmacokinetic courses“, „Ph. Eur.: Tackling future challenges of the Quality of Medicines together“, „9th edition of European Pharmacopoeia“.

5.2. Ветеринарно Медицински Препарати (Лекови за ветеринарна употреба)

Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ), во чии рамки функционира одделението за ветринарни медицински препарати, врши ажурурање на Листата на фармаколошки супстанции одобрени за употреба во ветеринарната медицина заради усогласување со измените на регулативата 32010R0037.

Согласно Законот за безбедност на храна, АХВ изготви Програма за антимикробна отпорност за период 2017-2021 година која е усогласена со одредбите на Одлуката (ЕЗ) бр. 652/2013 за мониторинг и известувања на антимикробна резистенција на зоонотски и коменсални бактерии (32013D0652).

6. СОЦИОЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЗДРАВЈЕ И НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВЈЕТО

Во рамки на Националната програма за јавно здравје, Институт за медицина на трудот, продолжи со континуирани активности на следење на работната способност на вулнерабилните групи работници од високо ризични сектори. Спроведено е епидемиолошко и клиничко истражување на здравствената состојба и работната способност кај околу 400 земјоделци од десетина рурални населби. Истовремено, спроведени се и здравствено- промотивни активности кај земјоделците (дисеминација на информации и флаери на македеонски и албански јазик „Ти си земјоделец, чувај го своето здравје!“) .

Во финална фаза е подготовката на Стратегија за безбедност и здравје при работа (БЗР) со Акциски план до 2020 година.

### *Краткорочни приоритети*

**Хоризонтални мерки**

Се планира усвојување на стратешката рамка и АП за здравје и животна средина, за незаразни болеести, и АП за подготвеност и одговор на здравствениот систем при справување со итни, кризни состојби и катастрофи, како и да отпочне работата на подготовката на профил за човечките ресурси за здравје и АП за здраво стареење.

Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи ќе продолжи со надворешно оценување на здравствените установи од секундарно и терциерно ниво и доделување на акредитационен статус зависно. Се планира да се развие и адаптира модул за тренинг на менаџерите на болниците за раководење и управување со акредитирана болница.

Заради модернизација на работата на здравствените установи ќе продолжи набавката на нова медицинска опрема за ЈЗУ, согласно Законот за здравствена заштита ќе се усвојат 21 јавно здравствена програма. Ќе продолжат активностите за изградба на новиот клинички центар во Скопје, како и нова Клиничка болница во Штип. Исто така, продолжуваат активностите за реконструкција на Клиничката болница Битола, болниците во Прилеп, Велес, Куманово, како издравствени домови во неколку општини во Република Македонија .

Управа за електронско здравство во текот на 2017 година ќе продолжи со подготовка на нови апликативни решенија за надградба на системот “Мој термин“.

1.КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ

Во 2017 година ИЈЗ ќе спроведе истражување за застапеноста на тутунот, алкохолот и дрогите кај возрасна популација во земјата, поддржано од МЗ и ЕМЦДДА .

Од 2017 во тек на 2 години Центарот за семејна медицина ќе учествува во проект на IPCRG преку Global Bridges - Capacity Building - Teaching the teachers of primary healthcare professionals to treat tobacco dependence. Се планира да се обучат 250 матични доктори во примарна заштита за период од 2 години: 2017 се планира обука на едукатори – 20 едукатори кои после тоа ќе обучат 250 матични лекари на регионално ниво.

2. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Ќе продолжи соработката со ЕЦДЦ, во однос на рутинското пријавување на повеќе заразни болести, вклучително и инфлуенца, во TESSY системот на ECDC, како и едукација и усовршување на наши претставници во поглед надзорот на заразните болести, нивна превенција и контрола.

Експерти од ИЈЗ, учесници во MediPIET програмата како едукатори, супервизори и дипломци на првата двогодишна програма, ќе спроведуваат обуки за епидемиолози на локално ниво, по пат на пренесување на знаења од областа на интервентна епидемиологија, со фокус на истражување на епидемии и примена на аналитички епидемиолошки методи.

ИЈЗ ќе ја ажурира Програмата за елиминација на мали сипаници, рубеола и контрола на конгенитален рубеола синдром за период 2016-2020, согласно препораките на СЗО и актуелната состојба во земјата, со посебен акцент на стратегии за одржување на висок опфат со МРП вакцина.

Се предвидува понатамошно проширување сентинел надзорот над САРИ.

Се планира да се финализира Национална стратрегија за контрола на антимикробната резистенција, 2017-2020, како и да биде подготвена нова Национална стратегија за контрола на туберкулоза 2018-2022

Се планира одржувањето на Симпозиум за препишување антибиотици во примарна заштита да прерасне во редовна годишна активност за континуирана медицинска едукација на Здружението на специјалисти по семејна медицина – респираторна група и Центарот за семејна медицина.

ХИВ/СИДА
Ќе продолжи имплементацијата на активностите за превенција од ХИВ/СИДА преку Годишната програма за ХИВ/СИДА.

ТУБЕРКУЛОЗА
Се планира да се набават китови за испитување на резистенција кон втора линија антитуберкулостатици, како и да се спроведе набавка на лекови за примена на краток режим за лекување на мултирезиситентни случаи на туберкулоза.

3.НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ
За 2017 година е планирано активирање на Комитетот за незаразни болести при МЗ кој ќе го следи спроведувањето на Акцискиот план за незаразни болести по неговото донесување.
Се планира имплементација на мерките и активностите за промоција на здрави животни стилови и продолжување со работа на скрининг на малигни неоплазми.
Се планира спроведување на мерки и активности во превенција на кардиоваскуларните болести (КВБ), согласно годишните Програми за КВБ.
Ќе продолжи проектот за опортун скрининг и следење на пациенти со дијабетес мелитус. При тоа ќе се организираат едукативни состаноци за презентирање на резултати и предложување на активности за подобрување на квалитетот на грижа на пациентите со дијабет.
*Малигни заболувања:* Ќе продолжи континуираната медицинска едукација за скрининг за канцер на дебело црево за матични лекари преку Програмата за превенција на малигни заболувања.

*Сексуално и репродуктивно здравје:*Се планира спроведување на работилница на специјалистите по семејна медицина за семејно планирање во склоп на доедукација/специјализација по семејна медицина. Се очекува имплементација на Акционен план за сексуално и репродуктивно здравје.

*Зависности:* Се очекува усвојување на Национален Акционен План на Република за превенција на проблеми предизвикани од злоупотреба на алкохолза 2017-2027 година. Се планира одржување на обуки за третман на зависности за вработените во центрите за превеција и третман на зависност од дрога, за матичните лекари и за психијатрите. Се планира да се развие програма за едукација за третман и грижа на зависност која би била применета во додипломските и постдипломските студии. Ќе продолжт активностите со Помпиду групата на иаработка на он лине алактка за интервенција превенција од дроги и третман на лесни форми на зависност , како и објавување на публикација за Евалуацијата за третман и грижа на лица со нарушување со употреба на дрога.

*Повреди и насилство:* Ќе продолжи имплементација на активностите предвидени со Стратегијата за превенција на семејно насилство и Стратегијата за безбедност во сообраќајот на патиштата, согласно Акционите планови за здравство

*Ментално здравје:* Континуирано ќе се спроведуваат активностите од годишната програма за лекување на лица со душевни болести и ќе продолжат активностите насочени кон отварање на нови центри за ментално здравје во заедницата

*Здравје и животна средина:* Се планира изработка и имплементација на водичи за превенција на штетните ефекти од УВ зраци во услови на професионална експозиција и организација на национална кампања за превенција на штетните ефекти од УВ зраци и за работници кои работат на отворено и за населението..
Со цел имплементација на усвоената Национална програма за елиминирање на болестите предизвикани од азбест со интерсекторски пристап ќе се организираат 2 обуки за здравствени работници, 2 интерсекторски работилници и тркалезна маса за зголемување на свесноста на работната популација и населението за ризик од азбест.
Се планира отпочнување на пилот студија за штетните ефекти на аерозагадувањето врз респираторното здравје на експонираните работници кои работат на отворено, во град Скопје.

*Храна и исхрана:* Во 2017 година континуирано ќе се врши проценка на нутритивниот квалитет на исхраната, како и нутритивниот статус, кај популации од интерес во РМ, согласно НГПЈЗ. Континуирано ќе се работи на зголемување на свеста за придобивките од прикладната исхрана кај населението, со посебен акцент на децата и ризиците од детската дебелина. Се планира да започнат активности за спречување на прекумерниот внес на сол преку исхраната. Активностите може да вклучат

подигање на свеста, проценка на внесот на сол кај целна популација, отворање на дијалог со индустријата за доброволно намалување на количината на сол во преработената храна.
Се очекува усвојување на Акцискиот план за храна и исхрана 2016-2025, како и имплементирање и започнување на употреба на симболот „Клучалка", со цел олеснување на изборот на здрава храна на потрошувачите

4. БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ, ТКИВА И ОРГАНИ
4.1. Безбедност на крв
Заради подобрување на безбедноста на крвта и крвните компоненти се планира да се воведе надворешна контрола за инфекции преносливи со крв, од странска акредитирана лабораторија, со мониторинг на тестирањето.
Софтерскиот систем eDelphyn ќе се имплементира во регионалните центри во првата половина од 2017, а потоа постепено и во останатите станици за трансфузиона медицина во земјата. Со тоа ќе се добие единствен регистер на сите дарители на крв, кој во иднина ќе може да се поврзе со болниците и клиниките во целата Република. Во постапка е електронско поврзување со Клиниката за кардиохирургија, како пилот проект за функционирањето на eDelphyn меѓу ИТМ на РМ и оваа клиника како корисник. Исто така, долгорочно, системот понатаму може да се развива во сите сегменти на трансфузионата медицина.
Во план е во 2017 година да се воведе технологија за ирадација на крвни компоненти за трансплантирани, имунолошки компромитирани пациенти и новороденчиња.

4.2.Трансплантација
Во текот на 2017 година се очекува да отпочне со работа ЈЗУ Универзитетска Клиника за Трансплантација на органи и ткива и хируршки болести со што ќе се овозможи целиот тим за трансплантација да работи посветено на унапредување и континуиран развој на трансплантацијата. Во Септември 2017 година хирургот кој што е испратен на едукација во Кебриџ ќе стане дел од тимот за трансплантација со што ќе се овозможи експлантација in-situ перфузија на абдоминални органи (бубрег, панкреас и црн дроб), со што ќе се отвори можноста за отпочнување на програма за трансплантација на црн дроб како и размена на органи со други центри за трансплантација. Во текот на 2017 година исто така обезбедена е три-месечна едукација за припрема и менаџирање на пацинти пред и после трансплантација за еден нефролог во центарот за трансплантација во Кембриџ.

5. ЛЕКОВИ ЗА ХУМАНА И ВЕТЕРИНАРНА УПОТРЕБА
5.1 ЛЕКОВИ ЗА ХУМАНА УПОТРЕБА
Во 2017 година се планира донесување на Правилник за промени во одобрението за ставање на лек во промет или на поднесената документација на лек што има добиено одобрение за ставање во промет кој се усогласува со ЕУ мерката 32008R1234.
Воедно, се планира зајакнување на институционалните капацитети со вработување на нови 15 административни службеници. Планирани се и едукации на постојниот вработен кадар во Агенцијата со цел нивно стручно усовршување и унапредување.

5.2 ЛЕКОВИ ЗА ВЕТЕРИНАРНА УПОТРЕБА
Во 2017 година се планира отпочнување на твининг проект (ИПА 2012) „ Натамошно зајакнување на контролните системи на надлежните органи за заштита на здравјето на луѓето, животните и растенијата", во чии рамки се предвидени активности за зајакнување на капацитетите во областа на ветеринарното јавно здравје , како и во областа на системот за ветеринарни медицински лекови. Во делот на Ветеринарно медицинските препарати се предвидуваат следните активности (активност 3.2):

- Развивање на програмата за антимикробна резистенција и развивање на национален акциски план против зголемувањето на антимикробната резисенција;
- Контролен систем за мониторинг на употребата на антимикробните препарати во ветеринарната медицина;
- Систем за набљудување за мониторирање на несаканите ефекти од ВМП и упатство за добри ветеринарни парактики при препишување на ВМП рецепт и употреба на ВМП.

6. СОЦИОЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЗДРАВЈЕ И НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВЈЕТО
Институтот за медицина на трудот ќе продолжи со континуирани активности да го следи и идентификува проблемот на насилство и стрес на работа во здравствениот сектор, со мерки за превенција и промоција на здравјето на здравствените работници и активности за зголемување на нивото на свесност на клучните партнери во заедницата за овој проблем.
Во 2017 година се планира усвојување на Стратегијата за безбедност и здравје при работа (БЗР) со Акциски план до 2020 година која се состои од три дела:Стратешка рамка за акција,Стратешка основа за поддршка и Акциски план за БЗР 2020 и започнување на нејзината имплементација.

## *Среднорочни приоритети*

**Хоризонтални мерки**

Се планира да продолжи обуката на здравствениот кадар на светски познатите универзитети, како и склучувањето на меморандуми за соработка со реномирани универзитетски клиники и институти. Се планира продолжување на инвестициите за реконструкција и доградба на здравствени установи, како и набавката на нова современа опрема.

Агенцијата за квалитет и акредитација на здравствените установи ќе започне со развој на стандарди за примарна здравствена заштита, специјалистичка дејност, стоматологија, аптеки и здравствени установи за гинеколошка и перинатолошка дејност, вклучувајќи и посебен сет на стандарди за породилишта. Воедно, ќе се спроведува обука на надворешни оценувачи и отпочнување на активностите за акредитација на ISQua сетот Стандарди.

Управата за електронско здравство ќе започне со подготовка на информативен портал за третман за хронични заболувања

1.КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ

Се планира имплементација на мерките и активностите за за промоција на здрави животни стилови и продолжување со работа на советувалиштата за откажување од пушење.

2. ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Ќе продолжи континуирана имплементација на превентивните годишни јавно здравствени програми, а со оглед на завршувањето на програмските активности за ХИВ/СИДА и ТБ финансирани преку ГФ, активностите ќе продолжат да се имплементираат преку годишните програми на МЗ. ИЈЗ ќе подготви повеќегодишна програма за контрола на вектор преносливи заболувања, која покрај следењето на овие заболувања ќе има компоненти за следење на вектори (комарци) и контрола на ДДД активности, со цел да се направи процена на ризик, рана детекција и имплементација на превентивни мерки против вектор преносливи заболувања.

ИЈЗ планира проширување на активностите за следење на инфлуенца со акцент на засилен надзор, и кампањи и едукации заради зголемување на опфатот со вакцинација на ризичните групи (стари лица и лица со хронични заболувања и состојби на намален имунитет). Се планира и воведување на нови вакцини во календарот за имунизација.

3.НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ

Се планира имплементација на мерките и активностите за за промоција на здрави животни стилови и продолжување со работа на скрининг на малигни неоплазми

Се планира спроведување на мерки и активности во превенција на кардиоваскуларните болести (КВБ), согласно годишните Програми за КВБ..

*Зависности:*Во периодот 2018/19 се очекува да продолжат активности за on- line интервенции за лица кои употребуваат дрога., како и работата на Советувалиштето за млади за превенција од дрога и други психоактивни супстанции и Дневен центар за ресоцијализација и рехабилитација на лица кои употребуваат дрога и нивни семејства

*Повреди и насилство:*Ќе продолжи имплементација на активностите предвидени со Стратегијата за превенција на семејно насилство и Стратегијата за безбедност во сообраќајот на патиштата, согласно Акционите планови за здравство и новото законодавство

*Ментално здравје:*Континуирано ќе се спроведуваат активностите од годишната програма за лекување на лица со душевни болести и ќе продолжат активностите насочени кон отварање на нови центри за ментално здравје во заедницата

*Здравје и животна средина:*Се планира имплементација на Стратегијата за здравје 2020 и Акционите планови за јавно здравје и здравје и животна средина. Се планира имплементација на усвоениот Национален Акциски план базиран на Националната програма за елиминирање на болестите предизвикани од азбест со интерсекторски пристап, преку бројни активности за воспоставување систем на инспекција и мониторинг на изложеноста на азбест во работната средина, подобрување на евиденција на болестите предизвикани од азбест (Регистар за професионални болести и Регистар за рак), континуирано спроведување на обуки и изработка на водичи за инспекциите и работниците во засегнати сектори, зголемување на свесноста на работната популација инаселението за ризик од азбест ( едукација, тренинг, кампањи)

*Храна и исхрана:*Во периодот 2018-2019 година се планира спроведување на определени законски и други мерки со кои би се влијаело врз подобрена исхрана на населението, а особено на децата. Активностите може да вклучат регулирање на

достапноста на храна со висока количина на шеќер, сол, заситени масти и транс масти преку законски решенија или други форми на доброволна регулација.

4. БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ, ТКИВА И ОРГАНИ

4.1 Безбедност на крв

До крајот на 2019 г. потребно е да се воспостави автоматски мониторинг систем за температура и влага на сите апарати (фрижидери) за чување на крв и крвни компоненти, возила за пренесување на истите како и просториите за чување и преработка на дарителската крв.

Во однос на тестирањето на дарителската крв се планира набавка на PCR технологија –NAT за тестирање на инфекции преносливи со крв, како и опремување на лабораторија за контрола на квалитет со нови современи апарати.

Се планира лабораторијата за имунохематологија и пренатални испитувања да стане референтен центар во РМ, со таа цел е воспоставена соработка со EDQM за надворешна контрола на тестирањата.

До Министерство за здравство беше доставен предлог за измена и дополнување на Законот за безбедност во снабдување со крв (декември 2015) и се очекува промена и дополнување на одделни членови од законот, како и донесување на правилник за хемовигилност. Потребно е да се воспостави подобра соработка помеѓу МЗ, ИТМ и клиники/болници со цел примена на системот за хемовигилност на национално ниво.

4.2.Трансплантација

Во текот на 2018 година ќе биде идентификуван трет кандидат за две годишна супспецијализација по трансплантациона хирургија во Кембриџ. Во 2019, по завршувањето на супспецијализацијата на вториот хирург кој ќе биде упатен на едукација во Кембриџ во 2017 година, ќе се формира тим за трансплантација кој што ќе биде во можност да продолжи со едукациите од областа на трансплантациона хирургија во Македонија.

Се планира Клиничката лабораторија за трансплантација да обезбеди акредитација од Европската Федерација за Имуногенетика, Се планира Република Македонија да се приклучи кон Еуротрансплант.

5. ЛЕКОВИ ЗА ХУМАНА И ВЕТЕРИНАРНА УПОТРЕБА

Агенцијата за лекови и медицински средства ќе подготви нов текст на Закон за лекови кој ќе биде усогласен со директивата 2001/83 и Регулативата 2010/1235. Исто така, од одредбите од Законот за лекови и медицински помагала, кои се однесуваат на медицинските помагала и на аптеките ќе се подготват два засебни акти: Закон за медицински помагала и Закон за аптеки.

Се планира и донесување на Правилник за начинот на пријавување,содржината на образецот за пријавување на несаканите реакции на лековите и начинот на организација на системот на фармаковигиланца кој се усогласува со ЕУ мерката 32012R520

Се планира Зајакнување на институционалните капацитети преку обуки и едукација на вработените согласно потребите на Агенцијата.

За 2019 година се планира издавање на Регистар на лекови.

6. СОЦИОЕКОНОМСКИ ДЕТЕРМИНАНТИ НА ЗДРАВЈЕ И НЕЕДНАКВОСТИ ВО ЗДРАВЈЕТО

Во овој период се планира имплементација на Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2020 година во Република Македонија со Акционен план, согласно принципите на EU Strategic Framework on Health and Safety at Work 2014-2020, 6.6.2014,COM(2014) преку континуирани активности согласно утврдени приоритети, цели и мерки за акција со поддршка на Националниот совет за безбедност и здравје при работа.

Се планира да се спроведат активности за истражување и развој за нови и зголемени ризици на одделни приоритетни прашања од областа на здравјето на работниците и подготовка на мерки и препораки за превенција и промоција на здравјето на работниците. Институтот за медицина на трудот, Македонско здружение за медицина на трудот и Македонско здружение за заштита при работа, во насока на зајакнување на капацитети ресурси и промоција и дисеминација на знаењата и добрите практики во областа на здравје и безбедност на работа планира да одржи обуки, семинари, едукативни состаноци за различни таргет групи (здравствени работници,стручни лица, работници и работодавачи) за одделни прашања од интерес како што се стрес поврзан со работата и синдром на согорување, мускулоскелетни заболувања, професионален канцер.

# 3.29 ЦАРИНСКА УНИЈА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Земјата постигна **добро ниво на подготовка** во областа на царинската унија. Постигнат е **одреден напредок** во однос на усогласување на законодавството и на административниот и оперативниот капацитет. Одредени царински одредби од Законот за технолошко-индустриски развојни зони сè уште не се усогласени со правото на ЕУ. Во наредната година, земјата треба:

- да ги укине надоместоците за царински декларации;
- да ги доврши и консолидира развиените ИТ системи, да обезбеди нивна надградба и одржување и да гарантира економски континуитет.

***Резиме***

*Царинската управа на Република Македонија ќе продолжи со спроведување на основните обврски: зачувување на финансиските интереси на Република Македонија, заштита на здравјето и животот на луѓето, одржување и унапредување на конкурентен економски амбиент, како и реализација на економските политики на Владата на Република Македонија.*

*Царинското законодавство на Република Македонија е во голема мера хармонизирано и усогласено со законодавството на ЕУ. Клучни приоритети претставуваат: инвестирањето во вработените, поедноставување и забрзување на економските активности, унапредување на капацитетите за контрола врз примена на законите, унапредување на административната и логистичката поддршка, како и одржување и надградба на ИТ системите.*

*Во 2017 година, Царинската управа ќе се фокусира на довршување и консолидирање на развиените ИТ системи, со цел да се обезбеди нивна надградба и одржување кое ќе гарантира функционален континуитет. Воедно, Царинската управа ќе се стреми кон понатамошно усогласување на царинското законодаство и забрзување на постапките.*

## 3.29.1 ЗАКОНОДАВСТВО ОД ОБЛАСТА НА ЦАРИНА

***Тековна состојба***

Законодавството на Царинската управа е во голема мера хармонизирано со законодавството на Европската унија, но континуирано се врши усогласување со новите регулативи на Европската Унија.

Со цел усогласување со новиот Закон за општа управна постапка, донесен е Закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон („Сл. весник на РМ“ бр. 23 од 10 февруари 2016 година), како и Закон за вршење на работи на застапување во царински постапки („Сл. весник на РМ“ бр. 23 од 10 февруари 2016 година).

Донесен е Закон за ратификација на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и Европските заедници и нивните земји-членки од друга страна („Сл. весник на РМ“ бр. 10 од 2 февруари 2016 година), со кој се зема предвид пристапувањето на Република Хрватска во Европската Унија.

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони („Сл. весник на РМ“ бр. 30 од 19 февруари 2016 година). Со измените се предвидува одобрение за евиденцијата на стоката која се внесува или изнесува во и од технолошко индустриските развојни зони, која ја води основачот на зоната, покрај Царинската управа да дава и Управата за јавни приоди, како еден од надлежните органи за вршење на надзор.

Донесен е Закон за ратификација на измените и дополнувањата на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка (консолидирана верзија) („Сл. весник на РМ“ бр. 45 од 7 март 2016 година), со кој се ратификуваат измените на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка извршени со одлуките број 2/2015 и 4/2015 на Мешовитата комисија на ЕУ-ЕФТА за заеднички транзит, поврзани со пристапувањето на Република Македонија и на Република Србија кон конвенцијата..

Закон за ратификација на измената на Протокол 4 на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји членки од една страна и Република Македонија, од друга страна, изменет со Одлука број 1/2016 на Советот за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската унија („Сл. весник на РМ“ бр. 71 од 11.04.2016 година). Со оваа измена на спогодбата наместо постоечкиот Протокол 4 се воведува можност за примена на Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила за потекло и од особено значење е што за првпат се воведува можност за примена на кумулација меѓу Република Македонија, Европска унија и ЕФТА државите.

Објавен е Закон за ратификација на измените и дополнувањата на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка (консолидирана верзија) („Сл. весник на РМ“ бр. 145 од 3 август 2016 година), со кој се ратификуваат измените и дополнувањата во Конвенцијата за заедничка транзитна постапка донесена од страна на Мешовитата комисија на ЕУ-ЕФТА за заеднички транзит на 28 април 2016 година (со Одлуката бр. 1/2016), што започнаа да се применуваат од 1 мај 2016 година.

Во текот на 2016 година донесени се измени на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија. Со нивното донесување, Република Македонија ја исполнува обврската како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од Уредбата.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Во текот на 2017 година ќе се извршат **анализи на измените и дополнувањата на законодавството на ЕУ** особено на Царинскиот закон на Унијата и регулативата поврзана со неговата имплементација.

На крајот од 2017 година ќе се донесе **Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2018** година, со цел усогласување и изменување согласно Комбинираната номенклатура на ЕУ.

Во текот на 2017 година ќе се донесе **нова Уредба за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија, како и три дополнувања** на истата, со цел усогласување со регулативите на Европската унија.

**Институционална рамка**

Во 2017 година ќе продолжи примената на комуникацискиот јазол ЗКМ/ЗСП (**CCN/CSI**) (Заедничка комуникациска мрежа/Заедничка системска поврзаност - Common Comunication Network/Common System Interface) воспоставен во 2015 година за потребите на поврзувањето со европските системи, преку програмата ЦАРИНА 2020.

Целосно **ќе се имплементира новиот електронски систем за обработка на царински декларации и акцизни документи и притоа ќе се изврши консолидација на тековните ИТ проекти**. Во текот на 2017 година **ќе продолжи одржувањето и активностите за континуитет на работењето на ИТ системите**.

### *Среднорочни приоритети*

Ќе се донесе **Нов Царински закон како и Уредба за спроведување на новиот Царински закон**, со цел усогласување со Царинскиот закон на Европската Унија донесен на 1 јуни 2013 година (Reg. EU952/2013-OJ L 269,10.10.2013), а кој стапи на сила на 1 јуни 2016 година. Со нивно донесување ќе се постапи согласно препораката од царинските упатства (Customs Blueprints). Оваа препорака ја потенцира потребата за усогласување во доменот на доставување на информации пред пристигнување (pre-arrival) и пред тргнување (pre-departure) на пратките и воведување на системи за анализа на ризик и натамошно промовирање на концептот за Овластен економски оператор. Ќе се изврши дополнително усогласување на царинското законодавство и постапките со законодавството на ЕУ, како и зајакнување на административниот и оперативниот капацитет на Царинската управа.

## 3.29.2 АДМИНИСТРАТИВЕН И ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

### *Тековна состојба*

Во текот на 2016 година извршено е унапредување на процесот за управување со ризик и отстранети се недостатоците врз основа на заклучоците од Комитетот за управување со ризици.

Капацитетите за разузнавање се подобрени со консолидирање на електронската разузнавачка база на податоци и ставање во примена на Упатството за користење на истата.

Имплементирани се стандардите на Светската царинска организација за зајакнување на безбедносниот и трговскиот режим, така што се донесени две стратегии, поддржани со акциони планови, и тоа:

- за спречување на неовластена трговија со наркотични средства, средства кои го загрозуваат здравјето на луѓето и
- за спречување на нелегална трговија со оружје.

Во 2016 продолжија активностите за реализација на стратегиите со што е подобрен оперативниот капацитет и контролата како и примената на законите во доменот на Секторот за контрола и истраги во Царинската Управа.

Царинската управа е интензивно вклучена во Програмата Царина 2020, преку различни видови на активности кои придонесуваат за јакнење на административниот и оперативниот капацитет.

Во мај 2016 година успешно заврши имплментацијата на Проектот „Завршување на постапката за пристапување кон Конвенцијата за Заеднички транзитни постапки и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата со стока“ (ИПА 2010) кој започна да се имплементира во втората половина од 2014 година заедно со Царинската служба на Словенија, по воспоставувањето на Новиот комјутеризиран транзитен систем (НКТС). Во рамките на проектните активности, со голема поддршка од 36 словенечки експерти, беа организирани 89 работилници од следните области: заеднички транзит, користење на Единствен царински документ (ЕЦД), електронско царинење, царински долг и гаранции, поедноставени царински постапки,

постапки со економски ефект, забрани и ограничувања, пост-царински контроли и Царински законик на Унијата, кои беа корисни не само за Царинската управа, туку и за економските оператори. Сите одредници предвидени со проектот се исполнети. Република Македонија успешно пристапи кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка на 1 јули 2015 година. Во истиот период, Царинскиот закон и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон беа дополнително усогласени со законодавството на ЕУ, особено во однос на пристапувањето кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка и кон Конвенцијата за поедноставување на формалностите при трговија со стока. Беа подготвени и преработени и неколку упатства и инструкции во согласност со најновите и најдобри практики на ЕУ: транзит, царински долг и гаранции, поедноставени постапки, пост-царинска контрола, царинење на стока со царинска декларација поднесена во електронска форма.
Во текот на последниот квартал од 2016 година започнаа градежните работи на инфраструктурниот проект: „Надградба на објектите за царинење на граничниот премин за патен промет Табановце" (ИПА 2012). Истиот опфаќа: изградба на две нови сообраќајни ленти за товарни возила на излезната страна проширување на постојниот, терминал за увоз и извоз за дополнителни 4.000 м2, изградба на придружни објекти (објект за Царинска управа, водовод и канализација, осветлување, изградба на пречистителна станица) долж Пан европскиот коридор 10. Овој проект се очекува да биде завршен до крајот на 2017 година.

### *Краткорочни приоритети*

Во текот на 2017 година, со **имплементација на системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД),** ќе се обезбеди интероперабилност и интерконекции со царинските ИТ системи на ЕУ, управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, евидентирање, прифаќање, обработка и архивирање), контрола на движењето на акцизните добра и царинските стоки преку размена на стандардизирани електронски пораки со економски оператори, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на ЕУ и СЦО.
Во текот на 2017 година ќе продолжи да се реализира проектот: **Зајакнување на царинските административни капацитети за исполнување на обврските за членство - Спроведување на правата од интелектуална сопственост, кој започна во 2016 година.** Главна цел на едната компонента од проектот е зајакнување на капацитетот на Царинската управа за спроведување и примена на правата од интелектуална сопственост преку понатамошно усогласување на законодавството и постапките со acquis и најдобрите практики поврзани со царинското спроведување на правата од интелектуална сопственост, како и соработка за поефикасно и здружено делување во откривање, истрага и гонење на организираниот криминал вклучен во фалсификувани и пиратски стоки.
Во текот на 2017 година се очекува да започне проектот: **Надградба на објектите за царинење и инспекциски органи на граничниот премин Ќафасан (ИПА 2013).** Проектот опфаќа градба на објектите за царинење и инспекциски органи на ГП Ќафасан, градба на нов увозно-извозен царински терминал од 9,5 илјади м2, пристапни патишта, објекти за царинење и други инспекциски органи (објект за царинска управа, водовод и канализација, осветлување, изградба на пречистителна станица), како и реконструкција на постојните објекти. Изградбата на нова инфраструктура ќе придонесе за создавање на современи услови за давање на повисок квалитет на услуги на граничните органи застапени на преминот, што ќе значи олеснување и забрзување на движењето на стоките преку преминот. Воедно, со овој проект ќе се обезбеди дополнително олеснување на граничните формалности, подобри услуги за економските оператори и натамошно унапредување на безбедноста на државата. Овој проект се очекува да биде завршен во 2018 година.
Во текот на 2017 година се очекува **пристапување кон Административниот договор за Транзитниот информациски систем за борба против измами (Anti-Fraud Information System - ATIS)** управуван од OLAF (European Anti-Fraud Office), воспоставување на интерна процедура за користење и негова полна примена. Со примената на ATIS системот ќе се унапреди процесот на управување со ризици во транзитната постапка.

### *Среднорочни приоритети*

До 2019 година, се очекува добивање на **Акредитација на царинската лабораторија** (организација во лабораторијата, донесување на Прирачникот за квалитет, потребни обуки во согласност со ИСО (интерна контрола, меѓулабораториски тестови и др.). Ова подразбира воведување на ИСО 17025 во царинската лабораторија, ревизија на организациската поставеност на царинската лабораторија согласно барањата на ИСО 17025. За добивање на акредитација изготвен е акциски план за акредитација на царинската лабораторија.
Во периодот 2017-2019 година се очекува реализација на Проектот **„Зајакнување на оперативни и институционални капацитети на Царинската Управа" со поддршка од ИПА2013**. Очекувани придобивки од реализација на проектот се: понатамошно усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ во областа на царинското работење, зголемување на ефикасноста при откривање и спречување на царински измами преку поефикасни и таргетирани контроли,

засилување на капацитетите за контроли по царинење и примена на современи лабораториски методи и средства, олеснување на трговијата преку усовршување на анализата на ризик согласно добрите практитки и стандардите на ЕУ. Во рамките на овој проект предвидено е и обезбедување на опрема за царинска лабораторија.
Во периодот 2015 **-** 2020 година ќе се врши континуирано користење на средствата од програмата **Царина 2020** за надградба на административните и оперативните капацитети во Царинската управа.

### ***Програми и проекти***

- Имплементацијата на системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (**СОЦДАД**)
- Проект: Надградба на Електронскиот систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти **– EXIM**. Истиот е во функција од 2008 година и од година во година станува се пософистициран, зголемувајќи ја ефикасноста при забрзување на царинските постапки, а континуирано расте и бројот на регистрирани корисници.
- Проект: Зајакнување на царинските административните капацитети за исполнување на обврските за членство **- Спроведување на правата од интелектуална сопственост** (во соработка со Државниот завод за индустриска сопственост) (ИПА 2011).
- Проект: Надградба на објектите за царинење на граничниот премин за патен промет **Табановце** (ИПА 2012).

**Планирани проекти**

Проект Надградба на објектите за царинење и инспекциски органи на граничниот премин **Ќафасан** (ИПА 2013).
Проект „**Зајакнување на оперативни и институционални капацитети на Царинската Управа** “ ИПА (ТАИБ 2013)
Проект „**Набавка на лабораториска опрема за Царинската управа**“ ИПА (ТАИБ 2013)

# 3.30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Земјата е **умерено подготвена** во областа на надворешните односи, со **одреден напредок** во текот на изминатата година. Земјата ја продолжува својата добра соработка со ЕУ, вклучително и во рамките на Светската трговска организација (СТО), но нејзиниот институционален капацитет за целосно учество во трговските, развојните и хуманитарните политики на ЕУ е сè уште недоволен. Во наредниот период земјата е потребно да:

- ги зајакне административните капацитети во областа на контрола на извоз на стоки за двојна употреба

***Резиме***

*Активностите во Поглавјето 30 се насочени кон имплементација на ЦЕФТА 2006 и Столбот за интегриран раст на Стратегијата на ЈИЕ 2020 , димензија А ,,слободна трговска област“, и димензија Ц ,,интегрирање во глобалната економија“.*

*Фокусот на активности беше насочен во олеснување на трговијата, либерализација во трговијата со услугите, со постепено пристапување кон прогресивна либерализација на трговијата со услуги и заедничко отворање на пазарите на услуги. Олеснувањето на трговијата треба да се постигне преку воспоставување на транспарентни средства и поедноставување на царинските и трговски процедури за елиминирање на можни ризици во извозот и непречен пристап на пазарите во регионот. Една од позначајните активности која е директно насочена кон креирање на преференцијален пристап, не само према постојните извозни дестинации, туку и према други пазари во рамки на ПЕМ регионот е измената на Протоколите за потекло на стоката согласно Регионалната Конвенција за Пан-Евро медитерански правила за потекло. Примената на конвенцијата во целост е воедно можност за учество во глобалниот синџир на набавки.*

## 3.30.1 ЗАЕДНИЧКА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА

***Тековна состојба***

Република Македонија во 2016 година продолжи да ја спроведува трговската политика во согласност со обврските кои произлегуваат од членството во Светската трговска организација (СТО), како и обврските кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација (САА), Договорот за слободна трговија на земјите од Централна Европа (ЦЕФТА 2006) и другите договори за слободна трговија со кои се преземени обврски за повластен трговски режим. Република Македонија го ратификува Протоколот на Спогодбата за олеснување на трговијата со СТО и во врска со тоа Владата на Република Македонија донесе Одлуки за формирање на Информативно тело за олеснување на трговијата и Национален комитет за олеснување на трговијата,и истите ќе отпочнат со работа откако Спогодбата за олеснување на трговијата ќе биде ратификувана од поголемиот број на членки на СТО.

Во текот на 2016 година активностите во рамките на ЦЕФТА беа насочени кон реализација на годишната Програма на Црна Гора за претседавање со ЦЕФТА 2006, во која беа вклучени приоритетите и активностите на Столбот за интегриран раст во Стратегијата на ЈИЕ 2020. Главните приоритети во претседавањето со ЦЕФТА 2006 се:

**Создавање на слободна трговска зона** – Во 2016 година продолжија преговорите за натамошна либерализација на трговијата со услугите во ЦЕФТА во секторите: деловни и професионални услуги, туристички услуги, услуги за животна средина, комуникациски услуги, аудиовизуелни и градежни услуги, дистрибутивни,финансиски,транспортни, образовни и здравствени услуги. Се одржаа четри рунди на преговори за склучување на регионален Протокол за трговијата со услуги и текстот на Протоколот е скоро усогласен, а до крајот на првата половина на 2017 година се очекува да се ратификува од страна на ЦЕФТА земјите. Регионалниот Протокол ќе овозможи остварување на прогресивна либерализација на трговијата со услуги и заедничко отворање на пазарите на услуги, во контекст на европската интеграција.

Во рамките на ЦЕФТА продолжија и преговорите за склучување на регионален Дополнителен протокол 5 за олеснување на трговијата.Се одржаа 3 рунди на преговори и се очекува преговорите да резултираат со склучување на Дополнителен протокол 5 на седницата на Мешовитиот Комитет на ЦЕФТА, во декември 2016 година, а во првата половина на 2017 година да се заврши постапката за ратификација на истиот. Целта на активноста е директно насочена кон олеснување на трговијата и либерализација на трговијата за земјите од регионот, преку воспоставување на транспарентни средства и поедноставување на царинските и трговски процедури за елиминирање на можни ризици во извозот и непречен пристап на пазарите во регионот, со креирање на едношалтерски информациски систем на ЦЕФТА царинските органи и инспекциските служби / технички агенции присутни на граничните премини. Во врска со оваа активност во ИПА 2017 обезбеден е проект ,,Системско електронско обработување на податоци” за ЦЕФТА земјите во износ од 4.8 милиони евра, за период од 2 години.

**Интегрирање во глобалната економија** - Продолжија активностите за изменување на протоколите за потекло на стоките, во договорите за слободна трговија со цел да се применува идентична дијагонална кумулација за потекло на стоката на земјите на ЦЕФТА со земјите на ЕУ (28 земји), земјите на ЕФТА (Швајцарија, Норвешка, Исланд и Лихтенштајн) и Турција согласно со Регионалната Конвенција за Пан-Евро медитерански правила за потекло. Целта е директно насочена кон креирање на преференцијален пристап, не само кон постојните извозни дестинации, туку кон други пазари во рамки на ПЕМ регионот. Примената на конвенцијата во целост е воедно можност за учество во глобалниот синџир на набавки.
Република Македонија со ратификацијата на Протоколот за потекло на стоката согласно ЦЕФТА Договорот во 2014 година, од 12 септември 2014 година отпочна со примена на протоколот за потекло од конвенцијата. Во 2016 година беше донесен и Законот за ратификација на Протоколот 4 кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините членки ( Службен весник бр.71/2016 година) и истиот се применува во 2016 година.
За следната година останува да се заврши започнатото усогласување на текстот на Одлуката за измена на Протоколот за потекло на стоката од Договорот со ЕФТА и со Република Турција.

**Конкурентна економска средина** - Продолжи да јакне транспрентноста во рамките на програмите на претседавачите преку развивање на концептот на ЦЕФТА менаџмент –информациски систем со што пакетот за транспарентност ќе биде достапен на бизнис секторот и во исто време се евидентираат нетарифните мерки кои се применуваат во меѓусебната трговија со изнаоѓање на инструменти за нивно отстранување.
Во 2016 година за време на црногорското претседавање со ЦЕФТА реализирани се следните активности: Одржани се следните состаноци: вонреден состанок на Мешовитиот комитет, Стратегиски состаноци, Надзорниот комитет, на заменици министри, Комитет за олеснувања на трговијата ,Комитет за контакт лица, Поткомитет за трговијата во услугите, Поткомитетот за царини и правила за потекло, Поткомитетот за нетарифни мерки и Поткомитетот за земјоделие и фитосанитарни прашања, Работната група за статистиката во трговијата со услугите, на Работната група за взаемно признавање на професионал квалификации, Работната група за инвестиции и др.
Направени се подготовки за избор на директор во ЦЕФТА Секретаријатот при што во овој период не беше постигната согласност за избор на директор.
Во Програмата за далекусежност и забележителност на ЦЕФТА, во месец октомври 2016 година, Министерството за економија активно се вклучи во информирањето на бизнис заедницата за активностите превземени од сите земји на ЦЕФА за олеснување на трговијата со стоки и услуги следејќи ги можностите што ги нуди ЦЕФТА Договорот.
Проширување на дијагоналната кумулација во Пан-Евро медитеранската кумулативна зона на Република Македонија и ЕУ со вклучување на Косово од 6јули 2016 година.
Во 2016 година успешно се применуваше Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии за двојна употреба.
Во 2016 година, Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР), преку кредитни линии за поддршка на извозно ориентирани компании, како и кредитното осигурување и извозен факторинг, нудеше финансиска поддршка на македонски компании кои вршеа пласман на своите производи и услуги на странски пазари. Преку овие кредитни линии и продуктитите како кредитно осигурување и извозен факторинг, компаниите ја подобруваа својата конкурентност, финансиска стабилност и сигурност при настап на странските пазари. Активностите на МБПР, во овој дел се во согласност со законските рамки со кои е уредено работењето на МБПР, како Закон за банки на Република Македонија, Закон за МБПР и меѓународните директиви со кои е регулирано надворешното трговско финансирање.
Надлежни институции за спроведување на трговската политика во земјата се Министерството за економија - Секторот за меѓународна трговска соработка, Министерството за финансии и Царинската управа.

### *Краткорочни приоритети*

Република Македонија ќе продолжи со спроведување на презементе обврски кои произлегуваат од членството во СТО, како и обврските кои произлегуваат од другите договори за слободна трговија.
До крајот на 2017 година се планира да заврши усогласувањето на текстот на Одлуките за измена на протоколите за потекло на стоката со Турција и ЕФТА земјите, согласно на Регионалната Конвенција за Пан-Евро медитерански правила за потекло и да се спроведе процесот на ратификација.
Во рамки на ЦЕФТА се планира да се ратификува: Дополнителниот Протокол 5 за олеснување на трговијата до крајот на првата половина на 2017 година а Протоколот за трговија со услуги до крајот на 2017 година. Напоредно со преговорите за либерализација на услугите, предвидено е во 2017 година да се преговара и да се склучи Спогодба за признавање на професионалните квалификации, со која директно ќе се влијае на олеснување на трговијата и либерализација на трговијата со услуги, со цел да се редуцира било какво ограничување кое денес постои во регионот при извоз на услуги.

Континуирано ќе се реализира имплементацијата на заедничката консолидирана агенда на ЦЕФТА и Столбот за Интегриран раст во Стратегијата на ЈИЕ 2020.
Во 2017 година ќе биде донесен нов Закон за контрола на извозот на стоки и технологии за двојна употреба, усогласен со најновата регулатива на ЕЗ во оваа област со цел спречување на злоупотрбата на дигитални системи за надзор, што резултира со кршење на човековите права.Исто така ќе се донесе и Одлука за утврдување на Листа на стоки и технологии за двојна употреба, усогласена со најновата регулатива на Советот ЕЗ

***Среднорочни приоритети***
Соработката во рамки на ЦЕФТА проектите ќе продолжи и во наредниот среднорочен период.
Имплементација на протоколите за потекло на стоките со идентична примена на дијагонална кумулација за потекло на стоката во договорите за слободна трговија со земјите на ЦЕФТА со земјите на ЕУ (28 земји), земјите на ЕФТА (Швајцарија, Норвешка, Исланд и Лихтенштајн) и Турција согласно Регионалната Конвенција за Пан-Евро медитерански правила за потекло.

## 3.30.2 БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ ЗЕМЈИ

***Тековна состојба***
Република Македонија досега има склучено 42 билатерални договори за поттикнување и заемна заштита на инвестициите. Од нив, 38 се влезени во сила, додека 4 договори се ратификувани само од страна на Република Македонија и ќе влезат во сила по завршување на процесот на ратификација во соодветните држави.
Од вкупниот број склучени договори, 19 се со земји членки на Европската Унија и сите се влезени во сила.
Во јуни 2016 година стапи во сила Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Данска. Исто така, во септември 2016 година Република Македонија целосно го усогласи Договорот со Обединетите Арапски Емирати по што ќе следи усвојување на текстот на Договорот од страна на Владата на Република Македонија и негово потпишување.
Исто така, во текот на 2016 година по писмен пат беа доставени забелешки на Договорот на Естонија со цел негово усогласување и парафирање во блиска иднина.
Во делот на склучување на договори за трговска / економска соработка со трети земји, во 2016 година се ратификува Договорот за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Виетнам.

***Краткорочни приоритети***
Република Македонија ќе продолжи со активностите за спроведување и за анализирање на договорите за трговска и економска соработка кои се веќе потпишани и влезени во сила, со цел нивно усогласување со законодавството на ЕУ. Во таа насока предвидено е да се утврди временска рамка на усогласување на постоечките договори со законодавството на ЕУ.
Исто така ќе се продолжи и со усогласување и потпишување на Договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и трети земји. Имено, во текот на 2017 година се очекува да бидат потпишани договорите со Исланд и Израел и да продолжат преговорите за склучување на Договор со Канада.
Исто така, во текот на 2017 година се очекува да завршат преговорите за Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите со Естонија и со Молдавија и да отпочнат преговори со Португалија и со Кралството Саудиска Арабија.
Министерството за економија- Секторот за меѓународна трговска соработка и Министерството за финансии- Секторот за финансиски систем, се надлежни за усогласување и парафирање на билатералните договори со трети земји.

## 3.30.3 РАЗВОЈНА ПОЛИТИКА

***Тековна состојба***
Во делот на развојната политика во периодот на 2016 година, продолжи процесот на прибирање информации за функционирањето на развојната политика на ЕУ и институционалната организираност во земјите-членки на ЕУ. Во изминатиов период беше направена одредена проверка на нашиот напредок во Поглавјето 30, во процесот на усогласеност на законодавството и институционалната и административна подготвеност преку учеството во твининг проектот бр. МК 10 IB OT 02 „Натамошно јакнење на организационите и институционалните капацитети за ЕУ интегративниот процес“. Во два наврати, во рамките на овој проект, во ноември 2015 и февруари 2016 година се одржаа состаноци со експертот од Унгарија на кои беа разменети информации околу политиката и практиката на ЕУ на планот на развојната соработка, како и информации за нашата институционална подготовка за примена на развојната соработка како инструмент на надворешната политика. Тие размени беа корисни за оценка на степенот на примена на легислативата и практиката на ЕУ, која се однесува повеќе на примена на меѓународните договори и развојната стратегија на ЕУ. Притоа, беше заклучено дека натамошната работа ќе биде фокусирана врз подготовка на национална развојна стратегија со дефинирани тематски и географски приоритети и/или

ажурирање на нацрт-Законот за меѓународна развојна соработка на земјата, како и стекнување знаења за методологијата за калкулирање и известување за официјалната развојна помош (ODA), како оваа методологија би станала составен дел од работата во делот на развојната соработка.
Главните активности во третиот квартал од 2016 г. беа поврзани со обука на претставници на Министерството за надворешни работи, одржана на 27 септември во рамките на Твининг проектот за зајакнување на капацитетите во процесот на европска интеграција за Поглавјето: Надворешни односи во областа на развојната политика. Експертот од Министерството за надворешни и европски работи на Република Хрватска ги пренесе нивните искуства за конципирање на хрватскиот Закон и Стратегијата за развојна соработка и хуманитарна помош, нивните институционални решенија и организациона поставеност, како и на целите и приоритетите на хрватската развојна политика за периодот 2016-2020.

## 3.30.4 ХУМАНИТАРНА ПОМОШ

***Тековна состојба***

По невремето и обилните врнежи во август оваа година што предизвикаа поплави со човечки жртви и голема материјална штета во регионот на Скопје и Тетово, Министерството за надворешни работи, со одлука на Владата, упати меѓународен хуманитарен апел за помош. Механизмот за цивилна заштита на ЕУ беше активиран со писмото упатено до Еврокомесарот за хуманитарна помош и кризен менаџмент. Преку механизмот стигнуваа најголем дел од пратките во опрема и екипи за нејзино ракување, како и други потребни средства од: ЕУ, Бугарија, Србија, Австрија, Холандија, Грција, Унгарија, Словачка, Чешка, Полска, Германија, Шведска, Словенија. По активирањето на Механизмот беше распоредена и мала мисија од неколку експерти, водена од холандскиот експерт Pieter Glerum. Целта на нивната мисија беше олеснување на координацијата на странската хуманитарна помош и проценка на состојбата на теренот од аспект на краткорочните мерки што треба да бидат преземени.
Освен помошта преку EUCPM, на билатерална основа следниве земји упатија помош во материјални и финансиски средства: Турција, Италија, Русија, Кина, Јапонија, Р. Кореја, Израел, Ватикан, Црна Гора, Хрватска, БиХ, Албанија, Косово. Исто така и некои меѓународни организации, како УНДП, УНЕСКО, УСАИД и ОБСЕ понудија и реализираа соодветна помош.

***Краткорочни приоритети***

Министерството за надворешни работи, како надлежна институција за спроведување на развојната политика и соработка, да ги запознае останатите ресорни министерства и надлежни институции со принципите и политичките заложби на ЕУ на овој план содржани во документите на ЕУ и др. релевантни меѓународни документи.
Во овој период ќе се испитаат можностите за организирање обуки и студиски патувања/посети на надлежните во Министерството за надворешни работи и на администрацијата од другите ресори што ја имплементираат развојната политика за стекнување нови сознанија за институционалните решенија и предизвиците во имплементацијата на развојната политика како и искуства од други членки на ЕУ во преговорите за Поглавјето 30.

***Среднорочни приоритети***

Имајќи предвид дека провизорниот рок за донесувањето на Законот за спроведување на меѓународна развојна соработка е поместен за 2018 година, во меѓувреме ќе се работи врз дефинирање на наши географски и тематски приоритети, создавање дата база за расположивите капацитети на земјата за спроведување на развојна соработка и воведување механизам за обединување на податоците за доделената развојна помош.

Се очекува акумулираните информации и сознанија да бидат ставени во функција преку работа врз подготовката на нашата Национална стратегија за развојна соработка. Дополнително, во наредниот период ќе се работи врз стекнување сознанија за методологија што се користи при известувањето за официјалната развојна помош и обука на администрацијата за методологијата што ја користи OECD/DAC, како би се зголемила институционалната подготвеност за обврските што ќе претстојат на овој план од членството во ЕУ. Во таа насока е потребно да се организира обука за администрацијата за подготовката на методологијата за распределбата на развојната помош и за начинот на известување околу нејзината имплементација. Се планира и интензивирање на соработка со невладиниот сектор и со другите земји членки или специјализирани агенции од другите земји за спроведување на трилатерални развојни проекти.

## 3.31 ЗАЕДНИЧКА, НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА

***Наоди и препораки од Извештајот на ЕК2016***

*Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. Беше постигнат **одреден напредок,** додека земјата продолжува со учество во цивилните и воените мисии на управување со кризи.*

*Во следниот период, потребно е земјата да:*

- *Да продолжи со подобрувањето на нејзиното усогласување со декларациите на ЕУ и одлуките на Советот за надворешна и безбедносна политика.*

***Резиме***

*Република Македонија редовно се придружува кон декларациите, изјавите и одлуките на ЕУ, со кои се воведуваат рестриктивни мерки и санкции против држави, ентитети и лица. Земјата учествува во операцијата на ЕУ во БиХ ‚ЕУФОР „Алтеа“, во мисијата предводена од НАТО „Одлучна поддршка“ во Авганистан, мисијата на ОН „Унифил“ во Либан, како и со поддршка на НАТО мисијата „КФОР” во Косово, преку Координативниот центар на Република Македонија за поддршка на силите на КФОР во Косово.*

*Земјата продолжи да придонесува за унапредување на билатералниот политички дијалог со ЕУ и да биде активен учесник во мултилатералниот политички дијалог со ЕУ.*

*Во 2017 година, земјата ќе продолжи со прифаќање на декларациите, изјавите и правните акти на ЕУ во доменот на ЗНБП.*

*Во текот на 2016 година беше изготвен нов текст на Закон за рестриктивни мерки, и се планира да се усвои во 2017 година. До крајот на 2017 година, предвидено е да се донесат измени и дополнувања на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема со цел опрема неговото осовременување и усогласување со критериумите на Васенар аранжманот, при што се земаат во предвид најновите предлог директиви ЕУ COM(2016) 616 и препораки на ЕУ за трговија со оружје и стоки со двојна употреба.*

*Дополнително, до крајот на 2017 година, предвидено е да се усвои Националната стратегија за контрола на мало и лесно оружје и акционен план 2017 – 2021. Во текот на 2018 година предвидено е донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации.*

### 3.31.1 ЗАЕДНИЧКА, НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА (ЗНБП)

***Тековна состојба***

Република Македонија редовно се придружува кон декларациите, изјавите и другите документи на ЕУ. Земјата, исто така се придружува и кон одлуките на Советот, со кои се воведуваат рестриктивни мерки и санкции против држави, ентитети и лица.

Земјата редовно и активно учествува во билатералниот политички дијалог со ЕУ во различни формати и тела.

Координативно тело за следење на спроведувањето на меѓународните рестриктивни мерки редовно одржува состаноци. Регистарот на одлуки за воведување на меѓународни рестриктивни мерки, кој е објавен на веб-страницата на Министерството за надворешни работи редовно се ажурира.

Во 2016 година продолжија активностите за склучување билатерални спогодби за размена и заемна заштита на класифицирани информации со земји-членки и со земји-кандидати. Во текот на 2016 РМ склучи ваков вид договори со (Италија и Романија).

Во однос на контролата на оружјето, како обврска од меѓународните инструменти за контрола на оружје, разоружување и непролиферација, земјата редовно подготвува извештаи за нивна имплементација, вклучително и за извоз/увоз на оружје. Воедно во согласност со заедничката позиција на Советот 2008/944/ЗНБП, Република Македонија изготвува годишни извештаи за извоз на оружје што ги доставува до ЕУ, но и до други партнери, вклучително и SEESAC.

Донесени се подзаконски акти на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема.

Националната комисија за мало и лесно оружје продолжува со извршување на своите активности за планирање, следење и анализирање на состојбата за контрола на мало и лесно оружје и координирање на активностите на надлежните институции.

Националното координативно тело (НКТ) за хемиско, биолошко радијационо и нуклеарно оружје со свој претседавач од Министерството за надворешни работи, редовно ги извршува своите активности. Продолжува активнотото учество во иницијативата на Европската комисија за центрите за извонредност за превенција и намалување на ризиците од хемиско, биолошко, радиолошко и нуклеарно оружје и направи, како и имплементација на проектите во рамките на Иницијативата.

Подготвена е нацрт-Национална стратегија за справување со пролиферација на ОМУ и заштита од ХБРН закани во Република Македонија. Во функција на подобрување на текстот на нацрт стратегијата, се анализираат конкретните предлози поднесени од страна на експертите од RACVIAC, DTRA и CBRN EU.
Република Македонија беше членка на Бордот на гувернери на ИАЕА (Меѓународната агенција за атомска енергија) во периодот од септември 2014 до септември 2016 година.
Земјата е во фаза на преговори и прилагодување на националниот систем за контрола на оружје и стратешка трговија, со цел реализација на апликацијата за членство во Васенар аранжманот, поднесена во август, 2014 година. За таа цел, надлежните институции на РМ ги пополнија одговорите на Прашалникот (Eligibility Worksheet) за подготвеноста на земјата за членство во Васенар аранжманот и го предадоа на ко-известителите надлежни за нашата земја.

### *Краткорочни приоритети*

**Правна рамка**

Република Македонија ќе продолжи да придонесува за унапредување на билатералниот политички дијалог со ЕУ и да биде активен учесник во мултилатералниот политички дијалог со ЕУ.
Во 2017 година, земјата ќе продолжи со прифаќање на декларациите, изјавите и правните акти на ЕУ во доменот на ЗНБП.
Во текот на 2016 година беше изготвен нов текст на Закон за рестриктивни мерки, и се планира да се усвои во 2017 година.
До крајот на 2017 годинi, предвидено е да се донесат измени и дополнувања на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема со цел опрема неговото осовременување и усогласување со критериумите на Васенар аранжманот, при што се земаат во предвид најновите предлог директиви ЕУ COM(2016) 616 и препораки на ЕУ за трговија со оружје и стоки со двојна употреба.
Дополнително, до крајот на 2017 година, предвидено е да се усвои Националната стратегија за контрола на мало и лесно оружје и акционен план 2017 – 2021.
На 14 и 15 февруари 2017 година во Скопје ќе се одржи состанок на национални координатори од Југо-источна и Источна Европа во рамките на ЕК Центрите за извонредност за ХБРН.
Во однос на стратегијата за непролиферација и ХБРН, се вршат подготовки за одржување консултативен состанок на Националното ХБРН Тело со странските експерти, во јануари 2017 година во Скопје. Планирано е нацрт Стратегијата да се поднесе за усвојување од страна на Владата на Република Македонија во март 2017 година. По евентуалното усвојување, ќе следи изработка на Акциски планови за имплементација на Стратегијата.
Во 2017 година ќе продолжат активностите за склучување билатерални спогодби за размена и заемна заштита на класифицирани информации со земји-членки и со земји-кандидати (Австрија, Белгија, Холандија, Финска, Португалија, Луксембург и Црна Гора), но и со други европски земји.
Во текот на 2017 година, ќе бидат преземени активности поврзани со покренатата иницијатива за склучување административен аранжман со Европската агенција за одбрана со цел да се овозможи учество на македонските компании на меѓународните класифицирани тендери што ги објавува Агенцијата.
Исто така во 2017 година Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ) ќе преземе активности за унапредување на националната правна регулатива за заштита на класифицираните информации преку изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации. По донесување на измените на Законот ќе се пристапи кон изменување и дополнување на релевантните подзаконски акти и кон активности за позиционирање на авторитетот на ДБКИ во националното законодавство сврзана со сајбер заштитата.

**Институционална рамка**

Ќе продолжат активностите за обука на државните службеници во доменот на ЗНБП. Приоритет ќе биде ставен на обука на извршителите задолжени за спроведување на меѓународните рестриктивни мерки и контрола на оружјето.
Во однос на соработката со меѓународни организации, Република Македонија ќе продолжи со својот активен ангажман во меѓународните организации (ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и др).
Исто така, земјата ќе продолжи да ги спроведува рестриктивните мерки воведени од страна на Советот на ЕУ.
Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ) ќе продолжи со обука на лицата кои работат со класифицирани информации, вклучително и преку соработка со земји-членки на ЕУ и користење на ТАИЕКС инструментот на ЕК. Воедно, ДБКИ ќе продолжи со активното учество во регионалните инцијативи за соработка на националните безбедносни авторитети на земјите на поранешна Југославија (форумот 6С) и на земјите од Југоисточна Европа (форумот СЕЕНСА).

### *Среднорочни приоритети*

Ќе се спроведува континуирана обука за ЗНБП на извршителите во министерствата и институциите вклучени во спроведувањето на оваа политика на ЕУ. Во оваа насока, се планираат организирање на обуки и студиски посети во земји-

членки на ЕУ со цел размена на искуства во однос на ефикасно спроведување на рестриктивните мерки и контролата на оружјето.
Правната рамка ја надополнуваат и билатералните спогодби за размена и заштита на класифицирани информации склучени со ЕУ и со земјите-членки.
Ќе биде обезбедена континуирана едукација на корисниците на класифицирани информации во државните органи и институции, кај јавните и приватните правни лица.
Ќе биде воведено учење на далечина (distance learning) како предуслов за електронско аплицирање за добивање безбедносен сертификат.
Ќе продолжат активностите за издавање безбедносни сертификати на физички и на правни лица и за унапредување на безбедносната организација за работа со класифицирани информации со повисок степен на класификација.
Соработката со националните безбедносни авторитети на земјите од регионот ќе биде интензивирана преку Регионалниот центар за соработка на ЕУ.

## 3.31.2 ЗАЕДНИЧКА, БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА (ЗБОП)

### *Тековна состојба*

Придонесот на Република Македонија кон глобалната безбедност, мир и стабилност, се демонстрира преку учеството во операциите за поддршка на мирот и вложувањето во сопствените безбедносни способности и капацитети за заштита на заедничките вредности и интереси.
Во 2016 година, продолжи придонесот на земјата во операцијата на ЕУ во БиХ ,ЕУФОР „Алтеа“, во мисијата  предводена од НАТО „Одлучна поддршка“ во Авганистан, мисијата на ОН „Унифил“ во Либан, како и со поддршка на НАТО мисијата „КФОР” во Косово, преку Координативниот центар на Република Македонија за поддршка на силите на КФОР во Косово.
Република Македонија на покана на ЕУ учествува на состаноци од доменот на одбраната во формат за земјите кандидати и европските НАТО членки кои не се членки на ЕУ (ЕУ + 7), на состаноците на Политичкиот безбедносен комитет (ПБК) на ЕУ, на состаноците на Воениот комитет (ВК) на ЕУ, во формат ВК на ЕУ + 7, учество на работната сесија за операцијата „Алтеа“ во рамките на Глобалната конференција за генерирање сили на ЕУ и на координативните конференции за борбените групи на ЕУ.
Земјата континуирано и активно спроведува одбранбена соработка на билатерално, регионално и мултилатерално ниво, преку учество во регионалните иницијативи, А-5 Јадранската повелба, процесот на соработка на министрите за одбрана на земјите од Југоисточна Европа (СЕДМ) и Мултинационалната бригада од Југоисточна Европа (СЕЕБРИГ). Претставуваме дел од сите регионални иницијативи кои имаат за цел унапредување на безбедноста, споделување на заедничките способности и капацитети за постабилна иднина на нашите граѓани.
Република Македонија покрена Иницијатива за отпочнување на соработка со Европската одбранбена агенција(EDA), во насока на унапредување на компатибилноста со државите членки на ЕУ, како и унапредување на воените и одбранбените капацитети и сопособности.
Во тек е изработка на анализа за евентуални измени во законот за Упатување лица во меѓународни мисии и меѓународни организации.
Македонски претставници учествуваа на десеттиот циклус на Програмата за обука за Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) 2016 наменета за земјите од процесот за стабилизација и асоцијација (три модули).

### *Краткорочни/ среднорочни приоритети*

Република Македонија ќе продолжи со учеството во операцијата на ЕУФОР во БиХ „Алтеа“ со 3 лица, две штабни позиции и еден доктор.
Во мисијата „Одлучна поддршка“ предводена од НАТО во Авганистан, во 2016 година продолжи нашето учество со воен персонал од 39 лица. Република Македонија се вклучи во процесот на планирање и следење на ангажманот на засилено долготрајно партнерство во Авганистан, по 2016 година, во согласност со нашите капацитети и интереси. Со истото ниво на придонес земјата ќе продолжи и во 2017 година, согласно потребите на мисијата.
Придонесот во мисијата на Обединетите Нации „Унифил“ во Либан ќе продолжи со 1 штабен офицер. Во согласност со стратешките определби на Република Македонија, во Министерството за одбрана се вршат детални анализи на актуелните операции на ООН, во насока на согледување на можностите за зголемен придонес во истите. Министерството за одбрана е задолжено да спроведе консултации и да започне планирачки процес со надлежните институции на ООН (UNDPKO) и со земјите членки на ООН придонесувачи со воени единици во мировните операции, за придонес со сили во јачина на еден вод, односно до 35 лица воен персонал.
Ќе продолжиме и со поддршка на НАТО мисијата „КФОР” во Косово, преку Координативниот центар на Република Македонија за поддршка на силите на КФОР во Косово.

Земјата продолжува со одбранбените реформи во насока на зајакнување на капацитетите на Министерството за одбрана и извршување на стратегиските мисии, вклучително и развој на интероперативни воени способности на Армијата на Република Македонија.
Република Македонија останува силен промотор на регионалната соработка и дијалог, давајќи значаен придонес во рамките на сите регионални иницијативи, вклучително и регионалната одбранбена соработка.
Земјите од САД-Јадранската повелба со заеднички сили ќе продолжат да работат на имплементација на проектите во духот на НАТО концептот за Паметна одбрана во сферата на опремувањето и модернизацијата, заедничко образование и обука, заеднички придонес во меѓународните операции и други заеднички регионални проекти.
Почнувајќи од месец октомври 2016 година, Република Македонија е домаќин на постојана организација на Балкански медицински наменски сили - Balkan Medical Task Force (BMTF). Балканските медицински наменски сили е проект иницирган од страна на Кралството Норвешка, САД Република Македонија и Република Србија, во која учествуваат Албанија, Босна и Херцеговина, Словенија, Србија, Црна Гора и Македонија. Проектот цели кон обука и извежбување на националните воени медицински капацитети на земјите од регионот, за учество и работа во регионална мултинационална единица, како и достигнување на високо ниво на интеропербилност на таа единица со ООН, НАТО и ЕУ.
Република Македонија ќе биде домаќин на Командата на СЕЕБРИГ од 2020 до 2026 година, одлуката беше усвоена на состанокот на Министрите за одбрана на земјите членки на СЕДМ, кој се одржа во Рим, Република Италија, на 18 октомври 2016 година.
Република Македонија, на покана на ЕУ, ќе продолжи да учествува на следните состаноци за политички дијалог на ЕУ со земјите-кандидати и европските НАТО членки кои не се членки на ЕУ: состаноци на Политичко безбедносниот комитет (ПБК) на ЕУ, состаноци на Воениот комитет на ЕУ+, учество на сесијата за операцијата на ЕУ во БиХ, „Алтеа“ во рамките на Глобалната конференција за декларирање на сили на ЕУ, на координативните конференции за борбените групи на ЕУ, како и на вежбата на ЕУ, MILEX 17, во својство на набљудувач.
Во насока на градење на административни капацитети Република Македонија ќе продолжи да учествува со свои претставници во Програмата за обука за Заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗБОП) за земјите од ПСА во циклусот обуки во 2017 година, како и на други обуки од доменот на ЗНБП и ЗБОП согласно потребите и можностите.
Министерството за одбрана останува посветено и на имплементација на Резолуцијата на ОН 1325 за жените, мирот и безбедноста преку реализација на активности во земјата и странство со цел интеграција на родовата перспектива на сите нивоа во одбранбениот систем. Покрај обука на персоналот од Армијата и Министерството за одбрана за прашањата во областа на родовата сензитивност, оваа област е составен дел и од предупатната обука на лицата во подготовка за распоредување во мировните операции предводени од НАТО, ЕУ и ООН.
Во текот на 2018 година предвидено е донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации.

# 3.32 ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Земјата е **умерено подготвена** во оваа област. **Нема напредок** во изминатата година со спроведување на препораките на Европската комисија во извештајот за 2015 година. Потребни се значителни дополнителни напори за да се обезбеди ефикасно спроведување на регулативата за јавна внатрешна финансиска контрола (ЈВФК). Подобрена внатрешна контрола на јавните средства, во согласност со стабилна антикорупциска политика и следење на ревизорските препораки, допрва треба да се воспостави. Независноста на Државниот завод за ревизија сеуште не е заштитена со Уставот. Во наредната година земјата треба особено да:

- обезбеди постоење посистематско следење на владините препораки по годишниот извештај за спроведување на јавната внатрешна финансиска контрола;
- обезбеди ефикасно спроведување на проценката на ризик и други алатки и техники во процесот на управување со организациите од јавниот сектор;
- донесе и спроведе национална стратегија за борба против измами, зајакнување на координативната улога на Единицата за координација на борбата против измами (AFCOS) и подобрување на управувањето со неправилности преку системот за управување со неправилност.

***Резиме***

*Во 2017 година ќе продолжи развојот на системот на јавна внатрешна финансиска контрола преку развој на стабилен и ефикасен систем на финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор. Во областа на финансиското управување и контрола* во Законот за јавна внатрешна финансиска *контрола ќе се изврши проширување на опфатот за примена на одредбите кои се однесуваат на финансиското управување и контрола и ќе се обезбеди поедноставување на начинот на организирање и работа на помалите буџетски корисници во делот на финансиското управување и контрола. Со цел зајакнување на раководната (менаџерската) одговорност, ќе биде изготвен нов Прирачник за финансиско управување и контрола. Заради зајакнување на спроведувањето на внатрешната ревизија во 2017 година, ќе се ажурира Прирачникот за внатрешна ревизија и ќе отпочнат подготовките за национална сертификација на внатрешните ревизори.*

*Во текот на 2017 година ќе бидат зајакнати капацитетите на Државниот завод за ревизија и ќе биде донесена и Националната стратегија за спечување на измами за заштита на финансиските интереси на Европската унија во Република Македонија за периодот од 2017- 2020 година.*

*Постапката за заштита на независноста на Државниот завод за ревизија со Уставот на РМ ќе продолжи и во 2017 година.*

## 3.32.1 ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И НАДОВОРЕШНА РЕВИЗИЈА

***Тековна состојба***

Во 2016 година продолжи спроведувањето на Стратегијата за развој на јавната внатрешна финансиска контрола за периодот од 2015 до 2017 година преку зголемување на свеста за значењето и придобивките на системот за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор и зајакнување на раководната одговорност, како и преку развој на системот на управување со ризиците со што се очекува обезбедување разумно уверување дека во постигнување на целите, јавните средства ќе се користат правилно, етички, економично, ефикасно и ефективно.

Во 2016 година, Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор продолжи со работа со ограничени капацитети.

Продолжија активностите за институционалното зајакнување на единиците за финансиски прашања и единиците за внатрешна ревизија кај субјектите од јавниот сектор, но потребни се дополнителни напори за да се обезбеди ефикасно спроведување на регулативата за јавна внатрешна финансиска контрола. Начинот на организацијата на работењето на Комитетот за финансиско управување и контрола и Ревизорскиот комитет во Министерството за финансии се покажа како недоволно ефикасен.

Измените на Уставот на Република Македонија, со цел Државниот завод за ревија да се дефинира како уставна категорија, сеуште не се донесени.

**ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА**

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Во 2017 година ќе биде изготвен Закон за изменување и дополнување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола со кој ќе се изврши проширување на опфатот за примена на одредбите за финансиско управување и контрола и за државните претпријатија, ќе се обезбеди поедноставување на начинот на организирање и работа на помалите буџетски корисници во делот на финансиското управување и контрола и ќе се преоцени можноста за скратување на рокот за доставување на Годишен извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола.
Со цел зајакнување на раководната (менаџерската) одговорност, ќе биде изготвен нов Прирачник за финансиско управување и контрола.

**Институционална рамка**

**Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии**

Во 2017 година, ќе се зајакнат капацитетите на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола преку пополнување на работните места, а Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор ќе се зајакне со пополнување на 5 работни места.

**Зајакнување на институционалните капацитети за финансиско управување и контрола во субјектите**

Во 2017 година фокусот на активности ќе биде ставен на зајакнување на капацитети за финансиско управување и контрола во институциите од јавниот сектор преку зајакнување на раководната (менаџерска) одговорност и преку спроведување на децентрализиран систем на управување со јавните средства. Посебен акцент ќе се стави на делегирањето на должностите и одговорностите и зајакнувањето на единиците за финансиски прашања преку ажурирање на Плановите за воспоставување и развој на ЈВФК.
Во функција на зајакнување на институционалните капацитети за финансиско управување и контрола, ќе бидат организирани работилници за финансиско управување и контрола и промовирани "лидери институции" и обуки за управување со ризици, со цел реформата на јавната внатрешна финансиска контрола подобро да се интегрира во тековниот процес на реформи во јавната администрација.
Во функција на зајакнување на институционалните капацитети за финансиско управување и контрола, ќе биде воведено систематско следење на препораките на Владата по повод усвоениот Годишен извештај за функционирање на јавната внатрешна финансиска контрола, а исто така ЦЕХ ќе го засили следењето и надзорот над спроведувањето на финансиското управување и контрола во организациите од јавниот сектор преку спроведување на супервизија на квалитетот на системот на финансиско управување и контрола.
Во 2017 ќе продолжат активностите за подигање на капацитеот за управување со ризици преку континуирани обуки.

***Среднорочни приоритети***

Во 2018 година ќе биде извршено ажурирање на подзаконската регулатива за финансиското управување и контрола.

**ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА**

***Краткорочни приоритети***

**Правна рамка**

Во 2017 година со Законот за изменување и дополнување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ќе бидат утврдени мерки за зголемување на независноста на внатрешната ревизија во институциите од јавниот сектор, преку измена на моделот на организација и работа на внатрешната ревизија и поефикасноi обезбедување на функцијата на внатрешната ревизија кај помалите субјекти на централно и локално ниво.
Во 2017 година, исто така, ќе се ажурира Прирачникот за внатрешна ревизија, а ќе продолжи подготовката за отпочнување национална сертификација на внатрешните ревизори.

**Институционална рамка**

**Зајакнување на институционалните капацитети на Министерството за финансии**

Со цел размена на искуства и подобрување на методологијата за работа на внатрешните ревизори, Централната единица за хармонизација во 2017 година ќе ја зајакне соработката со институтите и здруженијата на граѓани од областа на ревизијата, со организирање работни средби на кои ќе учествуваат внатрешни ревизори, ревизори од ДЗР, претставници од институти, здруженијата на граѓани и експерти од областа на ревизијата.

**Зајакнување на институционалните капацитети за внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор**
Во 2017 година фокусот на активности ќе биде ставен на подигање на капацитетите за работа на внатрешните ревизори преку подигање на квалитетот на стратешките и годишните планови за внатрешна ревизија за што ќе биде подготвено соодветно упатство.
Исто така ќе бидат преземени активности за обезбедувањето на квалитет на ревизијата преку спроведување на супервизија на квалитетот на работењето на единиците за внатрешна ревизија.

***Среднорочни приоритети***
Зајакнувањето на внатрешната ревизија во јавниот сектор во во 2017 година ќе продолжи со вработување на нови лица во единиците за внатрешна ревизија и со продолжување на процесот на сертификацијата на внатрешните ревизори.

**ДРЖАВНА (НАДВОРЕШНА) РЕВИЗИЈА**
***Краткорочни приоритети***
Согласно Меморандумот за соработка помеѓу Собранието на Република Македонија и Државниот завод за ревизија, ќе продолжат активностите за унапредување на соработката за изнаоѓање на формален механизам за разгледување на поединечните ревизорски извештаи.
Јакнењето на оперативните и функционалните капацитети на ДЗР во 2017 година ќе се реализира преку:
- Реализација на проектот на ДЗР со Канцеларијата на Главниот ревизор на Норвешка за подобрување на ефикасноста и квалитетот на ревизијата со примена на системот за управување со ревизиите (AMS).
- Реализација на проектот за натамошно унапредување на административните капацитети и ефикасноста на надворешната ревизија на Државниот завод за ревизија, во рамките на проектот за реформа на јавната администрација од програма IPA 2013 што ќе се реализира во текот на 2017-2018 година.
- Јакнењето на институционалните капацитети на ДЗР во 2017 година ќе се обезбеди со пет нови вработувања со што бројот на извршители во ДЗР ќе биде 100. Развојот и користењето на софтверот за ревизија дополнително ќе го олесни извршувањето на ревизиите и надзорот и следењето на спроведувањето на препораките содржани во ревизорските извештаи и ќе го подобри квалитетот на ревизиите.

***Среднорочни приоритети***
- Зголемување на бројот на вработени за 10 извршители, со што вкупниот број на извршители ќе биде 110;
- Реализација на проектот за натамошно унапредување на административните капацитети и ефикасноста на надворешната ревизија на Државниот завод за ревизија, во рамките на проектот за реформа на јавната администрација од програма IPA 2013 што ќе се реализира во текот на 2017-2018 година.
- Со цел да се задржи квалитетот на работењето и да се обезбеди соодветна ревизорска покриеност, ќе се спроведат подготовки за донесување на Повеќегодишна стратегија за ревизија.

**Програми и проекти**
Во 2017 година ќе започне со реализација проектот за натамошно унапредување на административните капацитети и ефикасноста од вршење надворешна ревизија на ДЗР, по пат на унапредување на ревизиите на усогласеност, финансиска и на успешност согласно ISSAI стандардите и стратешките документи на ДЗР. Проектот има за цел да помогне – обезбеди координација на процесот на модернизација на јавната администрација, да го зајакне управувањето со јавните средства и да обезбеди одговорно, отчетно и транспарентно однесување при нивното трошење. Истиот се состои од следните четири компоненти: - унапредување на процесот на ревизија согласно ISSAI стандардите; - зајакнување на капацитетите за вршење ревизија; - воспоставување на цврста соработка помеѓу Собранието и ДЗР во однос на разгледување на ревизорските извештаи; и - унапредување на системите во ДЗР за ИТ комуникација и управување со човечки ресурси во корист на процесот на ревизија. Проектот кој е финансиран од програмата IPA 2013 ќе се реализира во текот на две години од 2017-2018.

## 3.32.2 ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

**ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА**
***Тековна состојба***
Обврската за назначување лице задолжено за неправилности до сега ја исполнија 79 институции од централно ниво и 66 единици на локалната самоуправа. Во текот на 2016 година обврската за назначување лице задолжено за неправилности ја исполнија 21 институција. Во 2016 година Националниот координатор за авторизација во

Министерството за финансии до Управата за финансиска полиција достави 24 извештаи за неправилности при користењето на средствата од предпристапната помош од ЕУ.
Во рамки на твининг проектот „Подршка за ефикасна борба против измами и неправилности со ЕУ фондови“ во 2016 година е изготвена Нацрт - Стратегија за заштита на финансиските интереси на ЕУ во Република Македонија за период 2018-2021 година, во која се содржани препораки за усогласување на националното законодавство во оваа област.

***Краткорочни приоритети***
Стратегијата за заштита на финансиските интереси на ЕУ во Република Македонија за период 2018-2021 година, ќе биде донесена од Владата на Република Македонија.

**РЕВИЗИЈА НА СРЕДСТВА ОД ИПА**
***Тековна состојба***
Во текот на 2016 година, донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош („Службен весник на РМ” бр.190/16) со кој е извршено усогласување со Рамковната спогодба за ИПА II и Секторската спогодба за ИПАРД II. Исто така, во 2016 година Ревизорското тело (РТ) ги спроведе активностите пропишани согласно Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош и ИПА регулативата.
Во август 2016 година извршено е ажурирање на постојниот Стратешки план и донесен е нацрт Стратешки план на Ревизорското тело 2017-2019 година. Ревизорското тело продолжи да ги зајакнува капацитетите и да обезбедува високо ниво на компетентност и ефективност при извршувањето на ревизиите во согласност со правилата и прописите на Европската унија и релевантните меѓународно прифатени стандарди за ревизија.
Исто така ажурирана е ИТ Стратегијата и Стратегијата за управување со ризици на Ревизорското тело.
Бројот на вработени во Ревизорското тело заклучно со ноември 2016 година изнесува 32.

***Краткорочни приоритети***
Ревизорското тело ќе продолжи да ги извршува своите активности за програмскиот период 2007-2013 година согласно ИПА Регулативата 718/2007 и Рамковната спогодба склучена меѓу Република Македонија и Европската комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската комисија за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според инструментот за претпристапна помош (ИПА) (Службен весник број 18/2008), а за новиот програмски период 2014-2020 година (ИПА II) ќе извршува активности согласно ИПА Регулативата 447/2014 и Рамковната спогодба склучена меѓу Република Македонија застапувана од страна на Владата на Република Македонија и Европската Комисија за постапките за спроведување на финансиската помош од Унијата за Република Македонија во рамките на спроведувањето на помошта според инструментот за претпристапна помош (ИПА II), („Службен весник на Република Македонија“ број 99/2015) и тоа:

- ревизија на целосноста, точноста и веродостојноста на годишните финансиски извештаи или изводи и соодветни годишни сметки;
- ревизија на ефикасно и ефективно функционирање на системите за управување, контрола и надзор;
- ревизија на законитост и регуларност на настанати трансакции;
- изготвување тригодишни стратегии за ревизија по области согласно меѓународно прифатените ревизорски стандарди, насоки и упатства дадени од Европската комисија;
- изготвување на годишни ревизорски мислења заедно со годишни извештаи за ревизорска активност;
- изготвување Мислење за каква било завршна финансиска изјава за расходи која НАО ја поднел до Комисијата за затворање на која било програма или кој било дел од истата. Каде што е соодветно, Завршен извештај за ревизорска активност го поддржува мислењето.

При спроведување на ИПА II, тригодишните стратегии за ревизија ќе се доставуваат до Генералниот директорат за Соседство и преговори за проширување, Генералниот директорат за Земјоделие и рурален развој и до НАО, а годишните извештаи и мислења ќе се доставуваат до соодветните генерални директорати во Европската комисија, Владата на Република Македонија, НИПАК и НАО.
Согласно Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош, ИПА регулативата, годишните работни планови за ревизија за 2017 година по ИПА компоненти, тригодишните ревизорски стратегии 2017-2019 година, во периодот што следи планирано е вршење системски ревизии во акредитираните структури за ИПА I и ИПА II, ревизии на операции за ИПА К1, К2, К3, К4 и К5 и финансиска ревизија за ИПА К5.
Во текот на 2017 година ќе биде ажуриран Стратешкиот план 2017-2019 година, ИТ Стратегијата и Стратегијата за управување со ризици. Исто така, во овој период ќе биде ажуриран Прирачникот за ревизија на ИПА – заеднички дел и посебни делови.
За понатамошно јакнење на институционалните капацитети, во 2017 година планираат 4 нови вработувања.

## *Среднорочни приоритети*

Јакнењето на оперативните капацитети и обезбедување на функционална независност на РТ ќе се реализира преку:
Спроведување на активности за донесување нов Закон за Ревизорско тело согласно добиените насоки од експертите во рамки на Твининг проектот на Ревизорското тело;
Донесување на Стратегија за управување со човечки ресурси и
Донесување на Стратегија за комуникација.
Со цел кадровско екипирање на РТ, планирано е да се реализираат 4 нови вработувања во 2018 година и 4 нови во 2019 година.

**Програми и проекти**

Во текот на 2017 година во рамки на реализацијата на проектот "Зајакнување на капацитетите за ефективно управување и ревизија на европските фондови" од ИПА2012, каде Ревизорското тело се јавува како еден од корисниците на овој проект, ќе продолжи имплементацијата на Твининг договорот "Понатамошен развој и зајакнување на организациските, административните и техничките капацитети на Ревизорското тело" додека во врска со договорот за набавка на различна опрема, канцелариски мебел и возила, склучен е само Договор за набавка на возила.

**ЗАШТИТА НА ЕВРОТО ОД ФАЛСИФИКУВАЊЕ**

## *Тековна состојба*

Во 2016 година пуштени се во оптек вкупно 280 фалсификувани евра во различни апоени или приближно колку и претходната година, со таа разлика што е поинаква структурата на пуштените фалсификувани евра во оптек односно зголемен е бројот на пуштени ковани пари во апоени од 0.5, 1 и 2 евра или вкупно 80 ковани пари.
Во текот на 2016 година во рамките на имплементацијата на ИПА 2010 проект „Понатамошна институционална надградба и градење на капацитетите на полицијата во областа на граничното управување, работата на полицијата со заедницата и борбата против организираниот криминал" беа организирани интерактивни работилници во просториите на МВР, меѓу кои имаше работилница и со учесници од 8-те СВР на МВР, преставници од Царинската управа и персоналот од Централната канцералија за фалсификувани пари. Исто така, во рамките на проектот во текот на март 2016 беше организиран состанок со преставникот на ЕУРОПОЛ на кој се разговараше за размената на информации во врска со фалсификувани евра,за можностите за обуки и подготовка на анализи и друго. Како резултат на активностите во рамки на проектот, во јуни 2016 година беше подготвена Стандардна оперативна процедура за постапување на Централната канцеларија за истраги во областа на фалсификувањето на пари и истраги за фалсификувани пари.
Во 2016 година во Единицата за финансиски криминал се вработени два нови полициски службеници.

## *Краткорочни приоритети*

Со цел поефикасно користење на податоците од Е-базата во 2017 година ќе биде споведена обука на полициските службеници кои имаат пристап до Е-базата и нововработените во Единицата за финансиски криминал.
Во 2017 година ќе се изврши поврзување на базата на податоци за фалсификувани пари во Народна Банка на Република Македонија со базата на податоци во Централната канцеларија за истраги во областа на фалсификувањето пари во рамки на Министерството за внатрешни работи.

## *Среднорочни приоритети*

Во 2019 година ќе биде изменет и дополнет Кривичниот Законик во насока на усогласување на кривичното дело "фалсификување на пари" со Рамковната одлука на Советот за зголемување на заштитата преку кривични казни и други санкции против фалсификување (2000/383/JHA) од 29 мај 2000 година.
Во 2018 година ќе биде извршено поврзување на Министерство за финансии - Царинска Управа, Министерство за финансии - Управа за финансиска полиција и Народна банка со базата на податоци за фалсификувани пари воспоставена во Министерството за внатрешни работи.

# 3.33 ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ

***Наоди и приоритети од Извештајот на ЕК 2016***

Подготовките се во **рана фаза**. Постигнат е **одреден напредок** во усогласување на законската рамка за даноци, царини, статистика и финансиска контрола. Во догледно време треба да се утврди солидна институционална поставеност на системот на сопствени ресурси, структури за координација, административен капацитет и правила за спроведување.

***Резиме***

*Со цел континуирано унапредување на управувањето со јавните финансии, во текот на 2017 година ќе продолжат активностите за спроведување на реформи во функција на унапредување на овој процес. За таа цел ќе продолжи реализацијата на Твининг проектот „Зајакнување на среднорочното буџетирање за ефикасно управување со јавните финансии“. кој ќе резултира со подготовка на Нацрт програмска класификација на расходи, Упатсво за дефинирање на приоритетни политики, програми и потпрограми, Упатство за среднорочно буџетско планирање, подготовка на Нацрт среднорочна буџетска рамка (MTBF) и Среднорочна рамка на расходи (MTEF), како и унапредување на капацитетите за известување согласно ESA 2010 методологија.*

*Во периодот кој следува ќе се преземат активности за набавка и имплементација на интегриран информатички систем за управување со јавните финансии.*

*Истовремено ќе се преземат активности за создавање на правила, процедури и услови за воспоставување на целосно оперативна и координативна структура на системот на традиционални сопствени ресурси од страна на надлежните институции, со цел навремена и прецизна пресметка, прибирање, плаќање како и надзор на средствата кои Република Македонија од денот на нејзиното пристапување во ЕУ ќе ги уплаќа во буџетот на Европската Унија.*

## 3.33.1 ТРАДИЦИОНАЛНИ СОПСТВЕНИ РЕСУРСИ

***Тековна состојба***

Законот за буџети претставува системски закон со кој се уредува системот на јавни финансии во Република Македонија. Со овој закон, буџетот на земјата е дефиниран како акт со кој се планираат годишните приходи и приливи и одобрените расходи и одливи и го вклучува централниот буџет и буџетот на фондовите кои се целосно интегрирани во единствената трезорска сметка. Среднорочната буџетска перспектива е дефинирана во Фискалната стратегија како среднорочна интегрална рамка на макроекономската и фискалната политика и политиката на јавен долг.

Буџетот на Република Македонија за 2017 година е донесен од страна на Собранието на Република Македонија многу порано од законски утврдената временска рамка, а Фискалната стратегија за 2017 - 2019 година беше испратена во Собранието на Република Македонија како пропратен документ на Буџетот.

Управувањето со јавните финансии и унапредувањето на овој процес претставува сериозна обврска и предизвик за земјата, кој бара континуирани прилагодувања, реформи и унапредувања во услови на непредвидливо и турбулентно економско опкружување.

Во досегашниот период постигнат е напредок на полето на управувањето со јавните финансии со зајакнување на контролата на обврските во трезорскиот систем. Активностите беа реализирани преку измените на Упатството за трезорско работење и воведување на новиот модел за регистрирање на повеќегодишните обврски во трезорскиот информатички систем. Целосното известување и планирање на повеќегодишните обврски на буџетските корисници резултира во поефикасен менаџмент на ликвидноста и унапредување на базата за повеќегодишно буџетско планирање.

Истовремено во овој период се интензивираше соработката со Европска Унија и се превземаа повеќе активности и реформи во функција на унапредувањето на управувањето со јавните финансии. Формирана е работна група за управување со јавните финансии од претставници од Министерството за финансии и други релевантни институции инволвирани во реформата на јавните финансии, со цел подготовка на програмски документи за обезбедување на секторска буџетска поддршка за потсекторот управување со јавни финансии (PFM) преку ИПА 2. Работната група во координација со експерти од SIGMA и во тесна соработка со делегацијата на ЕУ интензивно работеше на подготовка на Секторскиот плански документ и Програмата за реформи во управувањето со јавните финансии.

Во рамките на ИПА ТАИБ 2011, почнувајќи од месец ноември 2015 година во Министерството за финансии се реализира Твининг проектот „Зајакнување на среднорочното буџетирање за ефикасно управување со јавните финансии“ (Strengthening the medium term budgeting for effective public financial management), чија основната цел е унапредување на управувањето со

јавните финансии со централен фокус на среднорочното буџетско планирање како основен предуслов за здрави јавни финансии и одржување на стабилна фискална позиција. Во рамките на овој проект, во тек се активности за:

- Унапредување на програмската класификација на расходи и подготовка на Упатство за дефинирање на одредени приоритетни политики, програми и потпрограми, како и соодветни индикатори за мерење на нивната успешност,
- Подготовка на Упатство за среднорочна буџетска рамка (MTBF) и среднорочна рамка на расходи (MTEF) ,
- Дефинирање на начините за воведување на фискални правила по примерот на најдобрите европски пракси,
- Унапредување на капацитетот за известување согласно ESA 2010 методологија, што ќе придонесе за унапредување и финализирање на секторските сметки и подготовка на табели согласно со европските стандарди.

Од програма IPA 2011 Technical Assistance Facility Envelope реализирани се средства за имплементација на проектот "Развој на предлози за имплементација на современ интегриран информациски систем за управување со јавните финансии". Во рамките на овој проект Министерството за финансии ангажираше експерти кои моментално работат на подготовка на Студија со анализа и оценка на постојната состојба на информациските системи на Министерството за финансии за управување со јавните финансии, со изготвување предлог решенија за воспоставување на современ интегриран информациски систем за управување со јавните финансии.

Истовремено, во Управата за јавни приходи се интензивираат активности за унапредување на административниот капацитет и компјутеризација, со цел унапредување на ефикасноста на работењето, усогласување со ИСО стандардите 9001/2008 и управување со ризици. Воспоставен е целосен процес на мониторирање на кеш плаќања на даночните обврзници преку кеш регистерот и е-даночни услуги, како и унапредување на внатрешната ревизија и инспекција во справувањето со сивата економија.

Во рамките на Царинската Управа се имплементира новиот електронски систем за процесирање на царинските декларации и акцизни документи заедно со успешното управување со ризиците во транзитните операции.

Значителен прогрес е постигнат и во поглед на статистичката инфраструктура која во целост е усогласена со европскиот статистички кодекс. Согласно Меморандумот за разбирање меѓу Државниот завод за статистика, Народна Банка на Република Македонија и Министерството за финансии, работната група врз основа на податоци обезбедени од трезорот, реализира активности за комплетирање на секторските сметки за централната и локалната власт, кои понатаму се основа за подготовка и подобрување на податоците за ЕДП нотификациски табели (Excesive Deficit Procedure, EDP notification table).

Државниот завод за статистика во соработка со Министерството за финансии ги подготви табела 1 и табела 2 за 2012 и 2013 согласно ЕСС 2010 и истите се испратени до Евростат (подетално во поглавје 18).

Во рамките на ИПА 2014, во тек се активности за реализација на Проектот Владина финансиска статистика (GFS). За таа цел се користени годишни фискални податоци од МФ за сите буџетски единици. Податоците се на "cash" основа. Направена е "bridge" табела помеѓу националната и ЕСС класификацијата. Државниот завод за статистик интензивно работи на подобрување на податоците за нефинансиската сметка за сектор држава, со приоритет на секторизирање на граничните единици.

Во тек е Регионалниот проект од ММФ за техничка помош за владина финансиска статистика GFS/ESA во Југоисточна Европа кој се реализира во период од 3 години и е наменет за подготовка и објава на сеопфатен Регистар на единици во сектор Држава и податоци за државниот долг согласно методологиите на GFS (Government Finance Statistics) и ESA (European System of Accounts).

### *Краткорочни приоритети*

Континуираното унапредување на управувањето со јавните финансии во Министерството за финансии е клучен приоритет и во наредниот период.

Активностите на работната група за унапредување на јавните финансии ќе бидат насочени кон изработка на детален план за изработка на Програмата за реформи во управувањето со јавните финансии, во насока на унапредување на буџетската транспарентност, транспарентноста на гарантираниот јавен долг со посебен фокус на електронските јавни набавки и зајакнување на внатрешната финансиска контрола.

Во наредната година како очекувани резултати од имплементацијата на Твининг проектот „Зајакнување на среднорочното буџетирање за ефикасно управување со јавните финансии" (Strengthening the medium term budgeting for effective public financial management) се:

- Подготовка на Упатсво за дефинирање на приоритетни политики, програми и потпрограми како и подготовка на Нацрт програмска класификација на расходи,
- Подготовка на Упатство за среднорочно буџетско планирање и Нацрт среднорочна буџетска рамка (MTBF) и среднорочна рамка на расходи (MTEF).

### *Среднорочни приоритети*

Во наредниот среднорочен период, врз основа на добиените резултати од спроведениот Твининг проект во Министерството за финансии ќе се преземат активности во насока на:

- Подготовка на нова програмска класификација;
- Подготовка на Среднорочна буџетска рамка (MTBF) и Среднорочна рамка на расходи (MTEF) и
- Донесување на законска регулатива за воведување на обврска за подготовка на среднорочна буџетска рамка (MTBF), редифинирање на временската рамка за среднорочно буџетско планирање и воведување на фискални правила.

Во нареден период ќе се преземат активности за набавка и имплементација на интегриран информатички систем за управување со јавните финансии.

Во поглед на создавање на неопходна инфраструктура на системот на традиционални сопствени ресурси, активностите на надлежните институции ќе бидат насочени кон:

- Јакнење на административниот капацитет на надлежните институции за воспоставување и координирање на системот на традиционални сопствени ресурси;
- Дефинирање на државните институции, процедурите и методологија на системот за управување со традиционални сопствени ресурси, што ќе обезбеди негово правилно воспоставување и функционирање;
- Развој на човечки ресурси - едукација и стручно усовршување;
- Отворање на сметка во Народна Банка на Република Македонија за сопствените средства на име на Европска Комисија;
- Анализа и подготовка на методологија за евидентирање на приходите на сметките А и Б, рокови за сметководствена евиденција и обрасци за книжење од страна на Царинска управа во соработка со Царинска управа и земја членка на ЕУ преку Твининг проект;
- Анализа и подготовка на спецификација за нов информациски систем или надградба на постоечкиот информациски систем за водење на А и Б сметките во надлежност во Царинска управа;
- Континуирано усогласување на царинскиот закон со новите регулативи на ЕУ(за повеќе детали да се види поглавје 29-Царинска унија);
- Дефинирање на активности за пресметка на просечна пондерирана стапка на данок на додадена вредност од страна на Државен завод за статистика и Управа за јавни приходи;
- Усогласување на Законот за ДДВ со регулативата на ЕУ;
- Дефинирање на методологија за пресметка на Бруто национален доход, во согласност со регулативата на Евростат и
- Реализирање на активности за воспоставување на целосна оперативна структура за координација со сопствените ресурси со цел обезбедување на точна пресметка, сметководство и нивно собирање и контрола, како и известување на ЕУ за спроведување на правилата за сопствени ресурси. Во овие рамки ќе се воспостави посебно тело за менаџирање на системот на сопствени ресурси и негово соодветно екипирање во согласност со потребите и временскиот рок. Ова тело ќе биде надлежно за подготовка на методологија и процедури за прецизна проценка и прибирање на сопствените средства.

### *Програми и проекти*

Во рамките на ИПА ТАИБ 2011 во фаза на имплементација е Твининг проектот „Strengthening the medium term budgeting for effective public financial management " како дел од проектот „Реформа на јавна администрација-е влада, во рамките на кој ќе се реализираат активности за зајакнување на капацитетите во Министерството за финансии надлежни за среднорочно креирање на политиките и среднорочното буџетско планирање, активности за подготовка на програмска класификација, како и развивање на капацитети за известување во согласност со ESA 2010.

Во рамките на ИПА 2014, во тек се активности за реализација на Проектот Владина финансиска статистика (GFS). За таа цел се користени годишни фискални податоци од МФ за сите буџетски единици. Податоците се на "cash" основа. Направена е "bridge" табела помеѓу националната и ЕСС класификацијата. Државниот завод за статистик интензивно работи на подобрување на податоците за нефинансиската сметка за сектор држава, со приоритет на секторизирање на граничните единици.

Во тек е Регионалниот проект од ММФ за техничка помош за владина финансиска статистика GFS/ESA во Југоисточна Европа кој се реализира во период од 3 години и е наменет за подготовка и објава на сеопфатен Регистар на единици во сектор Држава и податоци за државниот долг согласно методологиите на GFS (Government Finance Statistics) и ESA (European System of Accounts).

# IV. АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ

## 4.01 РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во насока на подобрување на административните структури и зајакнување на административните капацитети, како и зголемување на транспарентноста и одговорноста на администрацијата, Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) продолжува со координацијата на процесот на реформа на јавната администрација (РЈА) преку подготовка на нова Стратегија за РЈА и АП 2017 – 2022; имплементација на законската регулатива за административни службеници и вработени во јавниот сектор; унапредувањето на правната рамка за управни постапки; обезбедување на систем за континуирана обука на администрацијата; подобрување на координативниот механизам за управување со човечките ресурси, како и давањето на услуги за граѓаните.

***Краткорочни приоритети***

Во насока на подобрување на јавните услуги, МИОА во текот на 2017 година ќе го спроведува проектот интероперабилност во државните институции, ќе се воспостави Каталог на сите управни постапки во државата и ќе се воспостави сала за јавни услуги.

Во текот на 2017 година ќе биде подготвена новата Стратегија за реформа на јавната администрација 2017-2022, како и Акциски план. Исто така ќе се работи на зајакнување на капацитетите за мониторинг на имплементацијата на новата Стратегија за РЈА 2017-2022.

До крајот на 2017 ќе се донесе и Стратегија за обука на администрацијата (државни и јавни службеници).

Ќе се преземаат низа активности во насока на подобрување на квалитетот на администрацијата, поточно: имплементација на систем за управување со квалитет, според стандардот ИСО 9001 во државните институции, ќе продолжи имплементацијата на Заедничката рамка за оценка (Common Assessment Framework - CAF) и ќе се зајакнуваат капацитетите на администрацијата преку развој на рамка за професионални компетенции.

Во текот на 2017 година ќе се подготви Годишна програма за обука за административно управување за 2018 година.

Ќе се работи на имплементација на електронскиот систем за управување со човечки ресурси.

***Среднорочни приоритети***

Во наредниот период МИОА ќе работи на подготовка на Национален портал за Е-услуги и спроведување на обуки и презентации за корисниците на Националниот портал за е-услуги и развој на е-курсеви.

Исто така ќе се работи на надградба на механизмот за one stop shop од технички, од организациски и правен аспект.

Ќе продолжи подобрувањето на јавните услуги преку континуирана реализацијата на проектот "Оцени ја администрацијата" и проектот "Барометар на квалитет".

Ќе се подготват Годишни програми за обука за административно управување за 2019 и 2020 година.

Ќе се работи на спроведување на Системот за управување со учењето и Системот за Микроучење во јавната администрација и ќе се одржува платформата за е-обуки.

## 4.02 ЈАКНЕЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРИСТАПУВАЊЕ ВО ЕУ

### 4.02.1 Процес на пристапување кон ЕУ

***Тековна состојба***

СЕП ја координира работата на Работните групи формирани согласно НПАА, Работниот комитет за европска интеграција, како меѓуминистерско тело за координација на прашањата поврзани со европската интеграција и Поткомитетот на Работниот комитет за европска интеграција. Редовна точка на дневен ред е степенот на реализација на предвидените мерки и активности од НПАА, реализација на преземените обврски од ССА, ПАРИРП итн.

Заврши имплементацијата на твининг проектот: Понатамошно јакнење на институционалните и организациските капацитет во процесот на европска интеграција (јануари 2015 – ноември 2016), кој се спроведуваше од страна на конзорциум Германија, Полска и Хрватска. Проектот имаше 2 компоненти: Компонента 1: Јакнење на капацитетите на централните координативни

тела, вклучително: СЕП, СЗ, МНР и Компонента 2: Јакнење на капацитетите на НПАА работните групи за детална анализа на acquis. Целокупните координативни струкути беа вклучени во низа активности на проектот.

Во рамките на проектот, подговени се низа Извештаи и дадени се препораки за подобрување во скоро сите сегменти на процесот на интеграција.

Компонента 1, подготвени се низа извештаи, и препораки за подобрување на внатерשните капацитети на СЕП, и координацијата со клучните тела, СЗ и МНР, подобрување на процесот на хармонизацаија, подготовка на националната верзија на acquis, подобрување на процесот на координација на ИПА програмирање, јакнење на капацитетите на Центарот за обуки, и подобрување на комуникацијата со МНР и Мисијата Брисел. Наодите и препораките на експертите ќе бидат анализирани од СЕП, и ќе се утврдат акции, за подобрување на целокупниот координативен систем.

Компонента 2, од страна на скоро сите НПАА работните групи (30), со подршка на твининг експертите, направена е анализа на актуелното acquis и поврзаноста со националното законодавство, подготвени се извештаи, и дадени се препораки за подобрување на состојбата. Оваа анализа беше важна за членовите на НПАА, во утврдување на тековната состојба, степенот на усогласеност, новите пакети на acquis кои треба да се транспонираат, и состојбата со администратините капацитети за имплементација. Наодите и препораките на експертите, треба да бидат вклопени во понатамошното планирање на приоритетите во НПАА.

Исто така, во рамките на твининг проектот, спроведени се низа обуки, за околу 800 државни службеници од сите институции, на повеќе теми: ЕУ право и институции, ЕУ политики, преговарачки вештини, хармонизација и техники на транспозиција, проценка на влијанието на регулативата (ПВР), механизмот на следење на Бугарија и Романија (CVM), ИПА итн.

***Краткорочни/ среднорочни приоритети***

***Доследно спроведување на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација***: Заклучно со јуни 2017 година ќе биде заокружен тринаесеттиот циклус на одржување на институционалните тела согласно ССА, а на редовна основа ќе се следи и реализацијата на преземените обврски.

***Координација на процесот на подготовка и следење на НПАА****:* По усвојувањето на ревизијата на НПАА 2017-2019, планирано е за истата да биде одржана дебата со претставници на невладиниот сектор, како и со Собранието на Република Македонија (Комисија за европски прашања и Националниот совет за европска интеграција). Дополнително, можат да бидат организирани и тематски состаноци за поодделни области од европското законодавство.

СЕП ќе продолжи да го следи степенот на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ преку воспоставените координативни структури. Одржувањето на состаноци на РКЕИ и ПРКЕИ на редовна основа и стабилна агенда се очекува да продолжи и понатаму.

***Координација на ПАРИРП:*** Реализацијата на Планот на активности за реализација на итните реформски приоритети (ПАРИРП) ќе се следи на неделна основа на седниците на Влада. Истиот е подготвен врз основа на Листата на итни реформски приоритети на Европската комисија, Извештајот на групата високи експерти за состојбите во областа на владење на правото, како и нереализирани активности од Пристапниот дијалог на високо ниво.

### 4.02.2 Координација на ИПА и друга странска помош

***Краткорочни / среднорочни приоритети***

Во фокусот на активностите во 2017 година ќе биде понатамошното надградување на ИПА оперативната структура. Тековно се реализираат завршните активности за програмирање на Годишната програма за 2017 година, како и почеток на активностите за програмирање на Акциската програма за 2018, преку активно вклучување и учество на сите релевантни институции и организации во духот на секторскиот пристап. Во 2017 година се очекува да се финализира ревидирањето на Индикативниот стратешки документ 2014-2020, согласно постапката за среднорочно ревидирање, каде може да се променат одредени приоритети за финансирање, согласно мислењето на Европската комисија за досегашниот напредок на земјата.

Управувањето со ИПА 2 во текот на 2017 година се очекува да биде помогнато со почеток на тригодишен проект финансиран преку ИПА 2014 Годишната програма и механизмот ЕУИФ. Целта на проектот е да го зајакне капацитетот на НИПАК секретаријатот, но и на секторските работни групи во сите фази на управување со ИПА 2: стратешко планирање и програмирање, годишно програмирање, мониторинг и евалуација.

Преку серија активности, како донаторска координација, учество и координација на состаноци на работни групи, како и координација на програмски пакети за одредени сектори, Секторот за координација на странска помош (СКСП) директно ќе придонесе за зајакната меѓусекторска координација за програмата за ИПА1 и ИПА2 и друга странска помош и успешно спроведени програми и акциски документи во рамките на ИПА1 и ИПА2.

Успешноста на проектите финансирани преку ИПА1 и ИПА2 ќе се мери преку редовни евалуации и за истите ќе се изготват извештаи. За таа цел во 2017 година на редовна основа ќе се организираат состаноци на ИПА 2 Заедничкиот мониторинг комитет и Секторските мониторинг комитети во рамките на ИПА 2014-2020. Оваа година има последен рок за склучување на

договорите од ТАИБ 2013 година а исто така крајот на годината го одбележува и рокот за завршување на Оперативните договори за регионален развој и развој на човечки ресурси. По 31.12.2017 година се што нема да се заврши од проектите во тек во рамките на ИПА компоненетите 3 и 4 паѓа на товарот на националниот буџет.

**ЦЕНТАР ЗА ОБУКА НА СЕП**

***Тековна состојба***

Во 2016 година, Центарот за обука на СЕП спроведе 65 обуки за јакнење на капацитетите, кои ги следеа 1430 учесник. Обуките и другите активности за јакнење на административните капацитети директно се поврзани со Твининг проектот кој се спроведуваше во СЕП во период јануари 2015 – ноември 2016.

Во декември 2016 година, беа дистрибуирани 2 одделни обрасци за утврдување потреби од обука, едниот се однесува на основната група на службеници кои работат на НПАА, а вториот се однесува на годишната активност која ја адресира Оперативната структура на ИПА. До крајот на декември ќе се приберат податоците, и врз основа на истите, до крајот на јануари 2017 година за двете целни групи ќе се подготви реалистичен двогодишен-план за обуки темелен на докази/податоци.

***Краткорочни приоритети***

Во СЕП, преку Твиниг лесен проект за „Понатамошно зајакнување на ЕУ и ИПА капацитетите на Центарот за обука на СЕП се спроведуваат бројни активност заклучно со април 2017, како позначајни ги издвојуваме следните:

- Обука за ЕУ фондови односно ИПА II и можностите во рамките на овој инструмент за Планските региони во следните општините: Полошки ПР – тетово, Пелагониски ПР – Битола, источен ПЛ Штип, југозападен ПР охрид
- Обуки за обучувачи на тема ЕУ политики. Обуките се наменети за телото на обучувачи на ЦО СЕП.
- Содавање на нови курикулуми од Јавно здравје, ПРАГ и ревидирање на постоечките курикулуми на ЦО СЕП од ИПА 2007.
- Подготовка на ЦО СЕП за акредитација на курикулум.
- Аналитички материјал за ЦО СЕП (обуки, статус, капацитетити, видливост и можности).

Соглед на тоа дека проектот е предвиден за период од 6 месеци, а самиот по себе инкорпорира значителен број на активности и продуцирање на документи, за истиот ќе биде побарано продолужување од 2 месеци.

Врз основа на спроведената анкета за утврдување потреби од обука и реалистичниот план за обука за 2017 година, ќе се спроведат активности со цел да се адресираат потребите на администрацијата, која е директно или индиректно инволвирана во процесот на европска интеграција, на генеричко, специфично и напредно ниво. Планот за обуки ќе се реализира со фондови од СЕП, т.е. Центарот за обука на СЕП, со нагласен фокус на користење постојните ресурси и експертиза од администрацијата, како и со поддршка од билатерална и мултилатерлна донорска помош. Со користење на административните службеници како обучувачи, СЕП и Центарот за обука на СЕП ќе се обиде да дизајнира, организира и испорача најмалку 20 настани за јакнење на административните капацитети.

### 4.02.3 Подготовка на македонската верзија на acquis

Подготовката на националната верзија на acquis communautaire (правото на Европската унија) е мултидисциплинарен процес со учество на стручни лица од повеќе области. Се проценува дека севкупното право на Европската унија изнесува 160.000 страници.

***Краткорочни приоритети***

Ќе продолжи одржувањето на постојните бази на податоци и нивно унапредување со цел подобрување на процесот на координација и планирање на преведувањето на актите кои се преведуваат преку Секторот.

За да се обезбеди целосна релевантност на преведените правни акти на ЕУ со приоритетите во процесот на интеграција во ЕУ, ќе се спроведе анализа, која ќе биде основа за генерален план за преведување на релевантни правни акти на ЕУ и за извлекување на терминологија на ниво на акт. Квалитетната јазична ревизија на правни акти на ЕУ согласно НПАА приоритетите и барањата од страна на релевантните институции, како и утврдувањето и извлекувањето на специфични термини во текот на јазичната ревизија и нивно внесување во терминолошките бази на податоци ќе придонесат кон зголемување на бројот на усогласени термини од областа на ЕУ. Дополнително, Секторот ќе продолжи и со одржување и дополнување на терминолошката база МултиТерм. Редовно се користи и ажурира регистерот на преведени правни акти (ТР), како и ЦЦ Виста базата на ЕУ. СЕП тековно врши превод на регулативи и директиви од Европската унија за потребите на НПАА.

### 4.02.4 Информирање и комуникација со јавноста

***Краткорочни/ среднорочни приоритети***

Планирано е да се реализираат следните активности и проекти:

- Одржување на прес-конференции, брифинзи и интервјуа за печатени и електронски медиуми;
- Редовно ажурирање на интернет страницата на СЕП; изработка на месечен електронски билтен;
- Организација на тематски информативни предавања од доменот на ЕУ/ИПА, ЕУ разговори, дебати, трибини, конференции, домашни меѓународни форуми; (Медиуми, ОГО, Бизнис заедница, локална самоуправа);
- Зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор;
- Организација на настани за дипломатскиот кор (пр. Европски појадок, Европската Унија во Македонија)
- Зајакнување на соработката и организација на настани за младите како целна група (ЕУ ѕвезди);
- Редовна работа на МК-ЕУ инфо центарот